ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД АНТИЧКИ ВРЕМИЊА ДО ДЕНЕС



РИСТО СТЕФОВ

ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД АНТИЧКИ ВРЕМИЊА ДО ДЕНЕС

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2008 by Risto Stefov

e-book edition

Превод од англиски јазик:
Соња Прус

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА 3
ПРЕДГОВОР 5
ВОВЕД 9
ГЛАВА 1 - ПОЧЕТОКОТ 28
ГЛАВА 2 - ПОДЕМОТ НА МАКЕДОНИЈА 35
ГЛАВА 3 - РАНОТО МАКЕДОНСКО КРАЛСТВО 59
ГЛАВА 4 - ИЗДИГНУБАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ИМПЕРИЈА 82
ГЛАВА 5 - ФИЛИП II – НАЈГОЛЕМИОТ ОД СИТЕ ЕВРОПСКИ КРАЛЕВИ 98
ГЛАВА 6 - АЛЕКСАНДАР III – НАЈГОЛЕМИОТ ОД ГОЛЕМИТЕ ОСВОЈУВАЧИ 113
ГЛАВА 7 - АЛЕКСАНДАР III – ГОСПОДАР НА АЗИЈА . 138
ГЛАВА 8 - АЛЕКСАНДАР III– ДО КРАЈОТ НА СВЕТОТ, ПАТУВАЊЕТО ДО ИНДИЈА 162
ГЛАВА 9 - ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД СМРТТА НА АЛЕКСАНДАР 187
ГЛАВА 10 - ПРЕЛУДИУМ ВО ВОЈНАТА СО РИМ 214
ГЛАВА 11 - ВОЈНАТА СО РИМ, ПАДОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЦАРСТВА 239
ГЛАВА 12 - КЛЕОПАТРА VII, ПОСЛЕДНИОТ ОД ГОЛЕМИТЕ АКЕДОНСКИ ВЛАДЕТЕЛИ 265
ГЛАВА 13 - ВОЗДИГНУВАЊЕТО НА ХРИСТИЈАНСТВОТО НОВ ПОЧЕТОК 286
ГЛАВА 14 - КОНСТАНТИН I И ТРИУМФОТ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО 310
ГЛАВА 15 - ЈУСТИНИЈАН I, НАЈГОЛЕМИОТ ВЛАДЕТЕЛ НА ВИЗАНТИЈА 336
ГЛАВА 16 - ПЕРИОДОТ НА ОПАЃАЊЕ 358
ГЛАВА 17 - ПРЕРОДБА НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА, ЈАЗИК И КУЛТУРА 382
ГЛАВА 18 - ОСЛАБНУВАЊЕ И КРАЛ НА ПРАВОСЛАВНАТА ИМПЕРИЈА 412
ГЛАВА 19 - ОТОМАНСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА 444
ГЛАВА 20 - МАКЕДОНИЈА И ОТОМАНСКОТО ЦАРСТВО ОД XVIII ВЕК 472

ГЛАВА 21 - БУДЕЊЕ НА БАЛКАНОТ ВО XIX ВЕК И НЕГУШКОТО ВОСТАНИЕ 488
ГЛАВА 22 - МАКЕДОНИЈА ОД 1878 ДО 1903 ГОДИНА 508
ГЛАВА 23 - МАКЕДОНИЈА – НАСТАНИТЕ ПРЕД ВОСТАНИЕТО ВО 1903 ГОДИНА 530
ГЛАВА 24 НАСТАНИТЕ ВО ТЕКОТ И ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 1903 ГОДИНА 553
ГЛАВА 25 - МЛАДОТ ТУРСКОТО ВОСТАНИЕ И БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ 1912-1913 579
ГЛАВА 26 - МАКЕДОНИЈА ОД 1912 ДО 1939 ГОДИНА 599
ГЛАВА 27 - МАКЕДОНИЈА ОД 1939 ДО 1949 ГОДИНА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ГРЧКАТА ГРАЃАНСКА ВОЈНА 621
ГЛАВА 28 - НЕСРЕЌАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ДЕЦА – БЕГАЛЦИ 649
ГЛАВА 29 - РЕПУВЛИКА МАКЕДОНИЈА 671
БИБЛИОГРАФИЈА 693
БИОГРАФИЈА ЗА АВТОРОТ 700
СПОНЗОРИ ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕТО, ПЕЧАТЕЊЕТО И ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ОВАА КНИГА 703

ПРЕДГОВОР

Уште од нивниот почеток, грчката, бугарската и српската држава, а во помал степен и албанската, систематски ги користат сите можни средства, вклучувајќи пропагандна војна, за да го негираат постоењето на македонската нација. Тие го прават ова не поради тоа што Македонците не постојат, туку за да ги узурупираат целосно македонските територии и богатото македонско наследство.

Се до неодамна, немаше организирани македонски претставници да зборуваат во името на македонскиот народ и за нивните права како граѓани на овој свет, па затоа непријателите на Македонија – Грците, Бугарите, Србите и, од неодамна, Албанците – зборуваа во нивно име.

Сега, дојдено е времето кога Македонците ги земаат работите во свои раце и ги оспоруваат старите верувања и нелегитмноста на оние кои зборуваат во нивно име.

Само Македонците се законски наследници на македонското наследство и се составувачи на македонската историја.

Македонците не се Грци, Бугари, Срби или Албанци. Ниту, пак, истовремено можат да бидат Грци, Бугари, Срби и Албанци, како што тврдат нивните непријатели.

Грција тврди дека "Македонија е грчка" и дека таа е тоа четири илјади години. Спротивно на античките и современите докази, тие продолжуваат да инсистираат дека античките Македонци биле Грци. И, пак, спротивно на доказите и без доказен материјал, современите Грци тврдат дека тие се директни потомци на античките Грци и дека како такви се законски сопственици на античкото наследство. Освен тоа, а и без трошка докази, тврдат дека "сите" антички Македонци биле убиени во текот на таканаречените "инвазии на Славјаните" во V и VI век по Христа и дека не останал никој друг освен Грците да полагаат право на македонското наследство. Грците, повторно, без никакви докази, тврдат дека модерните Македонци се Словени кои извршиле инвазија на Македонија во текот на V и VI век по Христа и дека немаат ништо заедничко со античките Македонци, па, според тоа, немаат право на македонското наследство.

Ова книга ги оспорува сите грчки тврдења и без никакво сомнение ќе докаже дека тие не се ништо друго освен еден "грчки мит".

Прво, добро е познато дека една "грчка држава" никогаш не постоела пред 1829 година. Античките градови-држави биле освоени од страна на Филип II, крал на Македонија, во 338 година пред Христа и никогаш не биле обединети во една држава се до создавањето на грчкото кралство во 1832 година. Зарем не биле Македонците тие кои ги освоиле античките градови-држави? Како тогаш античка Македонија може да биде грчка?

Големите сили го создадоа современтото грчко кралство за првпат во 1832 година како обид да се подели Отоманската Империја и да се спречи формирање на една словенска држава на Балканот. Големите сили, Британија и Франција, ја создадоа современа Грција само со цел да го блокираат рускиот пристап до Средоземното Море.

Што се однесува до чистотата на современата грчка нација, постојат изобилни докази, и историски и научни, кои им противречат на современите грчки тврдења. На пример, не постои современа чиста грчка раса која потекнува директно од античките градови-држави. Денешните современи Грци, како и другите нации на Балканот, се составени од Словени, Македонци, Турци, Албанци, Роми, Власи итн. Еден современ Грк е само Грк по образование или асимилација и нема корени постари од 1832 година кога грчката држава и грчката нација/народ биле создадени за првпат. Современиот Грк не само што нема митско минато, туку, за жал, ги напуштил и се откажал од своите вистински корени и наследство.

Постојат многу примери за тоа како градовите-држави постигнале националност на сметка на други раси/етнички групи. На пример, кога за првпат во 1912 година Грција ги окупирала македонските територии, немало Грци кои живееле во Македонија. Сепак, неколку години подоцна, грчката држава продуцирала статистички податоци кои покажувале дека големо мнозинство од македонското население било грчко. Како било можно тоа? Во реалноста, тоа не било можно. Грчката држава бесрамно го асимилирала македонското население со насилно менување на

македонските имиња и топоними во грчки имиња и топоними.

Во текот на дваесеттите години од минатиот век, во текот на размената на своето население со Турција, Грција увезла еден милион христијански Турци од Мала Азија што претставувало околу една петтина од нејзиното цело население и најголемиот дел од нив ги населила во Македонија. Овие луѓе, исто така, станале Грци со сила.

Вистинскиот недостаток, односно пукнатина, во генеологијата на претензијата на грчката држава врз античките народи е што, по осумдесет години живеење на македонска почва, таа ги убедила азиските новодојденци дека тие се законските сопственици на македонските земји и наследство, бидејќи им било кажано дека тие се вистинските директни потомци на античките Македонци, а не автохтоното македонско население што тие го замениле.

Грчката држава не се срами да прибегне кон измама и лаги, дури и кон својот сопствен народ, за да го убеди светот дека само Грција и само Грците се законски наследници на македонските земји и нивното наследство. Сето ова се прави на сметка на вистинските Македонци кои живееле на тие земји стотици генерации и кои сега се раселени и истиснати.

Бугарите, исто така, полагаат право врз македонките територии и користат секакви можни средства да го убедат светот дека Македонија законски им припаѓа ним.

Бугарското тврдење е дека “Македонија е бугарска” бидејќи македонскиот народ е бугарски. Тие се Бугари бидејќи зборуваат на “еден дијалект” на бугарскиот јазик.

Оваа книга ги оспорува бугарските тврдења и ќе докаже дека тие, исто така, се погрешни и контрадикторни.

Добро е познато дека Македонците веќе живееле на Балканот и зборувале на словенски јазик долго пред да пристигнат првите бугарски канови, со нивните турски и татарски хорди. Доказите покажуваат дека бројно инфериорните Бугари биле асимилирани во поголемото автохтоно население, кое зборувало на словенски јазик, и дека го прифатило словенскиот јазик и култура. Поточно, Бугарите зборуваат на дијалект на македонскиот јазик, а не обратно. По се, зарем не биле тоа македонските браќа Кирил и Методиј од Солун кои ги просветлиле Бугарите?

Без да навлегувам во премногу детали на ова место, сакам да напоменам дека целта на оваа книга е на читателот да му претстави едно македонско гледиште за историјата на Македонија.

Време е светот да го слушне македонското гледиште. Спротивно на она што непријателите на Македонија изјавуваат, вистината е на македонска страна. Постојат изобилни докази дека античките Македонци не само што опстанале низ многубројните несреќи и премрежја од античко време до сега, туку дека нивните потомци, навистина, постојат во Грција, Бугарија, Република Македонија, Албанија, Канада, Австралија, Соединетите Американски Држави, Европа и низ целиот свет. Тие сега се во процес на регрупирање и ги користат можностите на информатичкото доба да возвратат и повторно да го земат она што е нивно.

Оваа книга е хронопис на настаните во кои се вклучени Македонија и македонскиот народ од предисториско време до денес. Таа во никој случај не е потполно комплетна, ама на читателот ќе му даде една општа анализа на македонската историја.

Книгава е напишана на англиски јазик, посебно за помладите генерации во дијаспората кои сакаат да учат за македонската историја, но немаат време или ресурси за долги и опсежни истражувања. Освен што обезбедува една сеопфатна анализа на историјата, книгава содржи скапоцени информации собрани од интервјуа и лични искуства што не можат да се најдат на било кое друго место. Исто така, бидејќи оваа книга го претставува македонското гледиште, во оваа пригода ќе користам македонски зборови за да опишам некои попознати имиња на места како, на пример, Солун (Салоника), Цариград (Константинопол) и Православни (Византијци).

ВОВЕД

Сите народи што живеат на оваа планета оставаат свој белег во една или во друга форма. Македонците не се исклучок и тие ќе бидат тема на оваа книга.

За правилно да се реконструира историјата, мора да се добијат поткрепливи информации барем од два извора. Еден таков извор може да бидат податоците собрани од анализирањето на пронајдените материјални остатоци, односно археолошки наоѓалишта, како гробници, примитивни предмети за употреба, т.е. артефакти, мошти, натписи и информации кои може да се извлечат од археолошките истражувања. Друг извор може да биде богатството од литературни податоци извлечени од приказни, легенди, митови, фолклорот, поеми, песни, итн., пренесени од генерација на генерација. Други извори вклучуваат лингвистичка анализа, антропологија и изучување на генетиката.

За жал, од очигледни причини кои опширно ќе ги изложам и објаснам, реконструкцијата на македонската историја е занемарена и, како резултат на тоа, не е соодветно разгледувана и земена предвид.

Научниот интерес за јужниот балкански регион, општоземено, за првпат започнал во почетокот на XIX век, напоредо со политичкиот и економскиот интерес. Додека германските и британските научници ги проучувале археолошките наоѓалишта од бронзеното доба на Пелопонез и на Крит, Македонија се уште била под цврстата стега на Отоманската Империја. Подоцна, по 1912 и 1913 година, во рацете на Грција, Бугарија и Србија, се што било поврзано со Македонија станало политички осетливо. Уште од времето кога Грција присвоила, т.е. анексирала голем дел од Македонија, грчките власти ги кријат сите археолошки материјали кои не биле во согласност со нивната политичка агенда. Само материјалите кои ги зацврстуваат нивните претензии кон Македонија и кои ги привлекуваат туристите биле објавувани во јавност.

Без цврсти арехолошки податоци, реконструкцијата на историјата е, во најдобар случај, ограничена и оскудна.

“Историчарите од почетокот на XX век продолжуваа повремено да пишуваат политички биографии на истакнати кралеви од IV век пред Христа и, кога ги земаа предвид македонските работи, гледаа на нив како на дел од општата грчка историја. Она што беше потребно за едно подлабоко разбирање на античка Македонија и нејзините кралеви беа сериозни изворни студии и археологијата, но археолошкиот интерес остана скриен со децении бидејќи интересот за Македонија во дваесеттиот век повеќе произлезе од современата политика отколку од проучување на антиката.” (Стр. 8, Еуген Н. Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на античка Македонија /Eugene N. Borza, In the Shadow of Olympus, The emergence of Macedon/).

Што се однесува до користење литература за реконструирање на историјата на Македонија, западните научници од XIX век, главно, се потпираа на изворите на државите-градови и на римски извори, занемарувајќи да се упатат на источните, македонските и другите литературни извори. Источните научници, од друга страна, поради политичка мотивација или поради ноншалантност, продолжија да стагнираат.

За жал, до денес, противењето на Грција и на Бугарија се уште останува најголема пречка за реконструирање на македонската историја. И двете држави окупираат македонска територија и одбиваат да соработуваат по прашања од интерес за Македонија, особено археологијата. Грција, која го окупира најголемиот и археолошки најбогатиот дел од Македонија, ќе соработува само ако македонската историја остане периферна во однос на општоприфатените грчки настани и ако таа се презентира од гледиштето на Грција.

Бугарија се уште одбива да го признае македонската нација и е во договор со Грција по прашања од античката историја.

Академската заедница со денес се двоуми да биде вклучена во реконструкцијата на конвенционалната, т.е. општоприфатената македонска историја (освен од IV век пред Христа), делумно поради тешкотиите при добивањето информации од негрчки извори, но најмногу поради грчкиот притисок да ја држи Македонија на периферија во однос на Грција. Без разлика кои докази постојат денес, тие се

фрагментирани и изведени, главно, од пристрасни извори. "Она што ние го знаеме за Македонците, главно, ед од грчки извори или од преводи изведени од грчки извори, па според тоа имаме искривено гледиште за нив, кое зависи од гледиштето на луѓето кои, главно, им биле непријатели во античко време." Ова се зборови на д-р Еуген Борза, "светски познатиот авторитет" за античка Македонија. Д-р Борза јасно ги сумира условите во кои се презентира општоприфатената македонска историја.

Сакам да нагласам дека историјата на античка Македонија што денес се изучува во училиштата е напишана во текот на XIX и почетокот на XX век, главно, од страна на западни автори кои најмногу се потпирале на политичко-мотивирани грчки извори за нивните истражувања. Иако народот на античка Македонија бил единствен и посебен, историјата што нам ни се презентира секогаш ги става нив заедно со народите на старите градови-држави. Не постои западен текст во кој македонскиот идентитет се третира посебно од грчкиот идентитет на градовите-држави. Исто така, истата општоприфатена историја која им се предава на нашите деца денес го персонифицира народот на античка Македонија, единствено, како средство кое ги обединувало градовите-држави и не сторил ништо повеќе освен што ги спроведувал нивните наредби во ширењето на хеленската култура во целиот антички свет. Освен тоа, модерните грчки историчари прават се за да ја осигураат негативноста на ораторите, како што е Демостен кој ги нарекувал Македонците "варвари" и "културно заостанати", да биде добро портретирана во умовите на западните писатели.

Фактот што некои модерни автори им ја припишуваат хеленската сродност, т.е. поврзаност на античките Македонци, не треба да биде големо изненадување ако се земе предвид влијанието на Џон Густав Драјзен (John Gustav Droysen) врз историчарите од почетокот на деветнаесеттиот век, кај кои Македонија е претставена како природен "унификатор" на грчките градови-држави. Истата улога ја имале и Прусија и Савој (Savoy) во обединувањето на Германија и Италија во деветнаесеттиот век. "Врз оваа лажна аналогија, целата грчка историја сега смело се реконструира како неопходен развоен процес што сосема природно води

кон една единствена цел: обединување на грчкиот народ под македонско раководство”.
(Вернер Јегер / Werner Jaeger)

Да го парафразираме Еуген Борза – тоа била динамична идеја во умовите на германските интелектуалци и политичари од XIX век да видат нешто од самите себе, од соединувањето на германската држава, освојувањата, креативноста и културата кај Грците и Филип, како отелотворение на националната волја и унификатор на Грција.

Со други зборови, античката историја напишана за модерните Грци од страна на германските научници од XIX век, не е ништо повеќе отколку германска визија на “славното” германско обединување надредено, односно ставено врз грчкиот модел.

За Демостен и за другите како него, Македонците биле непријател кој ги освоил и потчинил нив, отелотворувајќи се што било одвратно и вредно за презир. Игнорирајќи ги сите знаци на една богата и цивилизирана култура што не може да се замисли, модерните грчки научници го кријат вистинското лице на античка Македонија под превезот на подлите зборови изречени од непријатели и огорчени политичари.

Денешниве Грци сакаат да ги претстават критиките на Демостен кон Филип II како политичка реторика, а сепак Демостен бил двапати наименуван да ги предводи воените напади на Атина против Македонија. Тој, Демостен, рекол за Филип дека: “Пилип не е грк, ниту пак е поврзан со Грците, туку потекнува од Македонија каде човек не може да купи ниту пристоен роб. “Набрзо по неговата смрт, Атињаните му оддале соодветна почит со поставување бронзена статуа и со издавање декрет дека најстариот член на неговото семејство треба да биде издржуван на државен трошок во јавната зграда (која била место за состанување). На основата на неговата статуа изгравирана е неговата позната посвета: “Ако твојата сила беше еднаква на твојата мудрост, Демостене, тогаш Грција никогаш не ќе беше управувана од еден македонски Арес.” (J. T. Грифит / J.T. Griffith) Грција “владеела” не “обединета” од страна на македонскиот Арес. Освен тоа, зарем не бил тоа грчкиот филозоф Ликургус

(Lycurgus) кој рекол дека: “Со смртта на Хиронеја/Chareonea/ била закопана и слободата на Грција”?

Читателот треба да биде свесен дека зборот “Грк” е латински израз што потекнал во римското доба и не треба да се користи при именување на народот кој постоел стотици години порано. За да се исправи оваа историска грешка, ќе го користам изразот “градови-држави” наместо “Грција” онаму каде што тоа е соодветно.

Народот на античките градови-држави не е можно да се нарекуваат “Грци” пред фактички тој збор да биде измислен. Исто така, модерните грчки академици се повеќе спремни да интерпретираат двосмислени докази кога тоа им служи на нивните политички интереси, а, истовремено, да ги отфрлат очигледните докази кога тоа не им е во интерес. Ако сакате да научите нешто повеќе за разликите помеѓу “античките Грци” и “античките Македонци”, ве молам да ја прочитата книгата на Џозеф С. Г. Гандето/ Joseph S. G. Gandeto/ “Античките Македонци, разликите помеѓу античките Македонци и античките Грци” /Ancient Macedonians, Differences Between the Ancient Macedonians and the Ancient Greeks/.

“Не постои ниту еден збор ниту факт напишани од антички автори кој покажува дека Македонците се Грци. Не постои ниту еден напишан збор ниту факт според кој Македонците себе си се сметаат дека се Грци. Не постои ниту една единствена книга напишана од антички автори, вклучувајќи ги и античките грчки автори, која го измешала потеклото, а не ги покажува разновидните разлики помеѓу Македонците и Грците.” (Џозеф Гандето)

Од појавувањето на Република Македонија во 90-тите години од минатиот век, истражувањата во областа на археологијата драматично се зголемија, но, главно, во Република Македонија. Исто така, полека излегуваат на површина нова македонска литература и публикации кои со време сигурно ќе обезбедат алтернатива на огромните, пристрасни грчки извори.

Што се однесува до јазикот, од текстовите на Ариан, Плутарх и на Куртиј Руф (Arrian, Plutarch и на Curtius Rufus) очигледно е дека војската на Александар зборувала на

македонски, а не на грчки јазик. Секакво друго толкување би било неиздржливо тешко, ако не и невозможно, да се прифати.

“Главниот доказ дека македонскиот јазик постоел како посебен јазик доаѓа од многубројните најнови извори кои ги опишуваат настаните во текот на обуката на Александар Велики, во кои македонскиот јазик специфично се споменува. Доказите наведуваат дека македонскиот јазик се разликувал од обичниот атички јазик (јазик на античките Атињани) што се користел како јазик во судовите и во дипломатијата. Грстот вистински македонски зборови кои опстанале, непозјамени зборови од грчкиот јазик, не ги покажуваат промените што се очекуваат од еден грчки дијалект.” (Еуген Борза)

Има многу научници кои би аргументирале дека постојат изобилни докази според кои античките Македонци може да се вбројат како посебен народ со единствена култура и јазик, што се разликува од народот на античките градови-држави. За жал, се до неодамна имаше мал интерес и не така голем поттик овој аргумент да се изнесе надвор од дискусија.

Ако античките Македонци биле посебен народ, тогаш од каде дошле? На каков јазик зборувале? Дали било каков дел од нивниот јазик опстојал? Каква им била културата?

За да одговориме на овие прашања, треба да избегнеме да останеме заглавени од конфликтните аргументи. Треба да избегаме од добро изгазената вообичаена патека, да се ослободиме од пристрасните модерни грчки извори и да земеме нов и чист поглед кон старите и новите докази, особено кон доказите кои во минатото се испуштени или намерно заобиколени.

Мое уверување е дека аргументите презентирани од страна на грчките историчари не само што се пристрастни и политички мотивирани, туку дека и така се скроени за да го заглават академскиот свет и да го држат истиот во дефанзива, загушувајќи ги на тој начин сите можности и изгледи за вистински напредок.

На тема на нови археолошки и лингвистички докази, има бројни проекти започнати уште во 60-тите години на минатиот век.

Едно големо археолошко откритие е она од 1977 година во Кутлеш (Vergina), околу 53 км северно од планината Олимп. Археолозите откриле кралска гробница (Големата тумба) што изгледа дека е на Филип II. Освен што се добиле бројни информации за Македонците, со откритието, исто така, е "исколана" и голема полемика. Некои од пронајдените артефакти, според Еуген Борза, припаѓаат на подоцнежниот периодот од VI век пред Христа, што фрла извесен сомнеж за тоа дали тоа е вистинската гробница на Филип II. Но, она што е уште позначајно е видот на богатството најдено во гробницата.

Богатството е физички доказ кој "непогрешливо докажува" дека Македонците не биле вараварско племе чие единствено достигнување било да водат војна. Археолозите откриваат се повеќе докази дека Македонците биле многу пософистицирана култура отколку што претходно се мислело.

Она што е најимпресивно кај ова откритие, покрај цврстиот златен ковчег со симболот на зраци што излегуваат од еден центар, е извонредниот венец обложен со злато, направен од 313 златни дабови ливчиња. Тоа е најтешкиот и најелегантниот златен венец што било кога бил откриен.

Од појавувањето на Република Македонија, направени се нови и возбудливи археолошки откритија. Најдени се записи на камен, кои никогаш порано не биле дешифрирани, во неколку градови во Република Македонија. Слични записи се, исто така, пронајдени во Србија, Бугарија, Романија па дури и на Крит, Пил и Кносос /Pil, Knosos/. За жал, се досега археолозите никако не успеале логично да ги дешифрираат истите. Благодарение на посветените археолози, како Васил Иљов, некои од записите се сепак дешифрирани.

Според палеографското и палеолингвистичкото истражување на Иљов, знаците на камењата се всушност букви од една стара предсловенска фонетска азбука која припаѓа на македонскиот јазик на Егејска Македонија. Со други зборови, јазикот на Пелазгите и на другите македонски племиња, како Пеонците, Пертијците, Бригите или Фригите, Венетите или Енетите, (Paeonian, Piertian, Brygian, Phrygian, Venets or Enets) итн., е всушност јазикот на античките Македонци кој датира од предисториско време.

Симболите најдени на преведски /Prevedic/ соларни и космографски артефакти кои припаѓаат на мезолитската, неолитската и енеолитската култура, ги сместуваат записите некаде помеѓу 7.000-та и 3.000-та година пред Христа (Стр. 37, 15.10.1999, број 560 на списанието "Македонија").

Она што е поинтересно е дека Васил Иљов и неговиот тим ги превеле скоро сите откриени записи и досега 35 букви од античката азбука се идентификувани и табелирани. (Страна 60 и 61, 1 јули 2000, број 577, на списанието "Македонија"). Конечно, постои доказ дека македонскиот писмен јазик постоел во предисториско време. Всушност, според Васил Иљов, откриени се не една туку две фонетски азбуки. Едната била позната како општа азбука што ја користел обичниот народ, а другата била позната како "тајна" азбука што се користела за религиозни и ритуални цели. До денес, преведени се текстови на повеќе од 150 артефакти и идентификувани се околу 6.000 зборови од античкиот македонски јазик.

Според Иљов, освен што ни ја дале најстарата фонетска азбука откриена досега, предисториските Македонци, исто така, ни дале и индиции дека тие гледале во небото. Зборот "космос", што Хелените го позајмиле од Македонците, а кој модерните Грци без да понудат соодветна етимологија го претставуваат како нивен, води потекло од Македонците, вели Иљов.

Во античкиот македонски јазик основата на именката "космос" доаѓа од придавката КОС (накосено) и од именката МОС (мост). "Космос" бил накосениот мост како што античките македонски астрономи го нарекле созвездието, односно јатото ѕвезди во галаксијата на Млечниот Пат кое изгледало како накривен мост гледано од Земјата.

Дури и пред Херодот (Herodotus 484-424 година пред Христа) да му ја даде на светот идејата на историјата онака како што ние ја знаеме денес, античките Македонци веќе биле запознати со тој поим. Западот го смета Херодот за татко на историјата. Што се однесува, пак, до зборот "историја", неговите корени се пронајдени во античката македонска именка "ТР" што е најстарото име дадено на богот на грмотевицата. Со време, зборот еволуирал од "ТР" во "ТОР", "ТОРИ", а во минато време "СТОРИ", што на

македонски значи “да се случи”. Ако ова дејство го примениме на настани во кои се вклучени луѓе, тогаш доаѓаме до македонските зборови “ТИЕ И СТОРИА” што на англиски се преведува “тие сторија”. Значи, кога Херодот ја објавил својата книга со наслов “ИСТОРИЈА” од Херодот од Халикарнас/Halicarnassus/, тој всушност употребил македонски збор за својот наслов.

Ако Херодот, користејќи слична аналогија, го извлекол неговиот наслов од античкиот дијалект, како што тврдат модерните Грци, тогаш тој ќе требало да произведе именка од глаголот “КАНО” или “ЕКАНА”, а дејството “тие сторија” требало да се преведе “АВТИ ЕКАНАН”, што многу се разликува од зборот ИСТОРИЈА. (Стр. 56 и 57, 15 јуни 2000, број 576 од списанието “Македонија”).

Овде сакам да напоменам дека наспроти поинаквите грчки тврдења, Херодот не бил Грк и не бил од Атина. Херодот бил Карианец/Karian/, роден во градот Халикарнас во Мала Азија.

Повеќе докази кои го поткрепуваат постоењето на една античка предисториска македонска цивилизација, ни доаѓаат од античката литература. Еден од ваквите извори, што во голема мера влијаел врз нашата претстава за народите од стариот век и што го инспирирал Александар Велики да бара авантури, биле Хомеровите епски поеми. Околу петстотини години по Тројанската војна, Хомер ги напишал еповите “Илијада” и “Одисеја”. Хомеровите дела ги маѓепсале неговите читатели со настани кои, според Ташко Белчев, започнале и завршиле во Македонија. Хомер бил роден во VIII век пред Христа и создал вистински литературни ремек-дела кои восхитуваат и денес, како што восхитувале и во времето на Александар Велики. Првобитно, сториите на Хомер биле народни приказни раскажувани и прекажувани со векови, се додека не биле овековечени со нивно печатење во VI век пред Христа.

Она што е најинтересно за Хомеровите стории, особено за “Илијада”, е што тие, најпрво, биле напишани на предисториски македонски јазик. Првиот палеолингвист кој отворено ги прокламирал сличностите миѓу зборовите на “Илијада” со оние на модерните словенски јазици бил Пасов/Pasov/, германски хомерологист (проучувач на

Хомеровото дело). Инспириран од Пасов и од други, истражувачот Одисеј Белчевски го продолжил проучувањето со тоа што јасно ја илустрирал фундаменталната поврзаност помеѓу модерниот македонски јазик и јазикот на Хомер.

"Во "Илијада" и "Одисеја", што му се припишуваат на Хомер, опишани се мноштво негрчки народи кои живееле околу Олимп и понатаму на север во Европа кои биле "многубројни како листови во шума... со бојни коли и оружје, украсени со блескаво злато и сребро ...како богови."

Освен ако не се уништени од природни несреќи, големите народи и нивните јазици едноставно не исчезнуваат, туку всушност се менуваат и еволуираат со текот на времето. Оваа еволуција е под влијание на условите на живеење и на интеракцијата со другите народи, наречена "симбиоза" од Лидија Славеска во "Етнолошката генеза на македонскиот народ".

Огромен број зборови од секојдневниот живот, како и имиња на бројни места, реки, планини, кралеви, богови, обични луѓе и бројни племиња, може да се најдат во Хомеровите поеми. Најголемиот дел од овие зборови опстанале до ден-денес. Ова не е чуден феномен. Она што го привлекува нашето внимание е што овие зборови го задржале своето основно значење и може лесно да ги препознаат оние кои говорат современи словенски јазици. Овој лингвистички материјал јасно го покажува постоењето и силното влијание на еден јазик, кој сигурно не бил ниту грчкиот ниту латинскиот.

По интензивното истражување кое траеше повеќе од 12 години, јас (Одисеј Белчевски) проучував, анализирав и решив голем број лингвистички проблеми преку доказите на тој архаичен јазик, кој длабоко влијаел врз грчкиот, латинскиот и врз германските јазици во нивниот историски развој од античко време.

Прашањето од што се состеол античкиот македонски јазик било проучувано од многу научници во текот на многу векови. Имало многу напори да се реконструира истиот како "грчки дијалект". Моето истражување упатува на следново:

1. Ниту еден лингвист ниту научник во било која друга област, никогаш не спровел компаративно проучување на овој антички јазик со најголемата лингвистичка

група во Европа и Азија – словенските јазици – која денес е во употреба! Прашањето е – зошто? Изгледа дека вистината е скриена во темнината и прекројувана од страна на западните научници и политичари во текот на речиси двесте години. Лесно е да се претпостави дека ова е сторено од националистички и поитички интереси и корист.

2. Македонските зборови идентификувани кај Хомер (1000-800 години пред Христа) се дел од основниот секојдневен живот на македонскиот народ денес. При споредување со современиот македонски јазик, постои неверојатна сличност, а во многу случаи има целосно совпаѓање.
3. Уште повеќе, оние зборови кај Хомер кои припаѓаат на таа основа се наоѓаат во корените на многу зборови во современиот македонски јазик. Тие формираат големи фамилии зборови – серија зборови што меѓусебно се поврзани врз функционална основа или едноставно се изградени според законот за функционална етимологија.
4. Некои од тие зборови се адаптирани кон грчкиот јазик, но се толку асимилирани што не може да се препознаат. Други пак, "стојат сами" во грчкиот јазик, без грчке корени или функционална поврзаност. Но, најголем дел од тие зборови апсолутно не се поврзани со современиот грчки јазик.

Многу западни научници мислат дека изразите за роднинско сродство од 1500 до 1000 година пред Христа исчезнале многу одамна. Моето истражување докажува дека денес тие постојат во најголемата јазична група народи во Европа и Азија, вклучувајќи го современиот македонски народ. Овие специфични изрази биле од исклучителна важност бидејќи тие биле основата за зачувување на големите семејни единици – кланови, племиња и за спречување бракови помеѓу членови на семејството. Сето тоа довело до формирање на големи народи.

Пелазгите се јасно опишани во Хомеровите поеми како негрчки народ, со свој сопствен јазик и традиции сосема

различни од грчкиот јазик и од грчките традиции. Тие (познати под имињата Македонци, Тракијци, Илири, итн.) го населувале Балканскиот Полуостров и се раширile низ цела југоисточна Европа (под заедничко име Скитијци (Scythians). Подоцна мигрирале кон исток во Мала Азија (Лидијци, Бригијци-Фригијци (Lydians, Brigians-Frigians), итн. и кон запад во централна и северна Италија (Етрусканци, Венети итн. (Etruscans, Veneti).

Нивното име, Пелазги, најлогички може да се протолкува како "жители на рамни земјишта". Култивирале плодни долини чија плодност можела да се спореди само со онаа на народите од Далечниот Исток. Во "Илијада" тие се дефинирани како Тројанци и како жители на Крит. Според грчки писатели, ним им се припишува изградбата на Акропол и тие се она домородно население на кое "грчките" племиња наишле кога дошле во Јужна Европа. Како е можно тоа, многубројните племиња на Пелазгите да исчезнат без да остават траги од својот јазик? Треба да се истакне дека постојат заборавени докази откриени во лингвистичките написи на камења во Делфи (Грција) и во Мала Азија (во Турција). Тие се напишани на грчки и на "друг јазик" што западните научници го идентификуваат како етруски јазик (Etruscan). Во неговата студија "Јазикот на Етрусканците", Л. Бонафонте го идентификува тој "друг јазик" како етруски. Мојата студија за етрускиот и лидискиот јазик открива дека тие јазици биле тесно поврзани со античкиот и со модерниот македонски јазик. Други очигледни лексички поклопувања помеѓу Хомеровиот и современиот македонски јазик, на пример, се: paimiti(s)-памти; veido, veiden-виде; ischare-изгара, скара; idri-итар; kotule-катле; okkos-око; steno-стенка; pliscios-сели, пресели; oditis-оди од одење. Има голем број примери како овие во речникот од 1800 година, на германскиот лингвист Лудвиг Франц Пасоф (Ludwig Franz Passoff), составен врз основа на најстарите постоечки ракописи на Хомеровата "Илијада". Англиското издание го подготвил Хенри Џорџ (Henry George, New York, 1850). Не знаејќи го македонскиот јазик, Пасоф се сконцентрирал на најконтрастните зачувани зборови, непознати во грчкиот и латинскиот, во чешкиот и словачкиот јазик од тоа време.

На тој начин, овие зборови биле идентификувани, всушност како словенски зборови. Оттука, според моето мислење, златното правило за анализирање на еден јазик е претходно споменатата Функционална етимологија. Бидејќи функционалните релации на зборовите се фундаменталните градежни блокови на зборовните форми, јас го именувам ова правило како "ЗЛАТНО ПРАВИЛО НА ФУНКЦИОНАЛНАТА ЕТИМОЛОГИЈА".

Во студиите за античкиот и современиот македонски јазик во Канадско-македонското друштво за историја од Торонто, приоритетниот проект базиран врз поранешно сознание, е прашањето за "Проучување на македонскиот јазик – античкиот и современиот". Друга интересна тема е проблемот на "Изгубените зборови во индо-европскиот јазик денес постојат во современиот македонски јазик". Со цел да ги илустрирам моите аргументи во врска со ова, ќе се фокусирам врз неколку примери за генетската поврзаност помеѓу античкиот и современиот македонски јазик преку македонскиот збор девер ("brother-in-law).

Кога се мажи млада девојка, братот на нејзиниот маж (обично најмладиот) станува девер. Ова е стар обичај, стара традиција што се спроведува за да се осигура дека на младиот припадник од машки пол му се доверува грижата за семејството/фамилијата во случај мажот да умре или да биде убиен.

Во вакви услови, најмладиот брат станува нов маж и го презема семејството. Тоа било неопходно за да се заштитат децата и да се зачува насобраното богатство и имот во рамките на истото семејство. Значењето на зборот на македонски, според функционалната етимологија, може да се извлече како што следи: вера-верба-доверба-довери-девер "да му биде доверено". Овој збор припаѓа на една поголема група македонски зборови кои го содржат коренот –верба-.

Во античкиот македонски јазик (1000-та година пред Христа) според Хомер (Стр. 305 L.L.) постои da-DAVER; dao(s), каде дигамата, односно буквата стои наместо /v/, а зборот значи девер. Во зборот daver-daer забележуваме дека недостасува согласката /v/ во интервокална позиција. Ова значи дека правилото за економичност на говорот е

долго време во сила во јазикот. Испуштањето согласки е правило кое често се појавува во македонскот јазик, како, на пример: да правите > праите; човекот оjде > чоекон оjде, итн. Сепак, во грчкиот јазик "девер", односно "ginaika delfos" очигледно не може да се поврзе со Хомеровиот daver-davero(s)." (Одисеј, К. Белчевски, стр 29-32, број 503, III 1995 година, списание "Македонија")

Ако не знаете кој бил Хомер и ако по некој случај ги читате неговите приказни за обичаите на Тројанците, би помислиле дека тој зборува за соврмена Македонија. По три милениуми, истите обичаи, занаети, техники на ловење, земјоделски методи, итн., се практикуваат и денес. Без разлика дали се работи за предење, ткаење, везење, гостољубивост, прифатливо однесување или план за куќи, се друго што е опишано во Хомеровите епови, вели Ангелина Маркус / Angelina Markus, е непроменето и присутно околу нас денес. (Стр. 56-57, 1 јули 2000 година, број 575 од списанието "Македонија".

Друг археолошки извор кој обезбедува докази за Македонците е делото на германскиот топонимист Макс Фасмер (Max Fasmer). Во својата книга "Словените во Грција /The Slavs in Greece/ тој го истражува потеклото на 334 предисториски феникиски (Phoenician) топоними во Епир (Epirus) и заклучува дека тие се од словенско потекло. Преку неговите студии, Фасмер открил дека постои поврзаност помеѓу античките Феничани и средновенковните Словени (Slavs). Тој, исто така, јасно нагласува дека "Словените" живееле во Епир. Она што, исто така, е интересно е што на германски јазик зборовите "Slaven" и "Vinden" се синоними. Ташко Белчев ја унапредува идејата дека Словените го населувале Балканот многу поодамна отколку што претходно се мислело, поврзувајќи ги Виндите, Венетите и Феничаните (Vindi, Veneti и Phoenicians) во една фамилија народи со заедничко потекло. (Стр. 68, 01.02.2001 година, број 591 од списанието "Македонија").

Според пишувањата на Г.С. Гриневич /G.S. Grinevich/ на тема претсловенската писменост, резултатите од дешифрирањето и од лингвистичкото кодирање покажуваат дека претсловенската писменост постоела

многу пред создавањето на буквите и пред кодирањето создавањето на словенскиот јазик од страна на браќата свети Кирил и свети Методиј. Ова претставува поголем доказ дека протословените потекнувале од Македонија и, според Гриневич, јазикот на кој зборувале Егејските Пелазги е истиот оној на кој говореле предсловените (стр. 175). Гриневич, исто така, наведува дека претсловенскиот писмен јазик е многу сличен на старословенскиот писмен литературен јазик на сите Словени. (Генадиј Станиставлович Гриневич, Катедра за светската историја, Руско друштво за физика, Москва 1994 година /Genadij Stanistavlovich Grinevich, World History Department, Russian Physical Society, Moscow, 1994/).

Според Алаедсандар Донски, "постојат многу индикации дека античките Македонци имаат венетско потекло (терминот "словенски" се употребувал многу подоцна) и постојат докази во прилог на ова.

Историски докази. Од неколку антички документирани извори може да видиме дека Македонците и Хелените биле два различни народа. Некои грчки, но и римски историчари, го имаат истражувано ова становиште и оставиле докази, собрани од постарите периоди, кои јасно покажуваат дека античките Македонци се од венетско потекло.

Лингвистички докази. Иако вокабуларот на античките Македонци што успеал да опстои е релативно мал, тој дава добра индикација во корист на нашата теза, а таа е дека современиот македонски јазик е, барем делумно, континуитет на јазикот на кој говорел Александар Велики и неговите современици.

Ономастички докази. Има значително големо наследство од архелошките остатоци и од областа на погребните обичаи. Тие содржат многу примери на истоветност и на сличност помеѓу античкиот и современиот македонски јазик, од една страна, и другите словенски јазици, од друга страна. Исто така, постојат неколку усмени сведоштва кои упатуваат во истата насока."

Александар Донски неодамна објави книга на оваа тема и таа сега е достапна и на англиски јазик.

Неодамна објавената книга “Венети: Први градители на Европската заедница” /“Veneti: First Builders of European Community”, која се смета за едно од најсеопфатните дела за раната историја на Словенците, ги претставува протословенските Венети како прва позната нација на централна Европа, а Словенците како нивни најдиректни потомци. Венетите (не треба по грешка да се поистоветуваат со Венецијанците) биле населени во планинскиот предел во Словенија, северна Италија, источна Швајцарија и Австрија во текот на бронзеното доба, околу1200 година пред Христа. Во областите каде што тие првобитно биле населени постојат, до ден-денес, безброј места со словенечки имиња.

Овие факти, презентирани во книгата, не се нови и веќе биле проучени и за нив се напишани извештаи од страна на поранешни истражувачи но, од непознати причини, не биле земени сериозно.

Покрај значајните историски податоци, авторите на оваа книга презентираат бројни словенечки топоними во алпскиот регион и кон запад и север, каде што некогаш живееле Венетите. Освен тоа, книгата открива многу сличности помеѓу современиот словенечки јазик и јазикот на Венетите. Истражувањето извршено врз венетските написи докажува дека не само што античкиот венетски јазик (спротивно на официјални лингвисти) бил протословенски (Proto-Slavic), туку дека современиот словенечки јазик претставува негов континуитет.

Првиот познат народ на централна Европа, според авторите на оваа книга, биле протословенските Венети и првобитниот јазик во централна Европа пред доаѓањето на Индоевропејците околу2000 година пред Христа бил словенскиот.

Книгата “Венети: Први градители на Европската заедница” е прв чекор кон постепена исправка на “искривената историја” која “била напишана за нас” од странци.

До неодамна, никој не бил способен да го дешифрира венетскиот напис на урните откопани со археолошки ископувања бидејќи никој не се досетил да го употреби

античкиот словенски јазик како основа да се обиде и да ја реши оваа античка мистерија. Така велат тие!

Матеј Бор, словенечки лингвист, изгледа дека го одгатнал, односно дешифрирал венетскиот напис користејќи го словенечкиот јазик. (Јошко Шавли, Матеј Бор, Иван Томажиќ/Jozko Shavli, Matej Bor, Ivan Tomazic/, "ВЕНЕТИ: Првите градители на Европската заедница")

Наскоро, можеби македонските истражувачи ќе ги споредат белешките со словенечките истражувачи и ќе фрлат нова светлина врз оваа античка мистерија.

Во написот "Кој се плаши од културата на античките Македонци и зошто?", Ташко Белчев зборува за Дејан Медаковиќ, претседател на Српската академија на науките и уметностите и за неговите обиди да сокрие одредени арехеолошки факти што не се во согласност со вообичаената српска историја.

На 4 март 1987 година, академикот Владимир Дедиер, претседател на Истражувачкиот одбор на Српската академија, испратил писмо до Дејан Медаковиќ во кое искажува жалење што Медаковиќ бил вклучен во прекинувањето на симпозиумот посветен на светот на Винча кој постоел во периодот од 6.000 до 3.000 година пред Христа. Симпозиумот бил организиран од страна на Српската академија за науките и уметностите, Катедрата за историски науки и Центарот за научно истражување при Филозофскиот факултет во Белград. Помеѓу другото, Дедиер го укорил Медаковиќ со зборовите: Проклет да си, Дејане Медаковиќ, поради твоите ситни амбиции да станеш претседател на Српската академија за науки и уметности. Им се умилкуваш на властите, кршејќи ги сите човечки принципи на однесување." (Л. Кљакиќ, "Почеток на патот" /L. Klyakic, Beginning of the Road/, стр.56)" (Стр. 69, 1 август 2000 година, број 579 од списанието "Македонија").

На тема за Групата Винча, Васил Иљов во написот во списанието "Македонија" зборува за едно откритие на прилично импозантен споменик кој содржи антички напис, пронајден во пештерата Ситово, лоцирана близу градот Пловдив во Бугарија. Спомениkот содржи запис од две линии долги околу 3,4 м, а текстот е висок околу 40 цм,

напишан од десно кон лево. Според Иљов, може да се претпостави дека текстот датира од 4.500 година пред Христа и е напишан на антички, предисториски македонски фонетски јазик. Текстот, иако не бил дешифриран во тоа време, бил објавен во 1950 година и повторно во 1971 година. Со помош на Иљов, текстот конечно бил дешифриран во 1995 година. Грубо преведено, еве што пишува на македонски јазик: "и свекорот втрчал, а додека бегал ужаси го прогонувале, а во куќата таму тие пееја псалми и гости сте на печеното месо на сонот отиден со патката!" (Стр. 71, 15.12.1999 година, број 564-565 од списанието "Македонија"). Останува на Вас да решите што сака да каже античкиот писар. Уште поважно, не е работата во тоа што вели пораката, туку во тоа што таа е дешифрирана, преведена. Можеби пораката не ни е нам наменета. Во секој случај, еве го толкувањето на Иљов. Патката во оваа порака се однесува на античка мочуришна птица која се издигнува од умрен човек и ја носи неговата душа на небото. Иљов своето толкување го темели врз основа на еден артефакт во форма на антропоморфолошка фигура што стои врз една кочија која ја возат впрегнати мочуришни птици. Централната фигура е украсена со симболи на сонце и планети.

Сепак, друг извор на археолошки податоци во поддршка на македонската цивилизација доаѓа од истражување на бронзеното доба. Според Вангел Божиновски (стр. 61, 01.06.2000 година, број 575 од списанието "Македонија"), неолитската цивилизација во Македонија се појавила 3.000 години пред таа да се појави во западна Европа. Слично, бронзеното доба се појавило во Македонија 1.200 години порано, а железното доба 200 години порано. Трагедијата на бронзеното доба се рефлектира во смртта и уништувањето што тоа и го донело на Македонија, откако истото започнало во западна Европа. Во рацете на Европејците на север и запад, металот, што некогаш ја оформувал уметноста во Македонија, се претворил во оружје за убивање и уништување. Дали е во природата на човештвото да тежнее повеќе за војна отколку за мир? Ако го истражуваме нашето однесување според количеството

пари што ги одвојуваме за нашите воени буџети денес, би рекол дека е така.

Речиси сите вредни артефакти изработени помеѓу1.200 и 800 година пред Христа се откриени во гробници. Македонија, наречена “култура на полињата со урни”, изобилува со гробишта. Изгледа дека без разлика колку не се откопани или колку се уништени, останууваат уште многу да бидат откриени. Тоа е во човековата природа да биде така, вели Вангел Божиновски, само погледнете ги учебниците од кои нашите деца учат во училиште денес и ќе сфатите дека цивилизацијата не е ништо друго освен бескрајна војна. Војната е западен изум кој бил увезен во Македонија во текот на бронзеното доба и оттогаш станала наш начин на живеење.

ГЛАВА 1 - ПОЧЕТОКОТ

Се вели дека пред илјадници години многу мали племенски кралства го населувале регионот каде што се вкрстувале трите континенти (Европа, Азија и Африка). Живееле од обработување на земјата, тргувале и со векови живееле во мир едни со други. Иако биле познати под многу имиња, луѓето имале заедничко потекло и зборувале на дијалекти на еден ист јазик.

Илјадници години мајсторите на занаетите ја поседувале тајната на металите од кои правеле скулптури и украси, разубавувајќи ги на тој начин своите градови. Било претскажано дека ако се дозволи тајната за металот (бронзата) да побегне, боговите на мирот ќе ги проколнат луѓето и ќе дозволат илјада години да ги снајде несреќа. За жал, по приближно илјада години такво задоволство, игнорирајќи ги старите предупредувања, старите мајстори станале арогантни и невнимателни и дозволиле да се открие тајната за металот. Никој не можел да го предвиди исходот од она што допрва требало да се случи, особено не питомите, благи племиња кои не знаеле ништо за зло, насилство или крвопролевање.

Кога боговите на војната, кои живееле северно и западно од питомите племиња, ја научиле тајната за металот, исковале моќни оружја. Ветувајќи им моќ и слава, тие ги маѓепсале водачите на племињата да ги употребат оружјата против своите непријатели. Лакомоста и тежнеењето за моќ набрзо ги заслепеле членовите на племињата кои отпочнале со крвопролевање, убивање и уништување. Кога градовите на светлината се претвориле во прав, војните завршиле, а загинатите биле закопани во градови-гробници под површината на земјата каде што нивните коски почивале во мир, невознемирени со векови и векови или додека археологијата не ги откопала.

Во 800 година пред Христа, кога катастрофалните војни конечно завршиле, преживеаните од малите племенски кралства биле слаби, опустошени и ранливи. Едно од тие мали кралства била Македонија. Но, македонската сторија не

завршува со племенските војни; напротив, таа тукушто започнува.

Постојат такви кои веруваат дека името “Македонија” првпат било изговорено од децата-воини кои тежнееле да се вратат во своите домови во текот на племенските војни. Она што тие од љубов го нарекле “Македон” не било нивното кралство, туку нивната желба да се вратат во “мајчиниот дом”. “Маке” (мајка) и “дон” (дом) или Македон, како што подоцна му било познато на надворешниот свет, е “мајчиниот дом” за децата на Македонија. Потојат и други стории кои упатуваат на значењето на името “Македон”, но оваа, верувам, е најреалистичното објаснување.

Еден од најстарите извори на докази, напишани на камен на антички македонски фонетски јазик, датира од неолитот, од времето на “Зетс”. Тука сакам да напоменам дека “зет” значи “маж на ќерката”. Од дешифрираните записи произлегува дека зетовци на различни племиња биле инволвирани во некој вид меѓусебен конфликт.

Можеби еден од најкарактеристичните документи, што било кога е пронајден, е текстот изгравиран на еден камен во форма на долга риба, пронајден во Осинчани во близина на Скопје. Натписот на тој камен опишува една битка помеѓу зетовците и кажува како еден зет потчинил друг.

Друг опис, што датира помеѓу 2.100 година пред Христа и 1.200 година пред Христа, ни кажува пофална сторија за тоа како зетот Иг”лал /Ig”Lal/ го уништил кралството Еге /the Ege Kingdom/. (Васил Иљов, стр. 51, 15.08.2000 година, број 580 од списанието “Македонија”)

Уште еден неолитски напис од локалитетот Црна Лома или Илина Гора, во близина на селото Осинчани, ја пренесува следнава порака: “Таа, речта, засега е утеха за мајките на кои војната штета им нанесе”.

Освен Хомеровите епови, ништо повеќе не ја освојува имагинацијата на младите отколку авантурите на античките митолошки богови и херои. Зарем овие богови и херои биле исклучително само Египетски, Грчки и Римски? Токму во ова современите Грци сакаат ние да веруваме.

Спротивно на тврдењата на современите Грци, професорот Ташко Белчев мисли дека митологијата каква што денес ја знаеме, потекнала од животните искуства на многу постар

народ отколку античките градови-држави и дека тој народ бил античките Македонци. Античките градови-држави, едноставно, ја преземале митологијата и си ја приспособиле. Дури и зборот "митологија" доаѓа од античките македонски зборови "мит" и "лог". Во современиот македонски јазик зборот "мит", значи "зборување/кажување" или "подмитување" (подмити го), а зборот "лог" значи "логика" или "наука". Составувајќи ги двата збора доаѓаме до зборот "митолог" или, на современ македонски јазик, "митологија" – наука за кажување или наука за подмитување на младата имагинација. (Стр. 58, 15 јуни 2000, број 576 на списанието "Македонија").

Земајќи ги предвид сите докази, не е тешко да се состави една теорија за тоа како изгледал предмакедонскиот свет. Веќе многу знаеме за античките градови-држави и како тие се справувале со пренаселеноста и со експанзијата. На пример, како што секој град-држава се зголемувал над капацитетот на градот да го издржува населението, така луѓето биле принудени да го напуштат градот или биле оставени доброволно да си основаат нов град. По должината на морскиот брег никнале нови населени места што ја навестува желбата на луѓето да продолжат да практикуваат сличен начин на живеење. Истиот принцип може да се примени на предмакедонските домордни жители кои живееле во внатрешноста на територијата која денес ја нарекуваме географска Македонија.

За лична заштита и другарување, античките народи своите куќи ги граделе блиску една до друга, слично на оние во денешниве модерни села. Како што населението во заедницата се зголемувало, а капацитетот на земјата да ги издржува се намалувал, така и луѓето се иселувале и започнувале нови заедници. Оваа практика продолжувала непрекинато да се одвива се додека имало простор за проширување. Со време, целото подрачје на Македонија било исполнето со вакви населби. Несопрени од војна, болести и помор, населението се зголемувало и проширувало кон надворешноста. Бидејќи луѓето од различните градови биле меѓусебно поврзани, ги одржувале блиските контакти така што се посетувале, славеле заедно и слично, и на тој

начин своите традиции и јазик успеале да ги сочуваат непроменети.

Максималниот број население што еден антички град можел да издржи зависел од способноста на земјата да го издржува истото. Ако едно семејство не можело повеќе да заработува за живот поради тоа што се зголемило, тоа или целото се селело на друго место или се делело на помали делови. Некои членови на семејството се иселувале во помало гратче или започнувале нова заедница на друго место. Новоформираните градови обично биле именувани според името на семејството-основач.

Да се води евиденција за генеалогијата/родословието, било многу важно поради неколку причини. Големината на семејството обично го диктирала општествениот статус во заедницата. Семејната задруга ги штителa членовите на своите семејствата и за возврат очекувала одредена лојалност од нив. Склучувањето бракови помеѓу членови на семејствата било одбегнувано поради тоа што се знаело кој член на кое семејство припаѓа. Во тоа време било вообичаена практика младите момчиња да го напуштат своето семејство, да се оженат и да станат зетовци во други семејства. Врз основа на антички записи, да се биде зет имало свои привилегии, вклучувајќи ја и онаа да се води војна со други зетовци за контрола врз семејството.

Бидејќи балканското земјиште не дозволувало издржување на униформен пораст на населението, група населени места обично се развивале во поголеми градови на плодни низини, опкружени од помали градови на ридовите. Како што постарите населени места растеле и созревале, така тие почнале да тргуваат со другите населени места и развивале сообраќајни патишта, трговија и писмен јазик. Тие, исто така, разбиле и централна администрација, безбедносни сили и именувале централни племенски водачи кои со времето прераснале во племенски кралеви. Со развојот на трговијата надвор од границите на локалната заедница, античките народи дошле во контракт со други народи кои имале нови идеи и иновации.

Со откривањето на металот, биле изработувани моќни оружја, а со тоа крвопролевањето и уништувањето не биле многу далеку. Дури и семејните препирки за ситни нешта се

претворале во жестоки и немили сцени. Едно општество кое ги вреднувало сродството и семејството над се друго, имало тенденција да остане здружено, и слободно и мирољубово да влијае на други општества. За жал, околу 1200 година пред Христа нешто страшно тргнало наопаку и избувнала војна меѓу различни групи семејства, што донело четири века смрт и пустош за мирољубивиот народ на предисториска Македонија.

Документирани, но не добро сфатени, се античките "роднински и семејните врски". Сродството, односно роднинските врски биле многу важни за античкиот народ на Македонија и тие ги рангирале на прво место во својот систем на вредности. Добар пример за ова се браковите на Филип II со различни жени од световите што тој ги присвоил. Браковите биле моќен симбол за осигурување на семејните врски и за ковање моќни сојузи. Оваа традиција можеби денес изгледа бизарна, но тоа била вообичаена практика во античка Македонија.

Од културолошко и лингвистичко гледиште, блиската поврзаност помеѓу античките општества овозможила интеракција, т.е. заемно дејство помеѓу различни народи и ги зачувала нивниот јазик и култура од измени. На ова може да се припише раширеното споделување на заеднички својства и карактеристики на словенскиот јазик на што денес сме сведоци.

До овде, дадов еден краток поглед врз остатоците на еден стар предисториски свет со богата култура и јазик. Изворите на информации на кои се повикувам обезбедуваат вредни докази за постоењето на еден свет кој никогаш порано не бил признат. Исто така, дешифрираните написи и преведените текстови не само што сугерираат дека постоела предисториска цивилизација, туку, исто така, дека народот на тој стар свет се предци на современите Македонци.

Некои од артефактите, како, на пример, написите на камен и преводите на "Илијада", откриени се и дешифрирани почнувајќи од 90-тите години од минатиот век, но до денес не го свртеле вниманието на вообичаената археологија и палеолингвистиката. Зошто?

Мислам дека постојат неколку причини за ова:

1. Постојат луѓе кои мислат дека работава не е доволно сериозна за да се ангажираат истата да ја земат предвид.
2. Други, особено високо платени администратори, се задоволни со состојбата на status quo и не сакаат да ја влошат состојбата.
3. Сепак, некои мислат дека било какво вклучување од нивна страна може да ја минира целата основа на античката историја, онака како што ние ја знаеме денес.
4. За жал, има и такви, во кои спаѓам и јас, кои мислат дека нормалната античка историја каква што ја знаеме денес, била фабрикувана за да се поддржат политичките цели на големите сили и нивните сојузници од XIX век.

Како што Џорџ Орвел /George Orwell/ еднаш нагласил: "Оној кој го контролира минатото, ја контролира иднината; кој ја контролира сегашноста, го контролира минатото". Историјата ја пишуваат победниците.

Како што е претходно споменато, кога основата на античката историја била поставена од страна на ревизионистите од XIX век, тоа било сторено за да се помогнат политичките цели. Современа Грција била создадена експресно од страна на Западните сили за да ја смалат експанзијата на Словените. Уште повеќе, Грција била создадена да ги подели Словените и да ја спречи Царска Русија да ја постигне својата амбиција за пловните води на Средоземното Море.

Во својата ревност да ги задоволат своите амбиции, Големите сили од XIX век, можеби без нивно знаење во тоа време, отпочнале едно "балканско премрежје" кое ќе има долготрајни последици за балканскиот народ.

Кога Западните сили вештачки ја создале Грција во 1829 година, ја лансирале на еде
н полемичен курс: нејзиниот опстанок да биде единствено можен на сметка на македонскиот народ. Проблемите што се случуваат помеѓу Грција и Македонија денес, не се ништо ново освен уште една фаза во една континурирана и вечна борба.

Грција, Бугарија и Србија генерираат повеќе литература за да го оспорат постоењето на една македонска држава/нација отколку што имаат напишано книги за

својата сопствена историја. Тоа, навистина, е тажно, а и толку многу залудно вложен труд.

ГЛАВА 2 - ПОДЕМОТ НА МАКЕДОНИЈА

“Историјата многу често се нарекува запис на победниците. Поточна дефиниција би можела да биде дека историјата е “запис како победниците сакаат да бидат видени.” Многу влади, во злобен и низок напор да го оправдаат своето однесување, го искривиле минатото со цел тоа да и служи на сегашноста.” Мајкл Димитри /Michael Dimitri/

Ослабено од племенските војни, малото кралство на Македонија било ранливо на надворешни напади. Луѓето кои со илјадници години не знаеле за војна, по четири века војување, станале уморни и плашливи. Нивните долгогодишни роднини, пријатели и сојузници сега им станале непријатели и ги опколиле од сите страни. Премногу слаби за да им се спротивстават со сила, Македонците од X век пред Христа целата своја енергија ја посветиле на дипломатијата.

Во Глава 1, дадов некои археолошки и лингвистички докази кои упатуваат на идејата дека античките Македонци, вклучувајќи ги и тие од IV век пред Христа, биле од негрчко потекло. Колку и да е спротивно на официјалната историја, овие докази веќе не можат да бидат игнорирани.

Македонците не се осамени во нивната тешка задача правилно да ги постават историските записи. Исто така, има и Словенци, Полјаци, Руси, па дури и Италијанци и Американци кои веруваат дека европскиот континент бил населен од поинакви групи народи отколку оние во кои официјалната историја сака ние да веруваме.

Моја намера е во оваа Глава да дадам повеќе податоци кои ќе го оспорат полагањето право на Македонија од современите Грци, со тоа што ќе докажам дека не само што античките Македонци не биле “Грци”, туку и дека тие биле етнички посебен народ од предисториско потекло. Главниот фокус ќе ми биде анализата на факторите и настаните од X век пред Христа па наваму, кои ги создале условите што ја издигнале Македонија од едно племенско кралстово во една супер-сила.

Четиривековните војни не само што донеле умирање и уништување на предисториските племенски кралства, туку и ги изолирале едни од други. Принудени да бараат патишта за тргување на други места, подалеку од нивните традиционални патишта, завојуваните племиња стапиле во контакт со нови и различни народи и станале изложени на нивните влијанија. Со новите истражувања дошле и надворешните влијанија и изложеноста на нови идеи и нова крв. Племињата што биле најблиску до морето почнале да крстарат по морските патишта, преминувајќи го Медитеранот, а тоа ги донело во контакт со многу понапредни цивилизации отколку што било кога сретнале пред тоа. Освен трговијата, примитивните поморски народи почнале да стекнуваат нови вештини и знаења со кои никогаш пред тоа не биле запознати.

Со време, изолирани едни од други и под влијание на надворешни фактори, завојуваните племиња почнале да се разликуваат етнички и да стекнуваат различни лингвистички и културни карактеристики. Иако можеби споделувале заедничко потекло во минатото, изолацијата и културната еволуција ги направиле посебни и различни едни од други. Племињата најблиску до Средоземното Море, кои биле под влијание на најнапредните цивилизации од Блискиот Исток, еволуирале во демократски градови-држави со посебен јазик и култура. Од друга страна, народите на копно, под влијание на нивните северни соседи стекнале посебни карактерни особини што ќе биде предмет на оваа студија.

Во корист на современата македонска нација, која од политички причини била експлоатирана од Големите сили и нивните сојузници, мојот интерес овде е да покажам дека македонскиот народ кој живее во географска Македонија денес, спротивно на официјалната историја, се потомци на античките и предисториските Македонци. Македонската лоза опстојала и останала нечепната од предисториските времиња па до денес. Моите аргументи не имплицираат на расна чистота, туку повеќе на културен и лингвистички континуитет. Многу добро се знае дека многу туѓинци, односно натрапници, извршиле инвазија на Македонија и нема сомнение дека оставиле и многубројни свои траги. Но,

и покрај сите нивни обиди да го покорат, македонскиот карактер опстанал низ времето.

Потпомогнато од необработениот и тешкопристапен терен, македонското село станало бастион и спасител на македонскиот јазик и култура. Освојувачите на градовите и на плодните земјишта ретко покажувале интерес за селата кои биле сиромашни, сушни, изолирани и тешкопристапни. Иронично, но етничката сила на Македонија, во бројки, лежи во нејзините села. Секој кој сака да води бизнис во Македонија, мора да ги научи и знае "патиштата на селото", вклучувајќи го јазикот и културата на селото. Ова е вистината денес, како што била и во времето на Хомер.

Наспроти големите напори на грчките власти во минатиот век да ја искоренат македонската свест во селата, македонскиот јазик и култура опстојале и, со време, повторно ќе цветаат.

Зошто луѓето се уште живеат во практично негостољубиви места? Ова е човеково однесување кое и пркоси на логиката. Оние кои се родени во такви места, вклучувајќи ме и мене, негуваат необјасанива "длабока љубов" кон нив. И наспроти сите маки и неправди, демонстрираме голем восхит за "нашето парче камен", но не можеме и да дадеме логично објаснување за тоа.

Мојата поента овде е дека зачувувањето на македонскиот јазик и култура во текот на долгите временски периоди се должи на непопустливата и бескомпромисна природа на македонскиот селанец, чиј начин на живеење во текот на долгите години е врзан за земјата и за старите традиции.

Штом заканата од освојувачот ќе исчезнела, македонскиот јазик и култура како повторно постепено да се шириле, практично спротивставувајќи се на исчезнувањето. Ова се докажува како точно преку вековната окупација од страна на Грција и петвековното турско ропство. Селата успеале да преживеат бидејќи не претставувале закана и не нуделе големи предности за освојувачите. Да се влијае врз промената на начинот на живеење на селанецот, кој сам се издржува и кој зависи од земјата, за освојувачите било чисто губење време.

Вообичаената историја, освен подвизите на големото македонско царство, нуди многу малку во однос на

македонската предисторија. Всушност, Еуген Борза, водечки експерт за историјата на античка Македонија, е првиот кој ќе признае дека не постои синтетизирана идеја за македонската предисторија. “Секој кој е заинтересиран за предисторискиот период ќе стори добро ако се потсети на коментарот на Геер (Geyer), даден пред речиси половина век, дека ‘времето за македонската предисторија се уште не е дојдено’.” (Стр. 283, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990).

Постојат многу историски извори, вклучувајќи ги добро документираните тврдења на Џозеф Гандето дека античките Македонци не биле Грци. За жал, досега не познавам ниеден кој направил било каков обид да објасни кои биле античките Македонци и од каде дошле. Со цел да го објасни потеклото на античките Македонци, ќе треба да се прошири обемот на истражување, а не “само бескрајно да се анализираат Грците”.

Не треба да постои сомневање во било чиј ум дека мнозинството денешни современи Македонци зборуваат на јазик што претставува варијација на словенскиот јазик, имаат култура која е варијација на старо-словенската култура и практикуваат православна (источно православна) религија. Исто така, не треба да постои сомневање во било чиј ум дека денес Македонија е мултикултурна држава со посебни и единствени обичаи и општествени карактеристики.

Идентитетот, потеклото и времето на доаѓање на малцинствата кои денес живеат во Македонија, може лесно да се пронајдат во настаните од минатото. Петвековното ропство под Турците ги создало турското и албанското малцинство; четиривековната окупација го создала влашкото малцинство, итн. Што се однесува до идентитетот, потеклото и времето на доаѓање на македонското мнозинство, не постојат едноставни и лесни одговори. Повеќето Македонци, вклучувајќи археолози и лингвисти, денес не им веруваат на одговорите на политички мотивираната вообичаена историја и поради тоа тие се разочарани од објаснувањата што таа ги дава.

“Проучувањето на историјата разви еден силен националистички тренд во втората половина на XIX век. Целта на тоа поле повеќе не беше да се документира развојот

на културата и на историјата преку нови и подобрени методи, туку повеќе да се создаде историја која ќе обезбеди културен престиж, па дури и супериорност. Откривањето историски вистини беше од второстепено значење.

Овие идеолошки основи останаа до ден-денес во умовите на многу научници, па дури и цели групи луѓе споделуваат вакви ставови и мислења, како и методи. Повеќето студии за историјата и лингвистиката во Централна Европа обилуваат со вакви националистички ставови, со историчари водени од претходно утврдени цели. Нивна примарна грижа, т.е. интерес, често е да се задржи верувањето дека Словените не се автохтоно население на Централна Европа. Со трагичните настани во регионот (Југославија) од 1990 година, дебатата станува се повеќе поларизирана, со мала надеж за вистински напредок во развивањето на една вистинска историја на Централна Европа која не и служи на ниту една агенда.

Главната цел на ова дело (книгата "Венети, Првите градители на Европската заедница") е да го сврти вниманието кон потребата за еден нов став и една нова визија за почетокот на историјата на Централна Европа и, со голема надеж, да промовира непристрастни методи за истражување. Таа претставува молба за поголема отвореност и чесност, како и за признавање на заедничкото наследство на народите на Централна Европа, без оглед на националноста, јазикот и религијата". (Стр. XI, Предговор од проф. д-р Тарек Ј. Исмаел, Универзитет на Калгари, Канада, мај 1996, Јошко Шавли, Матеј Бор, Иван Томажич, Венети, Првите градители на Европската заедница, Влегување во трагите на историјата и на јазикот на првите предци на Словенците" /Dr. Tareq Y. Ismael, University of Calgary Alberta, Canada, May 1996, Jozko Savli, Matej Bor, Ivan Tomazic, First Builders of European Community, Tracing the History and Language of Early Ancestors of Slovenes/)

За среќа, денес на површина излегуваат докази кои ветуваат расветлување на минатото на Македонија, како дел од едно ново сфаќање за предисторијата на Европа.

На ова место накратко ќе направам дигресија со цел да ве запознаам со дел од новите откритија кои не само што обезбедуваат навестувања за тоа кои биле предисториските Македонци, туку, исто така, ја оспоруваат вообичаената

историја во однос на прецизноста во презентирањето на идентитетот на првите Европејци.

Следи еден есеј напишан од Антони Амброжич, автор на неколку дела, вклучувајќи ги книгите "Гордиевиот јазол одврзан", "Патување назад до Гарумна" и "Збогум Бретања" /Gordian Knot Unbound, Journey Back to the Garumna и Adieu to Brittany/, кој се однесува на преводот на записите врз камења пронајдени насекаде во Европа и кои датираат од предисториско време. Еве што Антони Амброжич има да каже:

"Курганската теорија (the Kurgan theory) за индо-европското потекло, која е широко прифатена уште од XIX век, изложена е на жестоки напади почнувајќи од 70-тите години на XX век и изискува повторно испитување. Нејзина основна пропозиција т.е. сугестија е дека индоевропските почетоци се на северните брегови на Црното Море, онаму каде што денес е јужна Украина. Оттаму, Индоевропејците, главно, сточарски номади, почнале да се прошируваат, а во четвртиот милениум пред Христа го покориле, ако не и сосема искоренile тогашното мирољубиво земјоделско општество на Европа. Како резултат на тоа, индоевропската курганска култура и јазик им биле наметнати на оние земјоделци кои останале на покорениот континент.

Она што ги убедило археолозите и историчарите да ја прифатат оваа теорија толку долго време биле артефактите пронајдени во ископаните гробни насипи (кургани) од XIX век. Курган е кружен гробен насип изграден врз гробна јама што содржи погребни садови, оружје, тела на коњи и едно тело на човек. Било откриено дека првите кургани биле во употреба во руските степи, но во третиот милениум пред Христа се проширile во источна, централна и северна Европа.

Поддржано од развојното истражување на лингвистичките сличности меѓу постоечките индоевропски јазици, откопувањето на овие кургани ги навело научниците да претпостават заедничко потекло за индо-европските сточаријавачи, кои се уште зборувале на еден меѓусебно разбирлив недиференцијален јазик и во четвртиот милениум пред Христа.

Како жалосен идеолошки додаток, Курганската теорија го изродила хибридниот мит за супериорноста на Аријците која се уште е сосема нашироко величена и практикувана, со несреќни последици во првата половина на XX век.

Од се поголемиот број внимателни испитувања и новите развои на настаните во изминативе 30 години, Курганската теорија, со секоја измината година, е подложена на уште побројни и побројни удари. Како резултат, таа изгуби многу од својата поранешна веродостојност, т.е. кредибилитет.

Главните напади врз оваа заплеткана конфузија доаѓаат од три извори. Главниот меѓу нив е научниот напредок постигнат во мерењето за утврдување на староста на јаглеродот С 14. Не многу зад него се најновите откритија во областа на генетиката. Но, најголемо значење имаат над 10.000 глинени плочи со натписи, откриени на Блискиот Исток во текот на последниве 30 години.

Поттикнат од овие нови информации, тврдењата на археологот Колин Ринфру (Colin Renfrew) веќе во 80-тите години од минатитот век фрлија сериозен сомнеж врз Курганската теорија. Суштината на изнесените тврдења од страна на Колин Ринфру е дека археологијата, едноставно, не ги поддржува заклучоците за судирите и загушувањето на прединдоевропејците во четвртиот милениум пред Христа, претходно и дотогаш постулирани со Курганската теорија. Со проширување, според тоа, хипотезата за заеднички индоевропски протојазик, кој се уште постоел во четвртиот милениум пред Христа, исто така, била ставена под сомневање.

Според Ринфру, Индоевропејците биле само првите земјоделци во Европа. Она на што ние сме сведоци, вели тој, е подоцнежната револуција од каменото доба, во текот на која полјоделството и одгледувањето стока успеале да ја заменат економијата базирана врз лов и живеење во заедница. А врз основа на доказите од новооткриените глинени плочи, таа револуција се проширила од Анадолија до западна Европа. И уште повеќе, она што е најзначајно за потрагата по индоевропското потекло, тој тврди дека таквата експанзија се случила 3.000 години порано од она што го тврди Курганската теорија.

Значи, она со што ние се соочуваме се две фундаментални отстапувања од Курганската теорија. Прво, дека индоевропската експанзија во западна Европа била мирољубива и не била придружена со геноцидни упади; и второ, дека таа се случила 3.000 години порано.

Денес, Марио Алинеи (Mario Alinei) е оној кој најмногу се заложува за усвојување на аргументираната сила на ваквите расудувања, а која привлекува внимание. Пензионираниот декан на Универзитетот од Утрехт /Utrecht/, денес е директор на неколку лингвистички списанија и претседател на Советодавниот совет на УНЕСКО по прашања сврзани за оваа материја. Како автор на испитувањето на историските аспекти на индоевропските почетоци, од 1.800 страници, тој заклучува дека Индоевропејците живееле во Европа, главно, на истите територии на кои живеат и денес уште од каменото доба. Она што е најважно кај оваа теорија е тоа што Алинеи посебно се занимава со Словените (а особено ги нагласува Словенците) и заклучува дека тие, уште од античко доба, живееле на просторот на југоисточна Европа и, натаму, дека тие оттаму се проширile во правец на север и на североисток.

Аргументирајќи дека индоевропското проширување се случило неколку милениуми порано отколку што тврди Ринфру, Алинеи обезбедува докази за еден континуитет на населување уште оттогаш. Затоа, неговата теорија станала позната како Теорија на континуитет.

Како доказ за погоренаведеното, Алинеи не потсетува дека во Анадолија, пред 4.000 години, имало три различни индоевропски јазици на кои зборувале три различнчи народи т.е. Хитите, Лувијците и Палаиксите (Hitites, Luwians, Palaiks). А бидејќи веќе знаеме дека оние кои говореле на овие јазици веќе дошле во Анадолија пред 5.000 години, тешко е да се замисли дека во текот на четвртиот милениум пред Христа се уште постоел еден заеднички индоевропски јазик. За ваквата хипотеза би било неопходно индоевропскиот јазик да дифузирал толку брзо на три различни јазици, на толкав ограничен простор, во текот на само неколку века. Тоа би било спротивно од секоја утврдена лингвистичка опсервација.

Теоријата на континуитет ги разнишала темелите на Курганската теорија и ја разоткрила песокливата конструкција врз која се потпира таа. Заглибен во неа, во неразмрсливиот жив песок, е Аријанскиот мит за прадедовски супервоин-јавач, чија креативна животна сила избива со божествена енергија врз примитивните прединдоевропејци и им ги пресадува своите гени, јазикот и културата на сите оние кои му се покориле, а ги истребува оние кои не му се покориле.

Теоријата на континуитет е во целосна согласност со последниот напредок во областа на генетиката. Според Џозеф Скуљ / Joseph Skulj од Торонто, генетиката упатува на Балканот како место-засолниште во текот на леденото доба и како место кое оттогаш има релативно ненарушена историја на населување на автохтоно население.

Теоријата на континуитет, исто така, е предизвик, особено за Словенците, наследници на лингвистичкиот телескоп во замагленото минато. Таа е благовремен поттик за тие да ги отфрлат постулатите на застарената Курганска теорија и да и се придружат на потрагата по нови перспективи.

За таа цел, извршено е истражување на натписите на старофригиски и ранотракиски јазик (Old Phrygian, Early Thracian) од Анадолија и Тракија. Со поставување на зборовите на старофригиски и на словенечки, едни покрај други, во мојата книга "Гордиевиот јазол размрсен", демонстрирано е колку малку тие се разликуваат во текот на речиси 3.000 години. Во половината интервал што Курганската теорија го доделува за дифузија на основниот индоевропски јазик во посебни јазици, старословенскиот (т.е. старофригискиот) речиси воопшто и да не се променил. Особено во дијалектичките форми, тој се уште одекнува во текот на 26 века, со мали измени во изговорот, морфологијата или значењето, синтаксата или структурата на реченицитe во однос на современиот словенечки јазик. Тој се уште одекнува во дикцијата на малите затскриени места во словенечките Алпи, 2.700 години откако царството на легендарните кралеви Мида и Гордиј /Midas и Gordius/ се распаднало под силните напади на Кимеријците.

Бескомпромисната цврстина и жилавост на словенечкиот јазик, кој тврдоглаво се држи за својот лингвистички главен

клин, носен низ вековите со бурите од север и од југ, само по себе е позитивен доказ дека индоевропските корени се покриени во пазувите на многу подалечно минато од шесте илјади години кои Курганската теорија им ги доделува.

Во тој контекст, за да се фиксира дефинитивен фокус врз словенската перспектива на ова прашање, ќе бидат цитирани неколку посилни извадоци од Теоријата на континуитет на Марио Алинеи:

"Морам да започнам така што ќе расчистам една од најапсурдните последици на традиционалната хронологија, односно таа за "доаѓањето" на Словените на огромното подрачје на кое живеат денес. Единствениот логички заклучок може да биде дека јужната гранка на Словените е најстара и дека од неа се развиле западните и источните гранки на Словените на различни начини и можеби во различните времиња."

"Денес, само малубројни експерти ја поддржуваат теоријата за доцната миграција за Словените, ... бидејќи ниедна од многуте различни верзии за таквото доцнежно населување не дава одговор на прашањето кој суштински фактор би можел евентуално да им овозможи на Словените да ги напуштат своите огништа од бронзеното доба за да станат доминантни народи на Европа, Југозападниот дел од Словените секогаш се граничел со италијанскиот народ во Далмација, како и во подрачјето на источните Алпи и рамнината по течението на реката По."

"Претпоставената "словенска миграција" изобилува со недоследности. Не постои "северен словенски јазик", туку поточно тој е само варијанта на јужниот словенски јазик... Првите металуршки култури на Балканот се словенски... и се поврзани со Анадолија... Присуството на Словените на територијата, речиси идентична на онаа што тие денес ја зафаќаат, постои веќе од каменото доба... Словените (заедно со Грците и другите балкански народи) го развиле земјоделството... земјоделско мешаната економија, типична европска, која подоцна го овозможила раѓањето на грчкиот, етрурскиот и латинскиот градски живот. Германските народи го посвоиле земјоделството од Словените... Балканот е еден од ретките региони во кој е докажано едно реално и вистинско населување на групи луѓе, кои доаѓале од

Анадолија...]. Ова е рационалната анализа на Антониј Амброжич.

Сфаќам дека ве носам подлабоко и подлабоко во академска активност, но верувам дека тоа е неопходно за да изградам солидна основа за моите аргументи".

Следи македонски превод од последниот дел на говорот на Чарлс Брајант-Абрам (Charles Bryant-Abram), проф. Д-р на ФСО, даден на Светскиот словенечки конгрес, одржан од 20 до 21 септември 2001 година во Птујскиот замок, во близина на Марибор, Словенија.

"Но, јас навистина верувам дека историјата треба да се напише, или поточно речено, повторно да се препише. Се наоѓаме на прагот на еден нов свет на увид во предисторијата на Европа и на Медитеранот.

Паралелно со тековната анализа на натписите на венетски јазик, мора да се преземе едно темелно истражување низ Балканскиот Полуостров, поради сите лапидарни (врежани во камен) докази за неговото поранешно постоење таму. Најважно – и обрнувам внимание на ова и на други места – едно истражување мора да се изврши на сите натписи поврзани со периодот на Филип Македон што му претходи на хеленизацијата на неговиот син, Александар, под туторство на Аристотел. Мора да се поддржи и да се инсистира на една тесна соработка помеѓу македонските и грчките научници за овој потфат. Охрабрени сме во оваа насока од наодите на Антониј иќ кој успешно го демонстрираше присуството на Венетите во хелинистичкиот град Дура-Еуропос, основан од страна на еден офицер на Александар во Сириската Пустина, а уништен од страна на Сасанидите (the Sassanids) во 256 година по Христа, околу 400 години пред претпоставеното прво навлегување на Словените на Балканскиот Полуостров. Венетските натписи од Дура-Еуропос им даваат тежина на се уште посредните докази за мојата првобитна претпоставка дека Аледксандар и неговиот македонски народ може, сосема точно, да биле Венети. Ако ова се покаже дека е точно, тогаш македонскиот народ денес ќе ја има секоја оправдана причина да го бара назад своето лингвистичко наследство." (Charles Bryant-Abram, PhD, FSO Linguistics, Medieval Castilian philology, Universite de Montreal). Написот во целина може да го

најдете на
http://www.niagara.com/~jezovnik/anthony_ambrozic.htm,
поднаслов “Refinement and Future Directions in Venetic Scholarship”.

Ги вклучив претходните три цитатити за да го нагласам фактот дека:

1. Научниците кои припаѓаат на широкоприфатената мисла почнуваат да признаваат дека вообичаената античка историја за Европа, вклучувајќи ја и историјата за Македонија, е политички мотивирана и дека не обезбедува едно реалистично толкување на настаните од минатото.
2. Вообичаените теории за предисторијата се ставени на предизвик и го губат тлото под налетот на новите и револуционерни идеи, поткрепени со археолошки и лингвистички докази и од страна на науката.
3. На крај, постојат археолошки и лингвистички докази кои обезбедуваат објаснувања за вистинскиот идентитет на предисториските и античките Македонци.

Како што е покажано во есејот на Антониј (погоре), вообичаената историја не е само оспорувана поради идентитетот на предисторискиот балкански народ туку, исто така, и поради идентитетот на сите индоевропски нации кои ја зафаќале цела Централна Европа во текот на предисториското време. Традиционалното размислување е дека предците на денешните Германци биле првиот народ што ја населил Централна Европа. Но, со археолошките научните и лингвистичките докази тоа размислување се оспорува и губи тло. Потпомогнати од ДНК, генетските и археолошките докази, се повеќе и повеќе научници се убедени дека предисторискиот индоевропски народ на Централна Европа, познат под многу имиња, не биле протогерманците туку протословените. Спротивно на вообичаените мислења дека Словените мигрирале кон Балканот околу VI век по Христа, овие “нови докази” изгледа дека не водат кон заклучокот дека Словените отсекогаш биле таму и дека отсекогаш живееле онаму кадо што живеат денес.

Ако сакате да научите повеќе за предисторискиот идентитет на централните Европејци или ако сакате да ги

проучите преводите на различните предисториски натписи, Ве молам погледнете ги делата на Антониј Амброжич, Јошко Шавли, Матеј Бор и на Иван Томажич (видете го списокот за литература за имињата на книгите).

Ако сакате да дознаете повеќе за делото на Васил Иљов, за македонските артефакти, античките натписи и преводи, Ве молам посетете го вебсајтото на "Macedonian Civilization" – http://www.unet.mk/ancient-macedonians-part2/index.html.

Со искрснувањето на се повеќе и повеќе докази, ќе има и докази дека македонскиот континуитет од предисториско време досега никогаш не бил прекинат. Ова ќе ја одбрани македонската нација, а ќе ги разоткрие сите грчки фалсификати за она што тие навистина се. Македонскиот народ отсекогаш знаел каде се неговите корени, но никогаш немал докази за да го докаже тоа. Сега, за првпат, постојат видливи докази кои, без сомнение, ќе докажат дека современите Македонци се потомци на античките Македонци и дека античките Македонци никогаш не биле Грци.

Се наоѓаме на работ на една историска револуција која е спремна да ги уништи оковите на менталитетот на XIX век за историјата која е политички мотивирана и националистички енергизирана. За првпат имаме докази минатото да го поставиме правилно.

Во текот на есента 2002 година, кога размислував за пишувањето на оваа Глава, му ја спомнав идејата на Васил Богов, автор на Македонските откровенија, Историски документи, Распарчена современа политичка идеологија. Мислејќи дека ќе пишувам конвенционална "класична историја", неговата прва реакција беше да ме замоли да не го правам тоа, бидејќи тоа ќе ги промовира лагите и невистините на класичната историја и, уште повеќе, ќе ги легитимира грчките претензии за античка Македонија. За да скратам, нешто што Васил ми кажа во текот на тој разговор, многу ме збуни.

Додека истражувал за неговата книга, Васил отишол во северна Италија за да разгледува. На едно од неговите патувања, туристичкиот водич ги однел на забава во едно оддалечено село. Тоа било селото на предците на

туристичкиот водич, која била девојка, и таму се уште живеело нејзиното семејство. На типичен италијански начин, мајката на девојката излегла од куќата и гласно ги поздравила туристите на италијански јазик. Но, кога таа зборувала со својата ќерка, зборувала на поинаков јазик кој не припаѓал на тој регион. На изненадување на Васил, тој ги разбрал повеќето зборови кои за него звучеле како да се македонски зборови од костурско-леринскиот регион. Умирајќи од љубопитност, Васил веднаш почнал да се распрашува. Очекувајќи семејството да биде македонско, на негово изненадување, младата девојка му рекла на Васил дека јазикот што тие го зборуваат е стар италијански дијалект што постоел пред римското доба и дека во многу оддалечени села се уште се говори.

Многу добро го знаев Васила и верувам дека не ми кажуваше приказни, така што долго време упорно размислував за оваа "аномалија". Како може луѓе, толку многу назад во времето, да зборуваат македонски? Морало да има некаква грешка? Бевме наведени досега да веруваме дека Словените дошле од североисточна Европа во текот на VI, VII и VIII век по Христа, ама што правел народот што зборува словенски во северна Италија, 100 години пред Христа? Никогаш не бев слушнал за такво нешто пред тоа. Не можев да најдам одговори. Всушност, не можев да најдам документација која упатува дека Словените било кога се населиле во северна Италија. Тогаш, некаде на почетокот на март 2003 година, откако го прочитав англискиот превод на Антон Скербинц на словенечките текстови на венетски јазик, се почна да добива смисла.

Македонците не се осамени во својата потрага по вистината. Другите словенскоговорни народи, кои биле оковани и врзани од истите политички мотивирани историски идеологии, исто така, бараат одговори. Главни во трагањето се Словенците кои се осмелија да го оспорат стариот систем на верувања кој дејствува врз ставовите и кои сега се во процес на правилно поставување на историјата.

Има такви кои веруваат дека Словенците се најтесни роднини и дека имаат најмалку нарушени врски со предисториските Индоевропејци. Вгнездени во Алпите, Словенците преживеале многу инвазии и многу обиди за

асимилација. Тие, исто така, веруваат со обемни и доволни докази да докажат дека Централна Европа, вклучувајќи ја и Италија, биле населени од страна на протословенските Венети многу порано од таканаречените преселби на Словените во VI век по Христа. Ова е во согласност со независните резултати од истражувањата во Република Македонија кои не само што ја потврдуваат, туку и ја зацврстуваат идејата дека предисториските Македонци припаѓале на истата група словенски Венети.

На ова место, без оглед на тоа кои точно биле предисториските Македонци (повеќе за ова понатаму), има два важни факта кои излегуваат на површина:

1. Предисториските Македонци не биле Грци.
2. Како и современите Македонци денес, така и предисториските Македонци говореле словенски јазик.

А, сега за скептиците! Бидејќи и јас сум скептик, нема сомнение дека постојат оние ќе најдат дека е тешко да се поверува во ова.

Она на што не учат уште како мали и што е зацврстувано со постојана изложеност на истото, станува блиско и удобно. Но, понекогаш, во контекст на нови докази, мора да останеме без нашата удобност и да почнеме да се соочуваме со фактите. Сакам да Ви кажам дека внимателно ги испитував преводите на Антони Амброжич и мора да признам дека брилијантно се направени. Амброжич е мајстор за поедноставување кој ја користи методологијата на звукот за да ги направи преводите. Убеден сум дека неговото дело е генијално и ги поканувам сите скептици самите да го проучат и испитаат истото. Тие, исто така, би требало да ги проучат и делата на Васил Иљов, Јошко Шавли, Матеј Бор, Иван Томажич и Антон Скербинц за самите да пресудат. (Видете го делот за литература и веб-страниците на Интернет).

До X век пред Христа имало мала група народи кои живееле во регионот помеѓу денешниот Костур и Лерин кои се претставувале како Македонци. Големите војни од бронзеното доба го опустошиле регионот, а Македонците се нашле опколени и притиснати од поголемите племиња. Големите нарушувања на Исток предизвикале

преместувања на населението во регионот, така што во македонските земји се уфрлувале освојувачи.

Изгледа дека Македонците станале нација, т.е. народ од ист ентитет по големите војни кога колективно започнале да работат заедно за единство и за одбрана на нивните мали кралства. Заплашувани од постојаните упади, малите групи луѓе колективно се бореле да ги одбијат нападите од своите соседи кои тие повеќе не ги сметале од свој сој.

Кои биле Македонците пред да станат нација? Еве што има да понуди конвенционалната, вообичаената историја. "Како етничко прашање, тоа најдобро се одбегнува, бидејќи главните современи политички дополнителни значења имаат тенденција да го скријат фактот дека тоа навистина не е важно прашање. Дека тие можеби биле, или можеби не се Грци, во целина или делумно – иако е интересен антрополошкиот споредбен податок – навистина не е од круцијално значење за нашето разбирање на нивната историја." (Стр. 96. Еуген Борза, Во сенките на Олимп, Појавувањето на Македон). Имам големо почитување за делото на Еуген Борза, но не се согласувам со неговата проценка.

Тековната теорија е дека предисториските Македонци настанале од мешавината народи кои го зафаќале малото македонско предисториско кралство. Помеѓу нив биле племињата на Пелазгите, Илирите, Тракијците и Фригијците. Народот кој ги сочинувал Македонците во X век пред Христа порано припаѓал на централноевропското семејство на протословенските Венети. Не можев да најдам многу информации за Пелазгите, освен оние од Херодот, кој тврди дека тие зафаќале делови од Македонија и делови од старите градови-држави дури пред појавата на Атињаните. Пелазгите биле една од автохтоните група народи од индоевропската ера кои Херодот ги нарекол варвари кои зборувале варварски јазик. Подоцна, иако некои Пелазги живееле меѓу Атињаните, тие биле сметани од страна на Атињаните како неатинска варварска раса која е домородна, т.е. автохтона во регионот. (Херодот: од Историја /The History, 430 BC, I.56-59/). Земајќи го предвид фактот дека тие не зборувале на јазикот на Атињаните и фактот дека на нив се гледало како на варвари, иако некои

од нив живееле во Атина, тогаш е сфатливо дека Пелазагите им припаѓале на поголемо семејство Индоевропејци, на протословенските Венети.

Легендата вели дека првите Фригијци се населиле во географска Македонија многу одамна (во третиот милениум пред Христа). Фригијците (или Бригите како што им се познати на Македонците) живееле и се мешале со македонскиот народ со векови пред нивните миграции во Анадолија. Додека живееле во Македонија, се верува дека основале свој главен град во Воден (Едеса) и културно и лингвистички се мешале со локалните населенија од регионот.

До IX век пред Христа, Фригијците станале кралство во Анадолија со центри лоцирани во градовите Гордиум и Мидас /Gordium и Midas/.

"Старофригискиот јазик доаѓа до нас од мал број нефрагментирани натписи на камен во ракопис, кој по неколку карактеристики е сличен на оние и во азбуките на Пелазгите, Етрусканците и на Венетите.

Иако старофригијската и грчката азбука имаат поголем број исти букви, старофригијската содржи половина дузина симболи на букви што ги нема во грчката азбука. Според тоа, произлегува дека двете азбуки ги влечат своите корени од еден заеднички извор, а секоја ги адаптирала главните симболи кон она што нивните фонетски потреби наложувале". (Стр. 23, Антони Амброжич, Гордиевиот јазол одврзан, Торонто: Cythera Press, 2002). Во неговата анализа, Амброжич, без многу потешкотии, успева да ги преведе натписите на старофригијски јазик, користејќи ја истата методологија за превод на натписите на протословенско-венетскиот јазик, најдени во денешна Франција. "Иако јазикот на старите Фригијци изгледа дека е од нешто постар ков во матрицата на раниот старословенски јазик отколку од ковот на славенитскиот од Гарлија /Slavenetic of Gaul/ (античка Франција), има многу зборови кои им се заеднички". (Стр. 4 Антони Амброжич , Гордиевиот јазол одврзан).

"Грчката традиција дека миграцијата на Фригијците во Анадолија во XII век пред Христа, што започнала од Македонија и Тракија, се темели врз друго тврдење што

често може да се сретне, имено дека и двата нивни северни соседа зборувале ист јазик.” (Стр. 58, Антони Амброжич , Гордиевиот јазол одврзан). Со други зборови, според античките Грци, и Фригијците и Тракијците зборувале на еден ист јазик за кој денеска е потврдено дека има словенско потекло.

Во заклучокот од неговата книга “Гордиевиот јазол одврзан”, во однос на неговите резултати од истражувањето за Фригијците, Амброжич (делумно) не остава со следниве зборови: “Тие се доволни да ни дадат увид во етосот на нивната култура и духовноста која ја раководела истата. Пред се, излиени во камен, пасусите ни даваат чист отпечаток на почетниот старословенски јазик на кој се зборувало на платото на Анадолија пред 3.200 години”. (Стр. 118, Антони Амброжич , Гордиевиот јазол одврзан).

Илирите на запад и на исток од Македонија биле племенски народ под раководство на племенски врховни команданти. Се верува дека го населиле Балканскиот Полуостров во крајот на бронзеното доба, околу средината па до крајот на вториот милениум пред Христа.

Илирите биле носители на халстатската култура (the Hallstatt culture) – период во историјата кој ја означува транзицијата од бронзено во железно доба во Централна и Источна Европа.

Од многуте објаснувања на кои наидов во однос на потеклото на името на Илирите, најдов дека следново е најинтересно: тие биле именувани како Илири поради тоа што го обожавале Илиј (Iliy), нивниот бог на сонцето. (Стр. 56, 15 јули 2000, број 578 Македонски магазин).

“Античкото движење на Словените (Венетите) кон запад и подоцна движењето на Јужните Словени кон исток, се соединиле на Балканскиот Полуостров, што довело до развој на нова словенска јазична група. Дали тој процес вклучувал позајмици од илирскиот и од тракискиот јазик? Ако е така, можеме ли да го одредиме степенот на тие позајмици? Ако античките Илири и Тракијци биле латинизирани или погрчени, тогаш дел од нивниот вокабулар ќе бил зачуван во јужнословенските (македонскиот) јазици; исто така, не можеме да замислиме

дека како што Словените напредувале, така и Илирите и Тракијците формирале етнички групи кои биле колективно раководени и земале прибежиште зад ѕидовите на крајбрежните (грчки) градови или исчезнале во “морето” на Словените.Спротивно, домородните жители останале на своите места и се помешале со новодојдените Словени. Фактот дека тракискиот и илирскиот вокабулар јасно не се разликуваат од сегашните јужнословенски јазици, може да се објасни со можноста протословенскиот, како и тракискиот и илирскиот јазик, да биле многу слични со индоевропскиот јазик, што значи дека меѓусебно биле поврзани едни со други”. (Стр. 92, Антон Скербинц, земено од книгата “Венетите, првите градители на Европската заедница” од Јажко Шавли, Матеј Бор и Иван Томажич /Jazko Savli, Matej Bor, Ivan Tomazic/).

Тврдењата на Фалмераер (Falmerayer) изгледа дека се во согласност со идејата на Скербинц, кој ја проширува хипотезата дека Словените биле најмногу присутни на грчкиот полуостров пред и по таканаречените преселби на Словените кон југ. Фалмераер ги напишал своите тврдења пред околу 170 години, но, за жал, поради грчките протести неговото дело никогаш не добило поширок публицитет.

“Делото на Фалмераер се бави со докажување дека расите на античките Грци сосема исчезнале од земјите на кои некогаш постигнале големи нешта. Фалмераер пишува дека овие народи претрпеле природно истребување од последователните бранови номадски народи и дека, на крајот на 10-вековниот период, она што е сегашна Грција била населена со Словени, Албанци и византиско население, што зборувало на грчки јазик, кои се доселило од Мала Азија. Во ваквото суштинско одрекување на една раса отсекогаш било тешко да се посомева, а тоа станува се потешко и потешко. Фундаменталните противници на Фалмераер – Зинкесен, Копитар и Папаригополоулос (Zinkeisen, Kopitar, Paparrigopoloulos), се обидуваат да го побијат главно со толкување на оскудни историски документи на располагање од темниот период на грчкиот среден век. Сепак, тие никогаш не биле способни да дадат уверлив одговор на неговиот најбитен, најконкретен

аргумент – речиси единствената словенска и албанска топонимија или имињата на места, особено микротопонимијата или имиња на ненаселени места, како што се полиња и мали места во географскиот регион на Грција. За да го реши овој проблем, грчката држава разви една "наука" за параетимологија. Со други зборови, таа ја искорумпира лингвистичката историја и, за да биде тоа поделотворно, врбуваше етнологисти за да ја изменат целата главна топонимија на земјата. Но, ваквите средства само ја ублажија просечната, ограничена совест – не онаа на научниците. Според тоа, официјалната грчка идеологија мораше да бара последно скривалиште во континуитетот на културата, во чие јадро стои аргументот за континуитетот на грчкиот јазик.

Според Фалмераер, современиот грчки јазик е оној на кој византиската администрација го учела своето ново население преку Православната црква и преку преместеното византиско население кое зборувало грчки јазик. Православната црква, исто така, продолжила да има хегемонистичка улога по прашањата од културата во текот на турското владеење. Но, Фалмераер демонстрира дека, во секој период, византиската култура и Византиската православна црква не претставувале продолжение, т.е. континуитет на грчката култура – туку нејзина целосна негација. Всушност, ова одбивање бил нејзин најенергичен потфат, бидејќи тоа значело употреба на дрвја и камења и неопишано насилие и принуда да се искоренат преживеаните остатоци од старогрчката култура на полуостровот." (горенаведениот цитат е земен од Инфо Зора – билтен Виножито, декември 2002/јануари 2003 – бр.9 /Info Zora – The Rainbow/Vinozhito Newsletter December 2002/January 2003 – No.9./ Оваа статија во целост може да се најде на http://www.mhrmc.ca/reports/info9.html)

Додека ги анализирал неговите откритија, еве што Амброжич имал да каже. "Воспоставена е една опиплива поврзаност помеѓу старофригискиот и ранотракискиот јазик, од една страна, и пелазгискиот, етрурскиот и венетскиот јазик, од друга страна. Овој слив на пресретнување ја доведува во прашање конвенционалната мудрост дека изворот на раното пишување своите корени

ги има само на Блискиот Исток. Тоа ја инсинуира потребата за преиспитување на претпоставките кои досега, за жал, пречесто се земаат здраво за готово. Ако Пелазгите, античкиот претхеленски народ, кои ја зафаќале Грција пред XII век пред Христа и за кои се вели дека ги населувале Тракија, Аргос, Крит и Халкидики имале своја сопствена азбука, тоа неоспорно претходи на наводниот увоз на грчкиот од феникискиот јазик. И повторно да ја цитираме Енциклопедија Британика (том 1, стр. 624), ако етрурската азбука била прототип на грчката азбука, не можеме да гледаме на грчката како на претходник ниту на ранотракиската, ниту на старофригиската азбука. Двете од нив изгледа дека имаат премногу домашни елементи.

Конкретните докази за ваквото преоценување доаѓаат од ископините на локациите на културата Винча, на самиот Балкан. Археолошката локација во Бањица (во близина на Белград) е од особено значење. Според методот а C-14, нејзините артефакти се проценува дека датираат не подоцна од пред 3.473 година пред Христа. Ова прави писмото најдено таму да биде 373 години постаро отколку пиктографскиот текст на протосумерското писмо (Proto-Sumerian). (Види Радивоје и Весна Пешиќ, Зборник од Првата меѓународна конференција, "Венетите во рамките на етногенезата на централноевропското население" Љубљана, 2001 година, стр. 66)

Според Пешиќ, тоа биле Венетите, поморски и речни трговци, кои го раширile писмото кон Етрурците уште на крајот од вториот милениум пред Христа. Потврдено е дека Венетите во тоа време постоеле не само по текот на реката Дунав, туку и по текот на реките Морава, Тимок и Вардар (69). Всушност, етимологијата на неколку топоними во регионот упатуваат директно на нив. Тие им се придружуваат на многуте други именувани според нив. Пронајдени непроменливи по должината на водените патишта на античкиот свет, тие се протегаат почнувајќи најдалеку од Ванес (Vannes) на Атлантикот до Банасак (Banassac) на реката Лот и Венеција на Јадранот. Ги наоѓаме и во долниот тек на реката Тиса во Банат, надолу по реката Морава до речните брегови на северна Тракија каде Херодот ги регистрирал во V век пред Христа (I,

196).” (Стр. 85-87, Антони Амброжич, Гордиевиот јазол одврзан).

Мораме на Васил Иљов и на Антони Амброжич да им дадеме целосна доверба за фантастичната работа што ја направиле со преведувањето на многу предисториски натписи најдени во Македонија и низ цела Европа. Додека Иљов се сконцентрирал во долниот Балкан, делото на Амброжич опфаќа преводи од натписи најдени во Турција, Србија, Бугарија, Словенија, Италија и Франција, но за жал, не и во Македонија. Под Македонија, го подразбирам делот од Македонија под грчка окупација. “Јас, (Амброжич) се обидував да пронајдам негрчки записи, односно архиви, пред елинското доба, од Македонија. За жал, досега неуспешно.” (Стр. ii, Антони Амброжич, Гордиевиот јазол одврзан). Се прашувам зошто е тоа така?

Македонија, слободното племенско кралство кое се претворило во супер-сила за само неколку века и го совладало целиот познат свет за само неколку декади нема, според современите Грци, свое минато. Наспроти илјадниците предисториски реликвии и десетиците илјади натписи пронајдени и преведени во Република Македонија во последнава декада, “нема нехеленски предисториски натписи пронајдено во Грција”. Ако треба да им веруваме на грчките извори, тогаш, претпоставувам, исто така, треба да и веруваме на грчката пропаганда дека Македонците немале азбука, ниту способност да пишуваат, па дури немале ниту јазик и дека тие “се” научиле од античките градови-држави. Претпоставувам дека старите Македонци “мумлале” пред да ги запознаат и пред да научат се од античките градови-држави.

Сега, кога доказите против нив се натрупуваат, кои со времето несомнено ќе ги разоткријат сите грчки историски фабрикати, се прашувам какви објаснувања ќе имаат Грците за ова лошо морално однесување? Како ќе се објаснат самите себеси пред светот и пред својот сопствен народ од кого на криеле вистината и кого го лажеле толку многу години?

Има уште еден дел од предисториските докази што би сакал да го претставам пред да продолжам со главната презентација. Се вели дека пред околу педесет илјади

години Европа била покриена со ледена прекривка, односно со мраз. Се вели, исто така, дека Балканот било едно од првите места во Европа кое постепено се растопило од предисторискиот мраз и на кое првиот живот на европскиот континент нашол свое засолниште. Тогаш, единствено нешто што има смисла е дека барем во последните педесет милениуми животот почнал од Балканот и напредувал кон внатрешноста во Европа, како што покривката мраз се топела. Тогаш, исто така, има смисла да се каже дека Балканот е едно од првите места во Европа што било населено со луѓе.

Дури и пред луѓето да биле способни да пишуваат или комуницираат со пишани зборови, тие имале извонредна способност и вештина да цртаат. На карпите во нивните пештери тие цртале симболи од секојдневниот живот, како луѓе, животни и др., или цртале појави кои претставувале главни настани во нивите животи.

Она што е најинтересно за тие камени гравури (петроглифи), или "камена уметност", е дека тие се далеку помногубројни и преовладуваат во Македонија отколку било каде на други место во светот. Македонија, веројатно, е главен извор на камената уметност со повеќе од еден милион најдени на само 10% од територијата на Македонија што е истражена. Некои од тие изгледа дека се постари од 40 илјади години и содржат мноштво гравури, од симболи за плодноста до ѕвездите на небото. Долго време значењето на овие симбили изгледа дека било загатка за науката, но д-р Душко Алексовски, македонски научник, ја разрешил нивната мистерија.

Алексовски го објавил своето откритие во една статија која ја презентирал на Симпозиумот за камените натписи (Rock Symposium) во Капо де Понте, Северна Италија, во 1977 година. Оттогаш, д-р Алексовски одржал свои петрографски презентации пред канадската и американската публика. Со испитување на петроглифите од палеолитскиот период, па низ вековите и историските ери, научниците се во можност да ја следат еволуцијата на развојот на пишаниот јазик, од едноставни шематски форми до симболични форми и конечно, до геометриските слики и букви што денес ги користиме. Ако сакате да

дознаете повеќе за камената уметност, кликнете на http://www.unet.com.mk/rockart/angliski/prva.htm.

Токму неодамна, во Македонија беше одржан Светскиот конгрес за камената уметност на кој е основана Светската академија за камена уметност, за чиј претседател е избран нејзиниот основач, д-р Душко Алексовски.

Се чини дека периодот од илјада години пред Христа е од суштинско значење во развојот на македонската нација. Додека било во своите племенски фази, македонското кралство почнало да се здобива со воена сила и политичко влијание во регионот. Нивната желба да се ослободат себеси од соседите кои вршеле упади, го засилило единството и организирањето меѓу првите Македонци. Тогаш, како што Фригијците започнале да се повлекуваат во Анадолија, се создал еден вакум на моќ, кој со време македонското кралство започнал да го пополнува. Освен тоа, полодните земјишта кои останале напуштени од страна на Фригијците кои се повлекувале, биле премногу привлечни за Македконците кои живееле во планините, па така со време Македонците, исто така, почнале да мигрираат кон исток и да ги населуваат тие земјишта. На македонскиот народ му требал околу еден век за да го зголеми своето население, но до IX век пред Христа успеале да направат нивното присуство да се почувствува во Централна Македонија.

Се верува дека првиот познат македонски центар пред миграциите кон исток бил Аргос (Rupishcha), сместен на околу осум километри јужно од Костур. Со текот на годините, како што македонското кралство се ширело, неговиот центар се преселил во ново место наречено Ега /Aegae/, лоцирано во близина на денешен Воден. "Херодот (8.183) напишал дека "[Пердика /Perdicus/] дошол во друг дел на Македонија и се населил во близина на градините именувани по Мида /Midas/, синот на Гордиа /Gordias/ ...над градината се извишува планината Бермион /Bermion/, несовладлива во зима"." (Стр. 65, Еуген Борза, "Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон", Њу Џерси, 1990 година).

ГЛАВА 3 - РАНОТО МАКЕДОНСКО КРАЛСТВО

“Иако потемната страна на модерната политика со децении ја фрла својата сенка врз Македонија и врз нејзиниот народ, нова светлина започнува да сјае во овој регион. Дел од таа усвитеност го влече својот континуитет во минатото. Античките Македонци не исчезнале, туку тие продолжуваат да го снабдуваат светот со своите природни дарби и способности во образованието, религијата, уметноста и архитектурата. Исто така, тие своите наследници ги снабдуваат со идеалите за светско единство, религиозна слобода и за непобедливоста на човековиот дух. Според тоа, сјајот на античките Македонски свети во сегашноста како нагло пробивање на сончеви зраци кои на најдобар начин ја преставуваат блескавоста на античка Македонија.” (Мајкл Димитри)

Во Глава 1 и Глава 2, ве запознав со различни независни откритија што се однесуваат на петроглифите, преводите на предисториските натписи, преводите на зборови од антички текстови и на бројни предисториски лингвистички проценки.

Во оваа Глава ќе ги сумирам резултатите од истражувањата од Глава 1 и Глава 2 и ќе дадам моја лична проценка. До крајот на оваа Глава, мојот главен фокус ќе биде да ги претставам македонските настани и дејства од времето на Пердика I до времето на Пердика II кои се запишани во аналите на историјата.

Се проценува дека приближно пред педесет илјади години Европа ја покривал глечер. Исто така, се знае дека повлекувањето на глечерот започнал од југ и тоа напредувало во правец на север. Според тоа, сигурно е да се претпостави дека Балканот бил првото земјиште во Европа кое почнало да се растопува и да поддржува живот. Исто така, сигурно е да се претпостави дека првите луѓе кои повторно ја населиле Европа дошле преку Балканот, правејќи го најстаро место погодно за живеење во Европа дури од најстарото ледено доба.

Од анализите на пештерските цртежи и на камењата во Македонија, можеме да заклучиме дека најстарите петроглифи, или “камена уметност”, почнале да се појавуваат

пред околу четириесет илјади години. Камената уметност претставува најрана и најпримитивна форма на писмена комуникација.

Мое убедување е дека камената уметност започнала со цртање едноставни предмети кои искажувале едноставни пораки. Со време, камената уметност еволуирала во софистицирани форми и шари кои опишувале се посложени и посложени пораки. Штом уметниците ја сфатиле моќта на нивната "писмена порака", немало застанување за нив. Со време, пиктографите еволуирале во симболи не само за предмети како што се египетските хиероглифи, туку, исто така, и за звуци што ги составувале зборовите. Од откриените докази се согледува дека неолитските Македонци, ако можам да ги нарекувам Македонци, можеби биле иноваторите на "фонетскиот јазик".

Поради огромниот број пронајдени петроглифи, научниците стануваат се поубедени дека првата фонетска азбука можеби потекнала во Македонија. Благодарение на макотрпната работа и посветеност на луѓето како што е д-р Душко Алексовски, Република Македонија станува лидер во истражувањето на петроглифите.

Многу предисториски натписи и артефакти откриени во јужен Балкан, во отприлика изминативе триесет години, биле осудени да бидат од непознато потекло. Научниците не биле способни да ги дешифрираат истите бидејќи тие не се вклопувале во ниеден од "познатите" антички или предисториски јазици. Илјадници од овие натписи сега се преведени благодарение на напорите на посветените научници Васил Иљов, Антони Амброжич, Матеј Бор и многу други. Она што било осудено како "невозможност" за вообичаените научници, се докажало како едноставна задача за научниците на словенските јазици. "Дури и обичен Словенец, само да фрли еден едноставен поглед, може да ви каже што значат тие", вели Антони Амброжич.

Она што е најинтересно за овие натписи, што ги збунувало научниците многу години, е дека тие се од "словенско" потекло. "Никој никогаш не помисли да гледа на нив од словенска перспектива бидејќи се мислело дека Словените не постоеле во тој регион во текот на овој период." Во најмала рака тоа е она што го тврди традиционалната наука.

Арехеолози и лингвисти сега се во процес на собирање докази кои не само што ќе докажат дека предисториските Македонци зборувале на протословенски јазик, туку дека тие имаат венетски корени кои потекнуваат од Македонија.

Во Глава 2 споменав дека натписите од венетско потекло се пронајдени во Дура-Еуропос /Dura-Europos/, град во Сириската Пустина основан од Александар Велики или, попрецизно, од Александровиот поручник Селеук Никатор /Seleucus Nicator/, од пост-Александровото Селеукидско Царство (post-Alexander Seleucid Empire). "Македонците го изградиле градот Дура како погранично гратче за да ја контролираат речната трговија. Стоката, вклучувајќи и свила, нефрити, зачини, абонос, слонова коска и скапоцени камења, била носена од исток и пренесувана со камили на етапи во пустината, преку Палмира /Palmyra/, до Медитеранот.

Градот Дура била претстража и воена база што се граничела со повеќе кралства во немирните времиња. Тој станал етнички ќуп од мешавина на етнички групи кои се претопувале. Грци [Македонци], Византијци, Персијци, Христијани и Евреи во дијаспората живееле и работеле едни крај други. Во 140 година пред Христа номадите од Партиа /Parthia/ на исток го освоиле градот кој потоа преминувал во рацете те на Римјаните, те на Сасаните /Sassanians/ (друг персиски народ). Токму Сасаните биле тие кои конечно го уништиле Дура Еуропос во 256 година по Христа, веројатно, поради револтот од страна на жителите." (http://pages.cthome.net/hirsch/dura/htm)

Ги имам видено сите натписи и преводи на Дура-Еуропос, но за да заштедам на простор, ќе ви покажам само еден од нив. (Види: Додаток А). Еве што Антони Амброжич, преведувачот на натписот, има да каже во врска со тоа:

"…пасусите беа пронајдени на различни места на римската тврдина Дура-Еуропос на реката Еуфрат. Со оглед на фактот дека командантот на стрелците ја прави својата посвета кон Митра /Mithras/ на венетски јазик, како што може да се види од пасусот што следи, голема е веројатноста дека има други венетски натписи на оваа локација. Натамошните истражувања несомнено ќе ги откријат истите. Пасусите што следат се само репрезентативни примероци и во никој случај

не се исцрпени.” (Стр. 74, Антони Амброжич, Збогум на Бретања, транскрипција и превод на пасуси и топоними на венетски јазик /Anthony Ambrozic, Adieu to Brittany, a transcription and translation of Venetic passages and toponyms/).

Откако го превел пасусот, еве што рекол Амброжич: “Бидејќи научниците припишуваат дека пасусот XXXXIV е од 170 година од нашата ера, ... ние со сигурност можеме да заклучиме дека оние што говореле на венетски јазик во Дура-Еуропос и претходеле на римската анексија од 165 година по Христа.

Низ целата селеукидска (македонска доминација) помеѓи 300 години пред Христа и 100 години по Христа, позицијата командант (strategos) била привилегирана за потомците на првите македонски освојувачи. Откако го анексирале местото, Римјаните останале верни на оваа практика, ако не поради друга причина, тогаш поради недостаток на други извори на лидерство во распространетата гранична зона. Според тоа, гледаме еден потомок на некогашни македонски владетели како прави посвета на неговиот бог на се уште постоечкиот венетски јазик на своите предци, по околу четири и пол века по освојувањето. Опстанокот на јазикот може да се припише на затворениот круг, на цврсто затегнат јазол на македонската плутократија која владеела со автохтоните народи во една хегемонска пустинска област.

Основан од Селеук I Никатор, еден од генералите на Александар Македонски (чиј татко бил генерал на Филип Македон), градот Дура-Еуропос, откако бил закопан да лежи нем на брегoвите на реката Еуфрат во текот на сиве овие бројни векови, сега нам ни зборува за еден народ на друга река, во друго време, на друг континент. Во V век пред Христа, Херодот (I, 196), откако ги открил нив по долното течение на Дунав, ги нарекол Енети /Enetoi/ (Венети). ” (Стр. 86, Антони Амброжич, Збогум на Бретања, транскрипција и превод на пасуси и топоними на венетски јазик).

Истовремено со истражувањето на натписите, спроведено е и независно лингвистичко истражување на разни антички текстови. Стотици македонски зборови од словенско потекло се најдени и преведени од Хомеровите книги. Македонски натписи од времето на Александар, исто така, се преведени и е докажано дека содржат зборови од словенско потекло.

Благодарение на напорите на Александар Донски, Антонио Шкокљев-Дончо, Ташко Белчев, Одисеј Белчевски и други, овие откритија се изнесени во јавноста.

Да не заборавиме дека, исто така, постојат пространи региони во северна, централна и источна Европа, вклучувајќи го и Пелопонез, кои до денес се уште имаат многу словенски топоними, а некои од нив датираат од предисториските времиња.

На поинаква тема, мое убедување е дека бројни големи војни се случиле во Македонија помеѓу 1.200 година пред Христа и 800 година пред Христа, кои можеби се одговорни за уништувањето на македонската протословенска цивилизација. Врз основа на доказите од бронзеното доба, најдени во многу гробници исполнети со урни во Македонија, тие војни може исто така да се одговорни за десеткувањето на македонското население.

Независни докази за овие војни може да се најдат во Хомеровите епови каде тие се сместени пред VIII век пред Христа.

Не бев во состојба да најдам информации за обемот и траењето на овие војни, но напредокот постигнат кај металните оружја ги направил истите да бидат смртоносни и разорни за Македонците и околните популации.

Трауматизирани од разурнувањата, оние што ги преживеале војните ги изгубиле модерните патишта, останале изолирани и повторно потонале во племенски живот. Без одбрана и лишено од население, малото македонско кралство тогаш било ранливо на инвазии.

По војните, ретконаселените региони, распарчени од војната, доживеале прилив на население од соседните племиња. На најјужната точка на Балканот, во близина на средоземниот брег, приливот, главно, бил од Блискиот Исток. Погоре кон внатрешноста напливот бил, главно, од север и од исток.

Се верува дека пролонгираната изолација и невообичаениот прилив на население, за релативно краток временски период предизвикале големи промени во некои места, а речиси никакви промени во други места. Крајбрежните народи кон југ, под влијание на понапредните цивилизации од Блискиот Исток, развиле демократски

политички систем и го унапредиле земјоделството што им овозможило да можат да ги исхрануваат големите градови. Оние во внатрешноста, пак, од друга страна, под влијание на своите попримитивни северни соседи, напреднале многу малку.

Не најдов никакви информации кои би покажале дали македонската цивилизација постоела пред големите војни или не постоела. Ако постоела, можеме да кажеме дека до 800 година пред Христа, Македонија била на патот на своето закрепнување, повторно потврдувајќи се себеси како главна сила во регионот и повторно насочена кон судир со нејзините соседи. Тогаш било само прашање на време кога ќе се случи друга голема војна за повторно да го проголта целиот регион. Но, за среќа, тоа нема да се случи во наредните петстотини години.

Традиционалните историчари многу им припишуваат на античките градови-држави, а речиси ништо на античките Македонци. Античките градови-држави, на пример, биле цивилизирани, "смели и интелигентни, способни самите да управуваат со себе. Но, варварите кои се "покорни по природа", или смели но глупави, или и покорни и глупави, не можеле самите со себе да управуваат." (Стр. 7-8 Николас Г. Л. Хамонд. Чудото што било Македонија /Nicholas G. L. Hammond, The Miracle that was Macedonia/). Ако бил таков случајот, зарем немало античките градови-држави да ја добијат битката кај Херонеја?

Ако античките градови-држави биле најцивилизираниот и најдоминантниот народ во античкото време, како што вели Хамонд, зошто тие не доминираат со светот денес? Зошто нивната супериорна цивилизација изумрела? Научно е докажано дека цивилизираните луѓе имаат поголемо влијание врз нецивилизарните. Обратно, нецивилизираните луѓе имаат многу мало влијание врз цивилизираните, без разлика кои се подоминантни. Египет е одличен пример за ова.

Зошто толку многу народи, на толку пространа територија, денес говорат словенски, дериват на предисторискиот македонски јазик, ако атичкиот јазик бил наводно најдоминантен јазик? Зошто не постои ниту едно село во Македонија пред 1912 година кое има грчко име или во кое

се зборува грчки? Ако примитивните Словени ги освоиле и асимилирале таканаречените хеленизирани и цивилизирани Македонци, зошто тие не го присвоиле нивниот понапреден јазик, култура и топоними?

Одговорот е многу едноставен. Македонците никогаш не биле хеленизирани и, според тоа, го задржале својот словенски јазик и словенската култура од времето на Венетите. Неодамнешните и независни генетски студии и студиите за ДНК потврдуваат дека современите Македонци се еден од најстарите народи кои денес живеат на Балканот. Да се мисли дека една интелектуално инфериорна раса би заменила супериорна раса, не само што е далеку од умот, туку, исто така, е и ненаучно.

Нема сомнение дека денешните словенски јазици се литературни деривати од словенските дијалекти кои постоеле во различни региони, пред да бидат формирани словенските држави. Сепак, за дијалектите да постојат, мора да имало еден заеднички коренски или мајчин јазик во некоја претходна точка во времето. Невозможно е да се формираат дијалекти без еден коренски јазик. Исто така, дивергенцијата во јазикот и формирањето дијлекти е директно пропорционално на староста на коренскиот јазик. Колку што се подивергентни дијалектите, толку постар е и коренскиот јазик. Дивергенцијата во еден јазик може да се припише на два фактора – на пролонгирана изолација и на надворешно влијание. Знаеме дека браќата Кирил и Методиј вовеле ревизија на македонскиот јазик во текот на VIII и IX век по Христа. Исто така, знаеме дека браќата не ги измислиле туку, поправо, ги ажурирале буквите за тие правилно да ја претставуваат природната еволуција на говорниот јазик. Македонскиот усмен јазик отсекогаш постоел и природно се развивал. За жал, поради долготрајното влијание на Римјаните, писмената форма на македонскиот јазик била занемарена. Браќата го ажурирале писмениот дел од македонскиот јазик за да ја искористат неговата природна еволуција и да го задржат да биде фонетски. Ова е нешто што на англискиот јазик очајнички му треба. Кај еден фонетски јазик, никој никогаш не би имал потреба со години и години да учи како да спелува.

За разлика од македонскиот јазик, на кој зборувале сите Македонци низ вековите, атичкиот јазик бил изгубен до точка на изумирање, само за да воскресне и вештачки да биде наметнат како “katharevusa”, односно литературен грчки јазик, во втората половина на XIX век.

Во текот VIII и XI век по Христа, ослободена од римското угнетување, а под позитивното влијание на христијанството, македонската цивилизација цветала и повторно се издигнала до својата поранешна слава. Античките градови-држави, од друга страна, ги изгубиле своите методи и патишта и станале потчинети на Православните (Византијците), а подоцна и на Отоманците, се до XIX век.

Според Теоријата на континуитетот на Марио Алинеи, Словените отсекогаш постоеле онаму каде што тие постојат и денес. Со голема сигурност можам да го тврдам истото за Македонците. Поддржани од Теоријата за континуитет и со неодамнешните независни генетски студии и студиите на ДНК, Македонците се една од најстарите групи народи што постојат на јужниот Балкан. Морам, исто така, да нагласам дека ова ги негира старите верување дека современите Македонци мигрирале кон Балканот во текот на VI, VII и VIII век по Христа, во текот на таканаречените инвазии на Словените. Ваквите политички мотивирани тврдења се чисти измислици на грчките и западните научници од XIX век фабрикувани да им се овозможи на Грците да полагаат право врз македонската територија. Српските, а подоцна и југословенските власти, продолжиле со таа идеја со цел Јужните Словени да бидат и да останат обединети под слоганот “еден словенски народ, една словенска нација/држава”. Но, тоа не е вистина. Како што е покажано, Македонците се посебна нација, различна од другите словенски нации и тоа е така барем 3000 години. И Словенците имаат слични тврења дека нивните корени, исто така, може да се протегаат назад до предисториските протословенски Венети.

Постојат докази кои покажуваат “движење на народи” во VI, VII и VIII век по Христа, но тоа не биле инвазии како што ги опишуваат современите научници, туку поточно движења на бегалци кои барале прибежиште. Тактиката на притисок и терор од прототурските и татарските племиња,

кои навлегувале од север, го истиснувале автохтониот народ од нивните земјишта, терајќи го се подлабоко и подлабоко во Балканот.

Фактот дека има толку многу Македонци кои денес го задржале својот македонски јазик и македонска култура без институционализирана поддршка и преживеале многу угнетувања и многу обиди за асимилација од други нации, покажува дека тие имаат огромна желба и цврста определба да останат Македонци. Она што е вистина денес, веројатно, било вистина и пред три илјади години кога малото македонско кралство повторно закрепнувало од последиците на ужасните војни.

Не се знае кои биле првите племенски кралеви на Македонија и колку наназад се протега нивната лоза. Вообичаената историја го определува раѓањето на Ега (Аргеадската македонска кралска династија /the Argead Macedonian Royal House/) некаде во почетокот на VII век пред Христа, со Пердика I како нејзин прв владетел. (Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990)

Пред Македонците да ја прошират својата територија надвор од планинските региони на Костур/Лерин, нивниот центар бил сместен во Рупиште (Аргос) /Rupishcha (Argos/). Легендата вели дека првиот владетел кој ја основал аргеадската кралска куќа во Аргос бил Каран /Caranus/. Се верува дека тој бил првиот крал кој владеел со македонското кралство од приближно 808 до 778 година пред Христа. (http://www.historyofmacedonia.org/ConciseMacedonia/timeline.html)

Мое убедување е дека Каран воопшто не бил владетел, туку име како стартна точка што го користат Македонците за да го утврдат почетокот на својата кралска лоза. Можеме да извлечеме посоодветно значење за Каран ако го изоставиме латинското “us” за да добиеме Каран /Caran/. Сега, ако Каран го претвориме во неговиот македонски еквивалент ќе добиеме Корен. Англиското значење на македонскиот збор “корен” е зборот “root” или “beginning”. Со други зборови, се проценува дека лозата на македонската аргеадска кралска династија започнала во приближно 800 година пред Христа. Александар Донски има поинаква интерпретација за

Каран(ус). “Ова име можеби е поврзано со денешната македонска именка “круна”. Името Каранче /Karanche/ е присутно во денешната македонска ономастика.”

На македонското мало кралство му требало околу 200 години да го зголеми своето население пред да биде способно целосно да ги окупира напуштените фригиски територии на Воден кои биле плодни и со бујна вегетација.

Знаеме од Херодот дека Пердика и неговите браќа го преселиле македонскиот центар, но не е даден даутм за тој потег. “Херодот (8.183) напишал дека “[Пердика] дошол во друг дел на Македонија и се населил во близина на градините именувани по Мидас, син на Гордиј... над градината се издига планината наречена Бермион, несовладлива во зима”.” (Стр. 65, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990). Верувам дека овој друг дел на Македонија, на кој Херодот се повикува, се наоѓа во близина на сегашниот Воден. Бидејќи биле способни да живеат на планински терен, верувам дека Македонците претпочитале да се симнат до Воден преку подиректна рута преку планините, отколку да ја следат реката Бистра, како што докажуваат некои историчари. Непотврдено е моето убедување дека градот Ега бил формиран во близината на Воден во текот на VII век пред Христа и станал втор македонски главен град. Хамонд проценува дека Пердика дошол на престолот во 650 година пред Христа. (Стр. 11, Хамонд, Чудото што беше Македонија).

Освен неколку стории за неговите младешки денови, има малку информации напишани за Пердика и неговите постигнувања како прв крал на Ега. Преведен од Џорџ Роулинсон /George Rawlinson/, еве што Херодот има да каже за Пердика. “Тројца браќа, потомци на Темен /Temenus/, побегнале од Аргос кај Илирциете; Нивните имиња биле Гаун, Аероп и Пердика /Gauanes, Aeropus/. Од Илирија отишле во Горна Македонија каде стигнале во извесен град наречен Леба /Lebaea/. Потоа се вработиле како слуги кај кралот; едниот се грижел за коњите, другиот чувал крави, додека Пердика, кој бил најмлад, се грижел за поситниот добиток. Во тие рани времиња сиромаштијата не била ограничена само за обичните луѓе; и самите кралеви

биле сиромашни, па така и жената на кралот готвела храна. Сега, штом ќе печела леб, секогаш забележувала дека парчето леб за работникот Пердика се зголемувало и станувало двапати поголемо. Затоа кралицата, кога увидела дека тоа секогаш се случува, му кажала за тоа на својот маж. Штом тоа дошло до неговите уши, веднаш помислил дека тоа е чудо и насетил нешто што е од големо значење. Затоа пратил да ги викнат тројцата работници и им рекол да си заминат од неговите подрачја. Тие одговориле дека имаат право на својата плата; ако тој им го плати она што им следува, тогаш тие ќе бидат сосема подготвени да си одат. Тогаш, се случило сонцето да засвети низ оџакот во собата во која биле и кралот, кога слушнал дека тие зборуваат за плата, го изгубил разумот и рекол: "Еве ви ја платата што ја заслужувате; земете го ова – ви го давам вам!" и, додека зборувал, покажал на сончевате светлина. Двајцата постари браќа, Гаун и Аерон, вчудоневидени од неговиот одговор, ништо не сториле; но момчето кое имало нож во раката, направило со него еден знак околу сончевата светлина на подот од собата и рекол: "О кралу! Ја прифаќаме вашата исплата." Потоа, трипати ја примил светлината на сонцето во своите гради и така си заминал; и неговите двајца браќа заминале со него. Кога отишле, еден од оние кои седеле до кралот му кажал што направил најмладиот од тројцата и навестил дека тој мора да има нешто на ум со тоа што ја прифатил дадената плата. Тогаш кралот, кога слушнал што се случило, се налутил и испратил јавачи да одат по момчињата и да ги отепаат. Во Македонија постои една река на која потомците на овие Аргивци /Argives/ нудат жртва за свое спасение. Речната буица толку многу се зголемила така што, кога синовите на Темен биле на сигурно на другата страна, јавачите виделе дека е невозможно да ги следат. Па така, браќата побегнале во друг дел на Македонија и се населиле во местото наречено "градините на Мидас, син на Гордиј." Во тие градини имало рози кои растат сами по себе, толку миризливи што други не може да им се приближат, а секој цвет има шеесет ливчиња. Тоа било таму, според Македонците, каде што Силениј /Silenius/ бил затворен. Над градините исправено стоела планината наречена Бермиј, која ја викале така бидејќи никој не можел да стигне на врвот.

Овде браќата се населиле, а од тоа место постепено ја освоиле цела Македонија.” (Од првата Книга на Херодот од Халикарнас /Halicarnassus/, ~440 година пред Христа, Историјата на Херодот, преведена од Џорџ Роулинсон /~440BC THE HISTORY OF HERODOTUS, translated by George Rawlinson).

На ова место нема да навлегувам во деталите за фамилијарните карактерни особини на македонската кралска куќа бидејќи е многу магловито и, во најдобар случај, претпоставка. Ако сакате да дознаете повеќе за ова, консултирајте ја стр. 31, Хамонд, “Чудото што беше Македонија” или стр. 80, Еуген Борза, “Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон”.

Херодот продолжува: “Од Пердика, за кого овде зборуваме, Александар потекнува на следниов начин. Александар бил син на Аминта /Amyntas/, Аминта на Алкета /Alcetas/; татко на Алкета бил Аероп /Aeropus/; на Аероп, Филип; на Филип, Аргеј, /Argaeus/; на Аргеј, Пердика, првиот суверен”. Со други зборови, познатите кралеви на Македонија пред времето на Херодот владееле вака: Пердика I, Аргај, Пилип I, Аероп I, Алкета, Аминта I и Александар I.

И повторно не бев во состојба да најдам многу за македонската кралска лоза и за досигнувањата на кралевите кои владееле до времето на Александар I (498-454).

Борза, во почетокот на Глава 5 од неговата книга “Во сенката на Олимп, Појавата на Македон”, го опишува македонското кралство за време на владеењето на Аминта I како слабо, ретко населено и кое опстојувало во отсуство на надворешна закана. Територијата која Аминта ја контролирал за време на неговото владеење, ги опфаќала централната македонска рамнина и периферните подножја, пиреjската крајбрежната рамнина (Катерини) под Олимп и, можеби, плодната рамнина Алмопија (Меглен) /Almopia (Meglen)/, опкружена со планини. На југ биле распространети луѓето на Тесалија, а на западните планини биле Молосијанците /Molossians/ или народот од западен Епир, племиња на неаргеадски Македонци. Подалеку се простирале воените Илирци, а источно од реката Бистрица се простирале пеонските и тракиските племиња /Paeonian, Thracian/.

Како што се приширувало македонското кралство и си го пробивало патот до низините и до брегoвите на Егејското Море, така тоа не било повеќе изолирано и почнало да ги ужива економските и културните текови на егејскиот свет, како и заплеткaноста на неговата политика.

По преместувањето на својот главен град во Ега, на Македонците повеќе не се гледало како на племенско кралство, туку повеќе како на кралство на чело со монарх. Тогаш, токму кога Александар I требало да биде крунисан, на македонското кралство се гледало како на сила со влијание. За жал, тоа се уште било слабо за успешно воено да се одбрани од своите моќни соседи.

За разлика од неговиот татко, Александар I се родил во свет на општествени турбуленции и политичка промена. Со издигнувањето на Персиската Империја и нејзиното проширување кон запад, новите конфликти само што не започнале да се случуваат што засекогаш ќе го изменат балансот на силите на Балканот.

Во еден обид да го опкружат Црното Море, персиските сили го поминале Босфорскиот Мореуз околу 513 година пред Христа, ја поразиле источна Тракија и марширале на запад до басенот на реката Струма. Победоносниот крал Дариј, кој ги поразил Тракијците, го оставил Мегабаз /Megabazus/,еден од своите команданти, да раководи со неговите сили, а тој се вратил во Персија. Откако склучил мир со останатите тракиски племиња, Магабаз депортирал дел од заробеното население во Азија, веројатно за робовска работа, а испратил свои пратеници во Македонија да им понудат на Македонците можност за мирољубива спогодба. Плашејќи се од гневот на Персијците, кралот Аминта не пружил никаков отпор и љубезно ги примил пратениците. Како што вели приказната натаму, се одело добро додека Персијците не побарале македонските жени да ги забавуваат во текот на ноќта. Но, тоа барање не им се допаднало на Македониците и персиските пратеници исчезнале за да не бидат најдени никогаш повеќе.

Еве што Херодот имал да каже: {Што се однесува до Мегабаз, штом ги потчинил Пеонците /the Paeonians/, веднаш во Македонија испратил амбасадори-Персијци, избирајќи за таа цел седуммина најугледни од сите во војската, веднаш по

него. Тие отишле кај Аминта и побарале тој да му даде земја и вода на кралот Дариј. Постои многу краток засед преку езерото Прасијас /lake Prasias/ до Македонија. Сосема блиску до езерото се наоѓа рудникот кој подоцна на Александар му давал по еден талент сребро на ден; а од тој рудник треба само да се помине планината Дисорум /Dysorum/ за да се најдете на македонска територија. Значи, Персијците ги испратиле седумминатa на задача и кога стигнале на дворот, биле однесени пред Аминта, барајќи од него да му даде земја и вода на кралот Дариј. А, Аминта не само што им го дал тоа што го побарале, туку, исто така, ги поканил на гозба и пир кај него, по што наредил трпезата да биде обилна и величествена, а потоа ги забавувал на гостољубив и пријателски начин. Штом завршиле со оброкот и почнале да пијат, Персијцете рекле: “Мил Македонец, ние Персијците имаме обичај кога правиме голема гозба и пир, на маса со нас да седат нашите сопруги и конкубини. Штом ти не прими толку љубезно и не нагости толку убаво, а што е уште поважно му даде земја и вода на кралот Дариј, спроведи го, исто така, и нашиот обичај.” Тогаш Аминта одговорил: “О, Персијци! Ние немаме таков обичај; кај нас, мажите и жените седат одделно. Сепак, бидејќи вам, кои сте наши господари, така сакате, и тоа ќе ви биде удоволено.” Кога Аминта го рекол тоа, пратил да донесат неколку жени. И жените дошле на неговиот повик, денале една до друга, спроти Персијците. Кога Персијците виделе дека жените се плашат, а се толку убави, повторно му се обратиле на Аминта: “Она што е сторено не е мудро; бидејќи подобро би било жените воопшто и да не дојдеа, отколку што дојдоа на ваков начин; не седнаа на наша страна, до нас, туку на спротивната за да ни ги мачат очите.” Така, Аминта бил присилен да им нареди на жените да седнат до Персијците. Жените направиле како што им било наредено; тогаш Персијците, кои испиле повеќе отколку што требало, почнале да ги стават своите раце врз нив; еден дури се обиеил да ја бакне жената што седела до него. Кралот Аминта гледал, но молчел, иако крајно жалел, бидејќи многу се плашел од моќта на Персијците. Но, Александар, синот на Аминта, кој, исто така, бил присутен и кој бил сведок на сето тоа, бидејќи бил млад и не знаел што е тоа страдање, не

можел повеќе да се воздржува. Затоа, исполнет со јарост и гнев, вака му рекол на Аминта: “Драг татко, ти си стар и ќе се поштедиш себеси. Стани од масава и оди да се одмориш; не останувај да пиеш. Јас ќе останам со гостите и ќе им дадам се што е потребно”. Аминта, кој претпоставувал дека Александар ќе направи некоја бесмислена шега, одговорил: “Мил мој сину, твоите зборови ми звучат како да се на некој кој е блиску до оган и забележувам дека ме бркаш за да можеш да направиш некое непромислено дело. Те преколнувам да не правиш урнебес за овие луѓе, а уште помалку сите нас да не донесеш до уништување, туку внимавај да изгледаш смирено што и да прават тие. А, што се однесува до мене, ќе се повлечам како што ми нареди”. Аминта, штом му го рекол ова на сина си, излегол. А, Александар им рекол на Персијците: “Сметајте ги овие дами како да се ваши сопствени, драги туѓинци, сите или било која од нив – само кажете ги вашите желби. Но сега, како што се приближува ноќта, а гледам дека доволно се напивте, дозволете им, ако ви е по волја, да се повлечат а кога ќе се искапат, тие повторно ќе се вратат.” Персијците се согласиле, а Александар, откако жените излегле, ги испратил до харемот и наредил во нивните соби да има исто толку голобради момчиња, облечени во женски наметки кои потоа ги вооружил со бодежи и им ги однел на Персијците, претставувајќи им ги со зборовите: “Мислам, драги Персијци, дека ништо не ви недостасува во вашата забава. Ја поставивме масата пред вас со сето она што го чуваме за себе и се што можевме да најдеме ви дадовме вам – а сега, да го крунисаме сето тоа, ви ги носиме нашите сестри и мајки за да можете да сфатите дека целосно сте почитувани од нас, онака како што доликува да бидете – а, исто така, и за да можете да му пренесете на кралот кој ве испратил овде дека има еден човек, намесникот на Македонија, од кого вие бевте и нагостени и убаво сместени.” Велејќи го тоа, Александар до секој од нив ставил една од оние што тој ги нарекувал македонски жени, а всушност биле мажи. А тие мажи, кога Персијците станеле груби, ги погубиле со своите бодежи. На тој начин амбасадорите исчезнале, а, исто така, исчезнале и оние кои ги придружувале. Персијците донеле голема свита со нив, кочии, слуги и багаж од секаков вид, но сето тоа

исчезнало во исто време кога исчезнале и тие. Кратко време, потоа, Персијците извршиле детална потрага по нивните изгубени амбасадори; но, Александар, со многу мудрост ја прикрил работата така што ги поткупил оние кои биле пратени на таа задача, делумно со пари, а делумно подарувајќи им ја својата сестра Гига /Gygaea/, која дал да се омажи за Бубарес /Bubares/, Персиец, главен водач на експедицијата која дошла во потрага по изгубените мажи. На тој начин, смртта на тие Персијци била прикриена и никогаш повеќе не се говорело за истата.} (Од првата книга на Херодот од Халикарнас, 440 година пред Христа, ИСТОРИЈАТА НА ХЕРОДОТ, преведена од Џорџ Роулинсон).

Борза не се согласува сосема со приказната на Херодот, ама се согласува дека бракот на Гига со Бубарес бил вистински. Борза мисли дека тоа бил Аминта, не Александар, кој го договорил бракот како дел од преговорите за македонско-персиски сојуз. (стр. 102-103, Еуген Борза, "Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Освен чудните приказни кои го опкружувале Александар, не можев да најдам никакви други информации за владеењето на Аминта. Се верува дека Аминта умрел во 498 или 497 година пред Христа и дека бил наследен од Александар I истата година.

Животот во Македонија бил релативно мирен до 492 година пред Христа кога една персиска експедициска сила, под команда на Мардониј /Mardonius/, преминала во Европа со наредба да ја нападне Атина. Но, пред да вмаршира во Атина, а целосно занемарувајќи го македонско-персискиот сојуз, Мардониј решил да ги нападне локалните гратчиња, да зароби тракиски и македонски цивили и да ги направи робови. Акцијата на Персијците го испровоцирала локалното население и тие возвратиле со противнапад. Персиската флота била нападната и потепена од страна на Бригите /the Bryges/ (Фригијците /Phrygians/) од Тракија додека се обидувала да плови околу Атос /Athos/ (Св. Гора). Ослабен од нападот, Мардониј не можел да ја исполни својата мисија и затоа се вратил во Персија. На Александар воопшто не му се допаднала помислата да го види својот народ во ропство.

Загубата на персиската флота во 492 година пред Христа била само безначаен неуспех за персиските планови. Наредната сцена која чекала да биде одиграна ќе се случи две години подоцна на атинското поле Маратон.

Со стапување на Ксеркс /Xerxes/ на престолот во 486 година пред Христа, голема персиска воена сила била подготвена и предводена во Европа во 480 година пред Христа. На војската и било дозволено да помине низ Македонија без да биде предизвикана.

Како персиски пратеник, дипломатските вештини на Александар биле тестирани во зимата 480/479 година пред Христа кога персискиот командант Мардониј го испратил во Атина да преговара за предавање на Атињаните. Наспроти неговите потврдени вештини, никакво мирно решавање не било постигнато и избувнала војна. Македонците се бореле на персиска страна против Атињаните. Иако никаква причина не им се дава на неговите мотиви, Александар изгледа им бил од помош на Атињаните. Некои велат дека тој бил двоен агент и дека играл на картата двете страни да војуваат една против друга. Меѓутоа, постојат докази кои наведуваат дека Александар ги предупредил Атињантие за персиските планови во неколку наврати.

Персиската инвазија на Атина се покажала неуспешна. По смртта на Мардониј, инвазијата пропаднала и персиската експедициона воена сила ги напуштила плановите и со брзо повлекување се вратила во Персија. Откако Персијците заминале, Александар останал со неколку проблеми. Од една страна, се соочувал со моќните Атињани на кои морал да им даде одговор за неговата вмешаност со Персијците. Од друга страна, персиското опустошување во Тракија ги ослабело тракиските упоришта и ги направило да бидат лесен плен за авантуристите. Тракиските земјишта, богати со минерални лежишта, биле многу вредни и атрактивни да се поседуваат.

Од она што Херодот ни го кажува, Александар добро ја одиграл својата убедлива улога кај Атињаните. Бил брз да ги истакне добрите и големи дела што тој ги сторил за нив и добрата волја што ја имал кон сите градови-држави. Неговата одбрана мора да била успешна бидејќи Атињаните не му наштетиле и, што е најважно, продолжиле да купуваат дрвена граѓа од неговото кралство.

Што се однесува до ширењето кон исток, Македонците не биле единствените кои посакувале да ги поседуваат тракиските земјишта со рудно богатство. Откако Персијците се повлекле, соседите на Александар од југ исто така дале на знаење дека и тие сакаат удел. Но, Александар бил првиот кој го направил својот потег и ја окупирал напуштената крестонска /Crestonian/ територија, ридски регион помеѓу вардарската рамнина и струмичката долина. Тракијците, кои не ги сакале Персијците, претпочитале да ги напуштат своите домови отколку да му се потчинат на персиското владеење, оставајќи ги своите земји незаштитени. Со новостекнатата територија, дошле и богатите рудници за сребро Дисорон /Dysoron/, кои ќе го обезбедуваат толку потребното сребро за македонската ковачница на пари.

За жал, Атина не била задоволна од потегот на Александар. Во 476 година пред Христа една атинска експедиција била испратена да ја освои долината по долното течение на реката Струма, подрачје што некогаш било витална персиска база за снабдување. Откако ги поразила и ги протерала Персијците и локалните Тракијци кои останале, Атина го населила подрачјето со околу 10.000 Атињани. Тоа навистина било проблематично за Александар и до 460 година пред Христа конфликтот помеѓу Македонија и Атина бил блиску. Изгледа дека Атињаните се подготвувале да извршат инвазија на Македонија. Но, пред да ја добијат својата шанса, побунетите Тракијци, кои не го ценеле атинското присуство на нивните земјишта, особено не на оние кои се населиле, ги нападнале и им ја уништиле нивната војска. Оваа последна конфронтација не само што ја спасила Македонија, туку индиректно создала нов тракиско-македонски сојуз. Што се однесува до Атињаните, за наредните десет години, или приближно толку, тие ги пренасочиле своите интереси кон југ и запад, оставајќи ги Македонија и Тракија сами.

Херодот изгледа дека молчи за последните години на владеењето на Александар, но веројатно не се случувало ништо што било значајно или вредно за да се запише. Се верува дека Александар починал од старост, во 454 година пред Христа, на возраст од 80 години.

Владеењето на Александар траело 43 години, од 497 до 454 година пред Христа Тој бил татко на најмалку шест деца.

Три биле машки и легитимни наследници на македонскиот трон, но Пердика бил тој кој се издигнал над сите нив и станал владетел и крал.

Она што започнало како интереси на Атина во егејското крајбрежје за да се заштити Балканот од персиските инвазии, со време се претворило во Атинска Империја. До втората половина на 450 година пред Христа, Атина го експлоатирала регионот за нејзини лични економски и воени интереси.

Истовремено со Александровата смрт, Атина им се вратила на своите интереси на север и почнала да увезува повеќе доселеници. Нејзините планови биле да ги насели северните и источните брегови на Термичкиот Залив /Thermaic Gulf/ во близина на делтата Вардар-Галик /Galik/. Тоа навистина бил смел потег бидејќи нејзиното крунско достигнување не се материјализирало до формирањето на Амфипол /Amphipolis/ во 437 година пред Христа. Не можев да најдам никакви иформации а македонската реакција на тоа, но убеден сум дека Пердика, исто така, не бил среќен. Не е познато дали Пердика бил пријател на Атина пред ова, но потоа тој сигурно станал непријател. За да бидат работите полоши, Атина започнала кампања против Пердика со тоа што отворено ги поддржувала неговите непријатели, вклучувајќи ги побунетите фракции во рамките на неговото сопствено семејство. Влогот за Македонија бил голем. Атина била моќна империја, премоќна да биде воено предизвикана. Освен тоа, таа била добар муштерија за македонската дрвена граѓа и (црна) смола – муштерија кого Пердика не можел да си дозволи да го изгуби. Ако ништо не направи, Пердика би можел да ризикува да ги изгуби рудниците Дисорон, нешто што, исто така, не можел да си го дозволи. Атина, од друга страна, можела да профитира со тоа што ќе ги добие рудниците и можела да изгради своја сопствена индустрија за дрвена граѓа на македонска земја ако Пердика не сторел ништо да ја запре.

Како што се покажало, Атина немала намера да започне војна со Македонија. Наместо тоа, таа верувала дека со поддршка на побунетите фракции во рамките на династијата Аргеад, таа би можела да го држи Пердика дома зафатен, и тоа премногу зафатен, за да ги забележи атинските упади во

басенот на реката Струма, каде што таа се надевала да изгради нејзина сопствена индустрија за дрвена граѓа. Поради ваквото предавство на Атина, Пердика се соочувал со побуни и немири во текот на две декади. Премногу слаб за да преземе било што, им дозволил на Атињаните да продолжат непрекинато да го населуваат регионот.

"До 432 година пред Христа, Пердика и Атина не се согласувале и нивното непријателство довело до отворање на северните плотуни на Пелопонеската војна. За да се соочи со атинската политика усмерена против неговиот трон, Пердика, осетлив на настаните кои се наталожувале во Грција, се обидел да започне една општа војна со инволвирање на Атина во непријателствата против Пелопонежанците, особено против Спарта. Ги охрабрил Коринтјаните да го поддржат револтот на нивната лојална колонија Халкидики /Chalcidic/ во Потида /Potidaea/, која била даночен обврзник на Атина барем од 446/5 година и тој го предизвикал востанието против Атина кај Халкидијците и Ботиеканци /Bottiaecans/. Тоа претставувало агресивна надворешна политика и за чудење е како Пердика се надевал да ја поддржи истата со сила." (Стр. 141-142, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Како што можело да се претпостави, реакцијата на Атина била брза и решителна. Во почетокот на летото, во 432 година пред Христа, Атињаните испратиле ударна војска да го нападне Пердика и да го задуши востанието. Кога пристигнале, Атињаните сфатиле дека нивната сила е премногу слаба да ја изврши задачата. Тие запомниле што им се случило последниот пат кога се судриле со Тракијците. Разумно, никаква битка не отпочнала.

Атинскиот командант побарал засилување и кога тоа стигнало, им се придружиле на побунетите Македонци надевајќи се дека ќе го отсечат Пердика од Халкидики. Знаејќи дека не може успешно да ги ангажира, Пердика ги убедил своите сојузници да ги напуштат своите одбранбени позиции и да побегнат во планините. Иако била на сигурно, во планините, Македонско-халкидиската коалиција се уште не можела да и парира на зајакнатата атинска војска, но за среќа, времето било на нивна страна.

Засегнати за своите сопствени интереси, Коринтјаните интервенирале така што испратиле војска да ги нападне Атињаните. Во контекст на овој противнапад, Атина се откажала од своите планови и наместо да го нападне Пердика, таа му се обратиле нему за помош. Но, тоа било само уште едно предавство што Атина го смислила за да ја растури македонско-тракијската коалиција. На крај, Атина, навистина, победила, ама одвај.

Потоа, Атина го свртела своето внимание кон задушување на востанијата на Халкидики и го оставила македонскиот крал сам. За жал, несигурниот мир имал своја цена. Пердика бил принуден да ги напушти своите сојузници и да ја повлече својата поддршка што ја давал на Халкидики. Поради неговата соработка и поради неговото ветување дека ќе ги штити интересите на Атина на север, Атина ги вратила окупираните земји кај Терма /Therme/ и ја повлекла својата поддршка што им ја давала на побунетите фракции во семејството на Пердика.

Ваквиот несигурен однос меѓу Македонија и Атина не траел долго. Во 492 година пред Христа, Атина повторно се подготвувала да ја нападне Македонија, овојпат со помошта на Тракијците. Во исто време, Атина го притискала Пердика на отстапки, со тоа што се спријателувала со врховните команданти на тракиското племе со убави подароци и искажувајќи големо почитување. Атина планирала да направи Тракијците да ја нападнат Македонија од север, а нејзината флота да нападне од југ. Тракијците навистина направиле како што се очекувало и се појавиле зад Родопските Планини, навлегле во Македонија и напредувале кон долниот дел од Вардарската Долина. Бидејќи биле помалубројни, Македонците избегале во планините и повторно се групирале на своите традиционални упоришта. Борза верува дека таа последна промена во однесувањето на Атина кон Македонија била провоцирана од тајните односи на Пердика со непријателите на Атина – со Пелопонежанците. (Стр. 146-147, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Овојапат, Атина била решителна да ја уништи Македонија и еднаш засекогаш да се ослободи од тие наметливи Аргеади, но околностите, сепак ќе ја лишат од таа победа.

Додека Тракијците напредувале кон Ега, прилично бројна коњаница од западна Македонија пристигнала точно навреме за да ги одбие. Војската не била доволно силна да ги совлада Тракијците, ама таа доволно ги заплашила за да го запрат нивното напредување. Иако не се развила никаква битка, нападот на Тракијците бил спречен.

Проблемите дома ги спречиле Атињаните да испратат флота, така што нападот од југ никогаш не бил реализиран.

Со Тракијците кои скитале по македонските низини, Пердика знаел дека ќе нема лесно решение, па затоа прибегнал кон дипломатија и им понудил на Тракијците мирољубив излез. За да им покаже дека е искрен, понудил брак меѓу неговата сопствена сестра Стратоница /Stratonice/ и внукот на еден од тракиските врховни команданти.

За жал, проблемите на Пердика не завршиле. Една нова закана почнала да се појавува, овојпат внатрешна, од самата Македонија. Не можев да најдам никакви информации кои подробно го опишуваат проблемот, но во 424 година пред Христа кралот Архабеј /Arrhabaeus/ од Линкестија /Lyncestia/ (битолско-охридски регион) му станал непријател на Перкика.

Неспособен сам да го совлада, Пердика побарал помош од Спартанците кои, пак, очајно барале сојузници на север. Здобивајќи се со помошта на еден тесалиски пријател, Пердика бил во можност да обезбеди премин за 1.700 спартански пешадијци преку Тесалија. Кога Атина го насетила тоа, таа веднаш реагирала со тоа што ги прекинала односите со Македонија и пратила засилувања кон нејзините колонии на Халкидики. Се уште очајни да стекнат сојузници, Спартанците, кога пристигнале во Линкестија, наместо да го нападнат Архабеј како што се договориле со Пердика, побарале од него да стане сојузник на Пелопонез. Бидејќи му било дадено да избере помеѓу борба со Спартанците или да им се придружи, Архабеј го избрал ова последново и се согласил да финансира дел од спартанскиот напад. Архабеј бил привремено поштеден, но Пердика не бил задоволен од исходот.

Ослабени на северните граници, Спартанците го истуриле својот бес така што ги опустошиле атинските градови и воените бази, т.е. претстражи. Како резултат на тие средби,

Атина, во иднина, ќе ја преиспита својата политика во однос на смели потфати кон север.

Несреќен поради спартанскиот исход, Пердика се свртел кон Илирите кои биле повеќе од среќни за да го потчинат Архабеј. Но, откако пристигнале во Линкестија, Илирите се предомислиле. Наместо да го нападнат Архабеј, тие решиле да му се придружат и да го нападнат Пердика. Кога војската на Пердика го насетила тоа, војниците излегле од редовите и панично побегнале во планините.

Тогаш Пердика западнал во сериозна неволја. Освен Атињаните, Пердика сега имал уште тројца непријатели повеќе кои му се приближувале на неговото кралство – Архабеј од север, Спартанците од југ и суровите слободни илирски борци. Што ќе стори Пердика?

ГЛАВА 4 - ИЗДИГНУБАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ИМПЕРИЈА

Пердика внимателно ја разгледал својата ситуација и решил да оди кај Атињаните за помош. Бил сигурен дека Атина ќе го поздрави неговото сојузништво само за да им се спротивстави на Спартанците. Секако, атинските генерали на Халкидики ја прифатиле понудата на Пердика, но не без услови. За да го осигури сојузништвото, Пердика на Атина требало да и даде ексклузивно право на неговата индустрија за дрвена граѓа и да и се придружи во борбата против Пелопонежаните. Пердика, двоумејќи се, ги прифатил и ги испочитувал спогодбите.

Што се однесува до Архабеј, Атина му понудила договор за пријателство и можност да ги надмине разликите со Пердика. Спартанците, пак, од друга страна, откако ја изгубиле финансиската помош од Пердика и Архабеј, пропорционално ги намалиле своите походи. Освен тоа, Пердика го искористил своето влијание и ја убедил Тесалија повеќе да не им дозволува премин на спартанските засилувања преку нејзина територија.

Зделката што Пердика ја добил од Атина можеби изгледа дека е повеќе наклонета во корист на Атина, но таа имала свои предности за македонскиот крал. Присуството на Атињаните го одржувало мирот и стабилноста во регионот, а со губењето на Амфипол, Македонија станала главниот добавувач за дрвена граѓа на големиот атински пазар. Не можев да најдам никакви информации за тоа што се случило со илирските платеници-убијци, но сигурен сум дека по губењето на поддршката од Архабеј, тие се вратиле во Илирија.

Во текот на целата Пелопонеска војна, Пердика го оджувал своето сојузништво со Атина и се обидувал да не биде вплеткан во аферите на Атина. Во 421 година пред Христа, Атина склучила мировен договор со Пелопонежаните и повторно стекнала контрола врз делови од нејзината северна империја. Иако Пелопонежаните го одобриле договорот, Халкидијците, кои повеќе претпочитале автономија отколку окупација, не го сториле тоа . Војната траела се додека

Амфипол не добил своја независност. Пердика, пак, во меѓувреме успеал да се држи понастрана и избегнал да биде инволвиран во конфликтот.

Кога мирот стапил на сила, моќта на Атина повторно почнала да расте што ги вознемирувало Македонците. Но, Пердика не бил единствен што бил загрижен. Чувствувајќи ја самодовербата на Атина на север, Спарта, во 418 година пред Христа, се обидела да и контрира на Атина со врбување на Пердика во една Македонско-пелопонеска алијанса. Атина, од друга страна, се надевала на една Атинско-македонска алијанса. Изгледите да го изгуби Пердика, особено негово евентуално преоѓање на непријателска страна, ги разбеснело Атињаните. Атина сметала на македонска помош за нејзината флота да може да ја предизвика Халкидиската коалиција.

Во врска со спартанската понуда, Пердика внимателно ги разгледал своите опции и решил да и се придружи на Пелопонеската алијанса. Како казна, во зимата во 417 година пред Христа, Атина го блокирала јужниот македонски брег и ги стопирала сите испораки на дрвена граѓа. Блокадата не ја повредила толку Македонија колку што ја повредила Атина, па затоа во 414 година пред Христа бил постигнат нов договор, а Македонија и Атина повторно станале сојузници.

Пердика починал една година подоцна, а го наследил неговиот син Архелај /Archelaus/ во 413 година пред Христа. Владеењето на Архелај, кое траело приближно 14 години, од 413 до 399 година пред Христа, било малку постабилно од она на неговиот татко. За разлика од татка си, Архелај и останал лојален на Атина, што му обезбедило сигурен пазар за неговата индустрија за дрвена граѓа и сигурност што му била потребна во грижата за должностите дома. Архелај ја задржал политиката на неговиот татко во однос на Линкестите и Илирите по должината на западната граница и успеал да ги држи под контрола. По должината на источната граница, отсуството на атинското влијание и опаѓањето на тракиската моќ на Архелај му гарантирале можност да добие контрола над Базалтија /Basaltia/ и нејзините вредни рудници.

Поради политичките и општествените промени во Тесалија, на Архелај му била дадена можност да интервенира

во корист на владејачката фракција за што бил награден со жителство на Лариса и со земјиште на Перхибија /Perrhaebia/, важна стратешка локација на запад од Олимп која ја поврзува Македонија со Тесалија.

Што се однесува до внатрешните промени, Архелај извршил поправки на патиштата, изградил утврдувања во руралните подрачја, ги зајакнал влезните пунктови во Македонија и ја модернизирал својата армија. Но, најважно, на Архелај му се оддава признание што главниот град на Македонија го преместил од Ега во Пела. Аегеа се уште останал кралски град, ама Пела станала кралска резиденција на Архелај и административен и воен центар за неговото кралство.

Главната причина што градот Пела станал главен град била неговата стратешка местоположба во рамките на македонското кралство. "Најголемиот од сите македонски градови во античко време, Пела, бил изграден на ниска висорамнина каде планината Пајко се спојува со мочуришното земјиште од централната рамнина и онаму каде што патот Виа Егнација го обиколува северниот раб на мочуриштата. Пела можела да биде (или била) морско пристаниште, бидејќи, во тие времиња, највисокиот дел од Термичкиот Залив /Thermaic Gulf/ се проттегал во рамнината. Стратешката местоположба на Пела, која лежела на главниот пат исток-запад, во близина на западниот брег на Вардар /Axios/ и дала важност која подоцна била надмината само од Солун (Salonica)." (Стр. 41-42, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Архелај ја избрал Пела за свој главен град бидејќи му давала лесен пристап до многу водени патишта кои ќе му обезбедат премин кон пошироко подрачје, а не само кон централната македонска рамнина. Пела била изградена според проект, се распространувала на еден мрежен план, со користење блокови со приближна димензија од 100 метри на 50 метри. Со археолошките ископувања, на локацијата била откриена "една низа богато украсени приватни куќи со добро изработени подни мозаици... Овие големи мозаици од троскот, кои ги формирале подовите на собите и ходниците на вилите во Пела, отсликувале разни сцени, вклучувајќи го

Дионис како јава пантер, лов на лав, една Амазонка и величествен лов на елени...” (Стр. 170, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Преместувањето во Пела бил првиот чекор за Македонија на патот кон нејзината големина. Пела станувала импресивна македонска политичка, воена и културна локација, која со време ќе стане родното место на Александар III, најголемиот освојувач што било кога живеел за да ја стекне титулата “Велики”.

На ова место би сакал да напоменам дека Архелај, исто така, е заслужен за формирањето на уникатниот македонски Олимписки фестивал што се одржувал во Дион /Dion/, во чест на богот Зевс и на музите. Дион било важно место каде Македонците учествувале во нивните олимписки игри, драмски натпревари и каде прославувале многу свои религиозни обреди.

Архелај бил случајно застрелан во тек на еден лов во 399 година пред Христа и умрел од здобиените рани. Неговата прерана смрт предизвикала хаос во аргеадската династија речиси шест години, време по кое Аминта III се појавува на површина како водечка фигура која ќе биде нареден владетел на Македонија. Аминта III бил правнук на Александар I.

Разнишаноста на македонското кралство поради прераното и неочекувано заминување на Архелај, била сигнал за македонските непријатели да го направат својот потег. Само што седнал на престолот во 394 години пред Христа, Аминта имал несогласување со Илирите. Дури од инцидентот помеѓу Пердика II и Архабеј од Линкестија, илирско-македонските непријателства биле во пораст. Состојбата кулминирала во 394/93 година пред Христа кога една моќна илирска војска ја нападнала и навлегла во Македонија, протерувајќи го Аминта од неговиот престол и надвор од неговото кралство. Само со голема дипломатија, концесии на земја и со помош од Тесалијците, Аминта успеал да ги смири Илирите, што му овозможило да се врати на престолот. Како што се покажало, Илирите ненадејно ја нападнале Македонија поради плен, а не поради политичка добивка, што било вообичаена практика во тие времиња.

Овојпат Аминта бил задоволен, но неговите непријатели биле премногубројни за да дозволат случајност да ја води неговата судбина, па затоа напорно работел да воспостави сојуз со своите непосредни соседи на југоисток, со градовите на Халкидики. Договорот, потпишан во очај, изгледа дека бил едностран во корист на халкидиските градови. Но, тој бил неопходен за Аминта, ако Македонија сакала да опстане. Слободни да се послужат со македонската дрвена граѓа и црна смола, халкидиските градови станувале се побогати и посилни, со секоја изминатa година. Чувствувајќи се непријатно поради тој неправеден сојуз и поради рамномерното зајакнување на илирската моќ, Аминта не бил среќен со Халкидијците и се почувствувал принуден да бара нови сојузници.

Во 386 година пред Христа, тој го направил својот потег и преку својот усвоен син, кој бил оженет со ќерката на еден истакнат тракиски врховен командант, Аминта воспоставил контакт со Тракијците. Претчувствувајќи го Македонско-тракијскиот сојуз, Илирците ја заобиколиле Македонија и тргнале против Епир. Во 385 година пред Христа, Илирите го нападнале Епир, несвесни дека тоа ќе провоцира противнапад на Спартанците. Спарта брзо реагирала и навлегла во регионот. Овој смел чекор бил загрижувачки не само за Македонците, туку и за Тесалијците кои наскоро ќе станат волни партнери на еден Македонско-тесалискиот сојуз.

Откако ги обезбедил своите западни граници, Аминта своето внимание го насочил кон лакомите халкидиски градови. Откако искористиле многу од тој неправеден сојуз, Халкидијците не биле воодушевени да го прекинат истиот. Кога Аминта им се обратил на Спартанците за помош,открил дека тие биле подготвени да станат партнери. Една здружена спартанска војска, под спартанско водство, била испратена од Спарта и стигнала во близина, во летото 382 година пред Христа. Со мала македонска и тракиска помош, Спартанците ја нападнале Халкидиската лига (Chalcidic League), но, не можеле да ја совладаат. Спартанскиот комадант повикал зајакнување и во 381 година пред Христа нападот бил обновен и до 379 година Халкидискиот сојуз се распаднал.

Атина и нејзините сојузници него одобрувале спартанското присуство на Халкидики, па затоа приближно за една година бил формиран нов и помоќен Анти-спартански сојуз. Доволно паметен за да не биде фатен на страната која губи, Аминта полека се повлекувал од Спартанскиот сојуз и почнал се повеќе да се приближува кон Атина. Новата поврзаност не само што ја зацврстила безбедноста на Македонија, туку, исто така, го вратила стариот и доверлив муштерија за дрвената граѓа и за (црната) смола. За жал, никогаш немало "добра" поврзаност со "јужните соседи" без некоја стапица. Наскоро по воспоставувањето врски со Македонија, Атина побарала Аминта да ги поддржи нејзините барања за контрола на Амфипол. Тоа изискувало целосен пресврт во македонската долговечна позиција која секогаш била за поддршка на независен Амфипол. Да и се даде на Атина контрола врз Амфипол, претставувало катастрофа која чекала да им се приближи на македонските економски и политички интереси.

Оставајќи ги односите во своето кралство нерешени, Аминта III умрел во 370 година пред Христа (веројатно од атентат извршен од неговата поранешна жена?), оставајќи го својот престол на неговиот најстар син Александар II. "Декадата во 360 година го турнало кралството на Македонија во нова династичка криза, интензивирана со континуираните надворешни закани. На почетокот од своето владеење, Александар бил принуден да ги поткупи Илирите, иако е проблематично дали тој, исто така, го предал и својот брат Филип (идниот Филип II) како заложник." (Стр. 189, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Хамонд верува дека Филип бил илирски заложник пред да им биде предаден на Тебанците. Но, Борза верува дека хронологијата на настаните не го поткрепува тој настан.

Новиот поход на Илирите против Македонија не започнал додека не завршила зимата во 370/69 година пред Христа. "Во текот на една година (368 година, според хронологијата на Хамонд), Филип бил испорачан како заложник на Теба (Thebes). Не е за верување дека принцот Филип бил толку изманевриран (но што е тоа што ги натерало Илирите да се откажат од него?), хронологијата е премногу оскудна, а

нашиот најдобар извор за Филип, Диодор /Diodorus/, дава мешани сигнали во врска со илирското заложништво. Грифит /Griffith/ (HM 2: 204 n. 5), исто така, се сомневa за Филип во Илирија." (Стр. 189, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990).

Младиот Александар немал доволно искуство да одржува едно силно и стабилно кралство, или да обезбеди било какви перманентни сојузи. Му била дадена можност во Тесалија, но не можел да ја искористи.

Преживувајќи внатрешни проблеми, феудалните кралски семејства на Тесалија и се обратиле на Македонија за помош. Александар интервенирал, ја окупирал Лариса и на престолот вратил еден од своите поранешни сојузници. Тоа, за жал, го разочарал другиот сојузник кому Александар, исто така, му го ветил престолот. Бидејќи не бил способен да обезбеди мир со дипломатија, Аледкандар продолжил да ја окупира Тесалија со сила. Фракцијата на власт, разочарана од неспособноста на Александар да ја реши таа безизлезна ситуација, се откажала од Александар и им се обратила на Тебанците за помош. Тие прифатиле без двоумење и донеле војска за да го истераат Александар. Не можејќи да им се спротивстави, Александар се повлекол од целата тесалиска територија.

Незадоволен од неговата неспособност да владее, а особено од начинот на кој постапил со Тесалијците, позицијата на Александар како владетел на домашен план била оспорувана и ставена под знак прашање од Птоломеј /Ptolemy/. Бидејќи не бил способен да го реши предизвикот, Александар се согласил да се донесе надворешен арбитер. На барање на Птоломеј, избраниот арбитер бил еден тебански командант, истиот оној кој го протерал Александар од Лариса.

На крај, спорот бил решен во полза на Александар, но не без цена. Заради сигурност дека Александар нема да преземе никакво дејство против своите ривали, или да ги обнови активностите во Thessaly, истакнати членови на неговото семејство, вклучувајќи го и неговиот најмлад брат Филип II, биле однесени во Теба како заложници. Филип, во тоа време, имал тринаесет години.

Иако го осигурил своето враќање на престолот, Александровите проблеми, за жал, се уште не биле завршени. Бил убиен додека учествувал на една прослава. Птоломеј, се разбира, бил осомничен бидејќи со тоа тој најмногу добивал. Александар II умрел во пролетта 367 година пред Христа, а владеењето со Македонија му било оставено на Птоломеј.

Се верува дека една жена, по име Евридика, наводно била вклучена во ковањето заговор за атентатот врз Александар. Во текот на истрагата, било забележано дека пред смртта на Александар, Птоломеј и Евридика тесно соработувале и можеби го планирале отстранувањето на Александар од позицијата. Кога тоа не успеало, тие сковале заговор тој да биде убиен со атентат.

За да добиете претстава која била таа жена, корисен е податокот дека мајка и била ќерка на линкестијскиот крал Архабеј, а нејзин татко бил Сирхас /Sirrhas/, илирски поглавар, односно племенски врховен командант. Евридика станала жена на Аминта III, со еден договорен брак од корист. Нејзината поврзаност со Птоломеј не е позната (можеби и бил љубовник?), но таа помогнала тој да дојде на власт. Делата на Евридика, иако озлогласени, се врежани во историјата на македонскиот кралски двор како дела на жена со цврста волја и жена која сакала да владее.

Ќе се покаже дека, за разлика од нивните соседи на југ, Македонците покажувале почит и восхит кон своите жени и како водачи, и како рамноправни и дораснати. Всушност, Македонците многу се разликувале од оние на југ, кога станува збор за обичаите, културата и особините. “Македонците биле потполно здрав народ, обучени не од грчката атлетика, туку, како и Римјаните, од воената служба. Но, напоредно со тоа она што било позитивно, тие имале и многу груби навики, ... заради кои во очите на Грците изгледале како варвари. Ненаклонетоста била обострана, бидејќи Македонците израснале во една горда заповедничка нација која, со високо развиената национална свест, од високо гледала на Хелените со презир.” (Стр. 26, Урлих Вилкен, Александар Велики /Ulrich Wilcken/; превод на македонски јазик: Славе Николовски-Катин “Александар Македонски”).

Смртта на Александар изгледала како лесна победа за Птоломеј, но всушност факт е дека тоа не било така. Поврзаноста на Птоломеј со Евридика, позната како предизвикувач на нереди и осомничена дека ковала заговор за атентат на нејзиниот сопствен маж, го довела во неволја. Иако Птоломеј бил легитимен наследник на престолот, начинот на кој тој го постигнал своето назначување вознемирил многу Македонци. Нови предизвикувачи му се испречиле на патот и наредните три години кралството живеело во немири и превирања.

Еден од најсериозните предизвикувачи бил еден протеран Македонец по име Паусаниј /Pausanias/. Тој собрал мала војска и окупирал делови од централна Македонија. Неспособни да го протераат, Птоломеј и Евридика побарале помош од Атина. Желна повторно да добие влијание на север и надевајќи се повторно да добие пристап до Амфипол, Атина го прифатила предизвикот и му помогнала на Птоломеј да го протера Паусаниј надвор од Македонија.

Друг предизвик дошол од една фракција лојална на мртвиот Александар која побарала поддршка од Тебанците. Не губејќи време, моќните Тебанци извршиле инвазија на Македонија и го принудиле Птоломеј во несакан сојуз, наметнувајќи му повеќе услови на неговото кралство и земајќи уште повеќе заложници. Една добра работа што произлегла од овој сојуз било раскинувањето на македонските односи со Атина, ставајќи крај на атинските амбиции за Амфипол и за северот.

Птоломеј умрел во 365 година пред Христа, веројатно, убиен од Пердика, вториот син на Аминта III кој станал нареден владетел на Македонија. Кратко време откако Пердика III бил поставен за владетел на Македонија, го вратил својот помлад брат Филип од Теба. Филип, во тоа време, имал шеснаесет години.

Од спартанскиот пораз во 371 година пред Христа, тебанската сила била во пораст и до 365 година пред Христа била доволно голема за да ја предизвика атинската флота на море. Да се биде тебански сојузник под такви услови, имало свои предности. Во замена за македонската дрвена граѓа, Тебанците биле волни да обезбедат долгорочни гаранции за безбедноста на Македонија, како и за заштита на нејзините

гранични интереси, особено против атинското мешање во Амфипол. Но, Атина воопшто не била планирана во таа дарежливост на Тебанците, па таа си имала свои лечни планови. Кога една силна атинска поморска војска се појавила во Термичкиот Залив /Thermaic Gulf/ и започнала да одзема македонски пристаништа и да го загрозува суверенитетот на Македонија, Пердика брзо и попуштил на волјата на Атина. Кога бил информиран дека Теба ќе ја нападне атинската флота, Пердика повторно размислувал за поддршката на Атина и истата ја повлекол. Освен тоа, се вратил на поранешното спротивставување на желбите на Атина за Амфипол. Очекуваниот напад на тебанската морнарица, за жал, никогаш не се остварил, но тоа не го спречило Пердика да продолжи да им се спротивставува на Атињаните на секаков можен начин.

Тукушто војната почнала да се стабилизира на јужната граница, еден сериозен напад на Илирите се случил од север, вовлекувајќи ја војската на Пердика во втор судир. Со своите поделени сили, Пердика го издржал главниот удар на двата фронта. Неговата војска, добро обучена и опремена, можела успешно да се справи со предизвикот. За жал, среќата го напуштила Пердика и тој бил убиен во една од битките. Пердика III умрел во 360 година пред Христа, бранејќи ја својата татковина. Како и неговиот татко пред него, и тој го оставил кралството во безредие. Тогаш, останало неговиот помлад брат Филип да ги исправи работите и да ја среди состојбата.

Филип II го заменил својот брат Пердика III како владетел на Македонија во 360 година пред Христа. Филип бил потполно свесен дека за Македонија да постигне мир и економски просперитет, треба да се ослободи од надворешното влијание и од постојаните препирања и заткулисни борби. Филип, исто така, бил свесен дека тоа било можно само преку силна одбрана.

Мое убедување е дека историчарите погрешно го сфатиле Филип II. Имајќи ја предвид ослабеноста на неговото кралство и неговото искуство во еден свет на немири и метеж, единствената желба на Филип била поврзана со безбедноста на неговото кралство. Од неговите дела, а не од зборовите на други, можеме да видиме дека почетните

амбиции на Филип не биле освојувачки, туку одбранбени. Неговата идеја да постигне сигурност и мир била преку градење на една заштитна зона или тампон зона околу целото негово кралство. Она што го направило Филип да биде навистина голем, бил фактот што тоа го постигнал економично, за релативно краток временски период.

Само од неговите дела секој може да види дека Филип немал амбиција да ги "обедини" државите-градови, туку дека повеќе претпочитал да им ја искорени нивната желба да се мешаат во неговите работи. Филип знаел дека со уништување на способноста на непријателот да води војна, неговиот непријател нема повеќе да му претставува закана.

Од она што античките автори Диодор Ликул (Diodorus Liculus) ни го велат, Филип не бил обичен човек. Кога бил однесен како заложник во Теба, имал само тринаесет години, а сепак на толку рана возраст бил повеќе заинтересиран за работите на тебанската влада и војска, отколку да си игра со неговите врсници. На возраст од четиринаесет години, Филип ја проучувал опремата и тактиката на тебанската армија, вклучувајќи ги и елитните тајни групи. На осумнаестгодишна возраст, во 364 година пред Христа, му била дадена војска од Македонци за тој да им командува.

По смртта на Пердика, Филип бил повикан на македонскиот двор каде му била дадена функција водач на армијата. "Филип ги знаел Македонците како војници и тие го знаеле него кога го избрале не за крал (таа функција му била дадена на Аминта IV, малиот син на Пердика), туку како чувар и заменик на кралот како врховен командант." (Стр. 58, Николас Г. Хамонд, Чудото што било Македонија).

Постои мало несогласување помеѓу Хамонд и Борза во однос на наименувањето на Филип. Борза (и други) верува дека Филип можел да биде именуван за крал, не чувар на Аминта.

Во секој случај, Филип бил тој кој го презел владеењето од Пердика и кој ја подготвувал својата армија да го брани неговото кралство. Со Илирите, Пеонците, Тракијците и Атињаните, кои биле подготвени да нападнат секој миг, никој не можел да предвиди што се ќе се случи. Но, како што Диодор ни кажува, Филип директно се справил со сите прашања. Првиот акт на Филип како владетел било да ги

подмити Пеонците и Тракијците. Но, за да се справи со Атињаните, Филип морал да научи да го користи својот дипломатски шарм. Атина имала многу стара амбиција да го поседува Амфипол, а нејзините мотиви биле многу јасни. Повторно разуверувајќи ја дека нема да се меша во нејзините работи, Филип си купил време да продожи со реорганизирањето на неговата армија и со градење на неговата база за политичка моќ.

По неколку успеси во неговата реорганизација, Филип добил можност да ги тестира своите војници на дело. Во текот на летото 358 година пред Христа умрел пеонскиот крал и можноста да ја обезбеди северната граница сама му се појавила. Еден краткотраен поход на Филип му донел одлучна победа и безбедна северна граница.

Илирите, кои вршеле упади, биле следните на неговиот список и затоа им се обратил со предупредување да ја напуштат западна Македонија или тешко ним. Сместени на врвот од западните планинин на Линкус /Lyncus/, агресивните Илири биле уверени и сигурни дека ќе можат да си продолжат по старо и ги игнорирале предупредувањата на Филип. Всушност, тие биле толку сигурни во победа, така што на Филип му дале дури и противпонуда "мир или статус кво". На Филип не му било до забава и битката почнала. Со изедначени сили, Македонците храбро се бореле и ја десеткувале илирската војска, донесувајќи му на Филип уште една победа. "Противниците биле изедначени по сила; секоја страна имала по околу 10.000 пешадинци, со тоа што Македонците биле нешто подобри во коњаници, 600 наспроти 500. Повеќе од 7.000 лежеле мртви на бојното поле, според нашиот извор, Диодор (Стр. 202, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Дали таа надмоќна победа била резултат на Филиповата супериорна воена обука, на неговата тактика или едноставно на преголемата увереност на Илирите? По моја проценка, од оваа временска точка, таа била комбинација од сите три причини. Таа победа против непријател од кого се плашела, не само што ја спасила Македонија, туку на Филип и на неговата војска им ја дала потребната сигурност дека може да се справат и со поопасни непријатели.

Филип не губел време и почнал со неговата реорганизација истиот ден кога го презел владеењето со своето кралство. Наспроти она што историчарите тврдат, јас верувам дека главната мотивација на Филип за повторна изградба на неговата армија била да се создаде силна и трајна одбранбена бариера околу неговото кралство. Македонија, која Филип ја наследил, била опкружена со воинствени, агресивни племиња кои сакале војна. Визијата на Филип била да постигне мир преку силна одбрана. За да го постигне тоа, морал да ги потчини агресивните елементи околу неговото кралство и да се осигура дека тие нема да кренат глава. Тука било и прашањето со поголемите сили кои немало да се согласат со една силна и голема Македонија и кои би го предизвикале само за да си ги заштитат своите интереси и опстанок.

Како што искрснувале проблемите, така Филип ги користел своите извонредни таленти да вара решенија. За да се бори со помоќен противник, Филип морал да измисли подобри воени стратегии и супериорни оружја. За да зачува траен мир, на Филип му била потребна добро обучена, професионална и редовна армија со полно работно време. За да ги држи во покорност своите непријатели, му било потребно да ги разбие нивните воени капацитети и да спречи тие повторно да ги изградат. Сите овие фактори биле комбинирани за да ја продуцира најголемата воена сила што античкиот свет некогаш ја видел.

До времето на Филип, војниците биле селектирани од племството и обично живееле и се обучувале дома, а биле повикувани на служба пред битка. Филип, од друга страна, издигнал и ригорозно обучил професионална армија со полно работно време. Освен тоа, Филип ја комбинирал употребата на пешадијата и коњицата во координирани тактики на начини кои никогаш пред тоа не биле применети. Во однос на оружјето, Филип го искористил искуството од Теба за да ги зајакне своите воени техники и да создаде модерно оружје за неговата армија. Најефикасното оружје била македонската фаланга која користела копја од шеснаесет до дваесет стапки, познати како сарисас /sarissas/. Копјето било направено од дрен, додека врвот бил остро метално сечиво со должина од една стапка. Фалангата

користела правоаголен или кос борбен распоред на војници, а секој од нив држел копје под рака накосено под агол. Првиот ред ги држел копјата паралелно со земјиштето, додека последователните редови ги подигнувале малку нагоре. Копјата, кои биле со должина од дваесет стапки, се протегале пет реда вон првиот ред војници што ја правело фалангата да биде непробојна тврдина составена од многу остри копја. Предниот и задниот ред војници носеле оклоп на телото и тешки штитови, додека внатрешните редови не носеле оклопи, туку носеле само лесни штитови.

Наспроти популарните противречни верувања, на Филип му требало долго време да ја трансформира својата армија во една ефикасна борбена машина. Многу време било потребно да се регрутираат мажи, да се развие администрацијата, да се акумулираат финансии, да се обучуваат војници и да се добие искуство на терен, пред неговата армија да биде подготвена за сериозни ангажмани.

"Новата македонска армија се истакнувала поради нејзината голема брзина на движење, поради многустраноста во тактиките и оружјето, и поради координираноста на коњицата со пешадијата. На крај, не може да има сомневање дека невообичаени вештини во командувањето со поединци и со целата војска, совршено се создале, се рефлектирале и се продлабочиле во македонската војска, како што кралевите и мажите се надополнувале едни со други". (Стр. 205, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

Да не го заборавиме придонесот на македонскиот корпус од инженери кои ги направиле плановите за величествените машини за опсада кои го прославиле Александар.

Повторно морам да нагласам дека нема докази кои укажуваат дека Филип поседувал конзистентна политика за изградба на империја, или пак планови за освојувања надвор од неговите лични потреби за да го обезбеди своето кралство. Филип, едноставно реагирал на настаните онака како што тие се развивале и, судејќи од неговите акции, тој повеќе претпочитал да употребува дипломатија отколку сила. Верувам дека тоа се омразата и недовербата на државите-градови што му дале на Филип лоша репутација. "... било тоа лоша среќа по Филипа за противник да го има

највештиот оратор од неговата ера, а најголемиот број класичари од деветнаесеттиот и од дваесеттиот век, импресионирани од моќта на Демонстеновата ораторика, го гледале Филип како варварин, решен да ја прекине слободата на грчките градови-држави.” (Стр. 198, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон, Њу Џерси, 1990 година).

“Во овој најкритичен момент во македонската историја, Филип, кој тогаш имал дваесет и четири години, дејствувал со запрепастувачка енергија и вештина. Со брилијантните подвизи на оружјето и со најсуптилната и препредена дипломатска вештина, тој брзо успеал да ги отстрани опасностите и однадвор и одвнатре и наскоро со акламација бил прогласен за крал од страна на македонската војска.

Во првата година од неговото владеење, Филип постигнал највисоко ниво во својата моќ. Неговите извонредни способности како генерал, државник и дипломат, кој го овозможил тој брз и темелен спас на државата, исто така, ни ги објаснуваат и врвните успеси во неговата кариера. Сепак, големината на овој човек не била сфатена се до деветнаесеттиот век. Причината не е само тоа што неговата слава била затемнета од величествените достигнувања на неговиот син Александар. Споменот за него, исто така, трпел и од тоа што најголемиот оратор што Грција го дала, Демостен, бил негов политички противник. Тој страсно го напаѓал во неговите неспоредливи говори, а, во интерес на неговата политика, од омраза на Атињаните им претставувал искривена слика за Филип “варваринот”. Посебно во ерата на красицизмот, сите биле заслепени од убавите реченични пасуси на Демостен и прифаќајќи ги истите буквално, сите суделе за животното дело на Филип, единствено од гледиште на Атина, а тоа, исто така, произлегувало од гледиштето на Демостен. Тоа било нагласено од страна на политичките тенденции од тој период. Бартолд Џорџ Нибур /Barthold Georg Niebuhr/ чувствувал многу силна омраза кон Филип во кого, во својата живописна концепција за историјата, гледал паралела со Наполеон и, пред Аустерлиц, објавил превод на првите филипики на Демостен за да создаде политички ефект против галските бунтовници (Gallus), што се гледа од мотото кое тој го прилепил во преводот. За да се постигне праведна

оценка за Филип, историската наука требало, најпрво, да биде ослободена од атинското – Демостеново гледиште. Само современото истражување кое, следејќи го водството на Ј. Г. Драјзен, има се поголема и поголема тенденција да тргне од правилното гледиште; македонскиот крал Филип мора да биде оценет според стандардот само на македонските интереси.

Ако го сториме тоа, Филип стои пред нас како еден од големите владетели во светската историја, не само поради тоа што тој ги поставил темелите за подвизите на неговиот уште поголем син Александар, врз кои Александар, во согласност со својата генијалност, создал еден нов свет, туку, исто така, и како човек, сам по себе, со далековидни цели и постигнувања". (Стр. 27-29, Урлих Вилкен, Александар Велики).

Поривот да го обезбеди своето кралство, го однел Филип на запад до Орестис /Orestis/ и /Lincus/ каде подигнал одбранбени бариери и создал нови граници кои до ден-денес ги одбележуваат западните граници на географска Македонија. Во 357 година пред Христа, на југ, Филип барал и обезбедил сојуз со Епир, делумно запечатен со неговиот брак со Олимпија, внука на епирски врховен командант и многу важна фигура за македонската иднина, и делумно со тоа што го земал братот на Олимпија, Александар, во македонскиот двор. Бидејќи бил Филипов штитеник, долгорочно земено, Александар самиот се покажал како добар сојузник на Македонија.

Македонските соседи на север и на југ со големо сомнение ги гледале сите тие добри работи што се случувале во Македонија. Она што се случувало дотогаш било само прелудиум на нештата што ќе дојдат, а главните битки за Филип допрва требало да бидат водени.

ГЛАВА 5 - ФИЛИП II – НАЈГОЛЕМИОТ ОД СИТЕ ЕВРОПСКИ КРАЛЕВИ

Филип II е роден во 382 година пред Христа во Пела, главниот град на античка Македонија и владеел со Македонија од 359 до 336 година пред Христа. Филип бил најмалиот син на кралот Аминта III и Евридика.

По смртта на Аминта III, стабилноста на Македонија почнала да опаѓа, бидејќи Александар II, и подоцна Пердика III, неуспешно се бореле да ја сочуваат негибната, т.е. цела. Нестабилноста била предизвикувана, главно, од надворешните напади од соседните Тракијци, Илири и од јужните градови-држави. Тракијците окупирале делови од источна Македонија, додека Илирите се заканувале од подалеку од северозападна Македонија. Теба, најмоќната воена сила во тоа време, често се мешала во македонските работи, додека колониите на Халкидики претставувале пречки за македонскиот економски просперитет и често биле закана по македонската безбедност.

Од она што Диодор Сикул /Diodorus Siculus/ ни кажува, додека Тебанците го држеле Филип како заложник од 368 до 365 година пред Христа, тој покажувал необичен интерес за проучување на нивните воени техники и оружја. Филип бил особено заинтересиран да го разбере борбениот стил на елитната тебанска Тајна група, што подоцна ќе стане важно за неговата кариера, при реформирање на неговите оружени сили. Откако Филип бил ослободен од Теба, по барање на неговиот брат (Пердика III), тој веднаш почнал да ги спроведува своите реформи и да ги реорганизира македонските оружени сили.

За жал, пред Филип да заврши со ова, умрел неговиот брат. Додека се борел со Илирите во северозападна Македонија, Пердика III бил смртно ранет и умрел во битката. Уште полошо, во текот на истата битка, Македонците претрпеле деморализаторски пораз, губејќи околу 4.000 војници кои го сочинувале поголемиот дел од македонската армија.

Победоносните Илири навлегле и ја окупирале севернозападна Македонија. Сместени високо на планината

Линкус, станале закана и за самото постоење на македонското кралство.

Наименуван од македонската армија, по смртта на својот брат, Филип се искачил на македонскиот престол во најтешките времиња. Неговото кралство практично било на работ на пропаста, а неговите соседи, чекајќи како мршојадци, имале намера да стават крај на неговото постоење. Освен вообичаените закани однадвор, Македонија била дополнително ослабена од внатрешните раздори. Претенденти одвнатре сакале да го узурпираат македонскиот престол за себе. Некои од нив биле поттикнати и потпомогнати од странски сили. Наспроти огромниот притисок, 21-годишниот крал не се обесхрабрил и наскоро ги демонстрирал своите способности не само како компетентен владетел, туку, исто така, и како вешт дипломат.

Кратко време откако ја презел контролата над своето кралство, тој го подмитил тракискиот крал со подароци и го убедил да го егзекутира првиот македонски претендент кој, во тоа време, се криел на тракискиот двор. Вториот претендент, поддржан од Атина, го поразил во битка. Внимавајќи да не ги вознемири Атињаните, ги смирил со потпишување договор со кој им го отстапил Амфипол. За нешто повеќе од една година ги отстранил сите внатрешни закани и го обезбедил своето кралство со тоа што цврсто се сместил на престолот.

Решен да ја ослободи северозападна Македонија, во 358 година пред Христа, Филип ја ставил својата реформирана армија на тест и се борел со Илирите лице в лице во една жестока борба. Оставајќи ги настрана сите стравови од претходната битка, моќната македонска армија се соочила со легендарните Илири и постигнала убедлива победа. Илирите се разбегале во паника оставајќи 7.000 мртви, речиси три четвртини од нивната армија.

“Без одлагање, тој (Филип) свикал собрание, го подигнал борбениот дух на своите луѓе со соодветно избрани зборови и ги повел кон територијата што ја држеле Илирите, а неговата армија броела не помалку од 10.000 пешадинци и 600 коњаници. Бардил /Bardylis/ (илирскиот водач) се уште не извршил прозивка на огромните сили кои имал намера да ги води во понискиот дел од Македонија. Затоа понудил мир

врз основа на статус кво. Филип одговорил дека мирот е прифатлив само ако Бардил ги евакуира своите војници од сите македонски градови. Бардил не бил подготвен да го стори тоа. Самоуверен од величественият успех и од бројните победи на неговите елитни илирски војници, кои броеле 10.000 пешадинци и 500 коњаници, тој тргнал да започне битка на отворената рамница на Линкус. Воените крикови на 20.000 војници одекнувале од планините.

Без разлика дали имало претходна битка со коњиците или не, Бардил сфатил дека бил победен во коњицата. За да го заштити крилото и заднината на неговите копјаници од нападите на непријателската коњица, наредил неговата пешадија да формира еден празен правоаголник чиј фронт, кој се соочувал со непријателот, бил составен од неговите најдобри луѓе, а другите страни од помалку вешти војници, сите со лицето свртени кон надворешната страна. Недостатокот на таа формација лежел во нејзината неподвижност. Иницијативата сега била кај Филип кој веднаш ги уочил добрите страни од еден напад врз крајната лева страна на челото и на левата страна на непријателот. И наредил на својата фаланга да маршира напред во кос агол кон челото на непријателот; неговата десна страна напредувала, а левата заостанувала, па ја концентрирал својата пешадија на неговата десна страна. Кралот и војниците на кралската национална гарда ја предводеле пешадијата на македонското десно крило. Како што им се приближувале на неподвижните Илири, јуришале кон непријателскиот лев фронт со концентрирани спуштени копја (Илирите никогаш пред тоа не виделе копја), комплетно го разбиле аголот од правоаголникот, овозможувајќи и на коњицата да ја нападне растурената формација на крилната страна и одзади. Илирите биле разбиени и се разбегале. Гонењето од страна на коњицата по рамнината предизвикало големи загуби: 7.000 од 10.500 војници. Бардил испратил претставници да бараат мир. Филип ги закопал мртвите на бојното поле во согласност со македонскиот обичај и ги поставил условите за мир кои вклучувале не само враќање на сите македонски градови, туку, исто така, и предавање на територијата се до североисточниот брег на езерото Лихнида /Lychnitis/. Мирот

со Бардил бил зацементиран со бракот на Филип со илирската принцеза Аудата /Audata/.” (Стр. 62, Николас Г. Л. Хамонд, Чудото што било Македонија).

Северозападна Македонија тогаш била слободна, а сите кантони во Горна Македонија, вклучувајќи ја Линкестија, родното место на мајката на Филип, биле под цврста македонска контрола и биле лојални на својот ослободител Филип II.

Филип бил свесен дека со мала армија од 10.000 војници не може да го брани своето кралство, дури ниту против поразениот илирски водач кој на свое располагање имал побројни резервни војници. За да го обезбеди своето кралство и да создаде фонд, т.е. извор на нови регрути, Филип ги убедил водачите на помалите кралства да му се придружат. На оние кои го сториле тоа, им понудил почесни позиции на неговиот двор.

Со обезбедена западна граница, Филип напредувал кон исток за да го обезбеди басенот на реката Струма, северно од Халкидики. Неговото присуство таму ги алармирало колониите, особено Амфипол, и во паника тие отишле да и се жалат во Атина. Но, Атина, имајќи свои проблеми, била немоќна да дејствува и овозможила Филип да ги спроведе своите операции неослабен.

По неуспешниот обид да осигура сојуз со мирољубиви методи, Филип концентрирал голема војска и го нападнал Амфипол. Употребувајќи го својот модернизиран начин на опсада, со заднинско засилување, тој бил во состојба брзо да се пробие низ тешко утврдените градски ѕидови. “Во 357 година, по пробивањето низ ѕидовите со своите машини за опсада (Диод. 16.8.2), го зазел Амфипол, на тој начин постигнувајќи го, за само неколку недели, она што Атињаните не успевале да го сторат повеќе од шеесет години.” (Стр. 213, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон).

Како што ветил пред опсадата, останувајќи доследен на својот збор, Филип, откако го окупирал, на Амфипол му дал независност под надзор на македонски надгледувачи.

Во текот на истата година (357 година пред Христа) Филип, наспроти противењето на Атина, го освоил градот Потида на Халкидики. Одејќи кон север, Филип, исто така, ја

освоил Пидна /Pynda/, уште еден град-држава колонија на македонскиот брег.

Неколку години подоцна, Филип го освоил градот Метон /Methone/, кој долго време бил атинска база, сместен во близина на Пидна. За жал, таа посебна победа била горчлива и блага едновремено, бидејќи Филип, во текот на опсадата, го изгубил видот на едното око, поради удар со стрела. Истата година, македонската армија напредувала кон исток во тракиска територија и го зазела градот Кренид /Crenides/ (сместен во близина на денешниот град Драма) кого неговите жители подоцна го преименувале во Филипи. Кренид не бил само вообичаена оддалечена населба и воена база; тој бил и седиште за обработка на златото од рудниците во планините и во заднината, а кои Филип ги присоединил кон македонските поседи. Дел од приходите од откопаното злато бил реинвестиран за исушување на блиското мочурливо земјиште, правејќи го регионот околу Филипи најповолна локација за нов развој. Источна граница на Македонија, која се протегала до реката Места, тогаш била безбедна.

Пред да продолжам со подвизите на Филип кон југ, би сакал, за момент, да направам дигресија и да зборувам за бројните бракови на Филип. Македонската традиција да се обезбедат сојузи преку сколопување бракови, се практикувала долго време пред Филипа. Можеби таа била измислена уште во текот на каменото доба за да се зацврстат семејните врски. Според Борза, најдобриот извор за да се објаснат комплицираните бракови на Филип е биографот Сатир /Satyrus/. Сепак, се сомневам, дека Сатир било кога го сфатил вистинското значење на оваа традиција. Исто така, сакам да разјаснам дека античкото однесување кон браковите нема ништо заедничко со нашето современо сфаќање и со вредностите од бракот. Еве што Борза има да каже:

“Тој се оженил со Аудата, Илирка, и со неа ја имал ќерката Сина /Cynna/. А потоа се оженил со Фила /Phila/, сестрата на Дерд /Derdas/ и на Махат /Machatas/. Потоа, бидејќи сакал да го придобие и тесалискиот народ, пак, врз основа на сродство, добил деца од две тесалиски жени, од кои едната била Никесиполија /Nikesipolis/ од Фера /Pherae/, која му ја родила Тесалоника /Thessalonike/, а другата Филина /Philinna/ од Лариса со која го имал Архидеј /Arrhidaeus/.

Потоа го добил кралството на Молосијаните /Molossians/ исто така, женејќи се со Олимпија. Од неа ги имал Александар и Клеопатра. А тогаш, кога ги освоил Тракија и Котел /Cothelas/, кралот на Тракијците дошол кај него носејќи му ја својата ќерка Меда /Meda/ и многу дарови. Откако, исто така, се оженил со неа, ја донел во своето домаќинство покрај Олимпија. Потоа, се оженил и со Клеопатра, сестра на Хипострат /Hippostratus/ и внука на Атал/ Attalus/, во која се вљубил. Но, кога ја донел и неа во своето домаќинство покрај Олимпија, целиот свој живот го претворил во конфузија. Веднаш, во текот на свадбената прослава, Атал рекол: "Сега сирурно ќе ни бидат родени легитимни кралеви, а не вонбрачни деца." Штом Александар го слушнал тоа, го фрлил пехарот, што го држел во својата рака, кон Атал; на тоа, тој, исто така, го фрлил својот пехар кон Аледкандар. По ова, Олимпија побегнала кај Молосијанците, а Александар кај Илирите. А Клеопатра ја родила ќерката на Филип по име Европа." (Стр. 206-207, Еуген Борза, Во сенката на Олимп, Појавувањето на Македон).

Од бракот на Филип со Поликсена /Polyxena/ (на која Филип и дал прекар Олимпија), во 356 година пред Христа, се родил Александар кој за неколку години ќе стане крал Александар III.

Уште на почетокот на својата кариера, Филип сфатил дека за да се брани против актуелната агресија, му треба армија со цело работно време. Ја изградил својата армија така што оружените сили ги направил начин на живеење за обичниот Македонец. Да се биде војник, станало професионално занимање кое било добро платено и од кое добро се живеело преку цела година. За разлика од порано, кога да се биде војник значело да се има работа со скратено работно време, нешто што мажите го правеле во своето слободно време, на војниците на Филип можело да се смета во било кое време. На новиот македонски војник му била дадена можноста да развива тимски вештини, единство, кохезија и доверба во племството, квалитети кои му недостасувале на војникот со скратено работно време.

Македонските војници не биле единствените кои профитирале од Филиповите реформи. За армија со цело

работно време биле потребни оружје, засолниште, храна и облека. За да се обезбеди сето тоа, требало да се развие цела нова индустрија која вработувала луѓе со разновидни занимања и вештини.

Исто така, сакам да нагласам дека не смееме да го заборавиме општиот придонес на македонското население кое, не само што му обезбедувало војници на својот крал, туку, исто така, му обезбедувало работна рака за обработување на неговите земји и храна за неговата армија, ги градело неговите патишта, изработувало оружја, машини за опсада и бродови. Филип ќе бил беспомошен без поддршката и лојалноста на македонскиот народ.

Со реорганизирана армија, исполнета со самодоверба и опремена со модерно оружје, Филип го свртел своето внимание кон југ. Прво отишол во Тесалија каде постигнал лесна победа. До 352 година пред Христа имал цврста контрола над регионот кој се проширувал на југ, се до преминот на Термопилите. Како дел од мировниот договор со Тесалијците, Филип се оженил со Никесипола, истакната жена од месното население. Таа на Филип му родила ќерка која ја крстил Тесалоника за да ја прослави неговата победа над Тесалија.

Со Тесалија на негова страна, Филип фрлил око на северната врата на градовите-држави кои во тоа време биле добро чувани и бранети од атински, спартански и ахајски сили.

Со обезбедена јужна граница, Филип се вратил во Македонија да се погрижи за работите поблиску до дома. Во 348 година пред Христа, ја испратил својата македонска армија до полуостровот Халкидики и освоил дел од колонијалните земји, почнувајќи од градот-држава Олинт /Olynthus/. Олинт бил голем меѓу северните градови-држави, симбол на моќ што и стоел на патот на Македонија. Филип го ограбил Олинт и неговото население го продал како робови, практика која во тоа време се очекувала од градовите-држави, но не и од Македонците. Како и Метон пред тоа, така и Олинт и околу 31 друг град на Халкидики биле расчистени, а нивните земји биле прераспределени на Македонци. Еден од опљачканите градови бил Стагерија /Stageria/, родното место на Аристотел. Кога Филип завршил

со проширувањето на својата земја со присвојување други колонии, извршил мелиоризација на целиот полуостров Халкидики за своите Македонци.

До 348 година пред Христа, иако Филип контролирал практично се што било на север од Ламинскиот Залив /Lamian Gulf/, тој никогаш не бил вистинска закана за моќните градови-држави на југ. Можеби ги анексирал нивните колонии и им го пресекол пристапот до дел од нивните пазари, но никогаш не бил закана по нивниот начин на живеење или постоење.

Но, 348 година пред Христа работите почнале да се менуваат. Тоа започнало со Филиповата интервенција, во интерес и корист на Тесалија, да го ослободи Делфи од побунетите елементи. Делфи бил религиозен центар чија неутралност била штитена од Амфиктионската лига /Amphictyonic League/, античко и главно религиозно здружение на централните градови-држави. Кога една побунета фракција на Амфиктионската лига избегала од контрола и се заканила по неутралноста не центарот, Филип бил повикан да ги разреши работите.

Филип многу сакал да ги обврзе своите тесалиски сојузници, но во исто време морал да внимава да не ги вознемири Атињаните и Тебанците кои се спротивставувале меѓу себе, ама, исто така, имале свои стекнати права во Делфи. Во таа фаза, еден Атинско-тебански сојуз би бил катастрофален за Македонија и по секоја цена морало да биде избегнат.

Бидејќи веќе бил во сојуз со Теба, Филип размислувал за еден дипломатски потег кон Атина, нудејќи им на Атињаните заедничко учество во отстранување на бунтовниците. За жал, Атињаните во Атина, бидејќи биле сомничави кон мотивите на Филип, одбиле и меѓусебе предложиле да преземат противмерки за сосема да го сопрат Филип да интервенира, ако е потребно дури и со сила. За среќа, пред да биде нанесена било каква штета, мудроста преовладала и Атињаните решиле, најпрво, да разговараат со Филип пред да го нападнат. Бидејќи бил мајстор за дипломатија, мудриот Филип ги убедил постарите Атињани дека не мислел ништо лошо и дека само сакал тоа прашање да биде решено по мирен пат. За да ги смири нив, отишол

чекор понапред и лично понудил гаранции за атинската хегемонија над неколкуте региони во близина на Атина, нешто што Атињаните го посакувале долго време. Последниот предлог на Филип бил успешен и бил целосно прифатен од Атињаните. Тој дури добил поддршка од Демостен, Филиповиот "најверен" критичар.

За жал, она што од Атина било сметано за фер, очигледно било сметано за нефер од Теба и проблемите почнале да се трупаат. За да се извлече од сето тоа, Филип му се обратил на Амфиктинскиот совет и побарал од неговите членови со гласање да ја исклучат од членство групата бунтовници и истата да ја заменат со македонскиот крал. Со тој генијален потег, Филип ја одбегнал блиската војна со Атина, му ставил крај на бунтот во Делфи, го спасил Амфиктини, спречил војна со Теба, напрабил сојуз со Атина, а станал и член на Амфиктинската лига со право на глас. Тоа, навистина, била дипломатска победа, достојна за македонскиот крал.

Антагонистите на Филип, за жал, со сомнение гледале на она што било добро за Македонија. Тука спаѓал и големот атински оратор Демостен. Во 351 година пред Христа, Демостен ја одржал првата филипика, серија говори со кои ги предупредувал градовите-држави во врска со македонската закана по нивната слобода. Неговата втора филипика била одржана во 344 година пред Христа, а третата во 341 година пред Христа, а неговите три олинтиаки во 349 година пред Христа и сите биле насочени кон поттикнување на Атина и на другите против Филип.

Најпозната беседа на Демостен биле третите филипики во кои се зборува дека Филип "не само што не е Грк, ниту, пак, е поврзан со Грците, не е дури ни варварин од било кое место што може да се именува со почести, туку тој е никаквец од Македонија, заразен од чума, каде никогаш и не било можно да се купи пристоен роб" (од третата филипика, 31). Ова се зборовите што го рефлектираат фактот дека античките градови-држави ги сметале античките Македонци како "опасни соседи", но никогаш како сродство.

Наспроти Демостеновата критика и одржливиот мир, барем тогаш, Филип бил слободен да се врати во Македонија бидејќи имал рамноправно седиште во Советот на власт. Поголемиот дел од 345 година пред Христа, Филип ја

поминал водејќи ја својата армија против Илирите, Дарданците и Тракијците и обично угушувајќи буни. Во 344 година пред Христа, Тесалијците се побуниле, но лесно биле скршени. Во 342 година пред Христа, Филип вмарширал во Епир и го заменил кралот Арибас /Arybbas/ со неговиот млад штитеник и зет Александар (Амакс) /Amaxis/.

Чувствувајќи се поголемо незадоволство кај Атињаните, Филип проценил дека е прашање на време кога ќе избие војна меѓу Македонија и Атина, особено откако Атина го изменила и дополнила Македонско-атинскиот мировен договор, надевајќи се дека тој ќе биде неприфатлив за Филип.

Решен да привлече колку што е можно повеќе градови-држави на своја страна, Филип продолжил да прави сојузи со помалите градови. Бил решен да ги привлече градовите кои биле непријателски расположени кон многу помоќните држави, со надеж да ги подели и да ги ослаби.

До 340 година пред Христа со Атина било стасано до точката од која веќе немало враќање, кога Филип веќе не можел да им угодува на атинските барања за да го одржи мировниот договор, особено откако Атина ги спонзорирала антимакедонските буни во северен Егеј /in the northern Aegean/. Како одмазда за ова последно предавство на Атина, во 340 година пред Христа, додека бил во поход против внатрешните буни на исток, Филип заробил една мала флота на Атина. Тоа била последната капка за Атина и под лично водство на Демостен, Атињаните ги убедиле Тебанците заеднички да и објават војна на Македонија. Послабите држави, немајќи голем избор по ова прашање, исто така, и се придружиле на декларацијата. Она што Филип се обидувал да го одбегне по секоја цена, сега било неизбежно.

Пред да може да им удоволи на своите соседи на југ, Филип морал да заврши некои работи на север. Брзо составил голема војска и вмарширал длабоко во тракиската територија па до 339 година пред Христа го освоил поголемиот дел на Тракија. За жал, не бил во состојба да ги потчини градовите на источниот брег, Византија /Byzantium/ и Перинт /Perinthus/, кои ги издржале дури и неговите најжестоки опсади. Било јасно дека ниту еден од тие градови немало да опстанат ако не била помошта од јужните градови-држави и од Персијците. Иронично, иако Персија, повеќе од

еден век била најомразена држава, дури и тогаш градовите-држави застанале на страната на Персијците против Македонците.

Реагирајќи на еден скитијски предизвик, Филип ги напуштил опсадите на источните градови и, во пролетта 339 година пред Христа ги повел своите Македонци подалеку од Тракија. Таму, во близина на реката Дунав, се судрил со Скитијците и постигнал фрапантна победа, крунисана само со смртта на Ареас, скитскиот крал. За жал, при враќањето дома, конвојот на Филип бил нападнат и неговиот плен бил земен од тракиските Трибалци /Triballians/. За време на спорадичните борби, Филип бил сериозно ранет во ногата, што довело да биде осакатен за цел живот. Откако се вратил дома, закрепнувал неколку месеци.

Додека Филип закрепнувал, градовите-држави на југ правеле сојузи и натрупувале голема армија за да извршат инвазија на Македонија. Кога слушнал за тоа, Филип решил дека дошло време директно да се соочи со таа агресија и со тоа предавство да заврши еднаш засекогаш. На 2 август 338 година пред Христа, во долината на плитката река Цефис /Cephisus/, во близина на селото Херонеја /Chaeronea/ на патот кон Теба, двете спротивставени армии се судриле лице в лице. На северната страна биле Македонците на Филип, кои броеле 30.000 пешадинци и 2.000 коњаници, најголемата армија која било кога била собрана. Меѓу генералите-команданти на Филип бил и неговиот 18-годишен син Александар, кој бил одговорен за коњицата. На јужната страна биле здружените Атињани, Тебанци и Ахејци, кои собрале 35.000 пешадинци и 2.000 коњаници, најголема војска што била собрана од инвазијата на Персија.

Речиси изедначени, војските се судриле и, додека битката се разгорувала, македонското десно крило прибегнало кон повлекување. Кога виделе дека Македонците се ослабени, сојузничкиот генерал дал наредба да притиснат, да ги одбијат Македонците и да ги принудат да се вратат во Македонија. Како што Македонците се повлекувале, така сојузничките крила ги растуриле своите воени редови и го започнале гонењето. Не сфаќајќи дека тоа било трик, сојузниците се нашле опколени и биле заклани од коњицата на Александар. Кога се било завршено, најголемиот дел од

сојузничката војска, вклучувајќи ја и тебанската Тајна група, лежеле мртви на полињата на Херонеја. Филип подигнал статуа на лав за да го прослави спомент на жртвата на тебанската Тајна група, која ја потврдила нивната традиција и се бореле до последниот човек.

Античките градови-држави и римските историчари битката кај Херонеја ја сметаат како крај на слободата, историјата и цивилизацијата на градовите-држави.

Победоносно, наскоро по битката, Филип продолжил да ги обезбедува своите најнови освоени територии со тоа што стратешки поставувал македонски гарнизони во Теба, Калкија, Амбракија, Коринт и Пелопонез /Thebes, Chalcis, Ambracia, Corinth, Peloponnesus/. Потоа, ги свикал претставниците на сите градови-држави на една голема мировна конференција во Коринт, каде склучил мир со секој од нив. Спарта била единствената која се воздржала. Бидејќи не му претставувала закана, Филип решил да ја остави Спарта на мира.

Филип ги организирал градовите-држави во еден сојуз познат како Лига на Коринт. Тоа бил сојуз помеѓу градовите-држави и сојуз меѓу градовите-држави и кралот на Македонија. Лигата формирала еден посебен сојуз со Македонија, но самата Македонија не била член на Лигата на градовите-држави. Тоа било сојуз кој сите држави, големи и мали, ги третирал еднакво. Обратно, помалите држави барале од Македонија, како голема сила, да им ги гарантира нивните права и опстојувањето меѓу поголемите држави.

Да живее во мир со своите соседи, било токму она што Филип го имал предвидено десет години пред тоа. Тоа можело да се случи преку дипломатија. Дури и во оваа фаза, јас верувам дека Филип сакал да го обезбеди своето кралство на мирен начин и дека тој посегнал по војна откако сите други средства биле исцрпени. Ако некому треба да му се припише одговорност, тогаш истата треба да ја сносат Атињаните поради нивните сомнежи и недоверба.

Откако го осигурил мирот со градовите-држави, Филип почнал да гледа кон неутрализирање на следната голема закана, Персија. Идејата да ја потчини Персија привлекувала дел од градовите-држави, но не сите. Оние кои биле наклонети кон идејата, особено оние кои припаѓале на

Лигата на Коринт, го избрале Филип како главен командант на азиската експедициона сила. Оние кои се спротивставувале, особено оние градови-држави чии вооружени силе и команданти сега биле невработени, отишле во Персија да добијат повисоки чинови како персиски наемници и да се борат за пари против Македонците. Според римскиот историчар Куртиј /Curtius/, до времето кога македонската војска стапнала во Азија, сила од 50.000 бојници на градовите-држави веќе и се придружиле на армијата на персискиот крал и се скриле чекајќи да се соочат со Македонците.

Филип, кој повеќе или помалку бил задоволен од завршувањето на работите со градовите-држави, се вратил дома за да се подготви за походот во Азија.

Се вели дека ако било кога Филип направил некаква грешка, тогаш тоа било што се "оженил од љубов", редок луксуз за било кој монарх, а уште повеќе што пред тоа се женел не еднаш, туку шест пати. Жената на неговата љубов била Клеопатра, девојка од македонското племство. Заслепен од својата љубов кон младата Клеопатра, Филип занемарил да види дека неговиот брак со неа ќе води кон раскинување со Олимпија и до оддалечување од неговиот син Александар. Олимпија била горда жена и голем заштитник на својот син. Бракот на Филип со помлада жена и, освен тоа Македонка, ја направило да се почувствува и несакана и занемарена во нејзиниот сопствен дом. За неа, последниот брак на Филип бил срам за нејзината репутација како сопруга и закана по легитимноста на нејзиниот син како наследник на македонскиот престол.

Не знаејќи што друго да направат, Олимпија и Александар заминале во Епир. Веднаш штом ја однел мајка си дома, Александар заминал од Епир и отишол кај Илирците. Оттаму тој преговарал да се врати во Пела каде неговиот татко му простил за неговите недела. За несреќа на Олимпија, бракот на Филип со Клеопатра траел подолго отколку што очекувала и Клеопатра му родила дете.

Во текот на наредната пролет (336 година пред Христа), во подготовките за напад на Персија, Филип решил претходно да испрати извидница. Под команда на генералите Атал /Attalus/ и Парменио /Parmenio/, 10.000 македонски војници

биле подготвени и испратени преку Мала Азија да го поплочат патот за офанзивата за следната пролет. Додека војниците го пробивале својот пат преку Хелеспонт, Македонците во Ега се подготвувале за една голема свеченост. Ќерката на Филип, Клеопатра, требало да се омажи за принцот Александар (Амаксис) од Епир. Тоа требало да биде, навистина, раскошна прослава со многу забава и игри. Филип поканил многубројни и различни гости од целото свое кралство да учествуваат и да бидат сведоци на мажачката на неговата ќерка. Меѓу поканетите била и Олимпија. Бидејќи била сестра на младоженецот, Олимпија била обврзана да присуствува. Во прво време таа стравувала, но откако била уверена дека Филип ќе и посака добредојде и ќе ја пречека, таа ја прифатила поканата. Останувајќи доследен на својот збор, Филип бил учтив и пријателски се однесувал кон неа уште истиот ден кога таа пристигнала.

Се вели дека по веселбата, првиот ден Филип ја посетил Олимпија и, меѓу другите работи, дискутирал и за загриженоста на Олимпија во врска со шансите на Александар да го наследи престолот. Филип и ветил дека нема причина да биде загрижена и повторно ја уверил дека Александар бил негов прв избор да го замени кога за тоа ќе дојде време. Веселбата од првиот ден завршила без никаков инцидент. Но, големата несреќа се случила вториот ден. За време на процесијата во театарот во Ега, додека стоел помеѓу неговиот син Александар и неговиот нов зет Александар, еден член на кралската гарда по име Паусаниј, го прободел Филип со кама и го убил. Потоа, Паусаниј потрчал кон коњите кои го чекале за да побегне, но се сопнал и паднал. Неговите гонители го фатиле и го боделе со своите копја се додека не умрел.

"Најголемиот крал од сите кралеви на Европа" кој ја ослободил Македонија од странска окупација, ја вратил од работ на исчезнување и ја претворил во светска сила, сега лежел мртов во својата палата, убиен од својот личен телохранител. Филип II, крал на Македонија од 360 година пред Христа до 336 година пред Христа умрел од бесмислена смрт, а бил наследен од неговиот син Александар.

Многу историчари вложиле огромен труд, барајќи ги причините за да објаснат зошто бил убиен Филип. Дали тоа

било заговор однадвор, или бил заговор претходно смислен од неговиот син Александар? Дали тоа било акт на бес од страна на луд војник? Или тоа била освета на Олумпија поради тоа што тој ја понижил женејќи се со Клеопатра? Мислам дека никогаш со сигурност нема да ја дознаеме причината.

Плановите на Филип за Персија сега биле во рацете на неговиот наследник. Филип сторил се што можел за да ја направи Македонија голема, но, дури ниту тој не можел да замисли колку таа допрва ќе биде голема.

ГЛАВА 6 - АЛЕКСАНДАР III – НАЈГОЛЕМИОТ ОД ГОЛЕМИТЕ ОСВОЈУВАЧИ

Александар III, синот на Пилип II и Поликсена (Олимпија), е роден во Пела, на 22 јули 356 година пред Христа. Александровиот татко, Филип, бил син на македонскиот крал Аминта III и Евридика, илирска принцеза. Неговата мајка Поликсена, или Олимпија, име по кое станала позната во Македонија, била ќерка на молосијанскиот крал Неоптолем /Neoptolemus/.

Александар бил роден во еден динамичен свет каде насилството било начин на живеење. Уживал во приказните за војни, за кои се зборувало во палатата, и несомнено уживал и се наслaдувал на победите на својот татко. Филип многу го сакал сина си и доста време поминувал со него, давајќи му љубов и раскажувајќи му приказни. Најраното образование на Александар му било доверено на Леонид /Leonidas/, роднина на Олимпија. Но, како што открил Леонид, Александар не бил обичен ученик и на неговото пркосење не можело да се влијае со вообичаени методи. Затоа, во 343 година пред Христа, кога Александар имал тринаесет години, Филип го повикал Аристотел за да го подучува. Аристотел во тоа време не бил познат човек, како што го знаеме денес, туку, едноставно бил учител со добра репутација. Филип го одбрал врз основа на препораките од други.

Аристотел бил роден во Стагира /Stagira/ (град на Халкидики, освоен од страна на Филип) и бил син на Никомак /Nicomachus/ (некогаш доктор на Аминта III). На возраст од 40 години (или повеќе) Аристотел го напуштил своето новоотворено училиште на Милитин, Лезбос /Mylitine, Lesbos/, и отишол во Пела каде му била дадена резиденција во тивкото мало селце Миеза /Mieza/. Таму, во близина на светилиштето на Нимфите, далеку од брзањето карактеристично за градскиот живот и постојаните превирања на Пела, Аристотел ги поминал наредните три години учејќи го Александар, заедно со уште неколку други деца. Едно од тие деца бил Хефестион /Hephaestion/, со кого Александар се спријателил за цел живот.

Аристотел, освен што го учел Александар за чудата на животот, поттикнал во него страсна љубов за културата и интелект кои длабоко влијаеле врз неговиот живот и на начинот на кој тој го гледал светот. Но, тоа биле Хомеровите книги кои најмногу го инспирирале Александар. "Илијадата", најдобрата книга напишана било кога, и нејзините два главни хероја, Херкул и Ахил, биле движечката сила што ги поттикнала желбите на Александар за освојување и трагање по непознатото. Освен што го учел како да стане крал, Аристотел во Александар развил голем интерес и за природните науки.

Во 340 година пред Христа, на возраст од шеснаесет години, додека татко му Филип бил во поход на Византија, Александар станал регент на Пела. Тоа било токму тогаш кога Александар вкусил како е да се командува, особено како е да се командува битка и да се задуши еден бунт. Тоа било безначајна побуна, поттикната од тракијските Маидојци, но сепак, претставувала радост за Александар да командува. Откако го поразил непријателот, Александар го зазел градот, повторно го населил со Македонци и го преименувал во Александрополис, според неговото име. Тоа ќе биде првиот од низата градови што ќе бидат именувани според младиот освојувач.

Две години подоцна, во 338 година пред Христа, на возраст од осумнаесет години, Александар ја стекнал довербата на својот татко, како командант на македонската коњица во текот на најважната битка во Филиповата кариера. Таа била пресудна битка која не само што ги разбила здружените градови-држави, туку вовела и нова ера во водењето војна. На осумнаесетгодишна возраст, Александар бил дел од тоа во секој аспект.

За жал, на тој ужасен ден во 337 година пред Христа, кога Филип решил да се ожени со Клеопатра, внуката на генерал Атал, пријатната поврзаност на Александар со татка му, во која двајцата уживале, доживеала неочекуван крај. Некои велат дека на свадбената свеченост Александар разменил горчливи зборови со Атал, а потоа предизвикал сцена со неговиот сопствен татко. Било како било, чувствата на Александар биле многу повредени. Чувствувајќи се разочарано од својот сопствен татко, Александар, заедно со

мајка си, ја напуштил Македонија и заминал за Епир. Откако ја однел мајка си во нејзиниот дом, Александар ја напуштил и отишол да живее со Илирите, кај еден крал кој зависел од Македонија. Таму, преку дејствувањето на еден посредник, тој ги надминал разликите со неговиот татко и наскоро се вратил дома во Пела.

Иако татко му му простил, Александар се уште се чувствувал несигурно и неговата несигурност излегла на површина кога Филип и понудил брак на ќерката на еден карииански владетел за неговиот незаконски син Архидеј /Arrhidaeus/, наместо за Александар. Се случило карианскиот владетел да биде вазал на големиот крал на Персија. Филип чувствувал дека не е погодно неговиот син Александар, наследник на македонскиот престол, да се ожени за ќерката на еден персиски вазал. Александар, чувствувајќи се несигурно, за жал, не му поверувал на својот татко и послушал некои лоши совети од неговите пријатели. Игнорирајќи го татка си, Александар тајно се понудил себе си за ает на карианскиот владетел. Кога Филип го открил тоа, секој би очекувал тој да збесне, но не било така. Тој го утешил сина си и му ги објаснил своите вистински мотиви за тој брак и потоа му простил за неговите недела. Што се однесува до Александровите советници Неарк, Харпал и Птолемеј /Nearchus, Harpalus, Ptolomy/, не се извлекле така лесно. За нивните недела и лошите совети дадени на принцот, Филип наредил да бидат прогонети од кралскиот двор на Пела.

Наредната година, во средина на летото 335 година пред Христа, Александровиот живот засекогаш се изменил бидејќи се случила трагедија – неговиот татко бил убиен. Инцидентот се случил во театарот на Ега, во најлошото можно време за Александровата сестра Клеопатра. Очекувајќи наскоро да замине во поход на Азија, Филип ја искористил можноста да ја омажи својата ќерка Клеопатра за неговиот штитеник Александар, крал на Молосија. Никој не очекувал дека за време на процесијата, збудалениот телохранител Паусаниј ќе се фрли на Филип и ќе го прободе до смрт, точно на средина од свадбата на Клеопатра. За Александрова среќа, Филип и Олимпија ги разрешиле несогласувањата и Олимпија била повторно на македонскиот

двор, на страната на Филип, кога се случило тоа, така што Александар ја имал поддршката на мајка си кога му била најпотребна.

Филип имал четириесет и шест години, бил на врвот на својата моќ и среќа кога животот му бил одземен. Имало многу озборувања за тоа зошто тој бил убен, но ниту едно не се докажало, бидејќи неговиот убиец, исто така, бил прободен до смрт пред да биде подложен на испитување. Сега останало на Александар да ги постави работите правилно.

Кога крал или шеф на држава е убиен, државата и нејзините односи со странство се нарушени во самата основа. Македонија, по смртта на Филип, не била исклучок. Прашањето поставувано во сечиј ум, особено во умовите на неговите непријатели, било кој ќе го наследи Филип?

Во случајот на Филип, група македонски војници и бивши војници лојални на кралот, најголемиот број од блиското соседство, биле брзо свикани во Ега. Без двоумење, тие го одбрале Александар за наследник на Филип, новиот крал што ќе ги води. Наредниот ден, еден по еден, неговите војници му се заколнале на верност како што налагал македонскиот обичај. Александар си одбрал свои телохранители, а му била дадена и лична кралска пешадиска гарда. Неговата прва задача како крал било да го истражи убиството на својот татко.

Фактот дека имало коњи вклучени за бегството на Паусаниј, сугерира дека убиството на Филип било претходно смислено и дека се вклучени соизвршители. Но, кој би имал таква дрскост да убие моќен крал и тоа на свадбата на неговата ќерка? Тоа ние никогаш нема со сигурност да го дознаеме! Но, она што е важно, е да испитаме како Александар ја искористил таа трагедија за да си ја обезбеди својата лична позиција во македонското кралство и да се ослободи од некои несакани елементи.

За убиството на Паусаниј пред да може да биде испрашуван, Александар ги обвинил телохранителите и наредил тие да бидат егзекутирани. За делото на Паусаниј како предавник, неговите три сина биле, исто така, егзекутирани. Многу од оние кои биле присутни во театрот тој ден, биле осомничени дека ковале заговор да го убијат и

таткото и синот. Од оние кои биле прогласени за виновни, Александар помилувал само неколкумина, додека повеќето од нив ги осудил на смрт. При крајот на истата година, нови докази излегле на видело, па така и генералот Атал станал осомничен. Александар бил убеден дека Атал имал нешто со тајната комуникација на Демостен, ковајќи заговор да се спречи Александар да стане наследник на македонскиот престол. Александар испратил еден офицер во Азија да го уапси Атал или да го убие ако тој се противи. Како што беше претходно спомнато, Атал и Парменио предводеле експедициска сила во Азија. Како што се очекувало, Атал пружил отпор и бил убиен. По неговата смрт, еден совет на војници му судел и го прогласил виновен за предавство и, во согласност со македонскиот обичај, неговите роднини биле осудени на смрт. Меѓу неговите роднини била неговата внука Клеопатра и Филиповото новородено бебе.

Во текот на зимата, Аминта, син на Пердика III, исто така, бил прогласен за виновен и осуден на смрт. Всушност, уште пред да планира да оди во Азија, Александар ги убил сите машки членови на неговата фамилија кои можеле потенцијално да ја загрозат неговата позиција.

Веста за убиството на Филип го свртело вниманието на целиот свет, особено на градовите-држави кои се радувале што веќе го нема. Александар веднаш им дал на знаење дека од нив ја очекува истата лојалност што тие претходно ја имале кон неговиот татко. Тој ги потсетил градовите-држави дека договорот на Лигата на Коринт бил долгорочен и дека нему му дава законско право да биде хегемон, истото што бил и неговиот татко. Но, зборовите на Александар ниту најмалку не ги вознемириле градовите-држави, така што во Атина тие од радост играле по улиците. Демостен, опиен од можноста за слобода, се појавил во Советот облечен во бело, со венец на главата, поднесувајќи им жртви на боговите поради радосните вести. Повикот за слобода од Атина се проширил брзо како пожар во останатите градови-држави. Аетолците ги повикале назад сите оние кои биле прогонети од Филип; Амбрациотите /Ambraciots/ ги протерале македонските гарнизони; Тебанците зеле оружје в раце за да ја ослободат Кадмеја /Cadmeia/; а имало знаци на побуни на Пелопонез, Аргос, Елис и Аркадија.

Кога пристигнала веста дека Александар ќе го наследи Филип, Демостен се разбеснел. Веднаш испратил таен допис молејќи ги Парменио и Атал да интервенираат. За среќа, Атал и Парменио биле лојални на новиот крал и му дозволиле на Александар да се искачи на престолот без пречки. Па така, на крај, како и неговиот татко претходно, и Александар станал смртен непријател и ноќна мора на Демостен. Не успевајќи да ангажира помош од Македонците кои биле во Александровиот круг, Демостен стапил во чудни односи со персискиот крал и продолжил да работи против Македонија.

Револтот по смртта на Филип не се ограничил само во градовите-држави. Пристигнувале извештаи и од север, со тврдења дека и таму имало немири и побуни. Кога го слушнал тоа, Александар собрал силна војска и со брзина на молња тргнал и ненадејно ги нападнал своите непријатели. Градовите-држави биле први на агендата да бидат потчинети, додека неговата војска марширала во ненадејна посета на Тесалија. Кога го виделе Александар, Тесалијците не само што се покориле, туку покажале и силна готовност да го признаат за свој хегемон. Тие дури се понудиле да му помогнат да ја казни Атина и другите градови-држави поради нивните злосторства.

Откако ја покорил Тесалија, Александар продолжил понатаму кон југ, прегазувајќи ги сите оние кои му стоеле на патот, вклучувајќи ги и Термопилите. По задушување на Термопилите, свикал состанок со Амфиктионскиот /Amphictyonic/ совет, кој, без двоумење, го признал за хегемон. Потоа тивко заминал, марширајќи до Беотија /Boeotia/ и поставил камп во близина на Кадмеја. Неговото ненадејно појавување во Теба, до смрт ги исплашило Тебанците и тие испратиле шокантни вести до Атина за морничав терор, особено по поставувањето на ултиматумот, според кој Александар барал да биде признат за хегемот или да се подготват за војна. Атињаните, очекувајќи го најтешкото, биле подготвени за војна, но им олеснало поради една алтернатива. Имено, преку своите амбасадори тие побарале простување поради тоа што не ја признале неговата хегемонија порано.

По завршувањето на неговиот поход, Александар ги свикал сите членови на Коринтската лига на состанок. Тогаш побарал од градовите-држави да го признаат за хегемон на Лигата, во согласност со договорот склучен со Филип. Спартанците, чиј одговор бил: "Наш обичај е да се следиме себеси, а не други кои сакаат нас да не водат," не присуствувале.

Кога неговата работа со градовите-држави била завршена, Александар го свртел своето внимание кон подбуцнувачите на север. Прво на неговиот список било тракиското трибалско племе, кое живеело помеѓу Балканот и Дунав, со кое Филип се борел, ама не го потчинил. Тоа бил прв поход на Александар извршен без тактичката брилијантност на генерал Парменио, или без верната помош од пријателот и советникот, генералот Антипатер. Успехот на овој посебен поход мора да и се припише исклучително само на Александровата лична генијалност. Пред да тргне во пресрет на Трибалијците, Александар ги испратил своите воени бродови од Византија преку Црното Море во Дунав и им наредил да пловат низводно и да заземат позиција на претходно одредените локации.

Во летото 335 година пред Христа, Александар ја повел својата војска кон север, се додека не ги нашол Тракијците. А Тракијците го окупирале преминот Шипка /Shipka Pass/ и си ја обезбедиле својата позиција на врвот од еден рид, зад едно утврдување направено од коњски коли. Вгнездени на тој рид, чекале додека војската на Александар не почнала да се искачува. Пред Македонците да стигнат на ридот, Тракијците почнале да фрлаат запрежен оган, односно запалени запрежни коли, надевајќи се дека ќе ги натераат да се симнат. Но, Александар го предвидел нивниот план и им наредил на своите луѓе кои стасале речиси до врвот на ридот, да формираат колони со тоа што ќе направат патчиња за колите-оган да се тркалаат надолу, а на своите луѓе, кои биле подолу на ридот, им наредил да легнат во сосема рамна формација, а своите штитови да ги стават врз своите глави.

Како што запрежните коли се тркалале надолу по ридот, така тие биле насочувани кон претходно одредените патеки во алеите, од страна на формациите, и како што се заврзувале, така се тркалале врз покривот од штитови без да

им нанесат некакви повреди на војниците. Благодарение на покажаната супериорна дисциплина, ниту еден живот не бил изгубен.

Александар успешно го освоил преминот Шипка и се симнал на северните рамнини за да го гони трибалискиот крал кој нашол засолниште на еден остров на Дунав. Трибалиската војска, која се повлекла кон север, претрпела уништувачки пораз. Три дена подоцна, кога Александар стигнал до Дунав, ја нашол својата флота која го чекала. Им наредил на своите бродови да го гонат трибалискиот крал, но насипите на островот биле толку стрмни, што тие не можеле да се истоварат. Иако бил спречен, Александар не мислел да се откаже и дошол со нов план кој, иако им се чинел ирационален на неговите офицери, сепак наишол на нивно одобрување и поддршка. Планот на Александар бил "така да се исплаши кралот, за сам да се предаде". Тој пресметал дека со една изненадувачка демонстрација на сила, би можел да ја скрши тенденцијата на непријателот да му дава отпор. Идејата била да се премине Дунав незабележано и да се присилат Гатејците /Getae/, кои живееле на спротивниот брег, во панично бегство и, со таквата демонстрација, да се изненади и исплаши кралот за тој сам да се предаде. Еден навистина нерационален план! Откако ја стекнал лојалноста и довербата на своите Македонци, тие направиле како што им било наредено и почнале тивко да се подготвуваат да ја преминат реката. Земале колку што можеле локални рибарски бротчиња, ги наполниле нивните едра од шаторско платно со сенои, под превезот на темнината, со бротчињата во кои се качиле колку што можело војници, ја преминале реката. Пред зори, 1.500 коњаници и 4.000 пешадинци биле на спротивната страна од брегот. Пред да може да бидат видени, војниците се скриле во полињата со пченка, со што си го маскирале приближувањето. Потоа, како диви животни, коњаниците наеднаш и жестоко се појавиле и почнале да јуришаат на Гатејците, кои биле улогорени пред нивниот град. Сосема изненадени, тие, кои биле многу побројни, брзо трчале, бегајќи во внатрешноста на градот, ги грабнале своите жени и деца и со трчање бегале на север да бараат сигурност во степите. Градот бил заземен, а ниту еден војник не загинал.

Блефот на Александар не само што успеал кај трибалискиот крал кој му се предал на Александар, туку, кога тоа се дознало надалеку, соседните племиња испратиле свои претставници да му оддадат почит на Александар. Дури и Келтите /Celts/, кои преземале ризични потфати источно од Јадранското Море, го замолиле Александар за неговото пријателство.

Кога неговиот поход на север завршил и Александар се подготвил да се врати дома, добил вести за револт на Илирите. Александар ја повел својата војска со голема брзина кон западна Македонија и, токму пред нејзината граница, видел дека наишол на голема дарданска војска која се собрала и го чекала. Започнала битка и Илирите биле натерани да се вратат назад во еден утврден град. Александар поставил камп за да ноќеваат, со намера да го опседне градот наредниот ден. За несреќа, до утрото наишла уште една непријателска војска. Голема таулантиска /Taulantian/ војска им се придружила на Дарданците и на Александар му ги пресекла повлекувањето и снабдувачкиот ред. Македонската армија, која броела околу 25.000 војници и 5.000 коњи, брзо ги потрошила своите резерви. Александар морал да направи нешто и тоа многу бргу. Но, што? Бил опколен од сите страни. Оставен сам да реши, Александар смислил уште еден извонреден план. Им наредил на своите луѓе да приредат претстава. Игнорирајќи го непријателот, и наредил на својата фаланга да направи формација и тивко да маршира напред и назад, додека тој им давал знак со својата рака да маневрираат. Претставата ги привлекла гледачите околу неговиот камп, кои не само што биле изненадени, туку биле и хипнотизирани од сето тоа.

Во вистинскиот момент, Александар дал знак и војниците, истовремено, почнале силно да удираат по своите штитови со копјата. Ненадејниот громогласен рик, по хипнотизирачката тишина, го преплашил непријателот, што довело до тоа коњите да се оттргнат од страв. Со брзина на молња, најдобрите коњаници на Александар, поддржани од неговите стрелци, брзо се стрчале низ преминот правејќи отвор за да може војската да се пробие низ истиот. Тогаш војската, потпомогната со катапулти, стрелци и коњаници, направила еден процеп токму низ средината на

непријателските сили и се нашла на домашна територија, во ливадите околу малото Преспанско Езеро. Ниту еден војник не загинал.

По три дена, со ненадеен ноќен напад, Александар повел јуришна војска низ преминот и му задал решавачки пораз на непријателот. Како што непријателот бегал, така македонската коњица ги гонела, терајќи ги во бегство дури стотина километри, всадувајќи им страв и нанесувајќи им големи штети. Двајцата кралеви и се покориле на волјата на Александар и, наместо да бидат казнети за нивните злодела, станале клиенти-кралеви (односно, кралеви зависни од помошта и заштитата на помоќен крал, односно од Александар, заб) со круна на своите глави.

Штом буните на Илирите биле задушени, Александар добил вести за едно сериозно востание на југ кое изискувало негова итна интервенција. Изгледа дека Тебанците се побуниле и имале убиено македонски офицери стационирани во локалниот гарнизон. Александар брзо ја собрал својата војска и ја повел во брз марш кон југ, низ планинскиот терен. Откако го преминал Термопилскиот Премин, се упатил кон Теба. Александар стигнал токму навреме за да спречи неговиот гарнизон да биде нападнат, па така не била направена сериозна штета. Но, на негово изненадување, не била само Теба која правела проблеми. Атина, исто така, се вклучила во отпорот кога стапила во сојуз со Теба, па испратила оружје и нејзина цивилна војска за да даде поддршка на тебанскиот bунт. Охрабрени од Демостен и потпомогнати од персиското злато, други градови-држави, исто така, му се придружиле на востанието. Целата работа започнала со гласини, без сомнение од страна на Демостен лично, кои тврделе дека Александар е убиен, а неговата војска поразена во Илирија. Но, кога Александар пристигнал жив и здрав со целата своја војска, веројатно, морници поминале низ нивните тела. Бидејќи бил законски хегемон на Лигата на градовите-држави, Александар ги бранел своите права и побарал побунетите да се распуштат. Во присуство на Александар, војските на неколку градови-држави послушале и си заминале. Некои, како Атина, останале стационирани, но не се обидувале да го вовлечат во борба. Тебанците решиле да го прекинат договорот и да се борат,

надевајќи се дека со едно такво вовлекување на Александар во борба ќе ги привлечат и другите. Тие најмногу се потпирале на своите сили и на силните утврдувања на нивните градови.

Откако ги слушнал гласините за неговата наводна смрт, Александар настојувал на востаниците да им даде можност да стават крај на безизлезната ситуација на мирен начин, па им дал три дена за да се предадат. За жал, неместо мирно да се предадат, нивните коњици извршиле јуриш на неговите претстражи, односно воени бази.

Наредниот ден, Александар со марш ја повел својата војска околу градот и застанал пред јужната врата. Налутен поради одговорот од претходниот ден, Александар наредил напад. Штом тебанската одбрана била пробиена, војската на Македонија и на Лигата влегла во градот. Тебанците храбро се бореле, но не биле дораснати на добро обучената, од битки искусната македонска војска. Битката се претворила во трагедија кога војниците на Лигата се свртеле кон обичното население, масакрирајќи ги сите што им биле пред очи.

Откако го опљачкал градот, Александар и оставил на Лигата да реши за крајната судбина на Теба. Оние во Лигата кои страдале со генерации под власта на Теба, конечно нашле начин да си дадат оддишка за својот гнев. Без двоумење ги прогласиле Тебанците виновни за предавство, за нивните тековни злосторства, како и за злосторствата починати во минатото. Со една резолуција што ја поддржала целата Лига, Александар наредил градот да биде срамнет со земја. Жените и децата биле продадени како робови. Александар одобрил резолуцијата да биде усвоена за да служи како пример на останатите дека такво однесување нема повеќе да биде толерирано. Што се однесува до Атињаните, вистинските подбуцнувачи на побуните, Александар ги оставил неказнети. Александар внимавал да не ги насочи уште повеќе кон рацете на персискиот крал. Но, како што сакала судбината, оние кои не биле задоволни од резолуцијата на Лигата, сепак заминале во Персија.

По обновувањето на мирот во градовите-држави, Александар и неговата војска се вратиле во Македонија. Кога се вратиле, веќе било октомври 335 година пред Христа и

биле потребни уште многу подготовки пред да може да замине во пролетната офанзива во Азија. На Александар му било потребно време да ја обезбеди маршрутата до Азија и да ја зацврсти одбраната на Македонија. Бидејќи градовите-држави не му верувале, Александар го поставил Антипатер, компетентен војник, човек со силен карактер и доверлив пријател, да биде регент на Македонија додека тој е отсутен. На Антипатер му дал специјални овластувања да го претставува како заменик-хегемон во Лигата на Коринт. За да го одржува мирот, на Антипатер му биле доделени 12.000 пешадинци и 1.500 коњаници од Александровите најдобри македонски војници.

Во текоат на зимата 355 година пред Христа, Александар свикал состанок со своите офицери и советници за да дискутираат за неговите планови и за генералната стратегија во врска со походот во Азија. Освен неговите сопствени војници, кои го формирале јадрото на неговата војска, било решено Александар да се обрати до Лигата за таа да го снабди со пешадинци, коњаници и флота бродови и морнари. Лигата се согласила со неговото барање и го снабдила со приближно 160 воени бродови и 29.000 бродски екипаж, 700 пешадинци и 2.400 коњаници. Некои мислат дека Александар ги земал тие луѓе само за да му послужат како заложници за да ги спречи градовите-држави од напад на Македонија додека тој е во поход во Азија. Ако земеме предвид дека Александар отсекогаш бил сомничав и никогаш не им верувал на градовите-држави, како и фактот дека тој единствено се потпирал на Македонците-војници да ги водат неговите битки, тогаш јас би се согласил дека војниците на Лигата биле вишок без никаква друга цел. Со решавањето на еден проблем, Александар создал друг. Војниците на Лигата, земени како заложници, би можеле, во момент на слабост, да претставуваат опасност по него. Александар им верувал на своите Македонци со својот живот и знаел дека тие нема никогаш намерно да го остават на цедило, но сепак, секогаш постои можност тие да бидат совладани во некоја битка. Во таков случај, Александар бил сигурен дека војниците на Лигата ќе се свртат против него. Затоа, откако преминал во Азија, Александар ги поделил оружените сили. Ги земал сите македонски пешадинци и

една мешана македонско-тесалиска коњица, а оружените сили на Лигата ги ставил под команда на Пармении.

Иако Антипатер бил пријател од доверба, Александар секогаш бил претпазлив и бил свесен дека во негово продолжено отсуство, може се да се случи. За да ја изедначи моќта на Антипатер, Александар ја наименувал мајка му Олимпија да биде одговорна за религиозните, церемонијалните и финансиските работи во Пела.

Александар ги селектирал и ги земал најдобрите, и во борба најпрекалените војници во својата војска, која се состоела од 12.000 пешадинци и 2.7000 коњаници. Лично Филип ги имал тренирано и ги водел во поход најголемиот дел од овие луѓе, во секакви воени опасности.

Додека Александар ги подготвувал своите оружени сили за походот во Азија, претходницата на Пармении во Азија водела борба повторно да ја добие контролата врз Хелеспонт. Во 336 година пред Христа, Пармении извојувал контрола врз мостобранот на Дарданелите, но повторно ја загубил во 335 година пред Христа кога бил одбиен од страна на платениците на градовите-држави под команда на генерал Мемнон. Платениците на градовите-држави ја презеле контролата врз еден простор во близина на преминот, ги убиле и протерале персиските наемни борбени групи и ги заземале локалните гратчиња. Но, не требало да измине долго врема за проперсиските фракции да се побунат. Пармении ја видел својата шанса и повторно ја зазел контролата врз преминот. Македонците сега ги контолирале водите на Хелеспонт и ги држеле додека не дошол Александар.

Во почетокот на пролетта во 334 година пред Христа, со помош од околу 160 брода, главното тело на македонските експедициски оружени сили било пренесено преку мореузот. Додека на војската и била давана помош да помине преку мореузот, Александар скршнал за да ги истражи светите места на Илијад /Iliad/. Додека бил во посета на Илиум /Ilium/, својот оклоп и го посветил на Атина, а за возврат си земал еден стар, свет штит кој се претпоставува дека потекнува од Тројанската војна.

Набрзо откако и се придружил на својата војска, Александар тргнал во потрага по непријателот. Како што е

претходно спомнато, Александар ги поделил своите вооружени сили и со него земал само Македонци и некои Тесалијци, оставајќи ги војниците на Лигата одзади заедно со Пармењо. Вкупно 13.000 пешадинци и 5.100 коњаници тргнале во потрага по персиската војска. Друга причина што не ја земал војската на Лигата била таа што Александар немал пари за немирници. Кога поминал преку Хелеспонт, речиси останал без пари. Некои велат дека имал само 70 таленти во готово, а тоа тешко дека било доволно да ја нахрани својата војска повеќе од неколку недели. Но, тоа не го сопрело Александар бидејќи имал доверба во своите Македонци дека ќе му донесат победи и тогаш неговите непријатели ќе бидат обврзани да ја хранат неговата војска.

Освен своите оружени сили, Александар, исто така, ангажирал и историчари, филозофи, поети, инженери, доктори, ботаничари и научници по природни науки за да го придружуваат на неговата азиска експедиција. Негов главен историчар бил Калистен од Олинт /Callisthenes of Olynthus/, внук и ученик на Аристотел. Имало и геодези за да ги мерат растојанијата што ги изминувала армијата, како и да ги запишуваат сите посебности на прокрстарениот терен. Инженерите биле ангажирани за изградба на мостови, сплавови, скали, машини за опсада и опрема за искачување по стрмни косини и литици. Ботаничарите и научниците по природни науки биле таму за да ја истражуваат флората, фауната и рудното богатство на новооткриените земји. Уште од самиот почеток, азиската експедиција не била само во воен поход, туку, исто така, и во голема научно-истражувачка мисија и мисија за откритија.

Кога сака среќата, на третиот ден од неговата потрага, извидниците на Александар ја лоцирале персиската армија која била позиционирана на далечниот брег на реката Граник /Granicus/. Како што Александар напредувал, така забележал и една многу супериорна коњица позиционирана на ниво на земјата. Зад стрмниот речен брег можел да ги види платениците-пешадинци на градовите-држави како го држат гребенот зад нулта нивото. Проценил дека непријателот има околу 20.000 коњаници и 20.000 пешадинци. Александар веднаш ги формулирал своите воени планови и тргнал во офанзива. Фалангата на македонската пешадија го зазела

центарот, додека коњицата формирала крила со стрелците поставени на крајната десна страна. Александровата борбена линија сега и парирала на непреијателската линија која била широка три километри. Според Питер Грин /Peter Green/, на Александар очајно му требала победа со цел да обезбеди плен за да ги плати своите заеми и да ги финансира идните походи. Во тој момент Александар бил до гуша во долгови.

Меѓу персиските команданти бил и генералот Мемнон. Тој бил свесен за финансиските неприлики на Александар и сакал да го совлада со предизвикување глад во војската на Александар. Во текот на еден претходен состанок со Персијците, Мемнон се спротивставил на директната конфронтација и предложил да го лишат Александар од сите намирници. За тоа било потребно да се изгорат сите житни посеби во близината, а персиската армија да се повлече. Откако ќе останел без намирници за својот опстанок, Александар ќе морал да се врати во Македонија. Кога ќе го сторел тоа, Мемнон предложил да тргне по него со посредство на големата персиска флота. Но, Персијците, поради бројната супериорност на својата армија, се чувствувале самоуверени дека само една борба со Александар ќе им донесе победа.

Откако темелно ја преиспитал ситуацијата, Александар забележал дека најдобрата персиска коњица стои на врвот на стрмниот речен брег, висок осум стапки. Од таа позиција би било тешко да се изврши еден јуриш со коњица. Наспроти советот на Парменио да се повлечат таа вечер и да нападнат наредното утро, Александар ја искористил ситуацијата и наредил напад со изненадување.

Битката кај реката Граник започнала со звукот на трубите и со заплашувачкиот воен крик на Александар и неговите Македонци. Неговите луѓе брзо си ги заземале своите позиции, додека коњаниците на Александар јуришале низ надојдената вода и нагрвавиле на косиот брег, жестоко вовлекувајќи ја во борба персиската коњица. Неговата пешадиска фаланга, која дотогаш била навикната да формира борбен ред во движење, маневрирала во еден кос борбен распоред и се позиционирала да го следи истиот пат. Додека предните борбени редови на војската воделе борби, Александар и неговите компањони јавале напред, назад и

назад зад редовите, баријќи слабост и за да го збунат непријателот. Неколку мига по отпочнувањето на битката, повеќето од персиските коњаници биле пригмечени од македонската флаланга, додека двете војски очајнички се труделе на направат пробив напред. Персијците очекувале Александар да нападне на крајната лева страна каде што теренот бил најлесен за пробивање. Најискусните платеници на Мемнон биле поставени таму, во тесни колони во близината и им наредил да лежат додека чекаат. Но, наместо да го стори она што тие очекувале, Александар зазел одбранбен став и ја нападнал позицијата со лесна пешадија и неколку коњаници, токму доволно луѓе да ги држат под контрола платениците.

Како што битката се разгорувала на сите фронтови, така и самиот Александар се вклучил во неа и убил неколку персиски благородници, а меѓу нив бил и зетот на Дариј, големиот крал. Додека Александар му задавал смртоносни удари на кралскиот зет, за малку и тој ќе бил убиен. Светот немаше да биде ист, ако не дошол Клеит /Cleitus/ да го спаси.

Како што фалангата успевала да ја потиснува персиската коњица, коњаниците на Александар јуришале во центарот и направиле дупка токму низ непријателската формација. Непријателот почнал да бега, а македонската коњица тргнала во потера по него, оставајќи многу мртви зад себе. Штом Македонците им се приближиле за да ги убијат, веднаш биле нападнати одзади, од страна на платениците на градовите-држави кои дотогаш лежеле и чекале. Александар ја сврте својата фаланга и наредил фронтален напад, а на неговата коњица и останало да ги среди крилата. За само неколку минути, елитните платеници на градовите-држави биле уништени, со само 2.000 преживеани од вкупно 20.000 платеници. Со тоа што се жртвувале себе си, платениците на градовите-држави ја спасиле персиската коњица. Пред да настапи ноќта, за само неколку часа, во еден светол ден во мај 334 година пред Христа, Македонците постигнале величествена победа.

Наредниот ден, сите мртви, вклучувајќи ги и Персијците, биле закопани со почести. Посебно внимание и нега им биле дадени на ранетите и лично Александар го посетил секој од

нив. Во споредба со непријателот, македонските загуби биле безначајни, сведувајќи се само на неколку стотици.

Набрзо по битката кај Граник, Александар организирал администрација за да раководи со неговите земји "добиени со неговото копје". Наместо да ги инкорпорира тие земји како дел од едно поголемо македонско кралство, Александар направил нешто неочекувано и назначил Македонец за намесник. Тоа значи дека Александар ги оставил негибнати старата персиска влада и начинот на владеење. Тој само го заменил врховниот персиски чиновник (намесник) со Македонец. Негови единствени барања биле Персијците да му го платат она што требало да му се плаќа на големиот крал. Освен што ги земал даноците, Александар во своја сопственост ги земал и земјиштата што биле под круната на големиот крал.

Идејата на Александар тој лично да го замени големиот крал наместо да ги инкорпорира освоените земји во една "Поголема Македонија", имала свои вредности. Откако виделе дека никаква штета не им е направена на нивните соседи, другите делови на Мала Азија почнале мирно да се предаваат. Кога Александар дошол во Сардис /Sardis/, град во Лидија, народот се предал без борба, доверувајќи му го на Александар градското богатство, намесништвата и тврдината. За возврат, Александар ги ослободил Лиќаните од персиското владеење и им ја вратил назад нивната стара култура, закони и начин на живеење. Тој, исто така, го заменил персискиот намесник со Македонец. Таму, Александар повторно го демонстрирал своето почитување кон другите култури, одлучувајќи да ослободува наместо да поробува.

Откако ја увидел големината на Азија, Александар брзо сфатил дека никогаш не ќе може да држи толку голема територија со копје. Тоа предвидување, заедно со македонските вредности всадени во него (да ги почитува луѓето од сите класи и од сите култури), направило Александар да стане ослободител и бранител на угнетените нации. Неговите освојувања се претвориле во мисија на ослободување, а не на поробување.

Ако треба Александар да се оцени за своите дела, тогаш треба да се оцени за сите дела, а не само за неговите

освојувања и вродените генијални способности. Александар бил искусен политичар, со визија да ги обедини сите нации од светот заедно како рамноправни во еден демократски систем (во модерна смисла). Освен неговите политички квалитети, Александар имал голем интерес и за културата и за природните науки. Секаде каде што одел, градел градови, библиотеки, културни центри, музеи и многу други чуда. Слушал поезија и комедија, учествувал во дебати. Среќавал многу луѓе со различни интереси, а луѓето на чии достигнувања најмногу им се восхитувал, ги праќал во Македонија за да можат Македонците да уживаат. Им наложил на своите научници по природни науки да ги проучуваат и да ги документираат флората, фауната и рудните богатства на тој нов свет. Методите и знаењата научени тогаш се уште се применуваат и денес. Ги украсил сите градини на Македонија, вклучувајќи ги оние во Пела, со растенија кои даваат најубави овошја и цветови што Азија имала да ги понуди. Каде и да одел, го подучувал локалното население за културата, уметничките вештини и природната медицина. Како што Мајкл Вуд /Michael Wood/ откри во "По стапките на Александар Велики", овие подароци што Александар им ги дал на азиските народи, се паметат до ден-денес. Како што продолжувал да ги ослободува азиските народи од персиската доминација, така Александар бил дочекуван со радост и величен како ослободител.

Откако постигнал успешна и важна победа во битката кај Граник, Александар тргнал кон југ, наидувајќи на мал или никаков отпор, се додека не стигнал во Милет и Халикарнас каде што нашол голем број платеници на градовите-држави. Персискиот командант во Милет бил подготвен да го предаде својот град, но убеден дека персиската флота доаѓа, пружил отпор. Пред персиската флота да има можност да влезе во пристаништето, Александровата морнарица интервенирала и го затворила устието на пристаништето. Без помошта од персиската флота, одбранбената војска на градот не била дорасната на Александровите машини за опсада. Александар го освоил градот со јуриш, но не му наштетил на населението.

Во еден неочекуван пресврт на настаните, по битката во Милет, Александар ја распуштил својата флота. Иако

неговите бродови му помогнале во текот на битката, Александар, сепак, решил да ги распушти, задржувајќи само дваесет атински бродови како заложници. Во тоа време немало очигледна причина за тоа, но, како што ќе видиме подоцна, тој го сторил тоа за да ги спаси. Бидејќи немал воено-поморска моќ доволно силна за да и се спротивстави на моќната персиска флота и да победи, тогаш зошто да ги троши своите бродови? Исто така, не им верувал на воено-поморските сили на градовите-држави зад него, бидејќи тие, исто така, во момент на слабост, можеле да се свртат против него и да му го отсечат повлекувањето и линиите за снабдување. Што се однесува до уништувањето на моќната персиска флота, Александар имал поинаков план.

Во градот Халикарнас, главен град на Карија /Caria/, Александар наишол на Мемнон, кој во тоа време бил врховен командант на азискиот брег и на персиската флота. Со една бродска дивизија која ги чувала водите, утврдениот град на Александар му пружил голем отпор. Но, тоа не можело бесконечно да трае и градот потклекнал под неговата супериорна вештина за опсада. Кога се било готово, Александар наименувал една стара жена, принцеза по име Ада, од династичката куќа на Карија, за намесник. Ада го запознала Александар претходно кога тој влегол во Карија. Таа му го понудила нејзиниот град Алинда /Alinda/ и му предложила да го посвои како нејзин син. Александар бил толку импресиониран што го прифатил нејзиниот предлог да го посвои и и го вратил назад нејзиниот град. По сето тоа, Александар бил познат во Карија како син на владетелот. Карија била слободна и ослободена од странската доминација, а намесништвото и било дадено на една жена од локалното население. Тука, за првпат, Александар ги одворил граѓанските од воените одговорности. На Ада и било доделено да биде одговорна за граѓанските, додека еден македонски офицер бил одговорен за воените функции.

Во текот на зимата 334 година пред Христа, пред да се упати на југ, Александар ги испратил своите штотуку оженети војници на отсуство за да ги посетат своите семејства. Парменио, кому претходно му била доделена командата со војниците на Лигата, бил испратен да ја заземе Фригија /Phrygia/. Александар, со својата македонска армија,

до крајот на есента го обезбедувал западниот брег на Мала Азија пред да се упати кон Гордиус /Gordius/. Планот на Александар бил да се парализира непријателската флота со заземање на сите пристаништа на западниот брег на Мала Азија. Крајбрежното напорно патување на Александар, во најголемиот дел минало без проблеми, освен кога поминувал низ Писидија /Pisidia/. Таму наишол на силен отпор и жестока борба од мажите кои биле на планините, но Александар ги покорил. По таа победа, Александар отишол во Гордиум Gordium/, главниот град на Фригија, за да ја помине зимата.

Додека Александар се пробивал го Гордиум, Мемнон, неговиот стар непријател, ги убедувал своите персиски господари да му дозволат да ја оживее старата идеја војната да ја пренесе во Европа. Со помош на персиската флота, тој почнал да врши инвазија на егејските острови, еден по еден, почнувајќи со Киос /Chios/, потоа Селбос /Selbos/, надевајќи се дека ќе го натера Александар да се врати. Вестите за ова донеле возбудување во градовите-држави кои се надевале дека интервенцијата на Мемнон ќе донесе пресврт на војната во нивна корист. За жал, нивното воодушевување траело кратко и било прекинато кога Мемнон ненадејно се разболел и починал. Не можам да кажам дека на Александар не му олеснало. Наредната пролет војниците кои биле на отсуство и засилувањето стигнале од Македонија, придружувајќи му се на Александар во Гордиум додека тој се подготвувал да замине.

Во април 333 година пред Христа, Александар наишол на познатиот Гордиев јазол кој многумина се обиделе да го одврзат, но не успеале. Легендата вели дека оној кој ќе го одврзе јазолот ќе стане крал на Азија. Александар си ја пробал срекáта, но сфатил дека замрсеноста на јазолот е комплицирана и дека не е можно да се одврзе. Но, Александар не помислувал да се откаже, па затоа го сторил најдоброто нешто: го извлекол својот меч и го исекол јазолот на делчиња. Крајниот резултат бил ист – јазолот бил отстранет и мотката на јаремот од бојната кола на кралот Гордиус сега била откриена. Таа ноќ имало грмотевици и молњи што било протолкувано како добар знак дека боговите биле задоволни.

Со својата армија подготвена да тргне со марш, Александар поминал покрај Анкира /Ancyra/, пред да сврти на југ, за да продолжи со освојување на повеќе персиски пристаништа.Неговата намера била брзо да маршира низ Кападокија /Cappadocia/ и да ги освои премините на венецот од планината Таур /Taurus/, на јужниот брег на Силиција /Cicilia/. Немајќи време да ја освојува цела Кападокија, наименувал намесник од локалното население наместо Македонец.

Кога Александар пристигнал во Силиција, го зазел персискиот гарнизон на препад, така што неговите луѓе се искачиле по упориштата во текот на ноќта. Изненадени од појавувањето на Македонците меѓу нив, стражите се разбегале и го оставиле преминот незаштитен. Преминот бил освоен без борба. Тогаш, Александар се спуштил по планината за да го освои градот Тарс /Tarsus/, но само што виделе дека македонската коњица се приближува, бранителите на градот се разбегале. Неговата победа во Тарс била во исто време и слатка и горчлива, бидејќи Александар се разболел од пливањето во ледените води. Ќе умрел ако не бил толку добро физички подготвен. За жал, неговото закрепнување траело долго и тешко.

Штом се почувствувал доволно добро, Александар и неговите војници биле подготвени да тргнат. За да го надомести изгубеното време, ја поделил својата армија и го пратил Парменио на исток за да го обезбеди преминот од Силиција до Сирија. Во меѓувреме, Александар тргнал на запад за да го обезбеди западниот брег, како и да ги зајакне своите линии за снабдување. На враќање, си дал малку време да се одмори во близината на Тарс и да ја прослави својата конечна победа кај Халикарнас, Како што претходно е спомнато, Александар го освоил градот Халикарнас, но не и сите цитадели. Откако заминал, неколку цитадели останале нечепнати, па затоа оставил таа работа да ја завршат неговите офицери.

Набрзо по заминувањето од Тарс, Александар добил порака од Парменио дека големиот крал Дариј, со голема армија, логорува на рамнините во Северна Сирија, на околу два дена патување од преминот што Парменио тогаш го држел. Откако големиот крал дознал што и направил

Александар на неговата армија кај Граник, бил бесен на него и сакал да го смачка како бубачка. Кој бил тој дрзок човек што се осмелил да го предизвика големиот крал и да се шепури во неговото двориште?

Откако дознал дека Александар бил во Силиција, во есента 333 година пред Христа, со план да се упати на југ, големиот крал собрал голема армија и подготвувал стапица. Очекувајќи го Александар да тргне по него, Дариј одбрал погодно место, со борбени предности на негова страна и, сокриен, го чекал. Поради својата бројчана предност, Дариј бил убеден дека може да ја уништи малата армија на Александар во борба. Кога Александар не се појавил како што очекувал тој, големиот крал се загрижил. Мислејќи дека Александар се уплашил да се соочи со него, Дариј решил дека е време да го гони, наместо да го чека. Александар не се појавил бидејќи легнал болен. Но, кога дознал дека Дариј е таму, ги собрал сите свои сили и тргнал по него. За жал, додека Александар брзо тргнал на југ низ Силицијанските Порти /Cilician Gates/, по должината на сириското брег, Дариј тргнал на север кон Силиција на спротивната страна од истиот планински венец.

Без да знае Александар, Дариј го растурил логорот. Александар ги оставил своите болни и ранети во Ис /Issus/ и продолжил да патува кон југ, по должината на брегот. Логорувајќи во текот на ноќта и издржувајќи бура, Александар очекувал да води битка наредниот ден. Но, на негово изненадување, дознал дека Дариј веќе го растурил логорот и сега бил во потера по него. Ниеден од нив не ја знаел позицијата на другиот, па така армиите поминале една покрај друга преку планинскиот венец на Аман /Amanus/. Дариј бил прв кој дознал за позицијата на Александар од Александровите ранети војници во Ис. Се вели дека Дариј бил толку вознемирен, што го искалил својот бес врз болните и ранети луѓе на Александар, наредувајќи им на неговите војници да им ги отсечат рацете за да не можат веќе никогаш да се борат.

Со отсекување на линиите за повлекување и за дотур, Дариј бил решен да го следи Александар во планините на Сирија и да ги згази до смрт и него, и неговата мала армија со коњицата. За жал на Дариј, Александар имал поинакви

идеали. Кога открил дека Дариј е позади него и дека го гони, Александар брзо ја свртел својата армија назад. Решен да се сретне со Дариј, но под негови услови, Александар дал дневна заповед за борба во наредниот ден. Откако им дозволил на своите војници брзо да го изедат оброкот, ја мобилизирал целата своја армија и марширале во строј во текот на ноќта додека не пристигнале на бојното поле, според негов избор. Битката требало да се случи не на широката отворена рамнина на Сирија, туку во тесната рамнина на Пинар /Pinarus/, обиколена од планини и од морето. Скриена од видик, Александровата армија го поминала остатокот од ноќта чекајќи. Кога зазорило, Александар наредил симнување во рамнината, прво пешадинците во долги тесни колони, следени од коњаниците. Во пресрет на големиот непријател, Александар ги формирал борбените редови со леснотија како да изведуваат рутинска вежба. Македонските војници покажале голема дисциплина и храброст додека ги заземале своите позиции, знаејќи дека ќе се соочат со најголемата армија, видена било кога. Со околу 16.000 македонски пешадинци и 5.600 коњаници, Александар требало да се соочи со големата персиска коњица од 450.000, со 30.000 пешадинци-платеници на градовите држави, со 20.000 лесно вооружени пешадинци и со 60.000 Персијци како тешко вооружени пешадинци.

Напред и во центарот на персиската борбена линија на фронтот (овој пат) биле платениците од градовите-држави, додека десно и лево од нив стоеле тешковооружените пешадијци, со бојна коњица стационирана десно од платениците на градовите-држави. Останатите војници стоеле зад борбените редови, во формација на колони. Дариј, кој седел во својата величествена бојна кола, бил во центарот, зад платениците на градовите-држави.

Пред да започне битката, Александар тајно ја разместил формацијата на својата коњица повлекувајќи дел од нив назад и лево кон линијата на фронтот. Александар командувал со десното крило, додека Парменио командувал со левото крило, со стриктни наредби да не го прекине контактот со морето. Александар прв јурнал во коса формација, со десното крило на коњицата, следен на мало

растојание од фалангата. По една лоша случајност, набрзо по јуришот, Александар бил повреден во ногата. Во исто време, фалангата се дислоцирала и го нарушила борбениот ред додека се обидувала да се искачи по стрмниот брег на реката. Додека Александар се сталожувал за повторно да стане присебен, платениците на градовите-држави ја искористиле можноста и влегле во празнината на отворената формација на фалангата. Платениците на градовите-држави се бореле како демони, прикажувајќи ја својата омраза кон Македонците. Но, веднаш штом убедливо го победил левото крило на непријателот, Александар се втурнал навнатре и го нападнал центарот. Во моментот кога Дариј видел дека Александар оди кон него, ја свртел својата бојна кола и побегнал. Одбирајќи да не го гони, Александар најпрво се свртел кон платениците на градовите-држави, а потоа кон бројно супериорната коњица која го вовлекла Парменио во жестока битка преку реката Пинар.

Бегството на Дариј ја оставило неговата армија во безредие и збунетост, во трчање на сите страни. Штом Персијците почнале да бегаат, Македонците тргнале во потера. Александар надевајќи се дека ќе го стигне Дариј, тргнал по него. Дариј ја разменил својата бојна кола за коњ и исчезнал од видикот. Гонењето и нанело катастрофални загуби на персиската армија, особено, поради тоа што тие морале да поминат преку еден тесен премин. Гонењето конечно завршило кога се стемнило.

Кога се ило завршено, само 8.000 платеници на градовите-држави останале неранети. Нејасно е колку Персијци умреле но, според Птоломеј, кој бил таму во тоа време, само гонењето во тесниот премин довело до тоа еден ендек да биде полн со лешеви на непријателски војници. Така, пред да заврши 333 година пред Христа, армијата на големиот крал била поразена, а самиот голем крал станал бегалец, оставајќи му го своето кралско семејство и големото богатство на Александар.

По долгото гонење, Александар се вратил во Пинар и се прошетал низ кампот на Дариј каде ги нашол мајката на Дариј, неговата жена и трите деца како плачат за него. Тие претпоставувале дека тој е мртов и биле загрижени за својата судбина. И повторно Александар покажал сомилост, така

што не го повредил кралското семејство и кон него се однесувал со најголемо почитување. Ги информирал дека Дариј се уште е жив.

Веста за Александровата победа кај Ис била добредојдена и поздравена во Македонија, а поразително разочарување за Персија и нејзините сојузници, градовите-држави. Можам само да замислам какви мисли им поминувале во умот на бројните градови-држави, членки на Коринтската лига на Истмијанските игри /Isthmian Games/ во 332 година пред Христа, кога било предложено златниот венец да му биде испратен на Александар за да му ја честитаат победата.

Но, најголемото разочарување го доживеале персиските адмирали во Егејот кои дотогаш веќе биле сити од слабиот учинок на таканаречените "борбени вештини на супериорните градови-држави" и избрале да го прекинат нивното чудно партнерство.

ГЛАВА 7 - АЛЕКСАНДАР III – ГОСПОДАР НА АЗИЈА

Победата кај Ис означила нова ера за Македонија. Размислувањето на Александар веќе не било "ако", туку "кога" тој ќе стане нов господар на Азија. Бил во искушение веднаш да тргне по Дариј за да направи да се случи тоа, но било премногу ризично, особено заради персиската флота која се уште нечепната била зад него и која ги контролирала водите на Егејот.

Александар, речиси и не поседувал бродови или воена морнарица, а не, пак, моќна за да ја совлада персиската флота. Неговото размислување било, ако тој не може да го вовлече во борба својот непријател и да победи во вода, тогаш ќе мора да ја донесе битка на приморјето каде тој имал предност. Единствен начин да го стори тоа било да ја отсече персиската воена морнарица од нејзините пристаништа. Неговиот план, според тоа, бил евентуално да ги заземе сите градови околу источниот медитерански брег и да ја лиши персиската флота од снабдување со намирници, а со тоа да изумре од глад.

Кратко време по битката кај Ис, Александар ги покренал своите Македонци кон југ, во обид да го обезбеди брегот со тоа што ќе заземе многу пристанишни градови. Во меѓувреме, Парменио бил испратен во Дамаск да го освои градот и да го врати богатството на Дариј, кое било испратено таму заедно во персиската придружба за багаж пред битката кај Ис. Парменио лесно го освоил градот (некои велат со предавство) и дошол до богатството. Тој, исто така, заробил многу предавници од градовите-држави вклучувајќи ги амбасадорите на градовите-држави за Персија, кои претходно ковале завери против Македонија.

Со богатството на Дариј во негова своина, Александар ги осигурал финансиите што му биле потребни да ги плати своите долгови и да продолжи со походот. Во споредба со Александар, Дариј бил многу богат човек, доволно богат да носи 2.600 таленти ковани пари, 500 фунти во сребро, 4.500 фунти во злато и 3.400 фунти во скапоцени камења. Сепак, тоа не биле сите пари што ги имал Дариј. Во споредба со

неговото вкупно богатство, тоа било само џепарлак што го носел со себе додека патувал.

Александар патувал низ Сирија, заземајќи пристаниште по пристаниште, се додека не стигнал во феникискиот пристаништен град Тир /Tyre/. Тој бил независен град, најмоќно воено и трговско пристаниште во регионот. Повеќето морнари во персиската флота биле или од Кипар или од Тир. Бидејќи бил независен град, граѓаните на Тир сакале да останат неутрални (ниту под персиско, ниту под македонско владеење). Но, тоа не било она што го сакал Александар. Нему му требала контрола врз сите пристаништа, особено Тир, ако сакал да ја отсече персиската флота. Бидејќи не сакале да преговараат за мирно предавање, Александар објавил војна на Тир и започнал со опсада некаде во јануари 332 година пред Христа.

Тир се наоѓал на еден остров, околу еден километар од брегот. Градот бил утврден од сите страни со големи ѕидови од камен и бил бранет од моќната тиринска флота. Во тоа време и Александар и Тиријците биле уверени дека ќе можат да победат, така што ниту тој ниту тие не биле подготвени да попуштат. Тиријците, длабоко верувајќи дека нивниот град е неосвоив, мислеле дека идејата на Александар за опсада е апсурдна. Како може тој да освои остров кога дури немал ниту флота? Александар, од друга страна, не можел да си дозволи моќниот феникиски град да постои слободен зад неговите борбени редови, особено бидејќи планирал нови потфати подлабко во Азија. Немал избор освен да го освои со сила. Кога започнала опсадата, никој немал претстава колку грозна ќе биде таа задача.

Додека оружените сили на Александар чекале скриени на копно, градот што тој сакал да го освои со опсада лежел во вода. Единствен начин на кој тој можел да направи пресврт на ситуацијата во своја корист, било да изгради мост што ќе го поврзе островот со брегот. Тогаш неговата армија ќе може да навали со машините за опсада, за да ги сруши ѕидовите и да го заземе градот. Додека војската регрутирала работна сила од блиските и соседните градови за изградба на мостот, занаетчиите и инженерите на Александар почнале со изградба на колосалните кули за опсада. Градењето на мостот било многу потешко отколку што се очекувало. Иако

водата била плитка, дното било калливо и колците требало да се заковаат многу длабоко, подградени со камен, пред да се изгради пат широк шеесет метри. Како што градењето на издигнатиот пат напредувало, така секој камен од близината се носел и се поставувал во водата.

Тиријците им се потсмевале и си подигрувале со работниците, велејќи им дека Александар е луд и залудно си го троши времето. Но, како што патот почнувал да станува стварност и да се приближува кон островот, Тиријците почнало да ги фаќа паника. Во почетокот, тиријските командоси ги напаѓале Александровите редови за дотур на копното, надевајќи се дека ќе ја намалат брзината на градење. Подоцна, тиријската флота почнала да напаѓа од море, испраќајќи бродови со стрелци, мали прачки и катапулти за да ги напаѓаат работниците. Во меѓувреме, Александар ги презел сите можни мерки за да ги заштити своите луѓе, како и за да го задржи распоредот на работите. Кога станало очигледно дека Александар нема да се откаже и дека неговите шанси за опсада на Тир се подобруваат, многу од локалните градови, вклучувајќи го и Сидон, поранешен непријател на Тир, ја понудиле својата помош, вклучувајќи и бродови. Александар брзо собрал силна поморска сила за да ја затвори тиријска флота во нејзиното пристаниште и да ги одбие тиријските напади врз издигнатиот пат.

Се случил еден голем инцидент, кој можел да донесе пресврт на штета на Александар, но неговата доверба во способностите на неговата армија и неговата непоколеблива упорност се исплателе. Тиријците составиле еден голем пловен објект, го запалиле и со помош на ветерот успеале да изгорат голем дел од издигнатиот пат. Тогаш Александар бил отсутен, бидејќи отишол во експедиција да бара уште дрвена граѓа. Кога се вратил, бил шокиран кога видел дека неговиот пат е уништен. Но, наместо да се откаже, Александар изградил нов издигнат пат северно од стариот. Како што вештачкото пристаниште се приближувало до бреговите на островот, така Тиријците почнувале да очајуваат. Се обиделе да сторат се за да го запрат напредувањето, вклучувајќи и истурање врел песок врз војниците. Но, и наспроти нивните храбри обиди, ништо не успеало и, на крај, Македоците го опседнале градот.

Тир се предал во август 332 година пред Христа. Тоа бил седуммесечен напор на двете страни, но на крајот најупорните победиле. На Тиријците, во неколку наврати, им била дадена можност да се предадат. За жал, мудроста попуштила пред тврдоглавоста и тие храбро се бореле до крај. Кога се било завршено, околу шест до осум илјади војници биле убиени, а околу триесет илјади биле заробени и продадени како робови. Тиријските водачи, заедно со околу две илјади свои борци, биле погубени. Самиот град бил поштеден и повторно бил населен, продолжувајќи да функционира како значајно воено, поморско и трговско пристаниште, но под македонско владеење.

На ова место сакам да нагласам дека Тир бил т.н. сестрински град на Картагина. Картагина се наоѓала на другата страна од Средоземното Море, јужно од Рим и имала клучна улога во развојот на Рим како супер-сила. Во случај Александар да ја освоел Картагина, како што имал намера, нашиот свет денес би бил сосема поинаков.

По својата јуначка борба и долгиот застој во Тир, Александар му се вратил на своето тешко патување, јужно преку Палестина, упатувајќи се кон Египет. Неговото патување, како што и се очекувало, било прекинато кога наишол на отпор кај градот Газа. Тој бил добро утврден и бранет од персиските војници, потпомогнати од силни сили на арапски платеници. Не можејќи да го пробие утврдувањето на градот со конвенционални средства, Александар прибегнал кон своите машини за опсада и за два месеца утврдувањето го претворил во крш. Во текот на опсадата, Александар бил ранет во рамото и затоа околу две недели не можел да учествува во неа. Но, бидејќи бил во добра физичка форма, брзо закрепнал и му се придружил на финалниот напад врз градот. Откако го пробиле утврдувањето, започнала и се разгорела жестока борба по улиците на градот, каде Александар повторно бил ранет, но овојпат во ногата. Кога битката завршила, имало десет илјади убиени, а цивилното население било опколено и продадено како робови. Газа, исто така, повторно била населена со луѓе од локалното подрачје, кои повторно ја запоседнале тврдината и биле ставени под македонска власт.

Од Газа, Александровата армија маршерала по должината на брегот на Средоземното Море, а потоа свртела на југ кон Египет, каде голема маса луѓе го дочекале како ослободител. Откако ги освоил сите пристанишни градови околу источниот медитерански брег, заканата од персиската флота конечно била отстранета. Пред да навлезе подлабоко во Азија, Александар планирал да го заземе Египет со сила, но тој се предал без ниту една борба. Египетскиот народ го поздравил Александар како ослободите, давајќи му ја цитаделата Мемфис, заедно со нејзиното богатство кое изнесувало 800 таленти. Египет бил стратешка локација за походот на Александар во Азија и сега била безбедна.

Нешто друго му се случило на Александар во Египет, нешто неочекувано. Откако го поразил персискиот крал кој владеел на местото фараон на Египет, во очите на египетските свештеници Александар сега станал нов египетски владетел, но не фараон. За свештениците, за жал, не било можно еден странец да биде прифатен како вистински фараон. Кога Александар би продолжил со својот поход подлабоко во Азија, тој требало да го смири Египет и да ја стекне неговата лојалност. Египет бил голема, богата држава, со бројно население што можело да ја снабдува неговата армија со сите намирници и со се што било потребно во текот на целиот поход. Морал да стори се што било потребно за да го обезбеди тоа, што значело дека Александар морал да стане неоспорен владетел на Египет. Единствен начин да се стори тоа било да стане египетски фараон. За жал, еден странец можел да стане фараон единствено со божја интервенција.

Прифаќајќи го тој предизвик, Александар отпатувал во Шива /Siwa/ за да го посети тамошниот религиски ред. Кога стегнал во храмот на пророштвото, високиот свештеник го поздравил како “син за Зевс-Амон и господар на сите земји”. Зошто свештеникот го поздравил на таков начин, не се знае. Можеби грешка во преводот? Александар бил воодушевен со изјавата и понизно го прифатил своето проласување за “Син на Бога”.

Откако се вратил во Мемфис, во текот на зимата 332-331 година пред Христа, Александар земал мала дивизија од неговата армија и отишол надолу по течението на реката

Нил. Токму пред да стигне на медитеранскиот брег, видел прекрасно парче земја на кое ќе ги постави темелите на еден голем град кој ќе го носи неговото име, Александрија во Египет. Александрија, со време, ќе донесе промена во интелектуалниот и економскиот живот каква што пред тоа никогаш немало, и во наредните илјада години ќе стане центар на цивилизацијата. Со основањето на Александрија, еден пристаништен град кој гледал кон Медитеранот, Александар ги трансформирал своите воени напори во деловни можности не само за Македонците, туку за целиот познат свет. Александрија ќе стане светски водечки мултинационален, мултикултурен и трговски центар.

Затворањето на целиот брег на источниот Медитеран, ја натерало персиската воена морнарица да продолжи да се движи и и отворила пат на македонската флота да доминира во водите.

Откако се вратил во Мемфис, Александар се сретнал со засилувањето што му го пратил Антипатер и тој и наредил на својата армија да се подготви за тргнување. Но, сепак, пред да замине, испратил една научна експедиција по течението на реката Нил, со цел да направи некои откритија. Исто така, назначил и неколку локални намесници и македонски надгледувачи за да владеат со Египет. Александар не сакал управувањето со една толку голема земја да го довери само на едно лице.

Во почетокот на летото во 331 година пред Христа, Александар го напуштил Мемфис и се упатил кон Феникија. Се задржал накратко во Тир и извршил неколку промени во владата таму, пред да продолжи на север кон Дамаск.

Големиот крал Дариј, во меѓувреме, откако го добил одговорот на Александар во врска со понудата за мир, почнал да собира голема армија. Дариј, во замена за мир, му понудил на Александар да се ожени со неговата ќерка, 10.000 таленти и земјите источно од Еуфрат. Парменио и неговите постари офицери го охрабрувале и поттикнувале Александар да ја прифати понудата, но Александар ја одбил сакајќи се: земјите на Дариј, парите и неговата круна. Немајќи алтернатива, големиот крал ги започнал подготовките за уште една битка.

Персиското царство било пространо и Дариј немал проблем да собере армија. Освен Персијците, имало многу други раси кои му понудиле помош. Индијците, на пример, му испратиле петнаесет слонови. Освен собирањето голема армија, Дариј внимавал да најде отворено место, како негов избор за бојно поле, онакво што ќе му обезбеди предност во однос на Александар. Овојпат Дариј бил решен работите да бидат по негово и сакал да се увери дека се е направено како што треба.

Додека Дариј собирал армија, Александар маршрирал на север, подготвувајќи се да ја помине реката Еуфрат. Како што може да се очекува во војна, неговата претходница, која била испратена да изгради мост преку моќната река, наишла на отпор од намесникот на Сирија и Месопотамија. Но, веднаш штом Александар пристигнал со својата армија, намесникот побегнал и мостот бил изграден релативно лесно. Потоа, додека Александар напредувал кон реката Тигар, локалните шпиони го навеле да поверува дека Дариј бил на другата страна, чекајќи да го спречи неговото преминување. Претпоставувајќи дека извештаите се сигурни, Александар наредил брз марш за да го стигне Дариј, но него никаде го немало. Армијата на Александар ја преминала реката Тигар на 20 септември 331 година пред Христа и тргнала во југоисточен правец, додека не стигнала во селото Гаврамела /Gavgamela/. Таму тој ја нашол армијата на Дариј како го расчистува и го нивелира земјиштето, за неговите бојни коли да имаат предност во однос на фалангата на Александар.

Во борбена формација, Дариј стоел во својата борбена кола во центарот. До него стоела коњичката гарда и персиската пешадија. Лево и десно биле платениците на градовите-држави. На двете крила стоеле комбинирана војска од коњаници и пешадинци. Напред на крилата стоеле сојузничките коњаници, а на чело на ценатарот стоеле петнаесетте слонови. На чело на борбениот ред стоеле 200 скитијски бојни коли, подготвени да навалат по исчистениот и измазнет терен.

Александар на почетокот планирал да ја развие вообичаената накосена формација со офанзивно десно крило кое тој ќе го командува, а со дефанзивно лево крило под

команда на Пармењо. Но, поради супериорната бројчана надмоќност на неговиот непријател, Александар решил да додаде втора борбена линија, способна да се бори на втор фронт зад него, во случај да биде опколен. Со други зборови, ако оружените сили на Александар бидат опколени, нивната формација ќе се развие во форма на флексибилен квадрат и ќе го притиска непријателот нанадвор, на сите четири предни страни, односно фронта.

Очекувајќи веднаш да биде нападнат, Дариј наредил да се формира борбениот ред и да чека. Откако ја проценил ситуацијата, Александар решил да не нападне и ги влогорил своите војници околу четири километри подалеку од кампот на Дариј. Тоа попладне Александар им наредил на своите луѓе да се одморат и да спијат во текот на ноќта. Луѓето на Дариј, очекувајќи да бидат нападнати во било кое време, стоеле будни и подготвени цела ноќ.

Наредното утро, на 1 октомври 331 година пред Христа, Александар, со добро одморената армија, се приближил од север, но забележал дека неговото десно крило е прекратко за да му парира на непријателското. За да компензира, продолжил да го растегнува својот ред, но и неговиот противник продолжил да ги следи неговите потези. Но, Дариј се плашел дека ако се движи премногу далеку од расчистениот терен, ќе ја компромитира мобилноста на своите борбени коли, и наредил јуриш, односно напад. Борбените коли навалиле да го заобиколат Александар, но луѓето на Александар биле подготвени. Стрелците нападнале први и ги уништиле повеќето возачи на бојните коли, додека фронталниот боен ред на Александар брзо формирал колони за да им дозволат на забрзаните коли да поминат. Фатени во стапица од колоните војници и неспособни да маневрираат, коњите биле совладани од страна на Александровите коњоводци, ефикасно онеспособувајќи ги борбените коли. Сега, како што двата борбени реда се приближувале еден кон друг, Александар забележал една празнина на персиската лева страна и барал можност да преземе офанзива. Водејќи ги своите компањони, тој скршнал, се втурнал во празнината и почнал да навалува кон центарот. Фалангата, исто така, навалила силно кон центарот, збивајќи ја битката кон Дариј. Исплашен од тој ненадеен жесток напад, Дариј ја свртел

својата борбена кола назад и побегнал. Неговите гардисти формирале еден заштитен круг околу него, но и тие, исто така, побегнале. Во негово отсуство, неговите војници во центарот и левите крила тргнале по истиот пат. Како битката кај Ис да се повторува. Дариј го напуштил бојното поле пред битката да биде решена.

Брзото движење на фалангата во центарот на Александровата формација, довела до создавање на празнина во македонскиот борбен ред, која можела да биде искористена од страна на непријателот. Но, наместо да го стегнат обрачот околу тој борбен ред, недисциплинираните Персијци и нивните сојузници навалиле да го пљачкаат кампот на Александар. Во мигот кога непријателот се раздвоил, Александровиот втор борбен ред стапил на сцена и започнале да јуришаат и да ги гонат пљачкашите.

Во меѓувреме, Парменио имал проблеми и испратил да го викнат Александар да му помогне. Дотогаш, компањоните на Александар се пробиле низ непријателските линии и само што започнале да го гонат Дариј. Колку и да сакал да го фати, Александар не можел да ја остави битката без свое присуство. Иако многу разочаран, им наредил на своите компањони да се свртат назад и почнале да се пробиваат кон Парменио, но само за да налетаат на пљачкашите кои бегале. Коњицата била вовлечена во крвава борба, бидејќи непријателските војници, фатени во стапица, очајнички се бореле за своите животи. Додека Александар стасал кај Парменио, битката веќе била завршена. Парменио убедливо ги совладал напаѓачите и сега бил слободен. За жал, слободен бил и Дариј. Тоа било вторпат како Александар бил лишен од можноста да постигне целосна победа со фаќање на Дариј.

Други и пред да заврши битката кај Гавгамела, Александар дејствуал брзо и испратил претходница во Сус /Susa/ за да стигне до богатството пред тоа да биде ограбено.

Откако ја добил битката, Александар тргнал во потрага по Дариј и јавал во текот на ноќта. Не можејќи да го најде, наредниот ден се вратил во Гавгамела (Арбела /Arbela/) за да ги ожнее плодовите од својата победа и да ги закопа своите мртви. Се проценува дека непријателот загубил помеѓу педесет и шеесет илјади војници, додека македонските

загуби биле проценети на помалку од една илјада војници. Кога се се смирило, победата на Александар била прославена со закопување на паднатите борци, со церемонии на давање подароци и со изгласување на Александар, со акламација, за крал на Азија.

Сигурен дека персиската закана завршила, за да ја олабави тензијата дома, Александар ја олабавил и својата цврста контрола врз градовите-држави давајќи им автономност. Бидејќи ги поразил Персијците, Александар повеќе не се плашел од сојузот помеѓу градовите-држави и Персија, но не можел целосно да ги одбие спартанските закани во потенцијално запаливиот Пелопонез.

Набрзо по својата победа, Александар ја напуштил Арбела и го продолжил патувањето на југ кон Вавилон, очекувајќи да наиде на отпор од преживеаната персиска армија. Но, на негово изненадување, истиот персиски намесник кој жестоко се борел против Парменио во Гавгамела, сега излегол со своите синови за мирно да го поздрави Александар и да му го предаде градот. Она што било поизненадувачки, било тоа што не излегле само градските лидери да го поздравaт нивниот нов крал, туку тоа го сторило и целото население. Тие ги украсиле улиците со венци и цвеќиња за да им посакаат добредојде на Македонците. Како и Египќаните, и Вавилонците го виделе Александар не како освојувач, туку како ослободител. Александар бил повеќе од среќен да го прифати суверенитетот врз Вавилон кога Вавилонците му го понудиле тоа нему. Дури отишол и чекор подалеку, и големиот град го претворил во посебно кралство со своја сопствена религија, традиција и цивилна влада. Како и во Египет, Александар назначил локален намесник за шеф на цивилната влада, додека воените, финансиските и даночните одговорности останале во рацете на Македонците.

Вавилонската приказна, за жал, не била целосно среќна. Според Мајкл Вуд, постојат новооткриени вавилонски текстови кои кажуваат дека не сите во Вавилон биле среќни со Александар и со тоа што тој го пљачкосувал нивниот свет.

Откако останал во Вавилон околу еден месец, Александар тргнал за Сус, на 25 ноември 331 година пред Христа. Додека патувал, добил вест дека неговата претходница, која била испратена претходно да го обезбеди градот и да го

присвои богатството, успешно ја завршила својата мисија. Како и Вавилон, и градот Сус се предал без борба, а големото складиште со богатството на персискиот крал било негибнато. Дариј, се уште имал останато доволно богатство да купи мала држава или, како што вели Мајкл Вуд, богатство еднакво на националниот приход на Атинската Империја од петтиот век, за 150 години. Се проценува дека освен скапоцените камења, исто така, биле откриени 40.000 сребрени таленти и 9.000 златни дарии (пари) кои паднале во рацете на Александар. Навистина, Александар бил среќен човек.

Александар пристигнал во градот Сус на 15 декември 331 година пред Христа и бил поздравен од гувернерот и делегација од достоинственици кои му донеле подароци, вклучувајќи и дузина индиски слонови. Дел од добиените пари биле пратени во Македонија, да се финансира походот на Антипатер против Спартанците. Во пролетта 331 година пред Христа, Спартанците формирале една Пелопонеска коалиција и се подготвувале за борба против Македонија. Антипатер, за жал, "до гуша" бил зафатен со задушување на побуните во Тракија и не можел веднаш да одговори на таа спартанска провокација. Спартанците го протолкувале тоа како знак на слабост и започнале да ги напаѓаат градовите лојални на Македонија. Антипатер брзо завршил со северниот поход и со брз маршов строј тргнал на југ. Кога пристигнал, ги нашол Спартанците и нивните сојузници како го опседнуваат градот Мегалополис во Аркадија, кој останал лојален на Македонија и не сакал да се предаде. Се повела жестока борба во која Антипатер постигнал решителна победа. Моќните Спартанци биле совладани и молеле за мир. Антипатер зел поголем дел од племството како заложници и нивната натамошна судбина и ја предал на Лигата како што претходно Александар направил со Тебанците. За жал, Лигата од Коринт, гледајќи на ова како на уште еден удар по нивната слобода, немала желба да донесе пресуда и судбината на заробените останала нерешена. Сега останало на Александар да ја утврди нивната казна. Кога тие пристигнале во Азија, Александар одржал судење на кое било решено, оние кои ги предизвикале немирите да бидат

погубени, а останатите да бидат ослободени. Сепак, Спарта била присилена да и се придружи на Лигата од Коринт.

Со поразената Спарта, наследството, културата и начинот на живеење на античките градови-држави завршиле засекогаш. Оттогаш па наваму, Македонија владеела со нив со векови, се до римските војни.

Откако го собрал своето богатство, Александар назначил персиски намесник, одговорен за граѓанските должности, и двајца македонски команданти одговорни за трупите и за цитаделите. Додека се уште бил бво градот Сус, тој, исто така, добил илјада нови, свежи македонски војници за неговиот иден поход.

Откако малку се одморил и релаксирал, Александар повторно тргнал, но овојпат се упатил кон Парса (Персиполис). Но, најпрво, морал да ја помине земјата на Уксите /Uxii/. И додека луѓето од рамнините се покорувале без борба, гораните, врзани за традициите, барале данок за премин преку нивните земји. Секој морал да плати, вклучувајќи го персискиот крал, како и тие пред него. За жал, Александар не бил од таков сој лесно да им попушти на бандити и ограбувачи-мародери. Наместо да им плати данок, тој ја пуштил својата војска по нив. Испратил силен одред зад нивните борбени редови за да им го отсече повлекувањето, додека тој со својата војска ги нападнал одоздола. По кратката битка, Уксијците биле совладани и тие побегнале, но само за да бидат уништени од Македонците кои ги чекале одзади. Сега било ред на Александар да им наметне казна, барајќи од нив годишни даноци од 100 коњи, 500 животни за влечење и 30.000 овци.

Во тој миг, Александар решил да ја подели својата армија на два дела. Парменио отишол со сојузничките сили во Парса преку главниот јужен пат, додека Александар, со втората сила, трнал по пократкиот пат до Персиските Порти (Persian Gates) преку опасните планини. По пет дена брзо маршрање, Александар стигнал до преминот, но само за да наиде на сериозен отпор. Очекувајќи го, Персијците изградиле еден sид преку преминот. Голема воена сила ги чекала Македонците да пристигнат. Кога се судриле, Александар иницирал директна опсада, но не можел да ги пробие бариерите. Персијците имале артилерија и стрелци

поставени над ѕидот. Оттаму тие тркалале големи камења и како со дожд ги опсипале со Македонците, а од долу ги напаѓале со стрели и копја. Александар претрпел големи загуби и морал да се повлече. Обесхрабрени поради тешките загуби, офицерите на Александар биле подготвени да се откажат од опсадата, тврдејќи дека било полесно да се оди одоколу, отколку да се изгубат уште повеќе луѓе за да се постигне невозможното. “Невозможното? Не е невозможно,” извикнал Александар. “Толку е лесно што и оној стар овчар онаму може да ви покаже како се прави тоа. Донесете ми го старецот и ќе ви докажам.” Кога старецот пристигнал, Александар наредил да го испрашаат за локалниот терен. Бидејќи цел живот бил овчар, старецот ја знаел околината како својот џеб, особено премините кои воделе низ опасниот терен. Со релативна леснотија старецот бил во состојба да ја поведе армијата на Александар зад позицијата на Персијците.

Александар оставил силна коњица и два баталјона од фалангата кај влезот на клисурата. За да го измами непријателот во врска со бројот на војниците, Александар им наредил на своите луѓе да запалат нормален број логорски огнови преку ноќ. Потоа, кога ќе биде даден сигналот, тие требало да јуришаат на ѕидот. Во меѓувреме, Александар повел командоси и јуришни војници по кривулестиот и долг дваесеткилометарски пат. По еден ден и две ноќи патување, стигнал на своето одредиште. Го дал знакот за јуриш в зора и, по крвавиот судир што уследил, персиските сили биле сосема уништени.

Победнички, Александар го продолжил своето патување кон Парса, но само за да заглиби поради големите снежни наноси, ровови и водени текови. На дел од патот, добил поттик повторно да продолжи кога дошол гласник со вести дека Парса била подготвена да се предаде. Но, ако Александар не побрзал и не стигнел таму на време, жителите ќе го ограбеле неговото богатство.

Александар веднаш дејствувал наредувајќи им на пешадинците да го следат колку што можат побрзо, додека, пак, коњицата полетала со страотна брзина, јавајќи цела ноќ, додека не стигнала до реката Аракс /Araxes/ взори. Немало мост, па затоа неговите инженери бргу изградиле мост од

дрвена граѓа и камења за рекордно време, овозможувајќи и на коњицата да помине преку реката и да продолжи со јавање. Александар стигнал навреме за да се восхитува на раскошот на персиската култура и да го обезбеди своето богатство. Неговиот втренчен поглед во величественоста на градот ја зацврстило реалноста дека персиското владеење завршило. Александар сега бил новиот господар и владетел на Азија кој се зацврстил во Парса и лично седнал на престолот на Ксеркс /Xerxes/. Набрзо откако ја земал контролата врз градот, Александар им наредил на своите трупи до темел да ја изгорат зградата на Ксерксес, како симболичен чин дека сега тој го има постигнато она што си го поставил. Тоа ќе биде чин за кој подоцна ќе зажали.

Додека уште бил во Парса, Александар добил вести за конечната победа на Македонија врз Спартанската коалиција. Александар мора да бил воодушевен од сознанието дека Спартанците, кои некогаш биле моќни и сееле страв, се потчиниле не пред него, туку пред Антипатер кој бил само обичен генерал. Немало ништо што можело сега да му застане на патот на Александар. Неговата армија се докажала дека е непобедлива против било кој непријател и доволно ја демонстрирала својата вештина и моќ во секакви видови битки и под секакви, дури и несфатливи околности.

Сега, кога спартанската закана била тргната од патот и кога паднал и последниот бастион на отпорот од градовите-држави, на Александар повеќе не му требало да ги држи воените заложници на градовите-држави. Со многу фанфари, давање подароци и бонус-плаќање, тој ги отпуштил од служба сите војници на Лигата. Тесалиската коњица, која се покажала достојна во битките, богато ја наградил и ја испратил дома. Оние кои претпочитале да останат во Александровиот строј, биле прифатени како платени наемници, а не како сојузнички војници. Со падот на Спарта, таканареченият "сојуз", исто така, завршил, а походите на Александар оттука па натаму ќе ги водат само Македонци. Александар и неговата армија земале долг заслужен одмор во текот на зимските месеци, пред да тргнат во освојување на Екбатана /Ecbatana/, послледниот од главните градови на Персија.

Богатството што Александар го нашол во Парса било дури поголемо од она во градот Сус. Се проценува дека собрал 120.000 персиски таленти само од Парса и уште 6.000 таленти од Пасаргада /Pasargadae/, град во близина кој, исто така, се предал без борба.

Во мај 330 година пред Христа, по околу четири месеци одмор, Александар заминал од Парса и се упатил на север. Изгледало необично Александар да остане мирен толку долго, но Питер Грин верува дека тој ја чекал прославата на персиската Нова година за да учествува во неа. Но, за жал, тоа не се случило, бидејќи Александар заминал за Екбатана со цел повторно да го бара Дариј. Дариј, во меѓувреме, се надевал дека Александар ќе биде толку опиен од примамливоста на големото богатство и од декадентниот живот во Парса, така што ќе се повлече во луксузните квартови на западните палати и ќе заборави да го гони. Но, сепак, за да биде сигурен, Дариј почнал да собира нова армија, во случај Александар да се осмели да го нападне. Тогаш Дариј брзо ќе побегнел во Бактрија (Bactria), уништувајќи ги селата и не оставајќи ништо зад него.

Кога Александар открил дека Дариј бил во Екбатана, тргнал по него. Очекувајќи го потегот на Александар, Дариј брзо ја испратил својата придружба, со неговиот багаж и харемот, до Каспијските Порти /Caspian Gates/, додека тој подготвувал стапица за Александар во Екбатана. Сметајќи дека неговите сојузници, Скитијците и Кадусијанците /Scythians, Cadusians/, ќе му помогнат со тоа што ќе му дадат големо засилување, Дариј го предизвикал Александар да се бори. Кога Александар слушнал за предизвикот на Дариј, и наредил на својата придружба за багажот да го следи додека тој, заедно со своите Македонци, тргнал да го гони со брз марш. Но, пред да пристигнат во Екбатана, Александар дознал дека Дариј не го добил засилувањето што го очекувал и решил да побегне. Кога Александар пристигнал во Екбатана, всушност задоцнил една недела. Неговиот 500-километарски марш, со вратоломна брзина бил залуден. Дариј го собрал градското богатство од 7.000 таленти и побегнал на исток со 6.000 пешадинци и 3.000 коњаници. Тоа било големо разочарување за Александар, што го

направило дури и уште порешителен и понатаму да го гони Дариј.

Пред да замине на неговото патување во внатрешноста на Азија, Александар изградил една куќа-трезор во цитаделата на Екбатана за да ги чува 180.000 таленти или приближно толкуте што ги собрал од градот Сус и од Парса. Парменио бил задолжен да ја чува истата. Откако ги распуштил сојузничките сили, на неговиот лојален македонски генерал Парменио, останат без армија која ќе ја командува, му бил смален чинот на реонски командант. Тогаш бил задолжен да ја чува куќата-трезор на Александар во Екбатана и да ги обезбедува неговите комуникациски линии со заднината. Парменио бил седумдесет години стар кога Александар дипломатски го наговорил да се повлече од предните борбени редови.

Бидејќи го обезбедил своето богатство, а Парменио бил одговорен за локалните прашања во потесна Персија, Александар можел слободно да го гони Дариј во денешен Иран, се до Касписките Порти. Штета е што вложил толку голем напор да гони само еден човек на таков невнимателен начин, и тоа во текот на јули, во пустинска жега.

Александар со армијата, во брз марш, се упатил на север и поминал 320 километри за единаесет дена, неуморно движејќи се во обид да ги престигне Персијците пред да ги поминат Касписките Порти. Кога стигнале во Рага /Rhagae/, околу осумдесет километри од Касписките Порти, Александар открил дека Дариј веќе поминал оттука. Во тој миг решил да го сопре гонењето и на својата армија и дозволил да се одмори пет дена, пред да продолжат понатаму преку Портите. Кога ги поминале Портите, Александар бил информиран дека Дариј бил симнат од власта од неговите лични намесници и дека сега бил нивен затвореник. Александар брзо ги распоредил своите најбрзи коњаници за целоноќна потера, но утрото, кога стигнале до логорот на Дариј, откриле дека Дариј веќе бил притворен и однесен.

Александар ја продолжил својата потрага и кога неговите Македонци конечно го стасале, го нашле Дариј во окови и ослабен од рани од бодежи. По дивата целоноќна потера, наредниот ден луѓето на Александар откриле дека Дариј бил смртно ранет од бодеж со копје. Личните намесници на

Дариј го убиле за да спречат да му падне жив в раце на Александар. Дариј имал околу педесет години кога трагично го завршил животот во јули, 330 година пред Христа.

Откако дознал во какви околности на агонија умрел Дариј, Александар го вратил неговото тело во Парса и организирал кралски погреб во една од археменидските кралски гробници /the Archaemenid/. Александар, на изненадување на своите Македонци, а особено на граѓаните на градовите-држави, направил нешто необично, изјавувајќи дека сака да се освети за смртта на Дариј. Изјавил дека бунтовниците кои го убиле својот кралски господар ќе бидат строго казнети, додека оние кои му биле верни ќе ги добијат сите почести.

Со смртта на Дариј, се добило впечаток дека војната завршила. Започнале гласини во кампот дека крстоносната војна можеби е завршена и дека на сите ќе им биде дозволено да си одат дома. На крајот на краишта, сојузничките сили биле отпуштени, а Дариј бил мртов, па каква друга цел може да постои за да продолжат натаму? Тоа му било очигледно секому, секако, освен на Александар, кој сега сакал да се освети за смртта на Дариј со тоа што ќе ги гони неговите убијци. Било очигледно дека Александар имал мотиви поинакви од оние на Македонците. Тој немал намера да се освети било кому, туку повеќе да ги продолжи своите освојувања кои ќе ги задоволат неговите лични желби. За жал, неговите лојални војници станувале се поуморни и се прашувале кога, ако било кога, ќе можат да си одат дома и да уживаат во нивните тешко спечалени пари и награди во мир.

Александар свикал состанок со своите офицери и војници и им ставил крај на гласините за одење дома, а на армијата и наредил повторно да се подготви за тргнување. Иако Александар повторно сторил по свое, овој пат, за жал, почнала да се јавува пукнатина меѓу неговите лични желби и желбите на неговите луѓе. Александар бил свесен за проблемите со кои се соочува и почнал да гледа во немакедонците како можни кандидати за неговата цивилна, но и за воената администрација. За да ја намали нивната осаменост, тој дури ги поттикнал своите луѓе да се оженат со заробените жени, па да ги земат и нив во походот. Бидејќи се повеќе и повеќе се оддалечувал од Македонија, Александар знаел дека и добивањето нови регрути и одржувањето

комуникациски линии со оние дома, на толкаво големо растојание, ќе станува се потешко, особено што планирал да "освои" еден начин на живеење.

По неколку дена одмор, армијата повторно била спремна за тргнување и се упатила на исток кон Хирканија /Hyrcania/. На својот пат преку Ирак, Александар сретнал диви племиња кои никогаш порано не биле освоени, па избувнале жестоки борби. Откако потчинил дел од нив, ги натерал да платат данок во коњи и добиток. Некои од нив, особено многу вештите јавачи и стрелци, ги регрутирал во своја служба.

Додека минувал низ Иран, Александар "налетал" на нов непријател, со различни борбени вештини, кој не му понудил големи битки. Тоа биле малуброjни непријатели кои се криеле во текот на денот, а напаѓале ноќе. Тие се појавувале во заднината, и гаѓале во неколку места истовремено и брзо исчезнувале. Кога Александар одел во потера по нив, тие се вкопувале во непристапни терени или исчезнувале и се губеле во шумовитиот крај. Александар, како одговор на нивните напади, ја реорганизирал својата војска во мали мешани единици кои ќе можеле да водат многу независни битки едновремено, или да се здружат како една голема единица, ако биде потребно. Александар, исто така, за првпат, распоредил стрелци-фрлачи на копја кои јавале на коњи и можеле да напаѓаат во движење. Со новите методи на борење и со регрутирањето странци во своите оружени сили, Александровата армија веќе не била истата како онаа со која тргнал во походите.

Откако во текот на летото поминал две недели во Хирканија, Александар тргнал на исток кон северната страна на Ареја /Areia/. Таму, добил вести дека Без /Bessus/, еден од немесниците на Дариј кој, исто така, бил еден од осомничените за неговото убиство, бил препознат во провинцијата Бактрија како крал на Азија. Само што се подготвил да тргне за Бактра, главниот град на Бактрија, да го гони Без, Александар добил вести дека немесникот од Ареја го поддржал признавењето на Без и дека лично тој планира побуна во Ареја. Без да губи ниту миг, Александар, со дел од својата армија, со дводневен брз марш, неочекувано се појавил во Артакоана /Artacoana/, главниот

град на Ареја. Неговото присуство предизвикало голем страв меѓу побунетите и бунтот доживеал крах.

За жал, во текот на брзиот марш, Александар го изгубил Никатор, синот на Парменио и командант на неговата гардиска бригада. Никатор се разболел и умрел на пат за Артакоана. Александар премногу брзал, гонејќи го Без, за да остане и лично да му оддаде почит на паднатиот борец, како што направил за многу други, па затоа таа задача му ја доверил на Филота /Philotus/, братот на Никатор, што, долгорочно гледано, се покажало како грешка. Александар бил решен да го уништи Без што е можно побрзо и откако стигнал во Артакоана, продолжил со гонењето. Дознал дека Без собира голема армија, регрутирајќи војници од Бактрија и од дивите номадски племиња подалеку од Окс /Oxus/.

Сега Александар навлегувал во непроверена територија и не знаел што да очекува. За да избегне натамошни неволји, основал една македонска населба која ја крстил Александрија на Аријанците /Alexandria-of-the-Areians/, првиот од многуте воени гарнизони позиционирани на стратешки точки насекаде низ источните провинции.

Од некоја причина, Александар се откажал од брзањето да стаса во Бактрија по директна маршрута, па решил да патува на југ, можеби за да ги скроти останатите провинции пред да се упати на север кон планината Хинду Куш /Hindu Kush/. Ги обезбедил овие региони, исто така, со основање неколку нови македонски населби како Александрија во Аракозија /Alexandria-in-Arachosia/, денешен Кандахар и Александрија на Кавказ /Alexandria-at-the-Caucasus/. За да ги изгради своите градови, армијата на Александар во текот на зимата работела без одмор.

Во пролетта 329 година пред Христа, по еден краток одмор, Александар ја повел својата армија преку снежната планина Хинду Куш. Иако Без му пружил отпор, Александар излегол како победник и влегол во Бактрија. Без побегнал и исчезнал во Согдијана. Александар ја освоил Бактрија, вклучувајќи го и главниот град Бактра, а потоа продолжил на север преку реката Окс. Се вели дека немало дрва за да се изгради мост, па затоа на армијата и требало пет дена да ја премине реката Окс. Тие пливале преку реката со помош на

надуени штавени кожи кои биле сошиени заедно од нивните покривачи за шатори.

Штом Александар влегол во Согдијана, Без веќе не бил во милост кај оние кои го поддржувале и останал без нивната поддршка поради тоа што не се борел. Потоа постепено го напуштиле и неговите сопствени војници. Тоа што Без паднал во немилост, не значело дека буната завршила. Со време, нов и многу поопасен противник ќе го заземе неговото место и ќе организира национален отпор.

Откако го фатил Без, Александар го продолжил својот пат на север покрај Мараканда /Maracanda/, додека не стигнал до реката Џакарта /Jaxartes/, до крајната североисточна граница на Персиското Царство. Надвор од таа граница, во широките степи, живееле номади кои секогаш претставувале опасност за Империјата. За да се одбрани од нападите и да внимава на реката, Александар основал погранична македонска населба и ја нарекол Александрија-Ексата или Којенд /Alexandria-Exchate или Khojend/.

Додека Александар бил зафатен со подготовките за основање на неговиот нов град, една персиска буна се засилувала и избувнала во насилни побуни во бројни места. Александар не губел време и ја пуштил својата армија да го задуши востанието со многу крвопролевање. Сите градови кои учествуале во буната биле уништени, а нивните жители погубени. Но, наместо да го скрши нивниот дух, борбените операции на Александар ги запалиле побунетите и наскоро се случиле уште повеќе побуни, со поголеми размери. Во еден миг, побунетите успеале да ги поразат македонските експедициски сили и да го стават градот Мараканда во обрач. Меѓутоа, нивната акција го налутила Александар до тој степен, што тој лично земал контингент лесно вооружени војници и форсирал брз марш од 300 километри за три дена, гонејќи ги побунетите додека не биле совладани и строго казнети. Кога завршил, се упатил на југ кон Бактра каде ја поминал зимата 329-328 година пред Христа, одморајќи се.

Во текот на наредната пролет, Александар ја поделил својата армија на два дела и го оставил Кратер /Craterus/ во Бактрија да го штити градот, додека тој тргнал на север за Согдијана за да задуши повеќе побуни. Додека Александар ги опколувал побунетите, му дал инструкции на Хефестион

внимателно, до детали, да планира неколку градови во Согдијана. Никнал еден нов град по име Александрија-најоддалечениот град /Alexandria-the-furthermost/, кој подоцна бил населен со македонски иселеници.

Откако ги победил побунетите, Александар му ја дал командата на Согдијана на Коен /Coenus/, додека тој и неговата армија тргнале за Наутака /Nautaca/ да ја поминат зимата таму.

Од сите побуни што избувнале помеѓу 329 и 327 година пред Христа, само една останала непоразена. Побунетите биле вгнездени високо на една непристапна цитадела на една карпа во планината Согдијана. Во пролетта 327 година пред Христа, Александар марширал со својата армија од замрзнатото земјиште на Наутака до високата тврдина на Согдијана и ги повикал бунтовниците да се предадат. За жал, единствениот одговор што го добил било смеење и потсмевање. Тие рекле дека единствен начин да се предадат ќе биде ако на војниците на Александар ненадејно им пораснат крилја.

Александар им се обратил на своите луѓе и побарал доброволци, нудејќи им големи награди на оние кои ќе се искачат на највисокиот врв. Како што се покажало, меѓу македонските војници имало планинари и околу 300 од најхрабрите и најсмелите се јавиле како доброволци. Тие се нафатиле да се искачат под превезот на темнината, користејќи јажиња и железни шаторски клинци како крампони кои ги забодувале во замрзнатата ледена карпа. Додека се качувале, триесет од нив паднале и загинале, но останатите успеале да стасаат до врвот. Потоа, рано изутрината наредниот ден, во првите мугри, побунетите виделе, на свое вчудоневидување, дека овие македонски супермени се високо над нив и веднаш капитулирале, предавајќи ја својата тврдина. Меѓу фатените побуненици бил и бактрискиот принц Оксарт /Oxyartes/ кој со себе ја имал својата убава ќерка Роксана. Според мислењето на Александровите компањони, Роксана била најубавата жена што некогаш ја виделе, веднаш по Статеира /Stateira/, жената на Дариј. Александар страсно се вљубил во неа и кратко време потоа му станала жена.

Наскоро по завршување на овој поход, Александар марширал на исток кон Параетацен /Paraetacene/ за да го скрши отпорот на уште една цитадела. Тука, исто така, Александар се нашол пред тврдина вгнездена високо на една стрмна карпа, опколена со длабоки ендеци и екстремно нерамен терен. Колку понеосвоива изгледала тврдината, толку повеќе Александар бил решен да продре во неа. Тој сакал предизвици, а сакале и неговите Македонци, бидејќи и тие биле желни да го сторат невозможното.

Со малку македонска ингениозност, голема решителност и се што природата може да го понуди, македонските инженери конструирале долги скали од околните високи борови дрва, што ги спуштиле во ендеците. Од дното подигнале еден издигнат пат врз ендекот до ѕидовите на цитаделата. Потоа изградиле куќичка-натстрешница врз издигнатиот пат за да ги штити војниците од артилеријата и почнале да ги бомбардираат ѕидовите на цитаделата. Не поминало долго време и исплашените бунтовници понудиле да се предадат.

Бидејќи тоа бил последен бастион на отпорот, Александар ги скршил сите отпори на Далечниот Исток и бил слободен да се врати во Бактра. Александар се двоумел да ја напушти Согдијана нерасчистена, пред да го продолжи својот пат кон Индија. Тука тој сретнал борбен народ со голема решителност, каков што бил и неговиот народ.Морал да ги смири, но не така што ќе ги победи во борба. Морал да им покаже дека ја заслужува нивната почит, но не така што едноставно ќе ги вработи во негова служба. Морал да ги направи партнери на старомодниот начин, така што ќе се ожени за една од нивниот род, онака како што би го сторил тоа Филип.

Пред да се врати во Бактра, Александар се оженил со Роксана на врвот на цитаделата во замокот кој тукушто го освоил. Неговиот брак со Роксана бил симбол на помирување со неговите поранешни непријатели и бил наменет за стекнување голема политичка важност. Свадбената церемонија била извршена според иранските обичаи, со цел да и се ласка на иранската национална гордост. За жал, она што било добро за Персијците и за

немакедонците, сигурно било гледано со презир од некои Македонци, барем така ни е речено.

Голем дел од овие информации ни доаѓаат од изворите на античките градови-држави, но јас лично мислам дека тие информации се пристрасни. Можеби имало разлики во мислењата помеѓу Александар и неговите офицери, но не до оној степен како што се нагласува. Александар секогаш покажувал интерес за странските култури, бидејќи знаел дека може да искористи од нивната различност. Тој, исто така, знаел дека не може да владее со толку големо царство, какво што било тоа, единствено со копја. Морал да го издигне чувството на припаѓање меѓу сите луѓе. Каков подобар пример би можел тој лично да им покаже на сите нив, отколку да им покаже дека дури и на еден крал не му е под честа да учествува во обичаите на другите народи. Сигурно постоела извесна фрикција помеѓу неговите најконзервативни офицери и него лично, но не верувам дека тоа било нешто бунтовно. Филота можеби имал добра причина да го мрази збратимувањето на Александар со непријателот. Неговиот брат умрел за Александар, а сепак Александар бил премногу зафатен за да му направи погреб што му прилегал. Имало и такви кои биле изморени од водењето војна без крај и такви кои биле склони да се жалат. Какво е тоа богатство, ако не може да се ужива во него?

Историјата треба да ги оцени Македонците не според она што рекле другите народи, особено оние од градовите-држави, туку според она што тие направиле. Наспроти негативните коментари од античките автори, постои една најважна вистина која не може да биде негирана. Македонската армија му останала лојална на Александар до крај. Ниедна армија не може да остане цела, да остане негибната или да ги добива битките онака како што тоа го правеле Македонците, ако постоело несогласување помеѓу нејзините водачи. Александар им бил неспорно лојален на Македонците, а и Македонците, за возврат, биле неспорно лојални на Александар. Останатото не е ништо друго освен гласини. Освен тие гласини, ниту еден антички автор не оставил ниеден запис за вистинска побуна или завера, што, наводно, се случиле внатре во македонската армија. Не постои ниту еден запис дека еден Македонец кренал рака

против друг Македонец. Со ова, се повикувам на судењето на Филота и егзекуцијата на Парменио. Постојат тврдења дека Филота бил запознат за една завера да се убие Александар и дека Парменио можеби бил дел од таа завера. Мене ми се чини дека во преокупираноста со нивниот таблоиден став да го оцрнат Александар, античките автори "едноставно заборавиле" да ги наведат неговите поважни и поголеми достигнувања. Тие едноставно заборавиле да ја истакнат желбата на Александар да ги обедини сите култури на светот како еднакви, што претставува еден македонски квалитет кој се пренесува од генерација на генерација и опстоил во срцата на многу македонски револуционери.

Оние кои го презирале Александар, не оставаат со впечатокот дека Александар и неговите офицери биле одвратни пијаници и безначајни сомнителни мали луѓе кои меѓусебе се шпионирале и изнудувале освета еден на друг. Дали се тоа квалитети на една голема армија? Треба ли да веруваме дека Александар и неговите офицери кои, наспроти сите тешкотии, ја добиле секоја битка што ја воделе и кои невозможното го правеле возможно, биле група пијани параноидни мегаломани?

Навистина е штета што практично не знаеме ништо за визијата на Александар за еден иден свет. Неговата желба да создаде едно навистина демократско и плуралистичко општество е помрачувана и обојувана од оние кои се премногу мали за да гледаат подалеку од себеси и од нивните предрасуди. Визијата на Александар, без разлика дали била резултат на потреба или претходен план, била толку пред времето, така што ние денес се трудиме да ја сфатиме. Можеби Александар го освоил светот со сила, но нема сомнение дека тој имал желба да го претвори светот во модерни "Обединети нации".

ГЛАВА 8 - АЛЕКСАНДАР III– ДО КРАЈОТ НА СВЕТОТ, ПАТУВАЊЕТО ДО ИНДИЈА

До 328 година пред Христа, Александар го освоил целото Персиско Царство, барем царството што му припаѓало на Дариј III. Античките автори не даваат објаснување зошто Александар сакал да оди подалеку од Персиското Царство и зошто штом завршил со освојувањето на источен Иран, Александар ги почнал подготовките за инвазија на Индија? Мислам дека Александар дејствувал не од желба да освојува, туку заради својата нескротлива љубопитност да види што има подалеку од Источното Царство, подалеку, односно надвор од светот што дотогаш бил познат. Без сомнение, додека се справувал со планинските Индијци на источен Иран, слушал стории за Индија кои не се вклопувале во неговото претходно знаење за тој дел од светот.

Пред да замине од Бактра, Александар се збогувал со традицијата и го наименувал Аминта, Македонец, наместо странски сатрап (гувернер), да ја обезбедува важната провинција Бактрија. Аминта останал со добро вооружена војска од 10.000 пешадинци и 3500 коњаници, повеќе војници отколку што имал Александар кога започнал седум години пред тоа.

Во пролетта во 327 година пред Христа, додека неговата војска стоела на планинскиот венец на Хинду Куш, набљудувајќи ја источната граница на светот, Александар педантно го планирал следниот чекор од неговиот поход. За Индијците, Александровиот приод преку планината Хинду Куш ги потсетувало на инвазијата на Аријците многу одамна. Номадските Аријци ја зазеле Индија околу 1.500 година пред Христа, ја уништиле индуската цивилизација во долината на реката Инд и го истребиле населението покрај реката Инд, ставајќи на тој начин крај на најбрилијантната цивилизација на античкиот свет.

На своето патување кон Индија, Александар со себе ја повел својата млада кралица Роксана, која по една година му родила син. За жал, набрзо по раѓањето, бебето умрело.

Во почетокот на летото во 327 година пред Христа, Александар ја поделил својата војска на два дела. Главната

колона, под команда на Хефестион и Пердика, тргнала надолу по течението на реката Кабул и преку преминот Кубер (Khyber Pass) за да изгради мостови и да се подготви за инвазија. Во меѓувреме, Александар, со своите лесно вооружени единици, тргнал по друг пат, по должината на долината Кунар во источен Авганистан и оттаму преминал во северозападниот дел на Пакистан.

Во текот на патувањето Александар наишол на силен отпор, што предизвикал жестоки борби. Бестрашните индиски племиња на планинскиот терен имал бројни воини и претставувале потешкотија за напредувањето на Александар, Борбите биле толку жестоки, што уште во првиот судир, и Александар и Птоломеј биле ранети.

Откако ја преминал реката Сват /Swat/, Александар се судрил дури и со поопасни племиња, па борбите станале и поинтензивни. Индијците се бореле храбро, но на крај попуштиле. Откако ја изгубиле Масага /Massaga/, нивното главно упориште, Индијците отишле во Аорнос (Пир-Сар), другото нивно упориште. Искачувањето на ова 1.500 метри високо упориште, сместено на свиокот на реката Инд, било невозможно. Чувствувајќи ги ограничените способности на својата војска, Александар, тогаш за тогаш, решил да не го гони непријателот понатаму. Ја свртел војската и тргнал со марш на југ, по течението на реката Инд.

Подоцна, користејќи различни стратегии, Александар се обидувал неколк у пати да го опседне упоришето Аорнос, но безупешно. Александар не можел да влезе во Пенџаб (Punjab) без да го уништи Аорнос. Морал да го скрши отпорот на ова упориште. Кога не успеал со конвенционални средства, морал да измисли нови методи за напад. Од сите нови методи што ги испробал, како најдобро се покажало потопувањето на клисурите што го опкружувале упоришето. Штом водата надошла доволно високо во клисурата, за да може војската да го премости растојанието до карпата, Александровите машини за опсада се приближиле за да го уништат истото. Наскоро отпорот престанал, а војската можела да јурне и да ги покори своите непријатели. Александар бил прв што се искачил на врвот, завршувајќи го со тоа освојувањето на Аорнос. Тоа било една од најбрилијантните постигнувања во неговата кариера

во однос на стратегијата и тактиката. Откако Аорнос веќе не му пречел на патот, Александар сега слободно можел да го продолжи своето патување до Пенџаб. Соборувањето на Аорнос ја родило легендата за македонскиот супермен. Индијците упориштето го сметале за неосвоиво и верувале дека и богот Херкул еднаш се обидел да го освои, но не успеал.

Во март 326 година пред Христа, Александар свртел на југ и продолжил со патувањето за да ги стигне Хефестион и Пердика. Кога ги стигнал, на војската и дал еден месец заслужен одмор. Откако ја поминал реката Инд, преку понтонски мост што претходно го изградиле инженерите на Хефестион, Александар навлегол во земјата на неговиот сојузник Амби (Ambhi). Александар, кој никому не верувал, со маршрање влегол во Таксила (Taxila) подготвен за борба, но ништо не се случило. Амби го пречекал Александар со многу подароци и го примил како гостин во главниот град Таксила.

Во Таксила, Македонците за првпат наишле на многубројни чуда, непознати манири и обичаи. На радост на научниците, пронашле флора што пред тоа никогаш ја немале видено. Исто така, токму таму Александар се запознал со тие "голи филозофи" (будистички калуѓери, монаси) и дошол во допир со доктрината на Буда. Во текот на наредните три дена Македонците биле третирани кралски, со многубројни подароци. За да не остане покусо, Александар повторно го поставил Амби за раџа на Таксила и го опсипал со свои подароци, кои се состоеле од триесет коњи и не помалку од 1.000 таленти. Оваа дарежливост била мотивирана од желбата на Александар да го има Амби на своја страна, бидејќи добивал разузнувачки извештаи за голема концентрација на непријателски војници пред него. Иако го направил раџа, Амби сепак се уште бил вазален крал. Еден македонски воен гувернер, со силен гарнизон на располагање, всушност, владеел со Таксила.

Александар инвестирал многу време и вложил големи напори во преговорите за условите за мир со други двајца индиски раџи во тој регион, но изгледало дека мирот не бил можен пред претходна војна. Пор (Porus), еден од раџите кои преговарал со Александар, многу јасно го изложил својот

услов. Ако Александар го сака неговото кралство, ќе мора истото да го стекне во битка.

Војската на Пор веќе била натрупана на брегoвите на другата страна на реката Џелум (Jhelum), но, сепак, почнало да пристигнува уште поголемо засилување. Александар не можел да си дозволи да губи многу време, па затоа им наредил на своите инженери да изградат мост. Бидејќи немало градежен материјал на располагање во близина, Александар го испратил Коен да го расклопи понтонскиот мост од реката Инд, да го исече на помали делови и да го донесе со воловски запрежни коли. Додека Коен го барал мостот, Александар ја засилил својата војска така што на пешадијата и додал слонови и индиски регрути.

Кога бил подготвен да се судри со Пор, Александар не ги земал предвид монсуните. Можеби не познавајќи ја индиската клима во јуни, Александар ја повел својата војска во текот на постојан пороен дожд што испарувал. Небото се отворило и врз многуилјадните Македонци непрекинато врнело во текот на два месеца. Александар патувал преку планинскиот венец Солт Ренџ (Salt Range), поминувајќи 180 км за помалку од два дена, пред да стигне на реката Џелум. Голем потфат во монсунски услови!

За несреќа, реката Џелум била толку надојдена од монсунските дождови, што било невозможно да се премине. Освен тоа, дури и да било можно да се премине реката, Пор чекал од другата страна со стрелци, бојни коли и слонови. На обичен набљудувач би му изгледало дека спротивставените војски се наоѓале во пат-позиција. Ниту една од нив не можела да дејствува без тешки последици.

За да ја зацврсти идејата дека ќе чека поповолни услови пред да нападне, Александар наредил набавките континуирано да бидат испорачувани до неговиот логор пред погледот на неговиот непријател. Додека го правел тоа, пратил извидувачи надолу и нагоре по реката да бараат добро место за да ја преминат. Во меѓувреме, трупите биле ставени во целосна готовност со активности кои сугерирале можност за непосреден напад. Откако долго време ништо не се случило, непријателот се изморил од Александровите лакрдии и почнале да ги игнорираат маневрите кои им го одвраќале вниманието. Како што сакала среќата,

извидниците навистина нашле добро место за премин. Тоа било лоцирано на 25 километри низводно од логорот и било идеално бидејќи имало една теснина во близина на реката од истата страна, што било добро место за да се скријат војниците.

За да обезбеди успешно преминување на реката, Александар морал темелно да го збуни непријателот во врска со неговите вистински намери, па затоа им наредил на своите трупи да палат огнови на голем простор во текот на секоја ноќ. Во исто време, Птоломеј водел поголем број коњаници горе-долу по речниот брег, правејќи колку што може поголема врева додека правел лажни обиди да ја премине реката. Во почетокот, сите овие демонстрации сериозно биле земени предвид и секое движење и секој маневар бил проследен со исто такво дејство од непријателските сили на другата страна од реката. Но, по извесно време, кога станало очигледно дека тоа биле само трикови за да се вознемират непријателските војници и да се намали нивниот морал, Пор почнал да ја намалува својата будност. Пор морал да мисли дека вистинската цел на Александар е да го скрши моралот на неговата војска и да го нападне тогаш кога ќе биде најслаб. За несреќа на Пор, Александар бил многу попаметен и помудар од тоа.

Александар морал да стапи во акција за помалку од два дена бидејќи другиот раџа, Абисар од Кашмир (Abisares of Kashmir), бил на околу 80 км северно и се приближувал. Иако Пор бил спокоен во врска со вежбите на Александар, неговите патроли постојано дежурале. Било каков обид да се премине реката, дури и без да биде откриен, би бил совладан од страна на силите на Пор штом ќе биде лоциран. За да ги зголеми своите шанси максимално, Александар ја поделил својата армија и наредил истовремени, но одвоени напади на различни точки на реката. Не знаејќи од каде ќе дојде нападот, Пор морал да ги подели своите сили за да ги пресретне Македонците. Во меѓувреме, понтонскиот мост бил тајно составен и бил подготвен за употреба.

Во превезот на ноќта, Александар, со 10.000 пешадинци и 5.000 коњаници, нечујно се приближувал до брегот за да измине 25 км, со цел да нападне в зори. Заднинската придружба за багаж и голем дел од војската останале во

базниот логор. Александар дал наредба отворено да се започне со вршење подготовки за напад штом ќе започне да се зазорува. Освен тоа, некој што личел на него и што бил облечен во кралска одора, излегол од неговиот кралски шатор и почнал да дава гласни наредби.

Втората група, која се состоела од три баталјони тешко вооружени пешадинци, наемни коњаници и пешадинци, била испратена од главниот логор на половина пат помеѓу главниот логор и местото за премин на Александар, со наредба да чека и да премине само тогаш кога Александар ќе стапи во битка. На Кратер (Craterus), кој командувал со силите во главниот логор, му било наредено исто така да чека и да не преминува додека Пор не се помести од неговите сегашни позиции за да го гони Александар.

Ова било навистина брилијантен план кој сигурно му задавал дилеми на Пор. Што да направи? Го сторил она што секој вешт командант би го направил. Испратил силна војска да го спречи Александар да ја премине реката. Александар, пак, предвидувајќи го неговиот потег, му се спротивставил со противнапад, потпирајќи се на своите најдобри македонски војници за да изврши молскавичен премин и да ја пренесе главната битка на другата страна; потег што ќе остане ненадминат до ден-денес.

Александар, сепак, добил и мала помош од неговите богови кои му обезбедиле заглушувачки грмотевици и пороен дожд, кои ја замаскирале вревата при неговото истоварување. Иако преминот бил успешен, не било се добро. Изгледа дека извидниците на Александар направиле грешка. Земјиштето на кое Александар се истоварил не бил очекуваниот брег, туку друг, продолжен остров. Било тоа долга и напорна борба да се преминат брзите струи на бујната река Џелум. Истоштени и извалкани во кал, Македонците најпосле успеале да ја преминат реката. Пор се уште не знаел каде ќе се води главната битка. За оваа истоштувачка и бесцелна вежба на Александар, Пор претпоставувал дека е уште едно лукавство за да ги намами неговите сили подалеку од главниот напад. Сепак, но мало двоумење, а и за да биде на безбедна страна, Пор на крај го испратил својот син со 2.000 коњаници и 120 воени коли, но тогаш веќе било предоцна.

Најголемиот дел од десантните сили на Александар веќе ја преминале реката и лесно ги совладале Индијците.

По краткотрајниот судир, Индијците побегнале оставајќи околу четири илјади мртви, вклучувајќи го и синот на Пор. Додека ги гонел Индијците кои бегале, на Александар му се приклучила и втората група од неговата војска, која дотогаш успеала да ја премине реката. Александар повторно ја поделил војската и ја презел командата врз коњицата, која со галопирачка брзина јурела напред, а пешадинците ги следеле одзади со маршерачки чекори.

Кога Пор ја добил веста дека синот му загинал и дека Александар ја преминал реката, решил дека е време да се соочи со него и ги повел своите оружени сили низводно за да се бори. Само мала сила, што се состоела, главно, од слонови, била оставена во позадина да го спречи Кратер. Се проценува дека Пор имал на располагање приближно 2.000 коњаници, 20.000 пешадинци, 130 слонови и 180 бојни коли. Пор одбрал пространа, песочна рамнина за бојно поле и ги позиционирал своите пешадинци во еден широк централен фронт, засилени со слонови поставени на растојание на околу 30 метри. На крилата ги поставил своите бојни коли и коњаниците, заедно со една странична група пешадинци.

Коњаниците на Александар пристигнале први, но стоеле настрана и не стапиле во битка додека не пристигнале пешадинците. Александар имал околу 11.000 македонска пешадија и 6.000 коњаници. Додека чекал, Александар ги држел своите коњи надвор од видокругот и вршел подробно извидување на борбениот поредок на Пор. Фронтален напад со коњаници би било тешко да се изведе, спротивставувајќи ги коњите против слоновите. Фалангата може да го реши проблемот, но не додека коњицата на Пор се уште е активна. Но, најпрво, мора да се онеспособи коњицата за да нема можност таа да ја заобиколи фалангата.

За да се ослободи од индиската коњица, Александар решил да го нападне левото крило на Пор. Идејата била да се држат двете коњички дивизии скриени од непријателот, додека се врши напад со целата видлива коњица, која броела нешто помалку отколку вкупниот број коњаници на непријателот. Било сигурно дека вооружена сила од толкава големина ќе го совлада левото крило на Пор и дека тој ќе мора да повлече

засилување од неговото десно крило. Командантот на скриените дивизии добил специфични нареби да го заобиколи десното крило на Пор и да остане надвор од видокругот се додека левото крило не влезе во битка. Кога Пор ќе прекомандува војници од десното крило за да ги вовлече во борбата, тогаш тој ќе мора да јурише зад непријателските редови и да нападне од заднина. Во спротивен случај, нормално ќе го вовлече непријателот во битка. На фалангата и било наредено да одолговлекува со вовлекување во борба додека нема докази дека непријателот е збунет.

Стрелците, кои јавале на коњи, први нападнале и речиси веднаш ги онеспособиле бојните коли. Коњицата на Александар потоа јурнала и, како што се очекувало, Пор му наредил на своето десно крило да зададе фрапантен удар. Двете скриени дивизии, под команда на Коен (Coenus) и Деметриј (Demetrius), излегле од засолништето и ги вовлекле во битка Индијците од заднината. Наместо да му нанесе удар на Александар, коњицата на Пор добила удар, а Индијците се повлекле и прибегнале кон заштитата на слоновите.

Откако непријателската коњица била онеспособена, македонската фаланга и тешко вооружената пешадија напредувале кон центарот на Пор. Но, да се нападнат налутени слонови не било лесна задача. Секој слон, најпрво, требало да биде заобиколен, јавачот на слонот да биде застрелан од страна на стрелците и додека слонот давал отпор, требало да биде прободен со копје и боден додека не биде соборен. Пешадинците морале да прибегнат кон отсеување на сурлата на слонот со мечови, а со секири да му ги пресечат нозете, пред животното да падне на земја. Многу од оние кои го вршеле сечењето и отсекувањето поминале лошо, бидејќи многу слонови давале отпор така што ги удирале, набивале, клоцале и ги гмечеле своите мачители, се додека не се претвориле во крвава каша.

Бидејќи борбениот ред на Пор бил потиснат, слоновите се збиле и почнале да ги газат своите војници, предизвикувајќи натамошни жртви. Додека Александар се повеќе го смалувал обрачот на својата коњица околу војската на Пор, и наредил на својата фаланга да ги остави штитовите и да се впушти во убивање. Дотогаш, Кратер ја преминал реката и ги гонел

оние кои се пробиле низ обрачот на Александар. Македонците само што поминале низ трауматично искуство и не биле расположени за простување, така што битката наскоро се претворила во масакр.

Слоновите станале избезумени и газеле повеќе Индијци отколку непријатели. Индијците, вклучувајќи го и Пор, се бореле и давале отпор до крај. Ранет со копје, Пор веќе не гледал смисла во натамошното давање отпор и одјавал со својот коњ. Александар го гонел и со дипломатија го убедил да се предаде. Александар покажал голема почит кон Пор каква што заслужува еден крал. Тоа била последна голема битка што ја воделе Македонците. Земајќи предвид дека таа се одвивала под монсунски услови, нешто што Македонците никогаш пред тоа не искусиле, таа може да се смета за најтешката битка во целиот поход на Александар.

Кога се било готово, Александар го назначил Пор за крал на неговите сопствени доминиони, а подоцна го проширил неговото кралство до Хифасис (Hyphasis). За возврат, Пор му останал лојален на Александар додека не умрел. За да ја осигура својата позиција во Пенџаб, Александар наредил изградба на два нови града, Никеа и Букефала (Nicaea) и (Bucephala), по течението на реката Џелум. Никеа бил изграден онаму каде што Александар ја преминал моќната река Џелум, во чест на неговиот успех, а Букефала, пак, бил изграден на бојното поле и бил посветен на Букефал, коњот на Александар, за кого се вели дека умрел од старост.

По еден месец долг и заслужен одмор, Александар ја свикал својата војска и се упатил на север. Ја преминал реката Ченаб (Chenab) која поради преобилните дождови станала широка три километри. Во близина на Ченаб основал друг град кој, се разбира, го нарекол Александрија (Sohadra). Некаде источно од Ченаб, во близина на градот Сангала (Sangala), Македонците наишле на лут отпор и отпочнала ужасна битка, во која биле заклани 17.000 Индијци, а повеќе од 70.000 биле заробени.

Александар го продолжил своето патување кон исток, движејќи се под венците на високите планини и пробивајќи си го патот преку натопените полиња со вода, во задушувачка топлина и врнежливо монсунско небо. Долги колони валкани индиски бегалци со искинати одори ја

следеле македонската војска, која како змија се вијугала низ подрачјата. Откако ги преминала рекита Рави (Ravi) и Беас (Beas), во сегашен Пенџаб (Punjab), војската се влогорила за краток одмор, но само да биде дестимулирана и незадоволна од плановите на Александар за идни походи. Мора да било кратко пред тоа кога Александар сфатил дека неговата почетна претпоставка за географијата на овој регион била грешна. Тој, исто така, морал да открие од Индијците дека реката Инд не се влева во Нил, како што претходно ги информирал своите војници. Не се знае зошто таа информација ја чувал во тајност од своите војници.

Александар чекал погодно време да ги информира своите војници дека неговите мапи не биле точни и дека крајот на светот не се наоѓа во близина. Всушност, ги информирал своите војници дека треба да маршираат уште дванаесет дена во пустината и да преминат уште една голема река, Ганг, пред да може да стигнат до крајот на светот. Таа информација не била добро примена од неговите војници.

Изгледа дека Александар сакал да го продолжи својот поход на исток и да се изложи на опасност кон Ганг, но неговиот џиновски план не бил дочекан со одобрување. Неговата војска била преморена, се приближувала до точка на изнемоштеност и веќе не сакала да го следи. Поминале 18.000 километри за осум и пол години и биле изморени. Спарното време и постојаните пороjни дождови кои ги поднесувале седумдесет дена, не оделе во прилог на ситуацијата. Александар се нашол во неприлика која му било тешко да ја прифатил. Дури и откако одржал многу говори и покажал големо негодување, неговите луѓе не попуштиле и останале на своето. Александар бил немоќен да дејствува. Откако поминал три дена во својот шатор, размислувајќи за неприликата во која се нашол, сфатил дека неговите луѓе се во право, дека дошло време за враќање.

За да ги одбележи своите големи успеси и да им искаже чест на боговите кои му ги дале победите, Александар наредил изградба на дванаесет олтари во вид на кула, на источната страна на реката Беас, по еден за секој македонски бог. На војската и наредил да ги изградат кулите од четвртасти камени блокови, со вкупна висина од пет метри и вкупна должина од седумнаесет метри.

Со тешко срце, Александар ја повел својата војска назад и некаде во средината на септември, 326 година пред Христа, го започнал маршот назад кон новооснованиот град во близина на реката Џелум (Jhelum). Наредната голема задача која ќе ја презел било да се изгради флота бродови кои ќе ја пренесат војската надолу по реката Инд, а потоа во океанот кон југ. Биле изградени приближно 800 брода за транспорт на коњи, жито, луѓе и товар. Биле изградени околу 80 воени бродови со по триесет весла за одбрана. Александар немал намера да командува со флотата и затоа го назначил Неарк (Nearchus), својот близок пријател од младоста, за адмирал.

Во ноември 326 година пред Христа, Александар ја поделил својата војска во две колони, се качил на бродовите и го започнал своето патување по течението на реката Џелум. Звукот на трубите го дале сигналот да започне веслањето, додека секоја колона ги заземала своите позиции на спротивните брегови од реката. Кратер командувал со колоната на десната страна, а Хефестион командувал со таа на левата. Имало голем метеж додека пилотите ги извикувале командите за веслање и додека веслата едногласно плискале по водата, привлекувајќи ги гледачите кои дошле да го видат спектаклот и да им пеат на војниците на нивното патување. За жал, не било се добро и пред флотата да стаса до реката Ченаб (Chenab), Александар примил информации дека неколку племиња, најбројните и највоинствените, се подготвувале да војуваат со него подолу на реката. Александар, во тоа време, не бил сигурен на кое место ќе се води битката, па затоа ја намалил брзината надолу по Џелум, надевајќи се дека ќе го помине спојот на бурните води онаму каде што Џелум се спојува со Ченаб.

Но, како што се утврдило, немало никаков знак од непријателот кај спојот на реката. Сепак бурните води нанеле големи оштетувања и многу бродови морале да бидат поправени. Додека траеле поправките, војската се влогорила во близина на бреговите, давајќи му време на Александар да состави план за битката. Непријателската територија била затворена помеѓу реките Ченаб и Рави, а една безводна пустина ги заштитувала нивните населени места. Најлогичниот и најефикасен метод да се дојде до нив било низводно по реката Ченаб. Александар очекувал дека и

непријателот ќе размислува на истиот начин, па затоа неговиот план вклучувал и мало изненадување.

Откако завршиле поправките, Александар ја поделил својата војска на три колони. Првата колона ја презел тој и ја повел по колно, преку пустината, право во срцето на непријателската територија. Втората колона, под команда на Хефестион, била испратена низводно по реката Ченаб. На третата колона, под команда на Кратер, и било наредено да ја држи територијата во близина на устието на реката Рави. Александровата копнена колона наишла на голем отпор и отпочнала крвава битка кога тој тргнал во јуриш и освоил неколку градови. Многумина се обиделе да побегнат, но биле пресретнати од Хефестион и Кратер. Во текот на јуришот врз еден од градовите, Александар бил ранет. Додека се искачувал по ѕидот на еден замок, бил жртва на непријателска стрела која се забила во неговите гради. Мислејќи дека е прободен, неговите војници му дале оддишка на својот бес врз непријателот, но тој возвратил со иста таква суровост.

Александар бил положен врз неговиот свет штит и на носила го однеле на неговиот брод. Веста за неговата наводна смрт секавично се ширела, разжалостувајќи ги војниците. Но, на Александар не му било судено да умре и, откако стрелата била извадена, брзо се освестил. Сепак наспроти сите разуверувања, неговите луѓе не биле убедени се додека тој не застанал на нозе, не излегол од својот шатор и не се качил на коњ за да може од далечина да го види секој. Кога виделе дека нивниот крал е жив, на војниците им се вратила радоста и нивните извици одекнувале низ целата земја. Неговите војници, од сите страни, дошле да го видат, да се ракуваат со него и да му ја покажат својата љубов. Но, најизненадувачко од се била реакцијата на неговиот непријател. Ненадејното "воскреснување" на Александар од мртвите, предизвикало ужас и паника меѓу непријателските војници со висок чин, што довело до масовно предавање. Дури и непријателските племенски кралеви доброволно и понизно и се потчиниле на волјата на Александар.

Откако Александар закрепнал од раната, флотата продолжила по својот курс, надолу по реката, додека не стигнала до реката Инд каде Александар основал друг град,

што го нарекол Александрија (на устието). Веќе било февруари 325 година пред Христа, а Александар стасал на половина од своето патување по реката. Вториот дел од патувањето, исто така, бил немирен како и првиот дел, дури имало и повеќе војувања додека целиот регион не бил освоен. За среќа, Александар веќе имал развиено репутација на жесток борец и многу племиња биле против војување со него и биле помирливи. Но, појужно имало други племиња кои биле под влијание на брамините и жестоко возвраќале. Откако постигнал победа, Александар строго ги казнил брамините така што некои од нив биле обесени за поттикнување немири и нивното влијание врз населението да се крене на востание против него.

Било јули, 325 година пред Христа, кога Александар пристигнал на делтата на реката Инд и се влогорил за да се одмори во градот Патала. Тука Александар размислувал за патувањето што го однело од Кашмир, преку целиот регион на Панџаб, до Индискиот Океан. Индија била голема, богата и плодна земја, а сега таа припаѓала на Македонија.

Додека Александар бил зафатен со освојување нови земји, неговите научници и истражувачи биле зафатени со испитување на егзотичните растенија и животни на земјата, со проучување на индискиот политички и религиозен систем и рудните богатства на оваа пространа територија. Освен учењето за Индија, големо знаење било пренесено и во спротивен правец. Бидејќи биле многу понапредни во металургијата, Македонците ги научиле Индијците како да го топат своето сребро и злато. Македонците, пак, го споделиле и нивното знаење за медицината и уметностите, особено за вајарството. Бидејќи претходно бил доведен во заблуда од географијата, Александар исто така цврсто решил да ја исправи таа заблуда.

Додека се одморал во Патала, Александар и неговите советници се зафатиле со барање воден премин од Инд во водите на реките Тигар и Еуфрат. Александар испратил експедиции да ги истражат западните и источните притоки на делтата на реката Инд, надевајќи се дека ќе најде сигурен премин. Било тоа токму во текот на таа експедиција кога Македонците за првпат искусиле ненадејна и застрашувачка осека на океанот. Откако утврдил дека источната притока на

реката Инд била најлесна за пловење, Александар ископал бунари и подигнал складишта за житото за неговата флота по целата должина на брегот пред да се врати во Патала.

Дотогаш, веќе привршувал август во 325 година пред Христа, и Александар бил желен да тргне. Додека на адмиралот Неарк и на флотата им било наредено да чекаат додека не заврши монсунската сезона, Александар заминал од Патала за да изврши подготовки за снабдување на флотата со намирници за по патот. На својот пат, Александар повторно наишол на отпор и морал да потчини повеќе племиња пред да тргне на запад. Откако назначил еден Македонец за сатрап за до го чува регионот безбеден, Александар го оставил Хефестион назад со наредба да изгради друг град по име Александрија. На брегот, пред да сврти кон запад, Александар го оставил Леонат (Leonnatus) одзади со наредба да ја чека флотата и да изгради уште еден град со име Александрија.

За дополнително да го обезбеди патот на дотур за неговата флота, Александар и неговата војска свртиле на запад во пустината Гедросија (Gedrosian Desert). Можеби тоа било едно од најтешките патувања кои Александар и неговата војска ги искусиле. Намирниците, особено водата, почнале да се намалуваат и војската многу страдала. Но, сепак, дисциплината не била скршена бидејќи офицерите и самиот Александар страдале заедно со луѓето. Александар дури одбивал да пие вода ако немало доволно за сите. Неговите војници го почитувале тоа и не сакале да дозволат да го разочараат. Патувале ноќе, бидејќи било премногу жешко преку ден, и многу умреле од исцрпеност, дехидрираност и глад. Прибегнале кон убивање на своите животни, вклучувајќи и коњи, за да преживеат. Пустината била сосема пуста и сува и локалното население опстојувало само од морска храна, што се состоела, главно, од школки.

На Александар му требале шеесет дена да ја премине пустината пред да стигне во Пура, главниот град на Гедросија. Тој марширал пешки заедно со своите војници и со нив ги делел намирниците, храброста, како и истрајноста. Покажал голема почит кон своите луѓе и не се однесувал кон нив како кон обични војници, туку како кон другари. Таков човек бил Александар. Тој секогаш на своите луѓе им го

давал она што им требало, дури и во најтешки околности, што го демонстрира неговиот вистински карактер како личност и неговите чувства за неговите Македонци. Не е познато колку луѓе изгубил Александар во пустината, но според античките извори (аријски), голем е бројот на оние кои умреле. Дури и во такви времиња, научниците на Александар правеле паузи за да набљудуваат и запишуваат податоци за животот на пустинските растенија. Пура била како рај за преживеаните кои, со изобилна храна и пијалаци, брзо закрепнале од тешкото искушение.

Со освојувањето на Гедросија, целото Александрово потчинување на Азија било комплетирано. Веќе било почеток на декември 325 година пред Христа, и Александар повторно бил во движење, упатувајќи се на запад кон Карманија /Carmania/ каде претходно се договорил да се сретне со Кратер. Пред неговото заминување војската била поделена, а Кратер бил испратен да оди за Карманија преку друга маршрута каде очекувал да се сретне со главната војска. Кратер тргнал по северниот пат, преку преминот Болан (Bolan Pass), и свртел западно покрај Кандахар (Александрија во Аракозиа) /Alexandria in Arachosia/, каде се борел пред да сврти за Карманија. Овде, копнените војски повторно се споиле и се снабдиле со животни и намирници од локалниот сатрап. Пред да замине, Александар организирал празнување во знак на благодарност за неговиот успех во Индија и што ја преминал пустината Гедросија. Тука, исто така, Александар ја примил веста дека флотата морала да замине еден месец порано отколку што било планирано, поради промената во однесувањето на индиското население, кое станало непријателски расположено по заминувањето на Александар. Според извештаите, патувањето по вода веројатно било поуспешно отколку патувањето по копно, без загуба на екипажот, освен оние кои страдале од лошата храна и вода. Со исклучок на една незначителна престрелка, морнарите не се соочиле со никаков вооружен отпор.

Како Александровите, така и научниците на адмиралот Неарк никогаш не пропуштиле можност да спроведат научно проучување на локалната флора и фауна, како и да ги запишуваат обичаите на домородното население по

должината на индискиот брег. Тоа било тука кога Македонците за првпат виделе китови. Патувањето по вода, за жал, не било крстарење од задоволство и продолжената изложеност на опасностите од водата и недостатокот од соодветна исхрана, покосиле многумина.Кога конечно се истоварилe на копно и се сретнале со своите другари, тие биле ослабени, запуштени и тешко препознатливи. Неарк и малкумина други први излегле пред флотата за да рапортираат за своето пристигнување. Кога Александар се поздравил, дури и пред да разменат еден збор, бил обземен од очај и шокиран од здравствената состојбата во која се наоѓале. Мислејќи дека тие биле единствените преживеани од флотата, неконтролирано заплакал. Кога Александар конечно се прибрал и кога Неарк го информирал дека флотата е безбедна, Александар плачел уште повеќе, но сега од радост. Затоа приредил славје со дарувања од благодарност за нејзиното безбедно враќање. Кратко време потоа, Неарк и се придружил на флотата во конечното патување за градот Сус. Хефестион бил испратен по јужниот пат за Персија за да снабди намирници, додека Александар, со лесно вооружни војници, тргнал по северниот пат кој водел директно во градот Пасаргада.

Било јануари 324 година пред Христа и тоа била втора Александрова посета на градот Пасаргада. Изминале повеќе од пет години откако последен пат го посетил градот, но на Александар тоа му изгледало како вечност. Последниот пат кога влегол во градот Пасаргада бил само македонски крал, но овојпат бил големиот крал кој ги надминал не само обичните смртници, туку и легендарните богови. За жал, неговите постигнувања не можеле да го сочуваат мирот во неговото царство. Неговото продолжено отсуство оставало впечаток дека тој е или мртов, или нема да се врати. Мислејќи слично, многу од неговите персиски сатрапи станале бунтовни, напаѓајќи ги македонските гарнизони, пљачкајќи ги македонските замоци и, главно, малтретирајќи ги неговите поданици.

Александар сега се вратил и требало да ги казни оние кои се свртеле против него, со цел да ги исплаши другите за да не го сторат истото. Казнувајќи ги строго, се надевал дека ќе

ги предупреди останатите дека такво однесување нема да се толерира.

Во еден случај, егзекутирал еден сатрап заедно со неговите следбеници за узурпирање на титулата голем крал. Во друг случај, го мачел свештеникот одговорен за еден гроб кој бил опљачкан. Во Персопол, Александар наредил еден човек да биде обесен за узурпирање на сатрапијата (намесништвото) на претходно назначениот сатрап кој поради тоа умрел. Пеукест (Peucestas), Македонец кому не му пречеле персиските обичаи и кој го научил персискиот јазик, го заменил обесениот персиски сатрап.

Според Аријан /Arrian/, по неговото враќање во Персеполис, Александар бил многу тажен откако видел какво уништување предизвикал кога бил таму последниот пат. Бил погоден и кога ја сфатил симболичната вредност на вековно старите згради и замоци што тој ги изгорел до темел, а сега засекогаш биле изгубени. Тој го сторил тоа поради градовите-држави, за да им се освети за злосторствата на Ксеркс. Гледајќи ги руините и изгорените остатоци од она што некогаш било голема цивилизација и, сфаќајќи што сторил, го обзело чувство на големо каење. Градовите-држави сега биле само далечна мисла за која воопшто не се грижел, која сега воопшто веќе и не му значела. Во текот на последните години поминати во Азија, Александар сфатил дека има многу богати цивилизации, многу подалеку отколку што тој некогаш можел да замисли. Идејата на градовите-држави дека Азија е населена со нецивилизирани и недостојни варвари била само еден тесноград концепт кој повеќе бил одраз на градовите-држави, отколку на Азијатите. Ефектите од неговите освојувања не го промениле карактерот на Александар, како што многумина тврделе. Она што се променило било неговото перцепирање на новите светови кои тој ги сфаќал и ги почитувал.

Во февруари 324 година пред Христа, Александар заминал од Персеполис и отишол во градот Сус каде повторно се споил со Неарк и со флотата. Тука повторно морал да се справи со непокорните сатрапи. Александар го назначил Харпал, негов другар од детството, за благајник на Екбатана, во 330 година пред Христа. Харпал избегал со голем дел од

Александровото богатство и го потрошил за својот екстравагантен стил на живеење.

Додека престојувал во градот Сус, а тоа било во пролетта и летото во 324 година пред Христа, Александар ја поддржал идејата за мешани бракови. За да покаже дека бил искрен, ја оженил Статеира (Stateira), ќерката на Дариј. Убедил дел од своите офицери и војници да се оженат за туѓинки и ги наградил со подароци и чеиз.

Овојпат, Александар, исто така, ги амнестирал сите прогонети (околу 20.000), освен оние кои биле криминалци, дозволувајќи им да се вратат во своите домови. На оваа наредба градовите-држави и се покориле со вознемиреност. Особено на Атина не и се допаѓала оваа наредба, бидејќи мнозинството од тие 20.000 биле политички прогонети и раселени лица од тој регион.

Во текот на летото 324 година пред Христа, Александар заминал од градот Сус и се упатил кон Екбатана. Голем дел од својата војска, на чело со Хефестион, ја пратил да напредува кон реката Тигар, додека тој и неговите лесно вооружени единици отпловиле по реката Еулеј (Eulaeus) кон Персискиот Залив. Откако го разгледал пејзажот и задоволувајќи ја својата желба за пловење, Александар тргнал по реката Тигар и му се придружил на Хефестион во Опис (Opis). Пред да стаса во Опис, во близина на Вавилон, Александар решил да ги обелодени своите идни планови за реорганизација на својата војска. Една од неговите цели, која станала коска на раздорот кај Македонците, повикувала на пензионирање на македонските ветерани за кои Александар сметал дека веќе не можат да се борат поради старост или поради истоштувачки рани. Неговата војска не ја примила веста убаво, особено не идејата да ги загуби своите почитувани ветерани. На Александар му се заканувала побуна. Намерите на Александар можеби биле благородни, но неговите луѓе не гледале така на тоа. За некои изгледало дека Александар постепено ги исклучува конзервативните Македонци само за да ги замени со странци. Дотогаш, Александар неколкупати ја доградувал својата војска со странски регрути, главно, од Персија. Македонците се бореле со нив во минатото и не биле среќни што ги имаат во своите редови. На конзервативните Македонци им изгледало

дека Александар сакал Персијците да ги направи партнери и еднакви на нив, а тоа не им се допаѓало многу.

Во текот на побуната, биле разменети остри зборови. Александар се разбеснил до тој степен што привел тринаесет предводници и веднаш ги погубил. Потоа ја распуштил целата македонска војска, па со викање се втурнал во својот кралски замок, затворајќи се цели три дена, гостејќи ги само Персијците, а одбивајќи да зборува со било кој Македонец. На третиот ден, некои Македонци побарале прием кај него. Откако успеале да го измолат за малку време, им било дозволено да го посетат. Средбата била емотивна, бидејќи Александар ги поздравил своите другари без зборови и целиот бил облеан во солзи. Кога се се завршило, Александар приредил голема прослава во чест на помирувањето. Како што се покажало подоцна, тоа не било помирување меѓу него и војниците, туку, во интерес на царството, тоа било помирување меѓу Македонците и Персијците.

Во текот на таа голема прослава, Александар наредил неговите Македонци да седат веднаш до него, а до нив Персијците и другите националности од царството. Се вели дека биле присутни околу 9.000 луѓе од разни националности. Религиозните церемонии биле изведени според македонските и според персиските традиции и без инциденти. Ова ја зацврстува идејата дека дури и тогаш, како и денес, многу култури можеле да живеат заедно во мир и слога.

Александар знаел дека без мир и слога меѓу различни народи, имал мала или никаква надеж дека ќе може да сочува толку големо царство за било каков разумен временски период. Но, мирот и хармонијата не можеле да се постигнат без слобода и рамноправност на сите раси. Таа гозба била голем момент за Александар, бидејќи не само што се обидел да внесе помирување меѓу расите, туку, што е уште поважно, затоа што го создал и осмислил концептот за мултикултурализам, концерт што бил многу пред неговото време.

По гозбата, Александар продолжил со реализација на своите првобитни планови и отпуштил околу 10.000 од своите војници-ветерани. Секој од нив, покрај платата, добил

и екстра таленти. Задачата да ги врати ветераните назад во Македонија му била доверена на Кратер. Му било наредено, исто така, по враќањето во Македонија да го замени Антипатер. За возврат, на Антипатер требало да му се нареди да му ги доведе на Александар свежите трупи. Александар почувствувал дека Антипатер и Олимпија треба да се разделат еден од друг и дека тој, исто така, треба да се спаси од нивните постојани жалби и препирки.

Кога завршила големата прослава, Александар заминал од Опис и го продолжил своето патување кон Екбатан. Откако поминал неколку месеци таму, се упатил кон Вавилон каде почнал да ги открива своите големи планови за во иднина.

Од трговски аспект, Александар открил, преку Индискиот Океан и Персискиот Залив, врска помеѓу реките Инд, Еуфрат и Тигар. Таа врска, во иднина, би можела да се искористи за трговија во корист на царството. Александар, исто така, бил љубопитен за тоа што има од спротивната страна на Персискиот Залив, во Арабија. За да го открие тоа, почнал да организира истражувачка експедиција. Тој бил заинтересиран и да најде брз пат преку Арабија до Египет. Друго љубопитство на Александар, кое имало корени во минатото, додека учел во Пела, бил дали Каспиското Море било островско море, заливско или друг вид море. Сега, кога имал средства, сакал и тоа да биде проверено и почнал да организира друга истражувачка експедиција. Уште еден градежен план требал да се реализира. Требало да се изградат 1.000 воени бродови во Феникија, Сирија, Цицилија и Кипар (Phoenicia, Syria, Cicilia, Cyprus) за идните походи против Картагинците и другите народи по должината на брегот на западниот Медитеран. Картагина, во тоа време, била најважната поморска и трговска сила на запад. Да живеел Александар доволно долго за да го спроведе својот поход против неа, светот денес би бил поинакво место за живеење.

Плановите на Александар за поход против западот биле базирани врз разузнувачки информации, кои тој ги имал претходно добиени, за силата на различните држави и нивните меѓусебни политички врски. Освен воените планови, Александар имал планови и за научни истражувања, изработување географски карти, исцртување

водени маршрути помеѓу градовите Александрија и Сус и развој на трговски маршрути помеѓу различни региони на неговото царство. Планот за освојување на светот никогаш не бил премногу далеку во неговиот ум, но тој план го споделувал само со најблиските пријатели во кои имал доверба, како, на пример, со Хефестион. За жал, тој повеќе ни бил жив. Кратко време пред тоа, додека траела гозбата во Екбатана, Хефестион навлекол смртоносна треска и умрел. Тоа било голема загуба за Александар и за Македонците. Александар тешко ја примал таа загуба и жалел за него со денови, без да јаде или да се напие нешто. Телото на Хефестион било однесено во Вавилон каде што бил изграден голем споменик во негова чест. Освен тоа, за да го зачува споменот за него, на неговото место како човек веднаш до кралот, никогаш не поставил некој друг. Тоа место засекогаш останало непополнето.

Како што беше претходно спомнато, Александар ја напуштил Екбатана и тргнал за Вавилон. Во текот на патувањето, со средината на зимата, на планината Загрос (Zagros), наишол на отпор од воинствено племе познато како Косаеанци (Cossaeans), кои повеќе претпочитале да се борат за својата независност, отколку да се откажат од истата. На Александар му требале четириесет дена да ги потчини и тие, исто така, станале дел од неговото царство. Кога и тоа било завршено, тргнал за Вавилон и бил пресретнуван од Либијци, Етиопјани, Картагинци, Луканијанци (Lucanians), Етрурци, Римјани, Иберијци, Келти, достоинственици и амбасадори од целиот свет. Изгледало дека целиот свет е импресиониран од постигнувањата на Александар и дека сите го сакале неговото пријателство. Но, малку знаеле за неговите планови да го освои светот, особено Картагинците кои веќе го изгубиле сестринскиот град Тир. Јас се уште не можам да престанам да се прашувам како ќе изгледаше светот денес, ако Александар живееше доволно долго да го освои западот.

По пристигнувањето во Вавилон прв приоритет на Александар било да подготви експедиција за да ја истражува Арабија. Во тоа време, неговите интереси во Арабија била да се истражи регионот и да се добијат информации. Немал никакви намери да изврши упад во внатрешноста. Само ги сакал брегoвите и островите кои претставувале добри

пристаништа за неговите трговски бродови. Големата амбиција на Александар била да воспостави водена врска помеѓу Александрија и Вавилон. Бил толку уверен дека неговиот сон ќе стане реалност, па затоа наредил ископувања за да се изгради големо пристаниште во Вавилон. Било доволно големо да собере 1.000 бродови, што ја вклучувало целата негова азиска морнарица и сите трговски бродови во регионот.

По започнувањето на тој проект, Александар се впуштил во градење канали за регулирање на течението на реките Еуфрат и Тигар. Тој сакал регионот да просперира, затоа договорил населување на северниот брег на Персискиот Залив. За да ја унапреди трговијата во Заливот, помеѓу устието на реките Тигар и на Еуфрат, го основал градот Александрија Каракс (Alexandria Charax), град кој според својата географска положба ќе стане големо пристаниште за Вавилон.

Додека бил стациониран во Вавилон, Александар примил нови регрути од разни региони на неговото Азиско царство, како и коњаничко засилување од Македонија. Овде, за прв пат, Александар почнал да ја реорганизира својата војска за да вклучи мешани националности меѓу неговите високи чинови, доверувајќи им командни позиции на Македонците. За жал, обидите на Александар да ја реорганизира својата војска, заедно со другите негови бројни планови, нема да донесат плодови. Се вели дека на 2 јуни, 323 година пред Христа, откако учествувал во неколку прослави кои траеле цели ноќи, Александар почнал да покажува симптоми на треска. Некои велат дека можеби се заразил од маларија, која е вообичаена во текот на летните месеци во мочурливите простори на Вавилон. Александар бил физички во добра состојба, но неговото лично ангажирање во толку многу активности и стресот на кој самиот се подложил во текот на планирањето и подготовката на разни експедиции, го ослабеле неговиот имунолошки систем и способноста да се спротивстави на заболувањето. Самиот Александар верувал дека ќе оздрави, бидејќи на 3 јуни наредил неговите генерали да изготват планови за испловување на 7 јуни.

Вечерта на 3 јуни, го однеле Александар во кралските градини на западниот брег на реката Еуфрат на чист воздух и

брзо закрепнување. Наредниот ден се чувствувал добро и испратил абер да дојдат неговите генерали и да се состанат со него на 5 јуни. Таа ноќ, за жал, треската се повратила и не му поминала. На 7 јуни, кога флотата била подготвена да продолжи, наредил да биде во состојба на готовност, надевајќи се дека наскоро ќе му биде добро и ќе може да и се придружи. Наместо да му биде подобро, болеста уште повеќе се влошувала како што изминувал денот, така што до наредниот ден бил толку многу болен што одвај можел да зборува.

На 9 јуни ги повикал генералите да се состанат во текот на ноќта во кралскиот дворт. Другите офицери чекале надвор пред вратите. Наредниот ден неговата состојба се влошила и повторно го однеле назад во палатата. Кога неговите генерали дошле кај него, можел да ги распознае, но бил толку слаб што не можел ниту збор да изусти. Во текот на ноќта и наредниот ден, треската се влошувала и тој веќе не бил во состојба да ги гледа посетителите. Неговите војници, стравувајќи од најлошото, побарале аудиенција кај нивниот крал, но офицерите не дозволиле. Не слушајќи ги своите офицери, тие насила ги отвориле вратите и еден по еден поминувале покрај креветот на Александар во долга колона само за да бидат сведоци на неговата ослабена физичка состојба. Александар можел, со потешкотија, само да им климне со главата и да ги поздрави неговите другари по оружје со своите очи, додека тие поминувале покрај него во тишина и длабока емотивност.

Во текот на вечерта на 13 јуни, 323 година пред Христа, Александар починал. Се уште немал триесет и три години кога животот му бил одземен, не во славна битка од меч на непријателот, туку од маларија, попрецизно, од микроскопски паразит, што е ужасен крај за најголемиот од сите освојувачи.

Никој не очекувал дека Александар ќе умре, а не, пак, толку бргу. Бидејќи и Хефестион бил мртов, немало ниту еден друг водач кој можел да интервенира и да стане одговорен за царството. Водачите на војската во Вавилон наеднаш се соочиле со тешки проблеми. Единствениот оној кој сега имал авторитет да дејствува бил Пердика, кому Александар, на умирање, му го предал својот потпишан

прстен. Повторно било свикано Собранието на македонската војска на челната позиција, за да ја изврши својата должност и да избере крал. За жал, искрснале нови проблеми зашто старите традиции се судриле со новите. Разликите во желбите на пешадијата, во која бил утврден стариот македонски дух, не можеле да се помират со желбите на помодерната коњица, која била лојална на современите идеи на Александар. Аргументите довеле до тепачка, пред да се постигне затегнат компромис, според кој Архидеј, кандидатот на пешадијата, требало здружено да владее со изборот на коњицата, т.е. со нероденият син на Александар и Роксана. Тоа навистина бил несреќен избор, бидејќи Архидеј, син на Филип II, бил епилептичар и тапоглав, а детето на Александар се уште не било родено. Освен тоа,било решено секој генерал да преземе одговорност за одредени сатрапи во согласност со одлуките донесени во Вавилон. Птоломеј од Лар /Lagus/ отишол во Египет, Лизимак /Lysimachus/ отишол во Тракија, Антигон /Antigon/ отишол во Поголема Фригија /Greater Phrygia/, а Пердика останал во Вавилон. Имало само уште едно прашање поставено пред Собранието, а тоа било што да се прави во врска со последните планови на Александар. Без изненадување, Собранието едногласно решило истите да ги поништи.

Веста за смртта на Александар молскавично се ширела низ целото царство, но тешко дека предизвикало раздвижување во Азија. Градовите-држави, од друга страна, ја поздравиле веста, предизвикувајќи експлозија од емоции што резултирало со расформирање на Коринтската лига. Атина била прва која се кренала и ги повикала градовите-држави против Македонија. Една нова лига, предводена од Атина, била формирана и таа се кренала против Македонија во она што било наречено “Ламинска војна” (Lamian War). Градовите-држави не можеле да ја контролираат својата омраза кон Македонија и го пуштиле својот бес со сета сила. За жал, целата сила на градовите-држави не била доволна да ги разбијат Македонците на Антипатер. Победоносниот Антипатер ја лишил Атина од нејзината позиција како сила на море и повторно го вратил Самос (Samos) на Самијанците (Samians). Потоа, тој форсирал промена на уставот за

Атињаните, лишувајќи ги од нивната демократска власт. Освен тоа, еден македонски гарнизон бил инсталеран на атинско тло за да ги потсетува Атињаните кој е оној што ја има контролата, т.е. власта. Антипатер склучил мир посебно со секоја од останатите побунети држави и ја расформирал нивната новоформирана лига.

За разлика од градовите-држави, со исклучок на неколку мали немири, предизвикани, главно, од незадоволни граѓани на градовите-држави, Азија останала мирољубива релативно долг период. За жал, без уверливата политика на Александар, мирот полека отстапувал место на судири. Иако нашите антички извори не успеваат да го откријат вистинскиот мотив за конфликтите, јас мислам дека тоа била лакомоста за богатство и желбата да се владее.

Во почетокот, тоа биле поамбициозните сатрапи во Азија кои меѓусебе се бореле, за освојување поголем дел од нивното царство. Подоцна, во конфликтот се вклучиле генералите на Александар кои владееле со дел од неговото царство, но не биле задоволни со она што го имале и сакале повеќе. Најмоќен од тие наследници бил Антигон и неговиот син Деметриј (Demetrius), кој постепено стекнал најголем дел од Азија. Против нив била коалицијата на Птоломеј од Египет, Селеук /Seleucus/ од Вавилон, Лизимак од Тракија и Касандер /Cassander/, син на Антипатер, од Македонија.

Околу шест години по Александровата смрт, во 317 година пред Христа, низа настани се случиле во Македонија што засекогаш ќе го сменат текот на нејзината историја. Тоа започнало кога Олимпија го убила кралот Филип Архидеј, што му дало повод на Касандер да ја совлада. Без нејзина заштита, Касандер ја убил несреќната Роксана и нејзиниот син, малиот Александар. Откако царството останало без семејството на Александар и без крал да владее, неговата судбина останала во рацете на неговите генерали кои сега се бореле еден против друг.

ГЛАВА 9 - ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД СМРТТА НА АЛЕКСАНДАР

Ненадејната смрт на Александар во Вавилон, во јуни 323 година пред Христа, дошла како изненадување и го фрлила Царството во премрежје. Самиот Александар себеси се направил незаменлив и никогаш не ја земал предвид идејата да назначи квалификуван наследник, во случај неочекувано да дојде до трагедија. По се, тој бил војник, а војниците ги убиваат. Ако Александар имал слабост, тоа било оваа. Има такви кои велат дека лично Александар ја предизвикал оваа трагедија на неговото Царство. Да назначел наследник, неговото Царство можеби ќе преживеело и ќе ги издржело римските јуриши. Уште подобро, ако тој не го направил опасниот поход во Азија, и ако не ги следел стапките на својот татко, можел да направи Македонија да биде дури и поголема. Со тоа што не одбрал наследник, Александар дозволил неговото Царство да се подели, ослабувајќи ја Македонија и доцволувајќи таа да стане жртва на Римјаните.

Сцената била подготвена за пад на големото Македонско Царство кога војската не успеала да назначи силен лидер. Од почеток било очигледно дека Архидеј, епилептичниот и тапоглав син на Филип II, и нероденият син на Александар III, не биле избрани поради нивните вештини за командување, туку повеќе поради нивното немешање. Тогаш кој навистина ќе раководи со Царството? Очигледно Александар се окружил себеси со луѓе кои повеќе биле заинтересирани за нивните лични кариери, отколку за судбината на Царството. Во наредните педесет години, или приближно толку, најмоќните и највлијателните воени лидери се бореле еден против друг за контрола врз Царството. По педесет години борби и раздор, го поделиле царството на три дела. На крај, Антигонидите ги зазеле Македонија и градовите-држави, Птоломеј го земал Египет, а Селеукидите ја зеле Азија. Многумина умреле бесмислено, пред конфликтите да достигнат рамнотежа и пред поделените земји да го повратат разумот (види Аријан). Има еден позитивен резултат од сето тоа. Иако Царството било поделено и со него владееле различни династии, тоа секогаш

било раководено од Македонци. Со векови Македонците владееле со Царството ии патувале слободно низ целиот свет, кое се простирало од Јадранот до Пенџаб и од Таџикистан до Либија. Тие одржувале контакти меѓу себе и со нивната татковина, бидејќи често патувале наваму и натаму, барајќи вработување и посетувајќи ги семејствата и пријателите.

На пат кон Македонија, Кратер и отпуштените ветерани ја примиле веста за смртта на Александар и наредбата на војската дека Антипатер останува генерал за Европа. Во меѓувреме, Кратер требало да ја преземе функцијата заштитник на кралството на Архидеј. Роксана родила машко бебе кое било крстено Александар IV; и тој и Архидеј биле повикани во Азија кај Пердика.

Според Диодор, највлијателните играчи кои останале во Вавилон по смртта на Александар биле Пердика, најстариот коњанички офицер, носител на Александровиот прстен и старател на двајца кралеви, Мелеагер – најстариот водач на фалангата, Птоломеј, Леонат, Лизимак и Пеукест /Leonnatus, Lysimachus, Peucestas/, бидејќи сите тие заземале релативно важни фунции во Царството. Помалку значајните во тоа време, но кои подоцна се издигнале до ранг на важни играчи, биле Селук /Seleucus/, командант на елитната стражарска регимента, Еумен /Eumenes/, Александровиот секретар и единствениот странец меѓу Македонците, Антипатеровиот син Касандер и Антигон еднооkиот, влијателен сатрап на Фригија. Отсутни биле Кратер и Антипатер кои се уште биле во Македонија.

Борбата за контрола врз Царството почнала веднаш по смртта на Александар и траела повеќе од педесет години. Во текот на првите неколку години, Пердика бил првиот кој направил сериозни обиди да стекне контрола врз Царството. Нудејќи им договор за компромис на другите, се надевал дека ќе стекне власт сам за себе. За жал, направил премногу дипломатски грешки и неговото интригантство го вовлекло во неволја. Брз него бил извршен атентат од страна на неговите луѓе, ден пред денот кога тој планирал да го нападне Птоломеј кај делтата на реката Нил.

Пред да продолжам со сторијата за Пердика, сакам да споменам дека Леонат, исто така, се сретнал со својата смрт.

Во пролетта 322 година пред Христа, додека Антипатер и Кратер биле зафатени со задушување на буните на градовите-држави, Леонат ја довел својата војска преку Хелеспонт, надевајќи се да положи право врз Македонија преку брак. Клеопатра, сестрата на Александар, му пишала предложувајќи му да се ожени со неа. За жал, Леонат бил убиен во битка и не ги постигнал своите амбиции.

Падот на Пердика почнал пред тоа, во палатата во Вавилон, кога се обидел да го потврди својот авторитет врз другите, најавувајќи прочистување на војската, по смртта на Александар. Тоа било како одговор кон Мелеагер кој се обидел со сила да го потврди авторитетот на Архидеј врз Пердика. Пламнала препирка и следбениците на Мелеагер биле уапсени и егзекутирани, по наредба на Пердика. Мелеагер бил поштеден тогаш, но само за да биде убиен подоцна, без сомнение од убијци на Пердика. Исто така, на инсистирање на Пердика, Антипатер бил оставен да биде одговорен за Европа, а на Кратер му била доделена административна улога на заштитник на кралевите. Пердика бил сосема свесен за популарноста на Кратер кај пешадијата и сакал тој да биде колку што е можно подалеку од неа. Пердика, исто така, тајно ковал заговори да го сруши Антипатер со интриги, а преку женидба да дојде на власт. Кога сето тоа било обелоденето, Антипатер, како и Кратер, Лизимак и Антигон, се здружиле против него. Но, неговите проблеми не завршиле тука. Македонскиот обичај наложувал дека за некој да стане крал, морал да го погребе претходникот, а Александар се уште не бил погребан. Всушност, Пердика веќе не го поседувал телото на Александар. За да ги заузда шансите на Пердика да стане крал, Птоломеј го поткупил командантот на погребната поворка да го скрие телото. Се уште не се знае каде е закопан Александар. Неговото тело ниту било донесено дома во кралската гробница во Аига /Aigai/, ниту, пак, било пренесено во оазата на Шива /Siwah oasis/. Според Питер Грин, Птоломеј го однел телото најпрво во Мемфис да биде погребан како фараон а потоа во Александрија, за да биде постојано изложено во златен ковчег.

Во пролетта 320 година пред Христа, Пердика заминал од Азија и отишол во Египет да го нападне Птоломеј. Но,

Птоломеј подготвено го чекал и ги саботирал неговите шанси за победа. Неколку дена по смртта на Пердика, дошол глас дека Еумен водел голема битка против Кратер, во близина на границата на Кападокија, и извојувал уверлива победа во која, за жал, загинал Кратер. Пред да замине за Египет, Пердика го назначил Еумен да биде одговорен за Азија, но бидејќи Пердика бил мртов, Еумен поднел понуда за Пердиковиот дел од царството. Војската не се согласила со дејствата на Еумен и, во текот на состанокот во Египет, формално го осудила Еумен и неговите следбеници на смрт. Само било прашање на време кога ќе биле пронајдени и погубени.

Вакумот во власта што се создал со загубата на Кратер и Пердика создал извесна загриженост кај наследниците на Александар кои, во 320 година пред Христа, повторно ја свикале војската , овојпат во Сирија. По извесно разгледување на ситуацијата, Собранието решило да го назначи Антипатер за заштитник на кралевите со целосно овластување. На Антигон му била доверена командата на трупите во Азија, со специфична задача да го пронајде Еумен.

Во наредните дваесетина години, Антигон бил тој кој доминирал со азискиот фронт. Вложувал големи напори целото Царство да го стави под своја контрола, но, за жал, и тој платил со својот живот за своите опасни потфати.

Пред неговото наименување, Антигон покажал дека е многу амбициозен, но Антипатер не му верувал со целата своја моќ. Но, Касандер, синот на Антипатер, бил комотен со изборот и го убедил татка си да го дозволи наименувањето. За да ја осигура лојалноста на Антигон, Антипатер ја омажил својата ќерка Фила /Phila/, вдовицата на Кратер, со Деметриј, синот на Антигон. Како натамошна сигурност, Касандер лично се придружил на штабот на Антигон како командант на коњицата и останал во Азија. Антипатер се вратил во Македонија за да ги преземе своите должности повторно и да ги врати двајцата кралеви назад во нивната татковина.

На Антигон му требале околу пет години да го фати Еумен. Но, не бил Антигон тој кој ја предизвикал смртта на Еумен, туку неговите лични војници кои го оставиле на цедило во битка. Еве што Питер Грин има да каже: “Тој на крај беше

уништен, само со предавствата кои се повторуваа (цената за потпирање на премногу независните и на квази-наемните команданти) и со фундаменталната лакомост и ксенофобичност на македонските војници, кои во суштина биле навредени зашто биле водени од страна на учтив грчки интелектуалец, особено таков кој не успеал да им донесе плен, но и победи. Тие, можеби, во една прилика го поздравиле на македонски, како двосмислена пофалба, но, страшно лошо го изневериле во текот на нивниот прв поход против Антигон во Кападокија." (Стр. 17, Питер Грин, Александар кон Актиум, Историската еволуција на хеленистичкото доба /Alexander to Actium, The Historical Evolution of the Hellenistic Age/).

Понижен од својот пораз, Еумен и околу шестотини негови следбеници побегнале во тврдината Нора, во северниот венец на планината Таур. Антигон веднаш ги презел и сатрапите на Еумен, и неговата војска, и ја опседнал Нора. Антигон не сопрел со Еумен, туку продолжил да ги гони неговите непријатели со голем успех. Токму во текот на овие походи Антигон сериозно почнал да размислува за преземање на контролата врз целото Царство.

При крајот на 319 година пред Христа, Антипатер, во своите седумдесетти години, умрел од старост. Неговата смрт го охрабрила Антигон да го следи својот сон, но за жал, како и Пердика пред него, почнал да прави груби дипломатски грешки.

Во текот на последните часови од животот, Антипатер својата власт
му ја предал на еден лојален македонски офицер по име Полиперхон /Polyperchon/, кој бил добар војник, но имал сосема мало искуство во дипломатските работи. Првата грешка на новопоставениот била што ја вратил Олимпија, мајката на Александар III од Епир и што ја наименувал за кралски старател на младиот Александар. Првиот кој со навреда реагирал на ова наименување бил Касандер, синот на Антипатер. Касандер бил бесен не само поради тоа што Олимпија била вратена назад, туку и поради тоа што тој верувал дека позицијата на неговиот татко требало да му биде дадена нему, а не на Полиперхон. Касандер веднаш

формирал коалиција со Птоломеј од Египет, со Антигон од Азија и со Лисомак од Тракија, а против Полиперхон.

Сојузништвото со Касандер му обезбедувало можности на Антигон, но најпрво морал да ја заврши опсадата на Нора. Бидејќи не бил во состојба со сила да ја освои неосвоивата тврдина, Антигон прибегнал кон дипломатија и на Еумен му понудил сојуз. Желен што поскоро да се извлече од неприликата во која се наоѓал, Еумен се согласил со условите на сојузот и му се заколнал на верност на Антигон . На самиот почетокот на пролетта 318 година пред Христа, опсадата била укината. Неколку месеци подоцна, Еумен добил понуда за сојуз од Полиперхон и Олимпија, кои во тоа време биле непријатели на Антигон и Касандер. Еумен ја прифатил нивната понуда и ги променил страните. Антигон му дал противпонуда, но таа била одбиена. Кратко време потоа, избувнала војна во Азија помеѓу Антигон и Еумен која траела две години. Во есента 316 година пред Христа, во текот на битката кај Паратецен /Paraetacene/, Еумен бил повторно предаден од страна на неговите луѓе, што му овозможило на Антигон да го фати и да го погуби.

Во меѓувреме, во Мадедонија, Полиперхон правел обиди да добие поддршка од градовите-држави против Касандер, но без голем успех. Олимпија, од друга страна, му ги влошила работите на Полиперхон со тоа што извршила инвазија на Македонија од Епир. Решена да го види својот внук на тронот, Олимпија, во почетокот на 317 година пред Христа, ја нападнала Македонија со мала вооружена сила. Таа била испровоцирана од Евридика, жена на Филип Архидеј, која отворено ја искажувала својата поддршка кон Касандер како регент на Македонија. На заканата со инвазија, Евридика излегла со цела војна опрема, на чело на нејзините војници за да ја пресретне Олимпија на македонско-епирската граница. Но, кога ја видела мајката на Александар, таа отстапила и го положила оружјето. За жал, Олимпија не била од оние кои простувале и и се осветила со тоа што го погубила нејзиниот маж Филип Архидеј. Без поддршката на нејзиниот маж, Евридика не можела да ја издружи болката што останала вдовица и извршила самоубиство во есента 317 година пред Христа.

Осветата на Олимпија не престанала со убиството на Филип Архидеј. Верувајќи дека нејзиниот син Александар III бил отруен од пехароносецот Јол /Iolaus/ (синот на Антипатер), наредила неговиот леш да биде ексхумиран од гробот, а неговата пепел растурена. Таа, исто така, погубила стотоци следбеници на Филип Архидеј и на Евридика. За среќа, нејзината опиеност од убивање била од краток век. Откако и се извинил на Атина, Касандер навлегол во Македонија и наредил македонската војска да изрече смртна казна за Олимпија, што ја натерало да се врати назад во Пидна. Лишена од поддршка, во пролетта 315 година пред Христа се предала и била погубена со каменување. Малиот Александар сега бил ставен под старателство на Касандер, што само по себе можело исто така да биде смртна пресуда. Дотогаш, Касандер почнувал да дејствува како крал на Македонија и немал намера да му отстапи место на никого. Своите намери јасно ги ставил на знаење, на тој начин што на Филип Архидеј и на Евридика им приредил кралски погреб во Аига и што се оженил со Салоника, ќерката на Филип II.

Како што е претходно спомнато, потерата на Антигон по Еумен му овозможила да врши влијае врз пространата Азија. Кога Еумен веќе не му стоел на патот, Антигон командувал со сите земји од Мала Азија до планинските краеви на Иран. Тој го спроведувал своето влијание како независен монарх, назначувајќи сатрапи по свое сопствено убедување и проценка, и дури земајќи пари од царските благајни за да ја зацврсти поддршката и да изнајми платеници за својата војска. Користел мито и протажерство за да се ослободи од своите непријатели и од оние кои не се согласувале со неговата политика. Дури наредил и да се изврши ревизија на сметководството на Селеук, надевајќи се дека ќе најде неправилности за да може да се ослободи од него. Селеук во тоа време бил сатрап на Вавилон. Претчувствувајќи дека животот му е во опасност, побегнал во Египет, оставајќи го Антигон да го контролира речиси целото Азиско Царство на Александар.

Акциите на Антигон не поминале незабележително. Всушност, тие во голем степен ги алармирале неговите ривали. Неговото протерување на старите офицери на

Александар била доволна причина за загриженост, за да го испровоцира не само Селеук, кој ја изгубил својата доходовна позиција, туку и Птоломеј, Касандер и Лизимак, за да му постават ултиматум. Додека вршеле обиколка на благајните и собирале даноци, пратениците испратени од Птоломеј, Касандер и Лизимак го пресретнале Антигон во Сирија. Тие му врачиле изветување со кое му се наредува да му го врати на Селеук сатрапништвото во неговата поранешна провинција во Вавилон, да му ја предаде Сирија на Птоломеј, Хелеспонт Фригија на Лизимак, а Луциа и Кападокија на Касандер. Се разбира, дека тоа биле претерани барања кои Антигон категорично ги одбил. Но, тие биле доволно сериозни така што ако биле игнорирани ќе довеле до војна која Антигон бил уверен дека може да ја добие. Антигон имал една слабост – немал флота, но во иднина тоа можело лесно да се поправи бидејќи имал пари да ја изгради.

За да ја зајакне својата сила на море, Антигон изградил бродоградилишта во различни пристаништа, вклучувајќи ги Триполи, Библос /Byblos/ и Сидон. Исто така, обезбедил сојузништво со Кипар и испратил трупи да го чуваат Хелеспонт од можно преминување од страна на Касандер. Дури се обидел да купи помош од Полиперхон на Пелопонез, охрабрувајќи го да започне војна против Касандер. За да ја добие поддршката од своите трупи, Антигон дури ги убедувал така што го обвинувал Касандер за убиството на Олимпија, за женачката со Салоника со сила и за обид да дојде н македонскиот трон. Во неговото пропагандно коминике, во обид да добие поголема поддршка, Антигон им понудил на градовите-држави бројни концесии, вклучувајќи слобода, автономија и отстранување на македонските гарнизони. Но, вистинското коминике кое им било предадено на градовите-држави од страна на Полиперхон било ревидирано, а зборовите “слобода” и “автономност” биле избришани.

Во 311 година пред Христа навистина избувнала војна и Антигон се борел на два фронта, еден со Сирија, а другиот кај Хелеспонт. Исто така, избувнала војна и во градот Сус, која го вовлекла Деметриј, синот на Антигон, и неговата војска на една страна, против супериорните оружени сили на Птоломеј, зајакнати со слонови, на друга страна. Во битката,

Деметриј не му бил дораснат на Птоломеј и бил лесно поразен. Победата на Птоломеј му ги отворила вратите на Селеук да си ја поврати својата провинција. Со позајмени трупи (од Птоломеј), Селеук тргнал во поход и повторно ги освоил Вавилон, Медија и Сусиана /Media, Susiana/, повторно враќајќи си ја својата претходна функција на тој начин.

Конфликтот со Птоломеј, го вовлекол Антигон до Сирија, но поради победата на Птоломеј, Антигон заклучил дека сега не е вистинското време да продолжи понатаму со плановите. Повлекувањето на Антигон сигнализирало крај на агресиите. Повторно се преговарало за условите за мировен договор, а улогата на секој од играчите била потврдена. Касандер требало да остане генерал на Европа, додека малиот Александар стане полнолетен; Лизимак требало да остане во Тракија, Птоломеј во Египет, а Антигон требал да биде на највисока положба во Азија. Селеук и Полиперхон не биле присутни на мировните разговори и затоа не биле вклучени во ниедна спогодба. Според тоа, технички, Антигон се уште бил во војна со Селеук. Од сите ветувања дадени на градовите-држави, иако голем дел од дискусијата се однесувала на нив, ништо конкретно не се материјализирало.

Во 311 година пред Христа, по склучување на мировниот договор, царството на Александар се уште останало цело и негибнато, но сега било контролирано од Птоломеј, Антигон, Лизимак, Селеук и Касандер, сите Македонци. Но, како што се покажало, мировниот договор од 311 година пред Христа, ни бил ништо повеќе отколку привремено примирје, пауза во бескрајната битка за власт. Антигон, Лизимак и Селеук – секој од нив имал амбиции да го обедини царството на Александар, но под своја власт.

Како што биле изработувани деталите од мировниот договор, така секој од протагонистите не гувел време и се подготвувал за наредната етапа конфликти. Желбата на Птоломеј била да си ги поврати провинциите Сирија и Феникија. Деметриј бил зафатен со повторна изградба на својата база на моќ, односно бастион, додека Антигон бил нестрплив да се справи со Селеук.

До 310 година пред Христа, само што не започнала нова рунда судири, поттикнати и раширени од обвинувањата на

Птоломеј за прекршувања на слободата на Силицијанците /Cilicians/ од страна на Антигон. Згора на тоа, гласини доаѓале од Македонија дека малиот Александар и неговата мајка Роксана биле мртви, погубени од страна на Касандер. Не се знае дали Касандер веднаш го спровел погубувањето или подоцна, но нивната смрт била потврдена во 306 година пред Христа.

Додека се случувало сето ова, Антигон и Полиперхон ширеле гласини дека Александар III имал незаконски син по име Херакле /Heracles/, роден од врската со една жена по име Барсина /Barsine/. Херакле во тоа време имал шаснаесет години. Вооружен со оваа нова информација, Полиперхон бил подготвен да тргне во поход на Македонија за да положи право на тронот за Херакле. Но, кога се соочил со Касандер, се што сакал Полиперхон било повторно да биде потврден како генерал на Пелопонез. Касандер бил повеќе од желен да му направи услуга како возврат за убиството на Херакле. Потоа, ништо повеќе не се слушнало за Полиперхон се до неговата смрт во 302 година пред Христа.

Откако Херакле веќе не му стоел на патот, единствениот жив потомок на Аргеадската лоза била Клеопатра, сестрата на Александар III, која во тоа време живеела во Сардис, барајќи си маж. За жал, и таа, исто така, била убиена околу 309 година пред Христа, без сомнение од следбениците на Антигон, кои ја прекинале Аргеадската лоза на Филип II и на Александар III.

Откако ги изгубил шансите да постигне успех во Македонија, Антигон своето внимание го свртел кон Селеук. Околу 309 година пред Христа, го испратил генералот Никанор да го нападне Селеук во неговата дамашна војничка база, но наместо победа Никанор бил поразен, а наскоро Антигон се согласил да склучи пакт за ненапаѓање со Селеук. Борбата помеѓу Антигон и Птоломеј за контрола на медитеранските води продолжила се до околу 308 година пред Христа, кога Птоломеј извршил инвазија на еден мал регион на крајбрежјето на Пелопонез. Во 307 година пред Христа, Деметриј бил испратен од Антигон да ја ослободи Атина од Касандер. Конфликтот меѓу Антигон и Птоломеј избувнал на Кипар и победоносниот Деметриј бил повторно испратен, потиснувајќи го Птоломеј назад во Египет, во 306

година пред Христа. За да ја прослави својата победа во Кипар, Антигон ја зел титулата крал за себеси и за неговиот син Деметриј. Антигон бил првиот од старите маршали на Александар кој себеси си прогласил за крал и ја вовел идејата да формира нова династија. До 305-304 година пред Христа, и Птоломеј и Селеук го следеле неговиот пример, па и тие, исто така, си ја присвоиле титулата крал и започнале свои династии. За да не останат покуси, Лизимак и Касандер го сториле истото.

Со Деметриј, кој извојувал победа по победа, Антигон станувал се посилен и посмел. Во 302 година пред Христа, тој ја одбил понудата за мир на Касандер и го испратил Деметриј да заврши со него. Соочувајќи се со повикот за безусловно предавство или за тотална војна, Касандер им се обратил на другите македонски маршали, Птоломеј, Селеук и Лизимак, за помош. Дотогаш, Антигон на сите им дошол преку глава и затоа тие ја поздравиле идејата за формирање коалиција против него. Заедно изготвиле план и почнале да го спроведуваат. Им требало да ги привлечат и Антигон и Деметриј во Мала Азија. Птоломеј нападнал прв со лажна инвазија на Сирија. Тоа го поттикнало Антигон да се откаже од својот поход во Европа и брзо го испратил Деметриј во Сирија. Но, штом Деметриј пристигнал во Азија, тој и неговиот татко биле навлечени во битка во Фригија. Лизимак, Селеук и Касандер ги чекале кај Ипсус. Претчувствувајќи победа, Деметриј јурнал со неговата коњица и се пробил низ непријателските борбени редови. Неговиот непосреден успех му дал самодоверба да ги гони непријателите кои бегале подалеку од бојното поле. Тогаш Селеук видел шанса да се вклучи во меѓупросторот со своите индиски слонови, практично пресекувајќи ги шансите на Деметриј да се врати во битката. Антигон се борел жестоко, но без Деметриј, не бил дораснат на своите непријатели. За да бидат работите уште полоши, самиот Антигон бил смртно ранет и умрел додека битката се уште беснеела. Без водството на Антигон или Деметриј, Антигоновата војска била лесно поразена. Деметриј, со околу 9.000 војници, успеал да избега и да побегне во Ефес /Ephesus/, но понижувачкиот пораз го оставил со не многу голема војска. Но, сепак, Деметриј не изгубил се. Ја имал флотата на татка

си и се уште го контролирал Кипар и некои раштркани крајрежни градови во близината. Од друга страна, победничките сојузници сега го поседувале пространството на Азија и сето нејзино богатство.

Во 301 година пред Христа, на почетокот на II век, по дваесетгодишна борба за повторно да се изгради Александровото царство, уште еден македонски маршал стапил на сцена. Антигон бил мртов и неговиот дел од царството преминал кај неговите преживеани колеги кои не покажале двоумење да го распарчат за себе. Лизимак, со исклучок на делови од Лиција, Памфлија и Писидија /Lycia, Pamphylia, Pisidia/, зел најголем дел од Мала Азија, до планината Таур. Птоломеевата лажна инвазија му ги донела цела Сирија и Феникија. Селеук го добил источниот дел од Азија, но не бил сосема задоволен и ја побарал Коеле-Сирија /Coele-Syria/. Птоломеј, кој во тоа време ја контролирал, одбил да се откаже од истата. Касандер немал никакви претензии во Азија, ама очекувал да му бидат дадени целосни концесии во Европа.

Пред да продолжам со главната сторија, би сакал да направам мала дигресија и да зборувам малку за едно од седумте светски чуда. Се вели дека таканаречената Колосална статуа на Родос, која стои на влезот на пристаништето, била статуа на Хелиос, изградена од народот на Родос.

Приказната започнува со желбата на Антигон да ги контролира и да доминира со водените патишта во Егејското и Средоземното Море. За да го постигне тоа, Антигон морал да ги контролира сите пристаништа, вклучувајќи го и неутралното и жестоко независно пристаниште на островот Родос. Трговците на Родос, на кои во тоа време им било дозволено да вршат трговија по целото Средоземно Море, биле исклучително богати и, иако биле неутрални, биле наклонети кон Птоломеј бидејќи поголемиот дел од нивниот бизнис се вршел во места под негова контрола. Знаејќи во каква ситуација би можеле да се најдат, најпрво, жителите на Родос одбиле да се предадат. Но, заканата од војна ги натерала повторно да размислат, по што се предале без борба. За несреќа, Антигон не им верувал и барал сто од

нивните најголеми благородници како заложници. Жителите на Родос одбиле да се одделат од своите најголеми благородници и затоа ја поништиле понудата да се предадат. Антигон веднаш започнал опсада, испраќајќи го Деметриј со јака сила од четиристотини бродови и големи машини за опсада. Откако војувале една година без какаков резултат, бил постигнат компромис. Заложниците биле предадени, а за возврат жителите на Родос добиле автономија и им било дозволено да ги поседуваат своите приходи. Договорот ги принудил жителите на Родос да станат сојузници со Антигон, освен во походите против Птоломеј. Како благодарност за цврстата воена и економска помош на Птоломеј во текот на опсадата, жителите на Родос го изградиле култот на Птоломеј Спасителот. За да ги одбележат нивните борби во текот на опсадата, тие наложиле изградба на гигантска статуа на Хелиос, висока 105 стапки, за чија изградба биле потребни 12 години, а која подоцна била призната како едно од седумте светски чуда на античкиот свет.

Она што е вредно да се истакне е, дека со исклучок на некои минорни битки помеѓу Селеук и Индијците, во текот на дваесет години по смртта на Александар, ниту една сила не се издигнала да ги предизвика Македонците.

Битката кај Ипсус била пресвртница за македонските протагонисти кои со своето ривалство ги оттурнале сите вистински шанси за повторно обединување на Царството. Она што било уште полошо е тоа што се секоја нова генерација која ја преземала власта, шансите за повторно обединување на Царството станувале се помали и помали. Во наредните дваесет и пет години главните протагонисти ќе се соочат со потешки предизвици, но нивното ривалство ќе биде константно. Старата гарда ќе изумре, но Царството се уште ќе остане во македонски раце.

Деметриј можеби бил поразен, но не бил исфрлен од играта. Во наредните четиринаесет или приближно толку години, помеѓу 301 и 286 година пред Христа, тој се обидувал да ја поврати моќта, но без успех. Тој се уште поседувал најсилна флота на Егејското Море и ги држел Крит, Тир и Сидон. Откако се утврдил во Коринт околу 295 година пред Христа, успеал да ја заземе Атина. Неговите

освојувања и профити не останале назабележани. Кога Деметриј би ги зазел градовите-држави и Македонија, би можел да изгради своја база за политичка моќ, односно бастион, во Европа, а потоа да изврши инвазија на Азија, тоа барем било идеја.За жал, ривалите на Деметриј не се согласиле со неговите идеи и затоа, додека тој се занимавал со политиканство со Атина, го лишиле од најголемиот дел од неговите поседи. Лизимак му ги зел јонските пристаништа, Селеук ја зел Силиција, а Птоломеј го зел Кипар.

Касандер умрел во Македонија, во 298/297 година пред Христа, а го наследил неговиот најстар син Филип IV кој, исто така, умрел набргу по него. Касандер имал два помлади сина по име Антипатер и Александар, кои под старателство на Салоника (нивната мајка, ќерка на Филип II), станале ривали. Салоника го фаворизирала својот помлад син Александари инсистерала нејзините синови еднакво да го поделат царството на нивниот татко, така што секој од нив ќе има свое место со кое ќе владее. Но, Антипатер инсистирал на македонскиот закон според кој, бидејќи тој е најстаро машко дете, има приоритет над сите други и дека само тој има право да владее со царството на татка си. Неговите несогласувања со мајка му довеле до толкава голема омраза кон неа, што наредил да биде убиена. Тогаш тој му се обратил на Лизимак за помош против сопствениот брат. Помладиот Александар не ја примил добро ситуацијата и решил да му се спротивстави на брата си, така што формирал сојузи со нивните двајца најблиски соседи, Деметриј и Пирх /Pyrrhus/. А Пирх бил нов играч во македонските политички игри, поставен од Птоломеј како крал на Епир. Пред неговото поставување за крал, младиот Пирх бил заложник на Птоломеј, даден од страна на Деметриј. Птоломеј го засакал Пирх и го направил свој штитеник. По смртта на Касандер, Птоломеј му дал војска на Пирх и го вратил на епирскиот трон.

Додека Деметриј бил зафатен во Атина, Пирх брзо реагирал на молбата на Александар и почнал да стекнува земјишта на неговите западни граници. Деметриј, кој во тоа време водел битки на Пелопонез, се откажал од своите моментални планови и почнал да се движи кон север. Но, стигнал предоцна за да му помогне на Александар. Пирх веќе

ја завршил работата и го убедил Александар да го извести Деметриј дека неговите услуги повеќе не се потребни. Деметриј не го сфатил Александар со омаловажување и наредил да биде убиен кога ќе се прикаже прилика за тоа.

Деметриј не губел време за неговите следбеници во македонската војска да го прогласат за крал на Македонија. Во 293 година пред Христа се упатил на север и ја освоил Тесалија, формирајќи ново пристаниште-град кое го нарекол Деметријас /Demetrias/, денешен Волос. Околу 292/291 година пред Христа, извршил извесни освојувања во градовите-држави и двапати ја уништил Теба. До 291 година пред Христа, почнал да доаѓа во допир со Пирх и новата рунда конфликти само што не избувнала.

Додека Деметриј водел походи, Пирх не седел со скрстени раце. Чувствувајќи ја се поголемата сила и влијание на Деметриј, Пирх решил да се зацврсти, формирајќи свои сојузништва. До 290 година пред Христа стапил во сојуз со Аетолијанците (Aetolians), го зазел Фокис /Phocis/ и му забранил на Деметриј и на неговите сојузници, вклучајќи ја и Атина, да учествуваат во Питинските игри во Делфи. Сега, било само прашање на времето кога ќе избие друг конфликт. Пирх не бил единствена закана по Деметриј. Птоломеј, Селеук и Лизимак, исто така, биле незадоволни од осовјувањата и профитирањата на Деметриј и сакале тој да биде тргнат од нивниот пат.

За помалку од две години подоцна, во пролетта 288 година пред Христа, Лизимак и Пирх отпочнале напад од исток и од запад, фаќајќи го Деметриј неспремен. Иако Деметриј ја поседувал најсилната флота и имал повеќе од 100.000 војници, неговата поддршка брзо се распаднала и до средината на летото истат година, тој изгубил се. Кога се се завршило, Македонија му припаднала на Пирх, додека регионот околу Струмичката долина, вклучувајќи го Амфипол, му припаднал на Лизимак. Деметриј, пак, избегал и отишол да се скрие во Касандра /Cassandra/ на Халкидискиот Полуостров.

Уште еднаш Деметриј бил поразен, но не и надвор од играта. Додека се криел, продолжил со кампањи за поддршка и ја добил. Не поминало многу време и добил доволно голема поддршка да формира војска за да го нападне

Пелопонез. Неговото појавување на портите на Атина ги испровоцирало Атињаните и тие го повикале Пирх на помош. Кога пристигнал Пирх, заедно со моќната флота на Птоломеј, ниту Пирх ниту Деметриј не сакале војна па затоа била постигната спогодба. До средината на 287 година пред Христа, бил потпишан мировниот договор според кој Деметриј бил отстранет од Атина, но му било допуштено да ги задржи тврдините Коринт, Калкис и неколку други региони околу Атика. Со губењето на Атина, Деметриј за миг го изгубил апетитот за освојување на градовите-држави и заминал за Мала Азија, оставајќи го својот син Антигон Гонатас /Antigon Gonatas/ да командува. Деметриј, за жал, не можел да седи мирен и започнал да му прави проблеми на Лизимак. До пролетта 286 година пред Христа, Деметриј формирал војска и почнал да ги напаѓа градовите во Мала Азија, заземајќи ги со сила. Откако го освоил Сардис /Sardis/, го свртел вниманието на Лизимак. Тогаш, Лизимак го испратил својот син Агатокле /Agathocles/ во потера на Деметриј. Во меѓувреме, Лизимак ја нападнал заднината на Деметриј, го отсекол од неговата флота и му ги блокирал комуникациските линии. Деметриј буквално бил фатен во стапица, но, наместо да се врати назад, решил да оди уште подлабоко во Азија, преку планинскиот венец Таур право во рацете на Селеук. Неспособен да му се спротивстави на Селеук, Деметриј во пролетта 285 година пред Христа се предал и бил однесен во Апамеја /Apamea/ на Оронт /Orontes/ и бил оставен да живее во раскош. За жал, заробеноста во раскошност не била во согласност со животниот стил на Деметриј и до крајот на летото 283 година пред Христа, на возраст од педесет и четири години, умрел од пијанство и здодевност.

Без својот татко Деметриј , Антигон Гонатас не бил закана за никого и, тогаш за тогаш, живеел повлечено. За жал, тоа не било случај со Лизимак кој, во вакуумот на власта оставен од Деметриј, видел можност да го зголеми својот голем посед, но за сметка на Пирх. Во 285 година пред Христа, Лизимак се упатил да ги зграби западна Македонија и Тесалија. Пирх, послабиот од двајцата ривали, се повлекол во Епир.

Откако Пирх веќе не му стоел на патот, Антипатер, синот на Касандер, имал големи очекувања за конечно да биде повторно поставен на тронот на својот татко. Тоа, за жал, не се случило бидејќи Лизимак, кој сега ја контролирал Македонија, ги убедил своите лојални следбеници во македонската војска да го прогласат него за крал наместо Антипатер. Како крал на Македонија, првото нешто на Лизимак било да го погуби Антипатер затоа што му се спротивставувал нему. Смртта на Антипатер, буквално, ставила крај на династијата на Касандер.

Бидејќи поседувал сиромашни имоти, Антигон Гонатас немал средства да ја поддржува морнарицата на татка си и затоа, заедно со западните пристаништа-градови, му ја предал истата на Птоломеј.

Откако Пирх и Антигон Гонатас не им стоеле повеќе на патот, победници во овој натпревар, барем во тој момент, биле Птоломеј, Лизимак и Селеук.

Птоломеј бил остроумен човек кој знаел дека преголемата амбиција е опасна. Тој го практикувал тоа што го проповедал и успеал да остане надвор од проблемите, па така седејќи настрана профитирал исто толку колку што профитирале и другите кои биле во фокусот на вниманието. Птоломеј стареел и, за разлика од неговите ривали, наименувал наследник да го замени. Две години пред неговата смрт во 285 година пред Христа, Птоломеј го назначил Птоломеј II за свој ко-владетел и наследник. За жал, неговото назначување не му се допаднало на неговиот друг син од друга жена по име Птоломеј Кераунос /Ptolemy Keraunos/. Веднаш по назначувањето на Птоломеј II, Кераунос му се пожалил на Селеук. Селеук му препорачал да чека додека Птоломеј-сениор не умре, па потоа да преземе дејства. За жал, тоа не било она што Кераунос сакал да слушне, па затоа го напуштил Селеук и отишол кај Лизимак за помош. Тој навистина му дал совет, но тоа не бил советот што Кераунос го сакал. По смртта на Птоломеј во 283 година пред Христа, Лизимак се откажал од Кераунос и побарал сојуз со неговиот ривал, Птоломеј II, нудејќи му една од своите ќерки за жена. Иако бил разочаран од потегот на Лизимак, немајќи други опции во тој момент, Кераунос решил да остане со него како

еден од неговите поручници и оттаму да го спроведува своето подбуцнување.

Сега, Лизимак веќе имал повеќе од осумдесет години и било прашање на време кога ќе назначел свој наследник пред да умре. Затоа, пред да може да се средат работите, Селеук, во 282 година пред Христа, решил да го нападне и да го лиши од неговиот имот. Нападот не само што бил успешен, туку и охрабрил некои од гувернерите на Лизимак доброволно да се префрлат во други сојузи. До 281 година пред Христа, поголемиот дел од Анадолија му се предала на Селеук. Лизимак се осветил со противнапад, давајќи се што имал, рескирајќи дека ќе извојува уверлива победа во една битка. Големата битка се одиграла кај Курапедион /Curapedion/. Како и неговиот стар ривал Антигон пред него, и Лизимак изгубил се, вклучувајќи го и животот. Кераунос бил заробен, но не бил повреден, а Селеук продолжил да ги игнорира неговите молби повторно да го добие египетскиот трон.

Победникот Селеук тргнал за Европа бидејќи можел да положи право на својата татковина, Македонија. Но, на патувањето, во текот на една вжештена расправија со Птоломеј Кераунос, бил прободен до смрт.Исполнет со бес и лутина, Кераунос веднаш го убил стариот Селеук.

Смртта на Селеук означила крај на лозата на сите маршали на Александар III. За жал, нивната оставнина и ривалство продолжиле и натаму да живеат меѓу нивните потомци.

Од веселиот дочек што Птоломеј Кераунос го добил во Македонија, изгледало дека или Македонците го пропуштиле Лизимак, или пак дека Селеук не бил воопшто популарен.

Наскоро по неговото пристигнување, ветераните на Лизимак го прогласиле Кераунос за крал на Македонија. Првиот акт на Кераунос како крал било да се ожени со жената на Лизимак и да ги посвои неговите деца како свои. Птоломеј, едно од тие деца, одбил да биде дел од бракот и побегнал во Илирија и тоа со добра причина. Наскоро по венчавката, неговите браќа и сестри биле убиени, а неговата мајка едвај си го спасила животот од следбениците на Кераунос и се скрила во Самотракија /Samothrace/.

Бидејќи не бил задоволен да ја има само Македонија, Кераунос го нападнал Антигон Гонатас и, со исклучок на Деметриас (пристаништето Волос), му земал се што поседувал. Но, како што сакал случајот, несреќен каков што бил, Кераунос бил нападнат од Галите /Gauls/. Претходно, кога Лизимак бил поразен од Селеук, граничните одбранбени линии биле напуштени и останале небранети. Небранетата граница им дала можност на Галите да упаднат и да ја опустошат Македонија, убивајќи го притоа Кераунос. Се вели дека Галите му ја отсекле главата на Кераунос, ја набиле на колец и ја носеле секаде каде што оделе.

Галите продолжиле да ја пљачкосуваат Македонија, особено внатрешноста, се додека не останало ништо за пљачкосување. Потоа се упатиле на север, пљачкајќи и на крај извршиле инвазија на Мала Азија.

По смртта на Кераунос, Антипатер, младиот внук на Касандер, направил друг обид повторно да ја заземе македонската круна, ама без успех.

За пополнување на вакуумот во власта во Македонија, се појавиле двајца нови ривали. Првиот бил Антиох I /Antiochus I/, син на Селеук. Нему му се спротивставил Антигон Гонатас. И двајцата ја посакувале македонската круна, но не можеле да постигнат мирољубиво решение, па затоа нивното лично ривалство на крај ескалирало со војна од големи размери.

Додека Селеук и Антигон се бореле еден против друг, еден генерал, кој извојувал победа против Галите, навлегол во Македонија, го симнал од престолот младиот Антипатер и ја земал круната, но не за себе.

Популарноста на Антигон почнала да расте откако ги поразил Галите во една решавачка битка. По некоја случајнот, неговите оружени сили налетале на широка колона со повеќе од осумнаесет илјади Гали кои марширале низ Тракија кон крајбрежниот град Керсонес /Chersonese/. Со еден мудар потег, Антигон измaневрирал, ги фатил во стапица и ги масакрирал Галите, извојувајќи крвава, но решавачка победа. Тоа му го донело признанието кое тој го посакувал за повторно да се афирмира во играта за власт и да го добие македонскиот трон, кој толку го посакувал. Не му требало долго време да го истера младиот Антипатер и

другите ривали. Но, пред да може задоволно да седне на македонскиот трон, допрва требало да се соочи со Пирх.

До 276 година пред Христа старите ривалства за тоа кој ќе го наследи Александар III како врховен владетел на целото македонско царство веќе не биле важни и семејствата на Антигонидите, Селеукидите и Птоломејците постигнале политичка рамнотежа.

Додека Антигон уживал во својата слава во Македонија, Пирх имал некои работи во Италија за кои морал да се погрижи, но при крајот на 275 година пред Христа, тој повторно се вратил. Му требал добар дел од зимата да се подготви и до почетокот на пролетта навлегол во Македонија. Неговите причини за инвазијата биле лични и прашање на неопходност. Пирх сакал да му врати на Антигон што одбил да му помогне во текот на неговата војна со Рим. Но, неговите походи во Италија го осиромашиле Пирх и тој требало да пљачка за да ги исплати своите војници. Имало ли подобро место од она на неговиот стар ривал Антигон? Но, она што е најважно, е што Пирх ја сакал Македонија само за себе.

Оружените сили на Антигон Гонатас биле нападнати и поразени. Самиот Антигон побегнал со дел од својата коњица во Солун. Остатокот од неговата војска му се предала на Пирх. Како и неговиот татко пред него, Антигон бил поразен, но не и исклучен од играта. Тој се уште поседувал неколку крајбрежни градови и моќна флота. И, што е најважно, тој се уште бил крал.

Пирх успеал повторно да ги стекне Македонија и Тесалија, но не бил популарен кај македонскиот народ, особено не откако се здружил со Галите и им дозволил да ги ограбат кралските гробови во Аига. Кога Пирх целосно ја изгубил својата популарност кај Македонците, ја напуштил Македонија за да изврши неколку походи во градовите-држави. Додека бил отсутен, неговиот син Птоломеус /Ptolemaeus/ останал да биде главен и да командува.

Преокупиран со своите походи против градовите-држави, Пирх не успеал да го забележи враќањето на Антигон и неговата окупација на Македонија. Со Македонија цврсто во негови раце, Антигон, во текот на летото во 272 година пред Христа, ја испратил својата флота кај градовите-држави и

тргнал во потера по Пирх. Кога спротивставените војски се сретнале, отпочнала битка во која Пирх бил погоден и се онесвестил. Додека лежел, еден непријателски војник го препознал, му ставил јаже околу вратот, му ја отсекол главата и ја однел кај Антигон.

Набрзо по смртта на Пирх, битката завршила и веќе немало натамошен отпор од сојузниците на Пирх. Откако Пирх не му стоел веќе на пат, Антигон имал можност повторно да ги заземе сите градови-држави и да ги стави под своја контрола. Како и Птоломеј пред него, дејствувал внимателно и не дозволил да го обземат амбициите.

Оттогаш па наваму, со мали судири на границите, со царството на Александар ќе владеат три династии – Антигонидите, Селеукидите и Птоломејците. Педесет години по смртта на Александар, неговото царство останало негибнато и се уште со него владееле Македонци.

До 268 година пред Христа, работите повторно почнале да се раздвижуваат кога Птоломеј II ги подбуцнал Атињаните да ги истераат Македонците и да му објават војна на Антигон. А Антигон планирал да ја зајакне својата поморска моќ во Егејското Море, која ќе стане директна закана по поморската трговија на Птоломеј. Тој немал намера да им помогне на градовите-држави, но нивната желба да се ослободат самите од македонското владеење била толку голема, што многу од нив, вклучувајќи ја и Спарта, ги игнорирале ризиците и почнале подготовки за војна. Состојбата ескалирала и Антигон решил да стапи во дејство. Се сретнал со спартанската војска надвор од Коринт каде отпочнала битка која Спартанците ја изгубиле. За да ја задуши состојбата целосно, Антигон ја ставил Атина, главниот поттикнувач, под опсада. Ветувањето на Птоломеј за помош од море никогаш не се реализирала и Атина била оставена да гладува се додека не се предала. Откако се предала, Атина ја изгубила својата автономност и Македонците уште еднаш ја контролирале и неа и нејзините работи.

Кога градовите-држави биле покорени, Антигон, во 261 година пред Христа, ја нападнал морнарицата на Птоломеј во Егејот и постигнал голема победа. За да ги зацврсти своите

позиции, Антигон, исто така, поставил стратегиски одбранбени воени бази по должината на атичкиот брег.

Во Азија, во меѓувреме, Антиох I /Antiochus I/, од Селеукидската династија, имал свои лични проблеми.Неспособен, понекогаш неволен да го држи своето царство сплотено, Антиох I почнал да губи дел од своите погранични имоти кои почнале да се отцепуваат. Ги изгубил Кападокија, Понтус и Битинија, а сатрапите Бактрија и Согдијана само што не станале независни. Но, во 261 година пред Христа, кога работите почнале да се подобруваат, Антиох I умрел, на возраст од шеесет и четири години, и го наследил неговиот син Антиох II. Антиох II брзо формирал добредојден сојуз со Антигон Гонатас. Заедно, тие сега биле способни да го запрат Птоломеј и да го држат под контрола. За жал, овој сојуз им дал предност на Антигон и Антиох во однос на Птоломеј и ги поттикнал да преземат дејство за повторно да стекнат дел од своите изгубени поседи. Додека Антигон продолжувал да ја гради својата поморска сила, Антиох почнал лични походи против Птоломеј поттикнувајќи ја таканаречената Втора сириска војна. Чувствувајќи дека ќе го изгуби тлото под нозете, Птоломеј II, во 254 година пред Христа склучил мир со Антиох II. За да го запечати династичкиот сојуз, Антиох се оженил со Береница Сира /Berenice Syra/, ќерката на Птоломеј која му донела огромен мираз. За жал, Антиох веќе бил во брак со Лаодица од која морал да се откаже со прилично голема исплата, но таа одбила да се согласи.

Додека водел добра политика со Антиох, Птоломеј II водел лоша политика со Антигон, поддржувајќи една побуна против него на Коринт. Во 253/252 година пред Христа, Александар, внук на Антигон и гувернер на Коринт, се побунил против Антигон и се прогласил себеси за крал. Но, како што се испоставило на крај, пред да може било кое од овие прашања да биде решено, и Птоломеј и Антиох умреле. Птоломеј II умрел во јануари 246 година пред Христа, а Антиох II умрел во август истата година. Додека Птоломеј II бил наследен од неговиот син Птоломеј III, Антиох не оставил наследник. Се вели дека Антиох умрел прерано, веројатно од труење. Можеби неговата поранешна жена, Лаодица, која во време на неговата смрт била во посета на

дворот, го отрула. Во секој случај, по смртта на Антиох избувнале непријателства помеѓу неговата нова жена Береница, која тукушто му родила син и неговата поранешна жена Лаодица, која тврдела дека на својата смртна постела Антиох го назначил нејзиниот син Селеук како негов наследник. Береница, чувствувајќи притисок од Лаодица, побарала помош од нејзиниот брат Птоломеј III во Александрија кој брзо дошол да и помогне, но само за да ги најде мртви и неа и нејзиното дете. Како резултат од обидите за атентати и од убиствата, избувнало непријателство помеѓу семејствата на Селеукидите и на Птоломејците. Тоа ескалирало во целосна војна, наречена Трета сириска војна, која траела се до околу 241 година пред Христа, со Селеук II како победник. Но, неговата победа не го спасила неговото кралство, особено од неговиот сопствен брат кој, охрабрен од својата мајка Лаодица, сакал ко-регентство. Кога Селеук II го одбил, младиот Антиох Хиеракс /Antiochus Hierax/ себеси се поставил за независен владар. Со сите тие востанија и династички ривалства кои биле во тек, иднината на Селеукидската Империја не изгледала многу успешна.

Освен тоа, во 241 година пред Христа, имало пресврт на настаните во Европа, при што Антигон Гонатас морал да изврши измени кај Ахеанската лига, која со секоја измината година станувала се посилна и посилна. Неговиот бунтовен внук Александар умрел во 246 година пред Христа и до 245 година пред Христа, Антигон го повратил она што го изгубил во Коринт. Задоволен со своите постигнувања во текот на својот живот, Антигон Гонатас умрел во почетокот на 239 година пред Христа, на возраст од осумдесет години. Неговиот одлучен и амбициозен син Деметриј II, уште еден Македонец, го наследил.

Пред да продолжам со сторијава, сакам да направам мала дигресија овде и да го истражам развојот на запад, со посебен акцент врз Рим.

Како што е претходно спомнато, да живеел Александар подолго, ќе ја нападнел Картагина, па така картагинско-римскиот конфликт и пунските војни немало да се случат. Картагина била збратимен град со Тир и му помогнала на Тир да се одбрани од опсадата на Александар која траела долго. Продолжената одбрана на Тир го чинела Александар

луѓе, ресурси, пари и време. Александар не бил од оној тип што простува и ќе направел Картагина скапо да плати за нјзиното мешање во неговите работи. За жал, Александар умрел, неговите планови биле откажани и ниеден од неговите наследници немал интуиција да ги види заканувачките опасности кои демнеле на запад.

Во текот и по времето на Александар имало многу малку меѓусебни дејства на македонските владетели и оние на запад. Имало градови-држави по должнината на крајбрежјето, Сицилија посебно, но во најголем дел тие биле оставени сами да се бранат.

Првото големо незаконско поминување на границата од страна на Рим на запад било во Сицилија во текот на Првата пунска војна која започнала во 264 година пред Христа, а завршила во 241 година пред Христа. Потоа, Рим ја окупирал Сицилија и во 212 година пред Христа ја направил римска провинција, идеално отскочно место за спроведување походи против големото трговско царство на Картагина /Carthage/.

Сицилија, во тоа време, била регион полн со варварски држави каде насилствата, масовните погубување, тортурите, силувањата, пљачкосувањата и поробувањата биле секојдневни, а најголемиот дел биле извршувани од Римјаните. Пред присвојувањето на Сицилија од Римјаните, таа служела како бариера или неутална зона помеѓу големите сили и од исток и од запад. Сицилија, исто така, била отскочно место за поголемиот дел од пиратствата што се случувале во медитеранските води. Градот Сиракуза /Syracuse/ имал важна улога во текот на тие времиња, бидејќи бил место каде прогонетите, симнатите и тираните обично завршувале, откако биле протерувани од нивните татковини. За оние со моќ и влијание, власта била лесен залак и Сицилијанците имале свој удел и во добрите и во лошите времиња, но најмногу во лошите. Откако Римјаните ја направиле Сицилија своја провинција, животот за обичниот Сицилијанец се претворил во нешто најлошо. Римјаните на воделе сметка ниту за Сицилијанците, ниту пак за човековите вредности. Тие, единствено, се грижеле за профит и бескрајно ја ограбувале Сицилија. Но, тоа било само почеток. Римјаните тукушто вкусиле малку од она што допрва ќе дојде.

Како што е претходно спомнато, еден од моќните играчи од македонсиот свет кој се осмелил да оди на запад и да изрши значително влијание врз Рим, бил Пирх. Тој бил повикан во Италија во 280 година пред Христа, со молба за помош од Тарентјаните /Terentines/ кои имале свои лични проблеми со Римјаните. Пирх се одзвал на повикот, и дури му била дадена помош од други македонски владетели на кои им било мило тој да оди и да остане надвор од нивните работи. Пирх, користејќи ги слоновите што му ги дале македонските владетели, постигнал бројни победи на Сицилија, но предизвикал верижни настани кои во иднина ќе имаат реперкусии. Неговото присуство и серијата победи предизвикале голема загриженост за Картагина до онаа точка, до која таа била волна да ги остави настрана нејзините разлики со Рим и да формира привремен сојуз против Пирх. За да го спречат да изршува походи во Африка, флотата на Пирх била нападната и потопена од Картагинците. Потоа, откако преминал во Италија, Пирх ја поминал зимата во Тарас, со планови за северна офанзива на есен, која никогаш не се материјализирала. Во текот на летото 275 година пред Христа, тој бил нападнат и победен од Римјаните кои дотогаш научиле како да се справат со слоновите. Во текот на истата година, Римјаните го нападнале и зазеле Тарас, што ги донело чекор поблиску до Македонија. Откако Пирх бил победен и тргнат од патот, немало некоја значителна сила освен Картагина која би застанала против Рим на запад или би го предизвикала на домашен терен.

По свртта на Александар и завршувањето на ламинските војни, најголемиот дел од оние што ние денес ги нарекуваме градови-држави ги изгубиле своите привилегии што им ги доделиле Филип II и Александар III. Во текот на приближно педесет години по смртта на Александар, тие биле управувани од Македонци и биле користени како пиони во големата борба за доминација. Но, во текот на подоцнежните години, некои од државите се организирале во лиги, но за жал никогаш не биле способни да ги одржат сојузите премногу долго. Ова делумно се должело на карактеристичната политика што ја воделе на домашен план, а делумно на надворешното влијание од богатите и моќните македонски владетели. Членовите на семејството Птоломеј

никогаш не се двоумеле да ја снабдат Атина со жито само за да поттикнат проблеми за членовите на семејството Антигониди. Речиси секој конфликт бил иницира во име на повторното воспоставување на правата на градовите-држави, а завршувале со повеќе изгубени отколку добиени права.

Додека јужните градови-држави не успевале во своите обиди да поддржат сојузи меѓусебе, Деметриј II, синот и наследникот на Антигон Гонатас, бил многу зафатен со подградување на свои сопствени сојузи. Во 239 година пред Христа, за да обезбеди поддршка против Илирите на неговите западни граници, се оженил со Фтија /Phthia/, принцеза на Епирот (регион на Епир). Во 238 година пред Христа, Фтија му родила син на Деметриј кој соодветно го крстил Филип, кој во иднина ќе стане Филип V Македонски. Токму во тоа време, лигите на градовите-држави почнале да напредуваат во развојот на нивните сојузи, а со силата дошло и антимакедонско чувство.

Решен да интервенира, Деметриј, поради внатрешни конфликти, ја изгубил својата поддршка од Епир и не бил способен сам да ја изврши истата. Тоа како да не било доволно, па лигите сега им се заканувале на своите поранешни сојузници со остри казни во случај тие да интервенираат. Решен да го промени текот на настаните, Деметриј побарал помош од Илирите кои биле желни да помогнат само за да си помогнат себеси. Платени од Деметриј, Илирите прво извршиле инвазија на Епир, потоа на брегот на Јадранот и пљачкале се што било на нивниот пат. Успеале да извршат инвазија на некои територии на лигите и, исто така, и тие ги опљачкале. До 229 година пред Христа, тие тргнале во напад и извршиле инвазија на италијанскиот брег и дотогаш веќе го привлекле вниманието на Рим. Во меѓувреме, на Пелопонез, Илирите започнале да формираат сојузи со некои лиги на градовите-држави и размислувале за инвазија на сите градови-држави. Во меѓувреме, почнале да доаѓаат поплаки од двете страни на Јадранското Море. Италијанските трговци, чувствувајќи го критичното време поради постојаните ненадејни напади, му се жалеле на Рим. За возврат, Рим испратил претставници да извршат истрага со препорака да преземат нешто. Тие нападнале жестоко, со деморализирачка брзина, и ја

уништиле бројната супериорност. Илирите, чија вистинска цел во сето ова било да профитираат, а не да водат војна, брзо доживеале крах и, во 228 година пред Христа, се согласиле на договор. Проблемите на Деметриј во оваа збрка биле решени на без тој да мора да мрдне со прст, но неговата неактивност му овозможила на Рим да заземе десантна база, односно упориште во илирските работи. Иако Рим, во тоа време, немал амбиции да ја прошири својата сфера на влијание источно од Италија, тој навистина ја демонстрирал својата воена моќ и својата волја да се бори.

ГЛАВА 10 - ПРЕЛУДИУМ ВО ВОЈНАТА СО РИМ

Падот на Македонија почнал со смртта на Деметриј во 229 година пред Христа. Деметриј го изгубил животот во текот на една херојска битка, бранејќи ја Македонија од инвазиите на Дарданците. По неговата смрт, неговото кралство останало на неговиот деветгодишен син Филип. За несреќа, Филип бил премногу мал за да владее, па затоа старателството му било доделено на Деметријовиот роднина Антигон Досон /Antigon Doson/, кој се согласил да се грижи за кралството додека Филип не стане полнолетен. Антигон Досон, понекогаш нарекуван Антигон III, правел најдобро што можел за да го одржи мирот и стабилноста за да го зачува кралството на Филип целосно.

По свртта на Деметриј, додека Македонија била презафатена со домашни работи, Атина ја искористила можноста за да го ослободи пристаништето Пиреј (Piraeus), отстранувајќи го македонскиот гарнизон стациониран тука. Атина не го сторила ова со борба, туку со подмитување. Потоа, Атина прогласила своја независност и мудро одбила да им се придружи на било кои сојузи. Спарта, од друга страна, под водство на Клеомен III /Cleomenes III/, кој не бил навикнат да седи мирен, иницирал бројни социјални реформи. Но, северните соседи на Спарта, Ахеанската лига, се плашела дека една реформирана Спарта ќе претставува закана за доминација на Лигата и презела дејства против неа. Неспособна да преговара за соодветна спогодба, Лигата му се обратила на Антигон за помош. За да го намами да интервенира, Лигата му го ветила Акрокоринт /Acrocorinth/, стратешко вредно место. Антигон учтиво прифатил и со дваесет илјади трупи се соочил со Клеомен. Самата глетка на македонската армија како се упатува со марш кон Пелопонез, на сојузниците на Клеомен морала одеднаш да им предизвика губење на храброста, бидејќи брзо се повлекле, оставајќи го Клеомен сам.

Како што се покажало, најголемиот број војници на Клеомен биле најмени платеници, исплатени со парите на Птоломеј. А Птоломеј, како и обично, бил поттикнувач на овие сплетки, никогаш не пропуштајќи можност да го

прошири своето лично влијание. Кога Антигон го открил ова, брзо му го дал на Птоломеј она што сакал – територијални концесии во Мала Азија. Во замена, Птоломеј ја повлекол својата поддршка за Клеомен. Без финансиска поддршка од Птоломеј, Клеомен го изгубил своето влијание и решил се да стави на коцка во една единствена битка. Во 222 година пред Христа, во Селасија /Sellasia/, околу 120 км северно од Спарта, Клеомен ги вовлекол Македонците во битка која ја изгубил, а тој избегал во Египет. Антигон, во меѓувреме, триумфално стапнал на спартанско тло, како прв странски освојувач што го сторил тоа во текот на еден долг период.

Победоносец, Антигон повторно ја воспоставил Хеленската лига на Филип II, на која тој станал хегемон и поставил македонски гарнизони во Акрокоринт и Орхоменос /Orchomenos/. Исто така, оставил еден виш македонски офицер да биде одговорен за пелопонеските работи. Обидот на Спарта за слобода не само што сега бил изгубен, туку самата Спарта сега била присилена во конфедерација со нејзините поранешни непријатели: Ахеанците, Тесалијците, Епирците, Акарнаните, Беотијците, Фокијанците /the Achaeans, Thessalians, Epirotes, Acarnanians, Boeotians, Phocians/, а најлошо од се паднала под македонска управа.

Географски, новиот сојуз, буквално, ја окружувал Аетолија, која сега и бил непријател на целата конфедерација. Аетолската лига сега воопшто не била задоволна со новите околности и се осветила така што водела војна со сојузниците на конфедерацијата.

Антигон, кој едвај имал време да ужива во својата победа, морал да се врати дома за да се справи со друга варварска инвазија.Додека траела биката, за жал, добил смртоносна рана од која подоцна умрел. Антигон Досон, кој се уште немал ниту четириесет години, умрел во почетокот на летото 221 година пред Христа, откако договорил да го постави својот млад внук Филип V на македонскиот трон.

Македонија не била единственото кралство кое поставило млад крал на тронот во 221 година пред Христа. Антиох III на Азија и Птоломеј IV на Египет, исто така, биле крунисани истата година.

Во Азија, Селеук II, наговорен од мајка си Лаодица, му ја отстапил Мала Азија на својот брат Антиох Хиеракс /Antiochus Hierax/, нешто за што тој наскоро ќе зажали. За жал, ниту еден од браќата не бил задоволен со исходот и не поминало долго време пред да избие конфликт помеѓу нив, што траел од 239 до 236 година пред Христа.

Преокупиран со оваа битка помеѓу браќата, Селеук ги занемарил своите источни сатрапи и речиси ги изгубил. Антиох, потпомогнат од Птоломеј III, бил способен да одржува притисок врз својот брат додека Селукус не сфатил дека оваа братоубиствена борба била непродуктивна. Во 236 година пред Христа, Селеук склучил мир со Антиох и му ја дал цела Мала Азија северно од планината Таур. За жал, Антиох не бил задоволен со оваа добивка и со помошта на Галатијанците (Galatians) ковал завера да изнуди пари од градовите во Мала Азија. Тој дури и ковал завера да го сруши Атал I од Пергамон.

Атал бил син на Еумен од Пергамон и претходно се имал судрено со Галатианците. Всушност, извојувал голема победа против нив во 237 година пред Христа, по што се прогласил за крал. Имајќи искуство во справувањето со Галатијанците, Атал не се плашел од нив и тргнал во потера на Антиох, бркајќи го преку Фригија, Лидија, Царија и подалеку. Во текот на неговото четиригодишно гонење, од 231 до 228 година пред Христа, Атал го победил Антиох во три големи битки и ги презел неговите територии во Мала Азија. Истеран од неговиот сопствен голем имот, Антиох, со помош на неговата тетка Стратоница, направил обид да го сруши својот брат Селеук. Додека Стратоница организирала побуна во Антиох, Антиох извршил акција против Вавилон. Додека тоа се случувало, Селеук вршел походи во Партија, која требал да ја напушти за да се справи со својот брат. Кога Селеук го стигнал, го избркал од Азија, па Антиох побегнал во Египет каде Птоломеј го затворил. Набрзо, побегнал во Тракија каде бил убиен од страна на Галатијанците во 227 година пред Христа.

Откако го истерал Антиох од Азија, Селеук ја фатил и ја погубил Стратоница и се подготвувал да го нападне Атал. Но, пред да добие шанса, умрел од несреќен пад од својот коњ. Во 226 година пред Христа, Селеук II бил наследен од

неговиот прв син, Селеук III Сотер, кој бил на тронот наредните три години, пред да биде убен од своите офицери, додека биле во поход против Атал. По неговата смрт, неговиот роднина Акеј /Achaeus/ бил номиниран за гувернер на Мала Азија. Тој, за возврат, во 223 година пред Христа, го прогласил Антиох III, помладиот брат на Селеук III, за крал. Како гувернер на Мала Азија, Акеј тргнал во потера на Атал и до 222 година пред Христа го потиснал назад до Пергамон. На тој начин ги вратил сите изгубени селеукидски територии во Мала Азија.

Во Египет, Птоломеј III ја укинал својата поддршка за Спарта и ја исправил грешката кон Македонија. Но, во Азија, тој продолжил да ги вознемирува Селеукидите и од нив заземал делови од источниот Медитеран, Тракија и од Хелеспонт. По неговата смрт во 221 година пред Христа, Птоломеј III бил наследен од Птоломеј IV Филопатор /Ptolemy IV Philopator/.

Во Европа, со формирање на федерацијата, Антигон Досон ги опколил Аетолците. Несреќни заради својата незгодна позиција, почнале да пружаат отпор, така што извршувале напади против своите соседи, против Ахеанската лига. Дотогаш, Филип V станал полнолетен и го наследил Антигон, преземајќи ја титулата хегемон. Како нов хегемон, чувствувал дека негова должност е соодветно да одговори на агресијата на Аетолците и затоа им објавил војна. За да бидат работите уште полоши, веста за смртта на Клеомен во 219 година пред Христа, инспирирала државен преврат на роајалистите во Спарта и еден непријателски крал бил назначен на тронот. Кралот, кој бил против федерацијата, брзо ги прекинал односите со Македонија и стапил во сојуз со Аетолците. Филип одговорил убедливо – брзо и енергично.

Во походите што следеле, потсетувајќи на Александар III, Филип V и неговата добро обучена и дисциплинирана македонска војска, постојано ги надмудрувал и ги победувал своите непријатели. Но, во 217 година пред Христа, Филип бил потребен на друго место и морал постепено да ги намалува своите походи, така што било склучено примирје врз база на status quo.

Во Азија, набрзо по неговото крунисување, амбициозниот Антиох III обелоденил грандиозен план да ги поврати изгубените селеукидски територии и повторно да го воспостави царството на својот прапрадедо (Селеук I Никатор). Неговиот план вклучувал повторно стекнување на Коеле-Сирија долу до Египетските Порти, враќање на големите источни сатрапи, враќање на морските пристаништа на Мала Азија, Хелеспонт и Источна Тракија на европската страна. Тој дури организирал една експедиција, достојна на Александар III, која го однела до Бактрија и Индија.

Тврдејќи дека Сирија и Феникија еднаш му припаѓале на Селеук I, Антиох преземал голема офанзива против Сирија, иницирајќи ја на тој начин Четвртата сириска војна која траела од 219 до 217 година пред Христа. Во своето настојување повторно до го освои царството на неговиот прапрадедо, повторно го зазел неговиот главен град Селекуија /Seleucia/, пристанишните градови Тир и Птолемиас-Аке /Ptolemias-Ake/ и го отворил патот од Палестина до Египет. Но, за разлика од Александар III претходно, попретпазливиот Антиох не тргнал до го освојува Египет. Наместо тоа, ја фокусирал својата енергија врз консолидирање на своите позиции во Галилеја и Самарија. Таму поминал поголем дел од времето преговарајќи за мир со Птоломеј, кој тајно собирал голема војска за противнапад.

Намерите на Птоломеј станале многу очигледни во летото 217 година пред Христа, кога тој и неговата помлада сестра Арсиона /Arsione/ биле подготвени за битка, со војска од педесет и пет илјади војници. Дошле до полињата на Рафија /Raphia/ во Палестина и се соочиле лице в лице со Антиох и неговата шеесет и осумилјадна војска. Ова не било само најголемата битка од Ипсус, туку била и слична по форма. Антиох, како и Деметрис пред него, молскавично ја нападнал борбената линија со својата коњица, извојувајќи брза победа. Не можејќи да му се спротивстави на својот порив да го гони својот непријател, Антиох го напуштил бојното поле, овозможувајќи им на Птоломејовите команданти да се регрупираат и да преземат противнапад. Без водството на Антиох и во отсуство на помош од коњицата, селеукидската фаланга се распаднала и била победена. Победоносните

Птоломејци го спасиле Египет и ги стопирале амбициите на Антиох. Со исклучок на враќањето на поморската база во Селеукија, Птоломеј бил среќен да договори status quo со Коеле-Сирија повторно безбедна во негови раце. Но, не било се така добро во Египет. Египетските трупи вкусиле победа и сакале уште, но не за Птоломеј, туку лично за нив.

Недостатокот на сребро во Египет, ги принудило Птоломејците да користат бронзени ковани пари кои не биле многу популарни кај странските наемници. Без странски наемници, Птоломејците немале избор, освен од локалното население да регрутираат помалку платени војници. Концентрацијата на Египќани во оружената сила, за жал, стимулирала силно националистичко чувство, што имало негативни последици за Птоломејците. Во почетокот, незадоволството се манифестирало како спорадични екслозии на герилските походи, но со време тоа прераснало во целосно востание. Во крвавиот превратпротив централната влада, Египќаните успеале да го ослободат Горен Египет од владеењето на Птоломејците. Без ресурсите на Горен Египет, Птоломејците биле принудени да собираат поголеми даноци за да ја зачуваат безбедноста на својата држава, влошувајќи ја на тој начин состојбата.

Додека Антиох бил зафатен борејќи се против Птоломејците со Сирија, неговиот вујко Акеј /Archaeus/ бил зафатен со повтрното освојување на Мала Азија, само за него. Откако Антиох изгубил од Птоломеј кај Рафија, Акеј направил смел потег и се прогласил за крал на Мала Азија. Неговата војска не се согласила со неговото прогласување и одбила да го поддржи. Во 216 година пред Христа, Антиох се вратил во Мала Азија, го притеснил во тесно вујко си во Сардис, а во 213 година пред Христа, го фатил како се обидува да побегне. Наредил да биде осакатен, а потоа распнат.

Во наредните седум години, од 212 година пред Христа до 205 година пред Христа, Антиох го свртел своето внимани кон исток обидувајќи се да ги поврати источните сатрапи. Откако најпрво ја освоил Арменија, го свртел вниманието кон Медија Атропатен /Media Atropatene/. Извршил инвазија во Медија и поминал две години, организирајќи ја својата војска и собирајќи парични средства да плати за своите

походи. Повеќето пари дошле од трезорите на големиот храм на Екбатана. Во 209 година пред Христа, Антиох III, како и Александар III пред него, маршрирал со својата војска на исток освојувајќи територија по територија. Партија /Parthia/ паднала во негови раце без ниту една борба, а по двегодишните походи во Бактрија и таа паднала во негови раце. Ја преминал планината Хинду Куш и потпишал договор со Индијците, по што започнало неговото патување назад преку Аракозија, Дрангиана /Arachosia, Drangiana/ и Персискиот Залив. Тој испратил и една експедиција да ги освои герхаенските Арапи и добил данок во пари и зачини. Во 205 година пред Христа, Антиох стигнал со Селеукија на реката Тигар. Таму бил дочекан како победник кој повторно го добил најголемиот дел од царството на својот прапрадедо и повторно ги оживеал империските надежи на Селеукидите. Сепак, тој се уште не бил задоволен бидејќи Коеле-Сирија, крајбрежните градови на Анадолија и регионите на Хелеспонт, се уште биле надвор од неговиот домет.

Губењето на Горен Египет и неговото паѓање во рацете на домородните фараони, не само што ги лишил Птоломејците од значителни ресурси, туку донело и сиромаштија и угнетување во регионот. Настаните тргнале од лошо на полошо по смртта на Птоломеј во 205 година пред Христа, кога египетските свештеници почнале да се бунтуваат против неговото владеење. Работите не биле подобри ниту во Александрија. Птоломеј V Епифан /Ptolemy V Epiphanes/ се уште бил дете кога Птоломеј IV умрел, а за неговото регентство се воделе битки со крвави последици. Додека Птоломеј IV владеел, со палатата доминирале жени, особено жената и сестрата на Птоломеј IV. Сега кога тој не бил меѓу живите, тие, исто така, се надевале на тронот. Арсиноа, сестрата на Птоломеј IV, најмногу настојувала да владее, но набрзо западнала во неволја кај министрите на Птоломеј кои, исто така, биле заинтересирани за неговиот трон. За да ја отстранат и да не ја земе контролата во свои раце, Арсиноа била убиена од двајца од најмоќните министри. Тие, за возврат, биле убиени од една александриска толпа која ги линчувала. Во меѓувреме, петгодишниот крал бил предаван од еден амбициозен советник на друг. За да бидат работите полоши, Антиох III фрлал око на Египет и, поради неговата

слабост, се подготвувал за инвазија на Коеле-Сирија, во она што подоцна ќе биде наречено Петта сириска војна.

Во Македонија, младиот Филип V, кој желно сакал да се докаже, бил вплеткан во сите видови балкански сплетки. Бил инволвиран со еден илирски пират, наречен Деметриј од Фарос /Pharos/ кој во тој момент барал засолниште на неговиот двор. Деметриј бил протеран од Сицилија од страна на Римјаните во 219 година пред Христа, поради вршење напади и поради тоа што претставувал непријатност за жителите на Родос и за Римајните, и во Егејското и во Јадранското Море. Но, Деметриј бил добредојден на Филиповиот двор, бидејќи тој им помогнал на трупите на Антигон Досон во нивниот Селасиански поход. Филип, исто така, го ценел неговиот таканаречен "исправен совет".

Кога Рим бил поразен од Ханибал во 217 година пред Христа, кај езерото Трисамене, Деметриј го убедил Филип повторно да го постави него на власт на јадранскиот брег. Филип го послушал неговиот совет, се преместил во јужна Илирија, го истерал Скердилаидите /Scerdilaidas/, неговиот ривал-пират и му овозможил на Деметриј да си го поврати неговото поранешно место. За жал, Скердилаидите не бил задоволен поради тоа што бил избркан и бргу апелирал во Рим за помош. Рим не губел време за да испрати една паторла да изврши истрага. Сакајќи да одбегне една пресудна пресметка, Филип веднаш се повлекол. Запалил 120 негови брода за да избегне да бидат заробени и побегнал со својата војска преку планините. Иако ништо не се случило, во Рим се појавиле сомнежи во врска со вистинските мотиви на Филип. Откако пристигнала на своето одредиште, римската патрола останала во Илирија како заштита од било какви идни напади.

Друга грешка што ја напаравил младиот Филип, повторно дејствувајќи по советот на Деметриј, било потпишувањето на договор со Ханибал Картагинецот. Формулиран од Картагинците, овој договор побарувал од Филип да стане сојузник на Картагина во случај на војна со Рим. За возврат, во случај Картагина да ја добие војната, таа ќе осигура Римјаните да бидат присилени да се откажат од нивната сфера на влијание во Илирија. Единствената причина, верувам, што Филип се согласил на ова било да му го

задоволи својот близок пријател Деметриј. Филип, во тоа време, не верувал дека Рим би рескирал да стапи во војна со моќната Македонија поради еден тривијален документ. Рим, исто така, во тоа време немал планови за било какви интервенции на исток. Но, она што Филип пропуштил да сфати е, дека неговите тривијални дејства ќе имаат сериозни последици за Македонија во иднина. Сепак, во тој миг, Рим бил задоволен, а Филип продолжил да бара начини да стекне влијание во Илирија.

Се уште под влијание на Деметриј, Филип почнал да гледа кон север како на авантура, секогаш внимателно гледајќи можност за освојување. За жал, продолжил да прави грешки. Поттикнувајќи различни фракции на Пелопонез да се борат едни против други, предизвикал страдање и бесмислено крвопролевање. Неговото лошо влијание неочекувано било прекинато кога Деметриј од Фарос бил убиен во 215 година пред Христа при еден неуспешен напад врз Итом /Ithome/. За жал, поданиците што ги освоил Филип дотогаш не го гледале како разумен владетел, туку како еден распуштен, суров и политички мотивиран авантурист. Неговото опустошување на Месина завршило со смртта на Деметриј.

Во текот на наредните две години, од 213 до 212 година пред Христа, Филип го свртел своето внимание кон Илирија. Ги заменил бродовите што ги изгубил во последниот контакт со Римјаните и, внимавајќи да не биде откриен, се упатил со својата војска на север од територијата на Скердилаидите. Кога било погодно, ненадејно го нападнал Лис /Lissos/ на Јадранот и ја основал својата западна база на моќ, односно бастион.

Не се знае зошто Филип токму во тоа време го свртел своето внимание кон запад. Неговото образложение можеби било да постави бариера помеѓу себеси и Рим или, можеби, како што некои веруваат, да стекне контрола врз доходовните западни поморски пазари и трговските патишта на Јадранот. Во секој случај, неговото појавување на Јадранот предизвикало паника и хистерија во Рим. Плашејќи се од инвазија на Италија, Рим бил решителен да го сотре него и брзо побарал сојузници меѓу неговите непријатели. Како што се покажало, Аетолците имале проблеми со Филип и, исто така, барале сојузници меѓу Филиповите непријатели.

Римско-аетолската коалиција не само што го одвратила Филипа од неговите походи на запад, туку, исто така, довела тој да го зацврсти својот сојуз со Ахеанската лига. Аетолците и Римјаните докажале дека имаат свирепи навики и својот гнев го искалиле така што пустошеле во Илирија, Тракија, Тесалија и Акарнанија /Acarnania/. За да бидат работите уште полоши, Атал од Пергамон и се придружил на Римско-аетолската коалиција и во 209 година пред Христа бил назначан за генерал на Аетолците.

Филип, со својата дисциплинирана војска, бргу се осветил и успеал да ги победи Аетолците на копно, но се двоумел да ги предизвика Римјаните на море. Ахеанците, исто така, имале неколку успеси и биле способни да ги уништат Спартанците во Мантинеа /Mantinea/. Но, пред да се решат работите, и Филип и Атал биле повикани во своите татковини за да се справат со уште една голема инвазија на Дарданците.

Откако Филип заминал дома и веќе не претставувал закана, Римјаните изгубиле интерес за Аетолците и сосема ги напуштиле. Без поддршката од Рим, Аетолците не му биле рамни на Филип и, по неговото враќање, брзо капитулирале. Во 206 година пред Христа тие го раскинале својот договор со Рим и склучиле мир со Филип, враќајќи му се што зазеле претходно. Римјаните, за жал, не го примиле добро ова раскинување на договорот и биле желни да го обноват сојузот.

Нивната шанса дошла кога Родос и Киос /Chios/ почнале да го обвинуваат локалното население за прекинување на меѓународната трговија со своите мали војни. Во пролетта 205 година пред Христа, Римјаните се вратиле со триесет и пет брода и единасет илјади војници. Тие се истоварите во Епидамнус /Epidamnus/ каде ги пресретнал Филип и им понудил да се борат, но Римјаните одбиле. Нивната вистинска цел била да го раскинат македонско-аетолскиот договор. Тие пресметале дека со својата масовна поддршка можат да ги поттикнат Аетолците повторно на акција, да ги прекинат односите со Македонија и да водат војна против Филип. Кога Аетолците одбиле, Римјаните повторно размислиле и преговарале за посебни мировни договори со различните страни кои биле инволвирани. Резултатот бил

Феникијскиот договор кој бил склучен во летото 205 година пред Христа, на тој начин ставајќи крај на Првата македонска војна.

На површината изгледало дека Македонија е најголемиот победник. На Филип му било дозволено да си ги задржи освоените територии во внатрешноста на Илирија. Иако статусот на Лис останал неизвесен, Лис се уште бил под македонска контрола. Рим, од друга страна, изгледало дека е губитник бидејќи се што добил биле зборови на уверување дека Македонија нема да се меша во работите на Јадранот. Но, под површината, Рим бил вистинскиот победник бидејќи спречил еден активен сојуз меѓу Македонија и Картагина.

Завршувањето на Првата македонска војна било крстосница и за Македонија и за Рим. Филип бил задоволен од својот договор со Рим, повторно уверен дека неговите проблеми со Рим се завршени. Тој веќе немал причини да се плаши од запад. Зборот на Филип дека нема да се меша во римските работи, бил доволно добар за хистеричните римски сенатори кои сега чувствувале дека можат слободно да го посветат своето целосно внимание на справување со Картагина. Во случај Филип да водел сметка за се поголемата закана западно од него, тогаш тој ќе застанел на страната на Картагина само за да одржи рамнотежа на силите. За жал, тој дозволил Рим да стане силен. Наместо да зададе парализирачки удар, додека се уште можел, Филип ги затворил очите и го оставил Рим, без да биде ослабен, во наредните пет години да ја опустошува Картагина со несмалена жестина.

Во Азија, отприлика во исто време додека Филип склучувал мир со Римјаните, Антиох III се упатил кон Хелеспонт преку Мала Азија и Егејското Море. Дотогаш, Филип морал да знае за подвизите на Антиох и за неговата амбиција да го прошири царството на својот прадедо и веројатно предвидувал инвазија. Но, како што се покажало, преокупацијата на Антиох не била Европа, туку Коеле-Сирија. Па така, наместо да го нападне Филип, тој склучил таен пакт со него за напад на Птоломеј и за поделба на неговите поседи. За изненадување, Филип го прифатил планот и додека Антиох се подготвувал да ја нападне Коеле-Сирија, тој тргнал по егејските поседи на Птоломеј.

Антиох не губел време и во 202 година пред Христа ги уништил Коеле-Сирија и Феникија, нанесувајќи им тежок пораз на силите на Птоломеј. Кога завршил со тоа, тој го поправил пристаништето Сидон и сите крајбрежни упоришта од Карија па се надолу до Силиција. Во 197 година пред Христа, извршил инвазија врз територииите на Пергамон што го натерало Атал брзо да отиде кај Римјаните. Египет, исто така, морал претходно да му се пожалил на Рим, бидејќи околу 199 година пред Христа Рим му испратил строго предупредување на Филип, барајќи од него да го извести Антиох да не изврши инвазија врз Египет. Антиох брзо се покорил, бидејќи воопшто и немал намера да го нападне Египет.

Тука, повторно македонските монарси ја потцениле важноста на Рим и пропуштиле друга значајна индиција. На Рим не му било грижа за Египет или за опстанокот на Птоломеј. Она за што тој се грижел била една цврста конкуренција помеѓу Птоломеј и Антиох. Со други зборови, Рим не сакал една голема консолидирана азиска империја под еден владетел на неговиот праг и правел се за да не се случи тоа.

Верувам дека кратковидите македонски монарси, преокупирани со своите лични ситни препирки, ја пропуштиле вистинската закана која демнела на запад која конечно, не само што ја уништила нивната татковина, туку и засекогаш го сменила текот на историјата.

Во 96 година пред Христа, заслепен од своите брзи победи, Антиох преминал во Хелеспонт, од Азија во Европа, и почнал повторно да го гради напуштениот град Лизимахеја /Lysimacheia/. Тоа требало да биде воена база и дом за неговиот син Селеук. За жал, неговата заслужено стекната репутација како освојувач била преголема за хистеричните римски сенатори. Му издале ултиматум да ги стопира своите непријателства, да се откаже од територијата што ја здобил во Мала Азија, да се воздржува од натамошни напади врз градовите и, пред се, да се држи понастрана од Европа. Антиох не обрнал големо внимание на пораката и си продолжил по старо. Кога една римска мисија пристигнала во Лизимахеја, предавајќи му ги претходните барања на Сенатот по вторпат, Антиох објаснил дека неговото

присуство во Мала Азија и во Тракија било добро оправдано, бидејќи територијата била добиена од поразот на Лизимак во 281 година пред Христа од Селеук I. Според наследениот обичај, територијата му припаѓала нему. Антиох мора да се сомневал дека ултиматумот бил блеф и дека Римјаните не биле расположени да се борат, па затоа продолжил со изградбата на Лизимахеја, што му служела како воена база барем до 190 година пред Христа.

Во 195 година пред Христа, Антиох ја завршил својата седумгодишна војна (Петта сириска војна) со Египет, со мировен договор кој вклучувал свршувачка на неговата ќерка за Птоломеј. Набргу потоа, во 194 година пред Христа, Птоломеј се оженил со Клеопатра, ќерката на Антиох, запечатувајќи го договорот.

Во меѓувреме, во Македонија, по Феникијскиот договор, Филип решил дека е време да ја зацврсти својата морнарица и се фрлил на работа градејќи моќна флота. До 201 година пред Христа неговата флота била готова и оперативна. По неговиот таен пакт со Антиох, Филип го зазел островот Тасос, стратешко место од каде може да се држат на око трговските патишта на Босфорот и на Црното Море. Во 201 година пред Христа ја освоил поморската база на Птоломеј во Самос и таму на својата морнарица и додал голем број бродови. Подоцна тој ја нападнал и поразил флотата на Родосјаните и извршил инвазија на Јонија и Пергамон.

За жал, Македонците никогаш не биле добри во војување на море, но сепак се уште била потребна комбинацијата од Родос, Киос, Пергамон и Византија за да се сопре македонската морнарица. Во една поморска битка во близина на Киос, македонската флота претрпела пораз кој ја онеспособил, губејќи речиси половина од бродовите. Она што било најалармантно во врска со оваа битка, било тоа што овде биле изгубени повеќе Македонци отколку во било која претходна битка на копно или на море.

Скршен од овој пораз, Филип брзо се повлекол на Милет, а потоа ги регрупирал своите сили во енклавата Карија, каде се одморал се до 196 година пред Христа. За жал, остатокот од неговата флота морал да остане на море и во текот на 201/200 година пред Христа флотата била блокирана во

Бргилиа /Bargylia/ од Родосјаните и Пергамонците, кои брзо отрчале во Рим за да ги поткажат дејствата на Филип.

Во текот на пролетта во 200 година пред Христа, македонската флота се ослободила од блокадата и се вратила во Европа правовремено за да биде ангажирана во уште една војна, овојпат помеѓу Атина и Акарнанија /Acarnania/. Бидејќи бил сојузник со Акарнанците, Филип испратил експедициска сила да ја нападне Атина и една ескадра да зароби четири атински галии во пристаништето Пиреј. Но, галиите биле лесно изгубени како што биле лесно и заробени. Без знаење на Македонците, ескадрите на Родос и Пергамон ги гонеле преку Егејот и наеднаш се појавиле од нивната база во Аигина /Aigina/, враќајќи ги украдените бродови. Атињаните биле среќни што повторно ги имаат бродовите и, поважно, биле возбудени што имаат такви пријатели кои ќе им притекнат напомош, рескирајќи го гневот на Филип. Но, се воспоставило дека сето тоа го сториле од политичка корист, а не од пријателство. Атињаните, зад грбот на Македонија, гостеле една римска делегација, која во тоа време, по некоја случајност била во посета на еден град во кој се одржувал саем. Кога седумдесетгодишниот Атал дознал за тоа, не можел да чека да го поканат. Покрај престижот да се биде со делегацијата, Атињаните му доделиле големи почести на старецот. Возбудувањето на Атињаните достигнало кулминација кога Рим, Родос и Пергамон и ветиле своја поддршка на Атина против Македонија.

Ова, навистина, бил момент на слава за Атина кој бил восхитувачки прославен, со објавување војна на Македонија. Тоа бил импулсивен потег, кој, за жал, бил возвратен. На призорот на македонската војска, Атина ги изгубила нејзините нови пријатели. Тие имале да прават попаметни работи и затоа си заминале, оставајќи ја Атина сама да го прими и издржи првиот удар на македонската војска. Филиповата реакција на атинскиот потег била брза, енергична и карактеристична за еден македонски крал, најблаго речено. Македонците не толерирале непокорност, особено не од Атина. Филип го испратил генералот Никанор со наредба да ја десеткува Атика, вклучувајќи ја Академијата во Атина каде отседнала римската мисија. Иако ниеден

Римјанин не бил убиен во нападот, гледано ретроспективно, тоа било грешка. Вестите за дивите напади брзо стигнале до римскиот Сенат, убедувајќи ги дури и оптимистите дека презреното однесување на Филип не може да се толерира и дека нешто мора да се преземе. Римјаните почувствувале дека немале избор, освен да испратат ултиматум, наредувајќи му на Филип да ја стопира својата агресија против Атика и да ги реши разликите со Атал по пат на арбитража.

Филип знаел дека Рим, многу бргу по војната со Ханибал, не бил во форма да и се спротивстави на Македонија. Тој воопшто не бил вознемирен од можноста за војна и сосема го игнорирал ултиматумот. Наредил повеќе напади врз Атика и, исто така, ги нападнал градовите околу Хелеспонт, надевајќи се дека ќе го прекине патот на атинското жито по Црното Море.

Римјаните испратиле втор ултиматум, кој бил повторување на првиот, но дополнет со две други клаузули. Во вториот ултиматум од Филип се барало да го обештети Родос за нанесените загуби, како и да се откаже од нападот на Египет и египетските поседи. Моја претпоставка е дека Римјаните го откриле тајниот пакт помеѓу Филип и Антиох.

Во секој случај, кои биле овие Римјани и како се осмелувале да и диктираат услови на една супер-сила? Филип останал на своето и одбил да биде ставен пред ултиматум. До сега, требало да му стане јасно дека Рим нема да се откаже тукутака. Всушност, по неговата победа во Картагина, со секој ден Рим станувал се посмел. Филиповиот одговор на ултиматумот бил многу едноставен – ако има војна, тогаш Македонците ќе војуваат. Се уште невознемирен, Филип продолжил со своите напади се додека не бил задоволен, а тогаш се вратил во Македонија. Неговата арогантност, конечно го стигнала. Неговото неповинување на римските барања, како и неговото континуирано вознемирување на соседите, не само што го лишило него од неговиот дигнитет како добар државник, туку го убедило римскиот Сенат дека тој е опасен и треба да биде совладан што е можно поскоро.

Наспроти нивната ослабната состојба поради Римско-картагинските пунски војни, Римјаните всушност го

прифатиле предизвикот на Филип за војна. Било есен, 200 година пред Христа, кога во Македонија стигнала веста дека римската војска веќе се истоварила кај Аполонија, додека една римска флота зимува во Коркира /Corcyra/.

Она што било полошо отколку да се има Рим на вратите на Македонија, била положбата на Филиповите односи со неговите соседи. Неговата последна серија незагарантирани напади врз неговите егејски соседи го оставиле со малубројни сојузници. Всушност, тој сега имал повеќе непријатели желни да ја променат страната и да се здружаат со Рим, отколку што имал сојузници. Ахеанскат лига, која во тоа време била преокупирана од војната со Спарта, пресметала дека таа има подобри шанси за победа со Рим, отколку со Македонија на своја страна. Во 199 година пред Христа, Аетолците, исто така, решиле да му се придружат на Рим бидејќи верувале дека ако избувне војна, Рим ќе победи. Атина, исто така, решила да ги отфрли македонските окови во корист на Рим. Освен тоа, како што Ливиј вели: "На свештениците, секогаш кога се молеле за Атина и нејзините сојузници, исто така, им било наредено да го проколнуваат и да фрлаат клетви на Филип, неговите деца и кралство, неговите копнени и поморски сили, и на целиот народ и името на Македонците." (Стр. 309, Питер Грин, Александар до Актиум, Историска еволуција на еленистичкото доба). Ништо од ова не му значело на Филип. Бил уверен дека може успешно да се справи со било кој предизвик и да победи, исто како што и неговите предци правеле со векови наназад.

Во следните две години, Филип продолжил со своите походи и ја уништил дарданската инвазија, ги блокирал Римјаните во Илирија и не покажал милост кон проблематичните Аетолци. За жал, дури и со сите свои напори, Филип не можел да го смени текот на настаните и само што не се сретнал со Римјаните.

Филиповите проблеми започнале со пристигнувањето на младиот римски конзул, Фламинин /Flamininus/, кој бил испратен од римскиот Сенат да се сретне со него и да му ги испорача на Филип римските услови за мир. Филип се согласил на состанок, кој се одржал на реката Аос /Aoos/ во Илирија, но не се согласил со римските услови. Според римските барања, Македонија требало да ги евакуира и

отстрани сите свои гарнизони од градовите во Тесалија, Еубоеја /Euboea/ и Коринт и да им даде автономија. Со други зборови, од Македонија се очекувало да ги предаде своите најважни одбранбени позиции, но за што? Филип бил навреден од понудата и бесен бргу го напуштил состанокот. Фламинин не губел време и веднаш им наредил на своите сили да ги нападнат градовите-држави и да почнат да ги протеруваат Македонците.

До крајот на летото 198 година пред Христа, римските легии стигнале до Коринтскиот Залив и битката со Филип наближувала. Присуството на Римјаните во регионот ги уверило сите, освен некои членки на Ахеанската лига, да се откажат од Македонија и да стапат во сојуз со Рим. Филип внимателно ја одмерувал ситуацијата и, во ноември 198 година пред Христа, се вратил на преговарачката маса со противпонуда. Тој бил подготвен доброволно да ги напушти градовите-држави под услов да ја задржи контролата врз неколку одбранбени позиции и ако Римјаните му гарантираат дека нема да упаднат во Македонија.Понудата не била ниту прифатена, ниту одбиена, бидејќи Римјаните одолговлекувале за да добијат во време. Тоа било година на избори и Фламинин морал да замине за Рим. На Филип му било речено дека, ако сака да ги продолжи преговорите, ќе мора да испрати мисија во Рим.

Додека биле во Рим, преговорите тргнале од лошо на полошо. Главните точки на препирката било инсистирањето на Филип да ја задржи контролата врз Деметриас, Калкис и Коринт, подобро познати како окови на градовите-држави. Кога Фламинин повторно бил избран, преговорите одеднаш прекинале и на легиите им било наредено да продолжат со нивните походи.

Филип сега бил очаен и им се обратил на Спартанците за помош. Им го понудил Аргос, еден од ахеанските сојузници кој останал верен на Македонија, и бракот на Филиповата ќерка со синот на спартанскиот крал. На издајничките Спартанци, за жал, не можело да им се верува. Ја прифатиле понудата на Филип, а потоа го предале, правејќи посебен договор со Фламинин. Она што било полошо, сега имало примирје помеѓу Спарта и Ахеанската лига и Спартанците

биле обврзани да му обезбедат трупи на Фламинин да се бори против Македонија.

Додека Римјаните и нивните сојузници станувале се посилни, водените борби ја редуцирале македонската војска на околу дваесет и пет илјади трупи. Филип сфатил дека неговата сила постепено се намалува и дека сега било потребно да се дејствува. Како и многумина од неговите претходници, решил се да стави на коцка во една единствена битка.

Во јуни 197 година пред Христа, кај Киносцефал /Cynoscephalae/ во Тесалија, непоразената македонска војска се нашла лице в лице со римските легии. Со масовен јуриш македонската фаланга водела со Римјаните една застрашувачка битка која тие никогаш нема да ја заборават. Во текот на првиот јуриш, Македонците биле успешни и победиле. Тоа било ужасна глетка за зајакнатите Римјани, калени во битки, кои за првпат влегле во сериозен контакт со македонската фаланга. Во текот на вториот јуриш, за жал, фалангата ја преминала римската борбена линија и ја изгубила формацијата. Римјаните брзо ја искористиле предноста, така што ја опколиле фалангата и ја пресекле на помали делови. Секој римски војник бил опремен со орудија за борба во формација и за борба со една рака, нешто што Македонците никогаш порано не доживеале. Неспособна да се регрупира, фалангата се повлекла и била уништена. Без фалангата, на Римјаните не им требало голем напор да го докрајчат остатокот од македонската војска. Римјаните не само што биле подисциплинирани отколку што очекувал Филип, туку тие, исто така, брзо учеле и биле способни бргу да се адаптираат на борбените техники употребени од нивните противници. Иако и двете војски биле еднакво дисциплинирани, Римјаните се докажале дека се пофлексибилни, што им дало предност потребна да победат.

Победносниот Рим ја презел контролата врз регионот, ограничувајќи го Филип само на Македонија. Условите на договорот биле далеку поостри отколку оние предложени претходно. Сега, од Филип се барало да ги евакуира сите региони што претходно ги држел во Азија и Европа, со исклучок на Македонија. Освен тоа, од Македонија се барало да му плати на Рим една илјада таленти воена отштета. Тоа

било горчлива пилула за Филип, но каков друг избор имал тој?

Пред да продолжам со главната сторија, би сакал да направам дигресија и да направам преглед на другите придонеси, освен освојувањата, кои Македонците му ги подариле на светот. Повторно сакам да нагласам дека, иако царството на Александар било поделено на три кралства, на Антогинидите, Селеукидите и Птолемејците, со него се уште владееле Македонци и се уште било под голема македонска контрола. Наспроти обидите на Александар да ги интегрира своите македонски војници во културите што ги освоил, тие се противеле. По смртта на Александар, тие ги отфрлиле странските носии и се развеле од странските жени, напуштајќи го на тој начин неговиот концепт на "фузија помеѓу расите во едно универзално царство". За еден Македонец, особено македонски војник, немало поголема чест отколку да се биде Македонец. Тогаш, зошто би сакале да бидат помалку од тоа?

Во врска со ширењето на хеленскиот јазик и култура, сосема се согласувам со Питер Грин кој вели: "Хеленизацијата, ширењето на грчкиот јазик и култура што се дефинирани дури од делото "Geschichte der Diadochen" (1836) на Драјзен, како суштина на хеленистичката цивилизација, е феномен кој изискува темелно проучување. Нејзините цивилизациски, дури нејзините мисионерски аспекти, во голем степен се преувеличени, не најмалку од оние нестрпливи да откријат некое морално оправдување за империјализмот." (Стр. 312, Питер Грин, Александар до Актиум, Историска еволуција на хеленското доба).

Никогаш немало мисија од било која империја, античка или современа, да ги шири својот јазик и култура меѓу оние кои таа ги освоила. "Студена" вистина е дека империите тежнеат по освојувања за профит и земја, така што тие самите може да станат подобри, а не оние кои тие ги освојуваат. Македонските империјалисти не биле различни. Нивната пропаганда можеби пропагирала и тврдела многу нешта, но, како што покажува историјата, она што тие го направиле, навистина, било многу различно од она што го велеле.

Најголемиот придонес што Македонците го направиле за светот, особено за Европа, било отворањето на Азија и Африка за европската трговија. Македонците проверувале дали трговски патишта се создавани секаде каде што биле и дали потоа нивната безбедност била загарантирана. Трговските патишта не биле органичени само на поморските линии. Голема трговија се вршела преку копно и се протегала од Европа па се до планината Хинду Куш. Трговското подрачје, поврзано со голема патна мрежа, било еден голем правоаголник што се протегал од Хелеспонт до планината Хинду Куш на исток, до долната страна на Персискиот Залив на југ, преку Арабија до рамнината на реката Нил на запад и назад, до Хелеспонт на север. Трговијата во голема мерка била сконцентрирана на егејската страна од Мала Азија и подолу на рамнината на реката Нил. Западниот дел од Мала Азија бил средиште на економските активности, и на море и на копно.

Веднаш по трговијата, Македонците во текот на овој период, придонеле со богатство информации од природните науки, морепловството, географијата, биологијата, ботаниката, астрономијата, историјата и литературата. Се вели дека градот Александрија во Египет, во неговите славни денови, ја поседувал најголемата збирка книги и знаење што било кога биле собрани во една единствена библиотека. Изградена од Птоломеј Сотер, величествената библиотека на Александрија поседувала близу половина милион свитоци. Најголемиот дел од овие свитоци биле напишани на коине јазикот и биле на располагање на читателот. Имало само малку за или во врска со обичниот египетски јазик, што е контрадикција на тврдењата на Драјзен во однос на мисијата на Диадохите, односно наследниците на Александар /Diadochoi's mission/, да ја шират т.н. "хеленска култура" на странци.

Ако нешто било раширено или споделено меѓу културите, тоа биле техничките вештини. Најкарактеристичен пример на ефикасно адаптирање на вештината има во еволутивните техники на војување. И Македонците и странците учеле едни од други и бргу се адаптирале кон меѓусебните борбени стилови и техники. Од номадите, Александар научил за

стрелци кои јаваат коњи, техника што тој ја адаптирал и ја употребил против герилските напади.

Размената на вештини не била ограничена само во областа на војувањето. Еден пример на ефикасно пренесување на знаење од една на друга култура, има во областа на медицината. Има многу примери кога Македонците учеле од други култури како да прават и применуваат лекови за различни болести.

Во однос на јазикот, Македонците навистина го ширеле меѓународниот јазик коине или lingua franca, но единствено за комерцијални, административни и религиозни цели, оставајќи го обичниот човек надвор од тоа. Значи секој кој бил значаен, особено ако бил деловен човек, морал да го научи коине јазикот за да се дружи и комуницира на меѓународно ниво, особено во Египет каде Птоломејците инсистирале на користење на коине јазикот. Но, сепак, ваквите лица биле исклучоци, бидејќи мнозинството од освоеното население било исклучено.

Со вели дека Македонците вработувале локални робови како послуга, кои биле носени со нив во странските земји. Додека живееле во изолаија, ваквите робови често се навикнувале на јазикот и на културата на нивните господари, на Македонците, и тие ги пренесувале на своите поколенија. Еден пример за ова се Евреите од Александрија во Египет. Се верува дека првите Евреи што пристигнале во Александрија биле воени заробеници донесени од страна на Птоломеј I. Нивната продолжена изолација од нивните заедници и континуираниот контакт со големото македонско население, влијаеле врз нив да научат да зброуваат на јазикот на Македонците.

Градовите кои Македонците ги граделе во странските земји служеле за повеќе цели. Пристанишните градови биле порти за поморската трговија и центри за снабдување на македонската војска. Други градови, како бројните Александрии кои Александар III нарачал да бидат изградени и ги изградил во текот на неговите освојувања, биле таму за да ги поддржат воените потреби. Секаде каде Александар наишол на непријателски народ, градел град и го населувал со македонско население за да ги поддржат потребите на македонската војска. Со време, а во текот на натамошните

освојувања, била изградена мрежа од македонски градови населени со Македонци низ цела Азија и Европа. Овие населеници дошле директно од Македонија и ги донеле со себе родниот македонски јазик, обичаите, вештините и културата. Населбите служеле како воени колонии и биле сконцентрирани околу Лидија и Фригија. Некои биле големи градови кои му служеле на трговскиот сектор, додека други биле гарнизонски воени бази, односно претстражи распрскани низ целото Царство, служејќи им на потребите на македонските трупи.

За разлика од било кои други градови, новите македонски градови биле градени по осовинско-решеткаста шема и биле далеку поголеми и космополитски, отколку било кои претходно изградени градови. Пергамон, Антиох, Селеукија-на Тигар /Seleucia-on-Tigris/ и секако Александрија во Египет биле пространи градови и главни центри за меѓународна трговија и културен развој. Тие биле многу поголеми од Атина каква што била во нејзините славни денови. По сето ова кажано, секој се прашува зошто модерна Европа покажува толку големи почести за Атина, а речиси никакви за Александрија? Најпосле, Александрија била најважен град на т.н. "хеленистички период". Лоцирана и исправена помеѓу Африка и Европа, Александрија била средишно место за среќавање на сите раси и вери. Се уште цветајќи до ден-денес, таа издржала два и пол милениума насилство и опстојала. Тоа е признание за големината на нејзините градители, Македонците.

Додека сме кај темата за античките македонски градови, сакам да напоменам дека Александрија не била единствената по својата величественост. Имало дузина величествени градови изградени по освојувањата на Александар, но само неколку се истакнувале. Еден од тие градови бил градот Антиох. Тој бил подигнат на плодна крајбрежна рамнина, поврзувајќи ја јужна Анадолија со Палестина, на левиот брег од реката Оронт /Orontes/, под високиот врв на планината Силпиос /Silpios/. Тоа било место каде Александар III претходно поминал и пиел вода од обилните ладни извори. Но, Селеук бил тој кој во 300 година пред Христа, го одбрал местото поради неговиот пристап до караванските патишта во внатрешноста, поради свежите развигори откај морето и

поради неговите богати околни земји кои нуделе вино, житарици, овошје и нафта. Како и Александрија, и Антиох бил етнички мешан град; заедница од многу етнички групи, вклучувајќи и пензионирани војници. Антиох стекнал важност кога станал главен град на Селеудското Царство под владеење на Антиох I. Птоломејците го анексирале Антиох, за еден краток период, но тоа било под владеењето на Антиох IV кога градот повторно се развил и се проширил. Од 175 година пред Христа па наваму, неговата раскошност почнала да и конкурира на онаа на Александрија.

Античките Македонци од овој период, особено оние кои живееле во дијаспората, биле космополитски народ и слободно патувале низ целиот нивен свет, од град во град, за да се борат за својот крал, да бараат работа или да се збогатат од трговија. Не им било под честа да разменуваат идеи и своите вештини, обичаи и знаење да им го пренесуваат на другите култури. Македонските научници, архитекти, инженери, уметници, занаетчии и лекари патувале со македонските војски секаде каде што оделе и, без сомение, оставиле свои траги.

Во врска со образованието, во тие денови, немало јавни институции да им служат на потребите на широките народни маси. Образованието било стриктно приватна работа, спроведувано од страна на професионални тутори и на располагање само на оние кои можеле да се го дозволат тоа. Театарот и игрите, исто така, биле во приватна сопственост и ограничени само на клубските членови, ретко биле посетувани од странци. Дури необразованите македонски населеници и војници се дружеле само меѓусебе и ретко се социјализирале со оние од другите култури. Народот кој ги напишал натписите во Дура-Еуропос, претходно спомнати, се добар пример за Македонци кои се дружеле само меѓусебено. Речиси по три века живеење во дијаспората, Македонците од Дура-Еуропос не го заборавиле и се уште го користеле својот мајчин македонски јазик.

Ако имало некакво ширење на македонскиот јазик и култура во пост-Александровата ера, тоа било во македонската дијаспора во Азија и Египет. Како што претходно е спомнато, Македонците често опатувале помеѓу Европа, Азија и Египет. Со себе, носеле вести, озборувања,

уметност, музика, пронајдоци, итн., кои единствено ги привлекувало и имало смисла за другите Македонци.

Се вели дека голем број македонски населеници од Мала Азија до Индија, кои на почетокот биле донесени за да и служат на војската, со време станале богати земјопоседници и изградиле куќи и вили во македонски стил, украсувајќи ги со сите видови македонска уметност. Многу од овие земјопоседници и нивните семејства останале таму и ги практикувале своите обичаи и култури со години, по пропаста на македонските кралства. Пример за ова е античката населба Аи Канум /Ai Khanum/ во северен Авганистан. Таму, францускиот археолог Пол Бернард /Paul Bernard/ и неговиот тим пронашле мавзолеј од таканаречен "хеленистички тип" и една вила украсена со прекрасна фонтана која имала изрезбани одводни олуци и млазници за течење на водата во форма на лав и глави од делфин. Уметноста и архитектурата се иденични на оние пронајдени во Македонија. Историјата цитира многу примери каде културата на античките Македонци опстојала со векови, откако Македонија потпаднала под римско владеење.

Што се однесува до литературата, Македонците повеќе биле заинтересирани да учат од оние кои тие ги освоиле, отколку да ги подучуваат освоените. Бидејќи не била заинтересирана да ги учи јазиците на оние кои ги освоиле, македонската елита често нарачувала преводи на нивните дела. Птоломеј Сотер нарачал египетскиот свештеник Мането /Manetho/ да ја напише историјата на Египет на коине јазикот. Слично, Селеук Никатор нарачал свештеникот Берасос /Berassos/ да напише краток приказ на вавилонската мудрост, повторно на коине јазикот.

Во врска со владеењето, на еден монарх кој теоретски бил воин кој победува, кој оддавал почит на вистината и кој бил достапен на своите поданици, му било дозволено да владее со Македонците од матичната Македонија. Ова било точно за Македонија, но не и неопходно за Азија и Египет, земји добиени со копје и контролирани според правото на освојување. Азиските и египетските династии биле под власт на автократски монархии, поддржани од централизирани бирократии. Немало национална база на политичка моќ, односно бастион, ниту локална етничка поддршка. И

азиските и египетските династии ангажирале платени војски за одржување на состојбата status quo. Двете династии увезувале Македонци од Македонија да управуваат со нивните бирократии. Освен тоа, македонската елита го оддржувала своето владеење со сила и бирократија врз локалната работната сила. Круната ги поседувала сите земји, и се во Азија и Египет било правено како поддршка на кралот.

Разликата помеѓу матичната Македонија и другите две македонски царства била таа што матичната Македонија имала национална база на политичка моќ, т.е. бастион и што Македонци владееле со Македонци.

ГЛАВА 11 - ВОЈНАТА СО РИМ, ПАДОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЦАРСТВА

По Втората македонско-римска војна, влијанието и движењата во Европа на Филип V биле редуцирани на матичната Македонија. Рим, се уште плашејќи се од гневот на Македонија, го направил Филип сојузник, игнорирајќи ги барањата на Аетолците за негово отстранување од македонскиот трон. Контролата врз стратешките воени пунктови, како градовите Деметрија, Акрокоринт и Калкис (оковите), била преземена од страна на римски гарнизони. Аетолската и Ахеанската лига, очекувајќи да бидат ослободени, го смениле едниот тиранин за друг и сега се нашле под римска контрола. Пред тоа, тие се жалеле поради тоа што Македонците им ја зеле слободата, но подоцна се жалеле од Римјаните кои не само што им ја одзеле слободата, туку им го украле и материјалното богатство.

Набргу по поразот на Филип, светското внимание почнало да се фокусира врз Антиох III кој тогаш вршел агресивни походи во Мала Азија.

Прв кој реагирал на активностите на Антиох бил Еумен II /Eumenes II/, крал на Пергамон. Еумен бил син на Атал I и наследник на кралството Пергамон. Тој имал право да се жали за многу нешта, бидејќи неговото кралство најмногу страдало во рацете на амбициозниот Антиох. Сит од агресијата на Антиох, Еумен го свртел своето внимание кон Рим и нашол бројни римски уши кои биле волни да ги слушнат неговите поплаки. Антиох, од друга страна, се обидувал да го смири Еумен, нудејќи му ја за жена својата ќерка, но Еумен одбил.

Еумен вредно се трудел да го прикаже Антиох како амбициозен империјалист, опасен не само за неговото кралство, туку и за Рим. Тој дури поттикнал и подучувал други градови во Мала Азија, исто така, да одат во Рим и да се жалат.Неговата поплака, која била со несмалена жестина, конечно се исплатела во 196 година пред Христа, кога Фламинин, преку еден пратеник, му испратил абер на Антиох да ги остави намира автономните градови во Мала

Азија, да остане надвор од Европа и да ги врати градовите на Птоломеј кои биле земени сосила.

Како и Филип V, така и Антиох III не се исплашил од римските закани и му рекол на Фламинин дека Рим нема авторитет да зборува за градовите во Мала Азија. Освен тоа, Антиох ја повторил својата претензија кон Мала Азија според правото на освојување и на поседување. На Римјаните им рекол дека, едноставно, повторно си ги враќа големите имоти на своите предци. Што се однесува до градовите на Птоломеј, Антиох се надоврзал на претстојниот договор со Птоломеј V.

Неспособен да го убеди Антиох на било кој начин, Рим се понудил да дејствува како арбитер помеѓу него и оние кои се жалеле. И таа понуда била одбиена, а Римјаните ги прекинале разговорите и си заминале.

До зимата 195 година пред Христа, римските сенатори повторно станале нервозни. Дознале дека прогонетиот Ханибал од Картагина нашол азил кај Селеукидите во Ефес /Ephesus/ и дека го поттикнувал Антиох да изврши инвазија на Италија. Сенаторите се плашеле дека Антиох планира да изврши инвазија на Европа. За да се заштитат од една таква инвазија, Скипио Африканецот /Scipio Africanus/, еден од главните Римјани, заедно со група сенатори, му препорачал на Сенатот да одобри повторно зацврстување на гарнизоните во Аетолија и Ахеја. Но, Сенатот гласал против барањето и во 194 година пред Христа ја евакуирал целата римска оружена сила, вклучувајќи го и гарнизонот во Акрокоринт.

Фактот што Фламинин ниту организирал некаков вид сојузна одбранбена лига меѓу Аетолците, Ахеанците и Спартанците, ниту договорил некаква римска канцеларија за врска за да надгледува евентуален премин, укажува дека Антиох имал лесна цел за инвазија. Дали ова било сторено итро за да се одврати неговото внимание од Италија? Ќе излезе дека е така. Дури и Филип бил поттикнат да ги гони и следи Аетолците за да поврати дел од земјите што претходно ги имал изгубено. Можеби да го намами Антиох.

Се вели дека за да ја разубави својата победа, кога заминал од Рим, Фламинин зел со себе многу уметнички предмети и големо богатство што ги украл од Аетолците. Исто така, го

земал и Деметриј, еден од синовите на Филип, како свој заложник.

Аетолците, несреќни од искуството со Римјаните, ја прославиле римската евакуација. Но, сосема свесни дека Римјаните наскоро ќе се вратат, тргнале во потрага по нови сојузници. Најистакнати, покрај Спартанците, биле Македонците Филип и Антиох. Филип просто ја одбил понудата на Аетолците, помнејќи дека не така одамна тие повикувале на негово отстранување од македонскиот трон. Спартанците, од друга страна, побрзале да ја прифатат понудата и веднаш презеле напад врз новоавтономните градови во Лаконија. Но, веднаш штом започнале агресиите, Римјаните ги одбиле Спартанците. Самата Спарта била поштедена, бидејќи на Римјаните им требале Спартанците за да одржуваат рамнотежа на моќ на Пелопонез.

По поразот на Спарта, Аетолците му се обратиле на Антиох. За жал, Антиох имал мешани чувства да биде вплеткан во нечија туѓа збрка. Од една страна, бил поттикнуван од Ханибал да ја нападне Италија, а, од друга страна, отворено бил поканет да изврши инвазија на Пелопонез. Соочувајќи се со дилемата, Антиох решил, најпрво, да си ја осигура својата позиција со Рим. Во 193 година пред Христа, направил втор обид за преговори со Фламинин во Рим. Фламинин, дејствувајќи во името на Сенатот, му дал понуда на Антиох која тој не можел да ја одбие. Во замена да се откаже од своите претензии во Тракија и да му овозможи на Рим да дејствува како дипломатски арбитер во Европа, Рим бил подготвен на Антиох да му даде одврзани раце во Мала Азија. Но, бил предупреден дека во случај да одбие, Рим ќе продолжи да бара сојузници во Азија.

Антиох од се срце сакал повторно да ги добие сите законски права на своите предци и решил да не се откажува од Тракија, прекинувајќи ги затоа преговорите. Антиох не сакал да ги налути Римјаните, па си оставил време да реши што да прави.

Во текот на есента во 192 година пред Христа, Антиох ја прифатил поканата на Аетолците и се подготвил да го нападне Пелопонез. Го преминал Егејското Море и се истоварил во пристаништето Деметрија (денешен Волос). Во

меѓувреме, Аетолците ја нападнале Спарта и почнале да ја ограбуваат, што веднаш ја вовлекло Ахеанската лига. Ахеанците ги истерале Аетолците од Спарта и ги охрабриле Спартанците да им се придружат во нивната лига, што тие и го сториле тоа. Како што Ахеанците станувале се посилни, така привлекувале се повеќе и повеќе аетолски сојузници. До есента во 191 година пред Христа речиси сите од Аетолците дезертирале, а Пелопонез бил во ахеански раце.

До времето кога Антиох бил подготвен да го направи својот потег, Аетолците немале сојузници кои би му помогнале. Било предоцна за него да се врати назад и затоа, со не повеќе од десет илјади луѓе и со само шест слона што имал на негово располагање, извршил инвазија на Калкис. За да ја зацврсти својата позиција, се оженил со една млада Халкидијка и ја преименувал во Еубоеја за да ги импресионира Еубоејанците (Euboeans).

На акциите на Антиох се гледало со сомнеж не само во Рим, туку и во Македонија. Неговото присуство во Европа претставувало закана и за Македонија и за Рим, па затоа една мешана македонско-римска вооружена сила била собрана и испратена да го истера. Војските се судриле кај Термопилите и силите на Антиох биле поразени. Но, Римјаните не биле задоволни со тоа што бил истеран од Пелопонез. Тие го сакале него и надвор од Хелеспонт.

Откако им простиле на Аетолците за нивните дела, Римјаните тргнале во прогонство на Антиох. Ова било првпат дотогаш римска оружена сила да премине во Азија, знак за она што допрва ќе се случи. Пред да се изложат на опасност во Азија, Римјаните изградиле сојузи со Родосјаните и Пергамонците и изградиле поморска база во Тенос /Tenos/.

Налутен поради тоа што Пергамон ја променил својата лојалност, Антиох, со своите галатиански (Galatian) наемници, го нападнал и го опседнал. Но, заканата од една мешана римско-родоска воена морнарица пред неговиот праг, била доволна причина тој повторно да размисли и решил да бара мирно решение. Едно мирно решение би било сосема добро за Римјаните и за Родосјаните, но, за жал, Пергамонците сакале освета. Еумен инсистирал да изнуди на своја освета.

Со помош од Ахеанците, била подигната опсадата на Пергамон, а една римско-родоска флота ги нападнала и ги уништила поморските бази на Антиох. Решен да го одржи влијанието на море, Антиох повторно изградил своја флота и повторно бил подготвен за акција. Тој во својата морнарица го регрутирал дури и Ханибал и му ја дал командата врз една од неговите ескадри. Но, повторно бил победен.

Загубите на море како да не биле доволни и Антиох сега се соочувал со закани од копно. Пристигнала вест дека римските легии го поминуваат. Хелеспонт и навлегуваат во Мала Азија. Луциус Скипио /Lucius Scipio/ и неговиот брат Скипио Африканецот ги предводеле римските легии. Браќата Скипио биле потпомогнати од Филип кој им овозможил премин преку Македонија, во замена за поништување на бараното воено обештетување и враќање на неговиот син Деметриј, кој претходно бил задржан како заложник во Рим.

Антиох имал заплашувачка војска од седумдесет и пет илјади војници, додека римските сили броеле не повеќе од триесет илјади војници. Но, селеукидските војници не биле Македонски и Антиох бил сосема свесен за борбениот потенцијал на римските легии. Затоа, наместо да понуди борба, Антиох ги поканил браќата Скипио да преговараат за мир. За да избегне војна, му понудил на Рим да му плати делумно воено обештетување и да врати најголем дел од градовите што ги окупирал во Европа и Мала Азија. Меѓутоа, браќата ја одбиле неговата понуда и му дале противпонуда, барајќи тој целосно да се евакуира од Мала Азија до планинскиот венец Таур и да плати целосно обештетување за походот. Се разбира дека ова го разгневило Антиох кој љубезно ја одбил понудата и, како и Филип пред него, решил дека е подобро да се бори отколку да се предаде.

При крајот на 190 година пред Христа, кај Магнезија-кај-Сипилос /Magnesia-by-Sipylos/ во близина на сливот на реките Фригија и Херма /Phrygios, Hermos/, Антиох, како и многумина негови македонски претходници, во една битка ставил се на коцка. Еден голем јуриш на коњицата бил предводен од неговото десно крило, разбивајќи ги непријателските редови на парчиња. За жал, коњицата не успеала да го прекине прогонот на време за да се врати на бојното поле. Фалангата се борела машки и ги држела

заземените позиции но, наспроти сите напори, без поддршка на коњицата на нејзините крила, таа се распаднала и Римјаните ја докрајчиле. Се вели дека тоа бил најкрвавиот колеж од римскиот пораз кај Канај /Cannae/. Антиох III, најголемиот освојувач по Александар Велики, не бил способен да ги сопре Римјаните. Битката кај Магнезија не само што му донела победа и нови сојузници на Рим, туку таа отворила и нови можности за римски освојувања на исток. Набргу по завршувањето на битката, браќата Скипио тргнале со марш на исток во Сардис /Sardis/ и го зазеле без борба.

Казната на Антиох поради изгубената војна со Римјаните била воено обештетување од петнаесет илјади таленти, најголемата казна евидентирана дотогаш. Од Антиох се очекувало веднаш да плати петстотини таленти, потоа дваесет и петстотини по ратификување на договорот. Потоа, од него се барало да плати дванаесетгодишни рати од по илјада таленти. Освен тоа, му барале да го снабдува Рим со големи количества пченица и да го исплати својот долг кон Еумен од четири илјади сребрени таленти. Како тоа да не било доволно, од Селеукидите се барало да се откажат од сите претензии кон Тракија и да се повлечат од Мала Азија, од планинскиот венец Таур. На Антиох, буквално, му било забрането да влезе во Европа и Мала Азија, но му било дозволено да ги задржи Силиција, Феникија и Коеле-Сирија. Територииите на Мала Азија земени од Селеукидите им биле доделени на римските сојузници, на Родосјаните и Пергаменците. Лиција и голем дел од Карија биле доделени на Родос, додека поголемиот дел од западна Мала Азија, вклучувајќи ги Лидија и Хелеспонтската Фригија /Hellespontine Phrygia/, биле дадени на Пергамон. На останатите градови им била дадена автономност. Но, Римјаните јасно ставиле до знаење дека тој подарок може да биде отповикан по слободно одлучување на Рим, во било кое време.

За да се осигураат дека тој ќе ги исполни своите обврски, Римјаните побарале од Антиох да им даде заложници, вклучувајќи го и неговиот син, идниот Антиох IV. Имало и барање да се предаде Ханибал, но тој бил свесен за римскиот план и избегнал пред да биде фатен.

За да се осигураат дека Антиох нема повторно да води војна, војската морнарицата и слоновите на Антиох биле распуштени, оставајќи му на располагање само десет брода. Освен тоа, на Антиох му било забрането да врши и регрутирање и да води походи на територии под римска контрола.

Откако завршиле со Селеукидите, Римјаните, со помош на Пергаменците, го свртеле своето внимание кон Галатијанците. Во 189 година пред Христа, Скипио бил заменет од Неј Вулсо /Gnaeus Vulso/ кој, заедно со Атал, братот на Еумен, спровел еден успешен и профитабилен поход против Галатијанците од Мала Азија. Кога походот завршил, Римјаните ја напуштиле Азија, оставајќи ги Пергамон и Родос да ја преземат грижата за одржување на мирот. Се воделе преговори за склучување договор со помош на римскиот Сенат и тој бил потпишан во Апамеја во 188 година пред Христа. Договорот, буквално, го отстранил селеукидското владеење во Мала Азија, но остатокот од Селеукидското Царство останал негибнат.

Условите на договорот ги оставиле Селеукидите во голем недостаток од готови пари и со многу големи долгови. Антиох никогаш не изгубил надеж и се чувствувал самоуверен дека сепак ќе успее да си ги поврати изгубените територии, само ако може да ги реши финансиските долгови и обврски. За повторно да си создаде свое богатство и да го исплати обештетувањето, отишол да војува на исток. Пред да замине, го назначил својот син, идниот Селеук IV /Seleucus IV/, за ко-регент. За жал, по некоја случајност, во средината на летото 187 година пред Христа, тој бил убиен. Наскоро по неговата смрт, Селеук IV ја наследил Селеукидската Империја, заедно со целата одговорност за исполнување на условите на договорот од Апамеја.

Смртта на Антиох донела крај на селеукидските амбиции да си го повратат царството на своите предци. Ова било олеснување за Римјаните кои веќе не требало да се плашат од селеукидска експанзија на запад. Смртта на Антиох, исто така, била и олеснување за Еумен и неговите партнери од Родос кои многу страдале од негови раце. Најголемо олеснување, сепак имале Птоломејците од Египет кои повеќе не се плашеле дека ќе го изгубат своето царство.

Откако Антиох веќе не им бил препрека на патот, интересот на Римјаните се свртел кон Македонија. Проблемот започнал кога Филип одбил да си замине од неколку тракиски и тесалиски градови кои Римјаните му ги ветиле на Еумен. Неспособен сам да го истера Филип, Еумен им се пожалил на Римјаните. Рим го испратил Квинтус Метелус /Quintus Metellus/ со едно барање од Сенатот во кое му се наредува на Филип да ги напушти градовите. Тврдоглав, Филип одбил и не само што ги задржил тие градови, туку окупирал и два неутрални града во близина на Пергамон. Бидејќи жалбите против него продолжувале да се натрупуваат, Филип одлучил дека дошло време да стори нешто. Го испратил својот помлад син Деметриј, кој претходно бил римски заложник, назад во Рим за да лобира во негова корист. Деметриј бил многу популарен во Рим и се спријателил со многу важни личности. Со нивна помош се надавал дека ќе го промени впечатокот на Рим за Македонија. За жал, амбасадорот на Еумен, исто така, бил и добар дипломат со исто толку значајни римски пријатели, па станал пречка за Деметриј.

Во пролетта 183 година пред Христа, било испратено уште едно барање и Филип бил протеран од неутралните градови. Но, римското предавство не сопрело со тоа. Набрзо, Деметриј бил испратен дома со дипломатски ловорики и ветувања за македонскиот трон. Тоа било заговор да се создадат проблеми за Филип, што дејствувало како маќија, втурнувајќи го Персеј /Perseus/, полубратот на Деметриј и наследник на македонскиот трон, во една тешка битка на завист. Ривалството помеѓу двајцата браќа продолжило извесно време, додека Персеј не презентирал едно писмо од Рим, можеби фалсификат, со кое се докажувало дека Деметриј имал предавнички амбиции кон тронот. Немајќи друг избор, Филип бил принуден да донесе пресуда против својот сопствен син и целосно да го примени законот. Деметриј бил погубен во 180 година пред Христа. Веднаш по тој чин, Филип открил дека сведоштвото на Персеј било исфабрикувано. Неможејќи да ја прифати трагедијата, Филип умрел од каење. Филип V умрел во 179 година пред Христа, а го наследил неговиот најстар син Персеј.

Персеј не бил популарен крал, особено не кај Римјаните кои откриле дека тој бил одговорен за погубувањето на Деметриј. Персеј, добро знаејќи дека е малку популарен надвор од Македонија, се трудел да ја подобри својата позиција со тоа што склучил сојузи со своите соседи. Прво, се обидел да го убеди римскиот Сенат да го ратификува како крал, со сите привилегии доделени на неговиот татко. Потоа, се оженил со Лаодица, сестрата на Селеук IV, а својата полусестра, пак, ја омажил за Прусиј II /Prusias II/ од Битинија /Bithynia/.

Неговиот обид да формира масовни сојузи со своите соседи, за жал, не ја зголемиле неговата популарност како што очекувал. Сосема спротивно, предизвикал сомнежи кај неговиот непријател Еумен, кој со будно око го набљудувал, известувајќи ги Римјаните за секој негов потег што го интерпретирал како акт против Рим.

Во текот на првите години како крал, Персеј ги зацврстил своите северни граници во обид да ги сопре племенските инвазии, ги амнестирал прогонетите, ги отпишал даноците и ги поништил долговите. Иако ваквите дејства биле голема причина за пораст на ентузијазмот на јавноста внатре во Македонија, тие на Персеј му предизвикале надворешни проблеми. Помеѓу другото, Персеј бил обвинет за проблемите на Аетолија со проримските земјопоседници. Само ова било причина за испраќање уште една римска мисија да врши истрага во врска со него. Мисијата пристигнала во 173 година пред Христа, но наместо да спроведе истрага во врска со него, таа сосема ги игнорирала неговите објаснувања и испратила извештај дека тој се подготвува за војна. Незадоволен од извештајот, Персеј испратил свои македонски пратеници во Рим да го застапуваат неговиот случај, но повторно неговите обиди биле попречени. За да ја засили валидноста на својот извештај, римската мисија го повикала Еумен да сведочи пред една комисија за сослушување во Сенатот. Еумен пристигнал во Рим во 172 година пред Христа, убедувајќи го Сенатот со својата реторика дека Персеј навистина се подготвувал за војна. Оние членови на Сенатот кои присуствувале на сослушувањето биле предиспонирани да му веруваат на Еумен, иако се знаело дека тој ги

преувеличува работите. Македонскиот одговор на обвинувањето бил одбиен и комисијата на Сенатот донела препорака да се оди во војна.

Еумен и сигурно дел од неговите римски следбеници, имале многу проблеми, дури и лажно сведочеле, за да го убедат Сенатот да води војна со Македонија . Персеј можеби не бил светец, но дел од обвинувањата против него биле, во најмала рака, смешни. Во еден случај, тој бил обвинет дека кова заговор да го отруе римскиот Сенат. Во друг случај, Еумен бил речиси убиен од одрон, но и за тоа бил обвинет Персеј како за обид за убиство. Нечуените обвинувања како овие, повеќе зборуваат за карактерот на Римјаните кои повеќе му верувале на Еумен, отколку за карактерот на Персеј и за Македонците. Изледа дека сенаторите му верувале некому бидејќи го познавале, а не им било важно дали тој ја зборува вистината или не. Ова, навистина, била римска правда.

Сенатот решил да му верува на Еумен кој смислено и лажно Македонија ја ставил во опасност. Ниедна друга личност не се трудела толку многу како Еумен да започне војна помеѓу Македонија и Рим. Зошто? Некои велат дека тој се плашел од еден можен сојуз помеѓу Селеукидите и Антигонидите. Еден таков сојуз би бил закана за неговите амбиции да го прошири Пергамон.

Персеј, од самиот почеток напорно се обидувал да остане надвор од проблемите, но Римјаните биле решени да се справат со него на овој или на друг начин. Во 171 година пред Христа, бил избран нов Сенат и на Македонија и била објавена условна војна. Една силна римска експедиција била составена и испратена во Македонија. Римјаните имале големи очекувања дека, соочен со ваква римска сила, Персеј ќе капитулира. Но, Персеј не посакувал војна и тоа многу добро го ставил на знаење преку трите мисии што ги испратил во Рим. Персеј бил спремен да направи концесии, но имало граница на условите што бил спремен да ги прифати. Сенатот, за жал, немал волја за компромис и продолжил да го притиска се повеќе и повеќе.

До средината на 171 година пред Христа, по еден неуспешен обид да се пронајде решение, било јасно дека Персеј немал намера да се откаже. Тоа било токму тогаш

кога Римјаните ја пуштиле својата експедициона сила. Од почетокот било јасно дека Рим ја потценил воената моќ на Македонија. Но, откако го преминале Јадранот, било предоцна и би било понижувачки за нив да се вратат.

По катастрофалната битка кај Киноцефалија, Филип повторно ги издигнал своите вооружени сили и ги пополнил загубите, но Персеј се уште не бил желен да води војна. Од 171 до 168 година пред Христа, тој останал во дефанзива и водел само минорни борби, надевајќи се за цело време дека може да се постигне мирно решение.

Четиригодишната војна (Третата македонска војна) го достигнала својот зенит на 22 јуни 168 година пред Христа, кога Римјаните, групно како едно тело, односно en masse, се упатиле на север и се сретнале со македонската војска кај Пидна во јужна Македонија.

Во стилот на своите претходници, Персеј нападнал прв, со целата сила на македонската фаланга. Таа не била онаа вообичаена фаланга. Оваа била засилена со копја од сите страни, како еж, особено на крилата. "Емилиј Паулус /Aemilius Paullus/, ветеран-командант, после тоа изјавил дека оваа предност била нешто највџашувачко што тој било кога видел." (Стр. 430, Питер Грин, Александар до Актиум, Историската еволуција на еленистичкото доба).

Македонците сториле се најдобро што можеле и се бореле храбро до последниот војник, но дисциплинираната римска воена машина, со нејзиниот борбен стил, уште еднаш покажала дека е супериорна и битката била изгубена. Тоа било крај за Македонија и за нејзината независност. Персеј бил однесен во Рим како заробеник, или како што вели Питер Грин, "да го разубави богатството од скапи победи на Паулус". Македонската монархија била укината, а Македонија била демилитаризирана и поделена на кантони, за никогаш повеќе да не биде способна да дава отпор. Како дополнително осигурување за нејзината пасивност, македонските водачи биле приведени и однесени во Рим.

Вистинскиот ужас од македонскиот пораз не била битката кај Пидна, туку она што римската војска го сорила потоа. Пред да замине од Македонија, римската војска била како куче пуштено од синџир и се настрвила на цивилното население, имајќи дозвола неконтролирано да пљачкосува,

ограбува и силува. Се вели дека немерливо количество богатство, вклучувајќи злато, накит и уметнички предмети, биле однесени во Рим. Голем дел од населението бил земен со цел да станат робови. Биле воведени строги рестрикции врз трговската стока, вклучувајќи дрвна граѓа, а поголемиот дел од државните даноци биле пренасочени кон Рим. Според Ливиј, Македонија била поделена на четири региони, секој со свој римски конзул и била принудена на Рим да му плаќа половина од данокот. Во подруг случај, тој данок би му бил исплаќан на македонскиот крал. Како тоа да не било доволно, па Паулус им позајмил на Аетолците петстотини војници така што тие, исто така, можеле на свој личен начин да им се одмаздуваат на Македонците. Она што се случило потоа е трагедија од големи размери, која ниту старите автори не се осмелиле да ја опишат. Римјаните, навистина, докажале дека се безмилосни, "вистински варвари" што всушност и биле, но ова било само почеток.

Атина учествувала во антимакедонскиот поход снабдувајќи ги Римјаните со житарици и борејќи се на страната на Римјаните кај Пидна. До крајот Атињаните останале антимакедонци.

Откако ја покориле Македонија, Римјаните се заинтересирале за Азија. По смртта на Антиох III, Птоломејците повторно го воспоставиле правото и законот во Египет и успеале да ја стабилизираат Коеле-Сирија. За жал, по една долга борба за да ги скрши последните бунтовници во делтата на реката Нил, Птоломеј V умрел во 181 година пред Христа, на возраст од дваесет и осум години. Ја оставил Клеопатра I, ќерката на Антиох, како регент за нивниот млад син, но таа, исто така, предвреме умрела, во 176 година пред Христа, оставајќи го Птоломеј VI Филометор во старателство на туѓинци.

Во Азија, во меѓувреме, Селеук IV бил убиен во атентат, во 176 година пред Христа, извршен од страна на еден негов министер, а бил наследен од Антиох IV Епифан. За разлика од Селеук IV, Антиох бил заинтересиран да го стабилизира своето кралство и си го сакал назад богатиот, плоден регион на Коеле-Сирија. Избила друга конфронтација (Шеста сириска војна) и траела од 171 до 168 година пред Христа. Птоломеј VI немал повеќе од шеснаесет години кога

избувнала војната и се уште бил под влијание на советите од туѓинците кои го поттикнувале да продолжи да се бори. Додека Рим бил зафатен војувајќи со Македонија, Антиох ги нападнал египетските експедициски сили на Птоломеј и, буквално, го освоил цел Египет, со исклучок на Александрија. По овој катастрофален пораз, Птоломеј ги заменил своите советници и заклучил дека е време да преговара со својот чичко. Во текот на преговорите, дел од трупите на Антиох навлегле во Александрија и почнале да ги пљачкосуваат храмовите. Овие настани поттикнале востание и жителите на Александрија заклучиле дека е време Птоломеј VI да си замине. По неговото прогонство, тие го прогласиле неговиот помлад брат Птоломеј VIII Евергет /Ptolemy VIII Euergetes/ за заеднички владетел со неговата сестра Клеопатра II. Вознемирен од целиот инцидент, Антиох се обидел да ја опсади Александрија, но не успеал и во 169 година пред Христа, се повлекол, оставајќи ги двајцата ривали сами да се борат до крај. Наместо да се борат, полубратот и полусестрата ги надминале разликите и ги здружиле своите сили против него. До 168 година пред Христа, Антиох се вратил, овојпат со својата флота. Нападнал и го поразил Кипар, упориште на Птоломејците.

Илузиите на Антиох за моќ и величие се распрснале кога стигнала официјална наредба од Рим со која му се наложува да си замине од Египет и да го напушти Кипар. Римскиот пратеник Попилиј Ленас /Popillius Laenas/ се сретнал со него во Александрија и му ја прочитал официјалната порака. Кога Антиох побарал време да размисли и да ја разгледа наредбата, Ленас го притиснал веднаш да даде одговор – да или не. Македонскиот крал ја "проголтал" својата гордост, му се поклонил на арогантниот Римјани и одговорил потврдно. Потоа ги предал своите нови големи поседи и заминал дома.

Иако бил понижен, Антиох ја ставил настрана својата гордост и испратил пратеник во Рим, изјавувајќи дека повеќе се претпочитал мир со римскиот народ, отколку било каква победа врз Египет. Во меѓувреме, наспроти римската забрана, Антиох почнал повторно да ги изградува своите вооружени сили. Додал еден корпус слонови на својата веќе се поголема војска од педесет илјади војници. Кога една

римска комисија се појавила на неговиот праг да спроведе истрага за неговите активности, се осигурал сите тие да бидат добро нагостени и ги разуверувал дека војската се подготвува за поход на исток. Антиох дури отишол и подалеку од вообичаеното за да ги ублажи сите римски стравувања, а изгледа дека тоа и успеало. Рестрикциите врз изградбата на неговите вооружени сили биле игнорирани, па на Антиох му било дозволено да функционира без да биде ослабен.

Со години источните сатрапи биле оставени без никаков надзор и работите почнале да се влошуваат. Имало и побуна на Евреите во Ерусалим, која станувала се поголема, за што требало да се поведе сметка.

Во 165 година пред Христа, Антиох бил спремен за неговиот поход на исток, но, најпрво, морал да се справи со Евреите во Ерусалим. Во негово отсуство, го оставил својот деветгодишен син и именуван наследник, идниот Антиох V, во старателство на неговиот главен министер Лисиј /Lysias/. За жал, пред да биде во состојба да го заврши својот поход на исток, се разболел и умрел. Тоа се случило во почетокот на својата четврта деценија, во Персија, во 164 година пред Христа, на пат за Ерусалим.

На смртната постела, Антиох го поништил указот за прогонување на Евреите и го испратил Филип, еден од неговите воени команданти на кого му верувал, со наредба да го замени Лисиј како главен министер и да го преземе старателството на неговиот син. Лисиј, многу свесен за својата тешка ситуација, наместо да однесе победа, склучил мир со Евреите (со одобрение на сенатот), овозможувајќи им го првиот чекор кон независност.

Лисиј не сакал да се откаже од својата функција главен министер и сторил се што можел да избегне да биде сменет. Тој дури му помогнал на Деметриј, синот на убиениот Селеук IV, да положи право на селеукидскиот трон. Во тоа време Деметриј бил заложник на Рим. Деметриј имал дваесет и четири години кога открил дека неговиот чичко умрел и веднаш одишол во Сенатот да положи право на тронот. За жал, не бил примен и неговото барање било одбиено.

Во меѓувреме, една римска комисија предводена од Неј Октавиј /Gnaeus Octavius/, била испратена кај Антиох за да

ги провери селеукидските воени ресурси и селеукидската поплака за договорот од Апамеја. Комисијата пристигнала во 163 година пред Христа и пронашла голема концентрација на трупи, голема флота и бројни кралски воени слонови. Она што било најфрапантно е што арогантните Римјани самоиницијативно, без дозвола од Сенатот или од македонскиот крал, презеле одговорност да ја запалат флотата и да ги убијат слоновите. На оваа страотна глетка, еден набљудувач толку многу се вознемирил, што го убил Октавиј.

Незадоволен од службените канали, Деметриј избегал од Рим и веднаш отишол во Антиох каде бил пречекан како легитимен наследник на тронот. Опозицијата брзо испарила, а Лисиј и младиот Антиох V, како и другите претенденти, биле приведени и погубени.

Веста за пристигнувањето на Деметриј во Антиох била причина Римјаните да испратат уште една мисија. Тибериј Гракус /Tiberius Gracchus/ бил испратен да набљудува и да известува за активностите на Деметриј. Кога пристигнале Римјаните, Деметриј добро ги примил и им понудил целосна соработка. Дури им го предал и убиецот на Октавиј, заедно со една златна круна за да покаже почит. За возврат, добил одличен извештај. Неговата круна била прифатена, а убиецот ослободен, согласувајќи се дека неговите дејства се добро оправдани. Кога извештајот стигнал во Сенатот, Деметриј бил признат за крал, под услов да го задржи своето добро однесување.

Во 161 година пред Христа, Рим склучил договор со Евреите, ефективно признавајќи ја Јудеја како независна држава. За жал, Деметриј не бил задоволен со римската резолуција и вратил така што го задушил еврејското востание. Римјаните не реагирале на акциите на македонскиот крал, бидејќи тие никогаш не се согласиле да ја гарантираат јудејската независност. Толку за договорите со супер-силите!

Оттука па натаму, работите тргнале надолу за Деметриј. Прво, имал проблеми со кападокијанската династија за мешање во нивните внатрешни работи. Тогаш тој жестоко задушил едно востание во Антиох, што го направило многу непопуларен кај својот народ. Се нашол во уште потешка

неволја, во 160 година пред Христа, со Атал II, по смртта на Еумен, кога Атал ставил еден претендент, по име Балас /Balas/, на селеукидскиот трон. Балас, кој тврдел дека е син на Антиох IV, сигурно бил измамник, но бил поддржан од Атал II од Пергамон (наследник на Еумен) кој, како и Еумен, бил многу популарен кај Римјаните. Балас бил испратен во Рим и со помош на Атал бил озаконет како селеукидски крал. По неговото враќање, во 152 година пред Христа, Балас се истоварил во градот Птолемија-Аке /Ptolemais-Ake/ каде го предизвикал Деметриј. Откако добил локална поддршка, го поразил во битката. Деметриј умрел борејќи се, а измамникот Балас ја присвоил неговата круна во 151 година пред Христа.

Една работа е да се има Македонец на селеукидскиот трон, а сосема друга со знаење да се дозволи еден измамник да ја присвои круната, особено ако се знае дека Коеле-Сирија е на коцка, односно во опасност. Птоломејците, дефинитивно, не биле задоволни со ситуацијата и нешто морало да се направи. Војна не доаѓала предвид, па затоа Птоломеј VI смислил еден лукав план. Додека на Балас му нудел мир, со тоа што ќе се оженел со неговата ќерка Клеопатра Теа /Cleopatra Thea/, Птоломеј му понудил на синот на Деметриј, Деметриј II, кој го избегнал масакрот на Балас, помош да се врати и повторно да го положи правото на тронот на својот татко. Со помошта на Птоломеј, младиот Деметриј собрал војска од платеници и се вратил во Сирија. Птоломеј, под изговор дека доаѓа да му помогне на својот зет, се пробил во Палестина и брзал да стигне во Антиох, пред неговите планови да бидат откриени. Балас се обидел да го убие. Откако не успеал, побегнал од Антиох и подоцна, додека се борел во Северна Сирија, бил убиен, Клеопатра, во меѓувреме, направила нејзиниот брак да се прогласи за правно неважечки.

Народот на Антиох, откако ја пренел својата верност од Балас на младиот Деметриј, радосно го поздравил Птоломеј како свој нов селеукидски монарх. Како и неговите претходници пред него, така и Птоломеј имал доволно здрав разум да не ја предизвикува судбината и се повлекол благодарно, дозволувајќи му на Деметриј II да го заземе своето законско место. Но, не било се изгубено. Нудејќи му

на Деметриј да се ожени со неговата ќерка Клеопатра, Птоломеј бил способен да добие сигурна позиција во Коеле-Сирија. За жал, не премногу долго потоа, Птоломеј VI Филометор бил ранет во битка и умрел. Патот сега бил отворен за да се врати неговиот ривал, братот Птоломеј VIII Евергет /Euergetes/.

На ова место сакам да се осврнам на кратко во Египет во 169 бил убиен пред Христа. Како што е претходно спомнатно, ривалските (полу)браќа Птоломеј VI Филометор и Птоломеј VIII Евергет, заедно со нивната сестра Клеопатра II, ги надминале своите разлики, но не за долго. Откако Римјаните му наредиле на Антиох да си замине од Египет, и откако опасноста од инвазија исчезнала, ривалството помеѓу браќата повторно се појавило. Бидејќи не била кадра да избере страна, Клеопатра II се откажала од својата позиција. За целото тоа време, Птоломејците се соочувале и со незадоволството од Египќаните, а помали побуни избувнале насекаде. Бидејќи не биле способни да излезат од ќорсокакот, браќата конечно решиле, со одобрение на Рим, да го поделат Египет на две кралства. Во мај 163 година пред Христа постариот Птоломеј Филометор го земал Египет, а на својот помлад брат Птоломеј Евергет му ја дал западната провинција Сиренајка /Cyrenaica/. Иако и двајцата се согласиле со договорот, Евергет бил сведен на престолонаследник и не бил сосема задоволен со својот дел. Ривалствата продолжиле се до смртта на Филометор во 145 година пред Христа. Додека се уште бил со Сирена, Евергет барал шанса да го поврати целото кралство по смртта на брата си. Пристигнал во Александрија и барал поддршка за преврат, но не успеал во тоа. Клеопатра II, вдовицата на Филометор, заедно со нејзиниот шеснаесетгодишен син, Птоломеј VII Неос Филопатор /Ptolemy VII Neos Philopator/, му се спротивставиле.

Неспособен да добие власт со сила, Евергет се понудил да се ожени со Клеопатра и заеднички да владеат со Египет. Клеопатра се согласила и следела свадба. Во текот на свадбените прослави, Евергет наредил младиот Птоломеј да биде убиен. Откако Птоломеј VII бил елиминиран, немало веќе ниеден законски претендент за тронот, освен Евергет.

Евергет се докажал како ужасен владетел. Една година откако станал крал, самиот се востоличил за фараон во Мемфис. Кога се вратил во Александрија, го прославил своето враќање со групни чистки и прогонства на сите оние кои му се спротивставувале во текот на краткото владеење на Птоломеј VII. Меѓу оние кои биле протерани имало многу учители, научници, уметници и интелектуалци, вклучувајќи го главниот библиотекар и географ. Но, и наспроти неговите брутални методи, успеал да опстане многу години и владеел со Египет со железна тупаница се до 116 година пред Христа.

Во меѓувреме, во Македонија, римското владеење било сурово и се создале многу тензии помеѓу Македонците и нивните нови господари. Економската ситуација била посебно загрижувачка и понекогаш неиздржлива. Сепак, олеснување пристигнало во форма на претендентот по име Андриск /Andriscus/. Тој тврдел дека е Филип VI, син на Персеј со Лаодица, ќерката на Селеук IV која, исто така, била сестра на Деметриј I. Андриск отишол во Рим да го застапува својот случај за Македонците, но Сенатот не бил заинтересиран да го сослуша. Разочаран, Андриск се вратил и побарал помош од македонскиот народ кој му го дал она што му било потребно, вклучувајќи кралски одори, дијадема, признание и трупи. Добил признание од Визанија и трупи од разни тракиски врховни команданти.

Земајќи ги предвид условите во Македонија, повеќе се претпочитало владеење од страна на претендент, отколку да се биде поделен и под владеење од страна на Римјаните. Кога бил спремен, Андриск влегол од Тракија во Македонија и по две битки во 149 година пред Христа, ја земал власта на Македонија. Но, за жал, слободата на Македонија била од краток век. Две римски легии, под водство на Квинт Македоникус /Quintus Macedonicus/, биле испратени и неочекувано ја завршиле кариерата на Андриск кај Пидна, во 148 година пред Христа.

По оваа неуспешна побуна, Македонија сосема ја изгубила својата независност и станала римска провинција. Целосната смрт на Македонија и римската бруталност внеле страв во срцата на водачите на Ахеанската лига. Римските sверства во Македонија ги претвориле Ахеанците од римски сојузници,

во римски непријатели. Во 146 година пред Христа, во еден очајнички последен обид, Ахеанците отпочнале рововска битка против Римјаните, но загубиле. Римската одмазда била решителна и брутална, вклучувајќи пљачкосување, палење, силување и поробување цивилно население. Коринт бил разрушен и останал куп руина се до 44 година пред Христа, кога повторно бил изграден од страна на Цезар.

Во исто време во Египет, жителите на Александрија биле сити од лошото владеење на Птоломеј VIII Евергет и во 132 година пред Христа избувнале немири. Народот на Александрија, потпомогнат од Клеопатра II, која била полна со сомилост за нивната непријатна состојба во која се наоѓале, заедно сакале Евергет да биде истеран. Секојдневното насилство ескалирало и достигнало максимум кога масите, во фрустрирана состојба, ја запалиле кралската палата. Во паника, Евергет и неговото семејство, жената Клеопатра III и децата, побегнале на Кипар, оставајќи ја Клеопатра II како единствен суверен. Според македонскиот закон, Клеопатра, како жена, не можела да владее сама. Единствениот можен маж, за кој таа би се согласила да го замени Евергет бил нејзиниот дванаесетгодишен син Птоломеј Мемфитис, кој во тоа време не бил во Александрија. Во секој случај, Клеопатра наредила Птоломеј да биде прогласен за ко-владетел во отсуство, што, за жал, било грешка. Веднаш штом Евергет го открил тоа, тргнал во потрага по момчето и наредил да го погубат.

Во 130 година пред Христа, Евергет кришум се вратил во Египет и се скрил во Мемфис каде вршел подготовки повторно да се врати на власт. Барал и добил поддршка од противниците на Клеопатра II и се побунил против неа. Додека била под блокада во Александрија, Клеопатра II барала помош од нејзиниот селеукидски зет Деметриј II Никатор.Му го понудила египетскиот трон во замена за негова помош со цел да го срушат нејзиниот брат Евергет. Деметриј прифатил, но се уверил дека Евергет е потежок непријател отколку што очекувал. Додека се борел со Евергет, Деметриј бил повикан да се врати во Сирија за да се справи со повеќе лични прашања. Клеопатра, предвидувајќи ја својата сопствена смрт, решила да ја напушти Александрија и да му се придружи. Без водач,

Александријците пружале отпор и издржале уште една година, но непопустливиот Евергет продолжил да притиска се додека не се вратил повторно на власт, во 126 година пред Христа.

По неговото враќање во Сирија, Деметриј бил нападнат од група бунтовници-олоши, предводени од неговата жена Клеопатра Теа, ќерка на Клеопатра II. Клеопатра Теа, како и нејзината мајка, имале сомилост за несреќата на својот народ и им се придружила за да го истераат Деметриј. Како и Евергет, и Деметриј не бил многу сакан владетел, па на Антиохите им било доста од него.

Неволјата започнала кога Евергет, за да му врати на Деметриј поради неговото мешање во Египет, испратил еден претендент по име Забианс /Zabians/ да го предизвика за неговиот трон. Забианс тврдел дека е син на претендентот Балас, спомнат претходно. За разлика од Деметриј, Забианс бил љубезен и дарежлив и многу сакан од Антиохите.

Забианс го предизвикал Деметриј на борба и постигнал голема победа против него. Деметриј побегнал во Птолемаика-Аке но открил дека и таму не е добредојден. Неговата жена одбила да му даде засолниште дури и за таа ноќ, Оттаму, Деметриј побегнал во Тир каде бил фатен и мачен додека не умрел, во 126 година пред Христа.

Во отсуство на Деметриј, Клеопатра II ги расчистила разликите со нејзиниот брат Птоломеј VIII Еуергетс и до 124 година пред Христа, повторно се вратила во Александрија. Откако му се осветил на Деметриј, Евергет ја откажал својата поддршка кон Забианс и ја пренасочил кон својата внука, Клеопатра Теа.

Најстариот син на Теа, кој владеел како Селеук V кратко време, бил убиен, веројатно, од страна на Теа. Во негово отсуство, Теа го назначила нејзиниот шеснаесетгодишен син Антиох VIII Грипос /Grypos/ за нејзин ковладетел. Подоцна, по приближно една година, Грипос се оженил со Клеопатра Трифаена /Cleopatra Tryphaena/, една од ќерките на Евергет, и се грижел Селеудско-птоломејскиот сојуз да биде силен.

Забианс, без поддршката од Евергет, прибегнал кон собирање пари така што ограбувал храмови. Ова, за жал, довело да не биде повеќе омилен и кај неговите следбеници

и пред законот. Во 123 година пред Христа, откако бил гонет од страна на Антиох VIII, Забианс бил фатен и погубен.

Антиох VIII, од друга страна, не се покажал покорен и попустлив како што сакала неговата мајка да биде и затоа во 121 година пред Христа се обидела да го отруе. Но, свесен за нејзините планови, Антиох ја натерал таа да го испие отровот. По нејзината смрт, Антиох станал единствен владетел на Сирија, барем до 114 година пред Христа.

Во Египет, во меѓувреме, лошото владеење на Еуергатес продолжило да предизвикува немири. Соочен со една дилема во 118 година пред Христа, бил присилен да направи отстапки кои требало да ги направи уште многу одамна. Амнестиите биле критикувани, даноците отпишани, службените злоупотреби биле осудени, а казните изречени според законот биле поништени. За жал, дотогаш египетската бирократија била толку корумпирана, што без ефикасно спроведување на законот ниедна од отстапките на вредела колку што вредел пергаментот на кој биле напишани. Како резултат на тоа, состојбата на status quo продолжила до смртта на Евергет, во 116 година пред Христа.

Птоломеј VIII Евергет умрел на шеесет и петгодишна возраст и своето богатство и власт ги оставил на својата млада жена Клеопатра III. Изборот кој од нејзините синови ќе владее, бил исто така оставен на неа. Клеопатра III имала два сина и три ќерки. Нејзиниот најстар син Птоломеј IX Филометор бил роден во 142 година пред Христа и, кога умрел Еуергетс, тој станал гувернер на Кипар. Нејзиниот помлад син, роден во 139 година пред Христа, се викал Птоломеј X Александар, а нејзини ќерки биле Клеопатра IV, Клеопатра Трифаена, спомната претходно, и Клеопатра Селена /Cleopatra Selene/. Тука бил и вонбрачниот син на Евергет од една љубовница, по име Птоломеј Апион, кој во тоа време бил гувернер на Сиренајка.

Клеопатра не го сакала многу својот постар син. Можеби ме можела лесно да манипулира со него како што таа сакала и претпочитала да владее заедно со својот помал син Александар. Но, Александријците повеќе го сакале друштвото на Филометор и не сакале да го поддржат нејзиниот избор, Тврдоглава, Клеопатра ги игнорирала

своите поданици и се обидела по секоја цена да го оствари наименувањето. Но, поради гневот на опозицијата, таа се откажала и морала да се задоволи со Филометор.

Филометор бил донесен во Александрија, а Александар бил испратен на Кипар да го замени него. Незадоволна со нејзината позиција како ко-владетел со Филометор, Клеопатра продолжила да предизвикува тензија и во 115 година пред Христа започнала целосна кампања против него за негово ослабнување. Таа ја раскинала венчавката на Филометор со нејзината сестра Клеопатра IV и го принудила да се ожени со Селена, другата нејзина сестра. Потоа се обидела да го истера од неговиот трон, но не успеала. По растурањето на бракот со Филометор, нејзината ќерка Клеопатра IV побегнала на Кипар и откако собрала војска, го предизвикала Александар по прашањето за неговата позиција. Тоа било смислено со цел да се убеди тој да се ожени со неа, но Александар не бил заинтересиран. Откако не успеала, побегнала во Сирија и откако му ја понудила својата војска како чеиз на Антиох IX Цизикен /Cyzicenus/, син на Антиох Сидетес /Antiochus Sidetes/ и Клеопатра Теа, тој прифатил и се оженил со неа. Незадоволна од тоа да биде само принцеза, Клеопатра IV го наговарала својот маж да го предизвика неговиот роднина Антиох VIII Грипос, спомнат претходно, за селеукидскиот трон. Семејните ривалства избувнале и ескалирале во војна од големи рамери.

Селеукидскиот конфликт ги привлекол Птоломејците и направил мајка да се сврти против син. Филометор испратил шест илјади војници да му помогнат на Цизикен, што ја разбеснило Клеопатра III. За жал, оваа мала препирка меѓу браќата и сестрите завршила катастрофално. Во 112 година пред Христа, Клеопатра IV била фатена и егзекутирана од страна на нејзината сестра Трифаена. Една година подоцна,Трифаена била фатена и била понудена како жртва на осветољубивиот дух на нејзината сестра. На крај, победил Грипос и си го вратил своето кралство, додека Цизикен бил избркан и оставен само со неколку крајбрежни градови во свој посед.

Во меѓуврме, во Египет во 107 година пред Христа, Клеопатра III се обидела да го избрка својот син од неговиот трон. Овојпат таа успеала. Ги убедила своите следбеници во

Александрија дека Филометор се обидува да ја убие и дека таа е во смртна опасност. Александријците брзо се собрале и се втурнале во палатата за да ја спасат. Филометор избегал во паника, оставајќи ја својата втора жена Клеопатра Селена со нејзините два мали сина во палатата.

Заминувањето на Филометор била добра вест на Птоломеј X Александар кој брзо се вратил од Кипар и како крал ја земал палатата. Во меѓувреме, Птоломеј IX Филометор побегнал во Сирија а оттаму повторно се сместил на Кипар.

До 103 година пред Христа, Птоломејското Царство било поделено на три независни кнежества. Клеопатра и Александар владееле со Египет, Филометор владеел со Кипар, а Птоломеј Апион владеел со Сиренајка. Ривалствата помеѓу мајката и синот продолжиле и се прелеале во Сирија, каде Клеопатра III продолжила да го поддржува Грипос, додека Филометор му ја дал својата поддршка на Цизикен.

Интригите на Клеопатра III во странство изгледа не ги задоволиле нејзините апетити за возбуда, па дома се свртила против својот син Александар и направила да биде симнат од тронот. Молејќи ја мајка си за негово враќање, во 101 година пред Христа, под изговор за помирување, Александар насилно влегол во палатата и ја убил. Така, со смртта на Клеопатра III заваршиле братските ривалства помеѓу Александар и Филометор. Тие склучиле мир и го зацврстиле својот сојуз преку оженидбата на Александар со Клеопатра Береница, ќерка на Филометор.

Од друга страна, пак, бидејќи Птоломеј Апион не бил срдечно дочекан од Клеопатра III, останал аутсајдер и на својата смртна постела во 96 година пред Христа ја оставил Сиренајка во наследство на Рим. Исто така, во 196 година пред Христа, во текот на еден преврат поттикнат од неговиот ривал Антиох Цизикен, Антиох VIII Грипос бил убиен од еден негов генерал. Во 95 година пред Христа, Цизикен бил поразен во битка и убиен од Селеук VI Епифан, најстариот син на Грипос. Владеењето на Цизикен му било предадено на неговиот син Антиох Побожниот /Antiochus the Pious/.

Помеѓу 96 и 80 година пред Христа, Птоломејската династија искусила големи промени. Во пролетта 87 година пред Христа, Птоломеј X Александар бил истеран од Египет поради продажба на златниот мртовечки ковчег на

Александар Велики. Подоцна бил убиен во текот на една морска битка во близина на Кипар. Но, пред да умре, тој, исто така, своето кралство му го завештал на Рим.

Смртта на Птоломеј X Александар отворила пат за да се врати неговиот постар брат Птоломеј X Филометор. Но, по неговото враќање, открил дека не е добредојден. Со помош на неговата ќерка Береница (жена на Птоломеј X) успеал повторно да се утврди како ко-владетел на Береница.

Освен Филометор, имало тројца други кои го барале тронот на Птоломејциите, но кога умрел Александар, тие станале заложници на Партијанците /the Parthians/. Митридат VI /Mithridates VI/ од Понд /Pondus/ ги бил фатил во Кос /Cos/, во 88 година пред Христа. Биле испратени таму од нивната баба Клеопатра II поради нивна лична сигурност. Еден од нив, синот на Александар, избегал и му се предал на римскиот проконзул Сула /Sulla/.

Во меѓувреме, во Азија, еден напад на Арменија врз Сирија во 83 година пред Христа ги принудило Селеукидте да побегнат од Антиох. Во нивно отсуство, Антиоханите му го понудиле селеукидскиот трон на Тигран /Tigranes/ од Ерменија. Клеопатра Селена се спротивставила на преземањето од страна на Арменија и пружала отпор од Птоломеја-Аке.

Во 69 година пред Христа, Митридат бил нападнат и поразен од Римјаните и селеукидското владеење било повторно воспоставено, но за кратко време. Антиох XIII Азијатот (син на Клеопатра Селена и Антиох X Евсебес /Antiochus X Eusebes/) станал зависен римски крал.

Од 83 година пред Христа па наваму, селеукидското владеење во Азија никогаш повторно не било целосно воспоставено. Остатоци од поранешното царство постоеле како кралства под различни зависни кралеви, се додека целиот регион не потпаднал под Рим.

Во 81 година пред Христа, Птоломеј IX Филометор умрел на шеесет и двегодишна возраст, не оставајќи машки наследници да го заменат. Имал два сина кои умреле многу млади. Но, тој навистина имал ќерка по име Клеопатра Береница која, накратко, владеела на своја рака.

Немајќи на располагање маж кој би го заменил Филометор, Римјаните го решиле проблемот со поставување

марионетски крал. На Птоломеј XI Александар II, Александровиот син кој претходно му се предал на Сул, според тестаментот на неговиот татко, кој претходно го завештал Египет на Рим, сега му било дадено да владее со Египет. На новиот Птоломеј сега му било дозволено да носи круна и бил присилен да се ожени со Клеопатра Береница како нераздвоен дел од поставувањето на должноста. Несреќен со неговата избрана невеста, неколку недели по женидбата младиот Птоломеј ја убил својата средовечна жена, но за возврат бил линчуван од група македонски Александријци лојални на Береница.

По смртта на Птоломеј XI, единствените живи наследници на птоломејскиот трон биле двајца незаконски сина на Филометор (затворени ци на Партијанците) кои живееле во Сирија. Римјаните, се уште неспремни да го анексираат Египет, побарале од Партијанците да ги ослободат момчињата. По нивното доаѓање, помладиот син бил поставен за гувернер на Кипар, додека постариот бил однесен во Александрија и му била доделена титулата крал. Иако историјата го именувала постариот син како Птоломеј XII Аулет /Auletes/, за неговите александриски поданици тој отсекогаш бил познат како Копилето или Свирач на флаута.

Птоломеј XII бил немилосрден владетел. Единствениот придонес што тој го направил вреден да се спомене е што бил татко на неговата славна ќерка Клеопатра VII. Птоломеј XII владеел невознемируван триесет години, се до 59 година пред Христа, кога бил исфрлен од страна на Александријците затоа што му овозможил на Рим да го анексира Кипар и што волно бил римска марионета. Во негово отсуство, неговата најстара ќерка Береница IV била прогласена за ко-регент со нејзината мајка. Птоломеј XII, исто така, имал и два сина-доенчиња, но биле премногу мали да владеат.

Кога кралицата-мајка умрела во 57 година пред Христа, Береница IV се омажила за Селеук Кибиосакт /Seleucus Kybiosaktes/, за кого се верува дека бил потомок од династијата на Селеукидите. Кога било откриено дека присвојувањето на птоломејскиот трон бил мотивот што бил зад женачката на Кибиосакт со Береница, таа наредила тој да биде задавен. Потоа таа се омажила за Архелај, немакедонец,

кој можеби имал римски корени. Владеењето на Архелај траело се до 55 година пред Христа. Тој бил поразен од прогонетиот Птоломеј XII, со благослов на Помпеј, во обид повторно да претендира за својот трон.

Во текот на неговото враќање во палатата, Птоломеј XII бил придружуван од еден млад римски командант на коњица, по име Марк Антониј, кој бил привлечен од убавината на Клеопатра, четиринаесетгодишната ќерка на Птоломеј. Но, Клеопатра не му обраќала внимание. Како принцеза и иден наследник на птолемејскиот трон, таа целела многу високо, а Антониј се уште не бил таму.

Се уште немајќи интерес да го анексираат Египет, Римјаните му овозможиле на Птоломеј XII да владее се додека не умрел од старост, во 51 година пред Христа. По неговата смрт, кралството останало под заедничка грижа на неговата осумнаесетгодишна ќерка Клеопатра VII и нејзиниот дванаесетгодишен брат Птоломеј XIII.

ГЛАВА 12 - КЛЕОПАТРА VII, ПОСЛЕДНИОТ ОД ГОЛЕМИТЕ АКЕДОНСКИ ВЛАДЕТЕЛИ

Клеопатра VII, една од петте браќа и сестри, е родена во 69 година пред Христа. Откако нејзиниот татко Птоломеј XII Аулет умрел во 51 година пред Христа, таа, заедно со нејзиниот дванаесетгодишен брат Птоломеј XIII, станала ко-регент на Египет. До времето на нејзиното владеење, Птоломејците ги загубиле Кипар, Коеле-Сирија и Сиринајка. Сето она што останало сега било еден осиромашен Египет, економски во беспарица и задушен во својата сопствена бирократија. Нејзините предци и оставиле еден истрошен свет кој страдал од глад и анархија. Но, Клеопатра не била обесхрабрена и сонувала за голема слава која ќе ја надмине онаа на Александар Велики.

Ова е сторија за Клеопатра, последната од македонските монарси, не во холивудска или шекспирова верзија. Римската пропаганда можеби и ја намалила нејзината репутација, Шекспир можеби ја донел во средиштето на вниманието, а Холивуд можеби ја направил славна во целиот свет, но Клеопатра VII ја заслужила нејзината слава со својата брилијантност, снаодливост и решителност. Како што Плутарх вели: “Да се познава Клеопатра е како да си допрен од неодолив шарм. Нејзиниот облик, во спрега со нејзината убедливост и нејзиниот прекрасен стил на однесување – сето тоа произведува мешавина од маѓија. Нејзиниот глас бил како лира...” (Стр. 13-14, Ернл Брадфорд, Клеопатра /Ernle Bradford, Cleopatra/, Hodder and Stroughton Ltd, Лондон 1971).

Вистинската Клеопатра не била ниту извонредна убавица, ниту толку многу уживала во љубовта, како што Холивуд сака да веруваме. Таа била страствена, но никогаш блудна, а повеќе имала изглед на обична жена со карактеристичен долг македонски нос. Убаво изгледала, но не била привлечна. Она што и недостасувало во убавина, таа многукратно го надоместувала со својата интелигенција, снаодливост и шарм.

Клеопатра била брилијантна, решителна, остроумна и добро зборувала девет јазици. Таа, исто така, била

математичар и препредена деловна жена. Се борела за нејзината земја и народ, кој, за возврат, се кренал за неа кога се било изгубено. Таа била харизматична личност, роден водач и многу амбициозен монарх. Овие особини, во подобри услови, ќе ја ставеле во ист ранг како Александар Македонски. Се вели дека Рим се плашел само од двајца, од Ханибал и од Клеопатра. Таа зборувала египетски и од нејзините поданици била третирана како да е жива легенда, дури и откако починала. За нив, таа била нова Изис.

"Клеопатра била кралица. Таа била, како што нејзината куќна помошничка Чармиот /Charmiot/ ги потсетила Римјаните кои провалиле во мавзолејот каде таа лежела мртва, "потомок на толку многу кралеви". Целиот нејзин живот бил посветен на нејзината земја Египет, и на обидите да го зачува неговиот национален суверенитет под владењето на династијата на Птоломејците, на која таа и припаѓала. Таа била седма египетска кралица со тоа име, но низвесно е дали таа воопшто имала египетска крв во своите вени. Таа била Македонка..." (Стр. 11, Ернл Брадфорд, Клеопатра, Hodder and Stroughton Ltd, Лондон 1971).

Владеењето на Клеопатра не можело да дојде во полошо време. Помеѓу 51 и 49 година пред Христа, Египет страдал од суша и глад, а граѓанска војна избувнала во Италија. За да бидат работите полоши, при крајот на летото во 51 година пред Христа, Клеопатра го истерала својот помлад брат како ко-владетел и решила да владее сама. За жал, некои моќни судски функционери во Александрија не се согласиле со нејзините дејства и ја истерале во корист на нејзиниот брат. Лишена од нејзините египетски следбеници, Клеопатра отишла меѓу арапските племиња источно од Пелусиум /Pelusium/ и започнала да собира војска. Речиси во исто време, во 48 година пред Христа, Помпеј бил поразен од Цезар кај Фарсал /Pharsalus/ и тргнал во правец на Александрија. Помпеј бил сојузник и Сенатот назначил старател за младиот Птоломеј XIII, потпирајќи се на Египет за поддршка. Кога бил поразен, веќе не бил високо ценет, а советниците на младиот Птоломеј веќе се загревале за Цезар. Во моментот кога Помпеј стапнал на александрискиот брег (28 септември, 48 година пред Христа), советниците на Птоломеј наредиле да биде убиен, а неговата глава да се

зачува и да биде покажана на Цезар. Иако на Цезар му било мило да го види мртвиот Помпеј, сепак, бил вџашен од глетката и од околностите на неговата смрт.

Победоносниот Цезар влегол во Александрија на 2 октомври, 28 година пред Христа, со приближно три илјади легионери и околу осумстотини коњаници. Бил придружуван од дванаесет лектори (оние кои ги носеле фасцесите, т.е. палки врзани околу една секира), можеби знак на она што допрва ќе се случи. Старателите на Птоломеј можеби биле желни да ја поздравaт римската доминација, но Македонците не биле и веднаш почнале да се бунтуваат. Птоломеј XIII не бил таму во тоа време, туку бил во Пелусиум каде ги бранел своите граници од Клеопатра. Во негово отсуство, Цезар се сместил во кралската палата и почнал да дава наредби како тоа да била негова сопствена палата. Неговите победи против Помпеј мора да направиле тој да има преголема самодоверба и, во спрега со неговата арогантност, го направиле невнимателен. Соочени со прекумерните барања за финансиска помош, која дворот не бил подготвен да ги исполни, старателите на Птоломеј го повикале Птоломеј и неговата војска врзо да се вратат.

Очајна да не биде изоставена од разговорите, Клеопатра, завиткана во килим, се прокриумчарила во палатата покрај непријателските редови. Била испорачана директно на Цезар ноќе, од страна на еден сицилијански трговец.Наредното утро и Птоломеј и Клеопатра биле повикани на сослушување пред Цезар. Откако Цезар ја поминал ноќта со неа, утрото бил пленет и восхитен од нејзиниот шарм, што, всушност, бил и нејзин план од почетокот. Птоломеј, од друга страна, сфаќајќи ја ситуацијата, реагирал така што истрачал од палатата врескајќи дека е предаден од својата сопствена сестра. Потпомогнат од своите советодавни старатели, Птоломеј ја повикал александриската толпа, велејќи дека Цезар планира да ја избере Клеопатра за да ја направи единствен владетел на Египет и марионета на Рим, зборови кои сигурно би ја потпалиле ситуацијата. Но, пред толпата да има можност да реагира, стражата на Цезар го внела Птоломеј назад во палатата, а Цезар лично, излегол и одржал помирувачки говор пред масата. Кога непријатноста завршила, Цезар привремено ги признал и Птоломеј и

Клеопатра за ко-регенти на Египет. Освен тоа, тој ги признал Птоломеј XIV и неговата сестра Арсиноја /Arsinoe/ за заеднички ко-владетели на Кипар, иако Рим го анексирал Кипар десетина години пред тоа. Но, сето тоа не било она како што изгледало на прв поглед.

Штом Цезар ја земал контролата врз ситуацијата, се откажал од најголем дел од она што било договорено. Дури ја држел Арсиноја во палатата, во домашен притвор, и не и дозволувал да замине на Кипар. Во меѓувреме, еден друг римски функционер, Брут од Родос (идниот убиец на Цезар), енергично го експлоатирал Кипар. Бидејќи бил значително притиснат од состојбата, Потин /Pothinus/, еден од старателите на Птоломеј, решил да дејствува. Додека Цезар уживал во раскошните забави на сметка на Александријците, во ноември 48 година пред Христа, Потин повикал дваесет илјади ветерани на Птоломеј XIII од Пелусиум /Pelusium/ и наредил да ја блокираат Александрија. Набрзо избувнала војна (Александриска војна) и Цезар се нашол во една збунувачка и смртоносна ситуација. Во еден миг, морал да бега за да одбегне да биде заробен, а морал и да плива преку еден ендек исполнет со вода и да ја остави својата пурпурна генералска наметка позади.

Во војната поголемиот дел од Александрија бил уништен, вклучувајќи го важното крило на големата Александриска библиотека. Цезар побегнал и се скрил во светилникот Фарос, каде успеал да обезбеди пристап до пристаништето. Арсиноја успеала да избега од палатата и побегнала кај Ахил /Achillas/, еден од старателите на Птоломеј XIII. Македонската војска брзо ја прогласила неа за кралица, акт што многу ја разочарал најзината сестра Клеопатра VII. Борбата продолжила во текот на целата зима, се до февруари 47 година пред Христа кога Цезар успеал да ја прошири својата контрола до островот Фарос и повторно да го освои sиданото пристаниште Хептастадион /Heptastadion/.Тоа отворило пат за да влезе зајакнувањето, кое, според извештаите, било на пат да го спаси Цезар.

За овој предавнички акт, Цезар наредил Потин да биде погубен, а Птоломеј XIII се свртел кон своите непријатели, надевајќи се дека ќе предизвика проблеми во таборот на Арсиноја.

На 26 март, една мешана зајакната оружена сила, предводена од Митридат од Пергамон, пристигнала да го спаси Цезар и неговите опколени легионери. Птоломеј XIII погегнал во обид да се спаси, но бил фатен и удавен во реката Нил. Тоа и отворило врата на Клеопатра VII да се врати и да го заземе своето законско место како единствен владетел на Египет. За да одбегне компликации, таа мудро одбрала да владее заедно со нејзиниот единаесетгодишен брат, Птоломеј XIV. Арсиноја била фатена, обвинета за велепредавство и ставена во притвор.

Откако ја стабилизирал Александрија, Цезар направил нешто неочекувано. Наместо да ја следи вообичаената политика и да го направи Египет да биде провинција на Рим, решил Египет да стане негово лично кралство. Можеби размислувал да започне своја лична династија кога добил син со Клеопатра. Но, ова не можело да биде стриктно идеја на Цезар. Цезаровиот план бил да го наследи Птоломејскиот трон преку неговиот син и да владее со Египет според традицијата на Македонците. Но, планот на Клеопатра бил нешто поинаков. Таа сакала син со Цезар така што, поради неговиот син, тој ќе ја заштител династијата на Клеопатра и ќе го штити Египет од Рим. Имало уште еден дополнителен бонус во тоа што Клеопатриниот син, бидејќи е син на Цезар, ќе има пристал до Рим и, со помош од Клеопатра, може дури да има можност да го наследи Римското Царство. Нема сомнение дека ова бил Клеопатрин план од самиот почеток.

Штом деловните работи во палатата биле заклучени, Цезар и Клеопатра го земала заслуженият одмор пловејќи по реката Нил. Нивниот одмор накратко бил прекинат поради итната работа во Сирија, но Цезар брзо се вратил да биде сведок на раѓањето на својот син. Птоломеј Цезар /Ptolemy Caesar/, познат како Цезарион /Caesarion/, бил роден на 23 јуни, 47 година пред Христа. Една година по раѓањето на својот син, Цезар решил дека е време да се врати во Рим. Во јули 46 година пред Христа, го напуштил Египет сам, додека Клеопатра и Цезарион му се придружиле подоцна. Пристигнувањето на Цезар било убаво прославено во Рим и бил опсипан со почести за неговите успеси во Африка. Еден месец подоцна пристигнале Клеопатра и нејзината придружба. Цезар ги сместил во една од неговите градски

куќи. Со тоа што на Клеопатра и ги дал своите лични простории, сакал да и возврати за гостопримството што тој го добил од неа во Александрија. Но, Римјаните не гледале така на тоа. Цезаровата сомилост за овие варвари ги навредила републиканците кои на нив гледале со одвратност. Непријатноста, за жал, се претворила во озборување кога почнало да се шушка дека Цезар размислува да стане светски император и бог, Александрија да ја направи втор главен град, а Клеопатра, неговата бигамска љубовница, да ја направи кралица-божица, новата Изис.

Многу брзо откако Рим бруел озборувањата, приватните работи биле дадени на знаење во јавноста и исфилтрирани се враќале назад кај Клеопатра. Дури и римските интелектуалци не можеле да се воздржат своите шовинистички чувства да ги држат само за себе. Нејзиното арогантно однесување и бракот со нејзиниот помлад брат воопшто не биле по вкусот на Рим и предизвикувале одвратност кај Римјаните. Згора на се, Цезар подигнал златна статуа на Клеопатра во храмот на Венера Генетрикс и јавно го потврдил татковството на својот син Цаесарион. Неговите дејства воделе кон еден неизбежен заклучок: тој ќе се ожени со таа бедница, вредна за презир. Наспроти римските закони против бигамијата и браковите со странци, Цезар всушност се спремал да се ожени со Клеопатра. Тоа за републиканците било алармантно, но Мартовските иди (15 март) ја распрснале нивната загриженост. Во март 44 година пред Христа, Цезар бил убиен.

Има такви кои мислат дека Цезар, наспроти римското неодобрување, ќе се оженел со Клеопатра да не бил убиен. Ќе ја направел царица на Рим и на медитеранскиот свет и ќе основал една Јулијанско-птоломејска династија. Александрија, а не Рим, ќе бил главниот град на Империјата.

Римјаните можеби ја презирале Клеопатра, но нема сомнение дека Клеопатра оставила траен впечаток врз Цезар штом тој имал син со неа. Тој, исто така, го усвоил египетскиот систем за наводнување, египетскиот соларен календар, па дури и римските јавни библиотеки ги обликувал според александрискиот пример. Клеопатра, меѓу другото, на Цезар му го претставила славниот александриски астроном

Сосиген /Sosigenes/, кој го реформирал римскиот календар кој траел се до шеснаесеттиот век, кога тој повторно бил реформиран од папата Грегори.

Две недели по смртта на Цезар, неговиот тестамент бил прочитан, но во него немало ниту збор за Цезарион или за Клеопатра. Плашејќи се за својот живот, Клеопатра со брзање си заминала од Рим и се вратила во Александрија.

Додека таа била отсутна, животот во Египет се влошил многу повеќе. Проектите за јавните работи биле откажани, а каналите на реката Нил морале да се поправат. Гладот и чумата станувале се почести поради сиромашните жетви и запуштеноста, а социјалните немири биле во пораст.

По нејзиното пристигнување во Александрија, Клеопатра наредила нејзиниот брат Птоломеј XIV да биде убиен, а својот четиригодишен син Цезарион го назначила за свој ко-регент. Напрвила Цезарион да биде признат од Долабела /Dolabella/, поранешниот заменик на Цезар. За неговите услуги, на Долабела му биле дадени Цезаровите четири легии што биле стационирани на Египет. Нема сомнение дека таа била желна да се ослободи од нив и тоа и била прилика да го стори тоа. Долабела и бил благодарен поради тоа што му дала предност во однос на неговите противници во Римската граѓанска војна која беснеела помеѓу цезаровците и републиканците. За жал, легиите на Долабела биле заземени од Касиј /Cassius/, негов непријател, пред тие да имаат шанса да стигнат до него. Не можејќи да го прифати својот неуспех, Долабела извршил самоубиство во 43 година пред Христа.

Додека беснеела Римската граѓанска војна, двете страни барале помош од Клеопатра, но таа продолжувала да се правда под изговор на гладта и чумата. Јасно било дека таа била наклонета кон цезаровците, но не сакала да се обврзе поради стравот да не ја избере губитничката страна. По двете битки кај Филипи во 42 година пред Христа, со смртта на Брут и Касиј, станало јасно кои ќе бидат победниците. Антониј, Октавијан и Лепидус биле мажите кои триумфирале и сега Клеопатра морала да се справува со нив. Набрзо по битката, Октавијан сериозно се разболел и морал да замине за Италија. По Октавијан, било очигледно дека имал само еден избор за Клеопатра, а тоа бил Антониј. Не

било се така добро со Антониј и во 44 година пред Христа, во текот на еден краток период на највисока моќ, Антониј и дал на Арсиноја, амбициозната сестра на Клеопатра, да владее со Кипар. Во 43 година пред Христа, Клеопатра си го вратила Кипар. Очигледно, Антониј и ја дал контролата врз Кипар на Арсиноја за да ја одржи рамнотежата на моќ во регионот, но сега било неизвесно како Антониј ќе реагира на потегот на Клеопатра.

Додека го чекала исходот на Антониј, Клеопатра примила вест дека Цезаровата божественост била прогласена во Рим. На 1 јануари 42 година пред Христа, Цезар бил официјално прогласен за бог, а Октавијан бил прогласен за "Син на божествениот Јулиј". Според поценката на Клеопатра, оваа вест била добра и за неа и за нејзиниот син Цезарион.

Во 41 година пред Христа, Антониј конечно ја повикал Клеопатра да се состане со него во Тарс. Дотогаш, Клеопатра голем дел од времето потрошила учејќи се што можело да се научи за овој човек и била спремна за него. Дури и пред да се сретне со него, Клеопатра дознала за неговите воени вештини, неговата популарност кај трупите, неговите навики за пиење, амбиции, љубовни афери и многу други карактеристики. Таа сакала да го привлече неговото внимание и претставувајќи се во најпрекрасно и величествено светло, успеала да го стори токму тоа. Позлатената крма, пурпурните едра, сребрените весла – сите тие биле предмети на богатство и моќ на една кралица со сина крв и оставиле голем впечаток врз мажот. Какво непријателство и да имал кон неа, тоа веднаш испарило и тој бил пленет и восхитен од нејзината елегантност. Антониј ја поминал зимата во 41-40 година пред Христа во Александрија, живеејќи во луксуз, задоволен што е со Клеопатра. За жал, кружеле озборувања, најверојатно, од страна на републиканските пропагандисти, дека додека живее во нејзината палата, Клеопатра може да добие се што сака од Антониј, вклучувајќи го и погубувањето на нејзината сестра Арсиноја. Арсиноја навистина била погубена од Антониј во 41 година пред Христа, не затоа што Клеопатра го сакала тоа, туку поради тоа што таа ја финансирала републиканската кауза. По караницата со Клеопатра, Арсиноја побегнала во Ефес и својата поддршка ја насочила

кон републиканците. Кога озборувањата би биле вистините за Антониј и Клеопатра, тогаш Антониј сигурно немало да и го одземе Кипар. За кратко време откако таа ја истерала својата сестра, Антониј го отстранил Кипар од контролата на Клеопатра. Вистинската сторија, најверојатно, е дека и Антониј и Клеопатра интимно напредувале во тежнеењето да ги исполнат своите цели.

Антониј заминал од Александрија во почетокот на пролетта, 40 година пред Христа, и четири години не се вратил. Додека Антониј не бил таму, Клеопатра му родила близнаци, син и ќерка. Имало пресврт на работите во домот на Антониј и затоа неговата популарност се намалувала. Неговата врска со втората жена била разнишана, особено откако му родила ќерка, наместо син, што го терало да гледа кон Александрија. Клеопатра , пред се, била богата Птоломејска кралица со сина крв и кралица која му родила син.

Чувствувајќи дека е најдобро за извесно време да го напушти Рим, Антониј добил распоред и заминал на исток. По раѓањето на неговата втора ќерка од страна на Октавија, се одлучил да ја продолжи врската со Клеопатра. Октавија го следела на дел од патот, но се разболела и била вратена назад. Патот сега му бил чист за да ја бара Клеопатра и штом стигнал во Антиох ја повикал. Веројатно имал добро разработен план бидејќи штом ја видел, ја опсипал со подароци вклучувајќи ги: Кипар, Коеле-Сирија, Цилицинскиот брег, Феникија, Јудеа и Арабија. Тоа биле пространи региони богати со дрвена граѓа, зачини и други природни ресурси, идеални за градење бродови и издржување на едно царство. За жал, Римјаните се навредиле од дејствата на Антониј, не само поради тоа што ја презирале Клеопатра, туку и затоа што повеќето од провинциите од кои Антониј се ослободил, дури и не биле под негова власт.

Антониј се подготвувал да исплови во поход против Пратија /Prathia/ и му требале бродови и намирници. Бидејќи неговата популарност слабеела во Рим, не можел целосно да се потпре на Сенатот за поддршка, па затоа и се обратил на Клеопатра. Со тоа што ја обезбедил Клеопатра со земји богати со дрвена граѓа, на Египет му дал материјал потребен за изградба на голема флота. Пред да тргне во поход,

Антониј ги признал своите деца-близнаци и им дал официјални имиња. Машкото било крстено Александар Хелиос, а девојчето Клеопатра Селена. Веднаш штом Антониј заминал, Клеопатра му родила уште едно дете. Но, не било се така добро, бидејќи Партијанците се покажале пожилави непријатели отколку што се очекувало и во 36 година пред Христа, Антониј претрпел понижувачки пораз. Кога ја примила лошата вест, Клеопатра побрзала да го спаси. Ја пресретнала неговата војска во Сирија и им однела храна, облека и многу потребната готовина. По неговиот понижувачки пораз, Антониј не бил расположен да се соочи со Рим и летото во 35 година пред Христа отишол во Египет. Работите тргнале на полошо кога Октавија се обидела да му помогне, но тој ја одбил. Октавија, исто така, се обидела да дојде за да му помогне на Антониј, но тој и наредил да не доаѓа и да не му се приближува. Тоа што била одбиена во корист на Клеопатра, не само што ја налутило Октавија, туку го навредило и нејзиниот брат Октавијан кој станувал се помоќен во Рим. Антониј не направил никаков обид да ги помири разликите со Октавија или со нејзиниот брат Октавијан, кој ја користел секоја можност да го критикува. Решителната разврска била неизбежна.

Не можејќи да седи мирен, Антониј започнал друг, помалку опасен, но профитабилен поход против Ерменците. Враќајќи се богат и победнички, Антониј парадирал низ Александрија како нов Дионис, додека Клеопатра се претставувала како нова Изис. Подоцна, во текот на една друга богата церемонија во големата спортска сала на Александрија, Антониј седнат на тронот со Клеопатра, облечена како Изис, им доделил кралски титули на своите деца. За да владее со новите територии, Цезарион или Птоломеј XV Цезар бил прогласен за крал на кралевите и заеднички владетел на Египет, заедно со својата мајка. Клеопатра била прогласена за кралица на кралевите. Александар Хелиос облечен во македонска кралска одора бил прогласен за голем крал на целото Селеукидско Царство, вклучувајќи ја Партија /Parthia/. Клеопатра Селена, ќерката на Антониј, била поставена за кралица на Сиренајка и на Крит, а најмалиот син Птоломеј Филаделфус /Ptolemy Philadelphus/, на возраст од само две години, облечен, исто

така, во македонски кралски одори, бил прогласен за крал на Сирија и на Мала Азија.

Не е јасно кој бил мотивот за доделувањето на ваквите титули, но дејствата на Антониј ги провоцирале Римјаните да реагираат. Тие не го одобрувале неовластениот напад врз Ерменците и Антониј немал право да раздава римски територии што не биле под негова контрола. Кога Антониј побарал одобрение од Сенатот за земјите што ги донирал на македонските монарси, бил одбиен. Египет, наспроти својата слаба економска состојба, бил богата земја со големо население и значителни природни ресурси кои можеле да издржуваат една империја. Колку и да звучи апсурдно, со помош од Клеопатра, Антониј можел да размислува повторно да го воскресне Александровото азиско царство. На крајот на краиштата, зарем не постоело пророштво кое претскажувала дека вистинска хармонија помеѓу Исток и Запад може да се постигне под дворасниот Нов поредок на Клеопатра и Антониј? Исто така, постои натпис, како и ковани пари издадени во 34 година пред Христа кои обезбедубаат докази дека навистина имало планови за здружување на кралските куќи на Селеукидите и Птоломејците.

Не е сигурно какви биле неговите вистински планови, но, во 32 година пред Христа, Антониј се развел од Октавија, принудувајќи го Сенатот на тој начин да ја признае Клеопатра за негова жена. Приближно во исто време Антониј исковал нови римски пари со главата на Клеопатра на кои биле испишани зборовите "Кралицата Клеопатра, помлада божица". Новите сребрени динари набрзо се раширile и станале популарни во целиот источен Медитеран. Овие дејствија на Антониј не биле добар знак за Рим и биле интерпретирани како антиримски. Октавијан не губел време и објавил војна, но не на Антониј, туку на Клеопатра. Рим бил убеден дека Клеопатра стоела зад сето ова и дека некако го маѓепсала Антониј да прави она што таа ќе му нареди. Клеопатра била погрешно разбрана и незаслужено наклеветена од римските државници, но и од римските поети. Била нарекувана со секакви имиња во книгите, дури и такви нешта што не можеле да се објават во печат. Но, ниту Антониј не им побегнал на исмејувањата и

обвинувањата на Рим. Најсериозните обвинувања ја вклучувале злоупотребата на легиите, дејствувањето без овластување на Сенатот, раздавањето на римските територии што не му припаѓале итн.

Има такви кои веруваат дека ваквото однесување навестувало ксенофобија, поточно дека некои Римјани се плашеле од Клеопатра и од потенцијалната опасност што таа ја претставувала за Рим. Имало многумина кои верувале дека Клеопатра ќе победи, раѓајќи на тој начин едно ново и универзално царство, кое претставувало и причина зошто Октавијан морал да интервенира пред да стане предоцна.

На 2 септември 31 година пред Христа, во Актиум /Actium/, бродовите на Октавијан, под водство на адмирал Агрипа, ги вовлекле во борба силите на Антониј и ги поразиле. Решен да стави крај на македонското наследство, Октавијан го притиснал до Александрија. Понижен од овој пораз, за неполна година, Антониј си го одзел животот. Клеопатра не можела да поднесе да биде понижена така што ќе ја заробат и влечат низ улиците на Рим како роб, па затоа и таа си го одзела животот.И наредила на нејзината слугинка скришум да внесе змија отровница во една кошара. Во египетската религија се верувало дека смрт од каснување на змија обезбедува бесмртност и на Клеопатра, на некој начин, тоа и донело бесмртност. Освен Александар Велики, исто Македонец може да додадам, никој, се до ден-денес, не ја засенил фасцинантноста на Клеопатра низ вековите.

Цезарион ја немал таа среќа и умрел од морбидна и понижувачка смрт во рацете на неговите касапи. Децата на Клеопатра од Антониј, за изненадување, биле поштедени и усвоени од Октавија, втората жена на Антониј.

Со декларацијата на Октавијан, Птоломејската династија престанала да постои на 29 август, 30 година пред Христа. Римјаните ја ограбиле Александрија, како и секој друг освоен македонски град пред неа, а сите нејзини богатства биле однесени во Рим. Само богатството на Птоломејците кое Клеопатра го акумулирала, било доволно да предизвика заситеност на римскиот пазар што ги намалило каматите на Империјата од 12% на 4%. По битката кај Актиум, сите земји и територии што ги држела Македонија биле анексирани од Рим.

Македонија, во меѓувреме, по последното востание во 142 година пред Христа продолжила да постои како дел на римскиот имот се до античкото време. Во текот на овој петвековен долг период, македонските граници биле менувани неколкупати. Северната граница била најранлива и подложна на упади. Во еден миг, по еден напад против едно варварско племе, северната граница била проширена до Дунав. Во 27 година пред Христа, Август ја прогласил Македонија за сенаторска провинција и значително ја редуцирал нејзината територија. Со време, во текот на деценииите што следеле, Македонија била поделена на територии. По Диоклецијановите реформи, Македонија станала дел од Епархијата на Моисија /Moisia/, а во времето на Константин таа станала дел од Илирската префектура. На крајот од IV век, Македонија била поделена на две провинции: Македонија Прима, со главен град Солун (Салоника) и Македонија Салуторис /Salutoris/. Подоцна, во V и VI век, се појавило друго име: Македонија Секунда со Стоби како нејзин главен град.

Кога Македонија потпаднала под римско владеење, бројот на италијанските колонисти се зголемил и различни варварски племиња навлегле во регионот. Како римска провинција, Македонија била многу експлоатирана, а наелението било ограбувано со големи даноци. Материјалната поддршка на римската администрација, гарнизоните и воените походи паднала врз плеќите на локалното население. Македонија, освен што била поробена, исто така била обврзана да обезбедува голем број војници за римските помошни бригади.

Урбаниот живот во Македонија, во текот на римското владеење, постоел на три различни нивоа: слободните градови, колониите и општините. Меѓу слободните градови спаѓале: Аегеа, Пела, Бероеа, Филипи, Хераклеа, Салоника, Хераклеа Линкестис и Стоби /Aegeae, Pella, Beroea, Phillippi, Heraclea, Salonika, Heraclea Lyncaestis, Stobi/. Во текот на римскиот период и Хераклеа Линкестис и Стоби биле големи важни центри сместени на добропрометни патишта.

Друг важен факт е што најголемите бурни настани во историјата на римскиот период, имале свои одгласи во Македонија. Римските граѓански војни, борбата меѓу Цезар и

Помпеј и војната меѓу Брут и Касиј, се случувале на македонско тло. Слично на тоа, кризите на Римското Царство во III и IV век, колонијалните односи со христијанството и варварските навлегувања, исто така, имале корени во Македонија.

Пред да завршам со античките македонски династии, сакам да се навратам на ерата на Селеукидското Царство и да испитам што се случило со најоддалечените сатрапи. Како што претходно е спомнато, по освојувањето нови земји, Александар III градел градови и ги населувал со иселеници донесени од Македонија. Целта на секој град, краткорочно гледано, била да обезбеди економска поддршка и поддршка на воените потфати на локално ниво. Долгорочно гледано, овие градови ги подмирувале сите воени барања, вклучувајќи обезбедување војници а водење војни. Што се случило со македонските населеници откако пропаднале македонските царства?

Ова е широка тема која треба посебно да биде обработена и нема да биде дел од оваа студија. Но, сепак ќе ги испитам условите на источното Селеукидско Царство откако тоа се отцепило од Селеукидската династија. Како што претходно е спомнато, Александар III изградил бројни градови северно од Хинду Куш во Бактрија и Согдијана, кои по отцепувањето од Селеукидската династија станале јадра на македонската цивилизација која траела доцна во христијанската ера. Спротивно на познатото верување дека Александар имал мало влијание врз животот во Индија, постојат докази кои го сугерираат токму спротивното. На пример, Александар ги отворил каналите на комуникација помеѓу Индија и останатите македонските царства. Освен тоа, во текот на едно ископување во доцните 30-ти години на XX век, францускиот археолог Гршман /Ghrshman/, додека вршел археолошко истражување на локацијата Беграм /Begram/ во Александрија на Кавказ, меѓу другото, открил увезени египетски и сириски предмети. Тука спаѓаат: стакларија, бронзени статуетки, садови и други предмети кои можеле да дојдат единствено од западиот дел на Македонската Империја. Ако старата генерација Македонци се чувствувале самоуверено на копно и освојувале со копје, новата генерација покажала самоувереност на вода и освојвала со

трговија. Птоломејците биле мајстори за трговија и продолжиле да ги истражуваат новите пазари, се додека Римјаните не ги уништиле. Пловеле во Арабиското Море и ги истражувале брегoвите на Индија се до Бенгал, а патувале и до Бурма, Златните Полуострови на Малаја и подалеку од Заливот на Тонкин /the Gulf of Tonkin/ и јужниот брег на Кина. Дури и во текот и по римското време, генерации на исти трговци, под различни знамиња или имиња на друг император, продолжиле да тргуваат со Индијците. Според Страбо /Strabo/, кој го посетил Египет во 24 година пред Христа, кога бил пронајден еден пократок премин, секоја година околу сто и дваесет брода испловувале од Александрија за Индија. Тие доаѓале со нивните убави големи бродови, бранувајќи ги белите пенливи води на Индија, носејќи со себе злато, сребро и бакар, а се враќале со: црн пипер, убави ткаенини, парфеми, темјан, накит, индиго и абонос, слонова коска, тигри, мајмуни, слонови, пауни и зачини од сите видови.

Со тек на време, на овие јавана трговци /Yavana traders/ (бели европски, главно, македонски трговци) им било дозволено да доаѓаат и да си одат слободно. Тие се мешале со високото општество на Индија, носејќи со себе не само производи изработени на Запад, туку носеле и уметност и култура. Дури им било и дозволено да се населат и да колонизираат делови од крајбрежна Индија, со трговски населби кои со време прераснале во многу значајни трговски центри.

Исто така, има докази кои наведуваат на тоа дека дури и Европа тргувала со Индија. Големиот дел од златото што завршило во Индија дошло од римските благајни. Во текот на владеењето на Неро /Nero/, римската економија била толку вознемирена од протокот на златото, така што Плиниј Постариот ја осудил луксузноста на обичаите на богатите луѓе и екстравагантноста на римските жени кои ја донеле империјата во таква финансиска опасност. Не само што Европејците оделе во Индија да си ја бараат среќата, туку и Индијците доаѓале во Европа да си ја бараат нивната среќа. Можно е многу од овие индиски трговци, со време, да останале во крајбрежните земји и никогаш да не се врателе

во нивните дедовски земји. Ова би можело да го објасни присуството на ромското население на Балканот.

Нашироко се верува дека Ромите се мигранти од Индија. “За да започне, Александар отворил еден комуникациски канал помеѓу Индија и хеленските кралства, што нема повторно да биде затворен. По должината на патиштата кои неговите геодези ги премериле, трговци, занаетчин и амбасадори го нашле својот пат од Запад во Индија набргу откако неговиот последен гарнизон заминал, а контактите што тие ги воспоставиле никогаш не прекинале. Големиот трговски пат до Паталипутра останал отворен со сосема кратки интервали оттогаш па до денес.” (Стр. 44, Џорџ Вудкок, Грците во Индија, 1996 /George Woodcock, The Greeks in India, Faber and Faber Ltd, 1996/).

Освен што Индијците ги запознале со техниките на изработување камен и метал, Македонците ги учеле да коваат метални пари и да ги издаваат како стандардна парична мерка за тргување. Употребата на метални пари ја стимулирала трговијата преку премините на Хинду Куш и донела голем просперитет на невознемируваните македонски градови на Бактрија. Многу години овие градови служеле како центри на влијание, и политичко и културно, останувајќи тврдоглаво верни на македонскиот начин на живеење. Еден век подоцна, бидејќи нивното население станувало се побројно, си изградиле војски и почнале да мигрираат јужно преку Хинду Куш и долу накај Пенџаб. Во името на Александар, марширале во неосвоените региони и упаѓале во Индија. Нивната економска, политичка и воена сила им ја дала довербата да се отцепат од Селеукидите, кои ја гледале Бактрија како уште една провинција за пљачкосување и си формирале нивно сопствено кралство. Диодот /Diodotus/, гувернерот на Бактрија, поранешен македонски војник кој немал никакви врски со било која македонска династија, го презел кралството. Диодот и неговиот син, Диодот II, владееле со едно големо кралство кое не само што ги опфаќало античките провинции на Бактрија и Согдијана, туку се протегало од Хинду Куш преку долината Окс до Бокара, Самарканд, на запад до Маргијана, а јужно до пустината Кара Кум, до границите на Партија. Иако недостасуваат сите детали, се вели дека ова кралство,

со мали прекини од страна на Селеукидите, постоело од околу 260 година пред Христа до средината на првиот век по Христа, кога било освоено од страна на номадите во текот на нивните миграции. Сторијата за македонското кралство на Бактрија треба допрва да биде кажана. Освен кованите метални пари и различните религиозни будистички текстови, извршени се премалку ископувања и археолошки работи.

Изолацијата на Бактрија од остатокот на македонското царство ја принудило да се сврти кон исток и да развива трговија со источните народи, вклучувајќи ја Кина. Иако трговијата со Кина се вршела преку препродавачи, предмети изработени од Македонци од легура на природен никел и бакар, биле пронајдени во кинеската провинција Јунан. Никелот им бил непознат на Европејците се до 1751 година по Христа. Македонците од Бактрија го користеле во 200 година пред Христа.

Друга важна личност која е достојна да биде спомната овде, која можеби заслужува да биде проучена во иднина, е Менандер, големиот крал на Индија /Menander/. Менандер, исто така, бил професионален војник, но не од кралска лоза, кој се издигнал и станал праведен крал. Тој е познат по своето правично однесување и третирање на неговите поданици и за воведување на двојазични метални пари. Кралството на Менандер било посебно од она на Бактријците и траело многу години, дури и по неговата смрт. Иако кралството на Менандер било поделено од страна на неговите наследници, тоа останало во македонски раце долго време потоа.

Последниот крал кој владеел со делови од Индија бил Хермеј /Hermaeus/, чие владеење траело се до 40 година пред Христа, околу 10 години по инвазиите на Кушаните и Партијанците. Хермеј пружал отпор се до 30 година пред Христа, кога тој и неговата жена Калиопа биле убиени. По смртта на Хермеј ниту еден крал од неговата раса веќе никогаш не владеел повторно јужно од Хинду Куш. Македонските владетели на Индија можеби престанале да постојат, но македонското население продолжило да живее. Нема докази за било каков општ или локален масакр врз обичниот народ по номадските инвазии кои би наведувале поинаку. Всушност, постојат докази кои навестуваат дека

дури двесте години по смртта на Хермеј, македонските и другите европски раси во Индија останале бројни и формирале заедници кои продолжиле да издаваат ковани пари на нивните јазици. Се проценува дека македонските заедници постоеле се до 200 година по Христа, како самопризнати малцинства во Индија. Процесот на дисперзирање бил долг и бавен и впечатоците врз Индијците биле големи. Репутацијата на овие "сезнајни јавани" долго време останала несмалена. Освен нивната волшебна способност да лекуваат, јаваните биле барани поради нивната инженерска вештина за проектирање воени машини, како и за преработка и обработка на камен, дрво и метал. Побарувачката за вештите македонски мајстори не била ограничена само од страна на Индијците. Дури новодојдените Партијанци ги вработувале за изградба на нивни градежни работи по порачка. Колку и да звучи апсурдно, и кушанските и партиските кралеви зборувале македонски јазик, и имале двојазични ковани пари. Дали е ова поради тоа што тие не можеле да коваат свои пари? Или, пак, поради тоа што македонските ковани пари биле попопуларни кај македонската трговска класа која била најмногубројна? Колку временски долго македонските градови, со нивното големо трговско население, продолжиле со своите традиционални активности во текот на владеењето на Партијанците и Кушаните? Во овој миг тешко е да се процени. Само преку дополнителни археолошки истражувања може да се одговори и на овие прашања.

Најголемото евидентирано постигнување на македонските мајстори било величествената пагода, повеќекатен храм со висина од 638 стапки (194,4 м), која се величи и слави во целиот будистички свет. Во тоа време, пагодата била највисока градба во светот, од својата камена петкатна основа до врвот на нејзиниот железен столб, со нејзините тринаесет позлатени круга кои претставуваат облога врз тринаесетте дрвени редови.

Македонската политичка моќ во Бактрија, исто така се угасила приближно во исто време како и во Индија, што коинцидира со драматичниот крај на македонското владеење во Азија и Африка. Се верува дека распаѓањето на силната македонска заедница во северозападна Индија, во многу се

должи на нејзиниот соуј з со владејачките племенски водачи на Партија. Откако Партијците биле поразени приближно во 150 година пред Христа од страна на Гаутамипутра, андраскиот крал /Gautamiputra, the Andra king/, тие биле протерани, заедно со нивните сојузници. Немајќи друго место каде да одат, голем дел од населението мигрирало во другите делови на земјата. Остатокот од воената класа станале трговци и авантуристи. Дел од овие информации ни доаѓа од написот пронајден на ѕидовите на пештерските храмови на Насик, североисточно од Бомбај. Интересно е да се истакне дека дел од Јаваните, Саките и Партијците /Yavans, Sakas, Parthians/ се повлекле во планините и пустините на Раџастан. Четири века подоцна, Раџпутите се појавиле од овој ист регион и одиграле драматична улога во историјата на Индија. Се верува дека Раџпутите се хибриден народ, (по пат на вкрстување, предци на Јаваните и нивите варварски сојузници.

Траги на наемниците и на општото население кое продрело длабоко во Индија, може да се најдат во најоддалечените места на јужна Индија. Некои, вклучувајќи и жени, биле регрутирани од тамилските раџи. Жените на Јаваните служеле како телохранители внатре во палатите, додека мажите служеле како стража надвор од палатите. Овде сакам да нагласам дека Јаваните од Индија, од кои најголем дел биле потомци на македонски војници и населеници, со време ја прифатиле будистичката религија. Дури и самиот Александар бил заинтригиран од доктрините на будизмот и често поминувал значително долго време дискутирајќи за вредностите и доблестите со голите будистички филозофи. Не поминало долго време откако македонските мајстори ги отвориле нивните први училишта за вајарство во Таксила кога почнале да се појавуваат статуи на Буда во јаванска (македонска) облека. Се верува дека колосалните статуи на Буда, во денешен Авганистан, биле изградени од античките македонски вајари.

Според Хардев Синг /Hardev Singh/, дури и денес може да се најдат траги од античкиот македонски карактер во различни оддалечени места на Индија. Некои се уште упорно се држат до старите традиции и одбиваат да се откажат од нив. Секој може да каже дека тие не се чисти Индијци

поради нивните манири, изрази, начинот на кој пијат вино, пеат песни и жалат по умрените. Хардев верува дека првите Македонци кои станале постојани жители на Индија биле мажите кои ги основале своите населби и се оженеле со локалните жени. Поради мешаните бракови (мајките немакедонки), македонскиот јазик брзо бил заборавен, но македонските ритуали биле извршувани од мажите и затоа биле предавани од генерација на генерација. Некои од овие ритуали се многу необични и немаат сличности со индиските традиции, туку се тесно поврзани со старите Јавани.

Првиот век пред нашата ера донел длабоки промени во политичката структура на власта од северна Индија до Египет. Исто така, донел исчезнување на вековностарите македонски владејачки династии. Крајот на македонското владеење не го олеснил крајот на македонската култура во овие региони. Далеку од тоа. Штом ќе се сместеле, Македонците продолжувале да живеат меѓу домородното население трајно натурализирајќи ги нивните обичаи и култури. Барем во Индија, голем дел од оригиналната политичка и административна структура, воспоставена во текот на античките времиња, била усвоена од страна на Индијците, а дел останала непроменета и до ден-денес. Ако можам, исто така, да додадам, тоа биле првите Македонци, веднаш по времето на Александар, кои на Индијците им го вовеле денешниот календар, вклучувајќи ја и поделбата на неделата на седум дена, една поделба именувана по сонцето, а една по месечината. Македонската цивилизација имала голем углед не само во Азија и Индија, туку и во Рим. Самиот Рим, пак, бил голем приврзаник на македонската уметност, архитектура, вајарството, итн., така што со време, и тој развил македонска култура. Наспроти верувањето нашироко прифатено, македонскиот јазик и култура никогаш не исчезнале во текот на римскиот период. Латинскиот можеби бил официјален јазик на Римската Империја, но македонскиот коине јазик останал меѓународен јазик на трговијата и економијата низ целиот свет. Дури трите евангелија на Матеј, Марко и Лука не биле напишани на латински, туку на медитерански коине јазик. По поделбата на Римското Царство, Источното Царство не ја вратило

употребата на коине јазикот, како што некои сакаат ние да веруваме, туку едноставно, го игнорирал латинскиот.

ГЛАВА 13 - ВОЗДИГНУВАЊЕТО НА ХРИСТИЈАНСТВОТО НОВ ПОЧЕТОК

Потфатите на Александар во Азија и Африка создале трговски патишта и бродски линии, отворајќи свет на нови чуда кои не само што ги искушувале сетилата, туку, исто така, го фасцинирале и умот.

Интелектуалниот мост што ги поврзувал Европа, Азија и Африка довел до појава на новите науки, астрономија и филозофии, ненадминати до ден-денес. Научниците во Индија дебатирале за атомската теорија пред да биде роден било кој атински научник "заслужен" за измислување на предметот на овие дебати. Астрономите во Вавилон не само што поседувале астролошки карти, туку тие знаеле и за орбитите и сферичните форми на нашите планети, вклучувајќи ја и на планетата Земја. Египќаните ја применувале геометријата пресметувајќи ги меѓите на имотите по поплавите на Нил, пред Европејците да имаат била каква претстава за математиката. По освојувањата на Александар, целото тоа знаење станало своина на Македонците кои го централизирале истото во библиотеките на Александрија, Антиох, Солун (Thessalonika), а подоцна и во Цариград (Истанбул), Охрид и Света Гора (Athos).

При истражувањето на огромните простори на Азија, Индија и Египет, Македонците, меѓу другото, откриле нови богови и религии. Откако ги проучиле, не само што го збогатиле своето знанење за боженственото, туку предизвикале и духовна револуција која, со време, се проширила низ целиот свет.

Откако истражиле многу божества и нивните култови, Македонците, почнале да веруваат дека различните имиња на боговите може да се различни аспекти на една божествена сила. Новооткриените божества, по бројни нешта биле многу слични на нивните олимписки богови. На пример, Астарте /Astarte/ и Изис /Isis/ биле многу слични на Афродита и Јупитер, а Ахура /Ahura/ и Баал /Baal/ биле слични на Зевс. Мешањето на различните култури, особено во космополитските центри како Александрија, Антиох и Солун, ја отворило вратата за длабоки филозофски расправи,

поставувајќи прашања за природата, потеклото и целта на различните богови. Поттикнати од револуционерните идеи, почнале да искрснуваат софистицирани теолошки теории кои воделе кон концептот на едно божествено суштество, Бог кој живее во небесата. Очигледно, во универзумот имало доволно докази кои го гарантирале постоењето на едно такво суштество. Во спротивно, како можел универзумот да функционира? Но, имало некои проблеми. Како едно божествено суштество што живее во небесата комуницира со своите поданици на земјата? Еволутивниот ум, напорно мислејќи, успеал да го реши и тој проблем, исто така, предложувајќи го постоењето на втор бог или Синот на Бога, концепт кому поголемиот дел од светот му е претплатен до ден-денес. Синот на Бога ќе биде живиот Бог кој ќе се симне од небесата на земјата за да ја рашири Божјата порака меѓу своите луѓе.

Овде дадов упростено објаснување на сложениот проблем. Мојата намера беше да покажам дека како резултат на македонските освојувања, светот бил изложен на нови и роволуционерни идеи, кои не само што го збогатиле нашето знаење за светот, туку и ги револуционизирале нашите религиозни верувања. Христијанството било родено како директен резултат од македонската интервенција. Античките Македонци во новите светови знаеле многу повеќе за да останат статични и ги отфрлиле нивните олимписки хипотези за една нова реалност. Македонскиот свет созреал и поминал долг пат од деновите на Хомер и митските богови. Со изминувањето на милениумот, дошло времето за нов почеток. Новиот свет надошол со поголема енергија, предизвикувајќи ги старите верувања. Дури и добро востановената еврејска религија, која веќе наложила постоење на едно врховно суштество, била нападната. Токму повторното интерпретирање на еврејската религија го поттикнала христијанското движење кое не само што се одвоило од своите еврејски корени, туку станало поголемо и опфатило најголем дел од светот. Христијанството било нова сила која ќе доминира со светот, родено од потреба поради суровоста на римското владеење, кое ги дотерало потчинетите да живеат во очај. Жените одбивале да раѓаат деца бидејќи знаеле дека нивната иднина е безнадежна.

Животот станал полн со болка, а светот бил исполнет со зло. На крајот од првиот милениум, познатите стари богови не биле ништо повеќе отколку инструменти на суровоста, наменети да им служат на богатите и моќните, а сиромашните да потонат во заборав. Ниедна држава не претрпела поголема суровост во рацете на Римјаните, отколку Македонија. Дали тоа било завист поради македонската ненадмината слава, или тоа бил стравот на Рим од нејзината осветничка природа?

Како што претходно е спомнато, по поразот на Персеј во Пидна во 168 година пред Христа, Македонија била поделена на четири региони и станала римска територија. Токму во тоа време на Македонија и биле ограбени културните богатства, вклучувајќи многу уметнички споменици што се наоѓале во Солун, Пела и други културно богати градови. Македонските богатства биле пренесени во Рим и прикажувани на парадите по улиците на Рим, во текот на победничките славја, како трофеи од римските победи. По 148 година пред Христа четирите региони на Македонија биле повторно соединети, ама станале една римска провинција со Солун како главен град. Она што, исто така, е интересно, е дека и сите градови-држави и јурисдикциите јужно од Македонија, вклучувајќи ги Атина и Спарта, биле анексирани и додадени на оваа голема римска провинција што се викала Македонија. Оваа интеграција траела околу сто и дваесет години, се до 27 година по Христа, кога Август го поделил регионот за да ја формира провинцијата Македонија и провинцијата Акаја /Achaia/. Во текот на тие сто и дваесет години, Солун, а не Атина, бил главниот град на "градот-мајка" на оваа голема провинција што се викала Македонија.

Солун бил најважниот град во Македонија, не само поради неговата просперитетна економија што се должела на неговото прометно пристаниште и поради тоа што се наоѓал во близина на патот Виа Егнациа, туку и поради неговиот голем културен и интелектуален процут. Солун бил индустриски град кој огромно профитирал од неговата поморска трговија и од неговата близина до воениот автопат, Виа Егнациа, кој многу го олеснувал транспортот на стоките со дестинација во Европа. Освен што имал економско и

интелектуално значење, Солун, поради својот sид што го опколувал, бил исто така и воена тврдина. Македонскиот крал Касандер добро ја одбрал неговата местоположба и го утврдил градот од добра причина. Солун безмалку бил единствен град во Македонија кој ги издржал и одбил варварските инвазии во 60-тите и 50-тите година пред Христа. Дури и римските дисиденти, како ораторот Цицеро, побегнале на сигурно во Солун, во текот на помрачните времиња. Солун ги имал елементите на успешен развој и бил предодреден да стане моќен град. Во текот на римската граѓанска војна од 49 до 31 година пред Христа, Македонија се претворила во бојно поле. Во исто време, Солун ја поддржувал царската војска на Антон и Октавијан, свртувајќи ја среќата против републиканците. По победата на Империјата во Филипи во 42 година пред Христа, Македонците од Солун подигнале победнички лак на западната врата на реката Вардар во чест на победниците. Ова демонстрирање на лојалност не само што го спасило Солун, туку им овозможило на неговите граѓани да стекнат слобода, а Солун да стекне статус на слободен град. Во тоа време, еден слободен град уживал специјални привилегии, вклучувајќи го правото да владее сам со себе, да одржува слободни јавни митинзи и сам да се брани. Оваа новопронајдена слобода му овозможила на градот да расте и да се развива, но што е уште поважно, тој привлекол познати научници, писатели, филозофи, поети и учители кои го направиле Солун свој дом и на градот му додале интелектуално богатство. До почетокот на новиот милениум, Солун станал етнички разновиден центар кој почнал да им станува ривал на Александрија и Антиох.

Кога дошло до филозофски дебати за природата на боговите, Солун бил рамен на Александрија и Антиох. Зошто била таа преокупираност со боговите и зошто токму во тоа време?

Имало два фактора кои влијаеле врз креативното размислување во тоа време. Првиот бил софистицирањето на едно интелектуално општество што се развивало и кое со акумулирањето на знаењето созреало и ги надраснало "митските богови" на Хомер. Вториот бил интелектуалната одвратност од подигнувањето на обични личности, дури и

немилосрдни, на ниво на божества. Откако Цезар бил обоготворен, претворањето на императорите во богови станала вообичаена практика, па дури и најсуровите луѓе биле прогласувани за богови. Полоши биле очекувањата дека народи од различна раса, култура, религија и интелект, ќе им оддадат почест на ваквите свирепи луѓе, како да се богови.

Зарем не било доволно време да живеат под нивното сурово владеење, а не и да им се молат за духовен совет и водство? Ова бездушно римско однесување навело многумина да ја стават во прашање својата верба во ваквите лажни богови. Со време, станало се поневеројатно дека еден образован човек ќе го поддржи култот на своите родители, а не, пак, на своите баби и дедовци.

Овде, сакам да напомнам дека, освен некои мистични култови, во Римското Царство не било дозволено практикување на ниедна главна религија, освен јудеизмот.

Во текот на првиот век пред Христа, еврејските ривалски секти, наречени фарисеи, Садукејци и Есенејци /Pharisees, Saddusees, Essenes/ се натпреварувале за вниманието на Евреите. Додека Садукејците стрикно се придржувале на законот од Стариот Завет, Фарисеите биле прогресивни мислители кои произвеле многу интелектуални лидери. Малку се знаело за Есенеите, се до 1947 година, кога бил откриен комплет ракописи во една пештера во близина на Мртвото Море. Новооткриените пергаментски свитоци, што датираат од околу 70 година пред Христа, се записи за неколку стари предхристијански верувања и обичаи кои може да се споредат со оние на раните христијани. Верувањата, како воскреснување, наградување и казнување по смртта, и слично, веќе биле распространети пред раѓањето на Исус. Како што била распространета и претставата за доаѓањето на Месијата за да ја исполни судбината на народот одбран од Бога.

Евреите биле сметани за привилегирани граѓани во предримските македонски кралства и им било загарантирано слободно практикување на нивната вера. Подоцна, Римјаните, заради одржување на мирот, го следеле тој пример и им дозволиле, поради одржување на мирот, да продолжат слободно да ја практикуваат својата вера.

Евреите верувале во монотеизам, во еден единствен Бог, во таков вид Бог за кого филозофите воделе дебати. Евреите, според историските извештаи, биле монотеисти барем два милениума. Тие биле целосно посветени и жестоко се спротивставувале на промена. Се присетуваме на последниот селеукидски крал Антиох Епифан во 168 година пред Христа, кој се обидел да го наметне македонизмот врз Ерусалим, но провоцирал вооружена побуна. Со текот на времето, македонската култура и јазик, сепак се вкорениле и, ако не мнозинството, тогаш многу Евреи го прифатиле македонизмот. По побуната, еврејските кралеви почнале да преземаат двојна улога - и улога на крал и улога на висок свештеник. За жал, како кралеви зависни од странски сили, тие повеќе биле под влијание на политиката, отколку на религијата. Политиката, особено во римскиот период, повеќе се занимавале со интерпретирање на светите писма, отколку на религијата. Ваквите разлики во мислењата за религиозната политика, предизвикале незадоволство меѓу свештенството и избувнале ривалства, кои го разбиле еврејското општество и довеле до непомирливи спорови и расправи.

Рим одбил да биде вплеткан во еврејските работи и и ја поверил Јудеја на провинцијата Сирија, која во тоа време била управувана од гувернер од Антиох. Локалната власт му била доверена на еврејски крал зависен од Рим. Овие кралеви биле избирани од Римјаните поради нивната лојалност кон Рим и поради тоа што се покажале доволно немилосрдни кон својот народ. Еден таков "крал на Евреите", Херод, кој го зграбил јудејскиот трон во 43 година пред Христа, четири години подоцна бил признат и од Рим. Самиот Херод не бил Евреин. Некои веруваат дека бил Македонец или барем полумакедонец. Херод имал добри односи со Рим и на некој начин ова им одело во корист на Евреите. Мирот што Херод го донел во текот на своето владеење им овозможило на Евреите да просперираат. Еврејската дијаспора се зголемила и се формирала во сите големи градови на Римското Царство, вклучувајќи го и Рим. Солун не бил исклучок и таму, исто така, се оформила една еврејска заедница.

Македонската адаптација на Стариот Завет, составена во Александрија, а напишана на коине јазикот, во голема мерка

била користена од страна на еврејските заедници во дијаспората. Новиот состав, за жал, имал експанзионистички и мисионерски вкус што бил сосема туѓ на оригиналниот Завет и претставувал отстапување од традицијата.

На ова место сакам да споменам дека Евреите верувале дека историјата е одраз на активноста на Бог и дека Заветот е запис на историјата. Бог го води човека во неговите дневни активности и затоа историјата е она што прави Бог.

Херодот умрел во 4 година пред Христа и неговото кралство било поделено помеѓу неговите синови Архелај, Херод Филип и Херод Антипус /Archalaus, Herod Philip, Herod Antipus/, како што било завештано во неговиот тестамент. Но, договорот не бил сосема успешен и се распаднал околу 6 година пред Христа. Конфликтот помеѓу различните фракции продолжил да ескалира се до 60 година кога избувнало едно востание од големи размери. Римската интервенција навистина го стопирала екстремното насилство, но не ставила крај на конфликтот кој продолжил да се води и во текот на наредниот век, се додека Римјаните не го срамниле Ерусалим до земја.

Човековата суровост не била единствено римска особина, туку таа била фактор кој ги преокупирал умовите на новиот род филозофи. Многумина сонувале за еден свет во мир и без злоба, и многумина се обиделе да ги спроведат своите соништа во практика, но никој не бил успешен како Исус од Назарет.

Историски, малку се знае за Исус како личност. Повеќето информации за Исус ни доаѓаат од евангелијата на Матеј, Марко и Лука, кои биле напиишани по неговата смрт на медитеранскиот коине јазик. Но, судбината на новата вера била предодредена во записите на Стариот Завет, кои го претскажувале паѓањето на царствата преку посредство на Бог, не на човек. Еден таков “син на човек” ќе дојде од облаците на небото,отелотворувајќи ја апокалиптичната надеж на Евреите, а придружувана со воскреснување на мртвите. Едноставно кажано, ова бил шематскиот план и кодот на инструкциите за моделирање на идната вера.

Важно е да се сфати дека пред времето на Исус, Македонците не биле дел од духовната еволуција, туку биле причина за истата. Со други зборови, тие биле катализаторот

што го забрзал целиот духовен процес и го донел до точка на вриење. “Лајтфут /Lightfoot/ го наоѓа во Александар Велики доказот за големината на чекорот кој Лука овде го бележи во активноста на Павле и дури вели дека “секоја сукцесивна станица на која тој застанал можеби го потсетувала Апостолот на големите услуги што Македонија ги дала како пионер на Евангелието!” (Стр. 199, В. М. Рамсај, Д.С.Л., ЛЛ. Д., Св. Павле, патникот и римскиот граѓанин, /W. M. Ramsay, D.C.L., LL. D., St. Paul the Traveller and the Roman Citizen, Hodder and Stroughton, London, 1894/).

По смртта на Исус, Евреите биле добро воспоставени во сите големи градови на Римската Империја и слободни, барем од Римјаните, да си ја практикуваат својата вера. Преку нивните услуги на Империјата, многу просперирале и им било доделено римско државјанство. Се проценува дека до времето на Исус, околу четири и пол милиони Евреи живееле во дијаспората, во однос на еден милион кои живееле во татковината.

Овде морам да нагласам дека пред христијанството, голем дел од луѓето во дијаспората кои оделе во еврејските синагоги, не биле од еврејски род. Тие не биле целосно Евреи во религиозна смисла, ниту, пак, од нив се очекувало да се покоруваат на сите еврејски закони. Повеќето од нив биле исполнети со стравопочитување кон Бога, кои го прифатиле и обожавале еврејскиот Бог и биле толерирани, и им било дозволено да се мешаат со Евреите. Овие луѓе, од кои многумина биле Македонци и комуницирале со виситнските Евреи на коине јазикот, не се очекувало во целост да станат Евреи, туку биле толерирани и им било дозволено да навлезат во еврејските општествени кругови, и биле претходница на христијанството.

Евреите биле почитувани поради нивниот стабилен семеен живот, поради врските што ги одржувале помеѓу децата и родителите и поради посебната вредност што му ја придавале на човековиот живот. Исто така, тие биле почитувани поради уште нешто што било необично за тоа време. Во текот на периодот на Херодот, главно, во големите градови во дијаспората, тие развиле добро разработени социјални услуги за сиромашните, бедните, болните,

вдовиците, сираците, затворениците и за неизлечиво болните.

Сите овие фактори довеле до развој на првите христијански заедници и биле главна причина за ширењето на христијанството во градовите. Комбинацијата од луѓе што имаат стравопочитување кон Бога, т.е. од длабоко побожни луѓе и од сиромашни, довело до преобратување во јудеизмот од сите раси и класи на луѓе, и образовани и неуки подеднакво.

Јудеизмјот имал потенцијал да стане религија на Римската Империја, но за да стане тоа, тој требал да еволуира и да ги адаптира своите учења и организација на еден туѓ свет. Тој требало да се откаже од идејата дека неговите свештеници се потомци на племињата на Арон, од оние кои одат во храмовите од племето на Леви /Levi/, од кралот и владетелите на племето на Давид, и така натаму и така натаму.

За вистинските еврејски свештеници, наследноста и стриктното почитување на еврејските закони било многу важно. За жал, во дијаспората религиозните правила не биле секогаш почитувни, а наследноста била предмет на нагаѓање, понекогаш и на измама. Ваквото лабово применување на правилата било прифатено со негодување од страна на конзервативните Евреи и секакво преземање на било какво корективно дејство било дочекувано со противење, насилство и раскол. Непомирливите разлики помеѓу старите конзервативни Евреи и новиот вид либерални полуевреи, станувале со поголеми и на крај довеле до појавата на христијанството, една сосема нова религија.

Тоа повторно биле Македонците кои, помеѓу овој нов вид либерални Евреи, први им ја проповедале пораката на Исус на оние кои ги обожавале Митра (Mithra), Астарт и Зевс, како и на другите кои на припаѓале на еврејската вера. Тоа било меѓу Македонците во Антиох, околу 40 година, каде следбениците на Исус за првпат станале познати како христијани.

Во нивното одбивање да дозволат нееврејското христијанство, како што било познато тогаш, да цвета и да се развива, конзервативните Евреи користеле секакви средства, вклучувајќи прогонство на неговите водачи за да го

стопираат неговиот развој. Меѓу суровите прогонувачи кои ги гонеле еврејските христијани бил и Саул /Saul/, од племето на Бенџамин /Benjamin/, роден во Тарс. Саул бил Евреин и римски граѓанин кој тргнал во Дамаск да гони христијани кога му се појавила визија за Христос што му го сменила животот. По тој настан, тој самиот се преобратил во христијанин, го земал името Павле и почнал да ги шири "Добрите вести" на Исус, се до неговата смрт во Рим, во 64 година пред Христа.

Не може да се каже дека Павле го создал нееврејското христијанство, ама тој бил одговорен што на тоа му дал движечка сила. Павле станал важен фактор во ширењето на христијанство, во Македонија кога имал визија за еден човек, Македонец, како упорно го моли "дојди во Македонија и помогни ни". Павле ја протолкувал таа визија како Божја волја да ги однесе "Добрите вести" на Исус во Македонија. "Но, кога тие дојдоа спроти Мисија /My'sia/, тие се обидоа да одат во Битинија /Bythyn'ia/, но духот на Исус не им дозволи; така, поминувајќи покрај Мисија, тие се упатија накај Троја /Tro'as/. И во ноќта на Павле визија му се појави: еден човек од Македонија стоеше пред него, преколнувајќи го и велејќи му, "Дојди во Македонија и помогни ни." И кога ја виде визијата, веднаш побаравме да продолжиме во Македонија, заклучувајќи дека Бог не повикал да им го проповедаме евангелието". (Стр. 1044, Свето писмо, Ревидирана стандардна верзија, /The Holy Bible, Revised Standard Version/, Holman, Philadelphia, 1952).

Некои веруваат дека човекот во визијата на Павле бил апостолот Лука. Лука бил Мадедонец, лекар по занимање, кого Павле за првпат го сретнал во Троас /Troas/. Лука можеби имал некоја врска со Пилипи за Павле да биде пратен таму. Не е познато дали Лука бил христијанин или не пред да го сретне Павле, но сигурно станал христијанин потоа. Лука бил голем писател и составувач на едно од евангелијата.

Било околу 50 година пред Христа, кога Павле за првпат стапнал на европско тло. Тоа се случило во македонските градови Филипи, Солун и Бероеа /Berroea/ каде го проповедал словото на Исус (Acta apos., XVI, id. XVII). Околу 52 и 53 година Павле испратил посланија до народот

на Солун (Epist. Thess); потоа во 57 година се вратил во Македонија да го проследи својот напредок. Во 63 година поторно испратил посланија во Македонија, но овојпат до народот на Филипи (Epist. Philipp).

Но, пред Павле да дојде во Македонија, легендата вели дека Марија, мајката на Исус, била во Македонија. "Блажената Дева ги исклучила сите други жени од Света Гора кога изјавила дека таа е "Нејзина градина", откако била донесена на брегот од бурата во близина на местото на денешниот манастир Успение /Iviron/. (Стр. 41, Васил Богов, "Македонско откровение, Историски документи, карпи и кршевини, современа политичка идеологија" /Macedonian Revelation, Historical Documents Rock and Shatter Modern Political Ideology/, Western Australia, 1998). Светата Планина, или Света Гора како што е позната во Македонија, е најсветото место во Европа и едно од најголемите монашки центри на христијанството.

На почетокот, Павле, во неговите учења, имал несовладливи проблеми, обидувајќи се на македонските слушатели да им ја објасни природата на Исусовите доктрини преку еврејската религија и нејзините закони. Но, користејќи добро сфатени концепти на религијата, кои самите по себе претставувале извесно отстапување од оригиналните библиски текстови, пораката брзо била сфатена. Павле бил креативен и држејќи се за најосновните принципи на Исусовите учења и, одбегнувајќи најголем дел од шестстотини и тринаесетте еврејски заповеди, бил во состојба да ја пренесе неговата порака. Се разбира, ниту еден човек не можел да ги исполни сите шестотини и тринаесет заповеди на еврејскиот закон. Дали тогаш секој е грешник? Во умот на Павле, ова не било она за што бил Исус. Исус бил за слобода и ослободување од правила. Павле ја поврзал слободата со вистината и во барањето на вистината тој го воспоставил правото на размислување. Тој ги прифатил оковите и одговорностите на љубовта, но не и авторитетот на учеността и на традицијата.

Ако не по националност, тогаш според душата, Павле бил вистински Македонец, бидејќи тој проповедал нешто што им е блиско и познато на Македонците. Павле директно му се обраќал на македонскиот народ и тие го разбирале без

преведувачи. Ова значи дека тој знаел македонски доволно добро за да ги занесе слушателите. Првата мисија на Павле во Македонија го однела во Филипи каде сретнал жена по име Лидија, трговец со ткаенини. Лидија била вдовица која продавала сукно и текстил и била редок пример на слободна жена која живеела и работела во Македонија. Извесно време Лидија била изложена на еврејски религиозни практики, кон кои таа се придржувала во една колонија на Евреи кои се населиле во близина на нејзиниот дом во Тиатрија /Thyatira/. Лидија, заедно со нејзиното домаќинство, се верува дека е првата христијанка во Македонија покрстена од Павле. По Филипи, мисионерското патување на Павле го однел во прекрасниот македонски град Солун каде, во 50 година пред Христа, ја основал црквата што подоцна ќе биде позната како "Златна врата", првата христијанска црква во Европа. Според Библијата, Павле, заедно со својот пријател Сила, поминал околу три недели во Солун, во една синагога, водејќи дебати за "Добрите вести" на Исус со солунските Евреи. Но, на негово големо разочарување, не можел да влијае врз нив да ги видат нештата како што ги гледал тој. Убедил неколкумина да му се придружат, но не и мнозинството, па тие станале непријателски расположени кон него. Но, вистинско изненадување било тоа што многу нееврејски Македонци ги прифатиле "Добрите вести" на Исус и го прегрнале христијанството како нивна нова вера.

На ова место морам да напомнам дека процесот на христијанизација и формирањето на христијанската црква не бил толку едноставен. Во централниот и источниот Медитеран, во првиот и вториот век по Христа, имало рој религиозни идеи кои се бореле да се рашират. Пораката на Исус брзо била пропагирана во големи географски подрачја и неговите следбеници биле поделени веднаш на почетокот, според елементите на верата и практикувањето Новата вера можеби имала душа, но и недостасувала организација. Многу христијански цркви никнувале и практикувале еден вид различна христијанска религија. Секоја црква, повеќе или помалку, имала своја "сторија за Исус" базирана врз усмени традиции и врз личните пристрасности на нејзините основачи. Но, навистина ќе помине долго време пред христијанската вера да се интегрира во една единствена

религија и да постигне единство. Во меѓувреме, освен Евреите кои им биле конкуренти, христијаните нашле и еден нов непријател, Римјаните.

Римјание биле толерантни кон сите религии и немале проблем со она во што луѓето верувале. Сепак, имало нели услови. Било задолжително сите народи во Римската Империја да учествуваат во римските религиозни славја, да оддадат должна почит на римскиот император и да вршат редовни жртви како што било барано. За жал, за повеќето посветени монотеистички христијани ова не било можно бидејќи некои римски традиции биле во конфликт со учењата на Исус.

Римјаните не знаеле што да прават со христијаните. Главно, тие биле мирољубив народ, без криминални досиеја. Не сакале ништо од Римјаните, освен да бидат оставени на мира да се молат во мир, а сепак на некој начин биле опасност за Царството. Иако христијаните биле мирољубиви по природа нивниот став кон римските традиции бил директно прекршување на римскиот закон. Освен тоа, ако христијаните не го почитуваат римскиот начин, што би ги спречиле останатите да не го прават истото? Плиниј Помладиот бил тој кој прв дал пример што да се прави со овие непослушни христијани, изрекувајќи им смртна казна само затоа што се христијани. Другите едноставно го следеле неговиот пример. Во текот на судските процеси, на христијаните им била дадена можност да се откажат од својата христијанска вера и да се покорат на римскиот закон. Ако се согласеле, биле ослободувани, но оние кои одбивале биле осудени на грозна смрт.

По смртта на Исус, Римското Царство почнало да се соочува со свои лични проблеми, од кои христијанството бил најмал проблем. Во текот на првиот век по Христа, римското тежнеење кон богатство предизвикало социјални промени во Царството. Римското државјанство веќе не било одредено од националност, туку повеќе од поседување богатство. Не требало веќе некој да биде Италијанец за да стане римски сенатор или да работи во римската администрација, или да стане офицер со висок чин во римските оружени сили. Наредните римски императори се повеќе и повеќе се поврзувале со богатите. Дури и некои од првите римски

императори, коко Трајан и Хадријан, не биле Италијанци, туку Шпанци. Дури и римските војници веќе не биле Румјани. Каде и да имало проблеми во Царството, војската, која требала да се справи со истите, била собирана од локалното население. Самиот Рим се соочувал и со демографски проблеми. Освен богатите, добро стоечките и образованите кои оделе во Рим да живеат на висока нога, римските војници си носеле дома невести од разни места во царството. Како што почнувале да се појавуваат проблеми на периферијата од пространото Царство, така централната контрола станувала се помалку и помалку ефикасна. Вооружените сили понекогаш биле овластени да ги спроведуваат одговорностите на царот, а ако искрснела потреба, војската била овластена да наименува нов царски генерал, практика што ја усвоиле од Македонците. Границите биле долги и тешки за чување, а се протегале од Британија, по должината на Рајна и Дунав, преку Кавказ и Анадолија, по должината на реката Тигар и Сириската Пустина до заливот Акаба и од Египет до Мароко. Дури и пред измунувањето на првиот век по Христа, римските лидери сфатиле дека еден император не може повеќе да владее со така големо царство. За жал, долго време ниеден император не бил подготвен доброволно да се откаже или да го споделе своето владеење со друг император.

Освен промената во демографијата, Италијанците во Рим почнале да стануваат декласирани од новиот вид интелектуалци од средна класа кои ја претпочитале употребата на коине јазикот во однос на латинскиот јазик. Дури и во Рим локалната култура се менувала од конзервативна во интелектуална, па така и Римјаните и странците, вклучувајќи и најголем број императори, ги претпочитале литературните дела напишани на универзалниот романтичен коине јазик, наместо на сувиот и остар латински јазик. Како и францускиот јазик на Европа во XIX век, така и коине јазикот, поттикнат од литературните дела на софистицираните, повторно почнал да доживува препород. Постоела одредена атмосфера во врска со јазикот која давала живот и израз на неговите теми. Коине јазикот бил нашироко користен од страна на интелектуалци и академици низ целото царство, особено во Мала Азија и

Александрија. Коине јазикот бил многу популарен не само кај софистицираните, туку и кај филозофите кои досега се посветиле на дефинирање на новата вера. Пораката на Исус бргу се ширела, освојувајќи ги умовите на новиот тип филозофи, а тие, за возврат, ги запишувале своите искуства не на арамејскиот јазик на Палестина, а ниту ни на латинскиот, туку на интернационалниот коине јазик, јазикот на македонската елита. Како што е поткрепено со доказите во записите најдени во Дура Еуропос, претходно спомнато, Македонците зборувале и на друг јазик, на јазикот кој денес се нарекува македонски. Иако историјата нема име за него, тој често се спомнува како мајчин јазик на кој зборувале македонските војници. Коине јазикот можеби бил јазик на елитата и на институциите, но тој бил бескорисен кога требало словото на Исус да им биде пренесено на необразованите маси кои живееле во пространото Римско Царство. Многу добро е документирано дека, како што христијанството се ширело од градовите во гратчињата и во селата, така многу текстови напишани на коине јазикот морале да се преведат на домородните, автохтони јазици. И додека ниту Македонците пред нив, ниту Римјаните гледале некаква корист од тоа да се школуваат селаните, христијаните тоа го виделе. Ова се случувало со ист интензитет и во Египет и во Македонија. Словото на Исус било добро за сите, вклучувајќи ги и оние кои живееле во селата. Но, како можело тоа слово да им биде соопштено на необразованите маси? Тоа навистина претставувало проблем за христијаните, но, преку пишаниот збор, тие ги превеле библиските текстови на голем број различни јазици и почнале да ги едуцираат масите.

Овде сакам да разјаснам дека коине јазикот бил меѓународен јазик на трговијата, воведен во огромното Македонско Царство од страна на Александар Велики. Ова бил јазикот на едуцираните и на елитата, не на народните маси низ целото Царство. Најголемиот дел од домородните народи од сите делови на Царството, кои земале учество во неговите работи, биле едуцирани на коине јазикот. Но, тоа не ги спречило да зборуваат на својот мајчин јазик. Добро е документирано дека неевропејците во рангот на европската елита, не само што зборувале втор јазик, покрај својот

мајчин, туку биле познати и нарекувани и под друго име, под нивното локално име.

И додека Македонците, а подоцна и Римјаните, немале некаков интерес за локалните прашања, освен собирањето даноци, христијанстовото покажало голем интерес за сите, независно од социјалниот статус. Во очите на Исус сите луѓе биле еднакво создадени, по ликот на Бога. Обичниот народ можел да се идентификува со христијанскиот Бог и тоа им се допаѓало и ги привлекувало. За разлика од ова, бо жествата на римската вера го имитирале "семоќниот" римски император како седи на неговиот трон, многу далеку од обичниот човек.

Преку директното контактирање со домородните народи на Царството, христијаните почнале да ги институционализираат локалните јазици, давајќи им живот преку писмените библиски текстови и преку едуцирање на масите да читаат и пишуваат. За жал, при пресвртницата на новиот милениум, барем во Европа, на располагање имало само три писма, т.е. азбуки, на кои требало да се темели пишаното слово, а тие биле арамејската, коине и латинската азбука. Повеќето локални јазици имале многу повеќе богати звуци отколку што постоечките азбуки можеле да ги примат и искажат, и со време тие требало да се преработат. За Македонците, биле потребни неколку векови за тоа, но на крај едно преработена универзално писмо ќе се појави, и на Македонија ќе и ја врати поранешната интелектуална слава.

Изгледа дека околу IV век пред Христа, во име на прогресот, Македонија се откажала од својата античка мајчина венетска азбука во корист на меѓународниот коине јазик. За жал, полумилениумското запоставување го оставил нејзиниот мајчин говорен јазик без писмо, без пишани букви. Како што видовме, повторно евидентирнао од натписите во Дура Еуропос, Македонците ја користеле и азбуката на коине и на латинскиот јазик, понекогаш во комбинација, за да се изразат на својот мајчин јазик. Тоа можеби било доволно добро за чкртање графити и пишување обични писма, но не и за составување литературни дела.

Со текот на времето, христијанството го вовело Евангелието на секоја етничка група во секој крај на Римското Царство, а со тоа дошол и пишаниот збор,

формулирање, а подоцна и до институционализирање на современите писмени јазици. Македонскиот јазик, кој историјата го нарекува јазикот на кој зборувале војниците на Александар, не бил исклучок. За развојот на современиот македонски јазик ќе дискутираме во повеќе детали во наредните глави.

Има такви кои сметаат дека периодот помеѓу 27 година пред Христа и 180 година по Христа бил период на пропуштена прилика. Тоа повеќе било време на трошење, отколку време на создавање; тоа било ера на архитектура и трговија во која богатите станувале побогати, а сиромашните посиромашни; тоа било ера кога човековата душа и повековиот дух пропаѓале. Имало илјадници убаво изградени градови снабдени со големи аквадукти, меѓусебно поврзани со величествени автопати, а секој од нив опремен со храмови, театри, амфитеатри и пазари. Граѓаните на овие големи градови добро се однесувале и имале префинети манири, што укажува на едно цивилизирано општество. Сето ова, за жал, било постигнато врз плеќите на робовите кои потекнувале од целото пространство на Империјата, вклучувајќи ја и Македонија. Робовите ја обезбедувале работната сила потребна за градење градови, аквадукти, патишта, храмови и театри. Робовите ја обезбедувале работната рака за обработување на земјата и исхрана на масите. Тие, исто така, ги обезбедувале човековите тела кои ја поттикнувале крвавата забава која толку многу го забавувала римското граѓанство. Не се знае колку робови страдале од сурова смрт за да ја цивилизираат славната Римска Империја, гордоста на Западот, но сигурен сум дека бројките се грозни.

Често се поставува прашањето, "Кои биле римските гладијатори, кои биле христијаните со кои лавовите биле хранети и кои биле робовите кои ги дале своите животи да се изгради Римското Царство и да се забавува римскиот граѓанин?" Иако историјата не ни дава одговори, се што треба да направиме е да погледнеме во последиците од римската победа и да ги изброиме оние кои биле поробени.

Македонија била последната нација во Европа која паднала во рацете на Римјаните, но прва која целосно, групно, паднала во римско ропство. Додека средната македонска

класа, меѓу другото, на Римското Царство му обезбедувала просветување, македонскиот роб, меѓу другото, го снабдувал Царството со потребниот труд за изградба на нејзината цивилизација. Иако Македонија, повеќе од било која друга нација во историјата на тоа Царство, најмногу придонела за неговиот развој, современата римска историја ништо не спомнува за Македонците. Македонскиот народ не добил никакво признание за неговиот придонес и за волните и неволни жртви што ги правел за успехот на Римјаните.

Иако е добро познато дека Римското Царство било изградено врз темелот на Македонската Империја на Александар Велики, неговите современи наследници одбиваат на Македонија и на Македонците да им го дадат признанието што тие го заслужуваат. Денешните современи западни историчари со гордост зборуваат за постигнувањата на Римското Царство, заборавајќи дека без македонските придонеси нивното скапоцено Царство би било само празна школка.

Секој историчар знае дека единствениот придонес за кој гломазното Римското Царство треба да добие признание, е градењето патишта, градови и аквадукти. Во однос на државната управа, односно власта, тоа не сторило ништо. Во најдобар случај, тоа имало бирократска администрација која го одржувала мирот, но не успеала да го обезбеди. Еден типичен Римјанин бил премногу зафатен со лов "на богатство", така што заборавил да спроведува било какво слободно размислување и да применува знаење. Имал изобилство книги, но малуброjни биле оние напишани од Римјани. Го почитувал богатството и ја презирал науката. Дозволил богати да владеат и замислувал дека мудрите луѓе може да се купат и за нив да се ценка на пазарот за робови. Не правел напори да учи, да вежба, или обичниот народ да го внесе во било какво свесно учество во својот живот. Од религијата, литературата, науката и образованието направил алатки и ги доверил на грижа на робовите кои биле хранети и со кои се тргувале како со животни. Неговото царство, "било, според тоа, едно колосално неуко и неимагинативно царство. Не предвидело ништо. Немало стратешко предвидување, бидејќи тоа било без сфаќање за географијата и етнологијата." (Стр. 397, Х.Г. Велс, Краток преглед на

историјата, /H.G. Wells, The Outline of History, Garden City Books, New York, 1961). Ова е само мал пример за тоа што еден еминентен западен научник и автор мисли за придонесите на Римското Царство.

Иронично, Римјаните ги нарекуваат цивилизирани, а Македонците варвари, знаејќи со сигурност дека Македонија не вработувала робови, додека Рим го изградил своето царство врз плеќите на робовите.

"Цивилизира: потиснува варварска или примитивна фаза од општеството; просветува, облагородува и образува" (Стр. 127, Оксфордски речник на современиот англиски јазик /The Oxford Dictionary of Current English/, Oxford University Press, 1991). Претпоставувам дека современите историчари од XIX век заборавиле да го консултираат речникот за зборот "цивилизира" кога ја пишувале современата историја на Римското Царство.

Без да навлегуваме во вулгарноста на римските неумерености и колосеумските крвни сладострасти, верувам дека ја изнесов мојата поента дека "Римското Царство не било ниту цивилизирано, ниту, пак, придонело толку многу колку што неговите поборници сакаат ние да веруваме".

Нападите што започнале врз христијанството очигледно не биле ограничени само од Евреите и Римјаните. Како што христијанството почнувало да се развива и да си го пробива патот во Европа, така станало мета за интелектуалците кои го откриле и го идентификувале како непријател.

Софистицираните атински интелектуалци нашле потешкотии да го прифатат христијанството, посебно бидејќи од нив се очекувало да ги напуштат долгочуваните верувања. Додека угнетениот Македонец нашол надеж во христијанството, послободниот Атињанин не бил задоволен да го остави зад себе она што навистина го дефинирало него и неговата култура.

За добро или лошо, Македонија попуштила и го примила христијанството. Меѓутоа, нејзините соседи на југ биле премногу "софистицирани" за оваа современа појава и останале верни на старите верувања.

"Атина во времето на Павле не била веќе онаа Атина на Сократ; но Сократовиот метод имал свои корени во почвата на Атика и во природата на атинскиот народ. Во Атина,

Сократ не може никогаш сосема да умре...” “Во овој центар на светското образование, среде предавалните каде што со векови учеле филозофите дека е чисто празноверие да се направи забуна и идолот да се изедначи со божествената природа која е застапена, идолите веројатно биле помногубројни отколку било каде во искуството на Павле.” (Стр. 238-239, В. М. Рамсеј, Д.Ц.Л. ЛЛ. Д., Св. Павле, патникот и римскиот граѓанин, Hodder and Stroughton, Лондон, 1894).

Мисијата на Павле во Атина не донела преобратени верници. Но, има нешто интересно што произлегло од дискусиите на Павле со Атињаните, што им дава навестување за атинскиот став кон Павле и кон странците генерално. На универзитетот во Атина, одредени фолозофи го вовлекле Павле во дискусија и некои рекле: “Што би рекол овој спермологос [неук плагијатор]? ” (Стр. 241, В. М. Рамсеј, Д.Ц.Л. ЛЛ. Д., Св. Павле, патникот и римскиот граѓанин, Hodder and Stroughton, Лондон, 1894).

“Спермологос” е атински сленг што занчи “безвреден човек од ниска класа и со вулгарни навики, со инсинуација дека тој живее на сметка на другите, како оние озлогласени личности кои се врткаат околу пазарите и кејовите за да земат било што од она што ќе падне од товарите што другите ги носат. Оттука, како термин во социјален сленг, зборот означува апсолутна вулгарност и неспособност да се издигне над најпрезриениот стандард на живот и однесување; тој често се поврзува со ропскиот живот, бидејќи “спермологот” бил близу до типот на робови, но под нивото на слободен човек; а кон тоа се додава и сугестијата за собирање остатоци и смет, а во литературата за плагијаторство, без капацитет да се користи правилно”. (Стр. 242, В. М. Рамсеј, Д.Ц.Л. ЛЛ. Д., Св. Павле, патникот и римскиот граѓанин, Hodder and Stroughton, Лондон, 1894). Дали е ова супериорната раса луѓе на кои нашиот современ свет им ги должи своите темели?

По краткиот престој во Атина, Павле бил избркан. Оттаму, тој отишол на Коринт, а откако поминал извесно време таму, се вратил во Солун.

Христијанството, навидум, се осветувало против вакви интелектуални ставови, со тврдењето дека нивната филозофија нема што да ги учи христијаните, освен на

глупост и неморалност. Иако христијанството почнало да стекнува доверба и да зазема еден порелаксиран став кон овие напади, неговата доктрина се уште отстапувала од нормалната. Гностицизмот особено бил силен во многу подрачја на Царството и, комбинирано со паганските верувања и митови, не само што отстапувал од едноставните учења на Христос, туку, исто така, разбеснел и многу христијански фундаменталисти да заговараат враќање кон "едноставна вера." Гностиците, во нивниот обид да ги "прочистат" учењата на Исус и да ги ослободат од нивните земни врски, инектирале нови идеи во христијанството, од кои најмногу се базирале врз мит и фантазии, а се граничеле со ерес.

Повикот за враќање кон "едноставната вера" полесно бил да се искаже, отколку да се направи. На крај, "едноставната вера", генерално, повторно била воспоставена, но не без помош на еден император.

Почетокот на новиот милениум бил сведок на смртта на Римската Република и раѓањето на царскиот Рим. Императорите од Августијанската лоза можеби донеле мир во Империјата, но заедно со него донеле и занемарување, пад и распаѓање. Како што претходно е напомнато, до 180 година по Христа, имало непогрешливи знаци на распаѓање. Освен земјоделскиот и економскиот пад, Империјата и ги отворила своите врати на анархијата, кога усвоениот систем на избирање на императори бил напуштен во корист на наименување личности.

Првиот император кој прекинал со традицијата бил Маркус Аурелис /Marcus Aurelius/ кој го наименувал својот син Комодус /Commodus/ за свој наследник. За жал, наместо да владее, императорот Комодус поминал дванаесет години (од 180 до 192 година по Христа) пиејќи со гладијаторите, се додека не бил задавен од својот тренер.

По една година граѓанска војна, Септимус Северус /Septimius Severus/, Африканец, се издигнал до врховната власт и во своето осумнаесетгодишно владеење сторил најдобро што можел за да врати мирот и редот. Северус и неговите роднини направиле Империјата да функционира се до 235 година, кога последниот член од тоа семејство бил убиен во атентат.

Наредните педесет години биле исполнети со крвопролевање, лошо владеење и граѓанска војна. Ерозијата на централната власт ги отворила вратите за варварските инвазии. Освен нападите од различни германски племиња и од Франките на запад, посериозен напад дошол од Готите на исток. Готите биле поморски народ кој живеел во јужна Русија и ги контролирал водните патишта од Балтикот, преку Русија до Црното и Каспиското Море.

Неспособни да го издржат нивното напредување, Римјаните ги изгубиле источните морињa, дозволиле Готите да навлезат на егејскиот брег и да напредуваат кон Македонија. Друга група ја преминала реката Дунав, во еден голем копнен напад во 247 година, поразувајќи го и убивајќи го императорот Дециус /Decius/.

Најпосле, Римјаните, навистина, успеале да соберат доволно сила и, во 270 година по Христа, Клаудиј /Claudius/ ги поразил Готите и ги принудил да се повлечат онаму од каде што дошле.

Подалеку на исток, под моќната Сасанидска династија /Sassanid/, Персиското Царство оживеало и тоа, исто така, ги нападнало Римјаните, фаќајќи го римскиот император Валеријан во 260 година. Во 276 година, Готите се вратиле да ги напаѓаат брегoвите на Мала Азија. Потоа, во 284 година Диоклецијан, генерал роден во Илирија, ја зграбил власта во Рим и владеел во наредните дваесет години.

Диоклецијан бил првиот кој ја зграбил можноста и вовел споделено владеење. Империјата претставувала преголема задача за да владее еден човек, па затоа Диоклецијан вовел Одбор на четири императори. Тоа било стара идеја која конечно се реализирала. За жал, оваа идеја функционирала само додека Диоклецијан бил на власт и се распаднала по неговото повлекување во 305 година. За среќа, концептот за споделено владеење опстанал и по другата рунда деструктивни конфликти во 313 година, Константин излегол победник како ко-император со Лициниус /Licinius/.

Еден од главните недостатоци кои довел до пад на Римското Царство била слабата комуникација.Географската местоположба на Рим во однос на неговото Царство не била погодна како за главен град на светот. Секоја наредба или официјален документ морал да патува на север, што

претставувало половина од должината на Италија, пред таа да сврти на исток или на запад. Иако некои поспособни императори основале свои главни штабови во средиштето на нивните активности, ова сепак не го решило комуникацискиот проблем во целост.

Еден од приоритетите на Константин, откако ја зграбил власта, била да најде погодна локација за својот главен град каде што комуникацијата нема да биде проблем. Иако се размислувало за Солун, поради неговата космополитска македонска култура, економија и одбрана, Константин решил да го избере градот Византија. На крајот на краиштата, зарем не била тоа Византија која ја издржала опсадата на Филип II и која опстојала? Од стратешка точка, Византија нудела некои предности во однос на Солун. Византија била лоцирана на крајните води на Босфор, поврзувајќи го Средоземното со Црното Море. Таа била центар на светот, поврзувајќи го Истокот и Западот. Од воена гледна точка, бродовите можеле лесно да се испраќаат на исток или на запад по теченијата на реките и да изманеврираат секакво напредување на варварите. Дури и бреговите на Месопотамија, Египет, Егејското и Јадранското Море биле на разумно упадливо растојание од Византија. Од трговска гледна точка, Византија била многу поблиску до источните трговски патишта отколку Рим или Солун. Со други зборови, Константин ја избрал Византија со внимателно планирање и правење концепција, што на долгорочен план и ја донело на неговата Империја предноста што била потребна да опстане речиси илјада и петстотини години, се до 1453 година.

Флавиј Валериус Константинус /Flavius Valerius Constantinus/, или цар Константин како што подоцна бил познат, бил роден во Наисус /Naissus/ во провинцијата Моезија Супериор /Moesia Superior/, денешен Ниш во Србија, на 27 февруари 271, 272 или 273 година. Неговиот татко бил воен офицер по име Константиус /Constantius/ (подоцна именуван како Константиус Клорус или Constantius I). Неговата мајка, жена со скромно потекло, се викала Елена (подоцна именувана во света Елена). Се вели дека Константиус и Елена не биле во брак. Откако претходно добил чин на трибун, гувернер на провинција и веројатно

преторијански префект, Константиус, на 1 март 293 година, бил промовиран во чин на Цезар во Првиот тетрархијат (владеење со четири владетели), организиран од страна на Диоклецијан. Во оваа прилика од него се побарало да не биде повеќе со Елена, а да се ожени со Теодора, ќерката на Максимијан /Maximian/. По повлекувањето на Диоклецијан и на Максимијан, на 1 мај 305 година, Константиус се искачил до чин на Август. Константин, во меѓувреме, одлично служел и под Диоклецијан и Галериус на исток. На почетокот држен во дворот на Галериус како залог за добро однесување на неговиот татко, подоцна му било дозволено да му се придружи на својот татко во Британија и да му помогне во походот против Пиктите /Picts/. Кога Константиус умрел, на 25 јули 306 година, во Ебуракум (York), Константин бил покрај него. Војниците веднаш го прогласиле за Август. Оттогаш, Константин го славел овој ден како свој Ден на Империјата /dies imperii/. Откако брзо ги средил работите во Британија, се вратил на континентот (копното на Европа) каде градот Трир /Augusta Treverorum/ му служел како главна резиденција во наредните шест години. Таму, во 307 година се оженил со Фауста, ќерка на Максимијан, оставајќи ја својата љубовница Минервина, која го родила неговиот прв син Крисп /Crispus/.

Во исто време кога Константин бил прогласен за Август, Сенатот и Преторијанската гарда во Рим стапиле во сојуз со Максентиус /Maxentius/, синот на Максимијан /Maximian/. На 28 октомври 306 година, тие на почетокот го прогласиле за император во понизок чин на принцепс /princeps/, иако тој подоцна го побарал чинот Август. Константин и Максентиус, иако биле бацанаци, не си верувале. Нивниот однос бил дополнително комплициран со нивните интриги и, конечно, со смртта на Максимијан во 310 година. Отворените непријателства меѓу двајцата ривали избувнале во 312 година и Константин извојувал пресудна победа во познатата битка кај Милвианскиот мостот /Milvian Bridge/. На тој начин, Константин и Лициниус (ко-император и зет) станале единствени владетели на Римското Царство.

ГЛАВА 14 - КОНСТАНТИН I И ТРИУМФОТ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО

Во текот на 313 година, од големиот империски град Милано, императорот Константин, заедно со својот ко-император Лициниус, испратиле серија писма информирајќи ги сите провинциски гувернери да престанат да ги прогонуваат христијаните, отповикувајќи ги на тој начин сите претходни антихристијански декрети. Сите имоти, вклучувајќи ги христијанските места за богослужење, одземени од нив во минатото, требало да им бидат вратени. Овој, таканаречен "Миланскиедикт", со кој Римското Царство направило пресврт во својата политика на непријателство кон христијаните, бил еден од најпресудните настани во човековата историја. На што се должел овој ненадеен пресврт?

Рационалните мислители веруваат дека Константин имал способност да предвиди и да сфати дека христијанството станува се поголема сила, и дека таа може да се употреби за доброто на Империјата. Христијанството било резултат на променливи вриежи и искористувањето на неговата моќ било многу поголема придобивка, отколку да се следи тековната политика на обиди таа да се уништи.

Христијанството во тоа време било неорганизирано и постоело во култна форма, во спорадични мали подрачја распрскани ширум Царството. Но, Константин, сепак, имал способност да го предвиди потенцијалот во него.

Христијанството било периферно прашање во умот на Константин кога тој и неговиот ко-император Лициниус требале да се соочат со Максентиус и Максимин Даита /Maximin Daita/ во најголемата битка во нивните кариери. Тоа било во тој решавачки миг кога Константин имал визија која не само што го сменила неговиот живот, туку била и пресвртница за христијанството.

Во 312 година, во предвечерјето на големата битка, Константин имал искуство кое го приклонило кон христијанството. "Нешто по дванаесет часот, кога сонцето почнало да се спушта... [Константин] изјавил дека со свои очи видел на небото, под сонцето, еден трофеј во форма на

крст, направен од светлина со натпис “со ова владеј.” Бил воодушевен од глетката, како што биле и војниците кои го придружувале во походот и ја виделе појавата... Но, кога заспал, Божјиот Христос му се појавил со знакот кој претходно го видел на небото и го поучил да си направи еден таков знак за да го носи како заштита во пресрет на војната.” (Стр. 167, Д. Фишвик, Основите на Западот /D. Fishwick, The foundations of the West/, Clark, Irwin & Company, Toronto, 1963).

На ова место сакам да напомнам дека, иако Константин се приклонил кон христијанството, лично тој бил посветен на Марс, богот на војните и на Аполон, богот на сонцето.

Без разлика каква визија и да имал Константин, својата победа му ја припишал на “Богот на христијаните” и од тој ден па наваму самиот се обврзал на христијанската вера.

Набргу откако им се придружил на христијаните, Константин открил дека имало многу проблеми и основен недостаток од единство во рамките на христијанската црква. Во рамките на христијанското подрачје имало такви кои имале стриктни ставови кон однесувањето на другите, бидејќи тие покажале недостаток на верба во текот на прогонството на христијаните. Некои други, пак, како гностиците, ја сфатиле пораката на Исус сосема надвор од контекстот. За да ги среди овие проблеми, Константин организирал и претседавал со два синода, еден во Рим во 313 година, а другиот во Арлес /Arles/, јужна Галија, во 314 година. Иако се постигнало многу, сепак, се уште имало нерешени проблеми. Константин не можел да постигне сите страни да се усогласат за една заедничка христијанска политика. Разликите во мислењето натерале некои фракции да ја напуштат главната црква и да започнат сепаратистички цркви. Една од овие била црквата на Северна Африка која поседувала значајна моќ и се опирала на асимилација повеќе од два века.

Христијанската црква не била единствен проблем за Константин. Имало потешкотии со делењето на власта со неговиот зет Лициниус. Договорот од 313 година, кој бил производ на неизбежност, а не на заедничка добра волја, почнал да оди во погрешна насока. Непријателствата помеѓу двата императора продолжиле да се наталожуваат и еден

конфликт во 316 година еруптирал во она што подоцна ќе биде познато како прва војна. Две битки биле водени, првата кај Цибала /Cibalae/ во Панонија, а втората во местото Ардиенс /Ardiensis/ во Тракија. Во текот на првата битка, војската на Лициниус претрпела тежок пораз. Во втората битка ниедна страна не извојувала јасна победа. На крај било постигнато решение кое му овозможувало на Лициниус да остане Август, но од него се барало на Константин да му ги отстапи сите свои европски провинции, освен Тракија.

Како дел од договорот со Лициниус, Константин го најавил назначувањето на три Цезари, на 1 март 317 година, во Сердика (денешна Софија). Меѓу именуваните биле и двајцата синови на Константин, дванаесетгодишниот Крисп и седуммесечниот Константин. Лициниус, дваесетмесечниот син на Лициниус, исто така, бил именуван за Цезар. За жал, новиот договор бил ранлив и тензиите помеѓу императорите повторно излегле на површина. Ова делумно било поради тоа што Константин и Лициниус не можеле да усогласат една заедничка политика во однос на христијанската религија и делумно поради сомничавата природа на двајцата мажи. Лициниус станувал се повознемиран поради врската на Константин со христијанската база на моќ. Забележал дека христијаните биле унапредувани повеќе од нивните паганси колеги и дека христијанските војници добивале слободен ден во саботите. Освен тоа, на христијаните им се нудел се подолг список на услуги, моќ и имунитети, со кои Лициниус не се согласувал.

Во 324 година повторно избила војна, но овојпат Константин двапати го поразил Лициниус, првпат кај Одрин /Adrianople/ во Тракија, а потоа во Кризопол /Chrysopolis/ на Босфор, во близина на античкиот град Византија. Лициниус бил фатен, но не бил погубен бидејќи Константија /Constantia/, сестрата на Константин, го преколнувала да го поштеди животот на нејзиниот маж. Сепак, неколку месеци подоцна, се уште сомничав кон Лициниус, Константин нарачал да биде погубен. Кратко време потоа, помладиот Лициниус, исто така, паднал жртва поради сомнежите на Константин и бил погубен. Сега, Константин бил единствен и неоспорен господар на Римското Царство.

Веднаш по неговата победа врз Лициниус, во 324 година, Константин почнал да го гради својот нов главен град, "Градот на Константин". Тој ќе стане христијански град подобен за цареви и, не само што ќе му стане соперник на Рим, туку и ќе ја надмине неговата слава.

Моќта е онаму каде е императорот, а императорот сега бил во својот град во средиштето на својата активност, токму на работ на Македонија. Иако тоа не бил чисто македонски град, тој имал елементи на македонската култура и традиција. Тој во многу нешта бил неримски град според јазикот и културата и не само што бил имитација на Александрија и Антиох, туку со време ги надминал нивните културни и академски постигнувања. Константинопол или Цариград (царски град), како што им бил познат на Македонците, ќе стане бастион на едно ново царство, обнова на старото царство на Александар Велики со христијанска особеност. "За ова "Источно" или Византиско Царство обично се вели дека е како продолжување на римската традиција. Тоа, навистина, повеќе изгледа дека е обновување и продолжување на Александровата." (Стр. 414, Х.Г. Велс, Краток преглед на историјата, Garden City Books, New York, 1961).

Додека Константин го градел својот нов град, неговата мајка Еелена тргнала на аџилак во Светата земја и била поврзана со градењето на црквите на Христовото Рождество во Витлеем и на Елеона, на ерусалимската Маслинова Гора.

На 8 ноември 324 година, Константин формално ги проектирал границите на својот нов град, кој, грубо кажано, опфаќал простор четири пати поголем од античка Византија. Додека неговите архитекти го проектирале неговиот нов град, Константин и неговата армија, која броела околу 120.000 трупи, се утврдиле во Солун. Дури и пред да тргнат во Солун во 324 година, Константин наредил старото солунско пристаниште да се реновира и да се прошири за да може неговата флота од 200 големи бродови за половење и за околу 2.000 трговски бродови да впловат во него.

До 328 година, ѕидовите на Цариград биле завршени и новиот град бил формално подготвен за осветување во мај 330 година. Набргу по отворањето на градот, Константин наредил изградба на две големи цркви, Света Софија и Света

Еирина /Eirena/, а почнало и поставувањето на темелите на трета црква, црквата на Светите Апостоли.

За разликиа од Рим, кој бил полн со пагански монументи и институции, Цариград, во суштина, бил еден христијански град со христијански цркви и институции. И додека Цариград бил модернизиран да стане христијански град, преовладувачкиот карактер на владата на Константин бил конзервативизмот. Неговото усвојување на христијанството не довело до радикално преустројување на општеството, ниту, пак, до една систематска ревизија на правниот систем. Генерално, воздржувајќи се од радикални иновации, тој го задржал и го завршил поголемиот дел од она што Диоклецијан планирал да го направи, особено во администрацијата на провинциите и во организацијата на војската.

Додека ги спроведувал монетарните реформи, Константин вовел нов вид платежно средство, златни пари solidus, што ќе станат нашироко прифатени и ќе останат стандардна валута во наредните векови. Некои мерки на Константин покажуваат вистинска грижа за благосостојбата и моралот на неговите поданици, дури и за состојбата на робовите. Со тоа што дел од владините функции доверил на христијанското свештенство, тој всушност, црквата ја направил агенција на царската влада. Константин, исто така, покажал голема загриженост за безбедноста на своето царство, особено на границите. Иако Цариград го направил свој главен град, Солун се уште останал стожер околу кој неговото царство било брането. Поради своето безбедно пристаниште, Солун економски цветал и доживувал голем културен развој.

Константин успешно војувал од 306 до 308 година и повторно од 314 до 315 година. Дејствувал на германската граница во 332 година против Готите и повторно во 334 година против Самартијанците/Sarmatians/. Дури и се борел во близина на неговата татковина во 336 година на дунавската граница. Како што стареел, Константин направил договори за оние кои ќе го наследат и на позицијата Цезар ги именувал своите три сина: Константин II /Constantine II/, Константиус II /Constantius II/ и Констанс /Constans/, во 317, 324, односно во 333 година. Потоа, во 335 година, на позицијата Цезар го именувал својот внук Флавиј Далматиус

/Flavius Dalmatius/, син на Константиус I и Теодора. За жал, тој никогаш не разјаснил кој од неговите наследници требало да ја земе водечката улога по неговата смрт.

Помеѓи 325 и 337 година, Константин продолжил да ја поддржува христијанската црква, донирајќи дарежливи парични донации и донесувајќи корисна законска регулатива. Неговата добрина кон христијаните не била ограничена само на градот Цариград. Тој, исто така, ја основал и црквата Светиот Гроб /Holy Sepulcher/ во Ерусалим и црквата Златен Октагон /Golden Octagon/ во Антиох. И покрај сета негова добрина, Константин не бил поштеден од несреќа и набргу по Велигден, на 3 април 337 година, неговата здравствена состојба почнала да се влошува. Патувал во Дрепанум /Drepanum/, подоцна наименуван како Хеленопол /Helenopolis/, во чест на неговата мајка, и се молел на гробот на омилениот светец на неговата мајка, маченикот Луциан /Lucian/. Оттаму отишол во околината на Никомедија /Nicomedia/ каде бил крстен од аријанскиот епископ Еусебиј /Eusebius/ од Никомедија. Неколку недели подоцна, на 22 мај, на Духовден, Константин умрел. Неговото тело било однесено во Цариград и положено во царската палата. Потоа неговиот саркофаг бил ставен во црквата на Светите Апостоли, како што тој самиот наредил во неговиот тестамент. Неговиот саркофаг бил опколен со споменици-релјефни столбови на дванаесетте апостоли, со што тој симболично станал тринаесетти апостол.

Тоа што Константин не успеал да назначи одреден свој наследник, поттикнало конфликт меѓу оние кои ја имале титулата Цезар во палатата.Откако ги елиминирале Флавиј Далматиус и други ривали во еден крвав превrат, Константин II, Константиус II и Констанс поединечно презеле чин Август. Војската на Константин, верна од денот кога го крунисала па до неговата смрт, дала заклетва дека никој друг освен неговите синови нема да владее со неа. Војската, во еден жесток колеж, ги убила сите кои не се квалификувале, вклучувајќи ги двајца полубраќа на Константин. Единствените кои побегнале биле двајцата негови внуци, Гал и Јулијан /Gallus, Julian/.

На ова место, сакам да направам кратка дигресија и да испитам што се случувало во целото Царство.

Како што спомнав претходно, додека Римското Царство пропаѓало, германски племиња ја зајакнувале својата моќ и вршеле притисок од север. Околу 236 година, Франките ненадејно се спуштиле по долното течение на реката Рајна, а Алеманите ја освоиле Алсак /Alsace/ во Франција. Претходно спомнав дека Готите од јужна Русија го освоиле Црното Море, навалувајќи кон Егејот и напаѓајќи ја провинцијата Дуција /Ducia/.

До крајот на III век, повеќето варварски инвазии биле одбиени, но не и сосема уништени. Во текот на 321 година, Готите повторно ги опљачкале територииите што денес Србија и Бугарија ги зафаќаат, но наскоро биле одбиени од Константин I. Потоа, во 337 година, притиснати од Готите, на Вандалите им било дозволено да ја преминат реката Дунав и да влезат во Панонија, дел од денешната Унгарија (западно од реката Дунав). До средината на четвртиот век, Хуните на исток повторно ги јакнеле своите оружени сили и вршеле притисок врз Визиготите. Визиготите, пак, следејќи го примерот на Вандалите, исто така навлегле на римска територија. Но, пред да се постигнат било какви договори, тие го нападнале Одрин и го убиле императорот Валенс /Valens/. Наспроти нивниот жесток метод, на Визиготите им било дозволено да се населат во денешна Бугарија. Но, нивното населување било условено барајќи од нивните војски да се покорат на римското владеење. На секоја војска и било дозволено да остане под команда на својот врховен командант.

Главните актери во варварските војски во тоа време биле: Аларик /Alaric/ на Визиготите, Стилико /Stilicho/ на панонските Вандали и еден Франк кој командувал со легиите на Галија. Императорот Теодосиј, Шпанец, командувал со готските помошни трупи. Но, вистинската моќ била во рацете на Аларик и на Стилико, двајцата варварски конкуренти, кои не губеле време да го поделат Царството меѓу себе. Аларик ја презел контролата на источната половина каде што се зборувало на коине јазикот, а Стилико ја замал западната половина каде што се зборувало латински.

Речиси во исто време кога Царството се делело на два дела, Хуните стапиле на сцена и почнале да се регрутираат во војската на Стилико. Честите судири помеѓу Истокот и Западот почнале да го слабеат Царството и ја отвориле вратата за бројни инвазии на варварите. Свежите Вандали, повеќе Готи, Аланите /Alans/ и Суевите /Suevi/ почнале да навлегуваат низ границите на Империјата. Во 410 година, насред конфузијата, Аларик тргнал долу кон Италија и, по кратка опсада, го освоил Рим. До 425 година Вандалите, од денешна источна Германија и Аланите, од денешна југоисточна Русија, ги нападнале Галија и Пиринеите и се населиле во северните региони на денешна Шпанија. Хуните ја поседувале Панонија, додека Готите ја поседувале Далмација. Околу 451 година, Чесите се населиле во Моравија и Бохемија. Визиготите и Суевите, во меѓувреме, навалиле западно и завршиле на север од Вандалите, во сегашна Португалија. Во меѓувреме, Галија била поделен помеѓу Визиготите, Франките и Бургундите.

До 449 година, денешна Британија била нападната од Јутите, германско племе, Англите и Саксонците, кои наизменично ги притискале келтските Британци во денешна Бретања во Франција. Вандалите од југот на Шпанија преминале во Северна Африка до 429 година, окупирајќи ја Картагина до 439 година, а вршеле инвазии, го напаѓале и пљачкале Рим до 455 година. Откако ја опљачкале Италија, преминале во Сицилија и основале едно вандалско кралство кое постоело се до 534 година. На врвот од својата моќ, а тоа било околу 477 година, вандалското кралство ги окупирало Северна Африка, Корзика, Сардинија и Балеарските Острови. Со вандалското кралство владееле грст Вандали чие население не броело повеќе од осумдесет мажи, жени и деца. Остатокот од населението се состоел од пасивни невандали кои, под вандалска окупација, нашле олеснување од римскиот товар на ропство и одаточување. Вандалите ефикасно ги уништиле големите земјосопственици, ги избришале сите долгови кон римските заемодавци и ја укинале воената служба.

Додека Вандалите владееле со западниот Медитеран, големиот водач Атила ја консолидирал својата моќ меѓу Хуните источно од реката Дунав. Во својот максимум,

Атилското Царство на хунски и германски племиња се протегало од реката Рајна до централна Азија. Се вели дека Атила бил првиот од Запад кој преговарал на рамноправна основа со кинескиот император.

Десет години, додека бил страсно вљубен во Хонорија, внука на императорот Теодосиј II /Theodosius II/, Атила ги заплашувал Равена и Цариград. Во текот на неговото владеење, Атила уништил седумдесет градови, дел од нив во Македонија, и дошол до ѕидините на Цариград, форсирајќи непријатен мир врз императорот. Наспроти нејзиното разочарување, мировниот договор не ја вклучувал Хонорија. Иако Хонорија доброволно се понудила да се омажи за Атила, императорот не го дозволил тоа. Атила не бил разочаран.

Во 451 година, Атила му објавил војна на Западното Царство и ја зазел Галија, пљачкајќи повеќе француски градови јужно од Орлеанс. Токму кога Атила ја опустошувал Галија, Франките, Визиготите и царските војски се здружиле за противофанзива. Пред да заврши годината, војската на Атила била отсечена кај Троес /Troyes/, а монголскиот врховен владетел бил протеран од Франција. Поразен, но не и скршен, Атила го свртел своето внимание кон југ, опустошувајќи ја северна Италија, спалувајќи ги Акулеја /Aquileia/ и Падуа /Padua/, а пљачкосувајќи го Милано. Атила умрел во 453 година, а по неговата смрт Хуните се стопиле со околното население и исчезнале од историјата.

Во 493 година, по седумнаесет години без император, Теодорик /Theodoric/, Гот, станал крал на Рим, ставајќи на тој начин крај на владеењето на боговите-Цезари и на богатите луѓе. Римскиот царски систем во западна Европа и северна Африка доживеал крах и престанал да постои. Римјаните дошле и отишле, но она што останало веќе не било римско. Западот, речиси петстотини години по неговото паѓање, поминувал низ период на опаѓање, што подоцна станало познато како – Мрачно доба.

Од пепелта на Римското Царство се издигнало ново царство познато како Источно или Византиско Царство, на Македонците познато како Православно Царство. Многумина ќе се согласат дека ова било оживување или повторно раѓање на античката македонска империја на

Александар Македонски. Некои тоа дури го нарекуваат и "откинат дел" од царството на Александар Велики.

Напоредно со повторното раѓање на македонското царство, коине јазикот повторно излегол на површина и го заземал своето место што со право му припаѓало не само како јазик на интелекуталците, туку и како јазик на администрацијата. Латинскиот јазик немал ниту интелектуална ведрина и живост, ниту литература и наука потребни да се освојат интелигентни мажи и жени. Дури од самиот свој скромен почеток, во новото царство се зборувало на коине јазикот, што претставувало продолжување на македонската традиција. Изгледа дека латинскиот дури си го изгубил местото на Запад само за да биде заменет од јазиците на варварите. Додека римската општествена и политичка структура била разбиена на Запад, Истокот ја прифатил, со широки раце, обновената македонска традиција. Некои велат дека Константин Велики можеби бил Словен (Стр. 450, Х. Г. Велс, Краток преглед на историјата, Garden City Books, New York, 1961). Но, многу е посоодветно да се каже дека тој бил Македонец кој градел ново царство и ги следел стапките на своите предци.

Како што спомнав претходно, по смртта на Константин, неговите три сина ја наследиле власта во Царството. Западот требало да се подели помеѓу најстариот и најмладиот син, односно Константин II и Констанс, додека средниот син Константиус требало да владее со Истокот. Незадоволни од договорот, еден конфликт избувнал во 340 година помеѓу Константин II и Констанс, што резултирал со смрт на Константин II. Потоа, Констанс станал единствен владетел на Западот додека не бил симнат од власт и погубен од неговите сопствени војници во 350 година.

По смртта на Констанс, војската признала еден од своите офицери за владетел. Но, во 351 година, авторитетот на узурпаторот бил оспорен во една битка и тој бил поразен. Потоа, Константиус станал единствен владетел на целтото Царство.

Додека Константиус патувал на запад за лично да се справи со узурпаторот, го наименувал својот млад роднина Гал за бранител на Истокот. Гал, за жал, се покажал како ужасен

владетел и брзо паднал во негова немилост. По три години владеење, Константиус наредил да биде погубен.

Во 355 година, пред да тргне во поход на Истокот, Константиус повторно го повикал неговиот последен преживеан роднина Јулијан и него го назначил за бранител на Западот за да ја брани западната граница од Франките и Алеманите. Но, пред да го испрати, наредил тој да се ожени со неговата сестра Елена.

За разлика од неговиот брат Гал, Јулијан добро ја извршувал својата работа и во текот на својата петгодишна служба ги исчистил западните провинции од натрапници, а ја подобрил и западната економија. За жал, Јулијан ги надминал очекувањата, што го вознемирило Константиус. За да ја ублажи загриженоста, Константиус се обидел да го елиминира Јулијан, но неговиот обид не бил успешен. Јулијан бил голем водач и војската во Галија одбила да се откаже од него. Во февруари 360 година, целосно не почитувајќи ги наредбите на Константиус, војската во Галија го прогласила Јулијан за Август. По извесно двоумење, Јулијан ја прифатил функцијата. За среќа, Константиус умрел пред да се обиде да го елиминира.

Бидејќи немал способен наследник да го замени, на смртната постела во 361 година, Константиус го назначил Јулијан за свој наследник. Тој ја прифатил функцијата и владеел како единствен Август до јуни 363 година.

Константиус бил антипаган и повел политика за искоренување на паганските култови. Јулијан, од друга страна, бил толерантен кон сите религии, особено митраизмот /Mithraism/ и поттикнувал секакви видови религиозни практикувања. Во 356 година, кога Константиус бил единствен владетел на Царството, издал декрет за смртна казна, за сите оние кои ќе бидат затечени како принесуваат жртви или обожаваат идоли. Јулијан, од друга страна, не само што го укинал дискриминаторниот декрет, туку и ги отстранил христијаните од служба, а ја укинал одредбата за субвенции за христијанските проекти, вклучувајќи ги оние за социјална помош. Тој дури преземал и натамошна мерка и прогласил отворена и сеопфатна толеранција за сите религии во Царството. Јулијан можеби бил визионер, но, за жал, бил пред своето време. Неговата политика на толеранција не

само што не успеала, туку почнале да еруптираат конфликти помеѓу различните религии.

Едно од постигнувањата на Јулијан во текот на неговото владеење била реформацијата на образовниот систем во Царството. Тој бил одговорен за проширување на обемот на предметите што се учат, вовел услови така што сите учители треба да имат лиценца и им забранил на христијаните да предаваат во државни училишта. За несреќа по Јулијан, христијанството дотогаш било добро вкоренето во Царството, така што голем дел од неговите реформи биле игнорирани. Но, на позитивната страна, Јулијан иницирал бројни големи градежни проекти, вклучувајќи масовно утврдување на ѕидовите на Солун.

Јулијан умрел на 26 јуни 363 година од рана од копје што ја здобил во еден поход против Персијците во Азија. Јулијан бил последниот машки потомок од куќата на Константин. Поради неговата ненадејна смрт, не обезбедил наследник. Сега било време постарите офицери во неговата војска да го изберат новиот владетел.

Човекот кој го прифатил повикот да стапи на таа должност бил еден млад офицер по име Јовијан /Jovian/, никеански христијани. Флавиј Јовианус (Јовијан) /Flavious Jovianus (Jovian)/ бил роден во 331 година, во Сингидунум, во близина на денешен Белград. Прв приоритет на Јовијан било да го врати христијанството во Царството, ставајќи на тој начин крај на паганството и религиозните ривалства што биле воведени со реформите на Јулијан.

Градот Никеја /Nicsea/ се наоѓал во Битинија /Bithynia/, сегашна северозападна Турција, и бил важен за христијанството. Тоа било во Никеја кога Константин I, во 325 година, свикал совет да се решат споровите предизвикани од "арианските погледи" во врска со Светото тројство.

Арij /Arius/ бил александриски свештеник кој верувал дека Христос не е од иста суштина како Бог. По извесно разгледување, Советот не се согласил со ставовите на Арij. Наместо тоа, тие го усвоиле она што е познато како "Некејски декрет" кој објавил дека "Христот и Бог се од иста суштина". Меѓу другото, Никејскиот совет, исто така, решил

да се прославува Велигден и направил краток преглед на бројни написи што се однесуваат на христијанската вера.

Дури и под моќната одбрана на династијата на Константин, која траела приближно 70 години, од 293 до 363 години, Источното Царство на било имуно на напади. Претходно дадов преглед на тоа што се случувало во западниот дел од Царството, а сега ајде да го свртиме нашето внимание кон исток.

Долго пред династијата на Константин да дојде на власт, додека Римското Царство пропаѓало, Персиското Царство почнало да доживува препород. Иран станал партијански /Parthian/ центар на културата, прво под Арсакидите /Arsacids/, а потоа под Сасанидите /Sassanids/. Околу 241 година, сасанидските сили, под водство на Шапур /Shapur/, го поразиле Кушанското /Kushan/ Царство. По бројни походи, иранската династија уште еднаш владеела со земјите на исток, се до реката Инд. Кратко време по освојувањето на Иран, војските на Шапур преминале во Кавказ и ја зазеле Арменија, Грузија и Албанија (северно од денешниот Азербеџајн).

По своите успеси во Азија, Шапур се заинтересирал за Западот и го нападнал Антиох. Но, се испоставило дека одбраната на градот е позначителна отколку што тој очекувал и нападот завршил во пат-позиција. За да стават крај на тој ќорсокак, Шапур, во 244 година, бил поткупен од страна на Римјаните да ја прекине опсадата. Наградата за повлекувањето на Шапур било присоединување на Арменија и Месопотамија.

Незадоволен од она што тој сметал дека е “мала придобивка” , Шапур се обидел повторно во 256 година и овојпат го зграбил Антиох од Римјаните. Градот бил освоен на препад и опљачкан од сасаниданските трупи. Заробениците биле однесени и раселени во различни делови на Иран. Набргу по пустошењето, императорот Валеријан го посетил Антиох само за да го најде убавиот град во рушевини, окупиран од иранските трупи. Градот повторно бил заземен од Римјаните, но пред да имаат можност повторно да го изградат, Шапур извршил напад и повторно го зазел во 260 година. Притоа, тој ја разбил римската војска од седумдесет илјади војници и го заробил Валеријан. За

среќа, Валериjан имал сојузници во Палмира /Palmyra/ кои дошле да го спасат. Иако дошле предочна да го спасат, сириски и арапски трупи ја нападнала сасаниданската војска нанесувајќи и големи загуби. По нивниот пораз, Сасаниданците биле чувани под контрола на Римjаните на запад, а од Палмиранците на исток.

Додека Сасаниданците биле потиснати, Римjаните постепено повторно ја зазеле Арменија преку назначувања на проримски владетели на арменскиот трон. Но, тоа не траело долго. По смртта на Шапур, неговиот син Шапур II го наследил сасаниданскиот трон и започнала нова рунда непријателства која траела од 338 до 363 година.

Проблемот започнал кога Шапур II го симнал од тронот кралот на Арменија, поставен од Римjаните. Незадоволен од овој инцидент, Константин реагирал така што испратил заканувачки пораки за моќта на неговиот христијански Бог, што го провоцирало Шапур да им се осветува на христијаните во Сасаниданското Царство.

Јовиан конечно им ставил крај на непријателствата по смртта на Јулијан. За жал, цената за мирот била преголема. Јовиан морал да ги врати транстигринските провинции што претходно Диоклецијан ги имал заземено. Тој, исто така, морал да даде голем дел од Северна Месопотамија, вклучувајќи ја и тврдината Нисибис /Nisibis/, а римското побарување на Арменија да му го врати на Шапур. Како тоа да не било доволно, градовите Сингара /Singara/ и Нисибис биле, исто така, предадени на Шапур. За сите овие концесии, се што Шапур требало да направи било да овозможи и дозволи безбедно поминување на населението кое бегало од градовите и да ја гарантира неутралноста на проримскиот крал на Арменија.

Јовиан умрел на триесетидвегодишна возраст, на 17 февруари 364 година во Дадастан, на границата меѓу Битинија и Галатија. Неговата смрт, најверојатно, била природна. Некои ја припишуваат на тоа што тој премногу јадел.

Дали Јовиан бил уште еден Словен или треба да речам уште еден Македонец? Иако официјалната историја не го има забележано како таков, земајќи го предвид неговото име

и местото каде што бил роден, тој би можело да е Македонец.

На ова место сакам да направам уште една дигресија и да прикажам една славна личност од оваа ера, која не е само популарна во Македонија, туку е позната и во целиот свет.

За христијаните тој е познат под неколку имиња, вклучувајќи свети Никола или Дедо Мраз. Никој со сигурност не знае кога е точно роден, но се знае дека е роден некаде во средината на четвртиот век. Свети Никола веројатно бил роден во Патара во Лициіа, Мала Азија. Има многу повеќе легенди за неговите натприродни добри дела, отколку што има јасни детали за неговиот живот.

Никола, на почетокот на својата кариера, бил свештеник во манастирот Свети Зион во близина на Мира /Myra/ и конечно бил прогласен за опат од архиепископот-основач на манастирот. Кога седиштето на Мира, главниот град на Лиција, останало без епископ, Никола бил назначен за архиепископ. Се вели дека страдал за неговата христијанска вера под императорот Диоклецијан и дека бил претставен на Никејскиот совет како противник на аринизмот /Aryanism/.

Св. Никола се слави на 6 декември, денот кога умрел, а неговата душа стигнала на небесата. Но, најголемиот број западни земји денес го комбинираат денот на Св. Никола со оној на давање подароци и ги слават двата дена заедно како Божиќ.

Најпознатата приказна за св. Никола е поврзана со три млади сестри кои биле многу сиромашни. Нивните родители биле толку сиромашни што немале доволно пари за нивните мажачки. Во тие денови, на секоја млада девојка и биле потребни пари за чеиз, да плати за свадбата и да ја намести куќата. Никола слушнал за ова сиромашно семејство и сакал да им помогне, но не сакал да се знае дека тој им помага. Има неколку верзии за оваа приказна, но според една, Никола се искачувал на покривот три ноќи по ред и фрлал златници низ оџакот, надевајќи се дека тие ќе паднат во чорапите на девојките, кои биле закачени близу до огнот да се сушат. Како резултат на мистериозните донации што се појавиле во чорапите две ноќи по ред, две од трите девојки имале доволно пари да се омажат. Љубопитен да дознае кој е добротворот, наредната ноќ таткото на девојките се сокрил

зад оџакот и чекал. На негово изненадувње, дошол епископот Никола со друга торба пари. Никола не сакал да биде откриен и го молел таткото да не кажува никому. Но, таткото бил толку благодарен за добрите дела, така што не можел да ја сочува тајната и на сите им кажал колку добар и дарежлив човек е епископот Никола. Еве како започнува приказната, а подоцна и традицијата на давање подароци и полнење чорапи.

Никола, како млад, студирал во Александрија, Египет. На едно од неговите патувања во текот на едно невреме, му го спасил животот на еден морнар кој паднал од бродот. Со тоа негово добро дело ја заслужил титулата Светец, заштитник на морнарите. Во текот на една друга средба, тој чудесно спасил неколку млади момчиња од едно буре расолница, станувајќи на тој начин заштитник на учениците. Сепак, карактеристичната доблест на св, Никола изгледа дека е неговата љубов и милосрдност за сиромашните. Поради тоа, и поради многуте легенди за неговото дело, св. Никола се смета за посебен заштитник на морепловците, научниците, банкарите, заемодавците, судиите, готвачите, бочварите, патниците, произведувачите и продавачите на парфеми, немажените девојки, младите невести и крадците. Но, најмногу од се, тој е многу посебен заштитник на децата,

Околу 540 година, императорот Јустинијан изградил една црква во Цариград, во предградието Блачарне /Blacharnae/, во чест на св. Никола. Историјата и легендата се испреплетени во приказната за животот на Никола и тој насекаде се чествува како светец од шестиот век. Му се припишуваат не помалку од 21 “чудо”. Никола умрел во Мира во 342 година.

По ненадејната смрт на Јовиан во 364 година, голем број водечки царски државници се состанале во Никеа да изберат нов император, По дискусијата и разгледувањето на ова прашање, четириесет и тригодишниот офицер на царската телесна стража, по име Валентиниан /Valentinian/, бил избран, Валентиниан, чие цело име било Флавиј Валентинианус /Flavius Valentianus/, бил посветен христијанин роден во 321 година во Цибалис (денешен Винковци) во јужна Панонија (можеби уште еден Словен?). Валентиниан не бил со благородничка крв и се издигнал

преку чиновите за да стане голем генерал. Немал високо образование, но имал лош темперамент и ги презирал оние образованите. Во текот на своето владееье бил способен војник кој малку се интересирал за администрацијата, но кој премногу им верувал на своите потчинети.

Штом Валентиниан бил прогласен за император, армијата побарала тој да избере ко-император. Дотогаш станало очигледно дека со Империјата не може да владее еден човек. За да му помогне да владее со неговото големо Царство, Валентиниан го назначил сбојот помал брат Валенс /Valens/ за император на Истокот. Иако ова не било првпат ко-императори да владеат со цело Царство, ова ќе биде почеток на постојана поделба. Три декади подоцна, Истокот и Западот накратко ќе бидат повторно обединети под водство на императорот Теодосиј. По смртта на Теодосиј, во 395 година, Империјата повторно ќе биде поделена меѓу неговите синови Аркадиј /Arcadius/ и Хонориј /Honorius/. Оттогаш па наваму, поделбата ќе биде постојана, а Истокот и Западот ќе бидат посебно раководени.

Во 367 година, Валентиниан сериозно се разболел. Откако закрепнал, дознал дека се воделе дискусии за тоа кој би можел да го наследи. За да се осигура, Валентиниан наредил неговиот осумгодишен син Гратиан /Gratian/ да биде прогласен за Август.

Од 365 до 375 година Валентиниан бил во Трир каде спроведувал бројни походи против Алеманите. Во ноември 375 година, разбеснет од навредливите забелешки од страна на некои варварски пратеници, Валентиниан умрел од срцев удар. Неговите соработници, плашејќи се од малтретирање во рацете на советниците на Гратиан, го прогласиле Валентинианoвиот четиригодишен помлад син Валентиниан II за Август. Иако Гратиан и Валенс не сакале Валентиниан II да биде прогласен за Август, се согласиле да му дозволат тој да владее со Италија, Африка и Илирикум /Illyricum/.

Додека Валенс бил зафатен во Сирија во почетокот на 370 година, внимавајќи на Персијците, една криза се развила на северните граници и избила војна. Готите ја прешле реката Дунав во 376 година и, како што напомнав претходно, го нападнале Одрин и го убиле императорот Валенс.

По катастрофалниот пораз на Валенс во 378 година, Гратиан го назначил Теодосиј за император на Истокот. Таткото на Теодосиј бил погубен поради тоа што паднал во немилост кај Валентиниан I. Но, и наспроти тоа, Теодосиј учтиво ја прифатил работата и веднаш почнал своите воени таленти да ги користи за зацврстување на Истокот. Теодосиј го избрал Солун за своја база од каде водел војна против Готите.

На западниот фронт во 383 година, британските трупи, предводени од Магнус Максимус /Magnus Maximus/, се побуниле и навлегле во Галија. Неспремни да се соочат со оваа закана, војниците го напуштиле Гратиан. Гратиан не бил многу популарен кај своите војници бидејќи повеќе сакал да лови и да учествува во спортови отколку да ги предводи своите луѓе во битка. Неспособен да побегне, Гратиан бил заробен од Максимус во Лугдунум (Лион), на 25 август 383 година, и бил убиен од војниците на Максимус.

По смртта на Гратиан, Валентиниан II (полубратот на Гратиан) требало да ја наследи целата западна половина од Царството. За жал, тој не бил ништо повеќе од номинален владетел и дозволил Магнус Максимус да опстои. Италија била се што имал, но дури и таму вистинската власт и моќ била во рацете на неговата мајка Јустина /Justina/.

Во 387 година, Максимус навлегол во Италија, присилувајќи ги Јустина и Валентиниан да побегнат. Мајката и синот нашле засолниште во Солун кај Теодосиј каде составиле една воена сила за противнапад која го нападнала и го поразила Максимус. За жал, Јустина го платила поразот на Максимус со својот живот.

Валентиниан II се вратил во Италија, но брзо паднал под влијание на својот франачки генерал Арбогаст /Arbogastes/, предавник кој полека ги заменил сите важни офицери и владини функционери на Валентиниан со негови луѓе кои му биле лојални. Кога Валентиниан се обидел да го истера, Арбогаст наредил тој да биде убиен.

По смртта на Валентиниан, Арбогаст на тронот го поставил Еуген /Eugenius/, популарен паганski филозоф. Неговите дејства, за жал, не му се допаднале на Теодосиј кој, во 394 година ја испратил својата војска да се справи со Арбогаст. Двете војски се судриле на премините кај Јулските Алпи, во

близина на реката Фригидус. Теодосиј ја десеткувал војската и го заробил и убил Еуген. Неколку дена подоцна Арбогаст извршил самоубиство.

Со отстранувањето на Еуген и Арбогаст, Теодосиј ја презел контролата врз целото Царство. Флавиј Теодосиј бил роден во Каука /Cauca/, Шпанија, околу 346 година. Како што реков претходно, Гратиан го назначил него за император на Истокот во 378 година.

Теодосиј оставил свое наследство во Македонија во 390 година кога масакрирал седум илјади солунски цивили. Според приказната, во Солун постоел локален гарнизон составен, главно, од Готи кои не биле поддржувани од солунските граѓани и во текот на една побуна биле убиени бројни готски офицери, а нивните тела злоупотребувани. Незадоволен од ситуацијата, Теодосиј се осветил така што испратил уште еден готски гарнизон во градот. Во текот на една трка со борбени коли, вратите на хиподромот неочекувано биле затворени така што никој не можел да излезе, а готските војници со осветиле, ладнокрвно убивајќи ги сите гледачи.

Кога Амброс /Ambrose/, еден од епископите со висок чин, дознал за масакрот, бил навреден и го исклучил императорот од црквата, забранувајќи му пристап во неа неколку месеци. Таквиот чин бил без преседан и за првпат еден император бил под контрола на еден епископ. Потоа, Теодосиј целосно станал роб на Амброс и наредил масовен напад врз паганските практикувања. Во 391 година, законот ги забранил сите жртвувања, јавни и приватни, и сите паганси храмови официјално биле затворени. Потоа, во 392 година, сите форми на побожни богослужби формално биле забранети насекаде во Царството.

Теодосиј умрел на 17 јануари 395 година, оставајќи го Царството на своите два сина. На постариот Аркадиј му било оставено да биде одговорен за Истокот, а на помладиот Хонориј да биде одговорен за Западот. За разлика од претходните поделби на власта кога таа била споделувана, оваа поделба била решителна и трајна. На стапувањето на престолот на двајцата императори, Аркадиј и Хонориј, генерално, и нашироко се гледа како на конечна поделба на Царството на два сосема посебни дела. Така, 395 година

станала официјална година на раѓање на она што подоцна ќе биде познато како Византиско Царство или како што Македонците ја нарекувале Православна Империја.

Кога Аркадиј станал император, бил премлад сам да владее па затоа Флавиј Руфинус, негов старател, преторски префект на исток, ги имал дизгините на власта. Слично на ова, при стапувањето na престолот, Хонориј имал само дванаесет години, така што Теодосиј го имал назначено Стилико /Stilicho/, како негов старател, да внимава на државните работи наместо него. Додека Руфинус бил силен човек на Истокот, Стилико ефикасно го контролирал Западот, со тоа што и двајцата биле многу амбициозни и бескруполозни.

Ривалствата меѓу нив двајца почнале да излегуваат на површина кога Стилико почнал да тврди дека и тој бил замолен од починатиот Теодосиј да внимава, барем делумно, на работите на Аркадиј. Конфликтните тврдења ја намалувале можноста за соработка помеѓу двајцата ривали и двете сили оделе во насока на судир.

Неизбежното се случило кога Визиготите, кои биле населени по должината на течението на реката Дунав под водство на Аларик, се побуниле. Варварите си го пробиле својот пат низ Балканот кон Македонија, опустошувајќи се што им стоело на патот. Стилико, под изговор дека сака да му помогне на Источното Царство, интервенирал и со своите трупи вмарширале во Македонија. Тој навистина отстапил и се повлекол кога Руфинус му наредил, но не пред да му "остави подарок".

Додека се повлекувал, Стилико зад себе оставил неколку легии под команда на готскиот генерал по име Гаинас, со наредба да ги испорача трупите на Источното Царство. Кога трупите вмарширале во Цариград, Руфинус излегол да ги поздрави. Наместо да му подадат рака, војниците ги извадиле своите мечеви и го проболе Руфинус до смрт. Ова било подарок од Стилико за Руфинус, поради тоа што тој се мешал во неговите работи. За жал, овој инцидент нанел непоправлива штета на односите помеѓу Истокот и Западот.

Заради смртта на Руфинус и однесувањето на Визиготите, кои с уште беснееле во Македонија, Цариград формално побарал помош од Стилико. Но, во 397 година, додека Стилико си го пробивал својот пат до Македонија, Аларик и

неговите Визиготи исчезнале. Неуспехот на Стилико да ги отстрани проблематичните Готи, го принудило Цариград директно да преговара со варварите. Аларик се согласил да ги сопре своите агресии и за својата соработка бил наименуван "Господар на војниците" во Македонија и на Балканот.

Не било јасно дали Аларик му се извлекол на Стилико или Стилико намерно дозволил тој да побегне, но неуспехот на Стилико да го фати фрлил сомневања што ќе има последици во иднина.

Се покажало дека вистинскиот победник на Истокот е Евдокија /Eudoxia/ (жената на Аркадиј) која собрала доволно сила и ги одбила непријателствата на Визиготите надвор од Цариград. По својот успех, решителната Евдокија самата си се поставила на чин Августа и владеела се додека не умрела од пометнување во 404 година. Пред да умре, се осигурала нејзини, от едногодишен син Теодосиј II да биде издигнат на чин Август.

Четири години подоцна, во 408 година, Аркадиј умрел од природна смрт, оставајќи го своето царство на својот син Теодосиј II.

Стилико бил обвинет за ковање заговор со Аларик да го симне Хонориј и за издигнување на својот син Евхериј /Eucherius/ на чин император на Западот. Една изрежирана побуна од неговите трупи во 408 година го присилила Стилико да се предаде, а Хонориј наредил да биде погубен.

Кога Стилико веќе не му пречел на патот, Аларик тргнал кон Рим и на 24 август 410 година тој и неговите Визиготи го пустошеле градот три дена, се додека не останало ништо од него, Аларик умрел кај Консентија /Consentia/, во 410 година.

Моја намера е оттука па натаму да се фокусирам само на настаните што се релевантни за Православното (Источното) Царство и за Македонија.

Иако Теодосиј II го наследил својот татко без никакво насилство, тој се уште бил мал и регенството на Цариград паднало во рацете на еден преторијански префект по име Антемиј /Anthemius/. Тој бил способен лидер и не само што ја спречил кризата со храна во Цариград, туку и воспоставил добри односи со Западот, ги одбил инвазиите на Хуните од север и го потврдил мирот со Персијците и со градовите по

должината на реката Дунав. Антемиј, исто така, се осигурал Македонија и Балканот да добијат доволна помош за да закрепнат од пустошењата на Готите.

Опустошувањето и разрушувањето на Рим од варварите било знак за будење за Антемиј, кој презел широки мерки истото да не му се случи на Цариград. Затоа, во 413 година бил преземен еден голем проект да со изгради она што соодветно било нарекувано голем "Sид на Теодосиј", кој го обиколувал градот подалеку од првичниот Sид на Константин.

Во 414 година, Теодосиј II положил право на регенството од Антемиј и ја прогласил својата петнаесетгодишна сестра Аелија Пулкерија /Aelia Pulcheria/ за Августа. Потоа, во 416 година, кога Теодосиј II наполнил петнаесет години, по своја одлука и по свое право бил прогласен за владетел на Цариград. Пулкерија продолжила да има улога во владата на Теодосиј но само како администратор. Теодосиј II бил Август четириесет и девет години, а владеел со Православното Царство четириесет и две години. Ова било најдолгото владеење во историјата на Царството. Теодосиј II умрел во 450 година од повреда на "рбетот откако паднал од својот коњ додека јавал во близина на реката Ликус.

Највредното постигнување во кариерата на Теодосиј било Теодосијанскиот законик, кој бил објавен во 438 година. Законикот, што се состоел од шеснаесет книги за кои било потребно осум години да бидат составени, бил компилација на царските едикти кои датирале сто години наназад. По објавувањето на Законикот, бил основан еден универзитет во Цариград каде се студирало филозофија, право и теологија од христијанска перспектива.

Во 447 и 448 година Цариград го погодиле бројни земјотреси кои разориле најголем дел од градот, вклучувајќи голем дел од градските sидови, и крајбрежната одбрана. Со големи залагања на неговите жители, биле извршени поправки на sидовите и наскоро биле додадени нови sидови со деведесет и две кули меѓу поправениот sид и ровот. Резултатот бил познатата "тројна одбрана" која ги одбивала освојувачите и го чувала градот безбеден во текот на наредниот милениум.

По смртта на Теодосиј II, прашањето кој ќе го наслели тронот повторно било отворено, што било првпат за повеќе од шеесет години. Теодосиј не оставил наследник, освен својата ќерка Лицинија Еодоксија /Licinia Eodoxia/ која се омажила за неговиот роднина Валентиниан III. Но, имало озборувања дека на својата смртна постела Теодосиј го завештал Марциан /Marcian/, еден од неговите помошници, да биде негов наследник. Некои веруваат дека оваа сторија е производ на вистинска пропаганда. Како и да било, Аспар, генерал со голем чин, го издејствувал поставувањето на Марциан со помош на Пулкерија Августа, сестра на Теодосиј.

Во секој случаі, на 25 август 450 година, Пулкерија била таа која на Марциан му ја дала царската дијадема.

Илириец по потекло, Марциан бил роден во 392 година. Служел како трибун во 421 година и се борел против Персијците, но поради болест никогаш не учествувал во било какви вистински битки. По ова негово поставување, петнаесет години служел како личен асистент на генералот Аспар.

Владеењето на Марциан речиси веднаш започнало со промена на политиката кон Атила и Хуните. Во своите последни години, како што спомнав претходно, Теодосиј II се откажал од борбата против Хуните. За да ги смири нив и да ги сопре нивните напади, прибегнал кон плаќање големи обештетувања. Но, набргу по своето крунисување, новиот император одбил да им плаќа на Хуните. Не било изненадување, бидејќи одлуката на Марциан била поддржана од градската аристократија која силно се спротивставувала на плаќањето обештетувања. Во исто време, Атила бил премногу зафатен со царската политика за да се справи со Марциан и, пред да може повторно да го насочи своето внимание кон Истокот, тој умрел. Набрзо по неговата смрт, неговото царство се распаднало. Тогаш, Марциан брзо формирал сојузи со оние народи кои претходно биле под хунска доминација, вклучувајќи ги и Остроготите, и го спречил повторното искрснување на Хуните. На преостанатите Хуни им било дозволено да се населат во Панонија, Тракија и во Илирикум /Illyricum/ и во текот на времето тие се асимилирале со локалното население.

Марциан, последниот император од династијата на Теодосиј умрел од гангрена на нозете, во јануари 457 година, на возраст од 65 години. Бил погребан во Црквата на Апостолите, веднаш до неговата жена Пулкерија. Тој не оставил наследник.

По смртта на Марциан, неговиот зет Антемиј бил најверојатен кандидат за тронот, но, тој не обезбедил поддршка од генералот Аспар /Aspar/, Аспар издал декрет според кој императорите треба да бидат избирани од војската, според македонската традиција, и го препорачал Лав како нареден кандидат. Командантите на Аспар не се осмелиле да го одбијат неговиот избор и Лав бил крунисан за император од страна на Анатолиј /Anatolius/, патријархот на Цариград. Лав, кој бил роден во 401 година, по потекло бил Тракиец.

Иако Лав бил император, вистинската власт останала во рацете на Аспар, во најмала рака за наредните шест или седум години. Императорот Лав многу го сакал својот внук Лав, од неговата ќерка Ариадна /Ariadne/, и затоа го издигнал до ранг на Август во октомври 473 година. Набргу потоа, императорот Лав се разболел и умрел. Го наследил шестгодишниот внук Лав II во јануари 474 година. Зено /Zeno/, таткото на Лав II, бил регент во тоа време, но по приближно еден месец по смртта на Лав, Зено сам се издигнал на ранг на ко-император. За помалку од една година, младиот Лав II умрел. Имало гласини дека Зето го убил својот син за да му го одземе тронот.

Зено бил Розоумбладиец /Rosoumbladian/ од провинцијата Исаурија /Isauria/ во југоисточна Мала Азија. Кратко време по смртта на сопствениот син, злоделата што ги правел Зено го стигнале. Кога била водена истрага за него како осомничен за смртта на својот син, на површина излегле и други злодела. Бил вплеткан во погубувањето на генералот Аспар и на Аспаровиот син.

За да одбегне да биде погубен, Зено побегнал од Цариград и се вратил во Исаурија, Во отсуство на Зено, Сенатот избрал нов император по име Василикус /Basiliscus/, зет на императорот Лав. Василикус, како што се испоставило, бил помалку популарен дури и од Зено, особено откако ги издигнал: својата жена Аелија Зенонис на ранг Августа,

постариот син маркус на ранг на Цезар и ко-император, а неговите помлади синови Лав и Зено на ранг на Цезари. Друга причина за неговата голема непопуларност било неговото отворено фаворизирање на христијанската монофизитска вероисповест (верници кои веруваат во единствената природа на Исус Христос, дека тој има една неделива природа која е и човечка и божествена). За населението на Цариград ова било ерес.

Василикус паднал во немилост и кај моќниот "Господар на војницито", Теодорик Страбо, Наспроти советот на Страбо, Василикус унапредил еден озлогласен плејбој, по име Арматус, на ранг на Господар на војниците. Очигледно, Арматус бил љубовник на императорот. Како резултат на тоа, еден од неговите помоќни исауријански генерали по име Илус, кој првобитно бил учесник во заговорот против Зено, изморен од грубите грешки на Василикус, го напуштил Цариград и му се придружил на Зено. Без поддршка на војската, Василикус, практично, бил готов. Речиси во исто времо, Зено почувствувал дека било вистинско време да излезе од прогонството и во август 476 година тргнал кон Цариград без никаков отпор. Неговата прва деловна наредба била прогонство за Василикус, неговата жена и синовите во Кукусус /Cucusus/ во Кападокија, каде што умреле од глад.

Владеењето на Зено траело се до 491 година. Во текот на тоа време, меѓу другото, Цариград бил под четиригодишна опсада на Остроготите. Балканот, вклучувајќи ја и Македонија, повеќе пати биле опустошени, а бројот на населението се намалил поради силните војни кои се ределе една по друга. Зено не оставил очигледен наследник, но Ариадна, жената на Зено, препорачала позицијата да му биде дадена на Анастасиј кој бил искусен функционер, со силен карактер и достоен за доверба и кој бил почитуван во целото царство. Тој сторил се што можел да ги смири теолошките непријателства меѓу ортодоксните и монофизитските христијани. Изградил голем одбранбен ѕид во должина од педесет милји, по должината на границата со Дунав за да ги држи под контрола варварските упади. Исто така, ги распуштил и ги испратил дома проблематичните исауријански трупи, кои станале многу непопуларни во неговиот главен град.

Анастасиј умрел во 518 година, добро почитуван и со полна државна благајна. Бидејќи не оставил наследник на тронот, уште еднаш останало на бојката да го направи наредниот избор. Бидејќи бил на вистинско место во вистинско време, а имајќи и многу пријатели, на Јустин /Justin/ но му требало ништо повеќе за да влезе во светот на политиката. Иако бил неписмен и веројатно имал повеќе од осумдесет години, Јустин бил избран за император во 518 година. Владеењето на Јустин е значајно поради основање на една династија во која спаѓал и неговиот многу значаен внук Јустинијан I.

Јустин бил роден во 435 година и, како син на илиријански земјоделец, тој и се придружил на војската за да ја избегне сиромаштијата. Поради своите воени способности, се издигнал до чиновите генерал и командант на стражата во палатата под водство на императорот Анастасиј I. Во текот на последните години на Јустин, Царството се нашло под ударите на Остроготите и на Персијците. Неспособен да се справи со притисоците на политиката, здравјето на Јустин почнало да попушта и на 1 април 527 година формално го именувал Јустинијан за свој ко-император и наследник. Јустин умрел на 1 август 527 година и бил наследен од Јустинијан.

ГЛАВА 15 - ЈУСТИНИЈАН I, НАЈГОЛЕМИОТ ВЛАДЕТЕЛ НА ВИЗАНТИЈА

“Штом владата престанала да ја форсира употребата на латинскиот јазик и римските институции врз неговиот народ, Источното Царство рапидно станало поисточно по своите обичаи и изглед”.
(http://www.ukans.edu/kansas/medieval/108/lectures/justinian.html)
Пред да бидат познати како Византијци, или пред да бидат нарекувани источни ортодокси, па дури и пред да станат посебно царство, тие на Македонците им биле познати како Православни; антички народ обединет со една заедничка (источнохристијанска) вера која опстојала до ден-денес и има силно значење за верниците.

До 500 година, христијанството станало стандардна религија во Македонија и македонскиот јазик и култура повторно воскреснале заедно со неа. Како што веќе е спомнато, латинскиот јазик почнал да опаѓа околу четиристотини години пред тоа, а коине јазикот бил јазикот на администрацијата и трговијата, далеку од досегот на обичниот Македонец.

Скромните почетоци на христијанството можеби започнале со коине јазикот, но за да биде разбрана и сфатена пораката на Исус од масите, таа морала да биде искажана на јазикот што го користеле тие. Денос е добро познато дека јазикот на христијанството во Македонија бил макодонскиот старословенски црковен јазик, јазикот на просветувањето кој го прославија Кирил и Методиј.

Пред да продолжам со сторијата за Јустинијан, би сакал да направам мала дигресија и да ја истражам словенската поврзаност со Македонците. Моја намера е овде да покажам дека македонскиот јазик на масите постоел пред Христа, наназад се до предисторијата.

Добро е документирано дека античките Македонци, вклучувајќи ја и војската на Александар и самиот Александар, зборувале јазик кој им бил познат само на Македонците. Денес, благодарение на лингвистот Антони Амброжич и на неговите преводи на Дура-Еуропос

натписите, утврдено е дека тој јазик е коренот на истиот јазик што денес го зборуваат современите Македонци.

Лесно може да се заклучи дека јазикот на Дура-Еуропос натписите е од македонско потекло. Според современите методи за утврдување на времето, докажано е дека натписите датираат од првиот век пред нашата ера, односно околу 700 години пред наводниот "словенски јазик", според вообичаената историја, да стигне на Балканот. Но, овие нови докази противречат на старите тврдења дека современите Македонци се потомци на Словените кои извршиле инвазија на Македонија во шестиот век по Христа.

Дали современите Македонци се потомци од Словените кои ја освоиле македонија во текот на VI век или се потомци на античките Македонци кои живееле на Балканот во првиот милениум пред нашата ера? Ова е контроверзно прашање кое бара внимание и наш императив е детално да го истражиме и разгледаме.

"Она што ние денес знаеме за потеклото на Словените, во голем степен, е наследство од XIX век. Еден научен потфат неразмрсливо поврзан со фалсификување на национални идентитети..." (Стр. 6, Флорин Курта, Фабрикувањето на Словените, Историја и археологија на регионот по долното течение на реката Дунав /Florin Curta, The Making of the Slavs, History and Archeology of the Lower Danube Region/, c. 500 - 700, Cambridge: Cambridge University Press, 2001).

"Наместо голема навала на Словени кои доаѓале од Припетските мочуришта, јас предочувам една форма на идентитет на група која аргументирано би можела да се вика етничка припадност и која се појавила како одговор на спроведувањето на еден градежен проект на Јустинијан на дунавската граница и во Балканот. Словените, со други зборови, не дошле од север, туку станале Словени само во контакт со римската граница." (Стр. 3, "Правењето на Словените, Историја и археологија на регионот по долното течение на реката Дунав, c. 500 - 700, Cambridge: Cambridge University Press, 2001.)

Словените, за разлика од другите хорди кои навлегле на Балканот во првиот милениум по Христа, станале многу важни во текот на XIX век, особено во 1833 година, кога словенските јазици биле признати како индоевропски. Како

денешниот англиски јазик, така и словенскиот јазик од XIX век, лингвистички поврзувал многу нации заедно. Но, дел од словенските академици од XIX век намерно или ненамерно ја интерпретирале оваа лингвистичка заедничка особина како етничка заедничка особина, која етнички ги поврзува сите Словени заедно. Со други зборови, ако некој зборувал на словенски јазик, тогаш тој мора да припаѓал на "словенско племе", што во модерна смисла е исто што и да се верува дека ако некој зборува англиски, тогаш тој мора да припаѓа на "англиско племе".

Идејата да се истражи потеклото на Словените била родена од теоријата дека "сите нации мора да имаат предци во античкиот свет". За жал, проучувањето на Словените започнало, речиси, исклучително како лингвистички и филолошки потфат, игнорирајќи ги историографијата и археологијата како средство за утврдување на етничката припадност. Само врз лингвистички докази се проценува дека античката татковина на Словените, најверојатно лежи меѓу реките Висла, Дњепар, Десна и Западна Днива и Карпатите или, можеби, во Полесје /Polesje/, во триаголникот формиран од Брест-Литовск /Brest-Litovsk/ и Мохилев-Киев /Mohilev-Kiev/, Ако било каква археологија се користела за да се извлечат овие проценки, тогаш таа била користена многу почесто отколку што се мисли за да се илустрира заклучокот кој веќе бил извлечен од анализата на лингвистичкиот материјал. Концептот за "словенска етничка припадност" бил моќно орудие за градителите на нации за националистите од XIX век кои го користеле истиот за да ги поврзат своите народи, а словенскиот јазик бил совршен инструмент за истражување на словенската историја. Но, словенската историја започнала со првото спомнување на Словените, што се случило во времето на Јустинијан, во шестиот век по Христа.

Измислувањето на "словенското племе", за жал, имало негативни последици за македонскиот народ кои се уште се чувствуваат до ден-денес. Претпоставката дека Македонците се Словени само поради тоа што нивниот јазик припаѓа на словенското семејство на јазици, несвесно го претворил македонскиот народ во жртва на современата политика. Откако биле класифицирани како Словени, Македонците од

XIX век биле сметани како освојувачи на своите лични прадедовски земји. Бидејќи во историјата не се спомнува дека Словените живееле во Македонија пред VI век по Христа, природно е да се претпостави дека Словените мора да дошле во Македонија од некое друго место.

За среќа, во последниве педесетина години, историчарите за да добијат одговори прибегнуваат кон археологијата и почнуваат да откриваат нови докази кои, многу почесто, им противречат на старите верувања. Археолошките докази комбинирани со ДНК и генетските студии, полека откриваат дека современите Македонци не се новодојденци, туку всушност се потомци на постари раси народи кои живееле на Балканот.

Како што е претходно спомнато, Словените за првпат настанале како последица од стапувањето во контакт со Јустинијановата администрација во текот на VI век по Христа. За жал, Јустинијановата администрација оставила премалку индиции за потеклото и јазикот на овој народ. Повторно, најголемиот број обиди да се идентификува потеклото на Словените биле направени од лингвисти и филолошки експерти под влијание на предрасудите на националистичките амбиции од XIX век.

Многу историчари денес веруваат дека распространетата употреба на словенскиот јазик започнала со Венетите. Во текот на првиот милениум пред нашата ера, Венетите ја зафаќале речиси чела Европа, вклучувајќи го и Балканот. Венетите ги спомнуваат Херодот, Полибиј, Страбо, Птоломеј, Ливиј, Помпониј Мела, Тацит и Јордан /Herodotus, Polibius, Strabo, Ptolemy, Livy, Pomponius Mela, Tactius, Jordanes/.За жал, за многу антички историчари Венетите биле само уште едно варварско племе и многу малку се знаело за нив. Венетите биле спомнати и во Цезаровата книга во која тој дава извештај за освојувањето на Галија. Мегу другите работи, Цезар им дава комплимент на Венетите поради тоа што му пружиле голем отпор. “Венетите се далеку најсилното племе на брегот” напишал Цезар. “Тие ја поседуваат најмоќната флота со која пловат дури до Британија”. (Стр. 197, Јожко Шавли, Матеј Бор, Иван Томажич, Венети: Првите градители на европската заедница

/Jozko Šavli, Matej Bor, Ivan Tomazic, VENETI: First Builders of European Community/, Boswell, B.C., 1966).

Првиот писател кој ги спомнува Венетите бил Хомер, околу 800 години пред Цезар. По паѓањето на Троја, Енетоите (Венетите), кои според Ливиј се бореле на страната на Троја, ги избркале Етрусканците и Еугенетите во Либурнија по едно долго патубање по море, долж илирскиот брег, а потоа се населиле на другата страна од реката Тимара. Ливиј, исто така, спомнува дека Пафлагонија /Paphlagonia/, на јужниот брег на Црното Море, била татковина на Венетите. Но, според Тацит и Птоломеј, големиот народ на Венетите живееле во регионот помеѓу Вистула, Дунав и централен Дњепар /Dneiper/.

Постои блиска паралела помеѓу Словените на Јустинијан и Венетите. Најверојатно е дека Јустинијан наишол на Венетите во регионот на реката Дунав и, бидејќи не ги познавал, ги класифицирал како Словени, што едноставно било произволно административно етикетирање за варварските племиња што тој ги лоцирал од другата страна на Дунав.

Вистинската сила на лингвистичката поврзаност на Венетите со Словените, ни доаѓа од преводите на Антони Амброжич на венетските натписи пронајдени низ цела Европа. Голем дел од овие натписи датираат од првиот милениум пред Христа. Поспецифично е што Амброжич верува дека Венетите биле протословени и дека нивното присуство се чувствувало во Дура-Еуропос преку Македонците. (Стр. 86, Антони Амброжич, Збогум на Бретања, транскрипција и превод на пасуси и топоними на венетски јазик, Торонто: Cythera Press 1999).

Според Амброжич, Венетите од вториот милениум пред Христа не постоеле само на големиот завој на реката Дунав, туку и на реките Морава, Тимок и Вардар. Всушност, етимологијата на неколку топоними од ова подрачје упатуваат директно на нив. Тие поврзуваат мноштво други именувани според нив. Бидејќи речиси без исклучок ги има по должината на пловните патишта, на стариот свет, на кои се наплаќало патарина, ваквите топоними ги имало дури од Ванес /Vannes/ на Атлантикот, до Банасак /Banassac/ на реката Лот и Венеција на Јадранот. Ги наоѓаме по долното

течение на реката Тиса во Банат, надолу по Морава до речните брегови на северна Тракија, каде Херодот ги забележува во V век пред Христа (Стр. 87, Антони Амброжич, Гордиевиот јазол одврзан. Toronto: Cythera Press, 2002).

Немам намера овде да дебатирам за потеклото на Словените надвор од Македонија, туку повеќе да илустрирам дека тие постоеле на Балканот пред VI век по Христа. Има доволно докази што Шавли, Бор, Томажич, Амброжич и Курта го обезбедуваат за Словените од шестиот век да се поврзат со предисториските Венети. Доказите презентирани од овие автори, по мое мислење, ги премостуваат Словените со Венетите и обезбедуваат лингвистички континуитет за современите Македонци барем од раните години на првиот милениум пред Христа.

Амброжич, преку преводите на античките натписи, исто така, открил дека античките Пелазги, кои го зафаќале јужниот Балкан пред првиот милениум по Христа и Фригијците од Македонија и Мала Азија, кои го зафаќале анадолското плато пред 3.200 години, исто така, имаат лингвистички врски со Венетите. (Стр. 85 до 87, Антони Амброжич, Гордиевиот јазол одврзан, Toronto:Cythera Press, 2002). Ова природно укажува дека, барем лингвистички, Венетите оставиле свој знак врз многу етнички групи во балканскиот регион.

Пред да завршам со анализата на поврзаноста помеѓу Македонците и Словените, сакам да го разбијам современиот мит дека Словените од VI век извршиле инвазија на Македонија и ги убиле сите Македонци.

Историјата не нуди докази за сурови битки помеѓу Словените и потомците на античките Македонци од VI век, ниту, пак, покажува архивски записи дека се случиле било какви масакри. Всушност, историјата ги прикажува Словените како мирољубив народ кој често бил способен за коегзистенција со други раси во Македонија. Освен непознатиот автор на книгата Две од чудата на св. Деметриј, кој ги прикажувал Словените како сурови, брутални и нерелигиозни варвари, има малуброjни докази дека Словените вршеле злосторства во Македонија. “Од друга страна, пак, се добива впечаток дека присуството на

Словените било добро познато. Народот од Солун често ги нарекувал “нашите словенски соседи”.” (Стр. 61, Флорин Курта, Фабрикувањето на Словените, Историја и археологија на долното течение на реката Дунав с. 500-700, Cambridge, New York, 2001). Словените, спротивно на распространетото и прифатено верување, се чини дека биле во добри односи со жителите на Солун, снабдувајќи ги со житарици и друга стока.

Гледајќи на проблемот од стратешка гледна точка, би требало Словените да имале бројна супериорност, да ја преминат реката Дунав, па да се спуштат по Балканските Планини за да ја поразат моќната православна (византиска) војска, а потоа да го уништат целото население. Историјата нема архивски записи дека било кога голема војска на Словените ја преминала реката Дунав, или за големи битки на Словените со Православните. Всушност, историските записи покажуваат дека повеќето Словени биле раселени бегалци, жртви на војните на други народи, кои, во мал број, мирољубиво патувале заедно со своите семејства, бараќи земја да ја обработуваат.

Нема негирање и сомнение дека римската окупација, варварските инвазии, движењето на народите на Православните и отоманската окупација оставиле свои траги врз генетските маркери на современите Македонци, како што тие имаат оставено и врз сите други балкански народи. Но, постојат силни докази кои сугерираат дека голем дел од современото македонско население е генетски поврзано со античките Македонци.

По прашањето за македонската национална припадност, како и другите нации на Балканот, современите Македонци со текот на годините развиле посебна македонска национална свест дека никој однадвор нема право да спори и побива историски прашања, особено не оние кои не се со сигурност решени.

А сега да се вратиме назад на сторијата за Јустинијан. Се вели дека Јустинијан зборувал на коине јазикот со тежок варварски акцент. Иако не е специфично утврдено со кој варварски акцент, бидејќи бил роден во Таор, скопско, Република Македонија, се претпоставува дека тоа бил словенски или можеби македонски акцент. Нема валидни

причини да се отфрли македонското потекло на Јустинијан. Сепак, тој бил син на словенски селанец од Скопје.

Јустинијан, синот на Сабатиус и Вигилантиа, бил роден во месец мај, 483 година и на почетокот се викал Петрус (Петре). Бидејќи бил син на сестрата на императорот Јустин, Петре, понекогаш го викале и Упрауда (веројатно нагалено име), бил попривилегиран од повеќето македонски селани и му било овозможено да стекне солидно образование во Цариград (Константинопол). Петре го зел името Јустинијан според својот вујко, императорот Јустин I кој го посвоил.

Откако бил посвоен, Јустинијан бил прогласен за конзул во 521 година а нешто подоцна ја стекнал и титулата штабен генерал. Но, вистинскиот пробив во неговата кариера се случил во април 527 година кога станал Август и ко-император на Јустин. По смртта на Јустин, во август 527 година, Јустинијан станал единствен и неспорен владетел на Православното (Византиско) Царство.

Пред да стане император, Јустинијан ја имал таа среќа да се ожени со жена, која во текот на својот живот била инспирација за неговата кариера и била капитал за Царството. Јустинијан се оженил со Теодора во 523 година.

Теодора била една од трите ќерки чиј тако бил вработен од страна на Зелената фракција како чувар на мечки во хиподромот на Цариград. Нејзината мајка била професионална танчарка и глумица. Таткото на Теодора умрел кога таа се уште била млада и нејзината мајка се премажила со надеж дека Зелените ќе го назначат нејзиниот нов маж за чувар на мечките. Но, за жал, Зелените го одбиле. Бидејќи биле сиромашни, семејството и се обратило на Сината фракција која кратко време пред тоа го изгубила својот чувар на мечки и, по извесни преговори, ја добило работата. Штом Теодора пораснала доволно за да работи, станала глумица-имитатор и останала лојална на Белата фракција, која ќе одигра важна улога во иднината на нејзината империја.

Се вели, најмногу од страна на Прокопиј /Procopius/, дека Еуфемија, жената на Јустин, се противела Јустинијан да се ожени со Теодора, поради тоа што таа не била во беспрекорно добра состојба, бидејќи и глумиците и проституките, всушност, биле исто. Набрзо по смртта на

Еуфемија, Јустин донел устав со кој се објавило дека секоја покајничка глумица, која е волна да се откаже од својата професија, повторно ќе си ја добие својата беспрекорна состојба и може да се омажи за кого сака, дури и за сенатор. Потоа, патот на Јустинијан да се ожени бил расчистен, но, за жал, имало уште една пречка. Теодора станала следбеник и го прифатила монофизмот на Коптската црква која верувала дека Христос има една природа која е мешавина од човековата и божествената природа. Јустинијан не само што ги почитувал верувањата на својата жена, туку тој, исто така, ги штител монофистите кои биле сметани за еретици од страна на црквата во Цариград. Овој голем гест од страна на Јустинијан направило монофистите да почувствуваат дека имаат заштитник во Цариград и нивната верност и лојалност кон императорот и кон Империјата останале постојани и сигурни.

Триесетиосумгодишното владеење на Јустинијан било најбрилијантното во постоењето на Империјата и било исполнето со големи настани, и во мир и во војна. Јустинијан бил најпознат по своите правни реформи, администрацијата на Царството и по црковната и надворешната политика.

Јустинијан е познат и му е најблизок на современиот свет по неговата дејност како законодавец и кодификатор на законот. Тој бил еден од првите императори кој презел сериозни дејства да го модернизира архаичното и збунувачко право. Јустинијан верувал дека едно големо царство мора да има сила на организирано единство кое се темели врз оружјето и врз правото. Неговиот процес на модернизација започнал така што наредил раштрканите укази и наредби на своите претходници да бидат собрани, наредени и логички организирани во еден целосен кодекс, така што секој граѓанин ќе може да го научи правото по било кој предмет. Освен кодифицирањето, и самиот Јустинијан исто така напишал неколку закони.

Целата законска регулатива била собрана така што најпрво се формирала комисија од десет правници да го редуцираат гломазниот кодекс на Теодосиан, објавен во 438 година, на еден уреден и концизно сумиран преглед, со цел во него да се вметнат нови закони. Кодексот бил завршен во 529 година. Потоа, одговорите дадени од властите во текот на

годините, кон потврдени и признати случаи, биле повторно прегледани, најдобро мохно искористени и подредени во педесет книги, редуцирајќи ја, на тој начин, правната библиотека од сто и шест томови на околу една петина од нејзината оригинална големина. Овие книги биле познати како “Digest”, односно “Краток приказ” или “Pendects” и биле објавени во 530 година. На крај, еден наставен прирачник, познат како “Institutes”, односно “Институти”, за студентите по право,бип составен од коментарите на Гаиус /Gaius/ од вториот век и објавен во 530 година. Во 534 година целиот труд бил ревидиран и бил додаден четвртиот дел, “Authentic” или “Novels”, односно “Вистинити”, кој ги содржел последните одлуки донесени од судовите на Јустинијан. Нема да биде претерано ако се каже дека собраните дела за правото, продуцирани во тоа време, се уште претставуваат основа за граѓанско право во секоја цивилизирана земја во современиот свет.

Јустинијан, исто така, бил познат по својот придонес кон она што.денес го нарекуваме византиска уметност или архитектура. Византискиот стил на архитектура, барем во нејзината совршена форма, својот почеток му го должи на Јустинијан и на архитектите што тој ги вработил. Неговата активност во градежништвото била голема и го покривала целото негово царство, од Равена до Дамаск, со величествени споменици. Сите подоцнежни градби и на Исток и на Запад водат потекло од неговите модели. Двете најпознати негови градби се црквата Нашата Леди /Our Lady/ (сегашната џамија Ел-Акса) во Ерусалим и, далеку најраскошната и најпрекрасната од сите, големата црква Света Софија во Цариград. Оваа црква, изградена од Антемиј од Трал /Tralles/ и Исидора од Милет, била осветена на 27 декември 537 година и до ден-денес останува едно од чудата во архитектурата во нашиот свет.

Интересите на Јустинијан не биле ограничени само на црковната архитектура. Неговата администрација била, исто така, ангажирана во големи проекти, како изградба на кејови, пристаништа, патишта, аквадукти, замоци, тврдини и утврдување и поправка на градските ѕидини.

По прашањата поврзани со религијата, црковната политика на Јустинијан била комплексна и променлива. Многу години

пред времето на Јустин, Источниот свет бил погоден од борбите на монофистите. Монофистите признавале само една природа во Христос, наспроти гледиштето кое тогаш и оттогаш се одржува како православно, односно ортодоксно, дека божествената и човекова природа заедно постојат во Христос. Последнава доктрина била прифатена од Советот во Халкедон /Chalcedon/ на кој присуствувала целата Западна црква, освен Египет, голем дел од Сирија и Мала Азија и значително мнозинство во Цариград кое цврсто се држело за монофистизмот.

На почетокот на владеењето на Јустинијан, и православните и монофистите се спротивставувале на идејата за поделба во христијанските земји меѓу христијаните. До крајот на неговото владеење, постоела силна организација на монофистите и, иако не бил постојан, расколот сепак постоел.

Еден од првите јавни акти на Јустинијан било да стави крај на овој раскол. Ја почнал својата кампања убедувајќи го Јустин да го убеди тогашниот патријарх да се откаже од оваа формула и да ја објави својата целосна приврзаност кон кредото на Халкедон. Тогаш, кога самиот Јустинијан станал император, се обидел да ги убеди монофистите да и се придружат на општоприфатената црква, свикувајќи некои од нивните лидери на конференција. За жал, неговите обиди биле безуспешни и затоа почнал да ги прогонува, но не до оној степен до кој ги прогонувал еретичките монастисти и аријанци /Monastists, Arians/. По долго време, долгите расправи и бесконечните преговори довеле црковното расколништво дури и да се влоши и на крај да стане трајно.

Проблемите на Јустинијан не биле ограничени само на црковните расколништва. Во јануари 532 година бил соочен со улични насилства во Цариград кои со време станале познати како Ника /Nika/ револт. Како и секој друг голем град вреден да се спомне, така и Цариград имал свои групи кои се тркале со бојни коли, именувани според нивната боја: црвени, бели, сини или зелени. Тоа биле професионални организации одговорни за селектирање тимови кои ќе се тркаат со бојни коли на хиподромите. Но, во времето на Јустинијан тие биле одговорни и за претстави и други активности. Сините и Зелените бпле доминантни групи, но

Црвените и Белите, исто така, уживале поддршка од толпите, па дури и од важни личности. Императорот Анастасиј, на пример, бил навивач на Црвените. Фановите, како што денес ги викаме, на секоја група имале означени свои блокови и места на хиподромот.

Јустинијан и Теодора биле навивачи на Сините и, кога уличните насилства почнале да ескалираат додека владеел Јустин, тие ги поттикнувале насилствата. Откако Јустинијан станал император, почнал да презема силни дејства против поттикнувачите.

Проблемот започнал во сабота, на 10 јануари 532 година кога градскиот префект, кој претходно уапсил неколку хулигани и обвинил седуммина за убиство, наредил да бидат обесени надвор од градот, кај Сика /Sycae/, од другата страна на Златниот Рог /Golden Horn/. Пред да бидат обесени затворениците, скелето се скршило и двајца од нив, еден Син и еден Зелен, побегнале. Некои калуѓери од блискиот манастир им дале засолниште во црквата Св. Лоренс. Наредниот вторник, додека двајцата се уште се криеле во црквата, фракциите на Сините и Зелените организирале демонстрација и го молеле Јустинијан да покаже милост кон затворениците. За жал, Јустинијан ги игнорирал нивните молби и продолжил да ги гони. Неумолливи, Сините и Зелените продолжиле со своите молби се до дваесет и втората трка кога нивната фрустрираност прекипела и тие пламнале. Тогаш, здружени го истакнале банерот на кој пишувало "Ника" и излегле на улиците. Кога започнале немирите, судските службеници се засолниле во палатата и набљудувале како уличните олоши пљачкосуваат по градот.

Јустинијан се обидел повторно да ги продолжи игрите наредниот ден, но само испровоцирал поголеми немири, гнев и палежи. Побуната и уништувањето продолжиле во текот на целата недела. Дури и пристигнувањето на царските трупи од Тракија не успеало повторно да воспостави ред. Во недела, пред изгрејсонце, Јустинијан апелирал до масите на хиподромот, покајувајќи се јавно и ветувајќи амнестија. Масите, за жал, дури станале и понепријателски и го натерале Јустинијан да бега за да си го спаси животот.

Но, најлошото допрва доаѓало. Пред таа ноќ, Јустинијан ги отпуштил Хипатиј /Hypatius/ и Помпеј, двајцата внуци на

императорот Анастасиј, од палатата и им рекол да си одат дома. Но, наместо да одат дома, тие двајцата отишле на хиподромот каде што биле пресретнати од дел од толпите. Во нивниот бес, толпите се откажале од Јустинијан како император и го прогласиле Хипатиј на неговото место. Плашејќи се дека толпите насилно ќе влезат во неговата палата, Јустинијан бил спремен да побегне од Цариград. Можеби и ќе го сторел тоа ако не била Теодора која не се исплашила така лесно. Таа, заедно со Белисариј и Нарс, неговите команданти од доверба, го убедила Јустинијан да остане и да пружи отпор. Речиси веднаш Белисариј и Мундо биле испратени со своите трупи, а секој од нив си пробил пат до хиподромот. Хипатиј и неговите непокорни следбеници биле опколени и насилно скршени, завршувајќи го немирот "Ника" со 35.000 загинати нарушители на јавниот ред.

Побуната "Ника" очигледно го поставила Јустинијан цврсто на положбата во Цариград, но таа, исто така, му дала можност да ја исчисти куќата не само од непокорните толпи, туку и од политичката опозиција. Сите оние кои му се спротивставувале, вклучувајќи ги сенаторите кои си го покажале своето право лице во текот на побуната, биле елиминирани или побегнале, криејќи се некаде. Револтот му наштетил на Цариград на повеќе начини. Побуната "Ника" му дала апсолутна власт на Јустинијан врз Цариград, а во исто време му го расчистила патот за спроведување на неговата програма за изградба. Работата врз неговата нова црква, Света Софија, која ќе ја замени онаа која била разурната од толпите, започнала само четириесет и пет дена откако завршиле немирите.

По прашањата поврзани за надворешната политика, царството на Јустинијан било вовлечено во три големи војни, две од нив иницирани од Јустинијан, а третата наметната од Персија. Сасанидските кралеви на Персија владееле со регион што се протегал од Сирија до Индија и од Оманскиот Мореуз до Кавказ. Воениот карактер на сасанидскиот народ го направил да биде опасен непријател на Православните (Византијците), чии војнице во тоа време, главно, биле од варварско потекло. Кога Јустинијан дошол на власт, неговата воена сила кај реката Еуфрат полека слабеела, наспроти постојаните провокативни напади на Сасанидите. Но, по

неколку походи воените вештини на Православните се подобриле и Беласариус постигнал значаен успех и еден мировен договор со Сасанидите бил склучен во 533 година. За жал, договорот траел се до 539 година кога Сасанидите објавиле војна, поради тоа што, наводно, Јустинијан тајно ковал заговори против нив со Хуните.Во тоа време Јустинијан бил вклучен во еден поход во Италија, па не бил способен соодветно да ја брани својата источна граница. Затоа Сасанидите напредувале кон Сирија со мал отпор и до 540 година го освоиле Антиох и ги поробиле неговите жители. Додека војната на источната граница се одолговлекувала четири години, една, дури и пожестока борба, еруптирала во планинскиот регион во југоисточниот дел од Црното Море, која траела дваесет и две години и без јасен победник. Во 562 година било постигнато примирје и спорниот регион им бил оставен на Православните, со договор Јустинијан на персискиот крал да му плаќа годишен данок од триесет илјади златници. Оваа војна не само што била непријатна за Јустинијан, туку таа во голем степен го ослабела Царството и го забавила неговиот капацитет за водење походи на Запад.

Походите на Западот започнале во 533 година со напад на Вандалите кои тогаш ја контролирале Африка. Белисариј бил испратен од Цариград со една голема флота и војска. Се истоварил без отпор и ја уништил базата на варварите во само две битки. Северна Африка била ослободена од онаа страна на Гибралтарскиот Мореуз до Сирт /Syrtes/ и потпаднала под контрола на Православните. Во западна Европа, Маварите го контролирале најголемиот дел од Шпанија, но Православните успеале да повратат делови од јужното крајбрежје. Имајќи ја предвид силата на непријателот, трупите на Јустинијан се стекнувале со искуство и постигнувале победи со леснотија.

Победите во Африка го охрабриле Јустинијан да им објави војна на Остроготите во Италија, кои биле без водач. По смртта на Теодорик, и подоцна на неговиот внук Атбаларик, готското лидерство ослабело и тие останале, речиси, без водач. Готското Кралство било пространо и ги опфаќало југоситочниот дел на Галија, Раетија, Далмација, дел од Панонија, Италија, Сицилија, Сардинија и Корзика.

Јустинијан им објавил војна на Готите во 535 година под изговор да се освети за убиството на кралицата Амаласунта, ќерка на Теодорик, која во тоа време била под заштита на Православните. Јустинијан, исто така, тврдел дека остроготското кралство отсекогаш му ја должи својата верност на императорот во Цариград.

Белисариј, како командант на италијанската експедиција, брзо ја нападнал и навлегол во Сицилија, ја освоил јужна Италија и го зазел Рим во 536 година. Но, неговите брзи победи не поминале беэ да бидат предизвикани. За само една година, Готите избрале нов крал, Витигес, собрале голема воена сила и се одмаздиле. Опсадата на Рим траела повеќе од една година, но Белисариј храбро се држел. Но, не било тоа само цврстата решеност на Белисариј што ги задржала и на крај ги одбила Готите. Во текот на овој период, често избувнувале болести, а трупите на Готите биле нивна жртва. Со ослабената војска, Витиг немал избор освен да се откаже од опсадата. Кога опсадата била прекината, Белисариј преминал во офанзива и ја притиснал војската на Готите во Равена каде, на крај, таа се предала. Витигес бил заробен и станал затвореник на Јустинијан во Цариград. Јустинијан се однесувал кон него со голема сомилост, исто како што се однесувал и кон претходно заробениот крал на Вандалите.

Празнината што била создадена од Готите била пополнета од Православните преку формирање империска администрација во Италија. За жал, поразот на Витигес не значел и крај за Готите. Поголемиот дел од готската нација не се потчинила на владеењето на Православните и готската круна му била доделена на еден друг крал. Кралот Тотила или Бадуила, како што бил познат, бил воин со истакнати способности и успеал да ја истера администрацијата на Православните надвор од Италија.

Белисариј повторно бил испратен, но неговата оружена сила била премала да ја заврши работата. Во текот на неколкуте наредни години, Готите си ги повратиле своите градови еден по еден, со исклучок на Равена, Отранто и Анкона.

Во тоа време Јустинијан имал домашни проблеми. По смртта на неговата жена Теодора, која умрела од карцином во 548 година, и бескрајните црковни контроверзи, тој ниту

имал ресурси, ниту средства да изврши голем поход. Но, со време, тој му потклекнал на притисокот од бројни прогонети Римјани кои упорно го терале да тргне против Италија. Во 552 година, Јустинијан составил моќна армија и под водство на Нарс /Narses/, стар но искусен ерменски генерал, ја испратил да им се спротивстави на Готите.

Нарс маршрал со своите оружени сили по должината на заливот на Венеција и се соочил со војската на Тотила кај Тагина /Taginae/, недалеку од Цесена /Cesena/.Тоа била катастрофална битка за Готите. Тотила бил убиен во битката, а неговата војска десеткувана. Но, Готите, одбиле да се предадат и направиле уште еден херојски обид под водство на Теиј/Teias/, на Лактаријанската Гора /Lactarian Hill/ во Кампанија. Нарс задал уште еден страшен удар по што Готите исчезнале од историјата.

Православните повторно ја покориле Италија, но додека се случило тоа таа била ужасно осиромашен и ненаселен регион чии имоти биле од мала вредност за Империјата. Како што се покажало подоцна, двете војни против Вандалите и Готите биле големо осипување на императорските ресурси, кои можеле да бидат подобро потрошени на одбрана на северните граници од племињата кои вршеле упади.

Освен овие три големи војни, империјата на Јустинијан била вознемирувана од серија инвазии. На северната граница, различни словенски и хунски племиња, кои биле утврдени по должината на долното течение на реката Дунав и северниот брег на Црно Море, вршеле чести пљачкашки експедиции во Тракија и Македонија. Понекогаш, тие продирале дури и до sидините на Цариград, а на југ дури до Истмус /Isthmus/ на Коринт.

Иако правел најдобро што можел да го стабилизира своето Царство, Јустинијан продолжил да се соочува со нови предизвици. Во 556 година бил соочен со уште една побуна; наредната година силен земјотрес го погодил неговиот главен град; една година подоцна куполата на новата црква Света Софија паднала. Како тоа да не било доволно, речиси во исто време со вратила и чумата. Тогаш, во почетокот на 559 година, една хорда Хуни или протобугари го преминале замрзнатиот Дунав и напредувале кон Балканот.

Хуните продреле на Балканот во три колони. Едната колона се пробивала на југ и стигнала се до Термопилите. Другата колона наепредувала кон полуостровот Галиполи, но била запрена од Долгиот ѕид, кој бил бранет од еден млад офицер од родниот град на Јустинијан. Последната и најопасна колона се пробивала кон Цариград.

Соочен со блиска неизбежна инвазија, а без соодветни сили за да се брани, Јустинијан го повикал пензионираниот Белисариј.Тој соста-вил мала војска од 300 војници, негови најдобри ветерани, и им поставиле стапица на Хуните. Штом ги сочекал Хуните во заседа, Јустинијан ја презел контролата врз борбата и ги присилил Хуните на договор. Веста дека Јустинијан повторно ја зацврстува својата дунавска флота, ги загрижила и вознемирила Хуните и тие се согласиле на договор што ќе им овозможи сигурен премин назад преку реката Дунав. Но, штом стигнале северно од Дунав, тие биле нападнати од нивните ривали, Утигурите /Utigurus/, кои биле подбуцнати од Јустинијан да им го украдат пленот.

Хуните (Кутригурсите /Kutrigurs/) можеби биле победени, но не и уништени и се вратиле повторно во 562 година ненадејно да ја нападнат Тракија. Хуните и нивните ривали Утигурсите наскоро станале плен на новата хорда варвари, Аварите, кои преминале од азиските степи во почетокот на 560 година.

Јустинијан умрел во ноември 565 година, а го наследил неговиот внук Јустин II. Несомнено, Јустинијан бил еден од најголемите, ако не и најголем император по Константин кој владеел со Империјата на Православните.

Во своето трагање да изгради голема империја, Јустинијан, за жал, економски ја банкротирал. Некои веруваат дека тоа е еден фактор кој придонел за слабеењето на неговата одбрана на границите во годините што следеле, што им овозможило на варварите да извршат инвазии. "…распаѓањето на воениот систем на Балканот, кој Јустинијан го спроведувал во средината на шестиот век, била резултат не толку многу од уништувањето нанесено од варварските инвазии, колку од сериозните економски и финансиски проблеми предизвикани и од политиката на императорот на други места, и од невозможноста за обезбедување доволна економска поддршка на неговата гигантска програма за изградба на

одбраната. Овој заклучок е поткрепен од анализата на залихите на византиски ковани пари од шестиот век, која сугерира дека инфлацијата, а не варварските напади, е одговорна за големата стапка на загуби." (Стр. 338, Флорин Курта, Фабрикувањето на Словените, Историја и археологија на регионот по долното течение на реката Дунав с. 500-700, Cambridge: Cambridge University Press, 2001).

Не сум заинтересиран на ова место да дебатирам за "словенскиот проблем", освен да покажам дека, ако, навистина, тоа бил проблем, тогаш тој морал да биде универзален проблем за целиот балкански регион се до Средоземното Море. Ако Словените, навистина, упаднале на Балканот en masse, односно групно, и ако ги збришале автохтоните населенија, тогаш тие, исто така, морале да ги убијат сите се до југ, до каде што биле способни да стигнат. Немало никакви sидини, утврдувања или војски да ги сопрат. Но, она што е најинтересно е што, иако конвенционалната историја се согласува со тврдењето дека Словените навлегле и го освоиле целиот балкански регион, вклучувајќи го полуостровот јужно од Олимп, таа самата си противречи во однос на националното потекло на современите населенија. Од друга страна, таа ги дозволува тврдењата за континуитет, поврзувајќи ги современите нации јужно од Олимп со античките нации, но, во исто време, го негира континуитетот за современите нации за населенијата северно од Олимп. Дали е ова историска вистина или политичка иновација, "зготвена" да им служи на интересите на едни, а истовремено да ги ускратува интересите на други? Нели Словените, наводно, го освоиле целиот регион?

Современиот балкански историчар денес се соочува со два контрадикторни проблема. Од една страна, тој е соочен со непотврденото, небулозното тврдење дека Словените упаднале на Балканот en masse и ги убиле неговите "цивилизирани и неагресивни" автохтони жители, а од друга страна, тој е бомбардиран со контрадикторните тврдења за претсловенскиот континуитет на современата раса.

Како што е претходно спомнато, "словенскиот феномен" во голем дел е политички феномен со мало историско значење. Причините што им се припишуваат на Словените, за разлика од Готите, Хуните, Бугарите, Аварите, итн., како виновници

за инвазиите и опустошувањето на Балканот, е да се објасни широката употреба на словенскиот јазик. Со други зборови, "словенскиот феномен" е современа креација од XIX век наменета да ја објасни преовладувачката употреба на современите словенски јазици. Но, најжалосно е, што современите научници избираат да ги игнорираат археолошките докази кои ги поврзуваат Словените од VI век со атничките предисториски Венети. "Археолошките истражување веќе обезбедија огромно количество докази што ја поддржуваат идејата дека Венетите биле Словени." (Стр. 13, Флорин Курта, Фабрикувањето на Словените, Историја и археологија на регионот по долното течение на реката Дунав с. 500-700, Cambridge: Cambridge University Press, 2001). Прифаќајќи ја хипотезата дека Венетите и Словените се поврзани, не само што го обезбедува лингвистичкиот континуитет на современите Македонци со античките Македонци, туку и го идентификува таканаречениот "таинствен" македонски јазик на античките времиња. Имајќи го предвид ова, не можеме да ги негираме тврдењата дека македонските војници и населениците на Александар зборувале на словенски јазик и дека тој бил раширен низ целото огромно пространство на нецивилизираните региони на источна Европа и северна Азија. Исто така, не би било неверојатно да се претпостави дека Македонците на Александар колонизирале делови од европска Русија, што би било потврда за многуте заеднички топоними кои Македонија и европска Русија ги споделуваат.

А, сега да се вратиме на сторијата за Јустинијан. Јустинијан не оставил свои деца кога умрел, но изгледа дека немало кусок од наследници. Теодора умрела седумнаесет години пред Јустинијан, оставајќи го без деца. Јустинијан имал околу половина дузина внуци, но Јустин, синот на неговата сестра Вигилантија, се покажал дораснат на ситуацијата да го заземе местото на Јустинијан. Јустин или Јустин II, како што подоцна бил познат, бил женет со Софија, една од внуките на Теодора. Јустин, најпрво, се појавил на политичката сцена во 552 година кога бил назначен да биде одговорен за секојдневните деловни работи во палатата. Неговото однесување со важни личности, вклучувајќи го Тиберај, кој на крајот ќе го наследи него, му го дало

потребниот публицитет за да ја добие поддршката на палатата. Негов единствен ривал бил Јустин, синот на Герман, кој кога умрел Јустинијан бил господар, односно заповедник на војниците во Илирија, чувајќи ја границата на реката Дунав.

Кога Јустинијан неочекувано умрел, ноќта на 14 ноември 565 година, Јустин бил на вистинското место во вистинското време за да ја добие својата акламација. Група сенатори со брзање отишле во палатата на Јустин за да се сретнат со Јустин и Вигилантија и да рапортираат за смртта на Јустинијан. Јустин и Софија со придружба отишле во Зелената палата каде што Јустин бил крунисан од патријархот. Наредното утро, Јустин се појавил во императорската ложа на Хиподромот, носејќи ја круната и примајќи акламации од народот. Еден ден по својата инаугурација, Јустин ја крунисал својата жена Софија за Августа.

Првиот деловен налог на Јустин II било отплатување на долговите на Јустинијан. Јустинијан ги акумулирал долговите, во своите последни години, така што собирал пари преку присилни заеми. Освен тоа, единството на Империјата зависело од теолошкиот мир. Јустинијан умрел и ја оставил црквата во криза. Неслогата помеѓу фракциите на Халкедонците и Монофиситите била поголема од било кога. Сега, кога Монофиситите имале свои свештеници и епископи, било помалку веројатно дека било кога расколот ќе биде излечен. Императорката Софија, како и нејзината тетка пред тоа, отворено била Монофисит. Јустин II најверојатно бил наклонет во истиот правец, но сфатил дека симпатиите кон Монофиститите би биле политичка одговорност, па ја убедил својата жена и тие двајцата станале православни.

Во меѓувреме, Јустин II не губел време и наредил да биде убиен неговиот ривал Јустин, син на Герман. Без никакви предизвикувачи и самоуверен во своите сопствени способности, Јустин ја презел улогата на император и почнал да прима пратеници. Во рок од една недела пристигнале Аварите, барајќи ги нивните субвенции кои Јустинијан им ги ветил, но Јустин одбил да им плати. Набрзо потоа, Јустин бил вовлечен во аварските, гепидските и ломбардските

прашања /Avar, Gepid, Lombard affairs/ и како резултат на тоа ја изгубил Италија. Ломбардите упаднале во Италија во 568 година и ја освоиле само за неколку години. Во 572 година, предлозите што им ги дал Јустин на Турците довеле до војна со Персија и по два катастрофални похода, Персијците ја освоиле Сирија. Било постигнато едногодишно примирје со Персија по цена на губење на Арменија и по цена од 45.000 солиди (стари римски пари).

Аварите чекале додека Православните не станале послаби поради војната со Персијците па потоа ја преминале реката Дунав, при крајот на 573 година, и ја нападнале војската на Тибериј. Јустин не бил спремен за други загуби. Неспособен успешно да се справи со ситуацијата, се разболел откако ја добил лошата вест. Бидејќи Јустин не бил способен да командува со Империјата, царицата Софија не губела време и го унапредила Тибериј во ко-владетел. Тибериј склучил мир со Аварите и, тогаш за тогаш, го спасил Царството од пропаст. За жал, на мирот не му било судено да трае долго. Иако границата на Дунав се уште издржувала, било прашање на време кога Аварите ќе преј дат повторно на југ. Неизбежното навистина се случило околу 582 година, во текот на времето на Тибериј II, кога една хорда Авари и Словени прешла надолу на југ до Атина.

Јустин II никогаш не закрепнал од болеста и во декември 574 година го наименувал Тибериј Цезар со името Тибериј Константин.

Жената на Јустин, Софија, била решена да ја задржи својата позиција на Августа се додека Јустин бил жив. Во меѓувреме, одбила да му дозволи на Тибериј во палатата да ја донесе неговата жена Ино. Имало гласини дека Софија сакала да се омажи за Тибериј и затоа форсирала неговото семејство да живее во друга палата. Без разлика дали овие гласини биле точни, тактиката на Софија на крај успеала, така што Ино била преселена од Цариград. Но, Тибериј не покажал наклонетост да се откаже од својата жена па затоа, дури и пред Јустин II да умре во 578 година, Софија ковала заговор со Јустинијан, другиот син на Герман, да го замени него. Тибериј бил многу попаметен и популарен кај народот за да падне како жртва на интригите на Софи ја и, по смртта на Јустин, тој станал единствен владетел

на православното царство.

Штом Тибериј станал император, Софија морала да го прифати поразот. На неговото крунисување на Хиподромот, од Тибериј било побарано да ја именува својата царина. Во тој миг, тој ја прогласил Ино, која ја именувала Анастасија, за негова царица и законска жена. Нејзиното крунисување за Августа било удар за Софија која се преселила во друга палата преку Босфорот, што била изградена од Јустин.

ГЛАВА 16 - ПЕРИОДОТ НА ОПАЃАЊЕ

Грандиозните проекти и походите на Јустинијан I во текот на неговото владеење, во голем степен придонеле за славата на православието (на православните земји), но, во исто време, тие економијата на Царството ја довеле до банкрот.

Јустин II, скршен од своите лични неуспеси, умрел во мака. Тибериј имал извесен успех со тоа што постигнал мир со Персијците, но тој мир не траел премногу долго. Додека Тибериј преземал походи на запад, Аварите, во отсуство на православни (византиски) трупи, го освоиле Балканот и побарале Тибериј да се откаже од контролата врз градот Сирмиум (во близина на денешниот град Митровица во Србија). Кога Тибериј одбил, тие нападнале. Брзајќи да ја искористат слабоста на Православните, Персијците го прекршиле мировниот договор, кој веќе бил во сила, и повторно ги продолжиле непријателствата. Останувајќи без голем избор, Тибериј го испратил Мауриц /Maurice/, еден од своите команданти, во Арменија која била под власта на Персијците. Во текот на наредните неколку години тој извршил серија успешни походи таму. Присилен да ги фокусира своите воени напори врз Персијците, Тибериј немал трупи да ги одбие Аварите и затоа им попуштил на нивните барања. Во 582 година, власта на Православните врз Сирмиум им била дадена на Аварите. За да му биде овозможено безбедно да ги евакуира жителите на градот, Тибериј се согласил на Аварите да им исплати 240.000 солиди. Тоа била вкупната сума неплатени субвенции кои Империјата ги должела во последните 3 години.

Во 582 година Тибериј сериозно се разболел и ги поставил Мауриц и Герман за негови наследници. За да им даде легитимитет, наредил секој од нив да се вери со по една од неговите ќерки и ги издигнал на ранг Цезар. Но, кога дошло време, Тибериј го крунисал само Мауриц за Август. На 14 август 582 година Тибериј умрел и Мауриц станал единствен император на православната империја.

Мауриц, или Матриций /Matricius/ како што бил познат тогаш, ја започнал својата кариера како војник под водство на императорот Тибериј. Бил командант на една нова легија

формирана од редовите на сојузиничките варвари со кои се борел против Персијците. Кога победоносно се вратил во Цариград, Тибериј му ја дал за жена својата ќерка Константина.

Откако го наследил тронот, Мауриц открил дека поради невнимателната екстравагантност на неговите претходници, ризницата на Империјата била празна и дека таа е во банкрот. За да ја поправи состојбата, ги намалил трошоците на дворот, така што станал непопуларен меѓу своите администратори и тоа конечно довело до негов пад. Во текот на неговото дваесетгодишно владеење, Мауриц бил сведок на постепеното опаѓање на неговото Царство. Во текот на првите десетина години, бил вовлечен во една долга истоштувачка војна со Персијците, која завршила само поради внатрешните проблеми во персискиот табор. Аварите и Словените продолжиле со своите инвазии на северните провинции без да бидат сопрени и навлегле во Балканскиот Полустров и надолу се до Пелопонез. Ломбардите пустошеле во Италија само затоа што Империјата немала ресурси да ја брани.

За да го смени развојот на настаните, Мауриц побарал помош од Франките во 584 година. Тие желно го прифатиле предлогот на Мауриц и извршиле инвазија на Италија. Бидејќи Аварите се уште му биле проблем, Мауриц морал да ги поткупи со големо мито, кое само дополнително ги исцедило неговите ресурси. Кога станал докрајчен, императорот бил многу непопуларен кај народот. Толку лошо ги исцрпел ресурсите на Империјата, така што во 599 година не можел да плати откуп за 12.000 свои војници кои биле заробени од Аварите и дозволил сите тие да бидат убиени.

Ситуацијата конечно пукнала кога неговата војска се свртела против него. Револтот започнал кога наместо на своите војници да им даде слободно време, решил да ги прати во борба. Доброплатените војници обично биле испраќани дома да се одморат во текот на зимата. За жал, таа зима императорот Мауриц имал поинакви планови. Наместо одмор, тој и наредил на својата војска да ја премине реката Дунав и да ги уништи противничките табори на варварите од другата страна. Зимата била најбезбедно време да се премине

Дунав, користејќи ја смрзнатата површина како мост. Она што започнало како револт, се претворило во револуција кога, во 602 година, војниците ги отстраниле своите офицери. За водач го одбрале Покас /Phocas/, војник од нивните редови, и тргнале кон Цариград. Неспособен да организира отпор, Мауриц со својата фамилија побегнал преку Босфор. Бил престигнат кај Калкедон и бил убиен заедно со неговите пет сина.

Покас, бидејќи бил одбран од страна на војската, според македонската традиција, ја презел улогата на император и го почнал своето тиранско владеење кое траело од 602 до 610 година.

На ова место, важно е да се спомне дека кохезијата на Царството била нечепната, не поради силното лидерство прикажано од императорите, туку поради волјата на христијаните и нивната лојалност кон христијанската вера. Дури и во оваа временска точка, христијанството било моќна сила која го поврзувала и држела народот заедно.Царството било составено од многу различни етнички и културни групи поврзани меѓусебно со нивната заедничка вера. До ова време, на паганството се гледало како на слабост и тоа било на пат да стане понепопуларно. Чувството дека Бог и неговите светци ќе ги штитат христијаните кои се бореле против лошите пагани, создало една заедничка кауза за војниците од различно етничко потекло да се борат заедно, особено против нехристијанските Сиријци. Она што ставило крај на православно-персиската војна не била моќта на христијанството, туку едно востание во редовите на Сиријците. Иако биле непријатели, востанатите Сиријци побарале помош од православните. А тие се согласиле да им ја дадат помошта во размена за нивни изгубени територии кои им биле дадени на Персијците во текот на изминатите години. Откако бил постигнат договор, водачот на побунетите, Кусро /Khusro/, потпомогнат од војската на Православните, се вратил во Персија и му се спротивставил на стариот ред во една победоносна и решителна битка. Кусро го испочитувал договорот и ги вратил Дара, Митрополис, Арзанене, Иберија /Dara, Mytropolis, Arzanene, Iberia/ и најголемиот дел од персиска Арменија /Persian Armenia/.

За жал, долгото отсуство на православната војска од Балканот оставило свои последици врз регионот. Небранет, Балканот бил отворен за инвазиите на Аварите, кои биле добро организирана номадска група народ од монголско потекло, веројатно протерана од Монголија во текот на 50-тите години на VI век. Аварите, најверојатно, биле остатоци од бегалците при подемот на турската сила, која ги притиснала преку Евроазија. Кога тие првпат се појавиле во украинските степи, биле пријатна глетка за Православните кои на нив гледале како сила која ќе ги контролира Катригурсите и Утигурсите.За жал, Аварите ги победиле и освоиле Катригурсите и Утигурсите, но продолжиле со освојување на сите други групи во украинските степи. Во 567 година се здружиле со Ломбардите, ги уништиле Гепидите и ги освоиле унгарските рамнини.

Освен Аварите, историјата ги запишала и движењата на Словените на Балканот, речиси, во исто време. Православната војска не ги сметала Словените како многу опасни противници, иако тие биле агресивни борци, бидејќи не биле соединети и обично работеле во мали групи врз основа на проширени семејни единици. Со други зборови, Словените во тоа време не биле војници, туку безопасни земјоделци кои патувале заедно со своите семејства, барајќи земја за да се населат и да ги одгледуваат своите култури.

Според историските записи, Словените не биле освојувачи или пљачкаши. Биле многу среќни да се населат на пошумени земјишта и мочуришта, дури и на места кои обично не биле погодни за одгледување житни култури. Словените, чие главно занимање било земјоделството, не би ги напуштиле така лесно своите прадедовски земјишта, освен ако не биле во сериозна опасност. Нема ниедна основана причина Словените да ги напуштат своите традиционални домови и да си ги загрозат животите преминувајќи ја тешката река Дунав, освен ако не биле со сила притиснати на југ.

По мое мислење, Словените не ја преминале реката Дунав доброволно, туку биле присилени да го сторат тоа поради притисоците од варварските племиња кои вршеле упади, Пристигнувањето на Готите, Хуните, Аварите, итн. во близина на реката Дунав, го натерало домородното

население да побегне на југ и да бара засолниште. Голем број од миграциите на Словените што ги забележала историјата, всушност се движења на бегалци од расељениот автохтон народ од регионот на реката Дунав, односно Подунавјето. Моите докази, кои делумно го поткрепуваат ова, се темелат врз откритијата на професорот Курта кои се темелат врз археолошките податоци добиени од ископувањата на населените места. “Прво, веќе постојат доволно докази да се отстапи од миграцискиот модел кој доминира со дисциплината на словенската археологија дури од нејзиното зачување. Потребно е едно повлекување од појавата на миграција едноставно поради тоа што расположивите податоци не одговараат на било кој актуелен модел за проучување на (пред)историската миграција.” “Се повеќе станува евидентно дека за мигрирање преку еколошки или културни граници потребно е значително планирање од оние кои мигрираат и дека тие треба да остават суштински и јасни археолошки докази.” “Освен тоа, археолошките податоци... не соодејствуваат на било каков шаблон на миграција на долго растојание.” (Стр. 307, Флорин Курта, Фабрикувањето на Словените, историја и археологија на регионот на долниот тек на реката Дунав с. 500-700, Cambridge: Cambridge University Press, 2001).

Значи, ако Словените не биле доброволни мигранти како што е тоа според заклучоците на Курта, тогаш што ги мотивирало да тргнат на југ до Балканот? Најверојатно и најлогично објаснување, земајќи ја предвид политичката ситуација во тоа време, е дека Словените биле воени бегалци протерани од своите домови од поагресивните освојувачи - Готите, Хуните и Аварите. Има и такви, вклучувајќи го Фалмераер /Falmerayer/, кои веруваат дека на Словените кои патувале не им било дозволено да се населат во Македонија и биле потиснати на север и запад од страна на православната војска. Ова може да биде поткрепено со фактот што со исклучок на едно наоѓалиште, пронајдено северно од Скопје, нема никакви други археолошки погребни наоѓалишта од Словените во Македонија, туку голем број од нив се најдени западно и јужно од географска Македонија. Исто така, постојат, непотврдени тврдења дека првите Словени, кои си го пробивале својот пат од север на

регионот на Дунав, не зборувале “словенски јазик” што ним им се припишува. Тие го научиле тој јазик од автохтониот народ кој живеел јужно од реката Дунав.

А сега, назад кон сторијата за Покас. Со време, било јасно дека, како награда за славата, Јустинијан на своите наследници им го доделил тешкиот товар за управување со една преголема империја, чии ресурси ги исцрпел и чии институции и инфраструктура се покажале преслаби за да се справат со идните предизвици. Неспособноста на империјата да се справи со своите проблеми, на крај довело до подем на поинаков вид нелегитимни императори. Според историчарот Џорџ од Писидија /George of Pisidia/, Покас бил, а до извесен степен и останал, еден од најштетните православни императори. Еден друг православен автор, Теоплакт Симоката /Theophlact Simocatta/, меѓу другото, го нарекол Покас еден полукрвен варварин, киклоп и кентаур. Покас не може целосно да биде обвинет за неговите акции без да се разбере состојбата на Империјата што тој ја наследил. Како што претходно е спомнато, несреќите по Империјата започнале околу 565 година, во време на смртта на Јустинијан. До тоа време Јустинијан ја имал проширено Империјата, која ги вклучувала Италија, Африка и дел од Шпанија. За жал, таа имала многу помала корист од овие освојувања отколку што се надевал Јустинијан. Амбициозниот император опасно ги преценил способностите на Империјата. Околу триесет и пет години подоцна, Империјата се уште не закрепнала од своите финансиски проблеми. Всушност, станувало се полошо. Покас вмарширал во Цариград како херој, но наскоро бил измачуван од истите видови кризи кои го симнале неговиот претходник. Бидејќи ситуацијата во провинциите веќе се нишала, Покас брзо бил соочен со една голема закана по должината на источната граница на Империјата.

Односите помеѓу Православните и Персија се влошиле кога Покас го соборил Мауриц, а персискиот крал сега имал чесен изговор за напад. Претставувајќи се себеси како осветник за убиството на Маруице, персискиот крал ја искористил приликата за да ги поврати подрачјата што претходно му ги отстапил на Мауриц. Во 603 година тој започнал војна која ќе трае повеќе од две декади, која

сериозно ќе ги ослаби двете империи. Во 609 година, Покас бил приморан да повлече најголем дел од својата војска од границата со Персија, со цел да се справи со едно опасно востание кое се проширило од Африка во Египет. Востанието, најверојатно, било извршено од човекот по име Хераклие /Heraclius/ кој на крајот ќе го замени Покас како император. Без сомнение, охрабрена од ангажирањето на империската војска против Персијците, една православна востаничка војска упаднала во Египет во летото 608 година. Хераклие бил убеден дека неговите следбеници ќе постигнат брза победа во Египет и ќе стекнат контрола врз египетското богатство, како и врз египетската морнарица.

Набрзо откако силите на Хераклие влегле во Египет, избувнале немири во градовите насекаде во Египет, Сирија и Палестина. На народите на овие провинции им било доста од владеењето на Покас и сакале промена. За да го загуши востанието во Египет, Покас ја повлекол својата војска од војната со Персија и ја пуштил да ги среди востаниците во Египет. За жал, притоа, тој оставил празнина во својата одбрана. Дури и со помошта од својата војска, Покас не бил способен да го запре востанието. Граѓанската војна во Египет завршила кога следбениците на Хераклие постигнале победа. Крајот на граѓанскиот раздор, за жал, дошол предоцна за да ја спаси ситуацијата со Персија.

Во 609 година сите клучни православни утврдувања и одбрани по должината на источната граница биле освоени од персиските војски, а Православните биле истерани од Арменија. Во меѓувреме, додека неговите сили биле при крај во Египет, Хераклие и неговата флота се упатиле кон Цариград. Покас се обидел да пружи отпор, но брзо се нашол во истата губитничка позиција како неговиот претходник Мауриц. Напуштен од своите следбеници, Покас бил фатен и донесен пред Хераклие, кој потоа го погубил.

Побуната на Хераклие ја означила пресудната пресвртна точка во историјата на Православните. Неговите акции за само нешто повеќе од две години ја чинеле Империјата илјадници животи, ослабувајќи ја работната сила и финансиите на Империјата и оставајќи ги границите, практично, небранети. Цената која Империјата ја платила за

неговата побуна било губењето на Сирија, Палестина и Египет.

Императорот Хераклие владеел со Православното Царство од 610 до 641 година. Неговото вмешување во православните работи било во време кога на Царството му се заканувале многу непријатели на сите фронтови. На водечките граѓани им било лоста од корумпираниот император Покас и сакале да се ослободат од него. Инволвирањето на Хераклие во работите на Православните почнало кога неговиот татко, генералот Хераклие од Картагина, бил повикан да го истера Покас. Генералот и неговиот брат одговориле така што ги испратиле двата сина со добро вооружени сили. До 610 година Хераклие, синот, победоносно влегол во Цариград.

Хераклие, како и неговите претходници, ја нашол царската ризница празна. Состојбата во Царството дури и се влошила во текот на првите години од неговото владеење, пред таа да тргне на подобро. Првата деловна наредба на Хераклие била да се зацврсти одбраната на Империјата. Тој го сторил тоа поделувајќи го Царството на четири воени области, а со секоја владеел посебен воен гувернер. Давајќи им на перспективните војници бесплатни парчиња земјиште теми (themes), Хераклие регрутирал голем број домашни војници, сведувајќи ја на минимум потребата за скапи странски наемници. На економски план, и се обратил на црквата за придонеси и, во исто време, вовел и нови даноци. Му требало дванаесет години пред да стекне самодоверба да продолжи со офанзивите. Во пролетта 622 година повел силна војска во борба.

Постојат и такви кои велат дека Хераклие го рескирал својот живот, така што лично учествувал во многу битки. По шест години војување, неговата нова армија била победничка и ги поразила Персијците. За жал, штом пристигнал во Цариград во 628 година, да ги прослави победите, исламски војски почнале да напредуваат кон Персија. До 633 година сите добиени територии биле изгубени.

Хераклие навистина се обидел да го сопре силниот исламски напад во 636 година кога собрал војска од 80.000 војници и ја пресретнал исламската војска кај реката Јармук /Yarmuk/. За жал, климатските услови не биле поволни за

Православните зашто една силна песочна бура директно им биела в лице, давајќи им борбена предност на муслиманите кои биле навикнати на такво време и клима. Стресната состојба, и ментално и физички го исцрпела Хераклие и предизвикала тој сериозно да се разболи. Чувствувајќи дека нема да биде способен да владее понатаму, Хераклие ја извршил церемонијата за наследство на тронот на кој за свои наследници во 638 година ги поставил двата сина, Константин и Хераклон /Constantine, Heraclonas/.

Откако прашањето за наследување на тронот било решено, Хераклие последните години од својот живот ги поминал обидувајќи се да ја реши дебатата помеѓу монофиситите и монотелитите, концентрирајќи се врз природата на Христос. За жал, неговите напори биле попусти и не се постигнало никакво решение пред неговата смрт во 641 година. Хераклие, исто така, е познат како император кој конечно го укинал латинскиот јазик во неговото Царство, на тој начин овозможувајќи македонскиот јазик да ја започне својата преродба.

Вредно е да се спомне на ова место дека, додека Православните војувале со Персијците за надмоќ над Блискиот Исток, во Арабија зајакнувала една нова сила. До доцните дваесетти години на VII век, племињата на Арабија биле обединети под Пророкот Мухамед и започнале да ја напаѓаат Палестина. До околу 633 година, повеќето од источните провинции на Империјата биле освоени, а по падот на Дамаск во 635 година, една голема православна војска била испратена да го сопре напредувањето на муслиманите, но не успеала. По смртта на Хераклие, повеќе територии преоѓале од едни во други раце и Цезарија, на палестинскиот брег, исто така, била изгубена откако Православните го изгубиле Египет.

До крајот на 40-тите години на VII век, Православните повторно ги изгубиле утврдувањата Дара и Едеса на Блискиот Исток, Антиох и Александрија. До почетоко на 50-тите годинин на VII век, муслиманите почнале да вршат напади преку планината Таур, низ Азербејџан, пробивајќи си го патот во Ерменија. При крајот на 653 година биле на брегoвите на Босфорот, од другата страна на Цариград.

Губењето на големите градови и утврдувања на исток, било голем удар за економијата на Православните кои, по многу години, станале економски зависни од Ирак, Египет, Сирија, Палестина и крајбрежните земји на Касписко Море. Иако економијата не колабирала целосно, голем дел од напредокот постигнат до VII век престанал да постои. Големите проекти, вклучувајќи градење нови цркви, поправки и обнова на аквадукти, sидини и сл. биле, исто така, откажани. Многу од поголемите градови, исклучувајќи ги Солун и Цариград, биле испразнети, а нивното население започнало да живее на земјоделско-селски начин, станувајќи зависно од земјата.

Бидејќи било отсечено од богатите источни економии, Царството станало сиромашно и своето внимание почнало да го насочува кон внатрешноста. Империјата веќе не била супер-сила и никогаш повеќе нема повторно да доминира на Блискиот Исток. Тоа било во овој период кога Православните избрале да го издигнат Солун до втор главен град.

До крајот на седмиот век по Христа, исламот, со седиште во Дамаск, почнувал да станува супер-сила која се протегала од границите на Индија и Тибет до Шпанија и од јужен Египет и Арабија до Ерменија. Исламот, една моќна нова религиозна сила, која потекнувала од Арабија, го зазела Блискиот Иоток во брзи освојувања по смртта на Пророкот Мухамед во 632 година.

Дотогаш, и Персиското и Православното Царство биле ослабени од нивните меѓусебни војни и искусиле опустошувачки порази од рацете на муслиманите. И додека Персиското Царство брзо подлегнало на муслиманските јуриши и напади, Православните биле спасени само благодарение на силните утврдувања долж трикратните sидини околу Цариград. Изградбата на одбранбениот sид на Цариград започнала околу 410 година, а завршила до 500 година. Внатрешниот sид бил висок околу дванаесет метри, а широк околу пет и пол метри, бранет од деведесет и шест кули, со повеќе страни, кои се издигнувале повеќе од десет метри над sидот. Вториот sид бил висок околу десет метри, а го бранеле други деведесет и шест кули. На надворешната страна имало ров кој бил широк околу дваесет метри и длабок околу шест метри. Од другата страна на ровот имало

трет низок ѕид, проектиран да дејствува како потпорен ѕид на ровот. Освен тоа, требало да се помине низ десет врати, пред да се влезе во градот. Надворешните ѕидови биле долги приближно пет и пол километри и се потегале околу еден и пол километар подалеку од првичниот ѕид на Константин. Големиот простор помеѓу ѕидовите никогаш не бил изграден и се користел за полјоделство и за снабдување на градот со сигурни извори вода. Постоењето на отворено земјоделско земјиште во внатрешноста на градските ѕидини бил витален фактор за способноста на градот да издржи опсади. Користено за одгледување житни култури и за напасување на стоката, земјиштето на градот му обезбедувал ограничен, но сигурен извор на храна,

Европа и христијанството биле поштедени бидејќи Православните биле способни да издржат многу бранови на жестоки напади на муслиманите. Ако Цариград не бил изграден да ги издржи најголемите опсади, исламот ќе се прелеел и ќе ја прегазел Европа, како што тоа се случило во Азија. Христијанството и светот какви што ги знаеме денес не ќе беа онакви какви што се сега.

Пред својата смрт, Хераклие ги издигнал своите два сина, 28-годишниот син Константин, од неговата прва жена Фабија-Евдокија и неговиот 15-годишен син Хераклон, од втората жена Мартина, за ко-императори. За жал, 28-годишниот Константин, или Константин III, како што бил познат тогаш, умрел три месеци подоцна. Во отсуство на Константин III, неговиот брат Хераклон го крунисал Констанс II, синот на Константин III, за свој ко-император. Но, во септември 641 година Сенатот ги разрешил Хераклон и неговата мајка царицата Мартина. За да осигура дека тие никогаш повеќе нема да владеат, им биле отсечени јазикот на Мартина, а носот на Хераклон. Бидејќи Констанс II имал само единаесет години, Сенатот, во меѓувреме, ја задржал власта и служел како врховен суд на Царството.

Како и своите претходници, и Констанс II наследил царство со многу проблеми. Иако правел најдобро што можел за да ги реши, сепак бил понеуспешен отколку успешен. Неговите обиди да упадне во Мала Азија во 646 година биле пропратени со тешкотии. Не само што муслиманските Сарацени ги одбиле неговите напади, туку на

крај војната се приближила до Цариград. Година по година, муслиманските трупи продолжиле да продираат се подлабоко и подлабоко во Мала Азија, притискајќи се поблиску и поблиску до западната граница на Азија. На вода, тешките загуби од сараценската флота во близина на источниот Медитеран, ја ставиле Европа во опасност. До 649 година, сараценската флота го освоила Кипар, а до 652 година православната флота била истерана од Александрија. Во 655 година, православната флота се соочила со својот конечен пораз кај Феникс на Лицианскиот брег, во најтешката битка на море од Актиум.

Констанс, уморен од гледање како неговата Империја полека ерозира, презел поход на север. Во 658 година упаднал во регионот северно од реката Дунав кој, во тоа време, бил населен од Словените. Тој успешно поразил бројни племиња и ги присилил повторно да се населат во Мала Азија. Истовремено, почнал да регрутира заробени Словени во своите арменски сили. Набрзо потоа, поради неговата непопуларност дома, отишол на запад и во 662 година тргнал во воени походи против Ломбардите во Италија. На ова патување тргнал по јужниот пат кој го однел во Рим во 663 година. Наместо да продолжи понатаму на север, тој го завршил својот поход и се повлекол во Сиракуза на островот Сицилија. Оттаму, тој раководел со своите походи во Африка против Сарацените, кои напаѓале и јуришале на Картагена и истата ја зазеле во 663 година.

Иако неговите походи во Африка биле успешни и неговата војска успеала да ги одбие Сарацените назад дури до Триполи, Констанс не бил популарен. Бидејќи ја форсирал цената за војната со Сиракуза и ги натерал Сицилијанците да ја платат истата, тие навистина се налутиле. Неговата непопуларност го направила жртва на заговор и во 668 година тој бил убиен од еден роб додека се капел.

По смртта на Констанс II, неговиот син Константин IV го наследил како император. Пред да тргне во своите походи во 654 година, Констанс II го
издигнал својот син Константин IV на ко-император, а во 659 година го сторил истото со другите два сина, Хераклие и Тибериј. За да се осигури дека нема да има проблеми со наследување на Империјата, Констанс наредил неговиот

помлад брат Теодосиј да биде убиен. Но, Теодосиј бпл популарен на дворот и го зголемил чувството кај јавноста против Констанс, што го натерало да побегне во Италија.

Константин IV имал само осумнаесет години кога станал император. Неговата прва задача била да го задуши востанието во Сиракуза и да ги донесе убијците на својот татко пред лицето на правдата.

Првата голема закана со која Константин се соочил било напредувањето на Арапите. До 673 година муслиманите ги нападнале Сицилија, Северна Африка и напредувале на север во Мала Азија. Додека го поседувале азискиот брег на Марморното Море во 674 година, муслиманите го започнале својот јуриш кон Цариград. Речиси во исто време, Православните измислиле ново оружје, примитивен огнофрлач што се состоел од смеса горливо масло што се исфрлало со дување во големи мешини. Вооружена со ова револуционерно оружје, флотата на Православните ја свртеле среќата на своја страна, го спречиле напредувањето на Арапите и си го повратиле господарењето на море. Сараценитe биле одбиени и нивниот водач немал избор освен да бара мир. Константин IV успеал да преговара за поволен договор, а арапскиот водач се согласил да плати годишен данок од 3.000 златници.

Победата на Православните на исток му овозможила на Константин да го сврти вниманието кон запад. Тоа било токму во тоа време кога православната војска била испратена во Солун да го спаси градот од уште една опсада на варварите. Историјата го има забележано ова како опсада на Словените, но Словените без водач никогаш не дејствувале сами. Поверојатно е дека поагресивните Авари ја организирале и извршиле опсадата со помош на Словените. Откако опсадата била скршена, Аварите испратиле амбасадори во Цариград да ја признаат власта на Православните врз нив.

Ова не било прва опсада што Солун ја доживеал во овој период. Бидејќи православната војска водела походи и војувала во многу далечни земји, имало многу можности за организираните варварски хорди кои биле желни да го искористат тоа за да го освојат овој убав град.

Во шестиот век, Солун бил втор град по големина во Православното Царство и многу важен трговски и културен центар. Тогаш, природно е што тој привлекувал секакви видови крадци и авантуристи. Но, Солун бил тврдина заштитена со силни ѕидини и со духот на св. Димитриј /St. Dimitrius/. Вооружени со нивната христијанска вера и со решителност, Македонците од Солун успеале да го одбранат сбојот град сами, без војски.

Свети Димитриј, односно свети Димитриј Солунски, како што им е познат на Македонците, бил заштитник и светец заштитник на градот. Димитриј, синот на еден градоначалник на Солун, бил роден во Солун во III век по Христа. Тоа било во текот на владеењето на императорот Максимилијан кога практикувањето на христијанството се уште не било популарно. По смртта на својот татко, Димитриј бил назначен за градоначалник, не за да го замени татка си, туку поради неговата моќ и способност да ги прогонува христијаните. Барем така мислел императорот. Она што императорот не го знаел е дека тајно Димитриј бил посветен христијанин. Димитриј не ги прогонувал христијаните, туку ги подучувал како да се одбранат од паганите.

Кога Максимилијан го открил тоа, не можел да верува и отишол во Солун самиот да се увери. Димитриј знаел дека ќе биде уапсен штом ќе пристигне императорот, па затоа се подготвил за најлошото. Прво, ги продал сите свои имоти, а потоа му ги дал сите свои пари на својот пријател Лупа, со инструкции тој да ги донира на сиромашните.

Додека бил во затвор, Димитриј имал божествено искуство: еден ангел му се обратил и му рекол да не се грижи. Димитриј му кажал на својот пријател Нестор за ова искуство и Нестор замолил за негов благослов. Нестор, исто така, од Солун, навистина бил разочаран од неправдите на Римјаните, особено од тоа како гладијаторите се однесувале кон затворениците. За да му врати на императорот за неговата суровост, Нестор го убил Лав, еден од омилените гладијатори на Максимилијан. Пред да може да побегне, Римјаните го фатиле и го погубиле. Знаејќи дека Нестор бил пријател на Димитриј, стражарите тргнале да го фатат Димитриј мислејќи дека тој имал нешто со убиството на Лав.

Кога ја отвориле вратата од неговата ќелија, стражарите го виделе Димитриј како смирено се моли, додека од лицето му зрачела светлина. Димитриј бип убиен на 8 ноември во 306 година.

Од многуте напади што се случиле против обој величествен град, во историјата биле забележани само неколку. Првиот бил заеднички напад на Аварите и Словените, кој се случил во октомври 584 година, а бил извршен со војска од речиси пет илјади воини. Две години подоцна, следел втор, посериозен напад предводен од Аварите. Овојпат, непријателот употребил машини за опсада, катапулти и друга опрема. Опсадата траела осум дена пред Аварите да го прекинат нападот. Овој пат тоа не била определеноста на солунчаните, туку духот на св. Димитриј кој пуштил чума врз страстните напаѓачи што ги натерало да побегнат во паника.

Следниот напад се случил во 616 година, организиран од еден словенски сојуз, во кој била вклучена и флота составена од бројни бродови, сите изработени од по еден труп дрво. Овојпат, Словените дошле со своите семејства и домаќинства со намера веднаш да го населат градот. За жал, кога дошле во контакт со солунчаните, Словените претрпеле голем пораз и брзо се повлекле. (Најверојатно дека оваа посебна група Словени биле бегалци кои барале сигурно засолниште, но сосила биле одбиени. Во текот на походите, војниците не ги носеле своите семејтва во битки. Семејтвата и личните предмети обично биле оставани во логор, на безбедно растојание од бојното поле).

Две години подоцна, во 618 година, Аварите се вратиле со помош на Словените. Сојузничките војски се појавиле пред градските ѕидини и триесет и три дена се обидувале со сила да влезат во градот, но без успех. На крај, се откажале и си заминале.

Наредниот бран напади се случил во 674 година. Целиот регион во близината бил пљачкосуван во наредните две години, додека војската на Православните, ослободена од нејзините походи на исток, не ставила крај на тоа. Иако самиот град Солун бил ставен под опсада, напаѓачите не биле способни да продрат низ неговите одбрани и повторно биле приморани да си заминат со празни раце.

Наредните варварски закани и опасности да им се вмешаат во работите на Православните, дошле од Бугарите. До 670 година, Бугарите значително ја консолидирале својата моќ под водство на нивниот водач Аспарух, кој имал намера евентуално да упадне и да ги заземе земјите на Православните. Во тоа време Бугарите упаднале во делтата на реката Дунав, со намера да продолжат кон југот на православната територија. Бугарите биле пагански народ кој бил притиснат надолу кон делтата на реката Дунав од страна на Казарите, друго варварско племе, во втората половина на VII век.

Делтата на реката Дунав се сметала за православски протекторат и, во 680 година, Константин организирал една експедиција од здружени поморски и копнени вооружени сили за да ги протера Бугарите. По неколку обиди, Православните не биле во можност да ги вовлечат Бугарите во битка. Кога се обиделе да се повлечат, Бугарите организирале противнапад и биле во можност да им нанесат огромни штети.

Во наредната година, поради оваа голема загуба, Константин IV се согласил на бугарскиот договор. Врз основа на овој договор, потпишан истата година, Бугарите биле признати како независно кралство, кое ги зафаќало земјите јужно од реката Дунав до Тракиската рамнина. Наскоро потоа Бугарите го основале својот главен град во Плиска и стекнале контрола врз приодот кон Дунав. За да го надомести ова, Константин бесплатно им давал тракиска земја на Аварите-бегалци за да се населат и да дејствуваат како тампон-зона против Бугарите.

Имајќи ги под контрола Бугарите, следната грижа на Константин била да осигура дека неговиот син Јустинијан ќе го наследи тронот. Но, за да го стори тоа, морал да ги отстрани своите браќа Хераклие и Тибериј од нивните позиции како ко-императори. За жал, неговата одлука да го стори тоа предизвикала протести меѓу неговите анатолиски трупи. Се вели дека војниците во тоа време почувствувале дека поделбата на империската власт би требало да е тројна по природа, исто како тројството. За жал, Константин не се согласил и брзо дејствувал, приведувајки ги и погубувајќи ги водачите на протестот. Тој, исто така, ги укинал своите

наредби да се остранат неговите браќа и ги оставил како ко-императори. Но, потоа, Константин се премислил и ги отстранил браќата од таа позиција. За да се обезбеди дека тие никогаш повеќе нема да владеат, наредил носовите да им бидат отсечени. Потоа, својот син Јустинијан II го прогласил за ко-император.

Во 685 година Константин IV умрел на триесетипетгодишна возраст, а го наследил неговиот седумнаесетгодишниот син Јустинијан II. Владеењето на Јустинијан, за жал, било исполнето со проблеми. Водел успешен поход против Бугарите во 690 година што му дало погрешно чувство на самодоверба да си ја испроба среќата против муслиманите. Во 693 година ја нападнал и навлегол во Сирија преку планината Таур само за да се соочи со убедлив пораз.

Историјата го има запишано Јустинијан II како брилијантен, но темпераментен, жесток и осветољубив император, кој сурово се справувал со своите неуспешни генерали и драстично ги оданочувал своите поданици со монструозни методи. Не е за чудење што Леонтиј /Leontius/, еден од неговите поуспешни генерали, се побунил против него, го соборил од престолот, му го отсекол носот и го испратил в затвор на Крим,

Откако го симнал Јустинијан II, Леонтиј станал император во 695 година само за да биде и тој симнат. Во 698 година, бројни православни офицери се вратиле во Цариград од Африка. Плашејќи се да не им ја платат крајната казна за губењето на Картагена од страна на Сарацените, тие први нападнале и го заробиле Леонитус, му го отсекле носот, го затвориле во еден манастир, а го поставиле Тибериј III за император.

Тибериј III бил поставен за император од војската според македонската традиција, но сепак не напредувал добро. Во најмала рака направил подобро од Јустинијан II против Сарацените, бидејќи успешно навлегол во северна Сирија. За жал, среќата го напуштила кога Јустинијан II избегал од Крим во 705 година. По своето бегство, Јустинијан добил помош од бугарскиот крал и ја освоил палатата во Цариград. Откако повторно седнал на тронот, наредил Леонтиј и Тибериј III да бидат погубени,

Јустинијан бил осветољубив човек кој практикувал прекумерна свирепост, што единствено можело да заврши само со бунт на војската. Откако бил испратен да го задуши востанието на Крим, генералот Филипик /Philippicus/, наместо да ја изврши задачата, им се придружил на бунтовниците и отпловил назад кон Цариград. Во 711 година се искачил на власт со помош на еден бран јавна поддршка и наредил Јустинијан II, неговата жена и децата да бидат убиени.

Филипик, обременет со завери, бил император само од 711 до 713 година, а го наследил Анастасиј II. Тој пак, неспособен да се справи со навалата на Сарацените, владеел само од 713 до 715 година. Анастасиј II паднал и го подготвил патот за Теодосиј III да го заземе неговото место во 715 година.

Додека императорите стапувале и паѓале од власта во палатата на главниот град, Сарацените се подготвувале за голем поход против Цариград. Една ударна вооружена сила на Сарацените чекала спремна во Мала Азија за да го нападне градот. За среќја, еден способен воен командант по име Лав, се случило да биде стациониран во Мала Азија и ги презел работите во свои раце. Извесно време ги вовлекувал Сарацените во борба и ги држел под контрола. Тогаш, склучил примирје со нив, се свртел и се упатил кон Цариград. По своето доаѓање, го симнал Теодосиј III од власт, а самиот се поставил за император.

Речиси веднаш штом Лав III ја зел власта врз Империјата во 716 година, илјадници арапски и персиски воини пристигнале кај Хелеспонт и ја почнале својата опсада на Цариград. Сараценските флоти го исполниле Босфорот, но на крај биле одбиени и победени од огнените фрлачи на православните. Откако ги ослободил водените патишта, Лав III испратил трупи на азискиот брег на Босфорот и ги пресекол сараценските линии за снабдување од исток. Оние што вршеле опсада сега самите биле опколени и доведени во опасност од гладување. Бил нанесен уште еден удар кога пристигнала веста дека бугарскиот крал мобилизира голема сила и ќе ги нападне Сарацените од север.

Со помош на Бугарите, Лав III бил способен да ги одврати нападите на муслиманите. Откако ја примиле лошата вест,

Сарацените се откажале од опсадата и се вратиле во Мала Азија. Кога муслиманската закана веќе не му стоела на патот, барем тогаш за тогаш, Лав III имал време да им се посвети на домашните прашања. Освен што правел реформи во врска со земјиштата што биле бесплатно давани, навлегол во големите религиозни контроверзи, давајќи им нов пресврт. Лав III чувствувал дека практиката на користење ликови, слики или икони во богослужбите, што во тоа време било вообичаено, има тенденција да го охрабри и поттикне идолопоклонството. Практиката била критикувана и изложена на потсмев од страна на муслиманите што го поттикнало Лав III да стави крај на тоа.

Во 725 година, Лав III го забранил идолопоклонството и издал наредби да се отстранат сите религиозни статуи од црквите. Сите ѕидови со икони и слики на светци требало да се варосуваат. Но, да се стори тоа не било лесно, како што можеби мислел Лав, и предизвикало голема вознемиреност, која историјата ја има забележано како иконокластички спор кој е многу познат. Веднаш штом службените лица почнале да го спроведуваат едиктот, избувнале немири, но не само во Цариград, туку во целото Царство. Папата во Рим остро реагирал на иницијативите на Лав III, екскомуницирајќи ги сите епископи и владики кои ги поддржувале тие иницијативи. Иако Лав не бил способен да го спроведе својот едикт на запад, неговите акции навистина ја отуѓиле западната црква, што на крај придонело кон расколот од единаесетиот век. Најлошиот отпор допрва доаѓал, но не однадвор.

До времето на Лав III, опаѓањето на Империјата достигнало некое ниво и се смирило, но по цена на многу изгубени територии. Дунав веќе не бил северна граница на Царството. Внатрешноста на Балканскиот Полуостров била исполнета со насилство и освојувања, а сега и Бугарското Царство стапило на сцена онаму каде што порано никој не постоел.

Лав III се покажал како одличен администратор кој го оживеал напредокот и и додал углед на својата Империја преку победите што ги извојувал под своја команда. Лав III умрел во741 година и бил наследен од неговиот син Константин V.

До времето на Лав III, доделувањето бесплатно земјиште се вкоренило и, колку и да било несоодветно, економскиот развој му овозможил на Царството да преживее и обезбедил основа за поголем успех во текот на вековите што доаѓале. Воената служба била наследно занимање, при што најстариот син го преземал товарот на служење и главно бил потпомогнат од приходите од "доделеното земјиште" кое било обработувано од другите членови на семејството. Технолошката база на православното општество во текот наVII и VIII век била многу понапредна од онаа на тогашната современа Западна Европа. Православните поседувале железни орудија кои можело да се најдат и во селата. Насекаде имало водени мелници, а гравот од нивите кои биле орани, обезбедувал храна богата со протеини. Ниедна од овие иновации не го карактеризирала европското земјоделство се до X век.

Земјоделството во руралните подрачја на православното општество било третирано многу сериозно и таа традиција на внимателното и грижливо обработување на земјиштето била развиена и опстојувала дури и во најмрачните денови. Губејќи ги, најпрво, египетските житници и амбари, а подоцна и африканските и сицилијанските ресурси, Православните морале да живеат од она што можеле да го произведуваат на останатото земјиште. Селата и малите селски домаќинства, веројатно, биле главна форма на организацијата на селата и на колективните земјоделски практики во тоа време. Во трговијата и економијата, по губењето на Египет и Северна Африка, флотите за житарици, чии заповедници на брод биле по наследна линија, исчезнале. На нивно место се појавиле независни трговци кои со време развиле нови трговски патишта и почнале да тргуваат со Бугарите во Тракија и, преку Кипар, со Арапите. Со време, наспроти постојаното војување, православното општество станало повитално и поздраво.

Константин V станал император во 741 година, откако Лав III, неговиот татко, умрел. Првата активност на Константин била да се избори за тронот, така што го задушил револтот иницираn од неговиот шура. Во наредните две години, внатрешните борби во муслиманскиот свет му обезбедиле на

Константин можности да врши походи во Арменија и од другата страна на планинскиот венец Таур.

Константин извојувал победа во северна Сирија и бил во состојба да ги пренесе затворениците во Тракија, во подготовките за нова војна против Бугарите. Тој ги утврдил премините на балканскиот планински венец во обид да ја контролира и ограничи бугарската агресија. За жал, бугарските кралеви реагирале така што ги нападнале иницијативите на Православните. Како одговор на тоа, Константин отпочнал противнапад и успеал да ги одбие Бугарите. Единственото нешто што го спречило да ги прегази била катастрофалната бура која предизвикала бродолом на неговата флота. Во не помалку од девет походи, Константин ја минирил бугарската сила и трајно ја ослабел. На тој начин го исчистил регионот од разбојници, овозможувајќи им на трговците безбедно да дејствуваат.

Многумина го сметале Константин V за добар император, но, сепак правел и грешки. Бидејќи бил фанатик, ги барал и ги казнувал оние кои продолжувале да практикуваат идолопоклонство, дури и насамо дома, така што вовел сурово религиозно прогонство. Тој дури и се вплеткал во еден поход против монасите и монастицизмот што, во најголем дел, било сметано дека донекаде било екстремно.

Владеењето на Константин V траело до 775 година кога бил наследен од својот син Лав IV. Лав IV умрел прерано, во 780 година. На неговиот 10-годишен син Константин VI било оставено да го преземе тронот. Бидејќи бил премногу млад сам да донесува одлуки и решенија, бил ставен под регенство на царицата Ирена.

Во текот на наредните десет години царицата Ирена владеела во името на нејзиниот син. Бидејќи самата била идолопоклоник (iconodule), таа донекаде ги релаксирала мерките против идолопоклониците, така што ги отпуштила службениците кои биле иконоборци (кои биле против иконите, иконокласти), од граѓанските и црквените должности и ги заменила со иконодули (кои биле за иконите). Таа била амбициозна, но и борец за икони, но за жал, нејзината иконодулска политика ја отуѓила од нејзините трупи кои се уште му биле лојални на споменот на императорот Константин V, кој бил голем воин. Како

противмерка кон отуѓувањето на трупите, а со цел се уште да си ја задржи популарноста кај бранителите на икони, таа ги намалила даноците за бесплатно доделените земји и, исто така, ги намалила царинските давачки наметнати врз пристаништата во Цариград. За жал, постепеното намалување на даноците тешко се одразило врз царската ризница, т.е. благајна, особено по победите што ги извојувале Арапите во Мала Азија во 781 и Бугарите во 791 година, кои барале мирот да се плати со даноци.

Во797 година Ирена подбуцнала една побуна против нејзиниот син и наредила да го фатат, да му ги извадал очите со остар предмет и да го затворат во еден манастир. Потоа го присвоила тронот. Една побуна во палатата во 802 година, довела до тоа Ирена да биде отстранета од тронот. Била протерана на островот Лезбос каде што подоцна умрела.

Соочен со бугарската закана, Никифор I/Nicephorus I/, министерот за финансии на Империјата, ја наследил Ирена на тронот во 802 година. Тој повторно ги наметнал даноците кои царицата ги намалила, а, исто така, вовел и некои други реформи за штедење. Тогаш, според традицијата на Константин V, Никифор го зајакнал утврдувањето на Тракија со населување повеќе колонисти од Мала Азија. Тој дури и ги предводел своите трупи во битка против новиот бугарски кан Крум. За жал, неговата кариера и живот биле неочекувано прекинати од страна на Бугарите кога неговата војска била поразена во една битка. Бугарскиот кан Крум, откако го поразил Никифор, наредил неговиот череп да биде обложен и овенчан со сребро (други велат со злато) и го користел како пехар за пиење.

Никифор I умрел во 811 година и бил наследен од неговиот зет Михаил I /Michael I/. Стаурациј /Stauracius/, синот на Никифор, бил смртно ранет во една битка во текот на бугарската војна и умрел на пат за дома. Наследувањето на тронот тогаш било обезбедено од неспособниот Михаил I, неговиот шура.

Поради недоволната способност на Михаил I, во неговата војска завладеала внатрешна неслога и тоа токму кога тој требало да се соочи со Крум во една битка. Неговата неспособност не само што му донела пораз, туку била

причина да го плати тоа со губење на тронот. Бил симнат од власт во 813 година од еден арменски војник по име Лав.

Лав V, како што бил познат, станал император-цар во 813 година и се соочил со уште еден бугарски напад од Крум. За среќа, Крум ненадејно умрел во 814 година додека се подготвувал за напад кој никогаш не се остварил. Омуртаг, синот на Крум, во меѓувреме, склучил мировен договор со Православните. На Омуртаг му биле потребни Православните како сојузници за да му помогнат да ги заштити своите западни граници од ескпанзијата на Франките, под водство на Карло Велики /Charlemagne/ и неговите наследници.

Бидејќи ги имал Бугарите под контрола, Лав V решил да се позанимава со иконокластичнатата полемика. Како и повеќето војници, завршил на непопуларната страна. Лав V бил убиен во 820 година, а го заменил Михаил II кој, исто така, бил војник.

Владеењето на Михаил II започнало во 820 година и било обременето со избувнување побуни. Неговото деветгодишно владеење било главно запаметено по губењето на Крит во корист на Корзиканците и по инвазијата на Сицилија од Аглабидите /Aghlabids/. Михаил II ја основал фригијската династија, а неговиот син Теофил и внукот Михаил III го зазеле православниот трон по тој редослед.

Теофил, синот на Михаил, владеел од 829 до 842 година и во тој период непријателствата помеѓу православните и муслиманите биле обновени. Муслиманите ја зазеле Кападокија и Теофилус бил присилен да ги сконцентрира сите свои воени напори во војната против нив. Последицата била таа што тој повеќе не можел да го поддржува походот во Сицилија и во 842 година и Сицилија била изгубена и заземена од Сарацените. Во меѓувреме, војната со муслиманите на исток беснеела и ниедна од страните не можела да здобие предност.

Теофилус умрел во 842 година и владата преминала во рацете на Советот на регенти кој владеел во името на неговиот четиригодишен син Михаил III. На чело на регентскиот Совет била царицата Теодора, мајка на Михаил III. Теодора била идолопоклоник и направила најдобро што можела да направи пресврт на иконокластичката политика на

нејзиниот покоен сопург, па наскоро почнала да ги прогонува иконоборците.

Кога Михаил III наполнил осумнаесет години во 856 година, ја отстранил мајка си од активната служба и владеел со Империјата со својот соработник, бујкото Бард /Bardas/, кој пиел и бил на лош глас, најпрво како советник, а потоа како колега. Кога Михаил III се уморил од Бард, го исфрлил од Советот и го унапредил Василиј Македонецот, еден друг соработник, во Цезар. По една година, на Василиј Македонецот му се здосадило од Михаил III и го убил по една тешка пијанка.

Бидејќи веќе бил Цезар, Василиј ја презел функцијата император во 867 година, без противење, инаугурирајќи ја на тој-начин македонската династија која ќе владее речиси два века.

ГЛАВА 17 - ПРЕРОДБА НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА, ЈАЗИК И КУЛТУРА

Тоа бил Херберт Џорџ Велс /Herbert George Wells/ кој рекол дека варварската инвазија на Европа започнала со подигнувањето на Големиот ѕид на Кина. Мигрирачките племиња на монголските номади, кои ги поминувале летата во сибирските рамнини, а зимите во источниот дел на централна Кина, не можеле повеќе да живеат така бидејќи Големиот ѕид на Кина ги спречувал во тоа. Не можејќи да одат до нивните традиционални земјишта, племињата биле приморани да го променат шаблонот на презимување. Бидејќи не можеле да преминат во источниот дел на централна Кина, монголските племиња почнале да се движат на запад, вршејќи притисок врз народите чии земји ги заземале. До времето кога Големиот ѕид бил завршен во VI век, многу монголски племиња ги напуштиле своите традиционални шеми на мигрирање кон исток и веќе се движеле кон запад.

Мое верување е дека Словените не се преселиле според својата волја, туку биле приморани како резултат на овој голем бран движења на племињата. Кои биле Словените и од каде дошле, се се уште контроверзни прашања, кои ќе бидат одговорени со текот на времето и со истрајни археолошки истражувања. Во меѓувреме, се појавиле две теории.

Првата и попопуларна теорија, е дека современите Словени се потомци на првите Европејци. Тие се идентификуваат со многу имиња, но најдобро се познати како Венети. Втората теорија, е дека Словените на Европа се остатоци од војниците и населениците на Александар Велики. Многу добро е познато дека Александар Велики основал многу градови и воени бази насекаде каде што одел во походи, со цел да ги поддржи своите воени потреби. Населениците биле носени од Македонија и ним им била давана земја да ја обработуваат. Кога Царството на Александар се срушило, наместо да се вратат дома, многумина од нив останале во своите населби и засекогаш се населиле во новите земји. Археолошките ископувања во Индија откриј дека македонската класа се уште постоела и два века по

пропаѓањето на Царството на Александар. Тогаш уверливо е дека македонските населеници на Европа, исто така, останале на нивните имоти, живејќи невознемирувано со векови, а мигрирајќи на север како што се зголемувало населението. Бидејќи биле доста цивилизирани, Македонците имале добро-формиран јазик и култура кои тие ги ширеле меѓу домородното население од кое, пак, вработувале работна сила.

Но, ова со само теории и потребни се голем број арехеолошки докази за да бидат потврдени и докажани. Од друга страна, она што е сигурно и добро документирано е преродбата на македонскиот јазик и култура во VIII век.

Што се однесува до јазикот на Словените, некои веруваат дека Словените северно од реката Дунав зборувале различни јазици и дека единствено го научиле таканаречениот словенски јазик откако ја преминале реката Дунав. Ова било ист случај и со Хуните, Аварите и Бугарите. Денешните Бугари зборуваат словенски јазик како последица на тоа што биле асимилирани од автохтоното население кое зборувало словенски јазик и кое живеело јужно од реката Дунав. "Бугарите ги усвоиле словенскиот јазик и култура. Парадокасално е тоа што Бугарите, народ кој зборувал на туркиц јазик /Turkic/ (односно еден јазик од алтаичната група јазици во која, освен турскиот, спаѓаат и азербејџанскиот, татарскиот, узбекистанскиот..). кои го усвоиле јазикот и обичаите на Словените, одиграле значајна улога во стандардизирањето на пишувањето на словенскиот јазик". (Стр. 197, Џон Ши, "Македонија и Грција, Борбата за дефинирање на една нова балканска нација" /John Shea, Macedonia and Greece The Struggle to Define a New Balkan Nation/, Jefferson, North Carolina: McFarland, 1997). Причината поради која Бугарите го прифатиле словенскиот јазик лежи во убедливата цифрена супериорност на Словените, од кои најголемиот дел биле Македонци. Вистинските Бугари и нивните турско-татарски владетели биле само малуброjно малцинство.

Односите помеѓу Цариград и Бугарија се влошиле кога канот Пресијан /Presian/ станал владетел на Бугарите, во 835 година. Додека Православните биле зафатени борејќи се против муслиманите, бугарскиот крал чекал и ја дочекал

можноста - навлегол во православната територија, ставајќи крај на триесетгодишниот мир. Една голема бугарска вооружена сила извршила инвазија и упаднала на православска територија, окупирајќи неколку региони на северна Македонија. Одземањето земјишта од Бугарите продолжило се до владеењето на Борис. Дотогаш, Бугарите веќе зафаќале голем дел од струмичкиот регион и делови од централна Македонија, се до Вардарската долина. Конечно, во 864 година Православните интервенирале, но наместо да ги протераат Бугарите, тие се договориле да постигнат мир. Мировниот договор не ја ослободил Македонија, но сепак ја запрел експанзијата на Бугарите извесно време. Според условите на договорот, Борис, исто така, бил обврзан да го прифати христијанството како државна религија.

Тоа било во времето на владеењето на православниот император Михаил III (842-867), кога Солун дефинитивно се формирал како религиозен и филозофски центар на Империјата. Тоа било време кога Кирил и Методиј тргнале во нивните бројни мисии за да ги шират доктрините на христијанството на разни места во источна Европа и Азија. (Солун до ова време не бил освоен од Словените, но солунчаните зборувале на словенски јазик).

Овде сакам само да спомнам дека до осмиот век, македонската епархија била под власт на Македонската архиепископија, чиј центар се наоѓал во Солун, а епарихии постоеле во осумнаесет градови, вклучувајќи ги Лерин, Костур, Воден и Серес.

Браќата Кирил и Методиј биле Македонци, родум од Солун, кои биле поздравувани како апостоли од солунските Словени и како татковци на словенската писмена култура. На Кирил, помладиот брат, кога бил крстен му било дадено името Константин. Дури многу подоцна тој ќе го добие името Кирил.

Кирил ја имал таа голема среќа да студира во Цариград на многу мала возраст а образованието го примал од Лео Граматичарот /Leo the Grammarian/ и од Потиј /Photius/, познат професор на царскиот универзитет. Кирил бил извонреден студент и го стекнал прекарот “филозоф”. Откако го завршил образованието, бил ракоположен за ѓакон, а потоа станал професор по филозофија во Царското

училиште во Цариград, каде ја презел катедрата на Потиј. Наскоро, се повлекол во осамеништво во еден манастир. Оттаму, во 861 година, бил повикан од императорот Михаил III и бил испратен на една мисија да ги христијанизира Казарите од јужна Русија, кои живееле помеѓу реките Дњепар и Волга.

Постариот брат Методиј бил многу сакан, интелигентен човек, кој ја започнал својата кариера по стапките на својот татко. Отпрво служел во војската во Солун. Потоа, на дваесетгодишна возраст, станал гувернер на една од словенските колонии во провинцијата Опсикион во Азија. Тогаш станал калуѓер и, како и неговиот брат, учествувал во мисијата за христијанизација на Казарите.

Кирил и Методиј биле двајца од седумминатa браќа и сестри во семејството. Нивниот татко Лев бил познат Македонец кој му бил помошник на командантот на православната војска во Солун.

Кариерата на солунските браќа тргнала на подобро во 862 година кога Ростислав, кнезот на Моравија, испратил свои амбасадори во Цариград да побараат мисионери способни да го научат неговиот народ да чита и пишува на нивниот јазик. Ростислав, стравувајќи од своите моќни соседи-Германите, барал можност да го зацврсти својот сојуз со Православните за да изврши противтежа на мисионерското влијание на Германите во неговото кралство. Ростислав повеќе ја претпочитал црковната политика на Потиј, кој сега бил патријарх на Цариград, отколку на неговиот западен двојник, т.е. патријархот на запад.

Кога дошла пораката дека императорот Михаил барал способни мисионери, Потиј решил дека Кирил и Методиј се најпогодните кандидати за таа работа. Солунските браќа, бидејќи и самите зборувале на словенски јазик, добро го знаеле солунскиот дијалект на словенскиот јазик и ја прифатиле задачата.

Сите словенски племиња добро го разбирале старомакедонскиот дијалект. За жал, да се научат неписмените да читаат и да пишуваат било полесно да се каже, отколку да се стори. Иако Словените имале писмена форма на јазикот, опишана како “линии и засеци” и сепак не било лесно да се научи тој јазик.

Кирил ги знаел глаголските ракописни букви, односно глаголицата, но и таа била многу сложена за неписмените луѓе брзо да ја сфатат. Според Црноризец Храбар, поборник за македонската писменост, Кирил и Методиј, најпрво, се обиделе да ја користат азбуката на коине јазикот, а потоа латинската, но не можел да се постигне правилниот изговор. Словенскиот говор бил премногу сложен за да со запише со буквите на коине јазикот, или, пак, со латинските букви. Кирил бил интелигентен и го решил проблемот така што составил нова азбука, врз основа на старите македонски традиции. Образецот и некои букви ги базирал врз азбуката на коине јазикот, но ја збогатил со додавање нови букви. Тој позајмил нешто од глаголицата, а нешто обликувал од античките македонски симболи кои имале традиционално македонско значење. “Питер Хил докажува дека старословенскиот јазик бил повеќе отколку еден пишан дијалект. Наивно е, вели тој, да се замисли дека создавањето на еден писмен јазик било можно без воспоставена традиција. Затоа, може безбедно да се претпостави дека постоела барем некаква традиција врз која Кирил и Методиј можеле да градат. Веројатно, нивната блискост и познавање на оваа традиција произлегувале од фактот дека тие саплите биле Словени.” (Стр. 198, Џон Ши, “Македонија и Грција, Борбата за дефинирање на една нова балканска нација”).

Кога била завршена, азбуката на Кирил се состоела од 38 букви, секоја прецизно и точно претставувајќи еден посебен глас од словенскиот говор. Фонетската природа на Кириловиот јазик направил спелингот на зборовите да биде многу едноставен. Едноставно, само требало да се научи азбуката и да се има способност за пишување и за читање. Истото важи до ден-денес.

Овде, само сакам да напомнам дека има неколку извори на информации кои тврдат дека Кирил бил иноватор на глаголицата, но тие не се точни. Кирил бил запознат со глаголицата и имал составено глаголски текстови, но од неодамнешните откритија на античките записи сега знаеме дека глаголската азбука постоела пред времето на Кирил.

Во 862 година, Кирил и Методиј, заедно со бројни следбеници, пристигнале во Моравија во дворот на Ростислав. Тие веднаш започнале со работа и на нивно

изненадување говорниот јазик на Кирил не само што бил добро разбран, туку станал и популарен меѓу Моравјаните. Православните мисионери уште извесно време продолжиле со својата работа со голем успех, но наскоро биле хендикепирани од недостаток на православни епископи за да ракоположат нивни свештеници. Освен тоа, нивната популарност меѓу Моравјаните не им годела на германските мисионери, кои на нив гледале како на конкуренција и силно се спротивставувале на нивното присуство.

Непријателството на Германите достигнало максимум кога германскиот император Луј /Louis/ го принудил Ростислав да му се заколне нему на верност. Германскиот прелат, бискупот од Пасау /Passau/, кој имал власт да ракоположи православни свештеници, одбил да го прави тоа поради презир. Не можејќи да продолжат со својата работа, мисионерите биле приморани да се вратат во Цариград. На враќање, македонските браќа скршнале од патот преку Венеција, каде дознале дека Папата го екскомуницирал Поитус, православниот патријарх во Цариград. Православните мисионери и употребата на македонскиот јазик во нивните литургии биле жестоко критикувани.

Во 858 година императорот Михаил III, по свое лично овластување, го симнал патријархот Игнатиј/Ignatius/и го заменил со попрогресивниот Потиј. Но, Папата не се согласил со одлуката на Михаил и неговиот акт го прогласил за неважечки. Истовремено, папата јавно ги осудил и Потиј и императорот.

Кога папата Никола I /Nicholas I/ дознал дека православните мисионери биле во Венеција, ги повикал во Рим. Но, до времето кога пристигнале, Никола умрел и политичката ситуација добила пресвртница кон подобро. При пресвртот на настаните, наследникот на Никола Адриан II, топло ги примал странците, особено кога открил дека тие му носат многу значаен подарок. Изгледа дека Кирил ги добил моштите од папата Св. Климент, кога бил на Крим во посета на Казарите, и му ги понудил на Адриан како подарок.

Кога пристигнале, Адриан спровел истрага и не нашол ништо лошо или погрешно во однесувањето на Православните. По неговата пресуда, тој им дозволил на

Кирил и Методиј да примат епископско осветување и дозволил нивните новопреобратени свештеници да бидат ракоположени. Исто така, дозволил словенскиот јазик да се употребува во литургиите.

За жал, Кирил умрел на 14 февруари 869 година во Рим и никогаш не се вратил дома. По смртта на Кирил, Методиј го молел папата Адриан да му дозволи да го однесе телото на својот брат во Солун за да биде погребан таму, но Адриан не дозволил. Тоа било желба на мајката на Кирил и Методиј дека ако умрел еден син, другиот требало да го донесе телото назад за да биде пристојно погребано во семејниот манастир. За жал, Андриан не го дозволил тоа, тврдејќи дека не е соодветно папата да дозволи телото на толку истакнат христијанин да биде однесено. Изјавил дека толку славен човек треба да биде погребан на славно место. Кирил бил величествено погребан во црквата Сан Клементе /San Clemente/ на Коелија /Coelian/, каде се чувале моштите на Св. Климент.

По смртта на Кирил, Методиј ја презел работата и водството на мисијата од својот брат. Бидејќи бил посветен, добил писмо со препорака од папата и Светата столица и брзо им се вратил на своите должности. На барање на Козел /Kozzel/, кнезот на Панонија, кој во тоа време сакал да ја оживее античката архиепископска диоцеза на Сирмиум (денешна Митровица), Методиј бил поставен за митрополит (архиепископ). Му било доделено големо подрачје под негова одговорност, чии меѓи се протегале се до границите со Бугарија. За жал, бидејќи политичката ситуација во Моравија се променила, титулата на Методиј и неговото папско одобрение не им значело многу на западните мисионери, особено на Германите, кои започнале клеветничка кампања против него. За да станат работите уште полоши, Сватоплук/Svatopluk/, внукот на Ростислав, се здружил со Крломан /Carloman/ од Баварија и направил неговиот вујко да биде протеран. Потоа, не требало да помине долго време за Методиј повторно да биде во неволја.

Во 870 година Методиј бил повикан пред Синодот на германските епископи. Тие го прогласиле виновен за злоупотреба на положбата, без сомнение врз лажни обвинениј, и го затвориле во една затворска ќелија во која

постојано протекувала вода. Биле потребни две години бранење и молење, пред папата Јован VIII да може да го ослободи. За жал, за да избегне натамошни спорови и несогласувања, папата Јован ја повлекол својата дозвола да се употребува словенскиот, варварски јазик, како што го нарекол, за било какви цели освен за проповед. Во исто време, ги потсетил Германите дека Панонија никогаш не била германска и дека од памтивек таа и припаѓа на Светата столица.

Откако бил ослободен, Методиј ја продолжил својата работа во Моравија, но таму, исто така, западнал во неволја. Методиј не го одобрувал порочниот начин на живеење на Сватоплук и јавно го искажал своето незадоволство. За освета, Сватоплук го пријавил Методиј на Светата столица. Го обвинил за вршење богослужба на словенски јазик и за ерес, обвинувајќи го дека ги испуштал зборовите "и Синот" при вероисповедувањето. Во тоа време, овие зборови се уште не биле воведени насекаде на Запад.

Во 878 година, како резултат на обвинувањата на Сватоплук, папата Јован VIII го повикал Методиј во Рим и спровел истрага. Методиј, сериозен човек и посветен христијанин, бил во состојба да го убеди Папата и за својата посветеност на својата религија, и за неопходноста од употребата на словенската литургија. Иако папата Јован се согласувал со Методиј за повеќето прашања, сепак имал извесни резерви за употребата на словенскиот јазик. Изгледа дека дел од западните мисионери го перцепирале словенскиот јазик како закана за нивната лична мисија и правеле се што било во нивна моќ да го прогласат за неупотреблив. Тие тврделе дека, бидејќи бил создаден од самите луѓе, словенскиот јазик не бил од Бога и дека Бог ги создал трите главни јазици: хебрејскиот, коине јазикот и латинскиот. Но, Методиј возвратил со исто такви убедливи аргументи, тврдејќи дека Бог не ги создал хебрејскиот, коине или латинскиот јазик. Бог го создал сирискиот јазик на кој Адам и луѓето по него зборувале се до потопот. Потоа, во текот на изградбата на Вавилонската кула, Бог раширил различни јазици меѓу луѓето и ја создал пишаната форма на јазиците. Неговите аргументи можеби му купиле извесно

време, но тој се уште бил во неволја кај германските мисионери.

Увидувајќи дека нема така лесно да се ослободи од него, Сватоплук го искористил своето влијание како крал и го наговорил Папата да го одреди Вичинг /Wiching/, познат непријател, да работи со Методиј. Германскиот (или францускиот) свештеник Вичинг бил донесен да му помага на Методиј како еден од неговите епископи. Вичинг бил заколнат непријател на Методиј кој неуморно работел против него. Овој бескрупулозен прелат продолжил да го прогонува Методиј, дури до степен на фалсификување папски документи.

По смртта на Методиј, Вичинг добил архиепископско седиште, ги протерал следбениците на Методиј и колку што можел повеќе укинал и поништил од работата на Методиј во Моравија.

Кога Вичинг бил назначен за негов асистент, Методиј морал да сфати дека војувал изгубена битка. Во последните четири години од сбојот живот, прекинал со својата мисионерска работа и превел најголем дел од Библијата од коине на словенски јазик. Методиј умрел во 885 година, веројатно од исцрпеност. Неговата погребна богослужба била извршена на коине јазикот, на словенски и латински. Методиј бил многу омилен кај народот и многубројни биле тие што дошле на неговиот погреб да му оддадат последна почит.

Тука само сакам да додадам дека светите Кирил и Методиј биле секогаш величени и славени во земјите на нивните мисии, но по 1880 тие, исто така, биле славени во целиот западен свет.

Во Цариград, во меѓувреме, уморен од својот вујко Бард, императорот Михаил III наредил тој да биде убиен, а го заменил со Василиј Македоноцот, кого го издигнал на го издигнал на позиција на Цезар. По околу елна година, Василиј се уморил од Михаил III и по една тешка пијанка наредил да биде убиен.

Бидејќи веќе бил Цезар, Василиј ја презел позицијата на император, без никакво спротивставување, во 867 година. Како император, Васил Македонецот ги реорганизирал царските финансии и праведно и чесно управувал со

царската администрација. Имал извесна среќа во своите походи и од муслиманите повратил некои долго изгубени територии на исток. Неговата флота ја повратила контролата на Средоземното Море, протерувајќи ги пиратите и пиратските бродови. Неговата војска упеала да ги истера Сарацените од Калабрија, но имал мал успех во Сицилија. Откако неговите походи не успеале, во 886 година, Васил умрел без ниедна победа. Васил I бил најмногу запаметен по тоа што ја започнал македонската православна династија која траеле повеќе од два века. Васил I бил наследен од неговиот син Лав VI, исто така, познат и како Лав Мудриот.

Смртта на Методиј не ставила крај на ширењето на македонскиот јазик и култура, како што многумина од неговите непријатели се надевале. Всушност, многу од учениците на Кирил и Методиј дораснале на задачата и ја продолжиле традицијата на нивните учители, ширејќи им ја македонската култура на Словените дури и под најтешки околности.

Најпознати православни ученици биле Климент, Наум, Ангеларије, Сава и Горазд. Иако Горазд бил подготвен да ја преземе задачата од Методиј, првиот кој дораснал на ситуацијата бил Климент кој е познат како Климент Охридски.

Климент бил еден од најбистрите ученици на Кирил и Методиј и одиграл главна улога во нивните кариери. Но, откако бил протеран од Моравија и од Панонија, Климент се вратил во Охрид, во своето родно место (иако некои тврдат дека бил роден во Солун). Климент ги поминал наредните седум години, од 886 до 893 година во Охрид, вршејќи божја работа и предавајќи на словенски јазик. Во текот на неговиот престој во Охрид помогнал во основањето на Охридската книжевна школа и во развојот на првиот универзитет на Балканот, а можеби и во цела Европа. Се вели дека три илјади и петстотини свештеници и учители се образувале на овој Универзитет во Охрид. Но, тоа не било се. Климент, исто така, бил одговорен за пишување поезија и преведување на други дела од коине на словенски јазик.

Во 839 година на Климент му се придружил еден од неговите доживотни пријатели, Наум. Климент и Наум биле одговорни за доформирање на азбуката на Кирил, како и за

препишување на многу дела на Кирил од глаголица на словенски (кирилица). Кирил, најверојатно, имал напишано многу дела со глаголски пишани букви, со намера да ги користи истите во своето учителствување. Но, откако открил дека глаголицата била претешка за да ја сфати обичниот народ, тој се определил за поедноставните пишани букви на словенски, односно кирилицата која тој самиот ја создал.

Во текот на владеењето на Лав VI, мировниот договор помеѓу Православните и Бугарите уште еднаш бил прекршен. Кога бугарскиот владетел Симеон дошол на власт во 893 година, повторно продолжил со агресија во Македонија. Неговите војски продолжиле да навлегуваат подалеку на запад и југ и дошле на приближно дваесет и два километра од Солун. Нов мировен договор бил потпишан во 896 година и Лав VI се согласил на Симеон да му плати годишна субвенција во необелоденет износ за да престане со неговата агресија.

Откако дошол на власт во 893 година, Симеон го поканил Климент во Преслав со понуда да го назначи за кралски советник и помошник на неговиот син. Понудата не се материјализирала поради некои барања што Симеон ги поставил и кои на Климент му изгледале неразумни. Симеон имал извесни резерви за словенскиот јазик да го направи официјален и побарал Климент да го модифицира. Климент, се разбира, одбил, сакајќи делото на Кирил и Методиј да остане како што било. Самиот Симеон бил образован на коине јазикот во Цариград и си развил амбиции да го преземе Православното Царство и да стане император на едно Православно-бугарско Царство.

Кога првичната понуда не завршила добро, на Климент му било дадена друга служба во епископијата Велика, во една заостаната провинција. Донекаде оваа служба била деградација за Климент, но, во исто време му овозможила повеќе време да посвети врз работата на неговите лични проекти. Продолжил да преведува црковни песни, псалми, свечени фрагменти од Библијата, наравоучениј итн.

Кон крајот на нивните кариери, и Климент и Наум изградиле цркви на спротивни страни на Охридското Езеро. Најблиску до градот, Климент посветил едно светилиште на светиот исцелител Пантелејмон. Нешто подоцна, во близина

на изворите на реката Црн Дрим, Наум изградил споменик во чест на архангелите Габриел и Михаил /Michael/.

И Климент и Наум биле погребани во гробовите што тие ги изградило за себе. Наум бил погребан во 910 година, а Климент шест години подоцна, во 916 година.

Наум, како и Климент, многу придонел за развојот на македонскиот јазик и култура. Се верува дека Наум бил роден во Македонија, во 835 година и дека му бил нераздвоен близок пријател на Климент од најраната младост. Како што претходно е спомнато, Наум бил ученик на Кирил и Методиј и бил активен меѓу Словените во Моравија и Панонија. Наум, исто така познат и како Наум Охридски, бил нераздвоен од своите учители и соученици, и претрпел исто такво понижување и неправди како што претрпеле и тие. Нивните најтешки и судбоносни моменти дошле по смртта на Методиј кога, под влијание на германските свештени лица, Франките ги нападнале македонските мисионери и ги мачеле. Ова се зборовите на биографот на Климент Охридски: “Војниците, сурови луѓе, бидејќи биле Германи и по природа свирепи, а нивната свирепост се зголемувала како што се зголемувал нивниот чин, ги зеле свештениците, ги повеле надвор од градот, им ја скинале облеката и почнале да ги влечат голи цело време. На тој начин, со едно дејство нанеле две зла: ги осрамотиле и ги мачеле на ледената магла која се спуштала од брегoвите на реката Дунав. Освен ова, им ги ставиле своите мечеви под нивните глави, спремни да им ги отсечат, а своите копја на нивните гради, спремни да ги раскрвават за да не умрат веднаш...”

“Подложени на сурово измачување, некои од учениците потклекнале, додека другите, меѓу нив особено Горазд, Климент, Наум, Сава и Ангеларий биле прогласени за екскомуницирани (односно исклучени од црквата) од страна на бискупот Вихинг. Книгите им биле одземени и запалени. Помладите ученици (околу 200) биле продадени како робови, додока овие петмина биле протерани надвор од земјата.”

На патот кон дома во Македонија, по барање на Борис, бугарскиот кнез, Климент, Наум и Ангеларий (кој набрзо потоа умрел) скршнале кон Плиска, Бугарија. По кратката посета, тие почувствувале дека е време да се вратат дома и

да продолжат со нивната работа преведувајќи книги од коине јазикот на словенски. Кнезот Борис инсистирал тие да останат во Плиска, но кога видел дека нема да може да го убеди Климент, инсистирал Наум да мора да остане. Немајќи избор, Наум ги поминал следните седум години, од 885 до 893 година во Плиска, пред да се врати дома и да му се придружи на Климент.

Лав VI станал император во 886 година и извесно време се зафатил со пишување приручник за воени тактики. Бил образован од православниот патријарх Потиј и бил ко-император на својот татко, Василиј I, од 870 година. За време на неговото владеење, Империјата просперирала и Лав VI успеал да ги држи Бугарите на дистанца, иако на крај морал да направи отстапки за да го спречи нивното бавно напредување. Освен пречката од Бугарите, имало еден несреќен настан што ја извалкал кариерата на Лав VI, а кој бил голем удар за Македонија. Тоа било ограбувањето на Солун.

Во 904 година, незаштитен и неподготвен за воени делства, Солун бил нападнат од сараценските арапски пирати. Солуњаните пружиле силен отпор, но биле совладани и не можеле да го избегнат поразот. Откако градските одбрани попуштиле, градот бил брутално нападнат и безмилосно пустошен со денови, додека, буквално, не бил опустошен.

Во 907 година Лав VI потпишал договор со Русија за регулирање на трговијата помеѓу двете сили.

Лав VI, за жал, останал без наследник од машки пол. Се женел четири пати, што предизвикало да има проблеми со Црквата, но сепак на крај умрел без наследник.

Лав VI бил наследен од неговиот помал брат Александар, третиот син на Васил I. Лав VI го назначил Александар за свој ко-император во 879 година, но владеел сам се до својата смрт во 912 година.

Речиси веднаш штом станал император, Александар ги отпуштил сите советници на Лав VI и ја протерал неговата вдовица Зое /Zoë/ во еден калуѓерски манастир. Александар, исто така, одбил да ги почитува обврските на својот брат и да им плати данок на Бугарите. На кралот Симеон тоа воопшто не му се допаднало и повторно ги продолжил своите непријателства кон Православните. Една позитивна

работа којаАлександар ја направил е тоа што својот мал внук (синот на Лав IV) Константин VII го назначил за свој ко-император.

Александар владеел само една година пред да го наследи петгодишниот Константин VII. Бидејќи бил малолетен, Константин VII не можел официјално да владее, па затоа одвреме-навреме роднини и дворски службеници биле назначувани да дејствуваат во негово име. Еден ваков службеник бил Роман I /Romanus I/, истакнат војник, кој бил ко-владетел со Константин од 920 до 944 година.

Константин VII се смета за добар император бидејќи донел долготрајна стабилност на Империјата. Во текот на неговото владеење трговијата и уметностите цветале и неговиот свет уживал во просперитет и мир. Тоа било во времето на владеењето на Константин кога Петар, синот на Симеон, станал влалетел на Бугарите во 927 голина. Тоа било на инсистирање на Петар кога Православните се откажале од голем дел од Македонија, во корист на Бугарите. Релативно долгото владеење на Константин VII завршило во 959 година, а тој бил наследен од својот син Роман II. Константин VII му го дал името Роман на својот син, во чест на својот верен пријател и ко-император Роман I.

Владеењето на Роман II било активно, но кратко. За разлика од својот татко кој барал мир, Роман II сакал воени авантури и иницирал период на воени активности. Искористил една слабост во муслиманската империја и ги нападнал Сарацените. Во 960 повторно го освоил Крит, а упаднал во Силиција. Роман II умрел во 963 година, оставајќи ги своите две доенчиња, Василиј II /Basil II/ и Константин VIII, за свои наследници. Тие ќе го споделат своето владеење со нивната мајка, Теофана, како регент.

Набргу по смртта на Роман, еден од неговите победоносни генерали, генерал Никифор /Nicephorus/, кој водел походи против Сарацените, се вратил и се оженил со царицата Теофана. Иако тој повторно го освоил Кипар и неговите војски освоиле најголем дел од Сирија за слава на Империјата, неговите мотиви да го заземе тронот го направиле крајно непопуларен кај свештенството и на дворот. Како што растела неговата непопуларност, така

Теофана решила да се ослободи од него и го поништила нејзиниот брак. Потоа, наредила тој да биде убиен.

Џон Иван Цимиск /John (Иван I) Tsimisces/, човекот кој го организирал убиството на Никифор, самиот си го пробил патот до тронот и се прогласил за "помошник владетел" за да владее во името на двете деца. Потоа очекувал царицата Теофана да се омажи за него, а кога тоа не се случило, наредил да биде протерана во еден самостан, т.е. во женски манастир. Со време, Иван, како Василиј Македонецот, се поправил поради својот злочин и се однесувал кон момчињата и кон своите колеги со голем респект, што му ја зголемило неговата популарност на дворот.

Релативниот мир на Балканот повторно бил прекинат во 969 година кога Русинот Свјатослав /Sviatoslav/ решил да изврши инвазија на Бугарија. Русите извесно време биле активни во регионот и полека навлегувале на бугарската територија. Целосната инвазија била поттикната со смртта на Петар во 969 година. Откако умрел Петар, немало наследник во неговата палата за да го замени. И двајцата негови синови, Борис и Роман, во тоа време биле држени во заложништво во Цариград, од страна на Православните. По смртта на Петар, тие бргу се вратиле да ја заштитат бугарската круна, но веќе било предоцна. Русите веќе биле во Преслав, бугарскиот главен град, и ги заробиле момчињата.

Во отсуство на бугарски наследник, комитополските /Comitopoloi/ браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил /David, Moses, Aaron, Samoil/, синови на големиот кнез - Комнен Никола, организирале востание.

Конечно, во 971 година, Православните организирале противнапад и го поразиле Свјатослав во Силистрија на реката Дунав, во две пресудни битки. Бил постигнат мировен договор кој не само што ставил крај на руската агресија, туку на Православните им обезбедил пристап по Русија. Со Русија како сојузник, христијанзацијата на рускиот народ не била далеку.

Чувствувајќи се самоуверено по своите победи со Русија, Иван решил да ги премести своите походи во Сирија каде Сарацените повторно се движеле, напредувајќи се повеќе. За жал, неговата кариера била прекината поради неговата ненадејна смрт во 976 година.

Дотогаш, Василиј II наполнил дваесет години. Бил на возраст на која можел да владее сам, заедно со својот помлад брат Константин VIII, без потреба од соработници.

Од владеењето на Петар во 927 година, иако бугарската експанзија во регионот сопрела, Македонија се уште била окупирана и од Бугарите, и од Православните. Во тоа време, ниедна империја немала пристап кон ресурсите надвор од нивните сопствени територии и двете империи биле зависни од внатрешните средства за издржување на своите вооружена сили и администрациите. Македонската економија, во тоа време, била во најголем дел рурално земјоделство кое се состоело од заедници кои дејствувале независно и задружно, од страна на кланови и племиња, меѓу кои постоеле односи на поврзаност. Племенските господари кои владееле со кнежевства во најголем дел биле водачи на здруженијата. Како што растела потребата од повеќе ресурси, за да се издржуваат двете империи, така растела и власта и на Православните и на Бугарите врз македонските кнежевства. Господарите кои некогаш владееле со Македонија, независно или полузависно, наскоро станале послушни орудија на окупаторите. Со времето, господарите биле назначувани и отпуштани според волјата на нивните владетели и тие постоеле само за да им служат ним. Освен што назначувале господари, Бугарите донеле свои судии, даночни службеници и црковни службени лица за да им служат ним.

Со зацврстувањето на православното и бугарското владеење во Македонија, падот на племенското самоуправување меѓу Македонците се забрзал. Во тоа време, и православната и бугарската држава имале добро оформени феудални општествени односи. Се повеќе и повеќе земјоделски задружни заедници биле трансформирани во територијални заедници, што ја забрзувало поделбата на задружниот имот. Како резултат на нарушувањата на поврзаноста меѓу клановите во Македонија, почнале да се појавуваат нови и бројни феудални господари кои преземале земји и луѓе. Меѓу нив имало странци и црковни лица. На странците од другите делови на Империјата, бесплатно им биле доделувани македонски земјишта и привилегии и да го користат македонското население да им ја врши нивната

работа. Се формирале црковни и манастирски земјишни имоти и со време тие се зголемувале преку подароци и со помош на конфискација. Многу македонски селани ги изгубиле своите земјишта кои ги земала црквата поради неисплатени заеми, или, пак, поради тоа што биле обвинети за религиозни злочини.

Воспоставувањето на феудални општествени структури во Македонија отворило пат за масовна експлоатација, не само на феудалните кнежевства, туку и на слободните селани кои се уште живееле во рурални заедници. Состојбата се влошила околу средината на десеттиот век, кога завршиле профитабилните бугарски освојувачки војни. Немајќи други значителни извори на приход за издржување на бугарската војска, администрацијата, дворот и црковните системи, Бугарите прибегнале кон феудална експлоатација. Откако сите си го откинале и земале својот дел, на македонските селани не им останало ништо. Дотерани на работ на гладување, македонските селани се побуниле, подоцна познато како Богомилско движење. Иако по природа било религиозно, Богомилското движење, главно, било класна борба помеѓу сиромашниот македонски селанец и богатите странски владетели. Богомилското движење започнало во Македонија, од еден македонски свештеник по име Богомил.

Се вели дека на почетокот на средновековна Македонија се издигнале две големи личности, Климент Охридски и свештеникот Богомил. Првиот бил просветител и писател чии истакнати книги се гордост на Македонија. Вториот бил идеалист и неговата еретичка теорија станала оној крик околу кој се собрале угнетените во Македонија, а подоцна и за оние ширум Европа.

Богомил бил првиот кој држел предавања за религиозните елементи усвоени од учењата на Паулицијаните и Марсалианите /Paulician, Marsalian/. Овие верувања, кои забранувале земање свети тајни, обожавање ликови, вклучувајќи го и крстот и побивање на голем дел од Библијата, веројатно биле воведени во Македонија од колонистите од Арменија, останати во Тракија од минатите православни императори. Многу дуалистички, антицрковни и антифеудални карактеристики на овие движења дошле до израз во богомилската идеологија.

Првата богомилска црква била изградена под земја, веројатно, лично од Богомил, за да не бидат откриени и прогонети. Богомилските цркви служеле како домови за богослужба и како училишта за ширење на богомилските доктрини. Богомилите верувале во постоењето на борбата помеѓу доброто и злото и дека на крај ќе победи доброто. Тие изјавувале дека богатите биле слуги на ѓаволот и дека секој кој ќе им се покори ним, ќе стане против Бога. Според нив, целиот видлив свет, со сите негови закони и системи, не бил создаден од бога, туку од ѓаволот. Тие се спротивставувале на постоењето на цркви и манастири,биле против користењето на крстови, икони и гозби, и пропагирале верување дека човекот може да му се моли на бога без помош на свештеник. Голем дел од енергијата која му се припишува на Богомилското движење, дошла од неподносливата експлоатација од странските владетели и од црквата.

Богомилското движење, во реалноста, било востание против световните, т.е. секуларните феудални господари, државните тела и самите царства. Странскиот владетел донел повисоки даноци, повеќе насилство и дополнително казнување на обичниот народ. Селата станале посиромашни, а селаните ги изгубиле своите имоти и средствата за живеење. Многу од нив биле однесени како затвореници и станале зависни селани или робови, понекогаш на сопствените земјишта.

Под феудалната сопственост, селаните целосно биле зависни од нивните феудални господари. Некои историчари локажуваат дека посетата на Климент Охридски на бугарскиот главен град и неговото помирување како епископ, неколку месеци пред неговата смрт, бил реакција на насилството и опустошувањето што Бугарите го извршиле на територијата на епископијата Велика.

Брзото ширење на Богомилското движење го поттикнало Петар, бугарскиот крал, да преземе мерки за негово задушување, но не успеал. Богомилството било најсилно на територијата определена со триаголникот на реката Вардар, Охрид и Шар Планина. Но, неговата интервенција, сепак, им нанела големо страдање на богомилите. Меѓутоа, и најсуровите методи не го сопреле востанието, кое со време

се раширипо и прераснало во народно движење. Смртта на Петар и руските походи драстично ја редуцирале контролата на Бугарија врз Македонија, овозможувајќи му на Богомилското движење да цвета, барем за извесно време.

Во меѓувреме, желна да ја искористи состојбата, една нова сила излегувала на површина во Македонија. Во 976 година, истата година кога умрел императорот Иван Цимиск, четирите браќа, Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, дигнале востание. Со колапсот на бугарското владеење, а во отсуство на православните сили, востанието било успешно и браќата решиле заеднички да владеат со новоформираната држава. За жал, заедничкото владеење траело долго. Давид го убиле влашки овчари, некаде помеѓу Кастра и Преспа, а Мојсеј умрел во текот на една опсада на Серес. Без Давид и Мојсеј отпочнала борба за тронот помеѓу Арон и Самуил. Самуил, бидејќи бил многу поталентиран водач и државник, излегол како победник. За да спречи натамошни проблеми, Самуил наредил Арон и неговата фамилија да бидат погубени, со исклучок на Иван, синот на Арон.

По консолидирањето на својата моќ и власт, Самуил започнал со воени походи на запад, навлегувајќи во Тракија, Македонија и Тесалија, се надолу до Пелопонез. Само што закрепнал од последното пустошење, Солун повторно се наоѓал пред опустошување, но Самуил решил да продолжи на југ и притоа зазел голем број градови, вклучувајќи го и градот Лариса. Самуил ги населил жителите на Лариса во внатрешноста на неговата држава, а војниците на Лариса ги инкорпорирал во својата војска.

Од Лариса ги земал остатоците од св. Ахил и ги донел во Преспа, на островот Ахил. Заштитен од водите на малото Преспанско Езеро, Самуил го прогласил Ахил за свој главен град и во него изградил величествена палата.

Не било случајно што Самуил добил најсилна поддршка од територијата дефинирана со триаголникот на реката Вардар, Охрид и Шар Планина. Успехот на Самуил бил стимулиран и потхрануван од Богомилското движење и од неговата ненаклонетост кон странското владеење. Во Македонија, Богомилското движење особено влијаело врз создавање поволни услови за едно ослободително востание и за

формирање независна држава. Самуил сосема ја искористил ситуацијата и формирал една македонска држава.

Иако Самуил можеби лично не бил богомил, го прифатил богомилството и неговото право тоа да постои во новото кралство. За возврат, богомилите престанале вербално да го напаѓаат Самуил, неговите горни класи, кралските службеници и високосвештенството. Ако некој не бил задоволен од успесите на Самуил, тоа биле Православните. Самуил, во комбинација со Богомилското движење ,бил перцепиран како моќна сила, а Православните сакало да се провери тоа.

Во првите десетина години, Василиј II се обидувал да ги задуши востанијата во Азија, игнорирајќи го она што се случувало во сопственото двориште. Но, кога заканата станала преголема за да биде игнорирана, ја собрал војската и преминал преку граничните региони на Родопите и реката Марица. Таму, во август 986 година, од рацете на Самуил, Василиј претрпел тежок пораз. Василиј ја изгубил речиси целата коњица, голем дел од неговата пешадија и за влакно се спасил од сигурна смрт. Бил склучен мировен договор според кој Самуил добил слободна власт врз неговата нова територија. Поразот на Василиј предизвикал дури поголема внатрешна неслога меѓу Православните, особено во Азија. Нивните каранициго одвлекле вниманието од Самуил и отвориле можности за проширување на неговото владеење на нови територии.

Во летото 989 година, Самуил го продолжил својот воен поход и го освоил Бер /Berroea/. Потоа навлегол во Далмација и му објавил војна на кралот Владимир. Кога Самуил стигнал до Диоклеција, Владимир побегнал во планините, но бил убеден од еден од неговите племенски поглавари да се предаде. Самуил го заробил и го протерал во Преспа. Поради големата потреба од ресурси, Самуил ја опљачкал цела Далмација и земал се што можел да понесе. Потоа ги запалил градовите Котор и Дубровник и срамнил многу села се до Задар. Самуил немал морнарица и не бил способен да заземе ниеден од приморските градови.

Во меѓувреме. во Преспа, ќерката на Самуил Косара, се заљубила во младиот заробеник кралот Владимир и сакала да се омажи за него. Не сакајќи да ја разочара, Самуил

попуштил и и го дал својот благослов. Сега, кога Владимир станал негов зет, Самуил му го вратил неговото кралство. Како свадбен подарок на младоженците, исто така, им го дал и Дурациум /Dyrrachium/ и сите негови територии. Тој дури му го вратил и Требиње на Драгомир, вујкото на Владимир. Добрите дела на Самуил не само што му донеле почитување од неговиот зет, туку Владимир станал и негов сојузник и лојален вазал.

Кога завршила граѓанската војна на Православните, Василиј решил дека е време да го прекине неговиот тригодишен договор со Самуил, што траел од 987 до 990 година. Војната избувнала во 990 година и траела до 994 година, и за тоа време Василиј освоил и уништил бројни упоришта на Самуил. За да се освети, при крајот на 994 година, Самуил подготвил опсада против Солун во која бил убиен Греогори Таронитес, гувернерот на градот. Грегори умрел додека се обидувал да го спаси својот син Асхот, кој паднал во заседа во текот на една извидувачка мисија. Кога Василиј дознал за тоа, се разбеснил и го пратил Уран /Uranus/, неговиот врховен командант од запад, да изврши истрага. Уран открил дека не само што Самуил извршил опсада на Солун, туку дека ја опљачкал и неговата околина. Тој, исто така, вршел воени походи во Тесалија, Беотија, Атика и на Пелопонез. Вознемирен од ситуацијата, Василиј наредил Уран да го нападне Самуил и да стави крај на неговото слободно владеење.

Уран веднаш тргнал да го гони Самуил, но видел дека реката Сперјеја /Spercheius/ била надојдена од ненадеен прилив на вода. Но можејќи да ја премине реката, се влогорил на таа страна на реката. По некоја случајност, војската на Самуил ,исто така, била влогорена во близина, но на спротивната страна од реката. Кога дознал дека Самуил е во близина, Уран тргнал во потрага и нашол едно безбедно место да премине. Во текот на ноќта ја преминал реката и ги нападнал заспаните непријатели. Бидејќи била неспремна, војската на Самуил била десеткувана, а Самуил и неговите двајца синови биле тешко ранети и едвај успеале да побегнат.

Победоносен, Василиј побарал од Самуил да се предаде. Наместо да се предаде, Самуил побегнал во неговиот главен

град. За да го увери Василиј да не го гони, Самуил се согласил да потпише мировен договор и го понудил своето предавство во писмена форма. Но, наместо да се предаде, Самуил средил да биде прогласен за крал. Она што Самуил навистина сакал била круна на император. Меѓутоа, папата од Рим, Грегори V, немал намера да создаде друг император. Самуил не можел да ја земе бугарската круна, зашто, за жал, таа круна била во Цариград и надвор неговиот дофат. Затоа на се, она на што Самуил можел законски да се надева, била само круна на крал. Иако Самуиловата круна не била призната од Цариград, неговото крунисување му донело меѓународно признание. За папата од Рим, ова била уште една можност да го поткопа и ослабе православското владеење.

Кога Василиј дознал дека Самуил се крунисал за крал, се разбеснил и уште еднаш го пратил Уран да го уништи. Не можејќи да го вовлече Самуил во битка, Уран продолжил со големо пљачкосување, палејќи се што му се нашло на патот. По три месеци нанесување тешки загуби и уништувања, Уран не успеал да ја изврши мисијата и се вратил во Цариград со празни раце.

Безбеден, барем за тогаш, Самуил ја искористил можноста и ја омажил другата ќерка, Мирослава за Асхот, синот на Грегори од Солун, кого претходно го имал заробено. Како свадбен подарок на младоженците им го дал гувернерството на Дурахиум, со целосно одобрение на кралот Владимир. Но, неблагодарниот Асхот побегнал во Цариград и за својата лојалност бил награден со титулата "магистрат" од страна на Православните. Во меѓувреме, неговата жена Мирослава станала дворска дама во дворот на Цариград. Набрзо по бегството на Асхот, градските раководители на Дурахиум ги прекинале односите со Владимир и својот град им го предале на Православните.

За да му се освети и надевајќи се дека на Василиј ќе му направи проблеми во Цариград, Самуил отпочнал една пропагандна кампања унапредувајќи го Ватац /Vatatz/, член на семејството од фамилијата Василиј Главаш, за свој сојузник. Семејството на Василиј Главаш и голем број други благородници биле засолнети кај Самуил за да избегнат прогонство од Василиј.

Наместо да му направат проблеми, дејствата на Самуил само го разбеснеле Василиј уште повеќе, поттикнувајќи го да иницира нова воена офанзива. Тргнувајќи по маршрутата преку Филопопол /Philippopolis/, Василиј ги уништил речиси сите градови во регионот на Сердика. Во 1000 година испратил голема војска и ги нападнал сите утврдени градови, ги зазел Голема и Мала Преслав и Плиска, во близина на реката Марица. Во 1001 лично Василиј и се придружил на офанзивата и тргнал со својата војска близу до Солун, во правецот на Бер, каде го заробил Добромир. Потоа Василиј го заробил Колидрон, во близина на Бер, а Сервија /Servia/ ја ставил под опсада. И наспроти храбриот отпор на Сервија, градот сепак паднал во рацете на Василиј. Николица, гувернерот на Сервија, бил заробен и однесен во Цариград, но наместо да го фрли во зандани, Василиј официјално му ја дал титулата патриций. Но, Николица не бил задоволен, па побегнал кај Самуил и заедно ја нападнале Сервија. Василиј се осветил и повторно го заробил Николица, но овојпат официјално му ја доделил "честа" да биде ставен во синџири и прогонет во неговиот затвор во Цариград.

Откако ја потчинил Сервија, Василиј продолжил со воениот поход кон Тесалија. Се вратил и извршил поправки на оштетените тврдини кои претходно ги држеле трупите на Самуил. Потоа повторно ги утврдил тврдините со свежи православни гарнизони. Потоа, го свртел своето внимание кон Воден и, употребувајќи сила, го одзел градот од агресивниот гувернер Дражан. Гувернерот бил заробен и испратен во Солун како затвореник на Василиј. По пристигнувањето во Солун, Василиј го испратил Уран во Антиох за да се справи со Арапите. Уран бил заменет од страна на патриций Давид Аријант како нов воен командант на Солун.

Во 1002 година Василиј се упатил кон Видин и по осуммесечна опсада, извршил пробив низ одбраната и го зазел градот. Истиот ден, Самуил со своите трупи, со засилен марш поминал низ Тракија, пљачкосувајќи го и уништувајќќи го Едрене (Одрин /Adrioanople/). Ако тоа било намера на Самуил да му го привлече вниманието на Василиј со уништување на Едрене, тогаш тој успеал во тоа. Василиј сега водел воени походи кон Скопје, каде го стигнал Самуил.

Неочекувано, Самуил побегнал без борба, а гувернерот на Скопје му го предал градот на Василиј. Од Скопје, Василиј продолжил со походот кон тврдината Перник, каде наишол на голем отпор од големиот воин Кракрас. Василиј не успеал да го заземе градот, претрпел големи загуби и бил приморан да се врати во Цариград.

Самуил како да немал доволно проблеми со Православните, па сега ги налутил и Унгарците. Неговиот син, кој се оженил за една унгарска принцеза, решил да ја напушти, нанесувајќи на тој начин срам на своето семејство и ставајќи крај на срдечните односи помеѓу Самуил и кралот Стефан I. По непријатниот настан, кралот Стефан го напуштил сојузот со Самуил и му се придружил на Василиј, кој веќе му понудил свое сојузништво.

Кратко време пред тоа, нападите на Православните и пљачкосувањата на Самуиловата територија зачестиле и тоа со поголем интензитет. Самуил почувствувал дека е време брзо да направи нешто. Неговата шанса дошла во 1014 година кога оружените сили на Василиј само што не влегле во една клисура во Родопските Планини. Самуил ја опколил клисурата со силна војска и тоа требало да биде ненадеен препад. За жал, Василиј мора да го предвидел потегот на Самуил и на еден од генералите на Давид Аријант, му наредил со засилен марш да ги заобиколи вооружените сили на Самуил. Кога избувнала една жестока битка меѓу Василиј и Самуил, војската на Самуил била нападната одзади и била фатена во стапица. Не можејќи да се повлечат, многу од војниците на Самуил биле убиени, а уште повеќе заробени. Самиот Самуил бил спасен од својот син кој му помогнал да побегне до тврдините на Прилеп.

По својата победа, Василиј ги собрал сите затвореници и им наредил на неговите војници да им ги извадат очите. Според извештаите, тој ден биле заробени петнаесет илјади македонски војници. За да ги одведе слепите војници назад кај Самуил, Василиј наредил на секој стоти војник да има еден војник со по едно око. Тоа, навистина, бил грозен чин, вистинска трагедија не само за Самуил, туку и за Македонија. Потресен од призорот на оваа трагедија, два дена подоцна, Самуил умрел од шок. Го наследил Габриел Радомир, неговиот син.

Кога Самуил умрел, во 1014 година, неговото кралство било големо и ја вклучувало цела Македонија (освен Солун), Тесалија, Епир, крајбрежните склавинии Оиоклеја, Травиња и Захлумија, /Oiocleia, Travunya, Zachlumia/, регионот на Неретва (без островите), се до Цетиње, Србија, Босна и значителен дел од Бугарија. Во најголем дел, мнозинството население што живеело во Самуиловото Царство биле Македонци, а големи подрачја имало населено и со Словени јужно од Олимп, надолу до Пелопонез. Во помал број имало Бугари, Срби, Хрвати, Романци, Албанци и Власи. Освен тоа, таму живееле и емигранти како Вардариотски Турци /Vardariot Turks/ и Арменци кои, не многу пред тоа, биле населени таму од поранешни православни императори, а дел од Самуил. Иако имало многу Арменци во Тракија, Самуил населил дел од нив во Пелагонија, Преспа и Охрид. Се знае дека Ромејци имало, главно, во крајбрежните региони.

Самуиловото Царство било новоформирана држава, со сосема различно јадро на народи и со сосема различна внатрешна и надворешна политика од било кои негови соседи. Центарот на Самуиловата држава бил на далечниот југ на Балканот, во денешна Република Македонија. Самуил имал голем број главни градови, кои ги користел одвреме-навреме. Во текот на неговото владеење, Самуил го преселил својот главен град на неколку места, вклучувајќи ги Преспа, Охрид, Прилеп, Битола, Прониште и Сетин, /Pronishte, Setin/, сите во Македонија.

Според антички извори, малку се знае за општествено-економските услови и организацијата на Самуиловата држава. Веројатно мнозинстовото од народот во Самуиловото Царство биле селани, најголем дел слободни луѓе, но оние кои работеле на феудалните имоти биле или зависни селани или црковни лица. Зависните селани, односно кметовите, работеле и на секуларни и на црковни земјишта, додека црковните лица работеле исклучително на црковни земјишта. Бидејќи биле подобростоечка општествена класа, црковните лица биле ослободени од големи даноци. Но, црковните лица биле обврзани да работат дополнително, веројатно, во служба на заедницата, наместо да плаќаат даноци.

Благородничката класа во Самуиловата држава, главно, била составена од феудални господари и аристократи, кои биле здружени стоејќи зад Самуил и поддржувајќи ја неговата политика. По неговата смрт, сојузите почнале да еродираат и благородниците тргнале секој по својот посебен пат, во потрага по лични интереси што ги водело се поблиску и поблиску кон Православните.

Ропството било ретко присутно, но во некои случаи робовите биле фаќани и продавани, обично надвор од Кралството. Главниот извор на робови биле воените затвореници. Добро е познато, на пример, дека Самуил го поробил населението на Лариса, откако нивниот град паднал.

Најголемиот дел од приходот на Самуил доаѓал од царските земјишни поседи, продажбата на добиток, судските казни и воените пљачкосувања. Државната благајна на Самуил содржела многу драгоцености, вклучувајќи злато и пари. Бидејќи немал свои ковани пари, валутата која била во оптек во Самуиловото Кралство била онаа на Православните.

Што се однесува до составот на неговите оружени сили, Самуил бил врховен командант и своите вооружени сили ги регрутирал речиси исклучително од своето Царство. Имал огромна војска што се состоела и од пешадија и од коњица. Самуил бил способен стратег кој лично учествувал не само во планирање, туку, исто така, и во спроведување на битките. Во најголем дел, Самуиловото вооружување и воените униформи биле слични на оние на Православните. Неговите војници носеле кратки туники одозгора, панталони и кошули од челик. Тие, исто така, носеле шлем со подвижно продолжение кое можело да се спушти до брадата за да се заштити лицето на воините. Секој војник бил опремен со одбранбен штит, долго копје и со меч. Другиот прибор се состоел од војничка труба и знаме. Освен регуларната војска, Самоуил вработил и своја лична телесна стража. Самуил немал морнарица, ниту, пак, било какви бродови.

Официјалниот јазик во Самуиловото Царство бил македонскиот (словенскиот) јазик, иако повремено се користел и коине јазикот како јазик на дипломатијата во царската палата.

Самуил изградил неколку најзначајни градби во своето Царство, вклучувајќи ја базиликата на Св. Ахил, различни

палати и бројни цркви што се наоѓале во јужните делови од неговото Царство.

Славната и историската Охридска архиепископија била создадена во текот на владеењето на Самуил. Во почетокот, Архиепископијата била со седиште во Преспа, но кога Самуил се преселил во Охрид, ја преселил и неа. Охрид станал негов главен град, како и религиозен центар. По своето консолидирање, на новиот архиепископ му била дадена власт врз сите епископи кои паднале под јурисдикција на Самуил. За жал, Православните одбиле да ја признаат Охридската архиепископија, веројатно, поради тоа што Римската црква, која го крунисала Самуил, ја осветиле истата. Во текот на Самуиловото владеење, македонската црква била многу популарна, а свештенството, особено епископите, уживале привилегирани позиции.

Кога Василиј II дознал дека Самуил умрел, тргнал со неговата војска кон Полог преку Солун и ја срушил Самуиловата царска палата во Битола. Неговите трупи јуришале на Прилеп и Штип, опустошувајќи се што им стоело на патот.

Во пролетта 1015 година, Василиј тргнал за Воден и задушил едно востание. Потоа ги преселил жителите на тој град во Волер. Тој Воден го направил гарнизон со православни копјаници (војници на коњ, оружени со долги копја) и испратил двајца од неговите воени команданти во регионот на Меглен за да го освојат градот. Опсадата се покажала многу потешка отколку што очекувал и Василиј морал лично да се ангажира. На крај, градот паднал и бил уништен.

За да ја оддалочи војната подалеку од неговото Кралство, Радомир, Самуиловиот син и наследник, решил да ги нападне Православните на нивна територија. Тој ќе успеел да не било предавството на Владислав. Изгледа дека Василиј тајно му ја ветил на Владислав (внук на Радомир) македонската круна и го убедил да го убие својот чичко. Владимир го убил Радомир во 1015 година, некаде во близина на Острово, за време на една ловечка експедиција.

Откако го наследил тронот, Владислав му се заколнал на лојалност на Василиј и станал вазален крал на Православните. Откако стапил на власт, Владислав тргнал по

Владимир, Самуиловиот зет, негов единствен останат противник и со помош на бедниот архиепископ Давид, Владислав го намамил Владимир да дојде во Преспа, каде што бил убиен.

Без внатрешни непријатели, Владислав сега ја консолидирал својата власт и веднаш ги прекинал односите со Василиј. За возврат, Василиј му објавил војна на македонското кралство и тргнал да го гони Владислав.

Додека неговите воени команданти ја опустошувале Пелагонија, Василиј тргнал за Охрид. По патот, вооружени сили лојални на Владислав го вовлекле во борба. За да ги минимизира своите загуби и да создаде страв меѓу сојузниците на Владислав, Василиј наредил да им се извадат очите на сите заробени кои се бореле против него.

Наспроти големиот отпор, Василиј успеал да го заземе Охрид и тргнал кон Дурахиум. Додека патувал, пристигнала веста дека Ивет /Ivets/, еден од воените команданти на Владислав, целосно ја поразил војската на Василиј во Пелагонија. Василиј го напуштил веќе фатениот правец за Дурахиум и веднаш тргнал да го гони Ивет, но не успеал да го вовлече во битка. Потоа Василиј заминал за Солун, а оттаму отишол во Мосинопол /Mosynopopolis/ во еден друг сосема различен воен поход.

Извесно време Василиј бил зафатен, водејќи војна против Казарите на Крим, и се до средината на наредната година, во 1016 година, не бил во можност да ја обнови својата балканска офанзива. Овојпат тој тргнал преку Филипополис кон областа Сердика и го обиколил утврдениот град Перник, по вторпат за четиринаесет години. Опсадата предолго се одолговлекувала, па затоа Василиј повторно заминал во Мосинополис, а потоа, во пролетта 1017 година, упаднал во јужна Македонија преку Солун. Тој повторно ги испратил своите два команданта во Пелагонија, додека тој лично тргнал за Костур. На патот за Костур, добил вест дека големиот воин Кракрас стапил во сојуз со Владислав и дека тие двајца имаат намера да навлезат во православните територии.

Василиј веднаш го запрел своето напредување и тргнал во прогон, рушејќи и палејќи неколку утврдувања по патот. Кога пристигнал во близина на Острово, Василиј ја освоил

Сетина и веднаш испратил свои елитни одреди да го гонат Владислав. Василиј ги следел со главната војска. Глетката на огромната православна војска предизвикала паника меѓу редовите на војниците на Владислав, особено бидејќи Василиј се заканил дека ќе им ги извади очите. Поразот за Владислав бил неизбежен, но од непознати причини, Василиј се откажал од прогонството и се вратил во Цариград, во 1018 година.

Владислав, во меѓувреме, ја регрупирал својата војска и презел офанзива со цел да го заземе Дурахиум и да ги присвои земјите на Владимир. За жал, Владислав бил убиен во текот на опсадата врз градот. Непосредно по смртта на Владислав, неговите команданти му испратиле писмо на Василиј, нудејќи му ја својата верност и предавање на тврдините и градовите кои тие ги поседувале. Откако земал во свој посед околу шеесетина тврдини и градови, Василиј отишол во Охрид и ја присвоил екстремно богатата ризница на Самуил.

Дури и по падот на Владислав, некои од неговите верни следбеници како Фружин /Fruzhin/, најстариот син на Владислав, и кнезовите Ивет и Николица, одбиле да се предадат. Фружин зазел дипломатски пристап и на крај се предал, но бил помилуван и му била дадена и титула. Ивет давал отпор и поставил логор во јужна Преспа, во обид да организира востание. За жал, преку измама, Православните го заробиле, му ги извадиле очите и го фрлиле в затвор.

Николица, исто така, одбил да се предаде, но откако бил опколен и без надеж за бегство, му се покорил на православниот император и бил осуден на затворска казна во Солун.

До август 1018 година, Василиј II успеал да ги уништи последните остатоци од Самуиловото четириесетидвегодишно владеење (976-1018) со Македонското Кралство. Дотогаш, Василиј II остарел и откако завршил со Самуил, тргнал во воен поход во Арменија. Некои историчари веруваат дека тоа било грешка. Со уништување на Арменија, тој ја уништил ефикасната тампон зона помеѓу Православните и исламските вооружени сили.

Василиј II умрел во 1025 година, а со тоа умрела и оживеаната сила и енергија на Православното Царство. Василиј го наследил неговиот помлад брат Константин VIII, последниот принц на македонската династија. Константин умрел во 1028 година и во наредните дваесет и шест години православни императори биле последователните мажи на Зое, ќерката на Константин VIII: Роман III Аргир (1028-1034), Михаил IV (1034-1041), Михаил V Калафат (1041-1042) и Константин IX Мономах (1042-1054) /Romanus III Argyrus, Michael IV, Michael V Calaphates, Constantine IX Monomachus/.

ГЛАВА 18 - ОСЛАБНУВАЊЕ И КРАЛ НА ПРАВОСЛАВНАТА ИМПЕРИЈА

Откако ја освоил Македонија, Василиј II ја направил православна провинција и ја поделил на делови, наречени теми. Потоа инсталирал голема војска да го чува мирот.

По смртта на Самуил, Охридската архиепископија била потчинета на православната власт и била инкорпорирана во патријаршијата на Цариград. Македонија била реорганизирана во триесет и две епархии. Бугарската, српската и албанската епархија биле, исто така, инкорпорирани во Охридската архиепископија. На една архиепископија и на Црковниот синод им била дадена врховна власт врз Охридската архиепископија. Синодот се состанувал во Охрид еднаш годишно за да избере нови епископи и да ги дисциплинира свештените лица обвинети за разни прекршоци и лошо однесување.

Охридскиот архиепископ веќе не бил избиран од Синодот, кака што било во време на владеењето на Самуил, туку бил поставуван од Цариград, а потврден од православниот император. Архиепископот останал автокефален, но бил потчинет на православната држава и црковните власти. Тој бил член на главната администрација на Патријаршијата на Цариград, присуствувал на нејзините седници, ги бранел интересите и угледот на православната црква и учествувал во решавање на споровите со Западната црква.

Василиј II дозволил повисокото свештенство на Архиепископијата да задржи некои привилегии. На тој начин, тој ја добил нивната поддршка во зајакнување на православното владеење во Македонија. За да покаже дека има разбирање, тој, исто така, го поставил Јован од Дебар /John of Debar/, Македонец, за поглавар на Архиепископијата.

По смртта на Василиј II во 1025 година, неговиот наследник Лав се обидел да ја зајакне власта врз македонската црква, заменувајќи го словенскиот јазик со коине јазикот. Наидувајќи на отпор, во 1037 година го отстранил Иван од Дебар, еден од најсилните поборници за македонскиот јазик. Оттогаш архиепископите од Охрид и

епископите од црквите во рамките на Охридската архиепископија редовно биле избирани од редовите на свештенството кое зборувало на коине јазикот. Свештенството од понискиот ранг продолжиле да го користат словенскиот јазик, бидејќи биле поблиску до народот.

Кога Охрид паднал под православна власт, главните свештоници кои зборувале на коине јазикот почнале да се ослободуваат од сите документи напишани на словенски јазик. Многу ракописи кои биле зачувани во Охрид биле уништени. Во црквите, словенската литургија почнала да со проповеда во адаптации преведени од коине јазикот. Словенските имиња на реки, градови и слично, биле заменети или со имиња на класичен коине јазик, или со латински имиња. Охридската архиепископија полека станувала институција во која се зборувало коине јазикот наменета да ги уништи македонските традиции кои биле негувани низ годините. Но, словенската литература не можело целосно да биде уништена. Приспособувањето на коине јазикот не успеало длабоко да се вкорени меѓу народот кој продолжил да комуницира на својот мајчин словенски јазик.

Штом Македонија паднала под православна власт, развојот на феудалните односи повторно се забрзал. Прекумерното регрутирање на мажи од рангот на селското население за православната војска, ги ослабело заедниците и придонело тие полесно да паднат во феудални раце. Освен тоа, за нивна сигурност од пљачкосувањата од освојувачите, селаните немале избор освен да се придружат на феудалните имоти и на феудалните господари и да им плаќаат пари за заштита. Останатите заедници кои имале заеднички земјишта како ниви, шумовити земјишта, реки, итн., исто така, станале феудални имоти.

Феудалните господари не биле единствените кои сакале да приграбуваат земјиште во Македонија. Црквата, во обид да го зголеми својот сопствен имот, исто така, имала улога во распаѓањето на слободните рурални заедници. Освен земјиштата-подароци, добиени од православните владетели, црквата воспоставила и патронат врз слободните рурални заедници. Со време, црквата слободните селани ги

претворила во феудално врзани селани. Ова било правено најмногу преку конфискации на земјиште при што селаните биле обвинувани за ерес, полигамија или незаконски бракови. Со време, црквата, исто така, станала сопственик на федуален имот од големи размери.

Освен феудалните имоти, Православните одвоиле настрана и земјишта за поддршка на потребите на оружените сили. Цели села, или неколку групи села биле целосно одвоени за обезбедување војници за регрутирање.

Најголемиот дел од македонското население, по смртта на Самуил, станало подредено на феудалните господари. Кметовите (зависните селани) ја формирале основната категорија на врзано феудално население. На кметовите им било дозволено да ги задржат наследените имоти, но под овластување на феудалните господари. Под кметовите биле луѓето без земја. Тие живееле и работеле на феудалните имоти или на земјишта одвоени настрана за нив од страна на заедницата. Под безземјашите биле слугите на феудалните господари. Нивниот имот бил дел од личниот земјиштен посед на феудалните господари и тие лично биле врзани за нивните господари, кои имале овластување да ги продаваат нив заедно со нивната земја.

Под слугите биле робовите. За разлика од класичните робови, кои воопшто немале никакви права, овие робови, со време и според дадените услуги, постепено добивале мали имоти, како и одредени права од нивните феудални господари. Класата на робови се состоела речиси исклучително од оние кои или не можеле да ги платат државните даноци, или оние кои се побуниле против нивните експлоататори или против државата.

Црковните лица, од друга страна, биле посебна класа луѓе. Тие кои поседувале земја уживале одредени привилегии дадени на црквата од државата.

Како и црковните лица, така и мајсторите, занаетчиите кои биле вработени на феудалните имоти, биле посебна и попривилегирана класа од врзаното, односно од зависното население.

Во врска со оданочувањето, православните институирале три вида феудална закупнина, познати како работа или кулук, плаќање во натура и плаќање со пари. За жал,

македонското население било оптоварено со сите три вида. Кулукот се применувал на целото население кое било врзано или обврзано да работи за феудалниот господар. Релативната големина на овој неплатен труд не била дефинирана, па затоа кога имало потреба, особено во летните месеци, неколку дена од работната недела луѓето кулучеле. Најголемиот дел од овој кулук бил посветен на градење тврдини, изградба на патишта и мостови, градење чамци и печење леб за војската.

Даноците во натура, која се разликувала од поединец до поединец, се плаќала со различни "готови производи", произведени за државата или за феудалните господари. Вообичаената практика да се дадат подароци на државните службеници било посебно тежок товар врз населението.

Даноците во натура, исто така, биле изнудени од страна на црквата.Охридската црква, според нејзините воспоставени канони, изнудувала даноци во натура од целото население, вклучувајќи ги Власите и другите.

Монетарниот, односно паричниот данок, бил изнудуван во големи размери во текот на сиот обој период. По даночните реформи од 1040 година, било побарано редовните државни даноци да се плаќаат со пари. Со зголемената потреба да се плаќаат парични даноци, силен стимуланс и бил индуциран на трговијата со стоки за пари. Ова на многу начини било добро за економијата и за развојот на феудализмот. За жал, транзицијата станала уште едно бреме врз македонското селско население. Откако на феудалните господари им било доделено правото да собираат државни даноци, злоупотребата не била далеку. Многумина ги искористиле своите позиции на власт и изнудувале екстра даноци лично за нив и тоа многу повисоки од оние пропишани со закон.

Освен вообичаените даноци, Македонците биле обврзани да плаќаат разни дополнителни даноци, како судски казни, мостарина за премин преку реки, данок за риболов, данок за воденици и данок за стапување во брак. Како данок за брак младоженецот бил обврзан да му плати на својот епископ еден златник, а невестата од 12 до 15 метри /ells/ ленено платно.

До 1040 година, незадоволството од православното владеење во Македонија стигнало до точка на вриење и населението почнало да крева востанија. Водач на

востанието бил Петар Делјан, син на Габриел Радомир од неговата прва жена, ќерка на унгарскиот крал, спомната претходно. Востанието, потпомогнато од унгарскиот крал, започнало во регионите на Белград и Морава, во близина на унгарската граница, а набрзо се раширило јужно до Скопје. Со поддршка на масите и помошта од локалното македонско население, востаниците го нападнале и зазеле Скопје. Цариград брзо реагирал, така што испратил војска да ги прогонува востаниците. Но, наместо да нападнат, православните војници дезертирале и го прогласиле Тихомир, еден од нивните војници, за свој император. За жал, Тихомир умрел во битка, оставајќи ја својата војска под команда на Петар.

По подолг период на безбеден просперитет, Православното Царство од XI век почнало да искусува нови притисоци, што ги влошило латентните тензии во неговото општество. Почнала да се појавува поделба во православната владејачка класа, создавајќи конфликт помеѓу воената аристократија на провинциите и граѓанската/цивилната аристократија и бирократија на Цариград. Секоја фракција во секој погоден момент не се двоумела да прогласи свој сопствен император кој бил ривал на другата фракција. Софистицираната урбана аристократија претпочитала невоени владетели кои би ја проширile цивилната служба и би ги снабдила нив и нивните семејства со профитабилни положби и атрактивни титули. Воените семејства, чие богатство не лежело во главниот град, туку во провинциите и кои биле казнувани од страна на законодавната власт на Василиј II, повеќе претпочитале императори кои биле војници, а не државни службеници.

Кон крајот на XI век било јасно дека воената сила на Империјата не била повеќе доволна да ги одврати нејзините непријатели. Сопствениците на земја во провинциите ги разбирале опасностите поподготвено отколку владата во Цариград. Тие ги искористиле тие опасности како изговор да ги зголемат своите имоти наспроти сите закони донесени во X век.

Системот на доделување бесплатни земји во Анадолија, кој бил основата на воената моќ на Империјата, брзо се распаѓал. Од друга страна, урбаната аристократија на

Цариград, реагирајќи против злото на војната, тежнеела да го направи својот град центар на култура, добра информираност и на префинетост. На пример, во 1045 година, Константин IX на цариградскиот универзитет му подарил нова повелба. Правниот факултет доживеал препород под брилијантниот јурист, односно правник Џон Ксифилин/John Xiphilinus/. За да не биде надминат, Филозофскиот факултет цветал, предводен од шефот на катедрата Михаил Псел /Michael Psellus/, чии истражувања во секоја научна област му донеле заслужен углед и репутација на голем едукатор на брилијантни студенти. Псел како аристократ, државник, филозоф и историчар, бил пример на силата на православното општество од XI век. Но, она што тој и другите како него не го гледале, било дека нивната Империја ги исцрпувала ресурсите и живеела врз репутацијата изградена од поранешните македонски императори.

Назад во Македонија, Делјан започнал воен поход за да го поврати кралството на својот дедо. Започнал така што испратил трупи во Дурахиум и, со поддршка на локалното население, успеал да го земе тој дел. Потоа испратил голема војска да го опсади Солун. При призорот на огромната војска, императорот Михаил IV, кој во тоа време го чекал него, крајно исплашен побегнал во Цариград, оставајќи го Мануел Ивет да командува со православната војска. Но, наместо да војува, Ивет дезертирал на страната на Делјан, здружувајќи ги своите сили со востаниците.

Искористувајќи ја паниката која се појавила меѓу редовите на православната војска, Делјан испратил војски во неколку правци. Една, предводена од Антим /Anthimus/, тргнала на југ дури до градот Тива, ширејќи го револтот во Епир и освојувајќи го Наупакт /Naupactos/. Друга војска го зазела Волос во Тесалија, и така натаму. Наскоро, Делјан поседувал голема територија која го опфаќала поголемиот дел од Самуиловото Кралство.

Незадоволни од ситуацијата во Македонија, повисоките инстанци во Цариград барале императорот да стори нешто. За да не ги разочара нив, императорот се подготвувал за војна и тргнал да се судри со Делјан во Македонија. За жал, Делјан не бил единствениот проблем на императорот.

Алеутиан /Aleutian/, вториот син на Јован Владислав /John Vladislav/, кој бил патрициј и командант на Теодосиопол во Арменија, исто така, им се придружил на востаниците Делјан не само што ги прифатил услугите на Алеутиан, туку го направил командант на неговата војска од четириесет илјади војници и го испратил во Солун.

Но, Алеутиан не знаел дека православната војска стационирана во Солун дознала за неговите планови и го изненадила. Отпочнала битка и Алеутиан изгубил околу петнаесет илјади свои војници. Неговиот пораз довол до неслога и раздор во редовите на востаниците и Алеутиан бил осомничен за предавство. Сомневањето се претворило во трагедија кога Алеутиан се свртел против Делјан, ослепувајќи го во наплив на бес. Потоа тој побегнал кај Православните. Кога останале без своите команданти, востаниците ги фатило паника и конфузија, а востанието било осудено на неуспех.

Во пролетта 1041 година православниот император повторно се подготвувал за војна и тргнал за Острово, центарот на побуната. Таму го фатил Делјан и го испратил во Солун. Од Острово, императорот тргнал кон внатрешноста на Македонија и се судрил со Мануал Ивет во Прилеп. Ивет и неговите трупи храбро се бореле, но не биле дораснати на моќната православна војска. Ивет бил фатен, а востанието задушено. По својот успешен воен поход, православниот император триумфално се вратил во Цариград со Делјан и Ивет како свои трофеи.

Наместо да донесе промена на подобро, востанието му донело масовна несреќа на македонскиот народ. Православната војска, која, главно, се состоела од норвешки платеници под команда на Харолд Хардрага, ја опустошила Македонија. Тие го заробиле поголемиот дел од населението и донеле нови државни функционери и феудални господари кои, заедно со војската, вовеле уште поагресивни мерки.

Неспособен да се справи со новонастанатата ситуација, народот повторно се дигнал на востание, овојпат во Тесалија. Во 1066 година влашкото население во Тесалија се побунило под водство на Никулица Делфин /Nikulitsa Delphin/, гувернер на Лариса, чиј дедо управувал со градот во текот на Самуиловото владеење. Иако востанието му било доверено

на Никулица потомок на востаници, тој лично не бил заинтересиран за успешен исход. Како резултат, револтот не успеал да се прошири како што можело и само ги зафатило градовите Лариса, Трикала, Фарсала и тврдината Цитрос /Larissa, Trikkala, Pharsala, Cythros/.

Православниот император Константин X брзо реагирал и спречил востанието да се прошири внатре во Македонија. Така, пред да заврши една година, со помош на Никулица, Константин успешно го задушил остатокот од востанието.

Во 1072 година, пет години по востанието во Тесалија, избувнала нова побуна, овој пат во Македонија. Побуната, предводена од Ѓорѓи Војтех, избувнала во Скопје, а била поттикната од новата и поугнетувачка финансиска политика што ја вовеле православните власти. Водачите на револтот, за помош му се обратиле на Михаил, владетелот на Зета, кој бил поврзан со Самуил. Михаил го испратил својот син Константин Бодин, заедно со неговите три илјади елитни трупи. Војтех и востаниците го пресретнале Бодин во Призрен и веднаш го прогласиле за император под името Петар, во чест на паднатиот Петар Делјан.

Кога ја добиле веста дека востаниците се упатуваат кон Скопје, поранешните и тогашните гувернери на тој град, заедно со своите војски, излегле за да ги сопрат. Отпочнала битка кај Призрен во која Православните биле поразени. Откако гувернерот на Скопје бил заробен, Бодин ја поделил својата војска во две колони. Едната ја испратил за Наисус /Naissus/, додека втората, со Петрило како командант, ја пратил во внатрешноста на Македонија. Војтех останал во Скопје.

Прва станица на Петрило бил Охрид каде бил поздравен од граѓаните како ослободител. Кога Девол, православниот гувернер, видел како доаѓа Петрило, се предал без борба. Додека граѓаните излегувале да ја поздравуваат војската на востаниците, феудалните господари, администраторите и православните војници скришум се извлекле од задната страна и побегнале кон утврдениот град Костур. Таму тие го убедиле гувернерот на Костур да организира силна одбрана. Доста брзо пристигнал Петрило и навистина наишол на силен отпор. Штом Петрило дошол, отпочнала битка. Здружени, православните војски од Охрид и од Костур им

нанеле големи загуби на востаниците. Петрило едвај успеал да се спаси и побегнал во Зета.

Бодин имал малку поголема среќа и ги истерал Православните од Наисус. Но, кога слушнал за поразот на Петрило во Костур, неговиот ентузијазам спласнал.

Дотогаш, главната православска војска, предводена од Михаил Саронит, се приближувала кон Скопје, а самата глетка на нејзината големина го исплашила Војтех. Надминат и по број и по оружје, Војтех се согласил да го предаде Скопје без борба, но тајно пратил свои луѓе по Бодин со порака да дојде и да го спаси. За жал, уште еднаш православските шпиони си ја извршиле својата работа и Саронит поставил стапица за Бодин. Војската на Бодин била пресретната и поразена на Косово Поле. Бодин бил заробен и испратен во Цариград, заедно со Војтех, како затвореници на Саронит. Војтех, за жал, умрел по патот, веројатно од измачување. Во почетокот Бодин бил затворен во Цариград, но подоцна, по интервенција на венецијанските наемници, бил вратен во Зета.

Во 1073 година Православните го засилиле својот воен поход во Македонија и донеле дополнителни оружени сили за да ги разбијат преостанатите жаришта на отпор на востаниците. За жал, тоа не било се што сториле. Додека ги гонела востаниците, православската војска ја уништила царската палата на Самуил во Преспа и ги опљачкала црквите во близина. Тие дејства уште повеќе ја потпалиле ситуацијата и востаниците продолжиле да даваат отпор, присилувајќи ги Православните да донесат уште повеќе трупи и да преземат подрастични мерки. Само со палење и срамнување со земја секаде каде востаниците пружале отпор, Православните успеале да го задушат востанието. До крајот на 1073 година се било завршено.

Кога ништо друго не успеало, угнетените маси почнале да го искажуваат своето незадоволство така што му се придружиле на Богомилското движење. Тие станале особено силни на крајот од единаесетиот век, а уште повеќе во текот на дванаесетиот. Борбата на богомилите била усмерена подеднакво против феудалните господари и против православниот император и неговите духовни и црковни службеници.

Архиепископот Теофилакт /Theophylact/ од Охрид, поставен од Православните, водел жестока борба протов богомилите од Охрид но, наспроти строгите казнувања, не успеал да ги сузбие. Предводени од свештеникот Василиј, богомилските апостоли и жени-проповеднички го ширеле богомилството во сите региони на Империјата, дури и во самиот Цариград.

Соочени со ова брзо ширење на богомилството, православниот император Алексиј I Комнен /Alexius I Comnenus/ решил лично да интервенира. Додека правел планови да го искорени богомилството, сфатил дека е добро време да го нападне и пауликанското движење /Paulician movement/, кое постоело на Балканот и било од големи размери. Неговите војници ги опколиле и ги фатиле сите богомили кои можеле да ги фатат, вклучувајќи го и нивниот водач Василиј, и ги однеле пред Синодот во Цариград. Синодот брзо ги осудил на смрт, а потоа биле и погубени. Движењата сепак не доживеале крах, како што се очекувало, туку напротив, доживеале препород по смртта на Алексиј I Комнен, во 1118 година.

Во текот на 70-тите години на XI век, додека Михаил VII Парапинак /Michael VII Parapinakes/ бил император, многу непријатели ненадејно почнале да ја напаѓаат православната територија. Новите непријатели кои се појавиле во исто време, веројатно искрснале, речиси истовремено на северните, источните и западните граници. Не било ништо ново за Православните да мора да се борат на повеќе фронтови истовремено, но таа задача изискувала на тронот да биде војник.

Печенезите, турско племе, долго време биле северен сосед и вреден сојузик против Бугарите, Унгарците и Русите. По пропаѓањето на Бугарското Царство, Печенезите почнале да вршат напади од другата страна на Дунав во православната територија. Како сојузници, Константин IX им дозволил да се населат јужно од реката, но до средината на XI век, тие станале неприлика. Тие им се заканувале на Тракија и Македонија и го поттикнувале духот на револт меѓу богомилите. Алексиј I ставил крај на нивното владеење на терор во 1091 година.

Наредните кои дошле, овојпат на источната граница, биле Сељук Турците /Seljuq Turks/, чии освојувања ќе ја сменат формата и на муслиманските и на православните светови. Во 1055 година, откако ја освоиле Персија, тие навлегле во Багдад, а нивниот принц ја презел титулата султан и заштитник на калифатот Абасид. Наскоро, тие ја потврдиле својата власт се до границите на фатимитскиот Египет /Fatimid Egipet/, а преку православната Анадолија. Најпрво се појавиле преку православната граница во Ерменија во средината на 60-тите на XI век и стигнале се до Цезарија во централна Анадолија.

Појавата на турските напаѓачи ја уплашиле воената аристократија во Анадолија, која во 1068 година избрала еден од своите императори, Роман IV Диогенес /Romanus IV Diogenes/. Роман собрал војска составена, главно, од странски платеници и тргнал во воен поход против Турците. Во август 1071 година, Православните ја изгубиле битката кај Манзикерт /Manzikert/, во близина на езерото Ван во Ерменија. Роман бил заробен од сељудскиот султан Алп-Арслан. По потпишување на еден договор со султанот, на Роман му било дозволено да си ја купи својата слобода.За жал, Цариград не го сакал назад и го поставил својот кандидат Михаил VII. Последователно, договорот на Роман со Турците бил отфрлен, а Роман бил ослепен на предавнички начин. Бидејќи нивниот договор бил отфрлен, на сељудските Турци им било оправдано да продолжат со своите напади.

Не требало да помине долго време за да се формира непомирлив прекин на добрите односи помеѓу Цариград и источните теми. Избувнала граѓанска војна која ги истрошила сите ресурси и не оставила ниеден војник да ја брани источната граница. Турците брзо ја искористиле состојбата и до 1081 година навлегле во Мала Азија и го освоиле Никеа. Срцето на воената и економската моќ на Империјата сега било во рацете на Турците.

Следниот непријател, Норманите, пристигнале од запад и го започнале своето освојување на јужна Италија дури во почетокот на XI век. Иронично, норманските освојување биле овозможени од проектот на Василиј II за повторно враќање на Сицилија од Арапите. Сицилија, речиси, била

вратена во 1042 години од големиот генерал на пост-македонската ера, Џорџ Маниак /George Maniacs/. За жал, бидејќи се плашел од него и од неговата репутација, Константин IX го отповикал и го убил како претендент за тронот. Норманите, потоа, едноставно ја пополниле политичката празнина и постигнале постојан напредок освојувајќи ја Италија.

Во 1071 година, по тригодишна опсада, Норманите, предводени од Роберт Жискард /Robert Guiscard/, конечно го зазеле Бари, последното преостанато православно упориште на запад. Потоа, православното владеење во Италија и надежта за повторно осбојување на Сицилија, завршиле.

Истовременето губење на Манзикерт, на Турците на исток, и Бари, на Норманите на запад, било катастрофа за Православните. Конечното губење на Италија ставило трајна физичка бариера помеѓу православниот Исток и латинскиот Запад.

По осбојувањето на Бари, Норманите притиснале со својот воен поход во православната територија. Во 1072 година, тие постигнале голема победа во Дурахиум, а наредната година уште една во Јанина /Ioannina/. Потоа, тие се свртеле кон Македонија и ги зазеле Охрид, двата Пологa и Скопје. Потоа, стигнале до Бер и Меглен и повторно ги изградиле уништените тврдини. Потоа Норманите го следеле текот на реката Вардар и три месеци се влогориле во Бела Црква. По својот долг одмор, се вратиле и ги зазеле Пелагонија, Трикала и Костур. Во јануари 1084 година, во обид да ја заземат Лариса, претрпеле страшен пораз. Една година подоцна, императорот Алексиј I, искористувајќи ја својата победа, нападнал и го повратил Костур, присилувајќи ги Норманите да се повлечат од Балканот.

Норманските освојувања имале сериозни долгорочни последици за Македонија. Освен тешките повреди и пљачкосувања од страна на Норманите, Македонците уште еднаш биле изложени на нова суровост, бидејќи Православните со вратиле и вовеле закон и ред во провинцијата.

Истерувањето на Норманите, за жал, не донело мир во Македонија. Како што претходно е спомнато, Бодин го наследил својот татко на тронот на Зета, во 1081 година и

веднаш почнал со воени походи во православната територија. Ја зазел Мокра, дел од охридскиот регион, вклучувајќи ја планината Багора, а потоа продолжил со заземање на регионот на Дурахиум. Во тоа време, православниот император Алексиј I Комнен интервенирал и Бодин бил присилен да се повлече. Подоцна, одвреме-навреме, Бодин користел прилика да води воени походи во охридскиот регион, но секогаш се повлекувал при присуството на православната војска.

Кон крајот на 90-тите години на XI век, Вукан, владетелот на Рашка, решил да изврши инвазија врз Македонија и да го нападне Скопје. Присуството на Вукан на православната територија провоцирал противнапад од императорот, кој овојпат лично се погрижил за мисијата. Комнен презел три воени походи против Рашка, во 1091, 1093 и 1094 година. Неговата лична интервенција, не само што им овозможила на Православните да си ја вратат цела Македонија, туку му испратила и порака на Бодин да не се меша и да се држи настрана.

Дури и со сите македонски имоти под православна власт, Царството не можело да ги пополни воените и економските ресурси што ги изгубило како резултат на губењето на Мала Азија во корист на Турците. Стеснувањето на неговите граници, го намалило некогашното моќно царство, со статус на светска сила, на една мала држава која се борела за опстанок. Губењето на Анадолија ги присилило Православните да си отидат од исток и да почнат да гледаат кон запад.

Првиот знак за овој интерес кон запад бил во 1082 година, откако Норманите го зазеле Дурахиум и се подготвувале да напредуваат по копно кон Солун. Алексиј, православниот император, немајќи извори да собере прилично голема војска, ги замолил Венецијанците да му помогнат. Но, уште пред Западот да има можност да реагира, норманскиот водач Роберт Жискар умрел, во 1085 година, што привремено го смирил норманскиот проблем. Наредната година, султанот на Сељук Турците умрел, а султанатот останал обземен со внатрешни ривалства.

Венецијанците, конечно, навистина дошле и им било мило што помогнале Норманите да бидат протерани од

Јадранското Море, но во исто време побарале големи концесии за нивните услуги. Во 1082 година Алексиј I им доделил трговски привилегии во Цариград, под многу профитабилни услови. За жал, ова создало огорченост кај западњаците во Цариград. Богатите Православни, кои во друг случај можеле да инвестираат во бродоградежништвото и трговијата, биле притиснати да инвестираат во повообичаени активи, како земја и имот. Според проценките на Алексиј, губењето на Анадолија било само привремено и тој целосно очекувал повторно да ја добие назад. И ќе го сторел тоа, ако не била Првата крстоносна војна во западна Европа во 1096 година.

Алексиј побарал помош од Западот, не за ослободување на Светата земја од неверници, туку за заштита на Цариград и за враќање на Анадолија. Но, кога Ерусалим бил изгубен и заземен од Турците во 1071 година, се на што можел Западот да мисли било да се освети.

Жестината на Светата војна конечно достигнала максимум во 1095 година, кога папата Урбан II апелирал за регрути од христијанскиот свет за да одат во војна. Одзивот во западна Европа бил огромен. Некои дошле од религиозни побуди, други поради духот на авантуризмот, а трети со надежи за материјални добивки. Не било утеха за Алексиј кога дознал дека четири од осумте водачи на Првата крстоносна војна биле Нормани, а меѓу нив и Бохемонд, синот на Роберт Жискар.

Не успевајќи да ги убеди крстоносците да му помогнат повторно да ја заземе Анадолија, наредното најдобро нешто што можел да стори било да ги натера водачите на крстоносците да се заколнат дека на Православните ќе им ги вратат назад нивните градови или територии, кои можеби ќе ги освојат од Турција на нивниот пат до Светата земја. За возврат на овој гест на добра волја, императорот им дал водичи, воена придружба и резерви на храна.

Една група плашливи крстоносци, на чело со Бохемонд од Таранто, патувале по должината на патот Виа Егнација и влегле во Македонија во 1096 година. Немале маки, односно потреба да користат сила или насилство кога требало да добијат храна и други потребштини. Додека патувале низ Македонија, застанале во Костур и таму останале неколку

дена, земајќи волови, мазги и се друго што можеле да украдат. Во регионот меѓу Прилеп и Битола, уништиле една утврдена населба и ги убиле сите нејзини жители. Додека ја преминувале реката Вардар, крстоносците биле нападнати, од заседа, од група одметнати турски и печенески војници од православната војска. Без да претрпат загуби, крстоносците продолжиле на своето патување до Серес, каде што биле пречекани од православни функционери и каде им биле дадени подароци собрани од локалното население. По краток престој во Цариград, крстоносците преминале во Мала Азија.

По краткотрајна опсада, крстоносците го зазеле градот Никеа во 1097 година и, во согласност со нивниот договор, им го вратиле на Православните. Во 1098 година крстоносците го освоиле Антиох, но овојпат одбиле да го испочитуваат договорот. Неволјата започнала со одбивањето на Бохемонд да им го врати Антиох врз основа на тоа што тој градот го прогласил за свое кнежество. Ако другите крстоносци можеле да ги задржат земјите што ги освоиле за себеси, тогаш зошто не би можел и тој? Како преседан го искористил формирањето на Латинското Кралство на Ерусалим, кое крстоносците го освоиле една година пред тоа. Како натамошни докази, тука биле и освоените латински округи на Едеса и Триполи кои, исто така, им припаѓале на крстоносците. Кога крстоносците завршиле со освојувањата се населиле и ги колонизирале своите имоти, кои се протегале по должината на брегот на Палестина и Сирија. Тогаш тие започнале да се караат меѓу себе.

Додека крстоносците биле задоволни од она што го сториле, а Турците биле зафатени водејќи борби меѓу себе, Алексиј воспоставил и обезбедил нова граница, проширувајќи го своето Царство до средината на Анадолија. Алексиј бил способен да ги искористи ривалствата меѓу сељудските султани кај Коња /Konya/ и ривалската династија на емирите Данишменд /Danishmend/ кај Мелитен /Melitene/.

Првата крстоносна војна можеби им донела извесни бенефиции на Православните, но сигурно создала нови проблеми. Малите ривалства помеѓу Алексиј и Бохемонд наскоро еруптирале во војна од големи размери, кога Бохемонд извршил инвазија на православна територија. Во

есента 1107 година, Бохемонд, со војска од четириесет и пет илјади трупи и двесте транспортни бродови, заминал од Италија и се истоварил во близина на Авлона, каде без големи потешкотии го зазел пристаништето. Тогаш неговата војска тргнала за Дурахиум и зазела неколку соседни утврдувања, вклучувајќи ги Арбанон и Дебар. Дотогаш, Алексиј веќе натрупал свои вооружени сили и веднаш тргнал да го гони. Се судрил со Бохемонд во Дурахиум, во 1108 година, и му нанел тежок пораз. Бохемонд се согласил на мировен договор и се повлекол во Италија каде што и умрел во 1111 година.

Победата на Алексиј I му донела извесен углед на православното царство, но за своја цена. Алексиј успеал повторно да ги изгради својата војска и флота само со жртвување на неговата економија. Ја девалвирал вредноста на неговите златници на една третина од нивната почетна вредност, а на своите поданици им наметнал уште дополнителни даноци. Политиката на Алексиј I била продолжена и по неговата смрт, од страна на неговиот син Јован II Комнен /John II Comnenus/, од 1118 до 1143 година и од страна на неговиот внук Мануел I Комнен /Manuel I Comnenus/, од 1143 до 1180 година.

Со почетокот на новиот XII век, се посложената политичка ситуација во Европа и зголемената инволвираност на западните сили во православните работи, не можеле повеќе да бидат игнорирани. Во Азија работите, исто така, биле комплицирани од конфликтот помеѓу династиите на Сељук Турците и на Данишменд и од активностите на државите на крстоносците. Односите со странство и вештата дипломатија станале од највисока важност за Православните, бидејќи Јован II се обидел, но не успеал, да го скрши монополот на Венецијанците во трговијата на православните.

Мануел I дошол до заклучок дека Православните повеќе не можат да игнорираат или да дозволат да ги навредуваат се поборјните сили на запад и сторил повеке отколку што можел за да ги разбере и да им попушти. Најнесреќно било тоа што Втората крстоносна војна во 1147 година била во текот на владеењето на Мануел. Обидувајќи се напорно да им попушти на двете страни, Мануел ги влошил постоечките

непријателства помеѓу Православните и Латините, туркајќи го Цариград се подлабоко во заплотканата западна политика.

Додека внатрешните западни ривалства придонесувале западњаците да бидат зафатени борејќи се меѓу себе, Мануел започнал воен поход за попвторно освојување на изгубените територии. Неговите војски повратиле голем дел од северозападниот Балкан и речиси ја освоиле Унгарија, сведувајќи ја на православно зависно кралство. Србите, исто така, под водство на нивниот водач Стефан Немања биле држени под контрола, додека драматичното повторно освојување на Антиох од страна на Мануел во 1159 година, на крстоносците им дало причина да се однесуваат кон него со респект. За жал, императорот отишол предалеку кога интервенирал во Анадолија, за да го стопира формирањето на еден турски султанат. Откако извршил инвазија на сељудската територија на Рум во 1176 година, неговата војска била опколена кај Мириоцефалон /Myriocephalon/ и уништена. Поразот во оваа битка го означил крајот на контраофанзивата против Турците, која била започната од Алексиј I. Неуспехот на Мануел во Мала Азија ги восхитил западните императори, Фредерик I Барбароса, кој го поддржувал сељудскиот султан на Рум против Православните и сега отворено се заканувал дека ќе го преземе Православното Царство со сила.

Мануеловите лични врски и односи со крстоносците и со другите западњаци останале учтиви до крај. Но, неговата политика го налутила Светото Римско Царство, папството, Норманите и Венецијанците. Неговиот напор да го оживее православниот углед во Италија и на Балканот разбудило сомневања во Венеција. Во 1171 година, по демонстрациите против Латините во Цариград, биле уапсени сите Венецијанци во Империјата, а нивните имоти конфискувани. Венецијанците не ја заборавиле оваа епизода и наскоро почнале да размислуваат Цариград да го стават под западна власт и контрола, како единствено средство да ги осигураат своите интереси во православната трговија.

Политиката на Мануел, исто така, налутила многу и од неговите луѓе, особено неговата пристрасност кон Латините и расипното доделување имоти на нив. Популарноста на Мануел наскоро паднала. Тоа го испровоцирало неговиот

роднинаАндроник I Комнен да го убие во 1180 година и да го заземе неговиот трон. Андроник, додека се претставувал како поборник на православниот патриотизам и борец за угнетените селани, ја убил и вдовицата на Мануел и неговиот син Алексиј II. За жал, кога дошло време да ги примени своите реформи, се претворил од поборник за народот, во тиранин на народот. Со минирање на власта на аристократијата, тој ја ослабел одбраната на Империјата и поништил многу од она што постигнал Мануел.

Во меѓувреме, искористувајќи внатрешната православна неслога, кралот на Унгарија го раскинал својот договор со него. Стефан Немања од Србија, исто така, прогласил своја независност од Православните и основал ново Српско Кралство. Раздорот и неслогата не биле ограничени само на туѓинци. Во 1185 година Исак Комнен, гувернер на Кипар, ја искористил ситуацијата и се поставил себеси за независен владетел на островот. Во истата година, Норманите повторно извршиле инвазија на Македонија и го заземале Солун. Вестите провоцирале контрареволуција во Цариград, која резултирала со убиство на Андроник.

Во 1185 година, Норманите, наоружани со осумдесет илјади војници и двесте бродови, извршиле опсада на Солун, и на копно и на море. Градот, не можејќи да добие засилување од Цариград, паднал во рацете на непријателот и бил ограбен до бескрај.

Андроник I Комнен бил последниот од семејството Комнени кој ја носел круната. Набрзо по неговата смрт во 1185 година, православното општество ослабело и државата се нашла на работ на пропаста. Покрај зголемената феудална експлоатација, недостаток од почитување на законот и злоупотребите извршени од феудалните господари и службените тела и органи, главната опасност по стабилноста на Империјата дошла од внатрешниот раздор и масовното дезертерство на аристократи од централната влада. Присвојувањето на власта проследено со оружени судири, прогонства и сурови казни, станале норма. Царската палата станала легло на политики и други интриги.

Откако Андроник I Комнен умрел во 1185 година, него го заменил Исак II Ангелус како император. Токму во текот на владеењето на Исак II, новоразвиените феудални сили во

Србија и Бугарија се формирале и станале значаен политички фактор на Балканот. Ограбувањето на Солун од Норманите ги ослабело Православните и тоа, исто така, создало поволни услови за словенските феудални господари да добијат извесна независност. Меѓу оние поуспешните од нив бил Добромир Хрс. Тој имал акумулирано војска од петстотини луѓе и, во најголем дел, одржувал мирољубиви односи со дворот во Цариград. Но тој бил опортунист и барал начини да ја прошири својата власт. Неговата шанса се појавила во 1189 година во текот на Третата крстоносна војна, предводена од Фредерик I Барбароса, кога голем број крстоносци го напуштиле главниот пат и извршиле инвазија на Македонија. Додека поминувале преку Градец, убиле многу луѓе и запалиле неколку објекти, вклучувајќи ја и градската црква. Откако ненадејно го нападнале Вкахија (во близина на Струмица), се судриле со група востаници и им ги одземале поседите. Токму тука Хрс дошол во контакт со крстоносците и ги испратил да продолжат по својот пат. За жал, штом крстоносците заминале за Мала Азија, Православните ги собрале ваквите феудални господари-опортунисти и ги затвориле. Хрс бил затворен извесно време, но потоа бил ослободен и му била дадена положба на гувернер на Струмица.

Во 1195 година, Исак II бил симнат од власт и бил ослепен од неговиот брат Алексиј III Ангелус. Кога избувнале немири во текот на владеењето на Алексиј III, Добромир Хрс повторно ја објавил својата независност, најпрво, во Струмица, а потоа во природно утврдениот град Пресок. По опремување на Пресок со елитен гарнизон, тој го преместил своето седиште и го утврдил градот со одбранбени оружја и адекватни продавници за храна. Со укинување на православните закони, тој вовел свој личен бренд на варварско владеење.

Откако ја консолидирал својата власт, Хрс продолжил со воен поход кон Серес, но во 1199 година бил пресретнат од православниот император и отпочнала битка. Внимателно избраните војници на Хрс се бореле вешто. Со употреба на катапулти, ракувани од бивши православни платеници, тие му нанеле сериозни загуби на Алексиј. Во текот на битката, војниците на Хрс се шмугнале во темнината на ноќта и ја

уништиле опремата на Алексиј за опсада, што предизвикало тој да ја изгуби битката. Неуспехот на Алексиј да го порази Хрс го приморал императорот да ги исполни неговите барања, признавајќи го на тој начин Хрс за владетел на градовите Струмица и Пресок.

Но, не поминало долго време и односите помеѓу Пресок и Цариград се влошиле. Причината за ова влошување било одбивањето на императорот да го плати договорениот откуп за ослободување на таткото на жената на Хрс, Камитс /Kamits/. А Камитс бил затвореник во Бугарија извесно време и императорот се согласил да договори негово ослободување. Но, откако Камитс бил ослободен, императорот одбил да плати откуп. Двестете центенерии во злато конечно биле платени од Хрс, но оставило лоши чувства и прекин на договорот помеѓу императорот и Хрс.

Ослободен од било какви обврски, Хрс заедно со својот дедо, ги обновил нивните воени походи и ги зазел Пелагонија и Прилеп, потоа влегол во Тесалија и разгорел масовно востание на Пелопонез.

Додека Хрс пустошел во западните провинции, императорот составил војска и тргнал во прогон. Потоа Православните брзо повторно ги заземале Пелагонија, Прилеп и Тесалија, лишувајќи го Хрс од неговите последни придобивки. Преку предавство во 1201 година, Православните ја заземале Струмица, оставајќи го Хрс изолиран во Пресок.

Западњаците, кои ги обвинувале Православните за неуспехот на крстоносците, сега барале казна и одмазда. Нивната шанса дошла кога западниот император Хенри VI, кој дотогаш го обединил Норманското Кралство на Сицилија со Светото Римско Царство, сакал да стане господар на Цариград. Хенри ќе ги нападнел Православните да не биле постојаните поткупувања и исплати од страна на Алексиј. За жал, Хенри умрел во 1197 година.

Идејата на Хенри и понатаму живеела и се зацврстила на Запад. На освојувањето на Цариград се гледало како на крајно решение на многуте проблеми за Западот, што би било од корист не само за трговијата, туку и за иднината на крстонсните војни и црквата. Идејата на Хенри била поблиску до остварување во 1198 година кога Иносент III

бил изобран за папа. Тоа било преку инспирацијата на Иносент III што отпочнала Четвртата крстоносна војна. Освојувањето и колонизацијата на православната империја од страна на Западот биле реализирани преку предавства и интриги.

Во 1203 година, крстоносците, под изговор да се вратат Исак II и неговиот син на православниот трон, го избркале Алексиј III од Цариград. Но, наместо да ги одржат ветувањата, Венецијанците и крстоносците нападнале, го освоиле и поделиле Цариград, но и православните провинции, помеѓу нив. Цариград паднал во рацете на Латините во април 1204 година.

Во потрагата на трговија на запад, Венеција станала лидер на комерцијата. Венеција сакала да стане голема трговска сила, посредник на потрошувачката, но Цариград секогаш и стоел на патот. Многу посуперирорен од Венеција, Цариград ја монополизирал трговијата со свила и ја спречил Венеција во остварувањето на нејзините соништа. Конечно, како што сакала судбината, нејзиниот момент на слава се приближувал. Кога крстоносците останале без пари и не можеле да го платат своето патување до светите земји, и се обратиле на Венеција. Таа им понудила излез, но понудата имала своја цена. Тоа бил папата Иносент III кој ги свртел крстоносците против христијанскиот град Зара на Јадранот, во 1202 година, а потоа против Цариград, во 1204 година. Принципите и отстапиле место на лакомоста, а христијаните се свртеле против христијани: а сето тоа за да се задоволат лакомоста и трговските апетити на Венеција. Тоа не била војна на војски, туку војна на предавство, измама и целосно уништување. Граѓаните на Цариград, кои не се сомневале во ништо и кои имале целосна доверба, широко им ги отвориле градските порти на крстоносците. Но, наместо да донесат мир, Латините го убиле целото население на Цариград, воено и цивилно, а потоа целосно го опљачкале градот. Градските улици било поплавени од крвта на невините. И воини, и жени и деца биле заклани како јагнињa од страна на латинските крстоносци. Ова било срамен чин кој западната црква ќе мора да го носи за век-векови.

Откако го зазеле Цариград, Венецијанците, предводени од нивниот дужд Енрико Дандоло, незаконски си ги присвоиле

главните пристаништа и острови по должината на трговските патишта и ги испратиле крстоносците во освојување на европските и азиските провинции. Првиот латински император, Балдвин I, станал феудален врховен владетел на феудалните кнежества формирани во Тракија, Солун, Атина и на Пелопонез. Балдвин наскоро дошол во конфликт со владетелот на Бугарија, а подоцна се соочил со сериозна опозиција од три провинциски центри на православниот отпор.

Во Трабзон /Trabzon/ на Црното Море, двајца браќа од семејството Комнен полагале право на титулата император. Во Епир, Михаил Ангел Дукас, роднина на Алексиј III, го прогласил градот Арта за свој главен град и ги вознемирувал државите на крстоносците во Тесалија. Третиот центар на отпор имал база во градот Никеа во Анадолија. Теодор I Ласкарис, друг роднина на Алексиј III, бил крунисан како император во 1208 година таму, од еден самопрогласен патријарх.

Од трите нови сили на отпорот, Никеа лежела најблиску до Цариград, помеѓу латинската империја и султанатот Рум на Сељук Турците. Теодор се докажал дека е достоен на православните традиции, зашто се борел истовремено на два фронта и бил вешт дипломат.

Теодор Ласкарис /Theodore Lascaris/ и неговиот зет Јован III Ватацес /John III Vatatzes/ изградиле мало православно царство во Никеа и основале една православна црква во егзил. Латините, на тој начин, никогаш не биле способни да стекнат постојана солидна основа во Анадолија. Дури и во Европа нивната позиција била под постојана закана од православните владетели на Балканот.

Во 1024 година, латинските (римокатоличките) крстоносци формирале едно франачко кралство, Солунското Кралство, на источниот брег на Егејското Море со главен град Солун. Со Бонифације од Монферат како нивен прв крал, народот на Солун минал низ дваесетгодишно угнетување и потчинување. При освојувањето на Македонија, крстоносците земале големи количества резерви на житарици, добиток и друго богатство, основајќи свои гарнизони во различни градови.

По поразот на латинскиот император Балдвин и крстоносците од Одрин во 1205 година, бугараската војска го нападнала и го уништила градот Серес и извршила инвазија во солунската област. Бугарскиот притисок врз Солун се зголемил во 1207 година, особено по смртта на Бонифације од Монтферат. Бугарскиот император Калојан го ставил градот под опсада, но наскоро умрел и опсадата била откажана.

Во периодот по смртта на Калојан, отпочнала борба за власт во Бугарија и Стрез, потомок на бугарската кралска лоза бил способен да основа независно кралство во Македонија. Со помош на Србија, со издигнал на власт во Пресок и го проширил своето владеење од регионот на Солун до Охрид. Сите бугарски гувернери, во рамките на овие територии, му се заколнале на верност. По извесно време, подбуцнувањата од Бугарите стивнале и Стрез бил во состојба да воспостави добри односи со бугарската држава.

По консолидирање на своето владеење во Македонија, Стрез започнал воен поход против Солунското Кралство, што во ,1212 година предивикало масовен конфликт во Пелагонија. Иако конфликтот бил меѓу Стрез и Латините, тој добил поддршка од помоќниот деспот на Епир, од една страна, и од бугарската држава, од друга страна. Откако изгубил од Латините, Стрез ги прекинал односите со Србите. Во 1214 година тој иницирал воен поход против нив, но неочекувано умрел.

По смртта на Стрез, деспотот од Епир освоил голем дел од Македонија, вклучувајќи ги Скопје и Охрид. Во 1244 година Солун, исто така, паднал како жртва на војската на Епир.

Веднаш по освојувањето на Охрид, Деметриј Коматијан /Demetrius Chomatianus/, архиепископот охридски, го крунисал деспотот Теодор Ангел Дукас Комнен /Theodore Angelus Ducas Comnenius/ за император. Деспотот имал намера да го обнови Православното Царство, но неговиот пораз од страна на Бугарите, во 1230 година, во близина на Клокотница, прерано ставил крај на неговите големи планови. Бугарија, од друга страна, не само што ја зголемила својата репутација и углед, туку и ја проширила својата територија до Тракија, Македонија и дел од Албанија. Откако Бугарија ја консолидирала својата власт врз новите

територии, биле поставени бугарски гувернери, а бугарски гарнизони биле стационирани во разни македонски градови. Православните епископи во епархиите биле заменети со протојереи од црквата Трново која во 1235 година станала патријаршија. Моќта и власта на Охридската архиепископија, донекаде постепено намалени од страна на Српската црква, која станала автокефална во 1219 година, сега продолжиле и понатаму да еродираат со формирањето на новата Бугарска патријаршија.

Латинокото Царство во Цариград ги изгубило своите амбиции да ја одржува власта на своите територии откако Латинот, Хенри од Фландрија /Flanders/, умрел во 1216 година. Тоа создало нови можности за деспотот Теодор Дукас од Епир да го прошири своето царство во 1224 година. Теодор веќе ги имал проширено своите територии на север во Бугарија, го зазел Солун од Латините и бил крунисан император наспроти противењата од императорот во Никеа. За жал, неговиот пораз во една битка во 1230 година против Бугарите, го спречил пред да стигне во Цариград.

Поразот на Теодор отворило нови можности за Јован III Дукас Ватацес од Никеа да го прошири своето царство. Бидејќи бил сојузник на Бугарите, Јован играл важна улога во инвазијата на Европа, опколувајќи го Цариград и присилувајќи го наследникот на Теодор да се предаде. Наследникот на деспотот конечно се предал во 1246 година и бил приморан да се откаже од својата царска титула и да ја предаде на царството на Никеа. По некоја случајност, речиси во исто време, Монголците извршиле инвазија на Анадолија и започнале воен поход против Сељук Турците на исток, што им било од голема корист на Никеанците. Монголската инвазија го ослабела султанатот на Сељук Турците и го изолирало царството на Требизонд.

Со време, Никеанското Царство станало самодоволно со напредна економија заснована врз земјоделство и трговија. Тоа немало воена морнарица, но имало добро дисциплинирана и организирана армија. Бавно проширувајќи ги своите граници во Европа, Царството стекнало голема сила, особено откако зазело поголем дел од источна Македонија и Солун во 1246 година.

По протерувањето на Латините во 1261 година, седиштето на никеанската влада било преместено од Никеа во Цариград. За Православните, Цариград бил “Ерусалим” и не сакале да го остават во рацете на странци. За жал, по оштетувањата здобиени во текот на Четвртата крстоносна војна, градот веќе не бил центар на едно интегрирано царство. Тој повеќе личел на огромен град-држава среде повеќе или помалку независни провинции. Голем дел од Пелопонез и од островите останале во француски или италијански раце, а православните владетели на Епир и Тесалија одбиле да го признаат Михаил VIII за свој император.

Смената на режимот во Цариград била добра за Македонија. Во почетокот на владеењето, македонскиот народ проживеал две декади без надворешни вознемирувања. Но, тогаш, во 1282 година, српската феудална војска на кралот Стефан, Урош II Милутин влегла во Македонија и ги зазела Долен и Горен, Полог, Скопје, Овче Поле, Злетово и Пијанец /Piyantes/. Наскоро потоа, Србите иницирале нов воен поход и навлегле во регионите на Поречје, Кичево и Дебар. Потоа, еден српски одред бил испратен по долното течение на реката Струма и се пробил се до Крстопол.

По околу четири децении подоцна, Србите, под владеењето на српскиот крал Стефан Урош III Дечански, преземале друг воен поход против Православните. Во текот на нивниот прв бран напади, навлегле и ги зазеле градовите Штип, Црешче /Chreshche/ на реката Брегалница, Велес и Пресок на реката Вардар. Потоа, во 1328 година го зазеле Пресок и српската војска извршила инвазија на регионите на Демир Хисар и Дебарца, доаѓајќи лице в лице со Православните во Охрид.

Охрид бил важно православно упориште и заканата не поминала незабележана во Цариград. Императорот Андроник III Палеолог /Andronicus III Paleologus/ веднаш подготвил противофанзива и тргнал да ги гони оние кои упаднале. До 1330 година императорот ги повратил градовите во регионот на Демир Хисар и Дебарца, вклучувајќи го и Железнец.

Четири години подоцна, под водство на нивниот нов владетел Стефан Урош IV Душан, Србите ја обновиле својата офанзива во Македонија. Со освојувањето на Серес

во 1345 година, српското владеење се проширило практично во цела Македонија. Истата година, српскиот владетел Стефан Урош IV Душан се прогласил себеси за цар и ја издигнал Српската архиепископија во Патријаршија. Крунисувањето се случило во Скопје, на 16 април 1346 година, но Православните одбиле да го признаат истото, како и српските територијални успеси и Српската патријаршија.

Во текот на доцните 40-ти години на XIV век, српското владеење бипо проширено до Тесалија и Епир. Но, во 1350 година градовите Серес и Воден се побуниле и ги прекинале врските со Србите. Потоа, отпорот станал вообичаен насекаде и Србите тешко можеле да ги држат своите освоени територии.

По смртта на Стефан Урош IV Душан во 1355 година, моќта на централната власт брзо еродирала, оставајќи ги феудалните господари да владеат самостојно. Најугледни феудални господари во Македонија во тоа време биле браќата Волкашин и Углеша. Волкашин се прогласил за крал во 1365 година, со царот Урош како ко-владетел.

Во меѓувреме во Цариград, синот на Михаил, Андроник II, кој владеел од 1282 до 1328 година, се обидел да штеди, но на немудар начин, со тоа што ја намалил војската и ја распуштил воената морнарица. Ова ги натерало невработените војници и морнари да бараат служба во држави, дури и непријателски. Се вели дека многу од морнарите на Михаил завршиле во служба на новите турски емири, вршејќи препад на егејските острови.

Неспособен да си дозволи да има свои бродови, императорот склучил договор со Ѓеновјаните да му обезбедат трговски бродови и воена морнарица за да го брани Цариград од море. Ова, за жал, направило Венецијанците да станат многу љубоморни, до точка на објавување војна, што во 1296 година довело до првата серија поморски битки во близина на брегот на Цариград.

Мерките на Михаил за кратење на трошоците ја ослабила способноста на Царството соодветно да се брани, а Турците не се двоумеле да го искористат тоа. Надолниот тренд на Царството започнал во 1302 година кога група турски воини, под водство на Осман I, ја поразила православната војска во близина на Никомедија во северозападна Анадолија и, за

првпат, навлегла во Европа. Осман I бил основач на османлиите или Отоманците како што подоцна ќе бидат познати од страна на западњаците.

Бидејќи бил неспособен да им возврати на Отоманците, една година подоцна, во 1303 година, Андроник изнајмил професионална војска платеници познати како Голема каталонска група (Grand Catalan Company). Каталонсите извршиле еден успешен противнапад против Турците во Анадолија, но потоа станале непокорни и непопуларни. Откако нивниот водач бил убиен, тие се свртеле против своите работодавци. Бидејќи не успеале да го освојат Цариград, тие се упатиле кон Македонија и застанале во Солун, пљачкосувајќи и опустошувајќи се што им било на видик. Дури ниту Света Гора (планината Атос), што била Македонска Света Планина, не била поштедена од каталонската свирепа грабежливост. Но, Солун, не се предал и успеал да ги одбие каталонските освојувачи кои биле присилени да одат понатаму кон југ.

Во текот на неколку години, Каталонците го користеле Галиполскиот Полуостров како база од која ја опустошувале Тракија, повикувајќи илјадници Турци да дојдат и да им помогнат. Каталонците конечно тргнале на запад и во 1311 година ја освоиле Атина од Франките и го формирале каталонското војводство на Атина и Теба. Турците кои биле оставени назад не биле исфрлени од Галиполи се до 1312 година.

Каталонците биле само мал проблем за Православните во споредба со нивниот внатрешен раздор и граѓански војни. Неволјата почнала околу 1320 година кога Андроник II го лишил од наследство својот внук Андроник III. Каузата на младиот император ја презеле негови пријатели кои одвременавреме се бореле против стариот император. Граѓанскиот раздор траел од 1321 до 1328 година се додека постариот Андроник не му го отстапил тронот на помладиот. За жал, оваа внатрешна борба го оттргнало вниманието од потребните економски реформи и на непријателот му дала можности повеќе да напредува.

Во 1329 година, Турците го обновиле својот воен поход против Православните. Се биела битка која била изгубена кај Пелаканон /Pelekanon/ (во близина на Никомедија),

донесувајќи им ја на Турците нужната победа. Победоносниот Орхан, син на Осман, и неговите турски воини продолжиле и ги освоиле Никеа, во 1331 година и Никомедија, во 1337 година. Северозападна Анадолија, некогаш срце на Империјата, сега била во рацете на Турците.

Неочекувано, Православните го прифатиле својот пораз и се договориле со Турците. На овој начин, Андроник III тогаш ја отворил вратата на речиси безграничен број турски војници да и се придружат на неговата војска и да се борат за плата против неговите непријатели - Италијанците на егејските острови и Србите и Бугарите во Македонија и Тракија. Дозволувајќи им на Турците да им помагаат, Православните ги научиле на воените вештини и им дале борбено искуство што им помогнало да си формираат основа за своите идни воени походи.

До средината на четрнаесеттиот век, отоманските Турци ја консолидирале својата сила и власт во Мала Азија и почнале да стануваат закана за балканските држави. Нивниот прв сериозен воен поход за освојување на Европа започнал во 1352 година кога ја зазеле тврдината Цимпе /Tzympe/, на Галиполскиот Полуостров. Две години подоцна, искористувајќи еден катастрофален земјотрес, ја заземале тврдината Галиполи, создавајќи на тој начин погоден мостобран за нивното идно навлегување на Балканот.

Меѓу оние кои биле први загрозени од турските вооружени сили бил Углеша, феудалниот господар во Македонија спомнат претходно. Соочен со опасност, го наговорил својот брат Волкашин да преземат заеднички дејства. Непријателствата избувнале во септември 1371 година во близина на Черномен, проследени со жестоката битка на реката Марица. Реката станувала црвена онака како што се зголемувал бројот на ранетите и убиените, а меѓу нив биле и браќата Волкашин и Углеша. Ова било голема победа за Турците, а катастрофа за Македонците, не само за изгубените животи, туку поради ужасната промена на судбината.

Исходот на оваа битка имал поразително значење за Македонија. Балансот на сили бил дестабилизиран и како резултат на тоа деспотот Мануел Палаеологус го освоил регионот на Серес и Халкидики. Марко, синот на Волкашин,

ја задржал титулата крал, но ја признал турската власт, па почнал да плаќа данок и да им дава воена помош. Браќата Драгащ, владетели на источна Македонија, со седиште во Велбужд, станале турски вазали, додека Вук Бранковиќ го проширил своето владеење и ги опфатил Скопје, а големиот жупан Андреја Гропа /Andrea Gropa/ и ја зацврстил својата позиција во Охрид.

Откако ја добиле битката на Марица, Турците продолжиле да водат воени походи во цела Македонија. Во 1383 година го зазеле Серес, а во 1386 година ги зазеле и градовите Штип, Велес, Прилеп и Битола.

Од 1382 до 1387 година императорот Мануел успеал повторно да го освои Солун и многу се трудел градот да го направи центар на отпорот. За жал, градот паднал во рацете на војската на Мурат, во април 1387 година.

Кога Турците навлеге подлабоко во Македонија, Србите организирале противофанзива, но биле совладани во битката на Косово во 1389 година.

Губењето на Солун и битката на Косово, за жал, го отсекле приодот кон Цариград по копно. До 1393 година, Турчинот Бајазит го имал завршено своето освојување на Бугарија и се вратил за да постави опсада на Цариград. Неговата блокада траела многу години и Мануел II, како неговиот татко, полагал надежи за спас од запад.

Кралот на Унгарија организирал голема крстоносна војна против Турците, ама бил поразен кај Никопол /Nicopolis/ на Дунав во 1396 година. Во 1399 година Боуцикаут /Boucicaut/, маршалот на Франките, кој се борел со Турците во Никопол, се вратил во Цариград со мала војска. Таму го убедил Мануел тој лично да ја предаде молбата за помош на запад. Оставајќи го својот внук Јован VII да раководи, Мануел отишол во Италија, Франција и Англија. Западњаците го примиле и изразиле сомилост, но дале мала практична помош. За време на отсуството на Мануел, во јули 1402 година, Отоманците биле поразени кај Анкара од Монголците. Бајазит бил заробен, а неговото царство во Азија било разнишано. Но, неговите четири синови, поединечно обезбедиле власт врз европските провинции, кои не биле зафатени од инвазијата на Монголците, и почнале да се натпреваруваат еден против друг за целосна доминација.

Во текот на овие неочекувани околности, Православните се нашле во ситуација да ја држат рамнотежата на сили за турските кандидати, односно нивната поддршка на било која страна можела да надвладее. За своите услуги, Православните успеале да преговараат за подигање на блокадата од Цариград и враќање на православното владеење во Солун, Света Гора (планината Атос) и така натаму. Плаќањето данок на султанот било, исто така, анулирано, т.е. поништено.

За жал, ситуацијата на држење рамнотежа на силите не траела премногу долго и во 1413 година Мехмед I, со помош на императорот Мануел, ги победил своите ривали и станал султан на реинтегрираното Отоманско Царство. Во текот на владеењето на Мехмед I, од 1413 до 1421 година, Православните го уживале својот последен одмор. Мануел II, свесен дека ovoj мир нема да трае долго, сторил најмногу што можел, зацврстувајќи ја одбраната и администрацијата на неговото расцепкано Царство.

Провинцијата која економски најмногу се развивала во последните години, било деспотството Мореа (Пелопонез). Нејзиниот просперитет бил изграден најпрво од синовите на Јован Кантакузен /John Cantacuzenus/ (кој умрел таму во 1383 година), а потоа од Теодор I и Теодор II Палалогус /Palaeologus/, синот и внукот на Јован V. Нејзиниот главен град Мистра станал прибежиште за православните научници и уметници и центар на последната преродба на православната култура, која обилувала со цркви, манастири и палати.

Кога Мурат II станал султан по 1421 година, деновите на Цариград биле одбројани. Во 1422 година Мурат ги отповикал сите привилегии доделени на Православните од страна на својот татко и Цариград го ставил под опсада. Неговите војски ја зазеле Македонија и го блокирале Солун. Градот во тоа време бил под владеење на Андроник, синот на Мануел II, кој во 1423 година им го предал на Венецијанците. Во текот на седум години Солун бил венецијанска колонија. Тогаш, во март 1430 година, султанот го нападнал и го зазел градот.

Падот на Православните и триумфот на Отоманците се одвивал брзо. Мехмед II поставил опсада на sидовите на

Цариград во април 1453 година. Неговите бродови биле попречувани со еден ланец што Православните го фрлиле преку устието на Златниот Рог /Golden Horn/, но Турците ги влечеле нивните бродови преку копно до пристаништето од страната на морето, заобиколувајќи ја одбраната. Тешката артилерија на султанот непрекинато ги бомбардирала ѕидовите на копно, се до 29 мај кога дел од неговите војниците ги пробиле ѕидините.

Како последна забелешка, во слава на Православното Царство, сакам да додадам дека ако не биле топовите, тоа Царство можеби се уште ќе постоело до ден-денес. Не била тоа силата на Турчинот, туку силата на неговите нови топови која ги срушила ѕидините на Цариград.

Султанот им дозволил на неговите победнички трупи три дена и три ноќи да го пљачкосуваат градот, пред да стане негова сопственост како главен град. Отоманската Империја сега го потиснувала Православното Царство. Материјалната структура на Царството, кое долго време се ронела, сега била под управа на султанот. Но, православната вера била помалку приемчива и осетлива на промени. Султанот го признал фактот дека црквата се докажала дека е најиздржлив елемент во православниот свет и затоа на Патријархот на Цариград привремено му дал голем авторитет, без пресодан, така што го направил тој да биде одговорен за сите христијани кои живеат под отоманска власт. Последните расштркани православни изолирани групи на отпор биле елиминирани во рок од една деценија по 1453 година.

Пред да ја завршам оваа сторија, сакам да спомнам неколку збора за Крали Марко, од љубов познат на Македонците како Марко Крале. Тој бил легендарен народен херој во западна Македонија, за кого постојат приказни и легенди како за суперхерој. Марко бил син на феудалниот господар Волкашин, кој бил на чело на една племенска држава во Прилеп, а подоцна станал висок дворјанин и деспот. Околу 1365 година Волкашин се прогласил за крал (цар) и станал ко-владетел со кралот Урош. Неговиот брат, деспотот Углеша, владеел со регионот на Струмица.

Двајцата браќа биле убиени во 1371 година кај Черномен, Тракија, во текот на битката против Турците на реката Марица, како што претходно е спомнато. Оваа неуспешна

битка била последен голем обид од страна на локалните владетели да го спречат натамошното навлегување на Турците на Балканскиот Полуостров и да го попречат турското освојување на нивните територии.

По смртта на Волкашин, неговиот најстар син Марко го наследил неговиот трон и неговата титула. За жал, како дел од договорот со Турците, тој морал да ја признае турската власт и да плаќа данок на турскиот султан. Се верува дека Марко бил роден во 1335 година. Неговото име било откриено во еден документ кој го потврдува како еден од делегатите на Волкашин во Дубровник. Неговото име било, исто така, откриено и во некои хроники од неговото време кои потврдуваат дека тој бил син на Волкашин, а подоцна станал крал Марко. Во друг документ, датиран во 1370 година, Волкашин ги спомнува своите синови Марко и Андреј, како и својата жена Елена.

Со Прилеп како главен град, Марко наследил држава која лежела помеѓу реката Вардар и Албанија, што се протегала од планинскиот венец на Шар Планина, долу до Костур, не опфаќајќи ги градовите Скопје и Охрид. Откако станал крал, Марко исковал свои ковани пари со натпис "Кралот Марко верен на Господ Исус Христос". Марко Крале бил убиен на 17 мај, 1395 година во Крајова, Романија, во текот на една битка против влашкиот воен лидер Мирчо. Марко бил обврзан да се бори за Турците, како дел од неговиот договор со султанот Бајазит. Марко Крале веројатно не оставил наследник. По неговата смрт, неговата држава им била вратена на Турците.

Иако Марко Крале бил турски вазал и се борел на страната на војската на Бајазит, тој бил посветен христијанин, и токму пред да умре гласно му се молел на Бога за прошка, барајќи Бог да им помогне на христијаните. И така била родена легендата. Марко Крале, бестрашната легенда, е сочуван во спомените преку Марковите Кули во Прилеп, каде бил и роден, а и со неговите фрески и слики во многу цркви и манастири.

ГЛАВА 19 - ОТОМАНСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Отоманците за првпат преминале во Европа околу 1345 година, како платеници најмени од Православните да ја бранат Православската Империја. Со текот на годините, како што Отоманците бројчано се зголемувале, така се населувале во Галиполи, западно од Дарданелите (Едрене), а подоцна го користеле тој простор како отскочна даска за освојувања.

Во 1389 година, Отоманците го нападнале Косово во една решителна битка и ја уништиле православната војска, убивајќи го благородништвото во тој процес. Во 1392 година тие ја нападнале и ја освоиле географска Македонија, вклучувајќи го Солун, но не и Света Гора. Во 1444 година додека се обидувале да се пробијат на север, преку денешна Бугарија, биле пресретнати и скршени од западните крстоносци кај градот Варна. Наскоро по нивното закрепнување вовеле опсада и го заземале Цариград, во 1453 година, пљачкосувајќи го целото богатство што било акумулирано повеќе од два милениума.

Чувствувајќи го осилото и болката од поразот во 1444 година, Отоманците се упатиле на северозапад и во 1526 година ја нападнале и уништиле унгарската војска, убивајќи 25.000 витези. Потоа, тие безупешно се обидувале двапати да ја заземат Виена, еднаш во 1529 година, и повторно во 1683 година. Неуспехот во заземањето на Виена, го сопрело проширувањето на Отоманците во Европа.

Во еден постојан процес на градење држава, Отоманската Империја се проширувала и на исток, и на запад, освојувајќи ги Православните и она што останало од кралствата на Македонија, Бугарија и Србија на запад, и турските номадски кнежества во Анадолија, како и султанатот Мамлук во Египет на исток. До XVII век, Отоманското Царство се зголемило и држело пространи земјишта во западна Азија, Северна Африка и југоисточна Европа.

Во текот на XVI век, Отоманците ја споделувале светската сцена со Елизабетанската Англија, Хабзбуршка Шпанија, Светото Римско Царство, Франција на Валоис /Valois France/ и Холандската Република. Од поголемо значење за

Отоманците биле градовитедржави Венеција и Ѓенова, кои имале огромна политичка и економска сила со нивните флоти и трговски мрежи кои ги поврзувале Индија, Средниот Исток, Медитеранот и западноевропските светови.

Во почетокот, Турците можеби биле етнички Турци, веројатно потекнувајќи од една раса, но до времето кога го освоиле Балканот, Отоманското Царство станало мултиетничко и мултирелигиозно.

Отоманското Царство ги изградило своите темели на политичката моќ врз хетерогена мешавина на народи, кои биле додавани на неговото население, со секое ново освојување. Она што можеби било турско на почетокот било изгубено и поимот "Турчин" почнал да означува "муслиман" како што се повеќе и повеќе народи од освоените светови биле исламизирани. За да биде Турчин, секој морал прво да биде муслиман. "Системот на плаќање данок во крв /devsirme/ нудел екстремна општествена мобилност за машкиот род, овозможувајќи селски момчиња да се издигнат до највисоки воени и административни позиции во Империјата, надвор од самата династија." (Стр, 30, Доналд Кватаерт, Отоманското Царство, 1700-1922, /Donald Quataert, The Ottoman Empire, 1700-1922/, Binghamton University, New York: Cambridge University Press, 2000).

Кога Отоманците го преминале Балкнот и ја освоиле Македонија, основните државни институции и воената организација на Империјата се уште биле во развој. Изградена врз основа на феудални општествени односи, Империјата била деспотска, со многу елементи на теократско владеење.

Откако го опустошиле Цариград, Отоманците присвоиле голем дел од православната администрација и феудалните практики, и почнале да се населуваат на Балканот. Освоените народи на новите отомански територии станале поданици на Империјата, под владеење според муслиманскиот закон. На чело на Отоманската Империја бил султанот кој бил Божји претставник на земјата. Султанот поседувал се и секого во Империјата. Под султанот била владејачката класа, а под нив биле заштитените маси, односно рајата /rajak/. Секој работел за султанот, а тој за возврат ги снабдувал своите поданици со сите животни протребштини.

Султанот бил врховен владетел на Империјата и неговата власт била неограничена. Во почетокот, негов главен град бил Бурса, потоа тоа станал градот Едрене (Одрин), но кога Цариград паднал во 1453 година, станал постојан главен град на Отоманското Царство. Иако царството на Отоманците се протегало ширум Азија и Африка, европските провинции биле сметани за срце и душа на Отоманското Царство.

На почетокот, на чело на отоманската државна администрација бил еден везир, но до 1386 година бил назначен и втор везир, издигнувајќи го на тој начин првиот на функција голем везир. Бројот на везирите продолжил да се зголемува и до средината на XVI век имало четворица везири.

По освојувањето на Балканот, Отоманското Царство било поделено на две големи административни единици или пашалаци /bejlerbejliks/. Владетелите на овие провинции, пашите /bejlerbejs/, биле назначувани директно од султанот. Пашите биле највисоки локални воени команданти во пашалаците, како што подоцна биле познати. Румелија, или европскиот пашалак, ги вклучувал територииите на турските провинции во Европа. Понатаму, овој пашалак бил поделен на помали единици, наречени санџаци /jivi/, кои ги сочинувале основните воени и територијални административни компоненти на Царството. Секој пашалак бил поделен на кази при што секоја каза претставувала судска област за која бил одговорен кадија или судија. Со време и со проширувањето на границите на Империјата, бројот на пашите се зголемил и нивната природа почнала да се менува. Пашалаците станале провинции, вилаети /elajets/ и, во текот на 40-тите години на XIII век, биле назначени двајца врхови воени судии или казиаскерси: еден во Румелија, а втор во Анадолија во Мала Азија. Постоел, исто така, и чувар на султановиот печат /nichandji/. koj бил на чело на администрацијата и koj во име на султанот ставал печат на сите акти издадени од централната влада. Финансиските работи биле решавани од страна на дефтердари /defterdars/.

Диван или, Државниот совет, предводен од големиот везир, го сочинувале највисоки државници, вклучувајќи везири,

казиаскери и дефтердари, кои редовно се состанувале за да дискутираат и решаваат важни државни работи.

Отоманската војска била поделена на две групи: копнени оружени сили и воена морнарица. Копнените оружени сили, кои се сметале дека се сила и моќ на Империјата, се состоеле од султановата гарда и провинциските војски. Најсилна и најбројна од овие провинциски војски била коњицата /spahis/. Ударната единица на гардата на султанот бил корпусот јаничари, кој бил формиран околу 1329 година. Јаничарите на почетокот биле регрутирани од воените затвореници и, по пат на "данокот во крв", од потчинетото христијанско население.

Муслиманските Турци отсекогаш управувале со својата влада и војска. Но, поради недостаток на работна сила, односно луѓе да владеат со Царство кое се проширувало, Отоманците донеле програма за земање деца околу 1300 година. Овој данок, таканаречен "данок во крв", бил плаќан така што биле земани здрави млади христијански момчиња кои потоа биле исламизирани. Откако ќе стекнеле образование, на најбистрите им биле давани административни функции, а на останатите, на јаничарите, им биле доделувани воени одговорности. Плаќањето на данок во крв бил укинат во 1637 година кога се докажало дека јаничарите му претставуваат тешкотија на султанот. Во некои региони оваа практика продолжила се до XIX век.

Воената морнарица започнала како многу мала сила, но интензивно била изградена во доцните 90-ти години од XIV век од султанот Бајазит I. На почетокот, и во време на војни, Големиот везир бил врховен заповедник на сите оружени сили. Феудалните господари на Царството немале право да применуваат и извршуваат никаква правна, административна, финансиска или воена власт, дури ни на своите поседи.

Средиште на правниот систем бил шеријатот /the Seriat/, кој имал свои корени во исламот. Коранот и Хадитот /збирка на исламските традиции/ биле книгите од кои биле извлекувани идеалите и фундаменталните принципи за создавање на правниот систем. Ниеден закон не можел да биде усвоен, ако во принцип се спротивставувал на Серијатот. Само врховен религиозен водач, Сејх-ул-Ислам,

имал право да ги интерпретира и проценува правните норми и тоа само од позиција на исламскиот закон.

Коранот го диктирал однесувањето и постапувањето на муслиманите, вклучувајќи казнување за криминал. Во отоманскиот ум само религија и словото на Бога имале единствена власт врз животот на луѓето. Религијата била официјалната влада на отоманската држава. Исламот бил единствена призната форма на владеење која им одговарала на муслиманите, но не можел директно да се применува врз оние кои не биле муслимани. Затоа, наредното најдобро нешто било да се дозволи друга религија со немуслиманите. Очигледен избор, се разбира, била православната христијанска религија, која била основа на Православното Царство. Но, постоел скриен проблем, односно пречка. Официјалните муслимански документи, со кои се овозможувал "трансфер на владеењето", биле базирани врз еден стар исламски модел кој го разобличувал сето христијанство како корумпирано откритие на "Грешниот". Конзервативните Турци ги сметале христијаните за нечисти и изспачени животни. Освен тоа, античките документи повикувале да се прават жртви. Од еден христијански религиозен водач, затоа што му било доделено да раководи од страна на муслиманите, се очекувало да ги жртвува своите луѓе, ако тоа се побара од него, за да ја докаже својата лојалност кон султанот. Тоа било под вакви услови, кога патријархот го прифатил своето поставување како единствен владетел на христијанската православна религија и на немуслиманскиот милет /Millet/.

Султанот го толерирал христијанството како влада на немуслиманскиот милет и Патријаршијата ја продавал на авантурист кој можел да си го "купи" (подмити) своето поставување. Штом ќе бил поставен, патријархот, за возврат, им ги продавал правата за осветување на владиките, кои за возврат својата добивка ја сметале за "легитимно инвестирање" на капитал и продолжувале да ја "обработуваат својата епархија". Под отоманското владеење, Патријаршијата во Цариград станала корумпиран бизнис, кој имал малку заедничко со религијата, а повеќе со правењето пари. Како што се повеќе и повеќе епархии паѓале во рацете на новиот патријарх, така религијата на врвот почнала да

избледува. Ова, исто така, било почеток на крајот на словенските (македонски) цркви во Отоманското Царство.

Освен што бил религиозен владетел, патријархот и неговите поставени владики, односно епископи станале цивилни администратори на христијанскиот и на немуслиманскиот народ. Нивната власт опфаќала посредување со Турците, администрирање на христијанскиот закон (склопување бракови, наследство, разводи, итн), водење училишта и болници и справување со големи и мали прашања од животот. Немало пишани одредби како да се решат криминалните прашања или да се ограничи власта на владиките. Со други зборови, немало усогласено однесување според кое христијанските криминалци би можеле да бидат казнети, или пак лимити за тоа до кој степен еден владика може да ја извршува својата власт. Ова отворило пат за толкување, занемарување, злоупотреба и корупциски активности, како што се непотизам, протажерство и подмитување.

По освојувањето на Балканот, отоманските Турци веднаш започнале со воспоставување на својата администрација, а онаму каде било можно ги задржале постоечките административни и територијални поделби. Македонија припаѓала на пашалакот или провинцијата Румелија. Со Солун управувал познатиот воен командант Еврен-бег /Evrenos Beg/ и служел како најстар воен центар за одбрана на западната граница на Царството. Кога градот Скопје паднал во рацете на Отоманците во 1392 година, тој станал центар на еден нов регион. Првиот командант на скопскиот регион бил Пашаигит-бег / Pashaigit Beg/.

Во обид да создадат еден стабилен политички и социјален систем во освоената Македонија, отоманските власти вовеле доброволна миграција за Турците од Мала Азија. Како резултат на тоа, низ цела Македонија никнале многу турски населби и ги зафатиле стратешките позиции, како што се долините или пловните реки и крајбрежните рамнини. Ова зголемување на бројот на муслимани, особено во поголемите градови, било на сметка на христијанското население. Номадите од Анадолија биле најпогодни за ваква миграција поради нивниот номадски начин на живеење.

Со време, и како резултат на отоманската колонизаторска политика, биле формирани мали турски сточарски населби кај Јуруци /Jarutsi/ и Коњари, во близина на Солун, и во областите на Неврокоп, Струмица, Радовиш, Кочани и Овче Поле. Миграцијата во Македонија не била ограничена само на Турците. Во втората половина на XV век Евреите кои бегале од западно-европската инквизиција во Шпанија и Португалија, исто така, се населиле во Македонија. Овие миграции биле особено значајни за економскиот развој на Македонија. Еврејски колонии никнале и економски цветале во големи урбани центри, како Солун, Битола, Скопје, Бер, Костур, Серес, Штип, Кратово и Струмица. Еврејската колонија во Солун била една од најголемите и најзначајните од сите колонии и во целото Отоманско Царство. До средината на XVI век Солун бил дом на повеќе од три илјади еврејски семејства.

Освен колонизирањето на Македонија со странски елементи, се вршела и асимилација на Македонците во исламски народ. Процесот на преобратување на христијани во муслимани започнал веднаш штом Македонија била освоена. На почетокот, голем број од старото племство се преобратиле во исламот, надевајќи се дека ќе ги задржат, па дури и зголемат своите земјишни поседи. Постепено, поголеми делови од населенијата биле преобратувани, понекогаш и цели села и области одеднаш. Македониците кои живееле меѓу Турци, особено во поголемите градови, постепено почнувале да се преобратуваат во Турци. Иако станале Турци, големо мнозинство Македонци си го задржале мајчиниот јазик и продолжиле да зборуваат македонски, да ги практикуваат своите традиции, па дури и своите верски обичаи.

Во однос на оданочувањето, најфундаменталната и најпрепознатливата карактеристика на феудалниот систем воведен на Балканот од Отоманците, бил тимарско-спахискиот систем. Со отомански термини, на врвот бип султанот и врховен сопственик на сите земјишта. На дното биле селаните, или рајата. Помеѓу султанот и селанецот биле феудалните земјосопственици (спахии) кои, како награда за својата воена служба, добиле парче земја од државата. Спахиите имале право да работат на земјата, но не можеле да

располагаат со истата. Висината на приходот добиен од парчето земја, во форма на феудална рента од селаните, била стандардна и контролирана од државата.

"Едно од големите зла за народот на нашето село, и за останатите поробени христијани, бил наметнатиот данок, таканаречен "една десетина", или како што народот обично го нарекувал "спахилук" според спахиите или даночните службеници. Овој данок обично се плаќал во земјоделски производи, бидејќи во тоа време немало пари во оптек. Големи неправди биле извршувани од даночните службеници заради нивните произволни начини на собирање даноци од народот. Тоа требало да биде една десетина од земјоделските производи, но Бог знае колку многу повеќе спахиите земале од народот. Проблемот не бил во висината на данокот што секое семејство морало да го плати, туку начинот на кој тој данок бил собиран. Турската влада го ставала собирањето на даноците на лицитација - оној кој ќе понудел најдобра цена, имал право да го собира данокот од населението. Правото на собирање даноци од владата обично го купувале или Турците, или Арнаутите (муслимански/мухамедански Албанци). Државата си го земала она што и припаѓало, ама овие кои го добивале правото да собираат даноци, го наплатувале од народот она што тие го сакале. Овие лица оделе од куќа во куќа во секое село, во нивите, пасиштата и лозјата, и ги собирале овие даноци без никаква контрола или мерило. Овие собирачи на данок биле господари на населението и никој не се осмелувал да се жали, бидејќи народот се плашел од најлошото. И, ако некој се осмелел да се жали, тогаш неговиот глас бил глас во ветер - никој не го слушал. Народот обично велел: "Кому да се пожалиме? Бог е високо, а царот многу далеку". Народот трпел и го поднесувал овој товар како неми животни. Товарот на ропството бил зголемен со произволните дејства на спахијата. Понекогаш спахијата не доаѓал да ги собере производите, но народот молчешкум го чекал без да се осмели да проговори. Она што следело била тажна глетка - полињата со зрели житарици, и балите кои биле собрани, дождот ги скапувал. Грозјето, веќе скапано од дождот, било собирано, но од каква корист? Ваквата многу лоша ситуација, не ги вознемирувала

спахиите. Тие биле господари и во секој случај ќе си го добиеле она што им припаѓало, со тоа што ја ограбувале рајата (робовите). Спахиите ги подмитувале владините функционери да ја свртат главата. Сите овие луѓе биле корумпирани - од најнискиот до највисокиот службеник на положба. Тие ковале завери меѓу себе, а населението молчешкум го носело товарот."(Фото Томев)

На почетокот, отоманците си ја поделиле нивната земја на четири категории. Земјиштата од категоријата "мери", како долини, шуми, планини, реки, патишта, и итн., припаѓале исклучително на султанот. Земјиштата од категоријата "тимар" биле земјишта од категоријата "мери", дадени на заем или подарени на отоманските цивилни и воени функционери. По земјишните реформи, тимарските имоти станале приватна своина и биле познати како чифлизи. Земјиштата од категоријата "вакаф" /vakof/ биле земјишта ослободени од плаќање данок, а наменети за побожни цели и за поддржување на јавните служби, на пример, противпожарни и сл. Земјиштата од категоријата "молк", на кои се наоѓале куќите на луѓето, бавчите, градините, лозјата, овоштарниците и слично, исто така, биле приватни земјишта.

Иако султанот се сметал како претставник на Бог на Земјата, неговата вистинска моќ доаѓала од материјалните имоти на неговата Империја. Повеќето приходи во неговата ризница доаѓале од големи империски комплекси државно земјиште, наречени феуди /fiefs/. Другите приходи доаѓале од рударството, трговијата и разни други даноци. Највисоките државни функционери поседувале свои сопствени феуди. Секој феуд носел годишен приход од не помалку од 100.000 акцаси /akcas/. Годишниот просечен приход од феудот во сопственост на Иса-бег, скопскиот регионален командант, со исклучок на самото Скопје, бил 763,000 акцаси. На феудалните господари, зависно од нивниот придонес кон Империјата, им биле давани бесплатно земјишта познати како зимаети /zeamets/ и тимари. Зимаетите годишно продуцирале приход помеѓу 20.000 и 99.999 акцаси, а помалите тимари продуцирале најмногу до 19.999 акцаси. Просечниот тимар продуцирал приход од приближно 2.000 до 6.000 акцаси. Според историските

записи, поголемиот дел од Македонија во текот на XV и XVI век, главно, бил поделен на тимари.

Во раниот период на отоманското владеење, поради недостиг на работна сила, христијаните биле вработувани да ја вршат работата на спахиите. Според нецелосниот попис спроведен во средината на XV век, од вкупно сто тимари и два зимаета на територијата на нахиите Прилеп и Кичево, дваесет и седум тимари и еден зимает биле доделени на христијани. Во пописот од 1466/67 година во дебарската област, осумнаесет од деведесет и осум регистрирани тимари биле во христијански раце. Но, со време, бројот на христијанските спахии се намалил, и до XVI век, сите тие исчезнале.

Властите повеќе им верувале на муслиманите отколку на христијаните, па затоа многу христијански спахии се преобратиле во исламот и го интегрирале она што го имале, и своите лични предмети, со оние на турските феудални господари. Ова било најсигурен и најчесто единствен начин трајно да си ги осигураат своите позиции.

Феудално зависното селанство, или рајата, како христијани така и муслимани, имале ограничено државно земјиште познато како чифлик. Дел од оваа земја била доделувана на секое семејство на рајата, заедно со документ за сопственост, или тапија, со која на семејството му се даваат правата да го наследува и да располага со истото, по услов претходно да имало одобрение од спахијата.

Освен плаќање даноци, новите жители на Отоманското Царство биле задолжени да вршат посебни услуги за новото царство. Тука спаѓале занимањата како мартолози /martolozes/, војници, соколари, дербенкси /derbendkis/, чувари на мостови, одгледувачи на ориз и маденкиси /madenkis/. Работата на мартолозите била да заштитуваат различни региони кои биле под закана на одметници или ајдуци, или да служат во гарнизони во одредени тврдини или провинциски гратчиња. Работата на војниците била да одат во битки и да служат како борци или да бидат членови на корпусот за снабдување, односно да работат како интендантски интернисти, или, пак, да работат во царските штали или ниви. Работата на соколарите биле да фаќаат, тренираат и да се грижат за соколите за ловење.

Дербенксите, чија служба била раширена низ цела Македонија, обезбедувале безбедно преминување преку теснеци и други места каде преминот бил тежок, особено по должината на важни воени и трговски патишта. Со службата на дербенксите биле поврзани чуварите на мостови кои биле одговорни за чување и поправка на мостови од стратешко значење. Одгледувачите на ориз биле обврзани да и обезбедат на државата одредено количество ориз кој се сметал за основна храна во Царството. Работата на маденксите опфаќала откопување јаглен, правење катран и превозни услуги. За возврат на своите услуги, овие лица биле, целосно или делумно, ослободени од плаќање даноци и од други обврски кон Царството.

Освен феудалната експлоатација, Македонците, особено во текот на целиот XVIII век, биле подложни и на религиозна и национална дискрими нација, која со време станала толку темелна и широка, што изразот "раја" станал практично синоним со терминот "ропство".

Македонскато селско стопанство останало во голем степен земјоделско со векови, но неговите техники останале застарени и недоволно развиени. Селанството произведувало голем број различни сорти пченица, овошје, зеленчук и грозје. Тутунот, памукот, оризот, сусамот, афионот, пченката, шафранот, анасонот, наутот и бројни зеленчуци, исто така, биле одгледувани и станале многу популарни во текот на отоманскиот период.

Сточарството станало една од главните гранки на руралното стопанство. Се чувал секаков вид добиток, вклучувајќи голем број овци и кози. Биволот бил донесен од Мала Азија како животно за да биде впрегнато во јарем да ја ора земјата и да влече запрежни коли. Ловот и рибарењето во реки, езера и морија, исто така, играле голема улога во македонското селско стопанство.

Имајќи ја предвид големата миграција, македонските градови станувале се побројно населени и постепено се здобивале со ориентален карактер. Со доаѓањето на новото население, следеле и нови вештини и таленти. Особено се развивале кожарството и крзнарството. Евреите, кои имале деловни, односно бизнис-врски со западна Европа, во голема мерка придонеле за овој развој.

Во градовите, занаетчиите, наречени руфеки /rufekas/, биле организирани во еснафи и работеле како приватни задруги. Секоја религија си имала свои еснафи, па и муслиманите, христијаните и евреите, на ист начин си конкурирале меѓусебе да добијат работа, држејќи ја на тој начин цената на стоки и услуги на значително ниско ниво.

Силната централна влада, исто така, имала своја улога во развојот на домашната економија со тоа што обезбедувала сигурност и безбедност за трговците и за оние кои патувале. Биле формирани саеми и земјоделски пазари кои работеле на редовна основа, овозможувајќи стоките да бидат купувани и продавани. Саеми биле отворени во неколку места во Македонија, вклучувајќи ја Струга, селото Дољани во близина на Струмица и селото Бешик во близина на Сидерокапса /Siderokapsa/.

Бидејќи и европската, и турската валута се појавиле во оптек, цутеле домашната и надворешната трговија. Солун станал еден од најзначајните отомански трговски центри за тргување со странски трговци, вклучувајќи ги моќните трговци на Венеција. И додека разни метални и луксузни производи, како фино исткаени стоки, сребрени и златни предмети, сол и оружје се извезувале, стоки како пченица, кожи, крзна, волна, свила и сребро се увезувале.

Рударството било, исто така, важен аспект на отоманската економија, произведувајќи, меѓу другото, јаглен и метали неопходни за ковање сребрени и златни пари.

Исламските Отоманци припаѓале на сунитската секта од муслиманската религија. Поданиците на Царството припаѓале на еден од двата религиозно (не национални) поделени милета. Исламскиот милет бил исклучително за муслиманите, а во неисламскиот или римскиот милет биле групирани сите други религии заедно.

Исламот бил доминантна религија во Отоманското Царство, но и на христијанството и на јудеизмот им било дозволено да постојат. Во Македонија, моќната Охридска патријаршија била активна се до 1767 година кога била укината од отоманскиот султан Мустафа III.

Од самиот свој почеток, Охридската архиепископија ја проширила својата сфера на влијание и доминирала со соседните цркви. И наспроти обидите на православните да ја

зауздаат нејзината моќ, Охридската архиепископија опстојала и почнала да заживува. До почетокот на XV век, таа ги потчинила Софиската и Видинската епархија, а до средината на истиот век, под нејзина власт биле и Влашката и Молдавската епархија. Наскоро потоа, под нејзина власт потпаднале делови од Пеќката патријаршија, вклучувајќи го и самиот град Пеќ. Дури и православните области на Италија (Апулија, Калабрија и Сицилија), Венеција и Далмација биле потчинети на Охридската архиепископија за кратко време.

На почетокот на XVI век Влашката епархија станала потчинета на патријархот на Цариград. Како резултат на тоа, во 1530 година, Павле, митрополитот смедеревски, ја отфрлил власта на Охридската патријаршија. Како освета, на 13 март 1532 година, бил свикан Синодот на архијереи во Охрид кој, за возврат, го екскомуницирал Павле и целото свештенство што тој го ракоположил. Но, Павле продолжил да се смета себе си како независен и самиот се издигнал на ниво на патријарх. Тогаш, користејќи го своето впијание и подплитувајќи ги отоманските власти, покренал обвинение против Прохор, Архиепископот охридски, и го ставил в затвор. На 20 јуни 1541 година, друг Синод на архијереи, вклучувајќи го и Павле, бил свикан во Охрид и донел одлука да го отстрани Павле до неговата позиција како црковен великодостојник. Единствениот кој се спротивставил на оваа одлука бил метрополитот костурски.

За жал, сите овие внатрешни превирања и вплеткувањето на Павле со отоманските власти, создале големо негативно внимание, поттикнувајќи го султанот да ги прекине врските со Охридската црква и да формира посебни епархии. Во 1557 година, Пеќската патријаршија била реставрирана и таа ги земала Тетово, Скопје, Штип и Горна Џумаја од Охридската архиепископија. Во 1575 година православните христијани на Далмација и Венеција биле оттргнати од Охридската црква и биле ставени под јурисдикција на Цариградската патријаршија. На почетокот на XVII век Охрид ги изгубил сите епархии во јужна Италија. Потоа, границите на Охридската патријаршија останале непроменети до нејзиното укинување во 1767 година.

Како што претходно е спомнато, Охридската архиепископија, од самиот почеток, била автономна црква

предводена од архиепископ кој бил избиран од страна на Синодот. А Синодот се состоел од архијереи од разни епархии и бил свикуван по различни поводи да се справува со поважни прашања, додека Црковниот собор ги решавал општите прашања. Најголемиот дел од архиепископите кои служеле во Охридската црква биле странци, а повеќето од нив биле лакоми за пари, подложни на подмитување. Но, некои макотрпно работеле на издигнување на стандардите на Архиепископијата, а други, вклучувајќи го Прохор, Атанасиј и Варлаам /Barlaam/, дури тајно работеле против отоманскиот јарем.

Иако Охридската црква изгубила голем број свои имоти кои припаднале на Отоманците, таа сепак останала феудална институција и, освен приходот што го добивала од своите црковни земјишта, таа, исто така, добивала значаен приход од разни даноци, од вршење разни служби и решавање спорови. Сите од поништото свештенство на Патријаршијата биле Македонци и едвај економски се истакнувале од општото население. Иако странци биле на водечките позиции во Црквата, самата црква ја поддржувала посебната македонска култура и независна Македонија.

Во текот на втората половина на XVI век имало очигледни знаци за слабеење на Отоманското Царство. Успешните воени походи кои претходно биле водени, престанале само за да бидат заменети со серија воени порази и територијални загуби. Неспособна да се прошири или дури и да ги зачува постоечките територии, централната отоманска влада почнала да го губи угледот и влијанието, и бавно запаѓала во економска криза. Ситуацијата се влошила кога феудалните господари решиле да го заменат плаќањето данок во натура (готови производи) со плаќање данок со пари, од кои повеќето си задржувале за себеси. Со тек на времето, феудалните господари станале помалку заинтересирани да учествуваат во неуспешни воени походи и предизвикале слабеење на централната влада, со тоа што одбивале да ги помогнат борбените дејства, така што одбиле да ги снабдуваат со луѓе или материјали. Неспособноста на централната влада да ја спроведува својата власт врз феудалните господари создала поволни услови за анархија. Се повеќе и повеќе од помоќните феудални господари

почнале да ја искористуваат настанатата ситуација и формирале свои мали воени феудални имоти.

Кога државната благајна била сосема испразнета, централната влада била приморана да преземе мерки кои уште повеќе ги поткопувале феудалните имоти. Проблемот бил решен со давање земјишни поседи од спахиите на луѓе на кои можело да им се верува. Единствените луѓе на кои централната влада можела да им верува биле претставниците на дворската аристократија, која апсолутно немала никакви врски со оние од рангот на спахиите.

Наместо самата да собира даноци, државната влада почнала да ги изнајмува своите земјишта на оние кои понудувале највисоки цени и собирала рента. За возврат, закупците се однесувале како вистински газди и господари на својот закупен имот, го изнајмувале своето земјиште на трета страна, изнудувајќи профит за самите себе. Со овој метод, земјопоседништвото брзо почнало да излегува од власта и конролата на државата и преоѓало во рацете на профитерите. Земјопоседништвото станало толку профитабилно, што дури и за малите земјишни имоти на рајата имало побарување, и тие можеле да се купуваат и продаваат на пазарот. Набрзо, туѓинци почнале да купуваат парчиња земја од рајата и да го трансформираат купеното земјиште во чифлизи, проголтувајќи цели села. Новите господари на земјиштата на рајата, познати како чифликсајбии, продолжиле да ги исполнуваат обврските кон врзаните селани, но, сега договарачи ја обработувале земјата. Договарачите биле обично истите селани (чифликари), или поранешните сопственици на земјиштето кои, откако ги продале своите земјишта, повеќе немале никаков удел во нивната сопственост. Договарачите можеле слободно да бидат изнајмувани и отпуштани, што ги принудувало да работат дури уште помакотрпно. Под посурови услови, кога не можеле да ги исполнат своите тековни обврски кон спахиите и кон државата, тие сега морале на чифликсајбијата да му плаќаат и дополнителна закупнина.

До средината на XVII век животот на чифлиците станал толку суров, што селаните ги напуштале селата за да одат во поголемите градови, зголемувајќи го на тој начин приливот на муслиманите и Евреите. Многумина, кои веќе не можеле

да го поднесат товарот, а немале каде да одат, прибегнале кон пљачкање и крадење. Група селани ги напуштале своите огништа и бегале, или да им се придружат на ајдутските дружини или да живеат во поголемите градови каде некои од нив успеале да станат влијателни фактори во урбаното стопанство.

Во текот на XVII век, во Македонија дошле западни Европејци и си набавиле одредени привилегии од Отоманците кои им овозможиле да отворат конзуларни агенции. Во 1685 година франачките трговци од Марсеј отвориле агенција во Солун, а во почетокот на XVIII век тие отвориле уште една во Кавала, преку кои купувале памук и пченица. Подоцна, Британија, Венеција и Холандија, исто така, основале конзуларни претставништва во Македонија. Во тоа време, Солун бил врата кон Отоманското Царство и најголемо пристаниште за европските стоки наменети за Балканот, како крајна дестинација.

Со развојот на атлантските трговски патишта, Дубровник и италијанските градови почнале да ослабуваат, особено во текот на XVII век, кога западните трговци почнале да бидат заменувани со локални, особено во централна Европа.

Католичкото влијание и пропаганда, иако донекаде дезорганизирани, биле присутни во Македонија уште во XVI век. Во 1622 година кога папскиот трон дошол под власта на језуитите, била формирана нова организација наречена Конгрегација за ширење на религијата, со цел да ги контролира сите католички мисионерски активности низ целиот свет. Не требало да помине долго време потоа за да се инфилтрира католичката мисија во Македонија, вклучувајќи ја и Охридската архиепископија. До првата половина на XVII век, четворица охридски архиепископи (Порфириј, Атанасиј, Авраам и Мелетиј /Porphyry, Athanasius, Abraham, Meletius/) тајно работеле за католиците. Биле воспоставени врски од страна на епархиите, онаму каде што црквените конгрегации биле дискретно посетувани за преобратување во католицизмот. Мисионерите од Рим биле претпазливи, тактични и не го наметнувале латинскиот јазик врз населението. На тој начин, покажувајќи респект кон догмата на источната црква, католичката пропаганда во Охрид станала многу ефикасна во стекнување цврсто тло и

добивање полдршка. Всушност, таа станала толку ефикасна, така што во 1630 година, унијатите се обиделе да ја преземат архиепископската црква Вознесување на Дева Марија, но архиепископот, со дарежливо подмитување на отоманските власти, бил во можност да го сопре преземањето. Но, за жал, тоа не ги спречило католиците да се обидуваат повторно и до средината на XVII век формирале католичка архипеископија во Охрид. Но, штом била формирана, условите станале неповолни за нив и таа морала да биде распуштена и да биде потчинета на Скопската епархија.

Во 1661 година архиепископот Атанасиус отишол во Рим со предлог Рим и Охридската архиепископија да се унифицираат, да се обединат. Бил постигнат договор и еден мисионер по име Онуфриј Константин /Onuphrius Constantine/ бил избран за епископ за да служи во колецот на Рим, во кој се зборувало на коине јазикот. Но, обединувањето не било успешно и католичката пропаганда во Македонија почнала да губи од својата ефикасност. Нова надеж почнала да се појавува и зголемува меѓу балканските народи дека еден ден Русија, која е православна земја, ќе ги ослободи од ропството.

Македонскиот народ никогаш не бил задоволен од тоа што бил окупиран и во секоја прилика го покажувал своето незадоволство. Првиот голем инцидент се случил во средината на XV век во дебарскиот регион, каде Македонци, Албанци и Власи живееле заедно. Предводени од Ѓорѓи Кастриот /George Castriot/, народот се дигнал против тиранијата на Турците.

Ѓорѓи Кастриот, кој го земал името Скендербег бег според Искандер, повеќе познат како Александар Велики, потекнувал од едно славно феудално семејство, кое во тоа време владеело со дел од денешна централна Албанија и поголем дел од дебарскиот регион во денешна Република Македонија. Во текот на отоманските освојувања во регионот, Јован Кастриот /John Castriot/, таткото на Ѓорѓи успеал да ја задржи својата титула и имотите со тоа што ја признал врховната власт на султанот и исполнил одредени обврски како негов вазал. Како доказ за својата лојалност, Јован Кастриот му ги предал своите синови на султанот да бидат држени како заложници. Еден од синовите бил Ѓорѓи,

кој бргу бил фасциниран од енергијата и силата на отоманската оружена сила и едвај чекал да им се придружи.

Откако го прифатил исламот, првиот чин на Ѓорѓи бил да го смени името во Скендербег. Тој бргу изградил репутација како способен командант и ја стекнал довербата на отоманските врховни власти. Кога неговиот татко умрел во 1437 година, Скендербег го зазел неговото место како гувернер на истата област. Иако Скендербег бил сојузник на султанот, неговата вистинска лојалност била кон неговиот народ.

Кога избувнала војна во регионот во 1442 година и кога војските на Јан Хунјад /Janos Hunjadi/ навлегле во внатрешноста на Отоманското Царство, Скендербег заклучил дека е вистинско време да ја откаже својата верност кон султанот и дигнал востание. Кога избувнала голема битка во 1443 година, во близина на Ниш, и кога отоманскиот фронт бил разбиен, наместо да нападнат, Скендербег, неговиот внук Хамза, и триста коњаници, дезертирале и побегнале со испаничените отомански војници.

Попат, Секндербег поминал низ дебарскиот регион каде што добил голема поддршка и бил пречекан како херој. Во Дебар нему му се придружиле локалните водачи и голем број побунети селани. Со својата коњица и со новите регрути, тој го започнал востанието така што го нападнал Кроја /Croia/, важен отомански воен и административен центар. Откако со леснотија го опљачкал Крује, се вратил во Дебар за да организира општо востание. Бидејќи Крује сега бил негов, Скендербег, на 27 ноември 1443 година, го прогласил своето кнежеството за независно. Користејќи го Дебар како своја база, востаниците на Скендербег започнале воен поход против бројните упоришта и тврдини, вклучувајќи го и стратешкото важно кале Светиград. Опсадата на Светиград ја предводел Мозес Велики, еден од лојалните следбеници на Скендербег и неговите триста силни востаници од дебарскиот регион. По една жестока битка, тврдината паднала и целиот дебарски регион бил целосно ослободен.

Тогаш востаниците ги прекинале своите проширувања на исток и, како резултат на тоа, источната граница на поширокиот дебарски регион станала гранична линија

помеѓу Отоманците и востаниците која, во наредните три децении, или приближно толку, ќе стане подрачје на постојани конфликти.

Наредната голема битка се биела на 29 април 1444 година во Долни Дебар. Една востаничка ударна сила од дебарскиот регион, предводена од Мозес Велики /Moses the Great/, ја десеткувала отоманската војска, убивајќи седум илјади војници, а заробувајќи пет илјади. Две години подоцна, на 27 септември 1446 година се случила друга битка во близина на Дебар, во која Отоманците повторно претрпеле големи загуби.

Скендербег станал легенда и сериозна закана по отоманската стабилност, па затоа во летото 1448 година, Мурат II, заедно со својот наследник принцот Мехмед, подготвил една ударна војска и тргнал по него. При првиот судир, востаниците кај тврдината Светиград, каде имало еден гарнизон локални востаници предводени од Петар Перлат, му пружиле голем отпор. За жал, по долга опсада, тврдината паднала. Но, не било се изгубено, бидејќи поради поитни проблеми на друго место, султанот решил да се откаже од ова гонење и заминал, оставајќи поголем дел од дебарскиот регион се уште во рацете на востаниците.

Наредниот судир се случил во 1452 година кога султанот Мехмед Освојувачот собрал голема војска во Охрид. Кога дознал за тоа, Скендербег веднаш ги сконцентрирал своите сили во воениот логор во Ороник, сегашниот град Дебар, и заедно со Мозес Велики и својот внук Хамза презел напад. Противничките војски се пресретнале во близина на тврдината Модрич и силите на Скендербег ги пробиле борбените редови на Турците во една единствена битка, извојувајќи решавачка победа и присилувајќи ја турската војска да се повлече.

Незадоволен од овој исход, следната пролет Мехмед го испратил својот генерал Ибрахим Паша и презел друг воен поход против востаниците. Војските се пресретнале кај Полог на 22 април 1453 година. Предводени од Скендербег и Мозес, востаниците жестоко се бореле и извојувале уште една победа врз Турците.

Не можејќи да успее против востаниците во битка, султанот прибегнал кон подмитување. Му платил на Мозес

да ја сврти главата на друга страна додека големата отоманска оружена сила ја преминувала дебарската граница и им се приближила на оружените сили Скендербег во ненадеен напад. Во текот на оваа катастрофална битка, која се одиграла во 1455 година во близина на Берат, шест илјади лица, речиси половината од востаничките сили, биле изгубени. За да се спаси самиот, Мозес побегнал од регинот и и се придружил на отоманската војска. Наспроти тешките загуби, луѓето од Дебар не се предале и продолжиле да го поддржуваат Скендербег. За многу краток период бил способен да ги надомести своите загуби, повторно да изгради своја војска и да го обнови конфликтот.

Наредниот отомански напад се случил следната година. Овојпат Скендербег не само што бил подготвен, туку бил и свесен дека нападот бил предводен од предавникот Мозес Велики и затоа лично ја предводел својата војска за да се сретне со него. На 19 мај 1456 година, во близина на Ороник, востаниците ја нападнале и поразиле отоманската петнаесетилјадна војска, донесувајќи му на Скендербег уште една победа. Задоволен од резултатот, Скендербег му простил на Мозес за неговото предавство и му посакал добредојде назад во востаничкиот логор. По враќањето дома, Скендербег повторно го поставил Мозес на неговата поранешна функција, повторно доверувајќи му ја одбраната на дебарскиот регион.

Кога се чинело дека проблемите на Скендербег биле завршени, востанието го снашла нова серија неволји. Султанот се договорил со голем број моќни феудални господари и тие, за возврат, почнале поединечно да ги напаѓаат востаниците, доведувајќи до губење големи територии. Една таква територија била тврдината Модрич која, како и тврдината Светиград, била од стратешко значење.

Со добивањето на Модрич, Отоманците добиле и безбеден пат до востаничките логори. Не губејќи време, бипа испратена една отоманска војска и таа стигнала до градот Леш, во летото 1457 година. Чувствувајќи дека се ранливи, наместо да чекаат да бидат нападнати, востаниците презеле офанзива, ја пресретнале турската војска која марширала и се развила жестока битка. Изненадена од нападот, отоманската

војска била разбиена, а Скендербег однел уште една решителна победа. Поради успехот на оваа битка, востаниците дипломатски успеале да ги повратат сите претходно изгубени територии.

Пролонгираната борба со востаниците го убедила султанот дека Скендербег може да биде потчинет, а востаничката територија ослободена само со воен поход од големи размери. Предводен од прекалениот, искусен командант Балабан-паша од Мат, против востаниците бил организиран и разгорен еден масовен воен поход во 1465 година. Отпочнала жестока битка во близина на Дебар, но турските оружени сили биле премногу силни за да бидат разбиени. Освен што изгубил многу од своите сили, Скендербег изгубил и многумина свои искусни команданти, вклучувајќи го Мозес Велики, кој бил заробен и испратен во Цариград каде бил сурово убиен. И двете страни претрпеле тешки загуби, но Балабан успеал да го загуши востанието, но само во дебарскиот регион. Тогаш востанието се преместило во внатрешноста на Албанија и продолжило да се развива една деценија по смртта на Скендербег.

Скендербег умрел од болест, на 17 јануари 1468 година. Десет години по паѓањето на Круја, последниот бастион на востаничките сили, востанието било завршено на 16 јануари 1478 година. Но, ова не било ниту последно востание. Со текот на времето и со крахот на отоманското владеење, ќе се случуваат се повеќе востанија во периодот што следи.

Како што претходно е спомнато, со крахот на тимарско-спахискиот систем и со опаѓањето на отоманската држава, експлоатацијата врз населението во Македонија се зголемувала. Насилството, особено од страна на отоманската влада, стигнало до највисок степен. Животот за просечниот Македонец бил неподнослив и незадоволството почнало да се манифестира во различи форми. Селаните кои повеќе не можеле да си ги плаќаат даноците, бегале во планините и се населувале на помалку поволни места каде даночните службеници не можеле лесно да ги пронајдат. Немајќи мирољубиви средства и начини да си ја олеснат болката и маката и да се ослободат од експлоатацијата од отоманското ропство, македонскиот народ немал избор, освен да прибегне кон насилство.

Наредното локално востание се случило во 1564/65 година во регионот на Мариово и се раширило до рамнините на Прилеп, а оттаму до градот Прилеп. Наречено како Мариовско и Прилепско востание, не е познато зошто започнал овој револт, но се знае дека го започнале тројца селани и двајца свештеници од Мариовско. Набрзо по започнувањето на неволјата, султанот, преку декрет од 3 октомври 1564 година, наредил водачите на револтот да бидат убиени, а сите следбеници да служат како веслачи на турски галии. Но, пред декретот да стапи на сила, извршителите побегнале, доведувајќи до тоа султанот да издаде друг декрет за нивно фаќање.

Прилеп наскоро станал легло на демонстрации кога отоманскиот суд, во еден спор со селаните, пресудил во корист на пашата. Според локументот датиран од декември 1565 година, избувнала една побуна внатре во градот Прилеп кога прилепскиот суд, решавајќи по еден спор помеѓу селаните и Мустафа-паша, пресудил во корист на пашата. Кога се расчула веста, повеќе илјадници побуненици од околните села, вооружени со стапови и камења, се собрале и влетале во судот. Не се знае како завршил револтот.

Бидејќи на христијаните со закон им било забрането да носат оружје, тие немале ефикасна одбрана од злоупотребата и лошото однесување, особено од корумпираниот правен систем. За нив, единствениот расположив начин бил да станат одметници, односно да бидат надвор од законот. Иако тоа не било популарно, одметништвото било една од најстарите форми на вооружена борба манифестирана од македонскиот народ, кое достигнало епидемски размери во текот на XVII век. Одметниците, или ајдуците, живееле таен живот, познат само на други одметници или доверливи пријатели. Кога требало да се бранат нивните домови и имоти, тие се здружувале во дружини од дваесет до триесет души. Повремено, за одбранбени цели, малубројни помали групи се здружувале заедно и формирале поголема група која обично броела не повеќе од триста. Водачите на групите, или војводите, биле избирани од нивните групи и обично биле бирани поради своите воени вештини и лидерски способности. Рангот на одметниците, главно, бил од феудалните врзани селани, но не било невообичаено меѓу

нив да се најдат свештеници и монаси. Познато е дека и жените им се придружувале на одметничките банди. Најстариот историски запис за жена-одметник датира од 1636 година. Нејзиното име било Кира и била од селото Цапари. Таа била член на групата на Петар Дундар од селото Беранци, во близина на Битола. Имало и историски записи за случаи кога жени ги предводеле одметничките дружини.

Главната преокупација на одметниците била да ги бранат угнетените, а во време на неволја и да им помагаат. Познато е дека за да се осветат, одметниците ги напаѓале феудалните имоти, па дури ги палеле и жетвите, односно бербите на спахиите. Тие, исто така, поставувале заседи и ги ограбувале караваните на трговците и даночните службеници. Познато е дека дружините напаѓале и некои поголеми градови. Во неколку наврати, одметниците се здружувале и заедно ги зазеле Битола, Лерин, Охрид и Ресен. Двапати тие го опљачкале безистенот во Битола, еднаш во 1646 и повторно во 1661 година.

За да ги зауздаат активностите на одметниците, отоманските власти често преземале екстремни мерки, организирајќи потери да ги пронајдат, палејќи села за кои се знаело дека ги поддржуваат одметниците, понекогаш затворајќи ги и погубувајќи ги роднините на одметниците. Кога со сите вакви мерки не успеале да ги спречат одметниците, Отоманците ја вовеле службата на дербендкиите /derbendkis/ за да обезбедат сигурен премин преку селските земјишта на важни функционери, како трговци, даночни службеници и патници.

Одметниците кои биле заробувани биле мачени, испраќани во доживотен затвор или погубувани. “Среќните,” веднаш биле погубувани. Потоа, нивните тела биле набивани на кол или на железни куки за да може сите да ги видат. Оние “помалку среќните”, биле живи дерени, главите им ги расцепувале и биле оставани да умираат бавно и болно. Оние кои биле испраќани в затвор, обично биле врзувани со синџири за галиите и остатокот од животот го поминувале како веслачи.

Наспроти екстремните мерки кои се применувале против нив, одметниците никогаш не биле уништени и секогаш биле дел од било која борба. Одметниците биле јадрото на

оружените сили, а искусните водачи биле команданти на побуни и востанија. Тие биле првите кои го подигале духот на отпорот, но и први кои застанувале во одбрана на народот. Затоа одметниците биле толку длабоко почитувани и многу опеани во македонскиот фолклор.

Неволна да отстапи, отоманската јамка продолжувала да се затегнува околу селаните, и христијани и муслимани. Но, нивниот час да возвратат дошол кога Отоманците биле вплеткани со Австријците, во една војна во текот на австриската инвазија на Македонија.

Она што станало познато како Карпошово востание, наречено така според името на водачот Карпош, било побуна на македонскиот народ против економските, социјалните и политичките неправди нанесувани од отоманските врховни господари.

Како што претходно е спомнато, во 1683 година, Отоманците по вторпат се обиделе да ја заземат Виена, но не успеале ниту по двомесечна опсада. Градот бил спасен со помош на полската војска, предводена од кралот Јован Собески /John Sobiesky/. Отоманската војска претрпела катастрофален пораз кој резултирал со огромни загуби на територија, со материјални штети и со човечки животи. За да се спречи натамошното проширување и за да се држат Отоманците под контрола, била формирана Светата легија на Австрија, Полска, Венеција, а подоцна и на Русија.

Штом земале замав, Австријците продолжиле да ги притискаат Отоманците кон југ, стигнувајќи до границите на Македонија. Предводени од генералот Пиколомини, Австријците влегле во Скопската Котлина на 25 октомври 1689 година и биле пречекани од восхитените маси кои го прославувале нивното победничко пристигнување.

Австријците продолжиле да напредуваат кон југ и дошле до градот Скопје, но само за да го најдат празно. Скопје било евакуирано и оставено со големи количества храна и секакви видови трговска стока. Претчувствувајќи дека тоа можеби е стапица, Пиколомини ги повлекол своите оружени сили и го запалил градот. Огновите беснееле цели два дена и поголем дел од градот Скопје бил изгорен.

Австријците продолжиле да се движат во внатрешноста на Македонија и поставиле логор во селото Оризари, во

близина на Куманово. Еден одред бил испратен во Штип, кој таму пристигнал в зори на 10 ноември 1689 година, но наишол на отпор од Отоманците. Избувнала жестока битка и Австријците успеале да ги протераат Отоманците, оставајќи зад себе околу две илјади мртви. Откако го запалиле градот, Австријците се упатиле кон логорот, но притоа налетале на еден отомански одред од триста војници. Уследила уште една битка, но Отоманците си го добиле своето.

Во текот на средината на ноември, Австријците организирале еден одред од албански католици-доброволци и го испратиле во Тетово, каде што успеале да убијат повеќе од шестстотини отомански трупи во еден гарнизон. На 20-ти декември 1689 година, еден австриски одред со Срби, предводен од капетанот Саноски, бил испратен од Приштина во Велес и успеал да го заземе и запали градот. За жал, при нивното повлекување, одредот бил фатен во заседа што ја поставиле јаничарите, а Саноски бил смртно ранет.

Уништувањата и анархијата предизвикани од Австро-турската војна донеле неочекувано влошување на економската и политичката ситуација во регионот. Потребата од натамошни воени операции ја присилило отоманската држава да го зголеми купувањето житарици, сточна храна, добиток, дрвена граѓа и други земјоделски производи, многу под нормалните цени. Освен тоа, за да плати за воените походи, биле воведени повеќе нови даноци. Во текот на овој тежок период, рајата, исто така, страдала од насилството на дезертерите од отоманската војска и од дезертерите од централната влада.

Меѓу оние кои дезертирале од своите оружени сили бил и озлогласениот генерал Леген-паша, поранешен бејлербег на Румелија. Со десет илјади дезертери меѓу своите редови, тој пустошел на Балканскиот Полуостров се додека не бил убиен во 1689 година.

Воената катастрофа и хаотичната ситуација внатре во Отоманското Царство, повторно создале погодни услови за ширење на ајдутството во сите делови на Македонија, особено во Мариово, Битола, Тиквеш, Велес, Штип и регионот на Планината Дешат /Dospat/, што довело и до познатото Карпошово востание.

Некаде во средината на октомври, 1689 година, познатиот ајдучки арамбаша Карпош повел востание кое избувнало во регионот помеѓу Ќустендил и Скопје. Веднаш по објавувањето на побуната, Карпош ја нападнал и ја зазел Крива Паланка, отоманско упориште, изградено во 1636 година за сместување на отоманските војници. По заземањето на упориштето, Карпош ја прогласил Крива Паланка за слободна востаничка територија и ја прогласил за свој центар на отпорот. Меѓу она што било заземено во упориштето, имало шест топови кои биле вистинска награда за востаниците. Откако ја обезбедиле Крива Паланка, востаниците изградиле и обезбедиле ново упориште во близина на Куманово.

Не се знае дали востаниците биле или не биле потпомагани од Австријците, но и тоа е можно. Според современите отомански летописи и локалните легенди, Карпош бил познат како "Крал на Куманово". Ова можело да биде титула доделена нему од страна на австрискиот император Леополд I, кој му испратил една голема војничка крзнена капа, каква што носеле коњаници и гардисти, како подарок и знак за почит.

За несреќа на востаниците, тековната ситуација не траела долго и еден пресврт во воените и политичките настани одиграл решителна улога за судбината на востанието. Дотогаш Отоманците веќе имале доволно време да преземат противмерки за да го сопрат економскиот и воениот пад на нивната држава.

Првиот чекор преземен во Македонија бил да се скрши востанието и да се протера австриската војска надвор од македонска територија. За да го сторат тоа, Отоманците ги искористиле услугите на кримскиот кан Селим Гирej /Selim Giray/, заедно со еден агресивен одред татарски воини.

Воениот совет, што се состанал во Софија на 14 ноември 1689 година, донел одлука да се нападне Карпошовото востание преку Ќустендил. Но, пред да можат да го сторат тоа, морале да ја обезбедат Крива Паланка. Кога дознале дека ќе бидат нападнати, востаниците ја запалиле Крива Паланка и ги сконцентрирале своите сили во новата тврдина во Куманово. Веднаш штом ја подготвиле својата одбрана, пристигнале отоманските и татарските одреди. Востаниците

ги држеле заземените позиции и храбро се бореле, но бргу биле совладани од бројните и надмоќни отомански сили. Голем број востаници, вклучувајќи го и Карпош биле заробени на почетокот. Кога битката била завршена, сите востаници кои пружале отпор биле убиени. Карпош и другите биле заробени. Откако го совладале Куманово, Отоманците тргнале кон Скопје каде ги погубиле Карпош и другите востаници.

Карпош го однеле пред Селим Гирej кој во тоа време стоел на Камениот мост на реката Вардар. Селим го искористил Карпош за школско гаѓање и го набил на своето татарско копје. Потоа, наредил неговото тело да биде фрлено во реката Вардар. Карпош умрел на почетокот на декември во 1689 година, а со него умрело и Карпошовото востание.

За оние востаници кои ги преживеале битките, немало друг спас од отоманската жестока реакција, освен да ја напуштат Македонија. Многу побегнале на север од другата страна на реките Сава и Дунав. Некои отишле на север дури по Русија и им се приклучиле на руските оружени сили. Таму тие го формирале "Македонскиот регимент" кој станал дел од регуларната руска војска. Неуспешното Карпошово востание направило локалните северозападни делови на Македонија да останат празни, отворајќи, на тој начин, пат за масовно населување на Албанците.

Токму кога Карпошовото востание постепено се стишувало, во Македонија, на 6 април 1690 година, Леополд I издал еден манифест со кој ги повикува "сите народи на Албанија, Србија, Мисија, Бугарија, Силистрија, Илирија, Македонија и Рашка да им се придружат на Австријците и да се кренат оружје против Турците". Тогаш, на 26 април 1690 година, издал едно писмо со кое Македонија и нејзиниот народ ги прогласил за негов протекторат. Се вели дека Леополд дејствувал според советите на Македонците Марко Крајда /Krajda/ од Кожани и Димитар Георгија Поповиќ од Солун. Помеѓу другото, во писмото се велело дека "ние љубезно го прифаќаме македонскиот народ во целост, во однос на се, под наша империска и кралска заштита". Со едно друго писмо, издадено на 31 мај 1690 година, австриската заштита се проширува и на Бугарија, Србија и

Албанија. За жал, сите тие добри гестови биле малку задоцнети за Македонија која до 1690 година повторно била под цврста отоманска власт.

ГЛАВА 20 - МАКЕДОНИЈА И ОТОМАНСКОТО ЦАРСТВО ОД XVIII ВЕК

По Договорот од Карловици во 1699 година, границите на Отоманската Империја биле повторно исцртани се до Сава и Дунав. Со овој договор, Царството ја изгубило Унгарија, која ја зазеле Хабзбурзите (Австрија), и делови на Украина се до Русија. Отоманското Царство почнало да ја губи својата економска и политичка независност и се повеќе станувало зависно од западноевропските земји кои брзо се развивале.

По анексијата на Унгарија, Хабзбуршкото Царство станало владетел на католичкиот дел од источна Европа, додека Отоманците владееле со православниот дел на Балканот.

Во XVIII век се обновиле конфликтите, со избувнување на неколку нови војни, што резултирало со уште понегативни последици за македонскиот народ.

На внатрешен план, Отоманското Царство било погодено со феудална анархија која ја извршувале моќните феудални господари. Некои биле толку силни што отворено и пркоселе на централната влада, така што не и го предавале својот данок, а користеле државни пари за да ги засилат своите приватни војски и да си ја сочуваат својата независност.

Еден таков феудален господар бил Мехмед-паша Бушатлија кој владеел со областите на Охрид, Дебар и Скопје. Друг бил Али-паша Тепелен од Јанина кој имал превласт над југозападните области на Македонија. Имало уште еден, Абдул-ага Шабандероглу (Shabanderoglou), чии семејни имоти биле раштркани низ цел Дојран и четиринаесет други каази. Шабендероглу го поразил бегот Хасан, следбеник на султанот, и ги презел неговите имоти. Со богатството што го акумулирал, си изградил војска, ги нападнал и им ги презел имотите на феудалните господари во Петрич, Мелник и Демир Хисар. Но, на крајот, централната влада го нашла Шабендероглу и го уништила неговиот бастион, но дотогаш тој веќе бил остарен.

Али-ага и Исмаил-бег од серската област, исто така, и пркоселе на централната влада кога заедно собрале заедничка војска од шест илјади албански регрути. Тетовските паши ја зеле власта во областите на Скопје,

Тетово, Гостивар и Кичево, а Целадин-бег го зазел Охрид. Сите овие феудални господари си изградиле свои воени бастиони со албански платеници и го тероризирале локалното население во нивните области.

Освен отпадничките бегови, во осумнаесетиот век исто така се појавиле нов вид бандити кои нашле дека е полесно да го ограбуваат невиниот народ, отколку да работат. Понекогаш ваквите групи броеле до петстотини луѓе кои скитале по македонските краеви, ограбувајќи, одвреме-навреме, и цели села. Повеќето од овие пљачкашки банди биле од турско и албанско потекло. Тие често соработувале со непослушните феудални господари и корумпираните државни чиновници, извршувајќи ги нивните валкани работи. Во 1709 година имало еден пример кога Кадизаде Мустафа, даночен закупник на Прилеп, изнајмил група вакви бандити и исклучително преку терор извршил притисок врз селаните да ги платат своите даноци. Во неколку прилики во 1711 година, заменикот на гувернерот и даночен службеник од Охрид изнајмил група од илјада бандити од Мат и ја нападнал Битола.

До 1715 година бандитството станала почитувана професија и, за некои, ограбувањето и пљачкањето станало начин на живот. Некои од овие групи дури биле доволно смели да напаѓаат и поголеми градови како Прилеп и Велес. Една албанска група го осквернавила Слепчевскиот манастир и ги украле покуќнината и добитокот. Но, кога почнале да стигнуваат жалбите од турските трговци и бизнисмени, отоманската држава немала друг избор, освен да интервенира. Во 1779 година лично бејлербегот на Румелија презел дејство против бандата на Суљо Старова.

Понекогаш, мартолозите, кои биле најмувани да го штитат населението, исто така, придонесувале кон оваа анархија. Наместо да го поддржуваат законот, тие пљачкосувале села, земајќи храна и материјали без да платат. Некои дури извршувале злосторства под изговор дека прогонуваат ајдуци.

Една од посилните групи која, меѓу другото, ги користела услугите на бившите мартолози и која била предводена од мартолобашата Хибетулах, скитала и пљачкосувала во

областите на Лерин, Битола, Костур и Воден, цели педесет години.

Во текот на отоманската војна со Австрија и Русија, која траела од 1787 до 1792 година, во Македонија се појавила една нова група бандити, познати како крчаци. Крчаците биле голема група која се криела во различни планини низ цела Македонија. Тие биле организирани во групи од околу двесте души. Нивните редови се состоеле од селани, воени дезертери и жени, луѓе од сите вери и националности. Јавале на коњи и биле екстремно подвижни. Биле познати по своите ненадејни напади и брзата способност да ограбуваат цели села и градови. Многу области биле опустошени од крчаците кои биле прогонувани од султановата војска цела деценија пред да бидат истребени.

Најголемите жртви на оваа анархија биле незаштитените христијани чиј единствен пат да добијат правда било да станат одметници, односно ајдуци. Како и во XVII век, така и во XVIII, ајдутството повторно се раширило, доведувајќи ја отоманската држава во криза. Неспособна сама да се справи со ајдутството, централната влада направила обичното население да биде одговорно за истото. Бил одвоен посебен буџет наменет за прогонување и истребување на одметниците. Парите за овој буџет биле собирани со наметнување дополнителни даноци врз обичното население. Во 1705 година, околните села од битолската каза биле оданочени со 103.800 акциси, за прогонување на одметниците само во овој период. За тоа време, ова била огромна сума пари.

Неспособни да ги сопрат одметниците со конвенционални методи, отоманските власти предлагале разни шеми, вклучувајќи ја и идејата тие да се вработат како мартолози (заштитници) со редовни месечни примања. Оние кои се сложиле со условите, биле помилувани за своите поранешни злочини. Неспособноста сама да се справи со одметниците, бил јасен сигнал дека отоманската централна власт слабеела, што поттикнало натамошна ескалација во беззаконските и хаотични активности.

Нападите врз македонското население, и во селата и во градовите, биле редовно вршени. Притисокот на насилството предизвикало да ги напуштаат опасните краеви и да бараат

сигурност во поголемите градови. Македонците ги напуштале своите селски домови и оделе во урбани средини, давајќи им, на тој начин, можност на туѓинци, претежно Албанци, да навалат и да се населат на испразнетите места. Како што се повеќе и повеќе Македонци ги преплавувале градовите, така почнало да се менува и стопанството - од земјоделско во занаетчиско и трговско. Освен тоа, истовремено со движењето на народот, занаетчиите постепено биле ослободувани од малите поединечни провизии за локална потрошувачка во корист на поголемо производство стоки за извоз.

Поради мноштвото занаети застапени во Македонија, лидерството во еснафите почнало да преминува во други раце. Македонските трговци почнале да се осмелуваат да склучуваат бизнис-зделки и да ги зацврстуваат своите врски со надворешниот свет. Охридските трговци почнале да тргуваат со оние од пристаништето Драч /Durazzo/, добивајќи, на тој начин, пристап до градовите во Италија. Освен тоа, трговците од Костур започнале трговија со Венеција и Австрија. Македонски трговски уреди биле отворени во: Солун Костур, Банско, Серес, Воден и Охрид, со претставништва во: Букурешт, Темишвар, Будимпешта, Виена, Ливорно, Венеција, Одеса и Москва.

Влашкото население, исто така, придонело за развојот на урбаната економија во Македонија. Имало силен прилив на Власи од Москополе /Moscopolis/ во Македонија, особено во градовите Крушево и Битола. Али-паша го запалил градот Москополис во 1769 година, предизвикувајќи масовен ерзодус на Власите. За многу кратко време Власите биле вклучени во изработка на предмети од рачно занаетчиство и во интензивни трговски активности.

На христијаните им било дозволено да тргуваат со вообичаените ограничувања и внатре и надвор од отоманскиот свет, но на муслиманите со закон им било забрането да го прават тоа. Според муслиманскиот закон, на обичните муслимани им било забрането да манипулираат со пари, да зборуваат странски јазици или да прават зделки надвор од исламските земји. Затоа, одбрана класа христијани, познати како фанариоти, ја спроведувале

официјалната трговија, комуникацијата и контактите со надворешниот свет.

Фанариотите биле група богати христијани кои го добиле името од зборот "фанар", односно една област на Цариград во која тие живееле и каде имало светилник. Откако султанот го поставил патријархот во Цариград фанариотите станале економски развиена заедница од богати и образовани христијани. Како што претходно е спомнато, султанот поставил фанариотски патријарх да биде одговорен за христијанскиот милет, бидејќи сметал дека тој е посоодветен отколку други (сиромани) христијански еквиваленти. Патријаршијата функционирала како држава, со своја сопствена администратија и служби. Имајќи ја султановата наклоност, патријархот ја искористил можноста да го прошири своето подрачје низ целата источна христијанска црква, заменувајќи ги сите можни легитимни епископии со свои корумпирани луѓе. На пример, старите српски епископии биле укинати за казна поради тоа што им помагале на Хазбурговците. Речиси ви исто време, и македонската епископија, вклучувајќи ја и Охридската архиепископија, исто така, била укината. Откако станале господари, фанариотите ги замениле сите романски епископи. Како господари во Романија, фанариотите го забраниле изведувањето литургии на старословенски (македонски) јазик, а свештенството кое зборувало на македонски јазик го заменile со Романци. Романците не воделе голема грижа за фанариотите и си продолжиле по свое. Конечно, како што биле затворани се повеќе и повеќе епископии, фанариотите ја редефинирале старата култура, христијанската вера и христијанското образование, онака како што најмногу им одговарало ним и на нивните коруптивни методи.

Отоманците им верувале на фанариотите толку многу, така што им дале место во централната отоманска администрација. Овде спаѓала положбата на "драгоман", шеф на толкувачката служба на султанот. Фанариотите учествувале во дипломатските преговори со странци, а некои дури станале и амбасадори на Отоманската Империја. Фанариотите станале одговорни за собирање даноци од христијанскиот милет за Отоманците и сето она што можеле

да го украдат од селанството си го земале за себе. Многу научници веруваат дека романското селанство никогаш повеќе не страдало отколку во периодот на фанариотите, кои, исто така, обезбедувале храна и други услуги за отоманскиот двор.

Фанариотите, преку драгоманството, во голем степен биле одговорни за обезбедување "секакви видови" информации на надворешниот свет во врска оо Отоманското Царство, вклучувајќи ги и своите желби еден ден да владеат со истото. Некои фанариоти биле образовани во странство, во Лондон и Париз, и биле одговорни за внесување информации во Отоманското Царство. Кон средината на XVIII век, сонот на фанариотите бил да го заменат Отоманското Царство со едно христијанско царство, слично на рускиот модел. Теоретски гледано, тие сакале повторно да создадат едно мултикултурно православно царство, но на чело со патријарх.Фанариотите верувале дека со руска или германска помош било можно да си ги остварат своите цели.

Моќните и за пари гладни фанариоти, не биле задоволни само со тоа што ја воделе отоманската администрација, туку сакале да ги поседуваат сите епархии на православните цркви. Притисната од страна на фанариотите, Цариградската патријаршија започнала интензивно да се меша во работите на разните архиепископии, вклучувајќи ја и Охридската црква. Користејќи го своето влијание кај султанот, во мај 1763 година, патријархот се обидел да назначи поглавар на Охрид по негов избор, а тоа бил монахот Ананиј. Но, Ананиј бил одбиен, а Архиепископијата го избрала Арсениј, македонски митрополит од Пелагонија. Но, за жал, ова се покажало како катастрофално за Архиепископијата. Патријархот се осветил и, служејќи се со подмитување и интриги, со помош на отоманските власти и своите сојузници меѓу повисокото свештенство во Охридската црква, постепено успеал да ја укине Архиепископијата. На 16 јануари 1767 голина, Арсениус бил присилен доброволно да поднесе оставка од својата функција, да ја признае Патријаршиата на Цариград и лично да побара укинување на Охридската архиепископија. Султанот издал декрет (ираде) со кој укинувањето се прогласува за законско, а нејзините епархии ги присоединил кон Патријаршијата на Цариград.

Самата Охридска патријаршија била укината, а градот бил ставен под јуриздикција на митрополитот од Драч. Со цел да искоренат секаква трага од некогашната афтокефална Охридска црква, Патријаршијата дури го сменила името на Охрид во Лихнидос. Низ цела Македонија локалните епископи биле заменети со епископи кои зборувале на коине јазикот, а биле воведени и нови црковни даноци.

По несреќното губење на Охридската црква, која и припаднала на Патријаршијата, манастирите биле практично единствени културни центри останати во Македонија. Имајќи голем број словенски (македонски) ракописи во нивна сопственост, манастирите ја презеле традицијата на препишување и репродуцирање литургиски, филозофски, едукативни и други црковни документи. Меѓу најпознатите од овие манастири биле Леоновскиот манастир, во близина на Кратово, Матејче и Св. Прохор Пчински, во близина на Куманово, Слепче близу Демир Хисар, Трескавец близу Прилеп, Пречиста близу Кичево, Јован Бигорски близу Дебар, Полог и Тиквешко. Желбата да се продолжи македонската традиција била обезбедена од Света Гора (Светата планина или планината Атос), каде што македонската култуа и словенскиот јазик продолжиле да бидат негувани и слушани во манастирите на Хилендар, Зограф и Пантелејмон.

Меѓу разните документи што свештенството на Света Гора ги чувало, биле и манастирските записи со имиња и донации од сите посетители на манастирите. Важни документи за словенската писменост, како Климентовата повелба, Писмата од Слепче, Македонскиот дамаскин од XVI век, Тиквешката збирка од XVI и XVII век, како и Кодицилот од Трескавец од XVII и XVIII век, исто така, биле зачувани во Света Гора.

Манастирите обезбедувале прибежишта во кои оние што учеле за свештеници, учеле да читаат и пишуваат на македонски јазик. Во текот на XVII век, но повеќе во текот на XVIII век, македонските монаси почнале да отвораат училишта во градовите, во близина на нивните цркви, каде што им ја предавале основата на писменоста на учениците кои биле спремни за тоа и кои сакале да учат. Такви училишта имало во Велес, Скопје и Прилеп.

За да не бидат подолу, Власите, исто така, отвориле училишта, но на коине јазикот. Повеќето од влашките училишта биле основани и материјално помагани од влашките митрополити и влашките иселеници во Македонија. Некаде околу средината на XVIII век, едно училиште на коине јазикот било отворено во Охрид, а во 1753 година, Еуген Вулгарис отворил својат академија на Света Гора, која работела пет години и во која се школувале околу илјада и петстотини ученици од разни региони.

Новите цркви, главно градени во селата во Македонија, во текот на отоманското влалеење биле далеку помали и поскромни од оние изградени во предотоманскиот период. По својата архитектура, тие биле едноставни и скромни зља да не се разликуваат од останатите куќи во селата. Еден фрескопис на внатрешниот ѕид и неколкуте икони, вградени во дрвените иконостаси, биле единствените нешта по што црквите се разликувале од куќите.

Сликањето икони се уште било по стариот стил, но квалитетот на работата постепено опаѓал. Оригиналните дела станале реткост, а уметничката креативност се свела само на имитации или копирање на големите дела од претходните епохи. Бројот на сликари, калфи и шегрти, исто така, опаднал, како што опаѓала и нивната бранша.

Во текот на XVIII век постоеле неколку сликарски ателјеа, најзначајните се наоѓале во регионот на Охрид и Преспа, манастирите Трескавец и Зрзе во Прилепско, Слепче, Лесново и на Скопска Црна Гора.

Некои дела направени во текот на овој и претходните периоди биле со голема уметничка вредност и од големо значење за црквите. Во ваквите примери спаѓаат сликите на ѕидовите на црквата Дева Марија во една пештера крај Пештани. Змијовидниот крст во црквата Св. Димитрија во Охрид е насликан при крајот на XV век. Монахот Макариј, од селото Зрзе, насликал икона на Дева Пелагониска во 1422 година, а портретот на Купен, насликан во 1607 година, бил во Слимничкиот манастир, на Светата Дева Марија во селото Сливница, Преспа.

Влијанието на ориенталните елементи во македонското резбарство, исто така се зголемило во тој период. Двојно изработените резби, изработени во празни и рамни резбарии,

биле чист и ексклузивен мотив се до крајот на XVII и почетокот на XVIII век, кога почнале да се појавуваат покомплицирани резбарии. Добри примери на празна резбарија се вратите на стариот манастир, црквата Св. Јован Крстител крај Слепче. Други исклучително добри дела на дрворезбарството се вратите на манастирот Трескавец, веројатно, изрезбани на крајот од XV век.

Плитки дрворезби може да се најдат и на рамките од иконите од истиот период. Најинтересна е онаа рамка на крштевањето на Христос најдена во црквата на Света Дева Марија во Слимничкиот манастир.

Длабоките засеци и резови почнале да се јавуваат при крајот на XVII век, покажувајќи супериорна убавина во споредба со плиткото резбарство. Добри примери за длабоки резби се иконостасите во црквата Св. Наум крај Охридското Езеро (1711 година) и Св. Димитрија во Битола (1775 година).

На тема на музика, неопходни услови за развој на професионална музика во Македонија речиси и да немало во текот на отоманската ера. Но, народната музика и песна цветале и биле многу популарни кај македонскиот народ, не само поради нивните забавни својства, туку и поради тоа што преку нив се изразувала душата, расположението, радоста, страдањето и болката. Повеќето композитори, за жал, избрале да останат анонимни и не може да им се оддаде должно признание за нивното дело. Освен црковната песна, која продолжила да се пее во православните цркви, народната музика доминирала во македонските мелодии практично до крајот на XIX век.

Освен што биле освојувачи и тирани, сепак Отоманците имале и позитивни квалитети. Турската литература во Македонија започнала уште во втората половина на XV век. Скопје, Енице-Вардарско и Едрене, односно Одринско, биле најголеми турски културни центри во европскиот дел на отоманската држава. Литературата и поезијата биле најмногу центри и негувани аспекти на турската култура која цветала во текот на XV и XVI век, но почнала да опаѓа во втората половина на XVII век. Немало ниеден град во македонија кој не дал познато литературно име. Најраните книжевни дела може да се пронајдат уште од времето на султанот Бајазит II,

кое траело од 1481 до 1512 година. Меѓу книжевните уметници спаѓаат Атај Оскуби, Зари Фериди и Хаки, сите од Скопје. Исто така, од Скопје биле и поетите Мухиди, Ријази, Исак Челеби и Валахи. Најпознат од сите средновековни турски поети бил Исак Челеби од Скопје. Откако го завршил своето образование, Челеби станал учител во медресата на Исак-бег во Скопје. Освен тоа, Челеби е и автор на збирка песни, вклучувајќи ја и песната за градот Скопје.

Многу од славните личности низ целата културна историја на Отоманското Царство биле учители и судии кои работеле и живееле во Македонија. Таскопрулузаде, кој оправдано се оквалификувал да биде наречен отомански енциклопедист бил предавач во медресата на Исак-бег во Скопје во 1529 година. Исак Челеби, многу значајна личност во историјата на средновековната турска литература, умрел во Скопје каде што работел како судија. Поетот и научник Вејси Ефенди, уште еден средновековен турски прозен писател, неколку мандати бил судија во Скопје, каде што и умрел. Исламската култура оставила очигледни и трајни траги во уметноста и архитектурата на Македонија, од кои некои опстојале и до ден-денес.

Секаде каде што живеело бројно муслиманско население во Македонија, оставило свои обележја во форма на исламски храмови, без разлика дали се тоа поголеми или помали џамии. Меѓу најстарите и најубави од овие градби се џамиите на Исак-бег. Првата, позната како Алака или Насликана џамија, била изградена во 1438 година. Втората џамија, изградена во втората половина на XV век, стои до ден-денес како украс на старото Скопје. Неколку џамии биле изградени во Битола, меѓу кои И џамијата Јахдар Кади, проектирана од познатиот отомански архитект Коца Синан, а изградена во 1561/62 година.Друга, богато украсена џамија, била Насликаната џамија, во Тетово, изградена во текот на XVII век.

Друга форма на отоманскиот уметнички израз биле мавзолеите, кои, исто така, оставиле свои обележја во Македонија. Истакнатите Отоманци биле погребувани во мавзолеи. Еден од најстарите кој останал сочуван е мавзолејот во џамијата на Исак-бег во Скопје.

Друга група муслимани кои оставиле свои траги на тлото на Македонија биле дервишите. Онаму каде што имало дервиши, имало и нивни манастири (теќа) и самостани. Само во Серес имало седум самостана изградени до првата половина на XVI век. Во Скопје, во 1660 година, имало дваесет дервишки манастири, а најпознат меѓу нив е манастирот на султанот Емир. Најголем комплекс на помошни градби и најимпресивна е Арабатибаба теќе во Тетово.

Повеќе форми на отоманското архитектонско изразување во Макодинија биле медресите, или религиозните училишта, кои зафаќале истакнати места во македонската урбана панорама. Исак-бег изградил една од првите значајни медреси во Скопје, во 1445 година. Други истакнати градби вклучуваат голем бој имарети или јавни кујни за сиромашните и за патниците. Медресите и имаретите обично постоеле како помошни згради во комплексите на поголемите џамии.

Отоманците поседувале и бројни анови и караван-сараи кои биле изградени во поголемите урбани и трговски центри, во различни интервали, по должината на главните сообраќајни патишта во Македонија. Еден од најпознатиот е Куршумли караван-сариот во Скопје.

Покриените пазари или базари, исто така, биле популарни во Македонија. Биле изградени да ги задоволат потребите на трговијата која се повеќе се зголемувала во разни градови. Едно такво место бил покриениот пазар Мустафа-паша во Скопје.

Не смееме да ги заборавиме познатите амами или турски јавни бањи, кои ги користеле луѓето и во градовите и во селата. Некои, како Даут пашиниот амам и Чифте Амам во Скопје биле импозантно голем и убави градби. Од голема важност биле и јавните системи на вода во цевки, чешми и бунари.

Турските образовни институции, кои по природа биле нагласено религиозни, освен настава по религија, нуделе и можности за студирање ориентални јазици, исламско право, филозофија и математика. Наставата се одвивала во медресите (религиозни средни училишта) и во мектебсите (религиозни основни училишта).До XV век две медреси биле

отворени во Скопје. Едната од нив, Исак-беговата медреса, била една од најстарите и најпознати на целиот Балкан.

Книгите биле, исто така, важни во културниот живот на исламскиот свет. Ориентални библиотеки, кои се состоеле, главно, од религиозни книги, биле формирани во џамиите, медресите и теќињата низ цела Македонија. Најстара, најбогата и најважна од овие библиотеки била библиотеката во Исакбеговата џамија во Скопје.

Освен Турците, и Албанците во Македонија, исто така, поседувале богата култура. Животните искуства биле зачувани во новогодишните песни, приспивните, свадбарските и љубовните песни. Дел од најстарите и најбогатите епови се уште постојат во Дебарско и Кичевско е .се дел од албанското митолошко наследство. Албанската литература била богата и со народни приказни.

Албанската архитектура дошла до израз во религиозните градби, цркви и џамии, кои многу наликувале на православните и исламските градби. Албанските христијански цркви како група постоеле се до XVII век, кога поголемиот дел од албанското население се преобратило во исламот. Потоа, многу цркви биле уништени заедно со соседните христијански гробишта.

Албанските куќи не се разликувале многу од македонските. Куќи во типичен албански стил може да се најдат во Дебарско и Кичевско . Ги изградиле македонските градители од Долна Река.

Што се однесува до носиите, албанските жени носеле облека која била исклучително богата со бои и со уникатен дизајн. Можело да се погоди од кој регион е секоја жена, според бојата и шарите на нејзината носија. Облеката на мажите била прилично стандардна во цела Македонија.

За разлика од муслиманските Турци и Албанци, кои биле слободн да ја практикуваат својата култура, за христијанските Македонци турскиот јарем станувал се понеподнослив, особено, од страна на турските трупи кои уживале да постапуваат кон нив сурово, да ги понижуваат и да ги вознемируваат. Со свои бази во Цариград и Солун, трупите постојано поминувале низ Македонија, на одење и враќање од војните. Незадоволни од нивната лична

ситуација, војниците често го искалувале својот бес и фрустрација врз македонското население.

Секогаш имало турски војници во Солун, па затоа, наспроти суровите услови за живеење, ниеден Солунец не се осмелувал да предизвикува неволји, освен ако условите за живот не станувале неподносливи. Во 1712 година се појавила чума како резултат на лошите услови за живот и до 1713 година умреле повеќе од 8.000 луѓе. Во 1720 година, на луѓето од Солун им дошло преку глава од турското владеење и се дигнале на востание кога нивните резерви на пченица биле прекинати и немале леб за прехрана. Истото се случило во 1753, 1758 и повторно во 1789 година. Според описите на Солун од XVIII век, градот не се проширил надвор од границите на православните ѕидови, чии делови и ден-денес се во добра состојба. Солун имал четири високи кули, од кои три биле правоаголни, а една во форма на круг, (Белата Кула се уште постои). лоцирани на јужниот дел од утврдените ѕидови.

Населението на Солун во XVIII век броело приближно 40.000, од кои најголем дел биле Турци и Евреи. Улиците во трговската област биле покриени со табли кои формирале непрекинат покрив, обезбедувајќи сенка за купувачите во топлите летни денови.

На меѓународна сцена, воената рамнотежа продолжила да се поместува од Отоманците, онака како што тие продолжувале да ја губат предноста во технологијата и современото оружје. Додека западните економии продолжувале да се усовршуваат, отоманскиот економски развој стагнирал. Воените порази од западните Европејци, кои траеле еден век, многу ја опустошиле Отоманската Империја. Кратко време пред тоа, појавувувањето на Русија, како уште еден непријател на Отоманците, исто така придонело кон отоманската беда.

Отоманско-руските војни започнале уште во 1677 година. Русија го на паднала Крим во 1689, а во 1695 година го зазела исклучително важното пристаниште Азов. Русија, до тоа време, била сосема отсечена од Црното Море и многу страдала и економски и политички од рацете на Отоманците.

Соочена со повеќекратни фронтови, Отоманската Империја почнала да се смалува и по првпат од нејзините инвазии во

Европа почнала непрекинато да губи освоени земји. До 1700 година султанот им ја предал речиси цела Унгарија, како и Трансилванија, Хрватска и Словенија на Хазбурговците, додека Далмација, Мореа (старото име на Пелопонез) и некои егејски острови, им ги отстапил на Венеција и Падолија, а Јужна Украина на Полска. Русија добила некои територии северно од реката Днестер, кои ги изгубила за кратко време, и повторно си ги повратила подоцна.

Друг мал, но пресуден настан за јужниот Балкан, се случил во 1711 година кога еден од молдавските господари (принцови) бил обвинет за соработка со руската војска и го сметале како одговорен за руската инвазија на Романија. Како казна, Отоманците ги замениле сите романски и молдавски господари со фанариоти од Цариград.

Отоманските загуби не биле ограничени само Европа. На источниот фронт во серија несупешни војни помеѓу 1723 и 1736 година, Турците го изгубиле Азербејџајн и други земји, во корист на Персијците. Една деценија подоцна, во 1746 година, по двовековна војна, Отоманците се откажале од конфликтот со Иран, оставајќи нивните ирански ривали да се соочат со политичка анархија.

Договорот потпишан кај Кучук Каинарџи /Kuchuk Kainarji/, во 1774, со руските Романови, слично на договорот од Карловице од 1699 година со Австрија, ги истакнал загубите што Отоманците ги претрпеле во текот на XVIII век. Војната од 1768 до 1774 година, прва со царицата Катерина Велика, вклучила уништување на отоманската флота во Егејот близу Чезма /Chezme/. Руските бродови испловиле од Балтичкото Море преку Гибралтар, а потоа преку Средоземното Море, и ја потопиле отоманската флота во нејзината главна база. Со овој победнички воен поход, Русија го присилила султанот да ги прекине врските со кримскиот кан. Без заштита од султанот, кановите биле оставени на милост и немилост на Русија. Во некоја смисла, султанот, исто така, изгубил, бидејќи веќе не можел да смета на помошта од кановите.

Договорот од 1774 година од Кучук Каинарџи, на руските бродови им дал пристап до Црното Море, Босфорот и до Дарданелите. Според овој договор, Русија изградила една православна црква во Цариград и станала самопрогласен “заштитник на православните христијани” внатре во

отоманската територија, вклучувајќи ги Романија и Молдавија. Освен тоа, за првпат, Отоманците дозволиле да има руски (странски) конзуларни застапници внатре во нивната Империја. Русија во тоа време немала доволно бродови да ги задоволи побарувањата, па затоа многу од шпедитерските договори отишле кај фанариотски капетани кои имале пријателски односи и со Русите, и со Отоманците.

Руските добивки на сметка на Отоманците почнале да будат сомнежи кај западните држави, особено откако Русија се назначила за заштитник на сите православни христијани.

Следниот настан кој го потресол светот била Француската револуција и издигнувањето на власт на Наполеон Бонапарта. Тој извршил инвазија на Египет во 1798 година, која го означила крајот на отоманската доминација во оваа битна и богата провинција по должината на реката Нил. Отоманската централна влада никогаш не го повратила Египет, кој подоцна се појавил како посебна држава под Мухамед Али-паша и неговите потомци. По смртта на Али-паша, неговите наследници одржувале тесни врски со Отоманците во Цариград, но останале независни.

Покрај многуте загуби, Отоманците постигнале и некои успеси. Во војната од 1714 до 1718 година со Венеција, Турците си го вратиле Пелопонез.

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, Македонија, како и другите делови од европска Турција, биле легло на немири. Неволјата била поттикната од воените дезертери и од локалните феудални господари кои, во отсуство на отоманските оружени сили, се прогласиле за независни и се бореле меѓу себе за поголема доминација. Исмаил-бег од Серес, Али-паша од Јанина, дебарските паши, Реџеп-паша од скопскиот пашалак и Џеладин-бег од Охридско и Преспанско биле само неколкуте кои станале озлогласени на овој начин.

Политичката и економската несигурност создадена од оваа анархија и од неспособноста на централната влада да се справи со истата, предизвикале уште една голема миграција на Македонците од селата во градовите. Неочекуваното зголемување на градското население предизвикало зголемубање на производството на занаетчиски и земјоделски производи, кои станале трговскии артикли за

централно-европските и руските пазари. Саемите во Серес, Прилеп, Дојран, Струга, Енице-Вардарско, Петрич и Неврокоп, станале трговски места и за домашна и за надворешна трговија. Новосоздадената трговска мрежа им овозможила на македонските бизнисмени да изградат трговски врски со надворешниот свет. Бизнисмени од Велес, Битола, Серес, Банско и Охрид формирале свои агенции во Виена, Лајпциг Трст и Белград. Заедно со трговијата, исто така, дошле и просперитетот и изложеноста кон надворешниот свет. Македонските трговци станале носители на прогресивни идеи, образование, култура и на македонското национално чувство.

ГЛАВА 21 - БУДЕЊЕ НА БАЛКАНОТ ВО XIX ВЕК И НЕГУШКОТО ВОСТАНИЕ

Негушкото (Naussa) востание е добро чувана тајна, иако тоа било првото македонско народно востание во XIX век. Македонскиот сосед на југ не сака ова да се знае, бидејќи тоа се случило на просторот што денес се смета за негова територија.

За угнетените народи на Балканот, раѓањето на деветнаесеттиот век го означило почетокот на националните борби за ослободување од вековната доминација на Отоманското Царство. Прво било Српското востание од 1804 година, а по него следело и Фанариотското востание од 1821 година. Македонците, во обид да ги ослободат своите христијански браќа од тиранскиот муслимански Турчин, земале учество и во двете востанија. Во Првото српско востание еден Македонец по име Волче /Volche/ имал важна улога во градењето на делиградските утврдувања и се истакнал како голем борец во битката. Петар Чардаклија бил уште еден Македонец кој, исто така, се истакнал како голем борец во српскиот отпор. Петар Ичко, друг Македонец, ја предводел делегацијата која го склучила добропознатиот Ичков мировен договор од 1806 година со отоманската влада. Кога вестите за српското востание стигнале во Македонија, македонскиот народ бил поттикнат на акција. За жал, отоманските власти биле подготвени и сконцентрирале голем број трупи во Македонија, задушувајќи го востанието дури и пред тоа да има можност да започне.

Македонците, исто така, учествувале и во Фанариотското востание од 1821 година. Веднаш по избувнувањето на буната на Пелопонез, Макодонците формирале свои групи, особено во Воденско, и им се придружиле на пелопонеските востаници. Меѓу водачите на групите кои се бореле рамо до рамо со Пелопонежаните, биле браќата Рамаданови, Димче Минов, Динчо Држиловиќ и Демир Трајко.

Под силното влијание на идеалите на фанариотските борци за слобода, кои го повикувале целото балканско население да се крене на борба против отоманското ропство, многу Македонци, особено оние во Воденско и Негушко (Negush),

навистина и го сториле тоа. Во почетокот на март 1822 година, под водство на Атанас Каратасе и Ангел Гачо, избувнало едно востание во градот Негуш. За многу кратко време, востаниците ги прегазиле Турците и го прогласиле Негуш за ослободен град. Побуната бргу се раширила кон Воден, зафаќајќи голем број села. За жал, само напорот и решителноста не се доволни да се сопре бројно супериорната отоманска војска. Изолирани и опколени од сите страни востаниците биле совладани и разбиени. По една жестока битка, Турците повторно го освоиле градот Негуш. И, следеле прогонства и пљачкосувања. За да се избегнат натамошни проблеми, населението на Негуш било или заробено, или преселено во други делови на Македонија.

Следи дел од писмото напишано од Гачо, кое го открива постоењето на Негушкото востание:

“Веднаш штом го слушнав звукот на ловечкиот рог на Арес и жалосниот повик на мојата сакана татковина за заштита на нејзините права, јас веднаш го проколнав мојот спокој, богатство и слава и се кренав на востание против тираните. Успеав да останам во близина на Негуш во текот на целата војна. Таму водев долги и крвави битки, се додека Негуш не беше уништен, каде моите сакани деца и мојата жена беа заробени. Но, фала му на Бога, тие се сега живи, иако во непријателска земја и изложени на волјата на варварите.”

Патриот, Ангел Гачо, 16 септември 1824 година.

(Стр. 183, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Документи за борбата на македонскиот народ за независност и државност, том први, Скопје 1985).

Следното писмо е напишано од султанот до Капицибаси /Kapicibasi/, солунскиот Мутеселим Јусуф-бег, во врска со востанието во Негуш:

... Слушнавме дека нелојални никаквеци од Негуш и околните села, кои се кренале на востание и за чие уништување презедовме воен поход со голем број војници, започнувајќи од Солун, собрани се на крајот од градот во вистински и силни упоришта и го бранат градот под водство на одвратните и лажни заповедници Зафираки, Илиаманди, Каратасо и други. Иако неколку претставници-патници беа испратени до нив од наша страна за да ги советуваат да го предадат своето оружје, ветувајќи им дека ќе бидат

помилувани и дека ако не го сторат тоа, ќе треба да очекуваат неславен и срамен крај, покажувајќи им го на тој начин нивното спасување, тие, не покајувајќи се, одговориле со следниве клетви и пцости: “Не им веруваме на зборовите на муслиманите и ќе продолжиме со нашата непослушност и востание.” Затоа, извршувајќи ги наредбите од изречената фетва против нив, беше одлучено дека во иднина нивните мрсни тела треба да бидат избришани од лицето на земјата. Но. што се однесува до успехот на претходно споменатото, потребен е полн притисок и целосно опколување на соседните планини. Затоа ти се наредува да мобилизирате од муслиманите во градот (Бер) 200 млади и истакнати борци како војници, кои, откако ќе бидат ставени под команда на носителот на неговата наредба, министерот без портфељ, Абдул Баки-ага, треба да формираат одред кој ќе замине веднаш во негушкиот воен логор. Затоа оваа наредба е дадена од солунскиот диван и негушкиот воен логор. Погрижи се оваа наредба да се изврши што е можно поскоро и одбегни било каква акција која е спротивна на истата.

Цариград, 26 март 1822 година

(Стр. 185, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Документи за борбата на македонскиот народ за независност и државност, том први, Скопје 1985 год).

Следното писмо е од Наум Ичко до кнезот Милош Обреновиќ:

“До великодостојникот, господар Милош Обреновиќ, поздравувајќи го најљубезно,

Го добив вашето ценето писмо од 17-ти овој месец и разбрав што ми пишавте во врска со коњот што го купив од вашиот слуга, а кој беше ставен на продажба. Турците сакаа да го купат, но беше добро што јас го купив за да не може да падне во нивни раце. Јас сум целосно ваш, а и коњот, исто така, целосно е ваш. Го носам да пасе во Савамала на една ливада. За три дена пасењето ќе заврши. Ќе ви го испратам оседлан, со првото момче што ќе замине за вашата палата. Бидејќи веќе знаете за страдањата во Негуш, сакам да ве известам за една моја несреќа. Еден мој роднина, со целото негово семејство, по некоја случајност се нашол таму, бегајќи од Катраница за Негуш поради безбедност; речиси во исто време кога Негуш беше заземен, тие биле заробени:

неговата жена, четирите ќерки и тројцата синови. Никој не знае дали мојот роднина е жив или мртов. Семејството таму било ставено во затвор од страна на еден болукбаша /bolukbasi/ од Дебар, а потоа отерани во Битола за да бидат продадени на христијани, бидејќи трговците и занаетчиите таму купуваат многу робови; само епископот купил 30 робови. Кога никој веќе не можел да купува робови, жената им рекла на трговците дека таа има роднина во Белград; трговците му го кажале ова на болукбашијата и го замолиле да не ги носи на Арнаутлук /Arnautluk/, туку да чекаат 25 дена додека тие не ме информираат мене. Болукбашијата се согласил, но рекол дека нема да ги продаде за помалку од 4,000 ковани пари. Тогаш, трговците ми пишаа да им испратам пари како откуп за тие 8 души. Мораме, мој драг господару, не само да ги ослободиме нашите роднини, туку, исто така, и секоја христијанска душа, ако тоа ги спаси од турскито раце. Но, ми претставува потешкотија да најдам 4.000 ковани пари, бидејќи епархијата е слаба: затоа, можам само да заштедам 1.500 пари, а остатокот до 4.000 ве проколнувам, клечејќи пред вас, бакнувајќи ви ги рацете и нозете, да ми помогнете да ги спасам тие 8 души за душите на вашите родители и за здравјето на великодостојникот Милан. Би било добро, мој драг господару, ако може да интервенирате во моја корист и да замолите некои од војводата или трговците со свињи, на кои Бог им дал богатство, да помогнат со 100 или 200 пари, да соберат мали фондови, така што христијаните овде ќе може да ослободат и неколку христијански души од турските раце. Паметиш ли колку многу српски робови беа ослободени од турските раце, од страна на христијаните долу, во текот на првите години? Дојде време ние сега да го платиме нашиот долг. Пред две или три години ти овозможи многу луѓе да одат на аџилак во светиот град Ерусалим; сега, дојде време твоето лице да го види тоа свето место. Ерусалим е тој што треба да ги спаси робовите; ова писмо скоро доаѓа до тебе преку доверителот Магус /Magus/.

Те молам, одговори ми така што да може Исаија да ми го донесе одговорот до петок попладне, бидејќи доверителот од Битола заминува в сабота, а јас да знам што да им напишам на трговците во Битола во врска со тие осум души.

Останувам ваш послушен слуга.

Наум Ичко

Белград, 23 мај 1822 година”.

(Стр. 185, 186 и 187, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Документи за борбата на македонскиот народ за независност и државност, том први, Скопје 1985).

Горенаведените писма се доказ за Негушкото востание кое се случило во почетокот на март 1822 година. Ова е уште еден македонски историски настан кој повеќе не може да биде скриен за да ги заштити интересите на македонскиот јужен сосед.

Договорот од Кучук Каинарџи го поттикнал рускиот експанзионизам на Балканот, што ги алармирал западните сили и го иницирал “Источното прашање”: “Што ќе се случи со Балканот кога Отоманското Царство ќе исчезне?” Источното прашање од 1800 година подоцна станало македонско прашање од 1900 година.

Отприлика во исто време кога Русија си го пробивала патот на Балканот, Западот поминувал низ свои сопствени промени. Индустриската револуција, што доаѓала од Англија и напредувала кон остатокот од светот, била во полн замав. Франција била економска суперсила, но брзо ги губела своите позиции во Англија. Француската револуција (1789) родила не само нови идеи и национализам, туку го родила и Наполеон Бонапарта. Додека Наполеон водел војна во Европа и на Блискиот Исток, францускиот бродски превоз по Медитеранот замирал, само за да биде заменет со фанариотските и британските трговци. Француската трговија во внатрешноста на отоманската територија, исто така, опаѓала и никогаш целосно не закрепнала. На копно, поради долгата граница, Австрија доминирала со трговијата со Отоманското Царство, спроведувајќи го својот бренд на влијание врз Балканот, особено врз српскиот народ.

Бидејќи преминот кон XIX век донел економски промени за Европа, Балканот станал последната граница за проширување на капитализмот. До 1800 година политичките, економските и воените институции на Европа рапидно се менувале. Западните влади и извозници агресивно и постојано биле присутни на балканските пазари, во корист на своите западни фабриканти. Ова агресивно настапување ги

гушело балканските индустрии пред тие и да имаат можност да се развијат и да бидат конкурентни. Како резултат, балканските економии започнале да опаѓаат, предизвикувајќи граѓански немири и националистички востанија.Додека западните земји биле оставени на мира, не биле попречувани економски и социјално да се развиваат, надворешните сили ги спречиле балканските општества да постигнат сличен напредок. Во најголем дел регулирани од страна на еснафите, балканските трговии не можеле да и конкурираат на западната механизација и изгаснале. Без работни места, повеќето од градското население станало товар на и онака веќе економско притиснатото селанство. Економската ситуација на Балканот се влошила до неподносливи граници и, како и во претходните два века, така и сега народот почнал да се бунтува.

Од современите балкански држави, Србија била прва која се кренала на вооружено востание. Првото востание се случило во Белград, во 1804 година, истата година кога Наполеон станал император. Непосредните последици од оруженото востание биле натамошна тиранија и пропаѓање на отоманскиот систем. Кога Наполеон навлегол во Египет во 1798 година, султанот зел трупи од Балканот и ги испратил да се борат против Французите по Египет. Оставајќи го регионот незаштитен, Белград во 1801 година станал прибежиште за разбојници и за самоволни и разуздани јаничари. Убивањето и ограбувањето станале секојдневни. Потоа, во февруари 1804 година, група разбојници убиле седумдесет истакнати српски селски водачи и свештеници. Тие го сториле ова за да го заплашат населението и да ги спречат нивните српски лидери да му се пожалат на султанот. Очекувајќи уште повеќе убиства, а за да се заштитат себеси, дел од српските водачи побегнале во планините и ги организирале селаните во оружени единици. Тие ги напаѓале јаничарите во околината и се бореле со нив додека не биле протерани назад во Белград. Војната завршила во ќорсокак.

Ќорсокакот бил прекршен во 1806 година кога Србите решиле веќе да не очекуваат помош од султанот и кога ја презеле работата во свои раце. Речиси во исто време, Французите и Турците станале сојузници. Бидејќи Франција

веќе била непријател на Русија, овој сојуз довел и Турција да и биде непријател на Русија. Сега, кога биле непријатели на Турците, Русите интервенирале во корист на Србите и во 1807 година им помогнале да го заземат Белград. Султанот им понудил на Србите целосна автономија, но Русите ги советувале да не го прифатат тоа. Наместо тоа, тие инсистирале на преговори за целосна независност. За жал, кога војната помеѓу Русија и Франција завршила, во 1807 година, Русија склучила мир со Наполеон и станала сојузник и на Франција, и на Турција. Поради себичните интереси на Русија, Србите биле оставени сами на себе. Тие го изгубиле Белград кога турската војска нападнала во 1808 година, а многу Срби побегнале во прогонство, додека остатокот го продолжил своето војување од шумите и планините.

Револтот повторно започнал во 1809 година кога Русија го обновила својот воен поход со Турција, а завршил во 1813 година со пораз на Србите. А Србите не успеале да победат бидејќи Русија не била сигурна за своите обврски кон Србија. Русија имала многу повеќе корист да и попушти на Турција, особено кога војната со Франција станала неминовна. Кога Наполеон навлегол во Русија во 1812 година, Русите ги напуштиле Србите и во 1813 година една отоманска војска навлегла и ја освоила Србија, присилувајќи голем дел од нејзиниот народ да побегне, како бегалци, во австриското царство.

Односите помеѓу Србите и Турците тргнале од лошо кон полошо кога Турците изнудувале намирници од Србите со сила, мачеле селани додека барале скриено оружје и почнале да ги зголемуваат даноците. Една побуна започнала на турски имот во 1814 година. Турците го масакрирале локалното население и јавно набиле на колец двесте затвореници во Белград. Српските водачи решиле повторно да се побунат и борбата се обновила на Велигден во 1815 година. Овојпат српските лидери се осигурале турските војници да не бидат убиени, а цивилите да бидат ослободени неповредени. За да им ги ублажат стравовите на Турците, Србите обзнаниле и дека ова е побуна да се стави крај на малтретирањата, а не да се добие независност.

Откако Русите го поразиле Наполеон во 1815 година, Турците се плашеле дека Русија би можела поторно да

интервенира во корист на Србија. За да го избегне тоа, султанот и дал автономија на Србија.

По Руско-турската војна од 1829-30 година, бил потпишан нов договор кој ставил крај на повеќето малтретирања и злоупотреби во Србија. Сите муслимани, освен еден помал гарнизон, ја напуштиле српската територија. Србите ја презеле контролата врз внатрешната администрација, поштенскиот систем и судовите. Индивидуалните даноци и такси, кои директно му се плаќале на султанот, биле заменети со данок кој српската држава еднаш годишно му го плаќала на султанот. Србија останала автономна се до 1878 година кога и била дадена независност.

Вторите кои се дигнале против отоманското владеење биле фанариотите. Фанариотското востание не било вистинско востание како она во Србија. За разлика од Србите, повеќето фанариоти биле богати и веќе уживале големи привилегии во отоманското општество. Да се кренат на востание било слаб избор за нив, бидејќи имале многу повеќе да изгубат отколку да добијат.

Кога Отоманците го наметнале милетскиот систем, фанариотите почнале да добиваат економски и други предности во однос на останатите балкански христијани. Уште на почетокот, патријархот назначувал свое свештенство и ја презел контролата на управување со целиот христијански милет. Назначеното свештенство од страна на патријархот имало религиозна, образовна, административна и правна моќ и власт во отоманскиот Балкан. Со други зборови, фанариотите ги воделе, повеќе или помалку, сите политички, граѓански и религиозни работи во христијанскиот милет.

Фанариотите биле горна класа, или сина крв на христијанскиот свет. Иако тие припаѓале на многу националности, биле истакнати поради својата позиција, материјално богатство и моќ што ја имале и практикувале во рамките на отоманската администрација. Освен тоа, го зборувале административниот коине јазик, долго поддржуваната традиција од времето на Православните.

До 1700 година, фанариотските сопственици на бродови доминирале со балканската комерција на островите. Како христијани, фанариотските трговци биле ослободени од

етничките и законските ограничувања (особено при ракување со пари) и им било дозволено да стапуваат во трговски врски со немуслимани. Западњаците кои тргувале во регионот користеле локални Евреи, Ерменци и фанариоти како застапници. Различните трговски гранки на едно фанариотско семејство често биле активни во различни градови. Роднинските врски ги смалувале трговските ризици.

Помеѓу 1529 до 1774 година само на отоманските бродови им било дозволено да пловат по изолираните води на Црното Море. Фанариотската трговија се развила без конкуренција од Венецијанците или другите западни трговци. Како што претходно е спомнато, Договорот од Кучук Каинарџи од 1774 година, ги отворил турските мореузи за руската трговија. Немало доволно руски бродови да ги задоволат сите побарувања за бродска испорака, па така отоманските фанариоти ја пополниле празнината. Освен тоа, Наполеонските конфликти помеѓу Англија и Франција создале нови можности за неутралните фанариотски бродови и до 1810 година имало 600 фанариотски трговски бродови кои вршеле трговија.

За фанариотите, особено оние подобро стоечките, отоманското владеење им обезбедило предности во однос на другите балкански групи. Богати сопственици на бродови, застапници, просперитетни трговци, високи функционери во христијанската црква, даночни службеници, господари во Романија, архиепископи на Пелопонез и членови на толкувачката и преведувачката служба, сите тие имале многу повеќе да изгубат отколку да добијат со кревање востание.

Тогаш, како може да се објасни движењето кое довело до револуција во 1821 година? Сиромашни селани, сиромашни селски свештеници, сиромашни морнари и други, кои живееле на Пелопонез, немале инвестиција во отоманската статус кво. Без идеи или лидерство, овие луѓе воделе мизерен живот и се убивале меѓу себе за да преживеат. Востанието го започнало надворешно мешање.

Првите поттикнувачи биле членовите на Друштвото на пријатели "Филики Етерија", тајно друштво формирано во 1814 година во руското пристаниште Одеса. Ова друштво испратило претставници на Пелопонез за да регрутираат борци. Голем број значајни бандити и обласни угледни

личности се одзвале на нивниот повик, со организирање на селаните и формирање вооружени групи.

Бидејќи Мореа била сиромашна, во повеќето краеви немало турско присуство и христијанските епископи или коџабашии практично управувале со самите себе. Христијанската народна војска, или "арматоли", го чувала мирот, додека "клефтс /klefts/", или бандити, скитале по падините на брдата, ограбувајќи и пљачкосувајќи ги нивните соседи.

Револуцијата во 1821 година почнала како планиран заговор, вклучувајќи само избрани елементи од населението. Во тоа време идејата за "националност" била многу тешко сфатлива, дури и за најпросветлените револуционери. Намерата на востанието била да се ослободат сите балкански народи од турската тиранија и да се обединат во една христијанска држава.

"Филики Етерија" планирала да го започне востанието на три места. Првото било Пелопонез, каде што една група разбојници и архиепископи ја поддржувале идејата. Второто место било Цариград, каде што се очекувало фанариотската заедница да се побуни. Третото, се очекувало фанариотските сили да ја преминат руската граница од Одеса за да упаднат во Молдавија и Романија. Но, плановите не се одвивале како што се очекувало. Кога 4500 луѓе од "Светиот баталјон" влегле во Молдавија во март 1821 година, романските селани ги игнорирале Турците и наместо нив, ги нападнале фанариотите. Инвазијата на фанариотите врз Романија била целосен неуспех. Во истовреме, "класните поделби" во фанариотското општество го попречиле востанието во Цариград. Турците реагирале така што го обесиле патријархот кој бил владетел. Единствениот успех бил постигнат во Мореа и тоа само поради тоа што епископите се плашеле од одмаздата на турскиот паша. Плашејќи се од приведување, па дури и погубување, епископите им се придружиле на разбојниците и го масакрирале турското население на Мореа. Турција не била способна да го задуши востанието и конфликтот останал во ќорсокак до 1825 година. Ќорсокакот делумно се должел на внатрешните проблеми меѓу фанариотите, рефлектирајќи ги класните разлики што постоеле пред тоа, т.е. вооружените селани и

разбојници во Мореа му биле лојални на разбојникот Теодорос Колокотронис. Ним им се спротивставувале граѓанските водачи во Народното собрание кои биле составени главно од архиепископи и добро поврзани фанариоти. До 1823 година двете страни биле заглавени во граѓанска војна. Ќорсокакот се должел делумно и на интервенциите од Британија, Франција и од Русија. Секоја од овие земји имала стратешко-политички и економски интереси во Турција, и секоја сакала да се осигура дека резултатите од војната во Мореа ќе бидат во нејзин најдобар интерес. Британците биле наклонети кон фанариотската кауза, но во исто време сакале една силна Турција да и се спротивстави на Русија. Во почетокот, Британците биле спремни да ја поддржат Турција за да ја спречат Русија да добие контрола врз турските мореузи и да им се заканува на медитеранските трговски патишта. Подоцна, бидејќи Британија добила контрола врз Кипар, нејзините планови се промениле. Рускиот цар, од негова страна, пак, имал симпатии кон христијаните, но се плашел од можноста една пелопонеска држава да стане британски сојузник. Француските инвеститори имале голем број турски државни обврзничи, што би биле безвредни кога Турција би се распаднала. Франција, исто така, била нестрплива повторно да се вклучи во светската политика по нејзиниот пораз од Русија во 1815 година.

Големите сили, наоѓајќи се во ќорсокакот, можеле да видат дека Мореанската револуција нема да исчезне и биле спремни да интервенираат и да се осигураат дека конечниот резултат ќе биде прифатлив за нивните интереси. Странската интервенција траела од 1825 до 1827 година. Таа започнала со интервенција да се блокира египетската воена морнарица за да не изврши инвазија на Мореа во 1825 година (освојувањето на пристаништето Наварино од остранa на Мехмет Али), а завршила во 1827 година кога Британците, Французите и Русите ја потопиле египетската воена морнарица. Европските сили испратиле комбинирана флота од 27 брода до заливот Наварино, за да ја набљудуваат египетската воена морнарица, но работите излегле надвор од контрола кога биле испукани истрели од пушки и кога набљудувањето ескалирало во битка. Кога завршило се,

европската флота потопила 60 од вкупно 89 египетски бродови. Загубата на египетсктата воена морнарица го оставила султанот без вооружени сили, така што бил онеспособен да го поврати Пелопонез или да им се спротивстави на Големите сили. Турција била притисната да направи концесии за Мореа, но Отоманците продолжиле да одолговлекуваат. За да му стават крај на тоа одолговлекување, Русите упаднале во Турција, во 1828 година (Руско-турската војна од 1828 до 1830 година) и речиси стигнале до Цариград до 1829 година. Султанот им попуштил на руските барања. Исто така, и Русија попуштила на барањата на западните сили и се согласила на британско и француско учество во договарање на мирот со Лондонскиот протокол од 1830 година, кој довел до раѓање на едно мало независно грчко кралство. Принцот Ото од Баварија, германски принц, и германската администрација биле избрани од Големите сили да владеат со грчкото кралство. Изборот бил компромис, но прифатлив за сите три сили.

Две надмоќни, две супериорни "сили" се појавиле во XIX век и го трансформирале Балканот. Првата била "западната економска револуција" од 1848 година која го турнала Балканот во социјално и економско премрежје. Втората била "зголемената интервенција" од небалкански политички сили. Како што векот одминувал, така ваквите развои на настаните се мешале и преплетувале, дејствувајќи не во интересот на балканските народи, туку во корист на европските големи сили.

Пред да продолжам со балканскиот внатрешен развој на настаните, сакам да направам мала дигресија и да ги истражам "надворешните сили" и нивните "политички желби" во балканските работи.

Освен Турција, имало шест големи сили во текот на деветнаесеттиот век. Тоа биле Русија, Велика Британија, Франција, Австро-Унгарија, Италија и Германија. Одвреме-навреме големите сили искажувале интерес за балканското население но, во кризни ситуации, секоја од нив си ги следела своите лични интереси. Кога големите сили правеле компромиси, тоа го правеле за да одбегнат војна една со друга и често не успевале да ги решат вистинските прашања

што во прв ред ја предизвикувале кризата. Ова е слично на она што големите сили го прават на Балканот денес.

Русија имала тенденција да биде најагресивна и таа обично била причина за секој нов пораз на Турците. Договорот од Кучук Каинарџи од 1774 година и овозможил на Русија да има пристап до северниот брег на Црното Море, и дал "власт да дејствува" во интерес и во име на православниот милет и да тргува во рамките на Отоманското Царство. Целите на Русија на Балканот биле (1) да добие ексклузивно право на пловидба од Црното до Средоземното Море со трговски и воени бродови и (2) да ги анексира Цариград и Едрене (Дарданелите), при што и двете цели не биле прифатливи за западните сили.

По завршувањето на Кримската војна во 1856 година, со Парискиот договор, западните сили се осигурале желбите на Русија за експанзија да бидат ставени под контрола. Прво, сите руски бродови било исклучени од Црното Море и второ, Цното Море било отворено за трговски бродови од сите земји. Потоа, сите големи сили, не само Русија, станале гарантори на балканските држави.

Од 1815 до 1878 година Велика Британија била најсилен ривал на Русија за влијание на Балканот. Британските интереси ја воделе да интевенира против Турците во Пелопонеската револуција во 1820 година, но стапила и во војна против Русија во 1853 година (Кримската војна), во интерес на Турција.

Британските цели на Балканот биле да одржат пристап до источниот Медитеран и да ги обезбедат трговските бродски линии до Индија. Поголемиот дел од трговските патишта поминувале преку водите контролирани од Турција. Таа била преслаба да биде закана, па затоа Британија била наклонета да им се спротивстави на Франција, Русија и Германија кога тие станале закана за Турција.

За да го зацврсти своето барање за право на источните водени патишта во 1878 година, Британија го ставила под своја контрола островот Кипар, а во 1883 година ги зазела Египет и Суецкиот Канал. Потоа, Британија будно внимавала на Мореа и на рускиот пристап до мореузите, мешајќи се помалку во отоманските работи.

Британија, исто така, имала и важни трговски интереси и внатре во Отоманската Империја, а подоцна и во државите-наследнички. Инвеститорите во железниците и во државните обврзници профитирале толку многу и тоа веднаш кога можеле, што долгорочно придонело до нестабилност на Отоманската Империја.

Франција, како и Британија, имала и политички и економски интереси на Балканот. Во текот на Наполеоновите војни, Франција била директна закана на отоманското владеење (Наполеон го зазел Египет во 1798 година), но по нејзиниот пораз во 1815 година, таа го изгубила своето воено и политичко влијание и сила. Франција имала комерцијални права во Турција уште од капитулационите договори од 1600 година и во голем степен се потпирала на трговијата со Отоманското Царство.

Во 1820 година, Франција и се придружила на британската и руската интервенција во корист на Мореанците. Франција го сторила ова најмногу за да ги заштити своите комерцијални интереси, но, исто така, за да ја неутрализира и урамнотежува руско-британската доминација во регионот.

Повеќе отколку британските инвеститори, француските инвеститори имале клучна улога во политиката на Балканот. Во текот на Источната криза и во војната од 1875 до 1878 година, турската држава банкротирала и француските сопственици на обврзници биле најголемите потенцијални губитници во случај на неисплата, односно неисполнување на обврските. Затоа, кога била основана Отоманската јавна администрација за долгови за да ги набљудува финансиите на турската држава, француските директори биле во средиштето на менаџирање на финансиите на отоманската држава. Како и британските инвеститори, така и француските, ја присилиле Турција да ги сведе на максимум нејзините плаќања на надоместоците и ги игнорирале потребите на отоманскиот народ.

Австрија станала главна закана за отсманското владеење во една временска точка, но, по 1699 година, Русија го зазела тоа место. Австрија задржала голем интерес во отоманското Царство, главно, поради тоа што таа се граничела со Унгарија. Со други зборови, Виена немала желба да замени

еден слаб отомански сосед со една силна Русија, или со руски сојузници како, Србија или како денешна Бугарија.

Целите на Австрија биле насочени кон создавање еден балкански економски извор на приходи и потенцијален пазар. Контролата врз јадранскиот брег била клучна за австриската надворешна трговија преку Јадранското Море. Австрија сторила се што е потребно да примени доволно влијание за да ги држи непријателските големи сили подалеку и да спречи новите балкански нации, кои тогаш се развивале, да го присвојат Јадранот. Австрија немала желба да го анексира западниот Балкан. Владејачките Германци, Австријци или Унгарци не биле ниту етнички ниту религиозно поврзани со Словените во регионот.

По 1866 година Германија (а не Австрија) станала лидер во централна Европа. Австрија сега ја имала само југоисточна Европа каде што можела да го применува своето влијание. Австрија била преслаба за сама да го апсорбира Балканот, па затоа преферирала да поднесува една слаба отоманска империја, отколку држави "контролирани од Русија". Ова објаснува зошто Виена зазела антируски став во текот на Кримската војна и зошто подоцна станала сојузник со Германија. А Германија била сојузник и на Русија и на Австрија. Но, Австрија се завртела кон Русија, па затоа Германија морала да го напушти Руско-германскиот сојуз за да и угоди на Австрија.

Србија и Романија и задавале проблеми на Виена, кои таа неуспешно со обидувала да ги менаџира преку политички сојузи и економски договори. Романија стравувала од руска окупација, а Букурешт, генерално, прифатил сојуз со Австрија. Но, Србија имала помалку непријатели и помал поттик да се потчини на австриските желби.Двете држави (Австрија и Србија) се нашле на непријателски колосек, што резултирало со војна во 1914 година (Првата светска војна).

Италија станала држава во 1859 година, по успешно изведената војна против Австрија. Во 1866 година, Кралството Пиемонт го обединило италијанскиот полуостров и презело позиција на нова голема сила. На Италија и недостасувале економска и воена моќ во споредба со другите сили, но тоа го компензирала со влијание на трошок на ослабеното Отоманско Царство.

Италија гледала на западен Балкан, особено на Албанија, како на нејзина “неутрална зона на влијание” и нејзините лидери демнеле шанси за да одземат подрачје од Турците. Целите на Италија на Балканот не биле закана само за Турција, туку и за Србија и Грција, зашто двете имале цел да се докопаат до Јадранот. Италија била преслаба да зграби балканска територија па затоа следела една политика на “лежи и чекај”, се до 1911 година и 1912 година, кога ги зазела Додеканејските Острови /Dodecanese Islands/ и Триполи (Либија) од Отоманците.

Германија, како и Италија, станала голема сила подоцна, по обединувањето на германската држава, од 1862 до 1870 година. Поради својата голема воена и економска моќ, Германија имала поголемо влијание отлолку Италија, но немала директен интерес во балканските работи. За новото германско царство Балканот бил само економска оддушка, односно само излез за нејзината економија.

По победата врз Австрија во 1866 година, Германија ја направила Австро-Унгарија сојузник и, за да ја задржи лојалноста, Германија морала да ја поддржи Австрија во балканските работи. По 1878 година, Германија повеќе не можела да ги помири руските и австриските разлики во врска со Балканот и, до 1890 година, Германија и Австрија го зацврстиле својот сојуз и ја присилиле царска Русија во конфликтно партнерство со републиканската Франција. Потоа, германската политика на Балканот ги поддржувала економските и воените инвестирања во Турција. Тоа ја направило Германија не само ривал на Русија, туку, исто така, и на Британија. Стапувањето во сојуз на големите сили, од 1890 до 1914 година, воспоставил еден образец што доминирал со двете светски војни.

Германија немала влог во развојот на било која земја наследничка која би останала слободна да го поддржува султанот (а подоцна и режимот на Младотурците). Германски офицери ги обучувале турските трупи, а германската компанија “Маркс” ја изградила турската железница.

Отоманското Царство во XIX век било најслабо од големите сили, особено по Кримската војна. Според Парискиот договор од 1856 година, Британија и Франција и

доделиле “легален статус” на Турција на Балканот кој бил многу поголем од нејзината способност да владее. Западните сили очајно сакале Отоманското Царство да биде стабилно и негибнато.

Отоманците, од друга страна, не им верувале на другите сили, делумно поради тоа што тие биле неверници, а делумно поради лошото искуство од минатото. Русија, јасно, била најголем непријател на Турција, наклонета да ја распарчи нејзината империја. За да ја држи Русија под контрола, Турција соработувала со другите сили, но секогаш била внимателна да не падне под влијание на било која поединечна од нив. Од 1820 до 1870 година, Британија била чувар на Турција. По 1878 година, Германија ја заменила Британија како економски и воен спонзор. Турските односи со новите балкански држави биле, најдобро речено, слаби. Било какви добивки за нив обично за Турција значеле загуби.

Големите западни сили верувале дека ако може да се елиминираат корупцијата, криминалот и сиромаштијата, балканскиот немир би можел да престане и дека Отоманското Царство би можело да остане негибнато. После се, тие не сакале ништо да и се случи на нивната “гуска која носела златни јајца”. Затоа, наместо да го отстранат “болниот” надвор од Европа, тие притискале за реформи. Но, едно е да се изготват реформи, а друго тие да се спроведат во реалноста. Со проучување и анализирање на отоманските напори во Македонија, очигледно било дека на Турците им недостасувале ресурси и волја да ги спроведат реформите. Освен тоа, Европејците не успеале да сфатат дека само сугестиите и желбите не можат да ги заменат петстотините години отоманско владеење. Отоманците верувале дека нивниот начин на живеење бил оправдан.

Во 1865 година, една група образовани Турци формирале тајно здружение на млади Отоманци, т.е. Младоотоманско здружение. Нивната цел била да ги ревитализира старите исламски концепти и да ги обедини сите етнички групи според исламскиот закон. Под закана дека ќе бидат приведени, водачите на Младоотоманците отишле во прогонство во Париз.

Во 1899 година, една група од четири студенти по медицина формирале друго тајно Младотурско здружение.

Тие ги отфрлиле “старите исламски цели” и усвоиле една нова идеја, “турски национализам”. Турскиот национализам станал основа за една секуларна Турција во 1908 година, откако Младотурците дошле на власт и повторно во 1920 година, по падот на Отоманското Царство кое се своело на етничка Турција.

Следниот важен настан во историјата на Балканот била Кримската војна, од 1853 до 1856 година, која ја спротивставила Русија против Турција, Англија и Франција. Кризата се разгорела околу прашањето кој треба да ги контролира христијанските свети места во Ерусалим кои биле под турско владеење. Православните и католичките монаси се расправале околу незначајни прашања, како, на пример, кој треба да ги има клучевите од заклучените светилишта. Според старите договори, Русија и Франција биле меѓународни гаранти на православните, односно на католичките права. Но, во 1852 година, Наполоен III се обидел да го укине тоа. Нему му било потребно да го одврати влијанието на француската католичка јавност од неговото авторитативно владеење, па затоа го поттикнал проблемот.

Поради тоа што прашањата на спорот ги вклучувале највисоките владејачки кругови на турската влада, за засегнатите нации тоа изгледало како симболична борба за влијание. Русите во голем степен лошо ги процениле другите сили и не успеале да видат дека Британија не би прифатила една руска победа. Тензиите се зголемувале како што сите страни се подготвувале за судир. Една руска војска окупирала две романски кнежества, не успевајќи да види дека тоа се косело со австриските интереси на Балканот. Русија очекувала помош и благодарност од Виена за руската помош против Унгарија во 1849 година, но Австрија ја одбила. Со поддршка од западните сили, Турците одбиле да преговараат и, во 1853 година, и објавиле војна на Русија.

Кримската војна ги вовлекла големите сили, иако ниедна од нив не сакала да војува. Во 1854 година Австрија ги присилила Русите да се евакуираат од кнежествата и Австрија го зазела руското место како неутрална сила. Во 1856 година сојузничките западни сили, употребувајќи сила, го зазеле Севастопол, главното руско пристаниште на

Црното Море. Потоа, Русија се согласила на нивните услови според Парискиот договор.

Како резултат на Парискиот договор, реката Дунав била отворена за пловење за сите држави. Русија ја изгубила јужна Бесарабија, која и припаднала на Молдавија. Таа, исто така, го изгубила својот унилатерален статус како протектор на романските права. Двете романски кнежества останале под номинално отоманско владеење. Сепак, била наименувана европска комисија и, заедно со избраните претставници од собранијата на секое кнежество, била одговорна за определување на "основата на администрацијата" на двете кнежества. Освен тоа, сите европски сили сега ја споделувале одговорноста како гаранти на договорот.

Навидум изгледало дека Турција ја добила, а Русија ја изгубила Кримската војна. Но, во реалноста, и Русија и Турција неизмерно изгубиле. Кримската војна ја банкротирала Турција. Што се однесува до Русија, таа го изгубила својот монопол за пловење по Црното Море и овозможила капитализмот да навлезе во источна Европа. Русија не само што го изгубила влијанието во Романија и Молдавија, туку таа била и понижена пред целиот свет. Со сето ова, сцената за идните оружени конфликти била поставена, вклучувајќи ја и најпоследната "студена војна".

Како што претходно е спомнато, финансискиот колапс на Турција ја отворил вратата за западните влади да манипулираат со внатрешната отоманска политика, како и да го свртат текот на потребните приходи за плаќање на надворешните долгови. Згора на тоа, Отоманската Империја била присилена да стане потрошувач на западноевропските стоки. И додека западна Европа просперирала од овие потфати, отоманската трговија и еснафи ја платиле крајната цена на банкротство. Недостатокот од работа во градовите извршил поголем притисок врз селанството, кое сега било оданочувано до гладување за да ги прехрани невработените жители на градовите, како и да одржува статус кво за богатите, Отоманското Царство станало целосно зависно од европскиот капитал за да преживее, што ја поставило државата во состојба да премине половина од финансискиот пат и да стигне до точката од која немало враќање. Тоа го

означило почетокот на крајот на отоманското владеење во Европа.

До 1875 година Отоманците влегле во кризна ситуација, во која должеле 200 милиони фунти стерлинзи на странски инвеститори, со годишна каматна исплата од 12 милиони фунти. Само каматната исплата изнесувала приближно колку половина годишен приход на државата. Во 1874 година, поради неколку неуспеси во земјоделието, воените трошоци и економската депресија низ целиот свет, турската влада не можела да ја плати доспеаната камата за заемите. На работ на банкротство, за да ја зачуваат отоманската стабилност и да се осигураат дека Турција ќе ги исплати долговите кон западна Европа, големите сили го презеле управувањето со турските приходи. Ова било сторено преку една меѓународна агенција, наречена Отоманска администрација за јавниот долг (OPDA). За да продолжи да добива кредит, султанот морал на OPDA да и одобри контрола врз државниот приход. Затоа, контролата врз државниот буџет и внатрешната политика паднала во странски раце. Вршители на контролирањето биле претставници на богатите капиталисти и биле заинтересирани само за профит, а многу малку за нешто друго. Ова дефинитивно не било во корист на месното население.

ГЛАВА 22 - МАКЕДОНИЈА ОД 1878 ДО 1903 ГОДИНА

Освен што им плаќале големи даноци на Отоманците, селаните на Балканот биле оптоварени со дополнителни даноци за отплаќање на западноевропските заеми. За некои товарот бил толку голем, што организирале бројни самостојни востанија. Незадоволството од турското владеење, економски неповолната ситуација и целосното занемарување на човековиот живот, ја забрзале "источната криза".

Првото од ваквите востанија започнало во 1875 година во Босна, но наскоро се раширило во Црна Гора и Србија. Околу една година подоцна, селаните во Бугарија го покажале своето незадоволство и се дигнале на масовна борба за ослободување. Во помал степен, борбата за ослободување се проширила во Македонија, каде што едно вооружено востание се дигнало во 1876 година во Разлог.

Се поголемото незадоволство на селанството на Балканот, ги вознемирило големите сили кои имале стекнати права да го штитат Отоманското Царство од распаѓање. Била свикана конференција во Цариград во 1876 година за да се дискутира за теоретски стратегии за справување со востанијата и, генерално, со "источното прашање". Претставниците на Русија, Австро-Унгарија, Британија, Германија, Франција и Италија присуствувале на конференцијата и донеле одлука Македонија и Бугарија да ги стават под контрола на големите сили. Турција ги одбила нивните барања и наскоро се нашла во несогласување со Русија. До почетокот на 1877 година, избувнала војна во Србија и во Црна Гора, проследена со масовна руска инвазија на Бугарија. Турските војски биле десеткувани и Турција била присилена да преговара за мир. Преговори за мир се воделе помеѓу Русија и Турција, на 3 март 1878 година (Санстефанскиот договор), без согласност на западните сили. Русија, како обично, повеќе била засегната за своите интереси, а помалку за интересите на народите што се обидувала да ги заштити, па затоа барала можност да ја реализира долготрајната амбиција на Балканот - пристап до Средоземното Море. Биле постигнати следниве договори:

1. Турција била присилена да го признае грчкиот суверенитет врз Тесалија.

2. На Црна Гора и била изгласана независност.

3. Турција била присилена да обезбеди автономност на една проширена Бугарија која ги опфаќала Македонија, западна Тракија, дел од Албанија и една област на Србија.

Заклучокот од овој договор испратил шокирачки бранови не само до западните сили, кои имале многу што да изгубат (финансиските инвестиции во Отоманското Царство), туку и до државите како Грција и Србија, кои имале свои територијални амбиции кон отомански територии.

Вознемирени од руската тактика, западните сили повторно се состанале за "источното прашање" во Берлин, во јули 1878 година. Тогаш, Санстефанскиот договор бил ревидиран како што следи:

1. Независност им била дадена на Србија и Црна Гора, како и на Романија.

2. Босна била дадена на Австро-Унгарија ("Британија не сакала уште словенски држави да се формираат". Стр. 379, Тревелјан, Британската историја во XIX век /Trevelyan, British History in the 19th Century/).

3. Територијата на денешна Бугарија била поделена на две административни области: етничка Бугарија и Источна Румелија. Источна Румелија била дадена на Отоманците.

4. Македонија, Тракија, Косово и Албанија и биле вратени на Отоманците.

На работ на банкротство, Русија не можела да им се спротивстави на големите сили и попуштила на нивните барања.

Со исклучок на одредбата 23, со која од Турците се барало на Македонија да и обезбедат мал степен на економска

автономија, Македонија уште еднаш била предадена на отоманско угнетување. Условите на одредбата 23, за жал, никогаш не биле применети од големите сили, ниту, пак, Турција се придржувала кон истата.

Во пролетта 1878 година, Македонија стасала на крстосницата на својата судбина. Била на чекор од отфрлање на шестстотините години отоманска тиранија, кога западните сили интервенирале за да го спречат тоа. Зошто? Дали Македонија била помалку заслужна од Грција, Србија или Бугарија? Дали Македонците биле помалку христијани од Грците, Србите или Бугарите? Дали македонската борба самата да се ослободи од турската тиранија не била доволно уверлива? Вистинската причина за фрлање на Македонија назад во устите на волците имала малку заедничко со религијата, национализмот или човековите права, ама имала многу со економијата, профитот и пристапот до Средоземното Море. Русија очајно сакала пристап до Средоземјето, но западните сили очајно сакале да го спречат тоа. Еве што има да каже Тревелјан во врска со ова: "Во текот на целиот XIX век, Русија се стремела да напредува кон Цариград преку остатоците на Турската Империја. Таа била погонувана од империјалистичката амбиција, кон угнетените христијани од нејзината сопствена заедница, од кои многу биле Словени според јазикот и расата и од инстинктот да бара пристаниште во топли води - еден прозорец преку кој затворената жена-џин можела да гледа кон светот. Но, светот немал голема желба да ја види неа таму."

"Канинг /Canning/ (британски политичар, 1812-1862) имал планирано да го спречи напредувањето на Русија, но не со директно спротивставување, туку со нејзино здружување со Англија и Франција во една политика на еманципација, насочена кон формирање национални држави од составните делови на Турското Царство. На ваквите држави би можело да се смета дека ќе го издржат руското посегнување по нивната независност, штом ќе бидат ослободени од Турците. Создавањето на Кралството на Грција било непосреден исход од политиката на Канинг, (Стр. 372, Тревелјан, Британската историја во XIX век).

Русија немала економски влог во Отоманското Царство, па затоа сакала Турците да бидат надвор од Балканот. Западните сили многу инвестирале во турската економија и инфраструктура и биле желни Отоманското Царство да продолжи да биде живо и добро на Балканот. Успехот од Кримската војна (Турција победила) ги уверил Британците да ја забават својата политика на создавање нови балкански држави во корист на експлоатирање на профитабилните отомански пазари и собирање профити од заемите дадени на Турција.

Со еден потег на перото, Бугарија била ослободена (автономна), додека Македонија била осудена да страда и трпи натамошни навредувања и понижувања. Вратена назад во рацете на грчкото свештенство и отоманските власти, Македонија сега навлегла во нова ера на страдање и немилост, осудена да плаќа за гревовите на сите други нации кои се дигнале против Отоманците.

Помеѓу пролетта и летото 1878 година, македонската судбина била решена не од страна на Русија или од страна на западните сили, туку само од Британија. Британија, која ја создала Грција и ја фрлила клетвата на хеленизмот на Балканот, сега се подготвувала за борба со Русија, и со воени средства ако е потребно, за да ја држи надвор од Средоземното Море. За да се избегне војна, бил постигнат еден компромис. “Суштините на овој компромис биле усогласени помеѓу Англија и Русија пред состанокот на Европскиот конгрес, што се одржал во Берлин под претседателство на Бизмарк и формално биле супституција на Договорот од Берлин за условите од Сан Стефано”. (Стр. 377, Тревелјан, Британската историја во XIX век).

“За нашите (британски) очи, вистинскиот приговор кон Санстефанскиот договор не лежи во неговото наводно зголемување на руската моќ, туку во жртвувањето на правичните тврдења и барања од страна на Грците и Србите кои не ќе останеа доволно тивки под спогодбите кои ги игнорираат нивните права како народи и сите поени и ги даваат на Бугарија. Лордот Сализбур /Salisbury/ ова го чувствуваше силно, особено во интерес на Грција.”

“Успехот на Биконсфилд /Beaconsfield/, како што тој самиот го виде, се состоеше во повторното воспоставување

на турската моќ во Европа. Тоа беше направено со предавање на Македонија назад на Поратат (Турците), без гаранции за подобро управување. Ова беше суштината на Договорот од Берлин, за разлика од Санстефанскиот договор. "Повторно има една Турција во Европа" рече Бизмарк. Тој му честиташе на британскиот премиер: "Му дадовте подарок на султанот со најбогатата провинција во светот; 4.000 квадратни милји најбогата почва." За жал, жителите останаа без почва. Бидејќи Беаконсфилд одлучи, мохеби со право, дека Македонија не треба да биде бугарска, некои договори мораше да бидат направени за нејзина соодветна администрација под христијански гувернер. Одвоено од сите прашања за масакрите, убиствениот карактер на турското владеење е добро познато. Лордот Сализбур изгледа дека посакувал христијански гувернер, но ништо не било сторено во тој правец. Златната можност на тој начин беше пропуштена." (Стр. 378, Тревелјан, Британската историја во XIX век).

По стекнувањето статус на заштитник на Суецкиот Канал и на водените патишта до Индија, Британија била наградена и со Кипар. Задоволна од добивките, Британја се олабавила и се согласила дека Русија и Австро-Унгарија треба да ги надгледуваат отоманските работи во Македонија. "Британскиот народ, кога бил оставен сам на себе, ниту знаел ниту се грижел за тоа кој кого масакрира меѓу Дунав и Егејот. Бајроновата Грција апелирала на нивната имагинација и осет за историјата, но Балканот бил бојно поле на соколи и врани". (Стр. 373, Тревелјан, Британската историја во XIX век).

Македонскиот народ воопшто не бил задоволен од она што се случувало на Берлинскиот конгрес и го покажал своето незадоволство така што, прво, демонстрирале во Кресна, а потоа во Разлог. Но, како и обично, нивните молби биле игнорирани. Била испратена турска војска и демонстрациите биле жестоко задушени.

Соочено со можноста да изумре во Европа, Отоманското Царство почнало да се реорганизира и сериозно ги сфатило демонстрациите и востанијата. По грчкото востание, султанот станал недоверлив и сомничав кон фанариотите и повеќето од нив ги избркал од неговите служби. Дури

наумил да го истера и Патријархот и неговите тирански епископи, но Русија интервенирала и го спречила тоа. Многу од словенските народи не биле задоволни што биле под владеење на еден грчки патријарх и, откако Русија ја покажала својата солидарност со Грците и со Патријархот, тие се заканиле дека ќе се преобратат кон католицизмот. Ова претставувало вистинска загриженост за Русија. "Во деновите кога панславизмот бил сила во Русија и кога генералот Игнатиев /Igantieff/ владеел со Константинопол, Русија, природно, се плашела дека, ако јужните Словени станат католици, таа ќе ја изгуби својата надмоќ врз нив." (Стр. 73, Браилсфорд, Македонија /Brailsford, Macedonia). Во 1870 година, Русија го убедила султанот да овозможи формирање нов милет, создавајќи ја на тој начин расколничката Бугарска егзархистичка црква која веднаш била екскомуницирана од страна на Патријархот. Поделувањето на Румскиот (Ромејскиот /Romeos/) милет на две спротивставени фракции, совршено им одговарало на Турците, бидејќи новите христијани, наместо да се бунтуваат против Турците, ќе се борат едни со други. Сега, освен отоманската и грчката, се формирала и трета влада која ќе владее со истиот народ на три конфликтни начини. Од религиозно гледиште, грчката од бугарската црква ја одликувале незначителни разлики. Двете биле православни (христијански православни), со тоа што Грците го признавале авторитетот на грчкиот патријарх, а Бугарите се повинувале на бугарскиот егзарх. Јазикот на литургиите бил единствената препознатлива разлика меѓу црквите. Бугарите се служеле со старословенскиот црковен (македонски) јазик, близок на Македонците, додека Грците се служеле со антички јазик кој ниеден Македонец не можел да го разбере. Создавањето на егзархната црква, ги засилила националистичките активности во Македонија и ги зголемила уделите за територијални барања.

Од денот кога станале слободни, и Србија и Грција ги зајакнувале своите економии и го труеле својот народ со националистичка пропаганда. Србија вовела образование за масите и ја учела својата младина за нејзините стари подвизи и минати царевини кои владееле со Косово, Албанија и

Македонија и дека Словените (освен Бугарите кои биле српски непријатели) биле вистински Срби.

Современите Грци, од друга страна, занесени со откривањето на античките градови-држави, со воодушевување го поттикнувале "хеленизмот" и искажувале територијални претензии кон Македонија врз основа на античките обреди. Во исто време, Грците бесмислено тврделе дека сите православни христијани биле Грци. Нивниот аргумент било дека, ако некој припаѓа на Грчката православна црква, тогаш тој е Грк. Еве што Браилсфорд има да каже во врска со ова: "Хеленизмот полага право на овие народи бидејќи тие биле цивилизирани од Грчката православна црква. Тоа е концепт кој западниот ум со тешкотија го сфаќа. Тоа е слично како Римската католичка црква да полага право на поголем дел од Европа како наследството на Италија. За да го направиме споредувањето целосно, треба да замислиме не само италијански поп и владејачко тело составено од кардинали, во кое доминираат Италијанци, туку и цела италијанска хиерархија. Кога секој бискуп во Франција и Германија би бил Италијанец, кога официјалниот јазик на секоја црква не би бил латинскиот туку италијанскиот, и кога секој свештеник би бил политички агент кој работи за присоединување на Франција и Германија кон Италија, тогаш би ја имале истата аналогија за состојбата на нештата која денес всушност постои во Турција." (Стр. 195, Браилсфорд, Македонија). Еве што Браилсфорд има да каже за тоа како Грците го добиле правото на сопственост на православната црква. "Словенските (македонски) цркви исчезнале во Македонија и насекаде грчките епископи, кои биле нетолерантни колку што биле и корумпирани, - "Слепи усти што самите стојат настрана знаат како да држат крљуг, "/Blind mouths that scarce themselves know how to hold a sheephook/ - ја кршеле националната свест, јазикот и интелектуалниот живот на нивните словенски (македонски) верници. Тоа е резултат од овој процес што источната црква е грчка црква. Санкциите на "хеленизмот" до степен на кој се потпираат на Црквата, се богатството на фанариотитие и подмитливоста на Турците... словенските библиотеки во старите манастири биле запалени од грчките епископи." (Стр. 196, Браилсфорд, Македонија).

По 1878 година, за еден Македонец да биде хеленизиран значело дека тој морал да се откаже од своето име, својот јазик, својата култура, својата историја, својот фолклор и своето наследство. Еве што Каракасид /Karakasidou/ има да каже: "... Идеолошката содржина на поимите за хеленската држава, која, далеку од тоа да биде екуменска и се покажа дека е нетолерантна за културен или етнички плурализам, наведе могу жители на грчка Макодонија да ги негираат или кријат оние аспекти од нивното лично или семејно минато..." (Стр. 125, "Полиња на пченица, планини на крв" /Fields of Wheat, Hills of Blood/).

Хеленизацијата никогаш не се вршела според избор, туку само со брутална сила. Поединец бил теран да се "чувствува како Грк" кога тоа им одговарало на Грците. Во моментот штом некој сакал нешто од Грците, или пак надмудрил некој Грк, тогаш тој веднаш бил потсетуван за неговиот "вистински" иденитет и "бргу бил ставан на свое место". Да се биде хеленизиран значело да се изгуби дигнитетот и да се трпи постојано и неоправдано понижување, зашто без разлика колку некој напорно да се обидувал да биде Хелен, не можел никогаш да го исполни тоа. Еден хеленизиран поединец не бил ниту Грк, ниту, пак, Македонец, туку бил една душа во заборав.

Да го цитираме Дејвид Холден: "За мене, вљубеноста во хеленизмот е љубовна врска со еден сон кој ментално ги замислува "Грција" и "Грците" не како вистинско место или како вистински народ, туку како симболи на некоја имагинарна перфекција." (Стр. 12, Грција без столбови /Greece without Columns/). Тогаш што е хеленизмот?

Пред да одговорам на ова прашање, уште еднаш ќе го цитирам Дејвид Холден /David Holden/: "Уште подалеку во минатото, пред Војната за независност, кога современата национална држава Грција се појавила за првпат, целиот концепт на Грција како географски ентитет, кој започнува да ни се замаглува пред нашите очи, имал форми и значења кои биле многубројни и разлчни.Но, ако географијата не може да ни понуди стабилна идеја за Грција, тогаш што може? Не расата, со сигурност; бидејќи без разлика што Грците можеби некогаш биле..., тие тешко дека имаат голема крвна поврзаност со Грците од денешниот полуостров, со Србите и

Бугарите, Римјаните, Франките и со Венецијанците, Турците, Албанците,... "бидејќи инвазиите што следеле една по друга непогрешливо ги направиле современите Грци една мешана раса. Ниту политиката, исто така; бидејќи наспроти таа упорна западна легенда за Грција како родно место и природен дом на демократијата, политичките записи и архиви на Грците претставуваат посебна нестабилност и конфузија во која, низ историјата, столбовите на анархично модулираната слобода многу ретко се појавуваат. Не и религијата; бидејќи додека Византија била христијанска, старата Елада била паганска." (Стр, 23, Грција без столбови). За разлика од Македонија и другите балкански нации, кои имаат природни и звучни јазици, Грција вештачки создала и користела (се до 1970 година) една наметната адаптација на класичниот јазик наречен катеравуса /katharevoussa/ (форма на современиот грчки јазик кој се повинува на употребата на класичниот грчки јазик). "Хеленизирањето" под вакви услови не само што ги направил хеленските раси неми, туку наметнал и еден бесмислен и бесчувствителен јазик врз оние кои ја вршеле хеленизацијата. (Ако сакате да научите повеќе за контроверзноста на грчкиот јазик, прочитајте ја книгата на Питер Мекбриџ "Современиот грчки јазик" /Peter Mackbridge "The Modern Greek Language"/).

Кога Грција била родена за првпат во 1832 година, не било јасно каков е нејзиниот национален карактер. Да го цитирам Дејвид Холден: "Грчката национална држава била производ на западната политичка интервенција –"фаталната идеја" како што Арнолд Тојнби /Arnold Toynbee/ еднаш ја нарекол, на исклучителниот западен национализам, кој посегнувал по мултинационалните традиции на источниот свет. Аналогно, според тоа, во секој случај во теорија, таа била дете на ренесансата и на западниот национализам. " (Стр. 28, Грција без столбови).

Официјално, Грците ја викаат својата современа држава Елада и официјално се познати како Елини, но во исто време тие себеси се нарекуваат Ромејци /Romios/ (од турскиот милет Рум), што имплицира дека тие се потомци на Римјаните /Romans/. Но, зборот Грција, е изведен збор од латинскиот "Graecea" (Стр. 29, Холден, Грција без столбови), провинција на Западното Римско Царство, која се протегале

од планината Олимп до Пелопонез. И повторно, да го цитирам Дејвид Холден: “Неговата меѓународна употреба, за да опише суверена држава која сега ја зафаќа таа територија, е само рефлексија на фактот дека “Грција” во оваа современа смисла, буквално, е една западна инвенција. (Стр. 29, Грција без столбови).

Ако љубовта кон Грција е љубовна врска со еден сон, тогаш хеленизмот е сон на неколку “злобни генијалци” (фанариоти) кои тежнееле да го уништат она што било реално во корист на создавањето на нешто вештачко, како чудовиштето на Франкештајн. Хеленизмот може да е сон на неколкумина (луди луѓе), но тој е ноќна мора за Македонија. Еве што Каракасидоу има да каже: “Грчкиот природен идентитет не бил “еден природен развој” или продолжување на една “висока култура” низ регионот на Македонија, иако сега тој често е портретиран како таков. Идеологијата на хеленизмот наметнала една хомогеност врз македонскиот регион и неговите жители.” (Стр. 94, “Полиња на пченица, планини на крв”).

Ако современиот хеленизам е западен пронајдок пропагиран од страна на фанариотите, тогаш кои се современите Грци? Според историските архиви и документи, големо мнозинство Грци од Мореа, кои се бореле во текот на грчката војна за независност биле Словени и Албанци-Тоски кои било хеленизирани по 1930 година. Словените од Пелопонез (Што се случило со нив?), Власите од Лариса и албанските тоски од Епир (Што се случило со нив?) исто така, биле хеленизирани. Со други зборови, денешните Грци се една “насилно хеленизирана компилација, односно група од различна народи”. Дури и грчката народна носија, фустанот /fustanella/, не е грчки. Фустанот е народна носија на албанските тоски. (Стр. 230, Браилсфорд, Макединија).

Освен што очајнички се обидувала да го дефинира идентитетот и јазикот за неа лично, по 1878 година Грција ги засилила активностите за хеленизација внатре во Македонија преку Православната црква, применувајќи (подмитувајќи) ги услугите на турските власти. Спремните и волни млади Македонци биле запишувани во грчки училишта во Атина со ветувања за образование, само за да бидат труени со хеленизацијата и грчката националистичка пропаганда.

Многу од овие млади луѓе се враќале дома, во Македонија, само за да бидат искористени како агенти на хеленизмот.

По создавањето на Бугарската црква, Бугарија не била далеку од нејзините обиди да всади бугарски национализам во македонската младина. Ова било најочигледно кога млади Македонци, како Гоце Делчев, биле исфрлени од бугарските училишта, бидејќи сакале да предаваат на македонски јазик и на македонски јазик да ја предаваат македонската историја. Еве што Радин има да каже во врска со ова: "Во 70-тите години на XIX век, шест македонски области се отцепиле од Егзархијата. Бугарските училишта биле уништени, со македонската учителска интелигенција која ги организирала студентите против Егзархијата. Биле откриени македонски литературни здруженија кои предавале македонска историја и култура. Периодичникот "Лоза" /Vine/ бил објавуван за да ги мобилизира Македонците против жестоката пропаганда. Во 1891 година, бил направен обид повторно да се воспостави Македонската црква. Овој национален отпор во голем степен ја создал македонската интелигенција која подоцна, се докажало, одиграла значајна улога во формирањето на ВМРО. (Стр. 45, А. Мајкл Радин, "ВМРО и македонското прашање" /A. Michael Radin, IMRO and the Macedonian Question).

Рускиот избрзан обид да добие пристап до Средоземјето со создавање на "поголема Бугарија" (со Санстефанокиот договор), им дал на Бугарите фундаментален повод, т.е. образложение да пројават територијални претензии кон македонска територија. Освен со Грците, кои сосила се обидувале да ја хеленизираат Македонија, македонскиот народ сега се соочил со еден нов непријател, со бугарскиот шовинизам. Во рацете на Турците, Грците, Бугарите, Албанците и на Србите, македонската несреќа изгледала како сето зло на светот наеднаш да паднало и ја погодило Македонија со целиот свој гнев. Она што македонската несреќа ја правело дури и потрагична е тоа што целиот свет стоел настрана и гледал како се одвиваат ужасите, но ништо не сторил.

Додека Грците применувале бруталност, Бугарите користеле интриги за да ги наведат Македонците на нивна страна. Бугарите јавно се залагале за автономија на

Македонија, а истовремено промовирале бугарска националистичка агенда. Во наредната деценија по 1878 година, Балканот го зафатила националистичка треска. Новите држави (Србија, Грција и Бугарија) имале ексклузивни претензии не само врз македонската територија, туку и врз македонскиот народ, секоја тврдејќи дека Македонците се Срби, односно Грци или Бугари. Секоја нова држава очајно се обидувала да го докаже своето тврдење, односно претензии, со пропагандни кампањи, присила и насилна асимилација. Еве што Браилсфорд има да каже во врска со ова: "Дали Македонците се Срби или Бугари? Прашањево постојано се поставува и на истото догматично се одговара во Белград и во Софија. Но, лекцијата по историја, очигледно е дека воопшто нема одговор. Тие не се Срби, ... Од друга страна, тешко дека би можеле да бидат Бугари... Тие, веројатно, се она што биле пред едно бугарско или српско царство да постоело..." (Стр. 101, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина"). Што се однесува до тоа дека Македонците се Грци, еве што има да каже Браилсфорд: "Грчките колонии никогаш не биле ништо повеќе отколку трговски центри по должината на брегот и она што било грчко во античките времиња и денес е грчко. Нема никакви докази дека внатрешноста кога и да било, била населена со рурално грчко население." (Стр. 91, Браилсфорд, Македонија).

"Периодот што уследил веднаш по Берлинскиот конгрес демонстрирал, според тоа, дека балканската шовинистичка намера не била само да освои, да експлоатира и да владее со Македонија, туку и да ја искорени македонската култура, наметнувајќи ја својата култура на еден народ на кога таа му е туѓа. Со итрига, пиштол, религија и квазилегална манипулација, балканските држави се обиделе да ги лишат Македонците од нивниот јазик, религија, фолклор, литература, традиција и свест. Крајната цел, според тоа, била да се анестезира македонскиот народ, а потоа да се ремоделира во Бугари, Грци или Срби." (Стр. 45, А. Мајкл Радин, "ВМРО и македонското прашање").

Зарем ниту еднаш на западњаците не им дошло напамет дека во срцето на Македонија можеби некогаш живеела една единствена македонска култура? Зарем ниту еднаш не им

паднало напамет дека можеби Македонците, со нивниот мултикултурен и мултиетнички карактер, не сакале да бидат моделирани за да му одговараат на западниот профил за тоа каква треба да биде една нација? Фрлајќи ја назад на Грците и на Турците, дали Македонија била казнета за нејзините тврдоглави начини, за нејзиното одбивање на биде моделирана во една монолитна уникултурна, псевдо-хомогена држава? Само оние кои учествувале на Берлинскиот конгрес во 1878 година кои засекогаш одредиле Македонија да трпи повеќе суровост и неправда, навистина, можат да одговорат на овие прашања. Но, едно е сигурно: како што Западот сега старее и стекнува мудрост и искуство, така тој сфаќа дека патот до мир и просперитет на една мала планета е толеранција кон малцинствата, демократска слобода и културен и национален плурализам. А Македонија, како што се испоставува, секогаш ги имала овие квалитети. Што се однесува до другите балкански држави, еден ден, кога тие ќе ја сфатат грешката од она што го сториле, тогаш тие засекогаш ќе го носат срамот од она што им го сториле на нивните соседи, на Македонците.

Знам дека зборовите нема да му оддадат признание на македонскиот народ за страдањето кое го трпи уште од 1878 година. Ќе сторам најдобро што можам да опишам каков бил животот под власта на Турците, управуван од Грците, пљачкосуван од Албанците, а ограбуван и маван од никаквеци во општеството. Се вели дека образованието било клетва врз Македоднија. Ниеден образован Македонец не доживеал длабока старост. Ако некој бил образован, умирал во рацете на непријателот, не поради тоа што бил образован, туку бидејќи се плашеле од него. Турците се плашеле од него бидејќи можел да се крене на востание против нив. Грците се плашеле бидејќи можел да им се спротивстави. А Бугарите се плашеле бидејќи можел да ги разоткрие. (Ако сакате да научите повеќе за ужасите извршени од Турците во Македонија, прочитајте ја книгата на Браилсфорд, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина").

Берлинскиот договор од 1878 година направил муслиманските владетели (Турците и Албанците) на Балканот да станат свесни за реалноста дека империјата дошла блиску до распаѓање. Но, наместо да бараат

рационално решение, Турците го сториле она што отсекогаш најдобро го правеле: се свртеле кон насилство. Презеле противмерки да ги задушат "предизвикувачите на нереди", со тоа што го гаселе нивниот бунтовнички дух. Во практика, ова се манифестирало со разни видови казнувања, кои вклучувале:

а) Даноците биле зголемени за да се отплатуваат западните долгови. Турците и муслиманските Албанци биле една граблива (паразитска) етничка група и самите ништо не произведувале. Наместо тоа, живееле од способноста на Македонците и другите христијани за заработување.

б) За да спречат идни востанија и побуни, Турците ги засилиле шпионските активности и потрагите по оружје. Но, во реалноста, потрагите по оружје не биле ништо друго, освен изговор да им се осветат на македонските селани и дополнително да ги ограбуваат. Оние кои можеле да си дозволат да платат мито, ги плаќале Турците за да одбегнат несреќа. Оние кои не можеле да си го дозволат тоа, биле мачени и тепани до смрт. Ако, по некоја случајност, било најдено оружје, целото село било сосема спалувано, иако оружјето му припаѓало на некој насилник. Турците не се воздржувале ниту од осрамотување и киднапирање на македонски жени. Всушност, тоа било вообичаена практика за муслиманските војници да грабаат христијански жени кога ги напаѓале селата. (За една Македонка, смртта била повеќе посакувана, отколку доживотниот срам). Македонците од отоманското доба биле крајно морални луѓе и ваквото однесување не било лесно прифаќано. За жал, ништо не можело да се стори за да се осветат жените, па затоа жените сами го носеле товарот на срамот до крајот на својот живот. На ниту еден христијанин не му било дозволено да носи оружје и да си го брани семејството. Немало кому да му се пожалат, бидејќи во најголем број случаи прекршителите и насилниците, всушност, биле законот. Ниеден муслиман не можел да биде казнет за нанесеното зло врз еден христијанин, без разлика за какво кривично дело се работело.

в) Освен со справувањето со турските власти, Македонците биле соочени со киднапирања и телесни повреди од Албанците. Секој маж, жена или дете што се осмелувале да

се оддалечат премногу од селото, се изложувале на опасност да бидат киднапирани (стара албанска разонода) од албански ограбувачи, или од турски одметници кои барале голем откуп за безбедно враќање. Смртта била сигурна ако не се плател никаков откуп.

г) Освен тоа, имало и турски патроли кои оделе по главните патишта и ако се случило некој да им го попречи патот, биле ограбувани, тепани и понижувани на различни начини, зависно од расположението на војниците.

д) Најголемата закана за македонскиот живот доаѓала од башибозуците, или вооружените цивилни муслимани. Најголемиот дел од нив биле Албанци кои направиле кариера од пљачкањето, палењето македонски села и мачењето на жителите. По 1878 година, нападите на башибозуците ескалирале до точка на која тие станале неподносливи. Христијаните немале законски ресурси да пружат отпор. Бидејќи биле муслимани, башибозуците биле ослободувани од кривично гонење. Единствениот начин на кој Македонците можеле да пружат отпор, било да побегнат во планините и да им се придружат на ајдутите.

ѓ) Да не ги заборавиме и годишните рутински вазалски должности и даноци, плаќани на: албанските кланови за да не им ги горат селата или приносите; на локалните полицајци да не ги понижуваат и тепаат членовите на семејствата; и на локалните силеџии да не им нанесуваат телесни повреди и да не ги злоупотребуваат жените и децата.

е) Би било неправедно ако овде не го спомнам начинот на кој Турците се однесувале кон жените. Ниедна македонска жена не била сигурна. Ако некоја жена му се допаднела на некој Турчин, тогаш немало бегање: таа била грабнувана, со клоци и ледеци, од нејзиниот дом и семејство, преобратена во ислам со сила и носена во харем да стане предмет на похота. Ниедна жена не била сигурна, па дури ниту невеста на денот на својата свадба.

Овде сакам да напомнам дека, откако западните сили решиле да сторат нешто во врска со отоманската суровост против Македонците, тие почнале да водат евиденција за поплаките од народот. Македонците биле охрабрени од европските конзули да пријавуваат акти на неправда и

суровост. Сите жалби биле евидентирани во таканаречени “сини книги”.

Откако даноците и митото ќе им биле исплатени на властите, воените диктатори и на градските силеџии, на македонското семејство му останувало околу 25 до 40 проценти од неговата сиромашна годишна заработка за да преживее, за да врзат крај со крај, македонските мажи обично биле принудени дополнително да работат во границите на Отоманското Царство, или, пак, во туѓина, да заработат доволно за да се преживее зимата. Велат дека по дваесет и пет години откако стекнала автономност, Бугарија економски напредувала благодарение на ефтината работна сила на македонските печалбари.

Овде сакам да напоменам дека Македонците секогаш заработувале за живот со пот и крв и заслужуваат повеќе отколку од она како се постапувало со нив во минатото. Мајсторите сд стариот Рим биле вешти Македонци, а не Грци, како што тврди современата историја. Дури и зборот “историја” доаѓа од македонскиот израз “тие и сториа”, односно “тие го сторија”.

Западот, вклучувајќи ги САД и Канада, биле, до некој степен, исто така, корисници на ефтиниот македонски труд. Западните трговци ја преплавиле Македонија со ефтини продукти и ја банкротирале локалната (застарена) индустрија (со која управувале еснафите). Суровините набавени во Македонија биле произведувани со помош на ефтиниот македонски труд, а финалните призводи им биле продавани повторно на Македонците како профит.

Македонецот не можел сам да се издигне над својата тиранска егзистенција, бидејќи секогаш кога ќе го сторел тоа, или бил убиван поради своето образование, или бил ограбуван поради своето богатство, или бил исфрлан од својот дом поради својата земја, или бил и убиван поради тоа што си го бранел семејството или бил понижуван за да преживее. Ова не е она што си го посакувале Македонците, ама оние кои биле доволно моќни одбиле да им помогнат. Грчкото свештенство, кое било одговорно за “благосостојбата” на македонскиот народ, биле првите кои го осудиле. Нивните главни приоритети биле да го хеленизираат за да можат да му го украдат земјиштето.

Грците, со нивниот "супериорен став", ги презирале Македонците поради тоа што и припаѓале на својата раса (Словените биле непријателот) и поради нивните способности за земјоделие (за кое Грците не биле многу волни).

Големите сили, во нивната ревност да доминираат со Балканот, се нашле во несогласност меѓу себе и до 1878 година биле, или задоволни со "не правење ништо", или полни со фрустрација "го свртеле својот грб" на мешаницата што тие сами ја создале. Турција, за Западот, била "гуската која продожувала да несе златни јајца".

Никакви извинувања или оправдувања од Англичаните или Французите, не може да надоместат што ја пуштиле Турција од узди и за хеленизацијата на Македонија по 1878 година. Ниеден Македонец, или било кое човечко суштество, поради ова прашање никогаш не треба да им опрости на западните сили што профитот го ставиле пред човековиот живот и намерно му свртеле грб на македонскиот народ.

Етикетирањето на народот како "Словени", ипи "варвари", поради тоа што не биле образовани, не ги прави нив нехумани и сигурно не ги оправдува "цивилизираните" западни општества што ги мачеле. Еве што има да каже Петровска: "Погрешно е да се отфрли селската култура како назадна, едноставно поради тоа што тие не се писмени култури. Напротив, случајот е спротивен. Децата биле образовани преку раскажување приказни и воопшто преку фолклорот, кои содржеле поуки и наравоученија за животот, сродството, односите меѓу нив и нивното место во светот." (Стр. 67, Децата на Птицата Божица /Children of the Bird Goddess/). (Ако сакате да научите повеќе за животот во Македонија, прочитајте ја книгата на Кита Сапурма и Пандора Петровска со наслов "Децата на Птицата Божица", усмена историја која опфаќа повеќе од 100 години и ги истражува животите на четири генерации македонски жени).

Некој само треба да ги проучи македонските традиции, обичаите, носијата, фолклорот и ставовите кон животот, за да пронајде една "стара раса" полна со енергија, која ги истрпува животните маки, која живее како што секогаш живеела блиску до природата, секогаш желна за траен мир. Македонските песни се безвременски записи на тага и на

надеж дека “еден ден и ова ќе помине”. Македонците опстанале до ден-денес, бидејќи имале квалитет за нега и внимание, капацитет да даваат и да простуваат, никогаш не барајќи ништо за возврат. Секој кој било кога бил во посета на македонски дом, или живеел меѓу Македоници, може да го потврди ова.

Македонија не направила ништо лошо против ниедна нација за да заслужи казна од Турците и од Грците. Македонците не посакувале да бидат етикетирани “варварски Словени”, ниту, пак, избрале да бидат неписмени. Тоа била “чиста предрасуда” на западните општества да го деградираат македонскиот народ со варварски статус и да создадат услови за Турците и Грците да ги злоупотребуваат. Западното вештачко создавање на Грција, хеленизмот и грчката потрага по чистота и национална хомогеност, е она што ја нарушува “природната рамнотежа” на Балканот. Македонија, од времето на Александар, е “светска” држава и го задржала својот мултиетнички и мултикултурен плуралистички карактер. Ако ги тргнете Турците надвор од Македонија од XIX век, ќе најдете едно општество составено од многу нации кои работат и живеат во мир, секоја правејќи го она што природно доаѓа. Секој кој живеел во Македонија може да го потврди ова. Секогаш има “туѓинци” кои ја поместуваат рамнотежата и го вознемируваат мирот на Балканот. Додека западна Европа спиела во текот на нејзиното “мрачно доба”, народот на Балканот живеел во релативна хармонија повеќе од 1.100 години. Секоја раса имала важна улога во одржувањето на социјалниот и политичкиот баланс и економската самодоволност на регионот.

Во текот на XIX век, речиси сите Македонци живееле во селски заедници. Немало Грци кои живееле во внатрешноста на Македонија, а само мало малцинство живеело во крајбрежните гратчиња, острови и поголеми градови. Повеќето македонски села биле само маколонски, со малубројни влашки села, сместени овде и таму по планините. Македонците зборувале на македонски јазик и живееле од земјоделството. Меѓу Македонците живееле и нешто Власи кои зборувале и влашки и македонски јазик. Нивното главно занимање била малопродажната трговија, управувале со

локални бакалници и малопродажни бизниси. Освен Власите, имало и скитачки Роми (Цигани) кои оделе од село во село тргувајќи со нивната стока. Тргувале со товарни животни, како коњи, мазги и магарења, поправале стари и продавале нови сита за брашно, трски за разбој, односно за ткаење, и други убаво изработени предмети. Тргувале со селските жени и трампале бисери, конци и игли за шиење, за грав и ореви. На оние кои можеле да си го приуштат тоа, им продавале свилени марами, рачно изработени кошари и паричници. Со оние кои не можеле да си го приуштат тоа, се трампале со нивната стока за зеленчук, јајца и неколку бали сено. Меѓу себе, Циганите си зборувале на својот циганси дијалект, а со своите муштерии зборувале на македонски јазик.

Друга етничка група која често ги посетувала македонските краишта, биле просјаците од Епир и Тесалија кои изведувале магионичарски трикви врз стари бакарни лонци и тавчиња и правеле лажици и вилушки кои сјаеле како огледала. Освен на својот јазик, тие, исто така, зборувале и македонски и биле отворени за размена на своите стоки и услуги.

Дрводелци, каменосидари, изработувачи на буриња и дрвосечачи доаѓале отсекаде. Доаѓале од далеку, дури од Албанија или од блиското најсиромашно македонско село. За скромна надница, малку ракија и три оброци дневно, тие правеле огради, граделе покриени тераси, скалила и цели куќи. На Македонците, почвата им обезбедувала најголем дел од животните потреби. За остатокот. тие купувале, тргувале или се трампале.

Единствената желба која ја имале Македонците од XIX век била да се ослободат од тиранијата на Турците кои ги угнетувале. Ова било најочигледно во коминикеата, апелите и манифестите на легендарниот Македонски револуционерен комитет.

Додека Македонија била задушувана од угнетувачката јамка на Турците, мачена од хеленизмот и разочарана од бугарската измама, грчката војска во 1881 година ја анексирала Тесалија, а во 1885 година бугарската војска (со руска поддршка) ја анексирала источна Румелија. Додека Отоманското царство било на работ на распаѓање, тоа дури

уште поцврсто ја стегала Македонија. Пљачкосувањата, палењето куќи и убиствата се зголемиле. Се повеќе и повеќе Македонци останувале без своите домови и биле присилени да станат одметници. Храбрите земале оружје в рака и пружале отпор само за да бидат сведоци дека нивните дејства предизвикуваат повеќе убиства и поголеми несреќи. Турците и нивните албански сојузници не се грижеле кого убивале. Ако еден Турчин или Албанец бил убиен во битка, војската се осветувала на следното село на кое ќе наидела. Илјадници невини жени и деца биле убиени од освета, а да не ги спомнеме силувањата врз безброј млади девојки. Куќите биле спалувани до земја, а жителите служеле како мета за школско гаѓање додека бегале да се спасат од пламените јазици. Премногу старите и болните умирале во грозна, огнена смрт. Многу од преживеаните од спалените села им се придружувале на одметниците во планините и како што раснеле нивните редови, така почнале да се организираат и да пружаат отпор.

Западните Европејци и Русите, од друга страна, го преплавувале отоманскиот Балкан кога оделе на одмор, склучувале бизнис-зделки или помагале како мисионери или социјални работници. Тие ги уживале сите слободи и привилегии како почесни граѓани на Отоманското Царство, под заштита на знамето на нивната земја, и не плаќале ништо за почестите што им биле доделувани, дури ниту такси.

Се вели дека штом Турците ја освоиле Албанија, Албанците почнале да се преобратуваат во ислам. Како муслимани, Албанците во голем степен ги уживале истите привилегии и предности како и нивните освојувачи. Предностите од тоа да се стане муслимани во споредба да се остане христијанин, биле очигледни. Оние кои сакале да си ја задржат тапијата за земјиштата што ги имале, не се двоумеле да си ја сменат верата. Всушност, многумина сфатиле дека со сменување на верата може да се акумулира големо богатство и да се зголеми својата важност на сметка на нивните христијански соседи.

До XIX век, околу две третини од Албанците го прифатиле исламот и биле вклучени во различни својства во отоманската администрација, како и во гардата на султановата палата. Исто така, до XIX век голем дел од

отоманските служби станале корумпирани и нивните интереси им биле на прво место, не водејќи сметка за другите. Бидејќи биле муслимани, Албанците биле заштитени од прогонување поради кривични дела извршени против христијаните. Ова ги поттикнало да вршат пљачкосувања, киднапирања за добивање откуп, незаконско одаточување, изнудување и насилно присвојување имот.

Постојат два документирани метода на кои наидов што опишуваат како Албанците од XIX век дошле да живеат во Македонија, меѓу Македонците.

1. За да ги држат Македонците под контрола, Турците создале и стратешки позиционирале албански села внатре во Македонија, меѓу македонските села.

2. Со протерување или убивање на неколку семејства во некое македонско село, албанските бандити можеле да бараат право на бесправно населување и да се населат. До наредната генерација, децата на бесправно населените станувале "бегови" на селото што ги правело легитимни земјосопственици. Кога станувале одговорни за селото, тогаш тие поставувале членови од своите семејства и пријатели, на кои можеле да им веруваат, на одговорни позиции, како даночни службеници и полицајци. На тој начин, тие можеле да управуваат и владеат без никакви попречувања.

Насилно заземање на селата најмногу се случувало во време на воени походи во отсуство на турската војска. Кога Турците биле испраќани да војуваат против Русија на исток или против Наполеон во Египет, Албанците ја користеле својата можност и со несмалено темпо се населувале. Еве еден извадок од книгата на Браилсфорд за обичаите на некои Албанци: "Тој отворено и со насилство ќе ограбел, но нема да крадел... Тој ќе убиел без каење, ако сфатил дека сте го навредиле...". (Стр. 224, "Македонија, Нејзините раси и невната иднина").

За да бидам праведен, сакам да спомнам дека Албанците имаат и добри квалитети. Браилсфорд зборува со голема почит за нив кога станува збор за лојалност и чесност. Како што претходно е споменато, под правилни услови, Албанците може мирољубиво да коегзистираат со други националности и да придонесуваат кон богатството на еден

народ. Македонците секогаш живееле со Албанците, едно до едно. Освен тоа, Албанците, кои се бореле во Мореа да ја ослободат Грција, не се бореле за хеленизмот, тие се бореле за доброто на сите народи на Балканот, вклучувајќи ги и Македонците. Исто така, имало една третина од албанското население кое останало лојално на христијанството, кое подеднакво страдало од неправдите на грчкото свештенство и на отоманските власти, а кое заслужува да биде споменато.

ГЛАВА 23 - МАКЕДОНИЈА – НАСТАНИТЕ ПРЕД ВОСТАНИЕТО ВО 1903 ГОДИНА

Берлинскиот договор од 1878 година настаните на Балканот ги ставило во движење за наредните четириесет години. Повторното појавување на отоманските војници, влошувањето на економијата и владеењето на теророт наметнат од грчкото свештенство, го кршеле духот на македонскиот народ. Во меѓувреме, економската состојба на големите сили и на новите балкански држави, од ден на ден се подобрувала. Во 1881 година, Декретот на Мухарем им дал на Европејците целосна контрола врз отоманските финансии и трговските пазари. Во текот на истата година, големите сили, на Цариградската конференција, се согласиле со грчката анексија на Тесалија и Епир. Подоцна, истата година, Австро-Унгарија се согласила да и дозволи на Србија да присоедини делови од Македонија во некое идно време. Четири години подоцна, Бугарија, со руска помош, ја анексирала источна Румелија. Додека западните сили размислувале за "источното прашање" и собирале профити од турските заеми, новите балкански држави правеле заговори за исчезнување на Македонија. Еве што имала да каже секоја од нив:

Бугарија: "Целата иднина на Бугарија зависи од Македонија, без неа нашата држава ќе биде без важност или авторитет. Солун мора да било главно пристаниште на оваа држава, големиот прозорец што ќе ја осветлува целата зграда. Ако Македонија не ни припадне нам, Бугарија никогаш нема да биде цврсто втемелена".

Грција: "Македонија е белите дробови на Грција, без неа остатокот на Грција би бил осуден на смрт. За Грција да стане поголема сила, мора да се прошири во Македонија".

Србија: "Спремни сме да влеземе во било каква комбинација, ако е потребно, за да спречиме македонското прашање да биде решено на било каков начин што им наштетува на нашите интереси, без кои Србија не може да опстане."

Освен што им била вратена на Турците, Берлинскиот договор од 1878 година сега ја "подарил" Македонија на три

нови тирани. Со време, Македонија ќе биде подложена на сите видови зла, а најлукав ќе се покаже дека е бугарскиот шовинизам. Македонскиот народ знаел многу добро што мислеле Грците. Грчката политика била јасна: да се хеленизира секој со сите можни средства, вклучувајќи сила и бруталност. Бугарскиот пристап бил многу поинаков. Бугарите биле заинтересирани за "едуцирање" на македонските маси да веруваат дека тие се Бугари. Секој кој покажувал било каков отпор, не доживувал да го искаже истиот. А истото тоа им се случувало и на многу образовани македонски млади мажи и жени.

Претходно објаснив, со доволно докази, дека Грција била "западна творевина", со цел да се постигнат две цели. Една, да се држи Русија подалеку од Средоземното Море и втора, да се разбијат словенските земји, окупирани од Отоманците, на мали, национално дивергентни, лесни за раководење и лојални држави (едно решение на "источното прашање"). Создадени од западните сили, новите балкански држави требало да бидат лојални на нивниот креатор. Британските политичари сметале на тоа. Западните сили го вовеле "национализмот" на Балканот како начин да се замени Отоманското Царство, не кај една држава, туку кај многу "дивергентни" држави кои имале големина што може да се менаџира, односно лесно да се ракува. Но, национализмот не бил начинот со кој балканскиот народ се идентификувал пред XIX век. Бидејќи повеќе од 2.300 години регионот бил без никакви граници и без чувство на национален идентитет. Повеќе од 1.800 години, народот во регионот живеел со "религијата како една обединувачка сила" која ги здружувала и им овозможувала да живеат во мир. Немањето граници и слободата на движење, им овозможило на различни народи да патуваат било каде во рамките на Империјата и да се населат и измешаат со други народи. Тогаш, како некој создава "национална свест" онаму каде што таа не постои? Игнорирајќи го фактот дека Отоманското Царство од XIX век било мултиетничко и мултикултурно плуралистичко општество, сепак западните сили иницирале процес на градење на држави. За нив, не било од никаква важност какви видови "нации" граделе, под услов новите држави да се "несловенски" поединечни општества кои се

согласуваат да ја држат Русија подалеку од Средоземјето. Додека западните сили се обидувале да го раситнат Балканот на мали и дивергентни држави, Русија го промовирала "панславизмот" за да ги обедини сите Словени под руско лидерство.

Националното будење на Србија бил инцидент кој не можел да се спречи, но Грција била создадена со план. Таа била спротивност на Србија и решение за одржување на рамнотежата на силите на Балканот. Додека на Србија и било судено да стане словенска држава, на Грција ќе и биде судено да стане "спротивно од тоа". Името "Грција" било избрано да означува "латинското" потекло, односно лоза, да го претставува латинскиот "ромејски /Romaos/" (римскиот /Roman/) карактер на народот. Името "Хелас" /Hellas/ подоцна било избрано од хеленизираните фанариоти за да означува потекло, односно лоза од старите градови-држави од античко време. И двете имиња биле туѓи за Балканот од XIX век, но идеални да го рефлектираат карактерот на новата држава. Фанариотите од пред XIX век немале претстава за национализмот, ниту сознанија за античките градови-држави. Нивната цел била да ги протераат Турците надвор од Империјата и да ја сочуваат негибната за да можат само тие да владеат со неа. Но, ова не било она што го сакале западните сили. Процесот на хеленизација започнал со "едуцирање" на дел од фанариотите за постоењето на старите градови-држави и за нивните подвизи. Фанариотите кои студирале во странство, особено во Лондон, биле заведени од елоквентно напишаните, романтични приказни за еден народ кој живеел на долниот крај на Балканот пред долго време. Фанариотите биле особено возбудени кога биле примени од западњаците како потомци на тој антички народ. Не биле сите фанариоти хеленизирани или убедени да тргнат по хеленскиот пат, некои се уште сакале повторно да го создадат православното царство ("Голема идеја" /Мегали Идеа/), но Западот не им дал таков избор.

Една работа била "да се создаде држава", а друга "да и се даде живот и минато". Идејата за моделирање на новата Грција, според старите градови-држави, била добро примена, но и недостасувал континуитет. Никој не можел да објасни како Грците напредувале од античките градови-држави до

денес. Историјата од XIX век нема никаков запис за тоа. Нема грчка култура или јазик што ќе ги поврзат современите Грци со жителите на старите градови-држави. Со малку креативна имагинација и многу убедување, проблемот "бил решен". Античката историја била "повторно скована, повторно измислена" за да одговара на современиот грчки модел! Да, прочитајте ја вашата (фалсификувана) класична историја и дознајте како моќното Македонско Царство било "хеленизирано", не од една моќна раса или супер интелигентни суштества, туку од "победениот и потчинетиот" народ на античките градови-држави. Александар Велики, најомразениот човек на античките градови-држави, човекот кој го збришал Коринт и брутално го скршил духот на граѓаните на античките градови-држави, сега е "Големиот крал на Грците", кого тие длабоко го почитуваат и му оддаваат толку голема почест. Каква хипокризија!!!

Менувањето на класичната историја за да се каже дека античките Македонци биле хеленизирани, не објаснува како и зошто денес има Словени низ целиот Балкан. Илјадниците години словенско влијание и култура не можеле така лесно да бидат избришани, но благодарение на ингениозниот западен ум, и тој проблем бил "решен". Кога западњаците почнале да ја пишуваат новата "грчка" историја, брзо откриле дека не постои континуитет да ги поврзат современите Грци со античките градови-држави. Античка Македонија ги уништила културите на сите градови-држави кога таа ги присоединила кон себе. Единствениот континуитет од градовите-држави до римската ера бил преку античка Македонија. Само преку една хеленизирана античка Македонија современите писатели можеле да тврдат за континуитет за Грците. Тоа било таму и тоа било тогаш кога "ревизионистите на историјата" решиле да ја УБИЈАТ Македонија за да ја одржат Грција во живот. Нема НИКАКВА Грција без Македонија! Ако Грција треба да живее, тогаш таа мора да наследи се што било македонско. Но, дури и потоа, се уште постоел "словенскиот проблем". Словените секогаш стоеле на патот на грчката државност /nationhood/ и поради овие причини "вистинските Македонци" станале, и се уште се, најлоши непријатели на

Грција. Ревноста на Грците да станат "она што не можат да бидат", била трансформирана во љубомора и омраза кон Македонија и нејзиниот народ. Од самиот почеток, грчката држава промислено ја одбрала Македонија и македонскиот народ како "непријателот", како што толку често елоквентно се нарекува и без двоумење му се најавува на целиот свет да слушне. Повторно, благодарение на ингениозноста и "брилијантноста" на западниот ум, словенскиот проблем за Грција беше решен со создавање на "Бугарија". "Она што не е грчко, мора да биде бугарско, она што не е бугарско мора да биде грчко, не постои нешто такво како македонско", се зборови кои одекнуваат до ден-денес. Ова е она со што Македонците се соочуваа и со што мора да се соочуваат, живееја и мора да живеат, секој ден од својот живот, и дома и во странство, од XIX век до денес.

Создавањето на Бугарија во XIX век бил "одговорот" за да се заташкаат и прикријат сите останати докази за постоењето на една Македонија надвор од "хеленскиот модел". Никогаш научно недокажани, таканаречените "инвазии на Словените" беа измислени за да се прикријат илјадниците години на македонската култура и влијание на Балканот (и пошироко). Современата историја, без научен доказ, тврди дека античките Македонци изумреле (мистериозно до последниот) и биле заменети со "новодојдените" Словени. Подоцна беше изјавено дека Словените што живеат во Македонија, всушност, биле од бугарски сој.

За да се одвојат Бугарите од словенскиот народ, и да се покаже дека тие биле посебно општество различно од другите Словени (како што се Србите), небалканското име "Бугарија" било одбрано да претставува една балканска држава создадена за првпат во XIX век. Името "Бугарија" потекнува од реката "Волга", од каде наводно потекнуваат Бугарите. Ние, исто така, сме заведени да веруваме дека Бугарите биле потомци на едно мало татарско/турско племе кое упаднало во регионот пред многу долго време и кое било асимилирано од Словените. Значи, според западните извори, Бугарите не се точно чисти Словени или чисти Татари/Турци, туку мешавина од двете, доволно за да се направат различни и поинакви од другите Словени и доволно да се одвојат од словенскиот народ. Делумно како Словени,

Бугарите би можеле да полагаат право врз "жителите на Македонија кои говорат словенски јазик" врз основа на тоа што и тие, исто така, биле Словени. Делумно како Татари/Турци и потомци на "Волга", ги направило Бугарите да бидат новодојденци на нивната сопствена земја. Според тоа, како новодојденци на Балканот, Бугарите не можеле да полагаат право на наследството на античка Македонија. Но, Бугарите можеле да полагаат право на ставки кои не им прилегаат на хеленскиот модел, како современата македонска (словенска) култура и јазик. Ако сакате да научите повеќе за горенаведеното, ќе најдете корисни информации во книгата на Џорџ Макаули /Macaulay/ Тревелјан "Британската историја во деветнаесеттиот век (1782-1901)", Longmans, 1927.

По 1878 година, додека македонската економија финансиски многу брзо колабирала, бугарската економија драматично се подобрувала. Ова делумно се должело на ефтината работна сила што ја обезбедувал големиот прилив македонски печалбари. Искусувајќи многу поинаков живот во Софија, за разлика од животот на село, многу македонски печалбари биле заведени да веруваат во бугарската пропаганда дека Македонците се Бугари.

Првите Македонци кои се кренале на оружје по 1878 година, биле оние кои погрешиле и сакале да се спроведе правдата. Но, наскоро сфатиле дека нивните напори се залудни и нивната освета резултирала само во губење невини животи (роднините и соседите биле казнувани поради нивните "злодела", понекогаш и со смрт). Македонските водачи дошле до заклучок дека она што навистина сакале може единствено да се постигне само ако Турците бидат истерани од Македонија засекогаш.

Тоа бил харизматичниот хуманитарец Вилијам Гледстон /William Gladstone/, трипати британски премиер, кој ги изговорил зборовите: "Македонија на Македониците", кои одекнале како гласна камбана низ цела Македонија. "Македонија на Македонците" бил сигналот кој ги собрал Македонците да стапат во акција и кој им дал надеж дека конечно Западот ќе ја поддржи нивната кауза. За жал, наспроти оваа голема симпатија и наклонетост кон македонскиот народ, Гледстон не бил во состојба да

помогне, Најдоброто што големите сили можеле да понудат биле “реформи”. Голем број реформи биле формулирани и усогласени, но никогаш не биле применети. Турските паши продолжиле да им повладуваат и да им “сервираат” на западњаците грст измислени статистички податоци и постигнувања, додека беговите продолжиле да доминираат со чифлизите, да ги притискаат и да изнудуваат пари од селаните, дотерувајќи ги до работ на егзистенцијата. Единствените видливи реформи биле подобрувањето на железничките пруги и патишта спонзорирани од западни компании кои биле способни да ги пренасочуваат отоманските финансии од државните буџети. Селаните кои поседувале земја биле толку прекумерно оданочувани, што морале да работат во неделите на изградбата на патишта и мостови за да можат да ги платат заостанатите даноци. За да добијат таква работа, морале да прибегнуваат кон подмитување. Како тоа да не било доволно, па во 1889 година, повторно наметнатиот личен данок од седум шилинзи годишно за секој новороден син, дополнително го зголемил даночниот товар. Овој данок бил единствено намалуван кога момчето ќе стасало да биде способно за работа, на петнаесетгодишна возраст. Дел од овие даноци биле собирани да се помогне малото производство, кое во голем степен било во сопственост на странски инвеститори. Селаните биле присилени да ги продаваат своите највредни поседи, рачните изработки, старите ковани пари и наследените предмети, речиси за ништо, за да ги платат овие даноци.

За натамошно влошување на ситуацијата, безаконските акти на турските власти, без никакви можности за жалба, придонеле кон угнетувачката клима во селата. Освен ограбувањата, турските војници за да се хранат секојдневно сега ги пљачкосувале и фармите и селата. Турската администрација била во таква збрка, што на снабдувачите на оружените сили не им било плаќано долг временски период и, за возврат, тие одбиле да ја хранат војската. За да ги одбијат пљачкосувањата, почнале да се формираат селски народни војски, но наскоро биле ставени надвор од законот од турските власти.

До крајот на 1890 година, оние Македонци кои имале земја не можеле да си дозволат да ја обработуваат поради високите даноци и честите напади. Оние кои работеле за беговите, биле во милост на своите газди, без никакви права или правен лек. Било јасно дека судовите работеле против Македонците и освен "интервенција од надвор", немало начин да се спротивстават на нивниот тирански авторитет. Иако земјата биле плодна, немало поттик да се обработува. Аграрниот живот станал товар, исполнувајќи го животот на село со безналежност и кршејќи го духот на македонскиот селанец. Многу македонски мажи ги напуштале своите семејства и прибегнале кон печалбарството, патувајќи во разни странски држави во потрага по работа. Но, често се враќале дома посиромашни поради високите трошоци за патување и сместување. Тоа било во ова време кога почнале да се формираат големи македонски иселенички заедници во градовите како Софија, Париз, Лондон, итн. Освен печалбарите, и млади Македонци патувале во странство кои сакале да го продолжат своето вишо образование. Тие, исто така, биле вклучувани во се поголемиот број македонски работнички заедници. До крајот на 90-тите години на XIX век, повеќе од 100,000 Македонци работеле или студирале надвор од Македонија. Во ресторaните доминирале муабетите на тема "што да се направи за да се подобри состојбата дома" и тие станале секојдневни и вообичаени. На многумина им било јасно дека незадоволството што го искусуваат не е локално или селско прашање, туку работа која ја опфаќа цела Македонија. Освен тоа, било јасно дека и Турција нема да дозволи Македонија да се брани сама, или дека турските судови ќе пресудуваат во корист на Македонија. На сите им станало јасно дека единствената отворена опција за Македонецот била - целосно востание кое ќе има заедничка цел, тактичка мобилизација и централна управа. Имало многу лекции што требало да се научат од големите дела и штети од американската Војна за независност, од Француската револуција и други. До крајот на 1890 година, турската тиранија не била единствената болест во Македонија. Тука бил и процесот на хеленизација, грчката пропаганда и грчкото свештенство кои требало да се

совладаат. Освен тоа, тука била и бугарската пропаганда која станувала се позлобна со секој нов ден.

На уште еден друг фронт, ескалираните бугарски активности во Македонија ги поттикнало Грција и Србија повторно да разгледаат еден стар сојуз (1866-67) за повторно воспоставување црковно единство под патријархот за да се одвојат од Егзархијата. Овој сојуз, поради грчката лакомост, во тоа време не завршил добро. Но, ова ќе биде вовед во еден иден и посмртоносен сојуз што ќе трае до ден-денес.

До 1890 година почнало да се организира востание и тоа добило импулс. Студентите биле првите кои стапиле во акција. Студентски револуционерни организации биле формирани во Швајцарија и Бугарија. И двете организации користеле различни тактики да се борат против антимакедонската шовинистичка балканска пропаганда. Организирана во 1891 година, групата во Бугарија се здружила со организацијата на македонските печалбари во Софија и имала големи успеси. Со време, повеќе организации никнале и во Русија, Британија и Грција, но ниедна не можела да се спореди со постигнувањата на "Литературното здружение на младите Македонци", со седиште во Софија, под водство на Петар Поп Арсов. Ова Здружение на млади Македонци составило свој Устав и го печателе револуционерното списание "Лоза" Првото издание на "Лоза" излегло во јануари 1892 година, проследено со уште шест изданија, пред Здружението да биде пријавено од грчкиот и српскиот печат, и пред бугарскиот печат да тврди дека тоа е "негово". Според официјалната државна политика на Бугарија, "Македонците биле Бугари" и секаква вредна македонска творба и припаѓала на Бугарија.

Додека македонските студенти-емигранти се бореле со грчката и бугарската пропаганда, и ја поддржувале западната помош, еден историски момент внатре во Македонија само што не почнал да се одвива. Тоа било на 23 октомври 1893 година во Солун, кога двајцата гимназиски наставници, Даме Груев и Антон Димитров, заедно со Петар Поп Арсов, поранешен уредник на "Лоза" и Христо Татарчев, по занимање доктор, се собрале заедно во домот на Иван Николов, сопственик на книжарница, на неформален состанок. Главните точки за разговор била несреќата и

бедата на македонскиот народ и што да се стори во врска со тоа. Се проширил гласот за ова, се формирал еден Комитет, и се повеќе Македонци се вклучувале, по што вториот (формален) состанок се одржал на 9 февруари 1894 година. Темата на разговорот опфаќала формулирање Устав по кој Комитетот би се раководел. До крајот на состанокот, Комитетот ги усвоил следниве резолуции:

1. Комитетот ќе биде револуционерен по карактер и ќе остане таен.
2. Неговите револуционерни активности ќе бидат ограничени внатре во македонските граници.
3. Независно од националната припадност или религија, секој Македонец може да стане член на Комитетот.

Комитетот, исто така, ги поставил следниве цели пред себе, кои подоцна биле ратификувани на првиот Револуционерен конгрес, одржан во Ресен, во август 1894 година:

1. Да се уништи отоманскиот општествен систем.
2. Организацијата да продолжи да биде "независна".
3. Да се бара автономија за Македонија.

Организацијата станала позната како Внатрешна македонска револуционерна организација, ВМРО.

Бидејќи била тајна по природа, ВМРО имала одредени потешкотии во регрутирањето нови членови, но за приближно една година нејзиното влијание се проширило надвор од Солун и во останатиот дел на Македонија. Во почетокот, организацијата била повеќе идеолошка, а помалку практична, со тоа што мнозинството од регрутираните биле учители, од кои повеќето предавале во училиштата на Егзархијата во Македонија. За да ги собере масите, Организацијата требало да ги едуцира и да ги усогласи со целите на ВМРО. За тоа и требал еден харизматичен водач кој бил способен да му зборува на народот на негово ниво и кој бил слободен да патува без премногу интервенции и мешање од властите. Човекот кој одговарал на тој профил бил Гоце Делчев, човек со визија со кого само неколкумина може да се споредат, татко на Македонската револуција и душа на движењето. (Ако сакате да дознаете повеќе за раководството на ВМРО, би требало да ја прочитате книгата на Мајкл Радин "ВМРО и македонското прашање").

Гоце бил реалист, а, во исто време, и идеалист кој ги сакал луѓето, ја мразел тиранијата и светот го гледал како место во кое многу култури живеат заедно во мир. Како реалист, Гоце знаел дека за една револуција да биде успешна, таа мора да биде "морална револуција" во умот, срцето и душата на еден поробен народ. На луѓето им требало да се чувствуваат како луѓе со права и слободи, а не како робови. Со тоа во умот, Гоце се зафатил со изградба на револуционерна свест кај македонското население, а на тој начин ги ставил во движење револуционерните погонски сили. Поставувањето на Гоце како неоспорен водач на ВМРО било консолидирано во текот на Солунскиот конгрес од 1896 година, по што ВМРО почнала масовно да се организира. Способностите на Гоце "да слуша и учи" го донеле поблиску до проблемите на обичниот народ кој сакал слобода, но, исто така, сакал да си ја зачува својата религија, култура и начин на живеење. Имајќи ги предвид сознанијата од Гоцевото истражување меѓу населението, стратегијата на ВМРО била "да му се даде на народот она што го сака" и истиот да се придобие. На почетокот, стратегијата била успешна и ВМРО ја придобила поддршката што и била потребна.

До 1896 година таа била во можност да врши влијание до онаа точка на која дејствувала како држава во држава, заземајќи ги административните работни места од Отоманците, бојкотирајќи ги отоманските институции и нудејќи им заштита на изолираните села од разбојниците, спонзорирани од Грција и Бугарија. Со време, оперативците на ВМРО биле способни да навлезат во отоманските економски, образовни, па дури и судски функции. Негативниот дел на "давање на народот она што тој сака" бил што тоа ги отворило вратите за бугарска инфилтрација. Со "ставот" и користење на грчкиот јазик, било лесно да се препознае грчкото влијание. Но, бугарското влијание не било толку лесно препознатливо. Додека Грците воопшто не се грижеле за македонските работи и се гнаселе од македонскиот јазик, Бугарите биле дел од македонските работи и течно зборувале македонски. Далеку најголемата бугарска инфилтрација во македонските работи се случила во Софија меѓу печалбарите.

Како што претходно е спомнато, космополитскиот стил на живеење во Софија, далеку од селскиот живот, намамил многу Македонци да подлегнат на бугарската пропаганда, што резултирало со формирање на "Надворешната македонска револуционерна организација" подобро позната како Врховен македонски комитет. Оваа организација била формирана во Софија, во март 1895 година, која Гоце Делчев ја нарекол "Тројански коњ" на ВМРО. Почетното членство го сочинувале македонски националисти-иселеници, но со време во неговото раководство се инфилтрирале офицери од бугарската државна војска. Целта, на површината, на оваа организија "со две лица", наречена "Врховистичка" од страна на ВМРО, била да се бори за независност на Македонија, со вооружена интервенција на еден агресивен револуционерен начин. Но, нејзината вистинска природа (скриена од обичниот народ) била да се минира ВМРО со потчинување на нејзиниот Централен комитет на нејзините "врховистички директиви". Ова, и фактот дека врховизмот се маскирал себеси како "македонски патриотизам" во очите на македонскиот народ, многу го вознемирувало Гоце Делчев. За да остане доследен на својата природа да има отворен ум, Делчев, заедно со Груев, отпатувале во Софија со надеж дека ќе ги надминат разликите со врховистите, но се вратиле уште поразочарани. Наместо да се ракуваат на 20 март 1896 година, Гоце бил информиран дека Бугарија веќе нема да ја поддржува ВМРО и секаква натамошна поддршка во пари и оружје ќе биде прекината. Оттогаш па наваму, врховистите ќе одлучуваат какви акции ќе презема ВМРО внатре во Македонија. Ова навистина било обид на врховистите да ја узурпираат власта на ВМРО. Разочаран, но не и без надеж, Гоце и се обратил на "Мајка Русија" за помош, но ниту таму не наишол на топол прием. Русија немала интерес да му помага на ВМРО бидејќи но би добила никакви предности со ослободување на Македонија (имајќи ја предвид руската тековна поврзаност со западните сили).

Поради популарноста, силата и способноста на ВМРО да го препознае "тројанскиот коњ", организацијата што ја предводела Бугарија не успеала да ги постигне своите вистински цели. Потоа, таа прибегнала кон насилни атаци и атентати со цел да се елиминира целата структура на ВМРО

и нејзиното раководство. Таа користела оружени интервенции за да провоцира отомански репресалии против невиното селско население, а одговорноста да се припише на ВМРО. Со селективна пропаганда и клеветење на Отоманците во очите на светот, организацијата предводена од Бугарија се надевала на интервенција од големите сили за да ги ослабат Турците и, во исто време, да се создаде клима за бугарска инвазија (под маската "ослободување" на угнетените Македонци).

Во меѓувреме, и Гоце Делчев и Даме Груев биле унапредени на положба обласни школски инспектори, што им овозможувало интензивно да патуваат, без да предизвикаат сомневање. Користејќи ги инспекторските патувања како покритие, биле способни да пронајдат начини да набавуваат и тајно да внесуваат оружје во Македонија. Тие, исто така, имале време да одат во македонските села и лично да контактираат со селските старешини. Многу луѓе се собирале да слушнат што има да кажат овие легендарни личности, патриоти и спасители. За жал, држењето говори на отворени места ги изложувало водачите на ВМРО на ризик од шпиони. Како резултат на тоа, во една прилика Гоце бил уапсен од турските власти, во мај 1896 година и 26 дена поминал во затвор. Кога Турците не можеле да најдат ништо за да го обвинат, Гоце бил пуштен на слобода.

Бугарското влијание не било ограничено само на акциите на врховистите. Бугарски тајни агенти биле испратени во Солун да ги шпионираат активностите на ВМРО и да и поднесуваат извештаи на бугарската држава. Егзархијата, исто така, имала своја политика и продолжила да ја собира македонската младина за нејзини лични цели. Кога изгледало дека ВМРО била нескршлива, врховистите прибегнале кон инфилтрирање во самото раководство на ВМРО, што со време им донело некои резултати. Бугарското мешање во политиката на ВМРО предизвикало тешкотии и внатрешни препирања помеѓу членовите на Извршниот комитет и конечно довело Организацијата да се подели на непријателски фракции. Ова го поткопал кредибилитетот на ВМРО кај надворешниот свет. Врховистите многу сакале да ги испровоцираат Турците за да можат тие да ја "ослободат" Македонија, но големите сили, особено Русија и Британија

“не го проголтале тоа” и на нивните акции гледале како на нешто провокативно и опасно. Додека раководството на врховистите се согласило да ги заузда своите провокативни акции, нејзиното вооружено крило од побуненици веќе навлегло и освоило делови од источна Македонија. Иако инвазијата траела околу два дена, станало јасно “кој е кој” и вистинската врховистичка агенда била откриена. Потоа, ВМРО им дало на врховистите строго предупредување “да останат надвор од Македонија”. Да ги цитирам зборовите на Делчев: “Секој кој работи на соединување со Грција или Бугарија е добар Грк или добар Бугарин, но НЕ е добар Македонец.” Потоа, додека ВМРО работела за “Македонија на Македонците”, бугарскиот Врховен комитет отворено работел за “Македонија за Бугарите”. Раководството на ВМРО се стремело да ја исчисти ВМРО од врховистичката инфилтрација. Во суштина, составот на ВМРО бил зацврстен за да ги исклучи врховистичките барања и се уште бил способен на македонскиот народ да му го даде она што тој сакал. Раководството на ВМРО, без голем успех, се обидело да се инфилтрира и да го саботира Врховниот комитет на врховистите со тоа што често патувале во Софија и се обидувале да ги соберат силите на дисидентните емигранти од Бугарија.

Додека врховистите ковале заговор против ВМРО и македонскиот народ од север, нова закана се готвела од југ. На 9 април 1897 година, вооружени грчки банди почнале агресивно да преминуваат во Македонија. Турците протестирале за оваа акција кај големите сили, но Грците ја демантирале одговорноста, инсистирајќи дека тоа не биле грчки војници, туку македонски чети. Не поминало долго време пред Турците да преземат офанзива, да ги истераат Грците и да ги гонат внатре во Грција. Кога Турците биле блиску да ја заземат целата земја, големите сили интервенирале во корист на Грција за уште еднаш да ја спасат. Грчката влада, одговорна за инвазијата, паднала во немилост и, кога била избрана нова влада, таа се согласила да плати голема казна, што се состоела од четири милиони турски фунти, како и да се откаже од Тесалија во корист на Турците. Освен што ја изгубила наклонетоста, Грција морала да се откаже од контролата врз нејзините сопствени

финансии (во корист на големите сили) за да осигура брза исплата на казната. Големите сили, без поддршка од Германија, го присилиле султанот да ја прифати понудата и да потпише еден мировен договор. Германците никогаш не им простиле на Грците што ги излажале за нивните агресивни дејства против Турците. Германците во тоа време биле одговорни за Турција.

Освен акциите на грчките разбојници, барем за миг, Грција не била директна закана за ВМРО.

ВМРО демонстрирала големо лидерсто со својата способност да ја организира Македонија во седум револуционерни области (Солун, Сер, Струмица, Штип, Скопје, Битола и Ендрене /Endrene/ {Дарданели}). Но, таа, исто така, демонстрирала свои слабости. Бидејќи се здружила со сиромашното селско население и се стремела да се воздржи од обврски и долгови, ВМРО се нашла себеси во парична оскудица. Комитетот на ВМРО не бил способен да ги собере сите неопходни средства за своите кампањи. Додека раководството се преправало дека не е свесно за тоа, локалните команданти прибегнале кон киднапирања на богати земјопоседници, трговци и странски високи личности за да добијат откуп. Киднапирањата не исклучувало странски мисионери, како г-ца Стон, односно Мис Стон /Miss Stone/, која паднала во рацете на четата на Сандански. Обземена од бедата и мизеријата на своите грабнувачи, Мис Стон доброволно обезбедила откупот да им биде целосно исплатен. Без финансии, во најголем дел поради непријателските односи со Врховната команда на врховистите во Софија, ВМРО се нашла во ситуација да и недостасува потребниот арсенал за водење војна. Потчинување на бугарските барања не доаѓало предвид, па затоа Гоце морал да бара друго место да обезбеди оружје. Биле направени напори да се набави оружје од Грција, Албанија, па дури и од самите Турци, но без голем успех. До 1897 година ситуацијата станувала очајна, па затоа раководството на ВМРО прибегнало кон купување од црниот пазар, дури и кон крадење оружје. Едно вакво купување било извршено од бугарските вооружени сили. Вооружените сили дозволиле продажба на застарени пушки, но подоцна одбиле да продаваат куршуми, плашејќи се дека оружјето може да се

сврти против нив. Во октомври 1900 година Чакаларов, локален раководител во Леринско/Костурско кој зборувал грчки, се облекол како Албанец, преправајќи се дека е од Јаница и успеал да купи нешто оружје од Атина. Но, подоцнежните обиди од други лица не биле толку успешни. Во една прилика, еден преведувач го предал купувачот на турскиот конзул по совет на еден грчки свештеник. Потоа, Турците му верувале на тој преведувач и му дале чин водник во нивната жандармерија. Добро им служел на Турците и им донел големи успеси во нивните мисии на "истражување и уништување", додека не открил дека може да заработува и повеќе пари со земање мито, пред да ги пријави луѓето во милиција. Како резултат на акциите на овој човек, многу членови на групите, од многу села, биле убиени.

Недостатокот од оружје довел до заклучокот дека ова "востание" ќе биде долго. Повторно, Гоце и раководството на ВМРО докажале дека се достојни со тоа што усвоиле политика на самовооружување. Со малку вештина за производство на оружје, научена од арменските револуционери, ВМРО формирала бројни фабрики за производство на оружје во далечни и изолирани краишта, кои биле во состојба да произведуваат домашни бомби и други експлозиви. За жал, во 1900 година, во текот на еден напад на една од овие фабрики. Даме Груев бил уапсен од турските власти и затворен во Битола. Се вратил во активна служба во април 1903 година.

Наспроти направените напори да добијат оружје, на македонските чети тоа им недостасувало, но имале голема храброст да го надоместат, што, со време, внело страв во срцата на Турците. Како што ВМРО ја надминувала својата идеолошка фаза, почнала да регрутира, опремува и обучува борци. Доброволците, главно, биле регрутирани од селата, од младите момчиња кои биле желни да се борат за својата слобода. Оние кои имале неволји со законот (разбојници) биле вооружувани и регрутирани во активна служба. Тоа биле мажи кои добро напредувале со тоа што напаѓале Турци и краделе од нив. Биле почитувани поради својата храброст и способност да живеат слободно. Тоа биле мажи кои вежбале да водат војна, знаеле како да живеат на отворено, како да постават заседа и како да се кријат. Тоа биле мажите кои ги

учеле младите македонски регрути да се борат и да победуваат. Останатите биле резервисти и живееле во своите домови, а биле повикувани да се јават на должност само кога имало потреба. Од секој резервист се очекувало да си купи и обезбеди своја пушка и муниција. Регрутирањето било изводувано во најголема тајност. Во макелонската револуција биле регрутирани дури и жени, но нивната улога била ограничена на готвење, перење, поправки и негување на ранетите.

Главната улога на еден борец била да го брани народот од нападите на Турците и разбојниците. Четите се состоеле од пет до десет души, организирани за брза мобилизација и брза реакција. Целта била да се има една чета одговорна за едно село (се претпочитало нивното село) во цела Македонија. Водачот на секоја чета бил избиран поради неговите способности да ги води своите луѓе, но повеќе и поради довербата на народот дека ќе го штити нивното село. За да може брзо да реагира, четата морала да биде запозната со теренот на селото и со патиштата за бегање. За да се одржи тајноста, сите наредби биле давани усмено.

Мобилизацијата на ВМРО долго време успеала да биде незабележана од турските власти. Но, едно несреќно откривање на дел од експлозивот, случајно ја открило тајната и довело турските сили интензивно да вршат мисии на "истражување и уништување". За жал, однесувањето на оружените сили било помалку од чесно кога војниците почнале да го мачат невиниот народ и да спалуваат имоти за да изнудат признанија. Одговорноста на четата се состоела од поставување заседа за војниците, користејќи се со герилска тактика, пред тие да влезат во селата за да ги спречат да прават штети. Но, ова не успевало секогаш, па затоа некои од водачите на четите прибегнале кон одмазда и репресалии за веќе извршените злостори. Иако слабо вооружени и во мал број (понекогаш дури еден Македонец на десет Турци), четите биеле жестоки битки и стекнале легендарна слава и репутација и кај Турците и кај Македонците. За жал, како што отоманските власти станувале свесни за намерите на ВМРО, така турската војска почнала да се засилува со војници. Како и тоа да не било доволно, речиси, во исто време, Егзархијата, сомневајќи се

во припадноста на ВМРО, почнала масовно да ги отпушта македонските учители. Иако најголемиот дел македонски учители презирале што мора да работат за Егзархијата, тие ги користеле училиштата како средство за популаризирање на целите на ВМРО. Тие често држеле предавања, учеле македонски патриотски песни, врбувале од куќа во куќа, итн. Отпуштањето било удар за ВМРО. Но, уште посилен удар дошол во април 1897 година, во она што било наречено "Голучовски-Муравиев договор" /Goluchowski-MuravievAgreement"/. Ова бил Договор, составен од страна на царот на Русија Николај II и императорот на Австрија, Франц Џозеф, во врска со иднината на остатокот на Отоманското Царство. До извесен степен, во Договорот стоело дека во некое идно време македонската територија ќе биде поеднакво поделена меѓу Грција, Србија и Бугарија. Со други зборови, кога големите сили си добиле свој дел од Турција и ја напуштиле, Грција, Србија и Бугарија биле добредојдени да дојдат на ред. Ова навистина биле лоши вести и, како што покажала историјата, било разорно за ВМРО и катастрофално за македонскиот народ.

Приближно во 1898 година, бугарската Егзархија, инструирана од бугарскиот премиер, создала една врховистичка организација внатре во Македонија, со седиште во Солун, позната како "Револуционерно братство", која наизменично почнала да формира свои чети. Иако се преправала дека е дел од ВМРО, целта на оваа организација била да извршува терористички активности и, во очите на светот, да ја дискредитира вистинската ВМРО. До 1900 година непријателите на ВМРО се зголемиле по број и се засилиле во бруталноста. Јадовите на ВМРО тукушто започнале кога откриле дека Врховистите испратиле шест атентатори да ги убијат Делчев и Сандански (легендарен водач на чета, од љубов наречен Пиринский цар). Врховистичките чети ги засипувале македонските села со терор, провоцирајќи ги Турците да дејствуваат. Иако никогаш не било докажано, наводно врховистичките лидери работеле заедно со Турците во успешното апсење на членови на ВМРО, во уништувањето воени магацини и во мачењето, силувањето и убивањето луѓе. Дури и самите Турци учествувале во саботажни тактики. Еднаш биле убиени

неколку грчки шпиони и ВМРО била обвинета. Како резултат на ова, многу организатори биле фатени и уапсени. Но, во реалноста, тоа биле турски бегови кои ги извршиле злосторствата, како што подоцна било откриено. Истите бегови биле видени како ги напаѓаат турските даночни службеници. Не успевајќи да ги убијат Делчев и Сандански, шесте атентатори, поради исфрустрираност, се свртеле кон напади на луѓе, спалување села, крадење пари и тврделе дека сето тоа е дело на ВМРО. Неколку значајни водачи, вклучувајќи го познатиот Марко Леринѕки (Леринѕки цар), водач на четата од Леринско и Костурско, бил убиен во овие напади.

Но, сепак, не било се изгубено во текот на наредниот напад. Сандански бил спремен за врховистите и во септември 1902 година им испратил порака. Турците го направиле останатото, со разбивање на она што останало од врховистите, во ноември истата година. Безредијата и граѓанската борба биле доволни да ја убедат Турција дека можеби претстои уште едно востание и дека таа треба да преземе дејства да го спречи истото. Како обично, на насилството се одговорило со уште поголемо насилство. Турците иницирале голема кампања на мисии од типот "истражување и уништување", вршејќи жестоки одмазди и терор врз селското население. Освен регуларните турски трупи, Отоманците сега регрутирале резервисти од албанските муслимани. Секој мост, железнички премин и тунел биле чувани со стражи. Исто така, во секое село имало гарнизон со до десет или повеќе војници како стража. Додека турските трупи биле задоволни од "судирите" со четите, а потоа повлекување во нивните касарни, албанските резервисти одбегнувале директни конфронтации и повеќе претпочитале да им се придружат на башибозуците (вооружени цивили-муслимани) во пљачкосување и ограбување на селата. Овие жандарми, регрутирани од албанската муслиманска заедница на гегите, имале стекнат интерес во нереди и метежи. Жандармите им дозволувале на прекршителите на законот да постојат за да можат да си го задржат работното мето. Жандариоте ретко биле ангажирани во борба и нивната слаба заработувачка секогаш заостанувала, па затоа тие спремно примале мито за да

заработат за живеачка. Било познато дека и Патријаршијата и Егзархијата ги подмитувала жандармите со цел да им овозможат на грчките и на бугарските разбојници слободно да функционираат.

За состојбата да стане од лоша полоша, при крајот на август 1902 година, врховистите се појавиле во Македонија непоканети и почнале да издаваат наредби директно на локалните водачи да започнат востание. Според плановите на врховистите, востанието било наложено да започне на 20 септември 1902 година. Ова било новост за ВМРО. Оваа последна смела акција на врховистите изненадила многумина, вклучувајќи го и Васил Чакаларов. Тој бил почитуван водач и успеал да ги одврати од врховистите. Но, врховистите не биле готови и почнале јавно да го обвинуваат Чакаларов и другите дека се кукавици и простаци зашто не сакаат да се борат. Кога и тоа не успеало, Чакаларов бил лично набеден дека е крадец, наводно дека украл голем дел од парите на врховистите кои биле наменети за купување оружје. За среќа, македонскиот народ знаел дека Чакаларов е пристоен и чесен човек. Тие, исто така, знаеле дека врховистите не даваат никакви придонеси во пари за купување оружје. А да не зборуваме дека врховистите кои, неспособни да го започнат востанието, си ги "свиткале опашките" и отишле на друго место да предизвикуваат неволји.

Последната акција на врховистите не поминала незабележана од Турците и ја ставила ВМРО во тешка ситуација. Врховистите сакале да ја вовлечат ВМРО во борба со турската војса за долго време, но дотогаш не успеале во тоа. За жал, овојпат нивните желби само што не се исполниле. Врховистите верувале дека една борба со ВМРО ќе ја ослаби Турција доволно за да може да се реализира една бугарска инвазија. Тие ги охрабрувале водачите на четите "да го започнат востанието, а Бугарија ќе го заврши истото" за нив. "Бугарија има стотици илјади трупи кои се спремни и кои ќе дојдат да ве спасат штом ќе биде испукан првиот истрел," е она што врховистите им го проповедале на македонските водачи.

ВМРО знаела дека нејзините борци не се спремни за фронтален напад со турските вооружени сили. Тие, исто

така, знаеле дека борејќи се или не, турската војска ќе ја уништува Македонија, село по село, на овој или оној начин. На врховистите, од друга страна, не можело да им се верува за понудената помош бидејќи тие немале намера да си ги одржуваат своите ветувања. Нивните акции во минатото ја разјасниле оваа поента многу јасно. Во секој случај, ВМРО немала избор, освен наскоро да дејствува. Мисиите на "истражување и уништување" ставиле многу невини луѓе во опасност, вклучувајќи жени и деца. Локални поткажувачи, грчки и бугарски разбојници, не се двоумеле да известуваат за селата, особено ако имале лични интереси. Во многу прилики разбојниците (најмени силеџии) на Патријаршијата и на Егзархијата биле оневозможени од страна на четите и тоа ги разбеснувало нивните добротвори, кои за возврат ги поткажувале селата. Разбојниците биле најмени да вознемируваат и да вршат терор врз селаните за да ги поколебаат да ја променат својата лојалност од една во друга црква. Четите биле жестоки борци и смело се бореле кога требало да ги заштитат своите села, но биле малубројни и слабо вооружени. Иако многу сакале, сепак не биле во состојба да се дигнат против големата, добро опремена турска војска. Од друга страна, војската не секогаш постапувала етички и била отворена за подмитување. Сиромашните луѓе кои не можеле да си дозволат да дадат мито, се плашеле од најстрашното. Некои велеле дека оние кои на Турците им предавале по една пушка биле помалку казнувани отколку оние кои немале ниту една. Некои прибегнувале кон купување пушка, која потоа ја враќале, само за да добијат помала казна. Во многу прилики, куќите на оние кои биле осомничени дека им помагаат на четите биле спалувани до темел. Турците дури не се двоумеле да стават в затвор и стари жени обвинети за такво дело. Историските записи покажуваат дека во текот на најинтензивните активности на претресување и уништување, затворите во Македонија биле преполни, над своите капацитети. Всушност, во еден солунски затвор со капацитет за 500 имало 900 затвореници (некои од нив биле ставени во Белата кула). Има една стара македонска поговорка: "Нема ништо полошо отколку да си затворен во турски затвор."

На 31 јануари 1903 година, Турците ја прогласиле ВМРО за илегална организација и барале начини да ја уништат. Оваа лоша вест за ВМРО, на врховистите им го дале неопходниот замав што им требал да станат како чивија меѓу оние во ВМРО кои сакале веднаш востание и оние кои мислеле дека едно востание во таа временска точка би било самоубиствено. Гоце Делчев бил против вакво "волно жртвување" и се надевал дека ќе најде подобро решение, но времето истекувало.

Вториот Солунски конгрес, на кој доминирале врховистите, бил закажан во февруари 1903 година. Гоце Делчев и повеќето лојални следбеници на ВМРО не присуствувале на истиот. Била усвоена резолуција, ама не била ратификувана од регионалните комитети, дека востанието ќе се дигне на Илинден, на 2 август 1903 година. За да ги ослабат Турците, врховистите организирале бројни бомбашки и терористички акции. Железничката пруга од Солун до Цариград била бомбардирана на 18 март, како што била и Солунската отоманска банка еден месец подоцна. Тоа не ги ослабело Турците, како што се очекувало, туку донело повеќе турски трупи во Македонија кои дополнително го засилувале насилството врз невините цивили. Како и тоа да не било доволно, па неочекуваниот пораст на насилство против отоманските институции не бил добро примен од европските инвеститори и бизнисмени, кои на отоманска Македонија гледале како на сигурно место за инвестирање. Неколкуте осамени гласови во Лондон, кои повикувало на поддршка за Македонија, биле бргу надгласани од многуте гласови на незадоволство кои повикувале на смрт за терористите.

Трагично, Турците го убиле Гоце Делчев во Баница, на 4 мај 1903 година, ден по започнувањето на Смилевскиот конгрес на ВМРО. Наречен Битолски конгрес, целта на Смилевскиот конгрес била да се разгледаат резолуциите од Солунскиот конгрес на кој доминирале врховистите, одржан порано истата година. Даме Груев (родум од Смилево) претседавал со Конгресот и упорно се обидувал реално да ја прикаже ситуацијата со аргументи и "за" и "против" кревање на едно прерано востание. Но, кога прашањето било ставено на гласање, мнозинството се изјаснило дека се за кревање

востание. Со следниве зборови, “подобро крај со ужас, отколку ужас без крај”, Груев, исто така, гласал за поддршка на Илинденското востание. Од тој момент, веќе немало враќање. Бил избран Генерален штаб на чело со Груев и подготовките за востанието започнале. Плановите биле направени навреме, воената стратегија подготвена, оружје, медицинска помош и намирници биле набавени и ставени во резервите. Биле организирани чети и спроведени вежби за обучување. На 26 јули 1903 година, преку телеграма до големите сили испратена преку британскиот вице-конзул во Битола, Генералниот штаб формално го најавил Востанието. Тогаш, на 28 јули 1903 година, ВМРО испратила курири, кои јавале на коњи, до сите полобласти со поракага “нека почне Востанието”. Истиот ден, Генералниот штаб го информирал директорот на отоманската железница да ги предупреди патниците да изберат поинаков вид транспорт за да избегнат да бидат повредени. Наспроти изгледите, храбриот народ на Македонија херојски се дигнал да ја изврши задачата. Тие добро знаеле дека борбата која биле присилени да ја бијат, можеби нема да им го донесе посакуваното. Сепак, избрале да се борат бидејќи тоа била битка за слобода, а слободата по вековно ропство вредела повеќе од самиот живот. Но, тоа не ги убедило големите сили да им подадат рака за помош. Македонија, по вторпат за само четврт век, била изложена на предавство кое ќе направи предавството од 1878 година да изгледа како излет.

ГЛАВА 24 НАСТАНИТЕ ВО ТЕКОТ И ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 1903 ГОДИНА

Пред да навлеземе во деталите за Востанието, сакам да разјаснам неколку поенти. Многу селани-цивили умреле од последиците на Востанието во 1903 година и тие СИТЕ биле Македонци. Браилсфорд, во неговата книга "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина", и Дакин во неговата книга "Големата битка во Македонија 1897-1913" /The Great Struggle in Macedonia 1897-1913"/, како и многу други автори, обезбедуваат статистички податоци кои покажуваат грчки и бугарски цивили мртви и ранети. Дозволете ми да ве уверам дека освен неколку припадници на грчкото и бугарското свештенство од висок ранг (епископи) и конзули, од кои најголем дел живееле во поголемите градови, немало ниту грчки ниту бугарски цивили кои живееле во македонските села во тоа време. Секој кој умрел во селата бил Македонец. Луѓето кои биле (насилно) хеленизирани и насилно присилени да се обврзат на верност кон Грчката православна црква - биле Македонци. Луѓето кои биле намамени од бугарската пропаганда и измамени да и се придружат на Бугарската православна црква - биле Македонци. Поткажувачите кои биле убиени од четите (македонските оружени револуционерни одреди) - биле Македонци. Грчките поткажувачи кои информирале за егзархистите - биле Македонци. Бугарските поткажувачи кои поткажувале за следбениците на Патријаршијата во најголем дел – биле Македонци. Свештениците на Патријаршијата кои проповедале во грчките црквите, во најголем дел - биле Македонци. Учителите кои предавале во училиштата спонзорирани од патријархот во најголем дел - биле Макодонци. Свештениците на Егзархијата кои проповедале на старословенски црковен јазик во црквите - биле Македонци. Учителите кои предавале бугарски во училиштата спонзорирани од Егзархијата биле - Македонци. Дури и дел од силеџиите и разбојниците спонзорирани од Патријаршијата и од Егзархијата во најголем дел - биле Македонци.

Она што оваа тажна работа ја прави бизарна е тоа што, додека Македонците умирале од рацете на турските, албанските, грчките и бугарските оружени банди, Грците ги фалсификувале статистичките податоци, тврдејќи дека жртвите се Грци и Бугари. Бидејќи немало ниту грчко ниту бугарско цивилно население во македонските села, не можело да има никакви грчки или бугарски жртви. Браилсфорд, Дакин и други, ги добиле своите информации преку "политички коректни" официјални канали. За жал, политичките коректни официјални канали цитирале пристрасни грчки пропагандни извори кои никогаш не биле ставени под знак прашање или оспорувани, што ги поддржувале грчките интереси и грчкото политичко гледиште. Немало официјални канали кои ќе ги претставуваат македонските интереси или македонското гледиште.

Македонскиот народ бил ескплоатиран од Турците и од Европејците и бил презрен поради тоа што се жалел. Македонците насилно биле хеленизирани, потоа профанисани дека не се примерни Хелени. Тие биле казнувани од Бугарите поради тоа што го прифатиле хеленизмот, а потоа биле насилно бугаризирани. Оние бугаризирани потоа биле повредувани, силувани и убивани од Грците поради тоа што ја сменила лојалноста. Таква била судбината на Македонците кои биле поздравени од XX век. Но, тоа било само почеток, бидејќи една нова сила, српскиот шовинизам, само што не била ставена во погон.

Во мугрите на 2 август 1903 година, луѓето можеле да си го видат здивот во студениот, се уште утрински планински воздух. Темнината конечно и го отстапувала местото на зората. Ниедна душа не спиела таа ноќ. Интензитетот на емотивноста и работата од претходната ноќ се стишиле. Сега, постоела само тишината додека темнината полека се повлекувала пред зората, а секој човек си ги смирувал мислите и стравот. Тишината и мирот биле прекинати од она што изгледало како молња кога водачот на четата сериозно најавил, "Време е!" Како олимписки спринтери, мажите се исправиле на нозе, игнорирајќи ја вкочанетоста од неподвижниот одмор во текот на целата ноќ. Додека срцата им лупале, ја подигале својата опрема и пушки и почнале да

се симнуваат по планината долу кон чифлиците. Се уште било темнина и немало никој на видик. Мажите со лазење молкум се доближувале до касарните. Водачот дал знак со својата рака и тие брзо се растуриле и ги зазеле своите позиции. Касарните сега биле опколени. Кога еден стражар излегол од бараката, звукот од истрелот на пушка ја распарал тишината на новиот ден. Црниот чад од барутот ги поздравил првите сончеви зраци, а лелеците на ранетите го нарушиле спокојството на утринската тишина. Било 2 август 1903 година, Илинден, нова зора за македонскиот народ.

До пладне, западниот регион на Македонија горел. Додека камбаните биеле, пушки грмеле и чадот што се спуштал ги обвиткал подеднакво и планините и долините. Пет илјади силни борци се собрале да ја покажат својата аверзија кон турското владеење. Тие немале ниту коњица ниту артилерија, освен неколку топови изработени од црешово дрво, кои биле по-опасни за нив самите отколку за непријателот. Но, тие имале верба, дух и доверба еден во друг. Тие биле македонските комити, македонските борци за слобода.

Следејќи ги наредбите на Даме Груев од Смилево, селските оружени сили ги формирале следниве чети: четата на регионот Смилево и Ѓавато (650), четата на Крушевско (400), на Кичевско (350), Битолско (250), Охридско (880), регионот на Ресна (450), Демир-Хисарско (420), Преспанско (300), Костурско (700) и на Леринско (450).

Горд сум што можам да кажам дека мојот прадедо Филип, на возраст од 53 години, учествувал во Илинденското востание. Му била дадена пушка и една граната и му било речено да чува стража на планината Преол на влезот кон Преспа. Од него со барало да испука предупредувачки истрел штом ќе здогледа турска војска за да може четата да знае дека Турците се приближуваат. Преживеа напад на болест и доживеа длабока старост од 92 години за да прикажува за Илинден.

Четите, под команда на способни водачи како Даме Груев, Васил Чакаларов, Петар Поп Арсов, Питу Гули и други, вешто се бореле и постигнале голем успех во првите неколку недели, пред турската војска да почне да се натрупува. Локалните селани, исто така, му се придружиле на

движењето, давајќи им морална поддршка на борците. Дури и мажи од другите региони, кои дотогаш не се дигнале на востание, ги напуштале своите домови и доаѓале да се борат. Се на се, македонскиот народ имал волја да се бори, но му недостасувале пушки и муниција за да го стори тоа.

Кога почнало востанието, како мерка на предострожност, повеќето села биле евакуирани. Луѓето кои ги напуштиле селата се населиле на изолирани места во планините. Со себе земале се што можеле да понесат и поставиле кампови. Привремените засолништа биле изградени од гранки и покриени со лисја од растенија. Подигнале огради за стоката, надвор од видикот, во шумските предели. Дури направиле и подземни фурни за да готват храна и да печат леб на сигурно.

Некои села, кои не му се придружиле на востанието, мислеле дека не е потребно да се евакуираат бидејќи не претставувале закана за Турците. Жителите на едно вакво село, Неокази во близина на Лерин, останале дома мислејќи дека ќе бидат безбедни. Кога турската војска поминувала низ селото, војниците го срамниле селото со земја и се свртеле кон чивилното население. Бидејќи не биле задоволни само со палење на селото, Турците собрале околу 60 македонски мажи и ги уапсиле. На патот за Лерин, Турците, наместо да ги однесат в затвор, ги мачеле и ладнокрвно ги масакрирале. Очевидци изјавиле дека Турците ги наредиле мажите, еден зад друг, и пукале во нив за да видат колку може да убијат со еден куршум. Имале нови пушки и сакале да ги тестираат.

Три дена подоцна, дошол редот на Арменско. Откако изгубиле една престрелка со Чакаларов, трупите на Хајредин Бимбиш (Haireddin Bimbishi), касап од Смрдеш, кои биле поразени, лути и огорчени, се упатиле кон Лерин кога наишле на еден комитет за дочек кај Арменско. Свештеникот и други членови на селото излегле да ги пречекаат и да ги поздравaт Турците. Турците на биле задоволни и ги убиле сите од комитетот веднаш на лице место. Луѓето на Бимбиш тогаш се свртеле кон неодбранетото село и го опљачкале, го запалиле и си ги задоволувале своите брутални страсти без никој да им се спротивстави. Шеесет и осум селани биле масакрирани, а десет жени и осум девојки биле силувани. “Неколку жени кои успеале со ползење да се спасат од

куќите кои им гореле, сепак биле фатени и додека лежеле долу, биле непрекинато злоставувани додека не испуштиле душа.” (Стр. 160, Браилсфорд, “Македонија, Нејзините раси и нивната иднина”, земено од стр. 319 од “Сината книга”).

На турските војници им било наредено да ги запалат до земја сите празни села, бидејќи тоа било сигурен знак дека припаѓаат на побунетите, а другите да ги поштедат. Како што се испоставило подоцна, оние кои не сакале да му се придружат на востанието и не сакале неволји, не само што ги изгубиле своите домови, туку некои дури и своите животи. Изборот бил помеѓу двете: или само селото да биде запалено, или селото да биде запалено и, исто така, луѓето да бидет масакриран. Тоа било тешко научена лекција, но таа не им помогнала на болните и врзаните за кревет кои гореле живи.

Како што битките беснееле низ цела западна Македонија, четите успеале да уништат повеќе локални турски гарнизони. Тие уништиле мостови, железнички пруги и комуникациски центри, освоиле многу чифлици и за кратко време ослободиле некои региони како Кичево, Демир Хисар, Костур, Лерин, Клисура и Невеска. Самите градови Костур и Лерин не биле ослободени. Најуспешен и највеличен од сите битки бил јуришниот напад на градот Крушево. Никола Карев ја предводел четата во нападот и лесно го поразил месниот турски гарнизон. Македонците брзо ги зазеле најстратешките точки, како поштата, градското собрание и локалната полициска станица и го прогласиле Крушево за слободно. Доследни на своите демократски определби, водачите на ослободителните сили го сочинувале Крушевското собрание кое наименувало Комитет од шеесет членови, по даваесет члена од секоја заедница на македонското, влашкото и албанското население. Од своја страна, Комитетот избрал извршно тело од шест делегати, по двајца од секоја заедница, кое дејствувало како привремена влада. Од своја страна, Владата формирала финансиска, судска и полициска власт. “Во Крушево, под зраците на привремената слобода, братство и еднаквост, националните омрази биле растерани, а владееле мирот и единството. Цели единаесет дена Крушево живеело како мала независна држава, но иако минијатурна, таа ја оживеала, и дала месо и крв на идејата која ја поттикнувала Македонија на борба

против тиранијата до Илинденското востание.” (Стр. 193, Васил Богов, “Македонско откровение, Историски документи, карпи и кршевини, современа политичка идеологија”).

Верен на своите социјалистички идеали, Никола Карев го изготвил познатиот Крушевски манифест, документ наменет кон извлекување поддршка од сите заедници, вклучувајќи ги муслиманските Турци и Албанците. (Целиот текст на Крушевскиот манифест го има во книгата на Мајкл Радин, “ВМРО и македонското прашање”, додаток 3Б, започнува на 275 страница. Најинспиративно е да се дознае дека и наспроти она што Турците и Албанците му го сториле на македонскиот народ, македонските лидери се уште во своите срца имале и покажале сочувство со нив). Сакам да додадам дека Браилсфорд, во неговата книга “Македонија, Нејзините раси и нивната иднина”, нема ништо друго освен пофалба за македонските чети, за нивното повеќе од примерно однесување во текот на Востанието.

Крушевската Република, за жал, постоела само две недели, но, сепак била славна Република која засекогаш ќе го потсетува македонскиот народ на својата вечна борба за независност и жед за слобода. Ослободувањето на Крушево го врежало врз новите македонски генерации наследството на еден безвремен и неповторлив од кон самоопределување. ВМРО прешла долг пат од една група академици кои размислувале и разгледувале што да се направи во ситуација на репресија, па се до раѓањето, на еден вистински револуционерен начин, на една демократска Република со сите социјалистички атрибути. Овде, повторно ја гледаме македонската желба за мултикултурализам и за ново мултиетничко општество кое чека да излезе на површина. Републиката била конституирана врз мултикултурна основа, во согласност со желбите на мнозинството од македонскиот народ.

Веднаш по Крушево, Костур бил на второ место по тактичката мобилизација на четите под команда на Лазар Поп Трајков и Васил Чакаларов. Овие бригади организирале успешни напади, ослободувајќи ги Клисура и Невеска, потоа се вратиле на север и, со поддршка од повеќе од триста селани, го нападнале Костур, но безуспешно. Во меѓувреме,

други чети го нападнале и ослободиле Охрид кој останал слободен речиси три месеци. Нападот на Охрид бил најуспешен во однос на предвременото планирање и управување со формирање на медицинска помош, подземни погони, тајни пекарници и обезбедување намирници. Охрид подоцна станал центар за формирање кампови за многуте раселени лица - бегалци.

Востанијата надвор од западна Македонија биле сведени на брзи герилски акции, што се состоеле најмногу од напади врз отомански институции, бомбардирање на железнички линии и повремени престрелки со турската војска. Многу чети успевале да заробат важни турски функционери. Тие се надевале на конструктивен дијалог за потенцијални преговори но, во стварноста, постигнале слаб успех.

Врховистичката инволвираност, како што се очекувало, била минимална во текот на востанието и на виделина, уште еднаш, ја изнела вистинската природа на врховизмот (Македонија за Бугарите).

Како што четите смело се бореле, освојувајќи гарнизон по гарнизон во поголемите градови, многу од помалите села останале незаштитени и отворени за нападите од башибозуците и од турската војска. Имајќи ги предвид инцидентите кај Неокрази и Арменско, многу од водачите на чети се чувствувале приморани да се вратат дома за да ги одбијат ваквите напади. Поради ова и поради фактот дека бројчано супериорната турска војска за кратко време ги потиснала и ги совладала четите, една воена операција од големи размери против Турците никогаш не се материјализирала. За жал, како што одминувало времето, така одминувала и можноста за еден решителен удар, бидејќи се натрупувале уште поголем број турски сили.

Почетниот успех на Востанието бил изненадување за Турците, особено поради тоа што турските сили биле бројно посупериорни во однос на востаниците. Сепак, четите ги демонстрирале своите способности во битките и на бројноста повеќе и парирале со својата волја. За жал, Турција била решена да го угуши востанието и натрупувала дополнителни сили, разместувајќи вкупно 167.000 пешадинци, 3.700 коњаници и 44О артилериски оружја (сите топови). Само Крушево било опколено од 20.000 турски

трупи со 18 топови, против една опколена сила со не повеќе од 1.200 борци. Битката за повторно заземање на Крушево започнала на 12 август, со македонскиот извик "Слобода или смрт!" против нападот од турскиот топовски оган. Питу Гули и неговите луѓе смело се бореле. Тие му пружале цврст отпор на напредувањето на Турците, но не му било дораснати на генералот Бактијар-паша. Тој бил вешт воен ветеран кој ги совладал четите така што истовремено го нападнал целиот регион. Регионот бил опколен со војници, опфатен со топовски оган, а сите македонски упоришта биле едновремено напаѓани, отсекувајќи ги сите засилувања и надворешна поддршка.

Откако планините се запалиле од пукањето на оружјето, а небото се исполнило со чадот од оружјето, ниедна од големите сили не притрчала на помош. Македонија останала сама да го почувствува целиот бес на војската на Отоманското Царство и да плати за сите гревови на Европа извршени против Турците, Србија, Грција и Бугарија сега биле слободни, а нивната слобода загарантирана од големите сили. Кога Грција западнала во неволја, големите сили не губеле време и и дошле на помош. Каде биле големите сили кога на Македонија и била потребна нивната помош? Зошто тие не одговориле на лелеците од запалените селани? Зошто тие не интервенирале да го сопрат убивањето, уништувањето до земја и бомбардирањата? Каде била Британија кога турските топови, произведени во Европа, го бомбардирале Крушево до пепел?

Штом Крушево паднало, едно по едно и другите упоришта на ВМРО почнале да се предаваат, намалувајќи го постепено интензитетот на десетнеделното востание. Во Крушево, Бахтијар-паша им дозволил на своите војници да убиваат, пљачкосуваат и силуваат три дена. Градот бил трајно опустошен со 117 убиени цивили, 150 силувани жени и 159 запалени куќи.

Последиците од Илинден, според Радин, вкупно изнесувале 4.694 убиени цивили, 3.122 силувани жени, 12.440 запалени куќи, 75.835 души останати без своите домови, а околу 30.000 луѓе засекогаш ја напуштиле земјата, станувајќи постојани бегалци. (Стр. 105, "ВМРО и македонското прашање"). Освен злосторствата извршени против

цивилното население во Македонија, најзначајна последица на востанието била загубата од толку многу големи водачи на ВМРО.

Наспроти негативните ставови на европските влади, за Илинденското востание многу се пишувало во печатот. Светското мислење, генерално, било наклонето кон македонската кауза, а многу критично кон отоманските злосторства. Македонските иселеници низ целиот свет го бомбардирале западниот печат со зајадливи напади врз британската, француската и австриската влада затоа што ја поддржувале Турција - и воено и финансиски. Дури и иселениците во Соединетите Држави организирале големи собири за поддршка на востанието. Само во Њу Јорк повеќе од 100.000 лица се собрале да ја искажат својата поддршка. Еден чикашки весник известил дека еден македонски регимент, кој бил формиран во тој град, се подготвувал да земе учество во Востанието.

Поблиску, јужнословенските нации, како во Словенија и Војводина, држеле јавни митинзи за поддршка на македонската револуција. Дури и европскиот печат објавувал новинарски наслови со големи букви, искажувајќи сомилост кога известувале за востанието. “Тоа била горчлива борба меѓу измачуваните робови кои масовно се бореле, често без оружје, ама со дух за живот и слобода; а садистичкиот паша и неговите ортаци, убивајќи и пљачкосувајќи интензивно.” (Џорџо Нуриџијани /Giorgio Nurigiani/) Но, британската официјална политика била помалку сочувствителна. Според “Дејли њуз” од 14 септември 1903 година, премиерот Балфоур /Balfour/рекол во Долниот дом: “... рамнотежата на криминалитетот не лежи кај Турците, туку кај востаниците.” Весникот бил критичен кон овој став и го запишал следниот воведник: “Рамнотежата на криминалитетот е сигурно овде, во нашата земја. Британија ја лишила Македонија од слобода во Берлин, знаејќи дека (продолженото) отоманско владеење е синоним за немилосрдност и тиранија, а со усвојување на ставот на немешање во тој момент, Британија е страна која се согласува со сите тие грозни убиства и масакри во Македонија...” (Стр. 107, Радин, “ВМРО и македонското прашање”).

Иако имало јавни протести на улиците во врска со тероризирањето на Македонците, британската влада помалку се грижела за страдањето на Македонија отколку за бугарските закани по нејзината драгоцена Отоманска Империја. Бидејќи била ослабена од македонското востание, размислувањето во Лондон било дека Турција сега била зрела за една бугарска инвазија. Балфоур го искористил македонското востание како изговор за придвижување на британската средоземна флота во Егејското Море, стравувајќи дека една војна помеѓу Бугарија и Турција сега е неизбежна.

Речиси во исто време, грчко-турските односи почнале да се затоплуваат. На влошените односи помеѓу Турција и Бугарија сега Грција гледала како на нова можност да ги забрза своите хеленизаторски активности внатре во Македонија. За да и се приближи на Турција, Грција, најпрво, морала да ги зацврсти своите студени односи со Германија. Нејзиниот прв обид бил иницран со тоа што повикала германска помош за реорганизација на грчките вооружени сили. Потоа, Грција почнала да им доделува индустриски и комерцијални погодности на германските бизнисмени, вклучувајќи ја реорганизацијата на грчката телеграфска комуникациска мрежа.

Турците, од друга страна, барале сојузници. Губењето на Крит во корист на Грците било само модринка за турското его, па затоа Турците биле спремни да простат и заборават. Но, губењето на Македонија било сериозно и зацврстувањето на нејзиното пријателство со Грција било еден начин да се одбијат бугарските напредувања.

За да го сочува она што можело од неуспешното востание, ВМРО го свртела своето внимание кон дипломатијата. Во септември 1903 година, Пере Тошев, од ВМРО, отпатувал во Цариград да извлече извесни гаранции од официјалните претставници на големите сили. Единственото барање на Тошев било на Македонија да и биде доделен христијански гувернер. За жал, неговото барање било одбиено во корист на status quo. Но, подоцна, кога статистичките податоци за турските злосторства почнале да се слеваат, ставот на големите сили малку омекнал. Во октомври, големите сили повторно го разгледале барањето на Тошев, но наместо

наименување христијански гувернер, секоја држава се согласила да испрати малуброjни "мировни" сили. Тоа воопшто не и помогнало на Македонија. Всушност, тоа го спречило ВМРО од самоодбранбени иницијативи, дури и против нападите на башибозуците (аскерите).

Турските злосторства извршени против макодонските села, во очите на светот, создале лош публицитет за Турција и за нејзините сојузници, западните сили. Како резултат на тоа, турската популарност почнала да опаѓа, као што опаѓала и турската наклонетост кај големите сили. Бидејќи била во голема парична оскудица, а рацете и биле врзани, Турција се свртела кон своите соседи за помош. Прогласувајќи ја Македонија за "мултиинтересна зона" и повикувајќи вооружена пропаганда од Грција, Бугарија и Србија да се справи со бунтот на ВМРО, Турција се надевала да направи пресврт во своја корист. Повторно неактивноста на големите сили ги ставила Македонија и македонскиот народ во опасност.

На крајот на август, по падот на Крушево, Насир-паша бил назначен да ја преземе командата од Омар Рушди-паша. Рушди бил обвинет за разбукнување на востанието, а Насир бил избран да му стави крај на тоа. Насир-паша бил миленик на султанот кој зборувал германски и кого многумина, кои негувале големи надежи за брз крај на востанието, го сметале за цивилизиран. За жал, плановите на Насир опфаќале спалување на СИТЕ побунети села и брзо притеснување в ќоше и фаќање на сите оние кои се бунтуваат. Тој сигурно ги имал "вистинските" луѓе со "вистинската храброст" за спроведување на еден ваков варварски план. За жал, планот на Насир-паша не опфаќал прогонување на четите. "... Региментите кои требаше да ги гонат востаниците заклучија дека е попријатно и поинтересно да ги пљачкосуваат неодбранетите селани и да војуваат со жените и децата," (Стр. 155, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина"). Стратегијата на Насир-паша ја присилила ВМРО и четите повторно да размислат за своите планови и да ја сменат тактиката. Оттогаш па наваму, организираните напади на четите врз Турците се намалиле, а четите се регрупирале да заземат дефанзивни позиции. Загрижени за своите семејства и села, некои од четите се распуштиле и се вратиле да ги

бранат своите домови. Потоа, настанал метеж и безредие, а на 2 ноември 1903 година било објавено дека Востанието завршило.

Според Браилсфорд, четите воделе околу 150 битки со вкупно 746 жртви, што изнесувало околу 15% од вкупните борбени сили. Во најголем дел од овие непријателски судири Турците биле помногуброjни и тоа најмалку десет Турци на еден Македонец. (Стр. 155, Браилсфорд, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина"). Пред се да биде завршено, Турците напаѓале насекаде, дури и изолираните места кои некогаш биле вон дометот на војската. За да се спасат, многу цивили прибегнале кон учествување во походи со борците, па дури и ги следеле во жестоките битки. Нивната единствена сигурност била да бидат со четите. "... Понекогаш, битките се разгорувале за рововите во кои лежеле жените и децата, а мажите се бореле со целата своја храброст да одбранат некој плиток ров, знаејќи дека зад нив засолнетите жени и деца ги очекува масакар ако нивната храброст не успее, или, пак, ако нивните куршуми ја промашат целта." (Стр. 162, Браилсфорд, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина").

Пред да завршам со Илинденското востание, сакам да напомнам дека, иако во источна Македонија немало многу акции и дејства, регионот на Едрене (Дарданелите или Одринско), исто така, се кренал во 1903 година за да му се придружи на македонското востание. Овој заборавен регион, кој некогаш управувал со светот, припаѓал на Македонија во една временска точка бидејќи до денес таму се уште живеат Македонци. Оние што светот ги нарекува помаци Бугари /Pomac Bulgarians/ (преобратени од христијанство во исламот), всушност се Макодонци кои се преобратиле во исламот. Се верува дека христијаните од Едрене го иницирале бунтот, но не можеле да го одржат премногу долго поради бројната супериорност на муслиманската војска и поради фактот дека регионот бил без планини и места за криење.

Не постои добро време за водење војна во било кое општество, а не пак во еден самодоволен земјоделски микрокосмос. Водачите на востанието го знаеле тоа. Тие, исто така, знаеле дека ќе ризикуваат повеќе отколку своите

животи кога повикале на побуна. Приносите немале да можат да бидат ожнеани и луѓето ќе гладувале до смрт. Непрестано бегајќи, тие набрзо зад себе ги оставале своите резерви храна и своите стада добиток. Сега, тие биле без засолниште, под отворено небо. Имало цели села во кои селаните живееле јадејќи само корења и трева. Мали деца умирале во голем број, а мажите и жените наскоро се разболувале од епидемија која ги десеткувала оние кои Турците ги поштедиле." (Стр. 162, Браилсфорд, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина") Дури и оние кои се вратиле од планините не поминале добро. Луѓето од изгорените села се собирале во градовите каде што беспомошни маси од изгладнети жени проселе леб од врата до врата. Тие изгубиле се: домот, летнината, стоката и рачно изработената облека која ќе им траела уште половина живот. Само со помош на дарежливоста и милостието на соседите повеќето од нив успеале да преживеат. Македониците поседуваат единствена сомилост за сите живи суштества. Љубовта и почитта кон животот цветаат од генерација до генерација и се дел од македонската традиција.

Водачите на ВМРО, кои го преживеале востанието, решително реагирале на новата криза со формирање привремени центри каде итно му се дистрибуирала храна и медицинска помош на раселеното население. Додека го правеле тоа, тие истовремено воделе и политичка битка со врховистите за контрола врз самата ВМРО. Бугарите имале испратено комитаџии-атентатори (komitadjis/assassins) да ја елиминираат "старата гарда", но легендарниот Јане Сандански и неговата чета останале активни и бестрашно возвратиле. Кога се расчуло дека Сандански е уште активен, стекнал голем број следбеници и бил во состојаба да ги одбие сите обиди за атентат врз него.

Историјата, во една стерилна смисла, има тенденција да го бележи бројот на жртвите директно поврзани со конфликтот, но се срами да ја прикаже вистинската грозотија од последиците на војната. Вистинските жртви на еден конфликт се невините, кои без своја сопствена вина се оставени да ги сносат последиците од војната. Најнесреќни се оние во чиј дом се води војната. За нив нема излез. Лесно е да се прикажат бројките и статистичките податоци за

убиените, ранетите, бездомните, силуваните, оние што останале сираци, осакатени и слично, ама тешко е да се замисли нивното ужасно искуство. Историјата има начин да не одвои "нас од нив" и да направи разлика меѓу нашите и нивните чувства. Но, тешко дека праведно ги вреднуваме, ако не можеме барем да ја замислиме нивната болка, мака, незадоволство, страв, очај, глад, понижување и беспомошност. Многу новини деца умреле во ужасна смрт од послодиците на Илинденското востание и нивните жртви не смеат да се забораваат.

"Младите жени се плашеле од најлошото, бидејќи во случај трупите (турски) да ги фателе, често биле носени во турските логори каде биле држени неколку дена додека и последниот грубијан кој ги посакувал, не направел со нив што му било волја." (Стр. 163, Браилсфорд "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина"). Многу млади девојки кои преживеале се враќале во своите села. Но, наместо да најдат дом, наоѓале напуштени рушевини и повторно паѓале како жртви на војниците кои се притајувале, или на башибозуците кои пљачкосувале.

Сторијата за македонските паднати борци станува потрагична кога "историските книги", напишани од непријателите на Македонија или од оние кои се под влијание на "политички исправната пропаганда", тврдат дека Македонците кои загинале се Грци, Бугари и Срби. Се чини дека неправдите направени против македонскиот народ не завршуваат со живите, туку продолжуваат да ги прогонуваат дури и мртвите. Зарем не е доволно што живите се лишувани од нивниот дигнитет? Мора ли и умрените да бидат лишувани од нивниот дигнитет? Се додека авторите занемаруваат да ги спомнат "Македонците" во "македонската херојска борба за независност" нема да има сон за живите, ниту почин за умрените. Тие паднати мажи и жени биле Македонци и умреле во една храбра борба да ја ослободат Македонија. Тие НЕ БИЛЕ Грци, тие НЕ БИЛЕ Бугари и тие НЕ БИЛЕ Срби. Да не дозволиме нивните непријатели, кои ги ограбиле нивните деца од нивната иднина, исто така, да ги ограбат нив и од нивното достоинство. Императив е историчарите да сфатат дека секој кој несвесно или неволно изјавува и тврди дека Македонците се Грци, Бугари или

Срби, ја пропагира “грчката лага” и прави морална неправда против македонскиот народ.

Илинденското востание немало среќен крај за Македонија. Македонскиот народ го изгубил својот влог за слобода и ја платил крајната цена. Хенри Браилсфорд во неговата книга “Македонија, Нејзините раси и нивната иднина” ги опишува последиците од Илинденското востание во извесни детали, давајќи специфични прикази за дел од извршените најлоши ужаси. Браилсфорд бил хуманитарен работник во Македонија во текот на конфликтот и бил сведок на некои од настаните опишани во неговата книга. Вреди да се прочита се додека се има на ум дека кога тој зборува за Бугари и Грци, мисли на Македонците кои припагале на Егзархијата, или на црквата на Патријаршијата.

Исто така, наидов на еден напис на Интернет од Благој Стоичоски /Blagoj Stoicocski/, Шестти меѓународен конгрес за Југоисточна Европа, Софија, 1989 (МАНУ), Скопје 1991) со наслов “ПОСТИЛИНДЕНСКИТЕ НАСТАНИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 1904 ГОДИНА СПОРЕД НОРВЕШКИТЕ РЕПОРТЕРИ”, поставен на веб страницата www.makedonika.org.STOICKOVSKIl.htm. Авторот на овие извештаи е Карл Ингвар Нандруп /Karl Ingvar Nandrup/ кој во неколку посебни прилики му пишувал на Неговото височество Оскар II, кралот на Норвешко-шведската унија, во текот на неговиот престој во Македонија, од почетокот на 1903 година до 30 декември 1904 година. Всушност, овој норвешки офицер бил испратен во Македонија под спонзорство на Шведска и Норвешка да работи како инспектор во турската жандармерија (како резултат на “Падарските реформи”, од февруари 1903 година). Авторот на горниот напис успеал да најде два од извештаите на Нандруп, еден од 16 мај, а другиот од 30 декември 1904 година. Оригиналните извештаи биле напишани на норвешки и испратени до кралот во пратка од Скопје. Освен што се тоа документи кои имаат вредност, вреди извештаите и да се прочитаат.

“Секое село што му се придружило на востанието, го сторило тоа со знаење дека може да биде спалено до земја, опљачкано до последното ќебе и до последното пиле, а неговото население десеткувано во тој процес. Тоа што

Македонците доброволно се соочиле со вакви опасности, е доказ за нивната очајност.” (Стр. 159, Браилсфорд, “Македонија, Нејзините раси и нивната иднина”).

Македонското востание не успеало бидејќи имало премногу фактори кои дејствувале против истото. Македонскиот народ покажал волја и решеност и се издигнал над задачата, наспроти сите изгледи и шанси за успех. Во споредба со српските, грчките и бугарските востанија, Македонците биле најрешителни, добро организирани и најочајни, но не биле подготвени. Србите, Грците и Бугарите имале само еден непријател, Турците, ама добиле помош од пријатели на високи позиции (големите сили). За разлика од нив, никој освен самите Македонци не сакал Македонците да успеат. Грците, а особено Бугарите, правеле повеќе отколку што е вообичаено за да создаваат пречки. Големите сили, верувајќи дека нема што да добијат, исто така, се воздржале да и дадат помош на Македонија. Српските, грчките и бугарските борби за слобода ги подготвиле Турците и направиле тие да бидат порешителни во справувањето со Македонците. “Турците воделе војна со жени и деца, а мажите не се осмелувале да го пролонгираат нееднаквиот конфликт со гладување.” (Стр. 163, Браилсфорд, “Македонија, Нејзините раси и нивната иднина”).

Кога конфликтот завршил, луѓето кои се вратиле во своите села биле премногу ожалостени и премногу погодени кога виделе дека куќите им се уништени. Згора на сите зла, зимата се наближувала, а не можело да се најде ниту храна ниту засолниште. “Селата биле само куп јагленосано дрво и исцрнет камен, закопани под црвената прашина која дождот ја претворил во кал. Неколку ѕидови се уште стоеле исправени и биле единствената надеж за зимата.” (Стр. 164, Браилсфорд, “Македонија, Нејзините раси и нивната иднина”). За да бидат работите уште полоши, бил заведен полициски час за движење и, оние кои биле далеку од домовите, се нашле оставени на цедило. На оние на кои им требало работа, не им било дозволено да ги напуштат своите вилаети. Ова било првпат во македонската историја Македонците воопшто да размислуваат за емигрирање за навек. Многу од првите македонски иселеници во Канада, САД и Австралија биле бегалци од илинденските последици.

Кога извештаите за Востанието веќе не можеле да бидат задржувани и филтрирани во странските медиуми, станало јасно дека Турците но биле толку успешни колку што тврделе во зачувувањето на мирот и одржувањето на статус кво во Македонија. Големите сили, особено Британија, биле вознемирени од злосторствата извршени од турските војници. На инсистирање на Британија, големите сили препорачале европски офицери да ја преземат командата врз турската жандармерија. За жал, европските офицери биле христијани и Турците одбиле да примаат наредби од нив. Германските офицери имале извесен успех бидејќи тие ги обучувале Турците, но не доволно за да постигнат голем ефект. За да се спречи натамошно влошување на ситуацијата, Британија притискала за реформи на високо ниво, што резултирало со назначување двајца турски инспектори. Едниот бил Хилми-паша, поранешен гувернер на Јемен. Тој бил испратен во Солун како генерален инспектор со наредби да ја реформира турската администрација. Но, како и обично, ништо не било направено. "Хилми-паша издал еден проглас во Битола, во кој се велело дека судовите биле реформирани, дека полицијата и жандармеријата биле реорганизирани, дека се наименувани стражи за христијанските села, дека училиштата се повторно отворени и дека патиштата и мостовите биле поправени. Продолжил, најавувајќи дека ако навистина се не било како што треба, тогаш тоа било поради тоа што злобни луѓе настојувале да ја попречат Владата." (Стр. 112, Дакин, "Грчката борба во Македонија 1897-1913"). Никој не бил заведен од зборовите на Хилми-паша.

Пред востанието, Русија и Австрија предложиле една "Виенска шема на реформи", со која од Турците се барало да постават по еден инспектор-генерал во секој македонски вилает, за минимален период од три години. Накратко, реформите предлагале локална контрола во регрутирањето трупи, локална контрола на финансиите и на поставување странски експерти во Македонија. Жандармите требало да регрутираат од локалните ресурси, односно локалното население, за да се одрази пропорционалноста на населението. Општа амнестија требало да им се даде на сите уапсени или протерани, а сите нерешени судски предмети требало да се решат без одлагање. Очигледно, овие реформи

не успеале и за нивниот неуспех биле обвинети Русија и Австрија поради занемарување.

По востанието, како што состојбата во Македонија се влошувала, Британија, плашејќи се дека Бугарија веднаш ќе и објави војна на Турција, притиснала за повеќе реформи. Како резултат на тоа, на 2 октомври 1903 година бил изготвен нацртот на Мирцштегската програма за реформи /Murzsteg Reform Program/, а на 23 октомври таа им била предложена на Турците. Реформите, нецелосно, гласеле како што следува:

1. Два цивилни застапника, еден од Русија и еден од Австрија, требало да му се придружат на инспекторот-генерал (на полицијата) Хилми-паша за период од две години, за да го придружуваат насекаде и да му го свртат вниманието за злоупотреба на власта и за препорачаните правни лекови. Од нив, исто така, се очекувало да ги известуваат своите влади за сите активности.

2. Отоманската жандармерија требала да се реорганизира од еден "генерал од странска националност" и нему да му се придружат воени офицери од војските на големите сили за да раководи, врши преглед, дава инструкции и да известува за активностите на Турците.

3. Штом востанието било задушено, големите сили побарале административна реорганизација на македонската територија врз основа на "националностите".

4. Административните и судските институции требало да бидат реорганизирани за да се овозможи христијански службеници да раководат со нив.

5. Мешани комисии, со конзуларно членство од Русија и Австрија, требало да бидат формирани во вилаетите за да вршат истрага за политичките и други кривични дела.

6. Турската влада требала да издвои посебен буџет за да плати за враќање на бегалците и за повторна изградба на разрушените куќи, училишта, цркви итн. Парите требало да бидат дистрибуирани под надзор на австриски и руски конзули.

7. Христијанските села, запалени до земја од турските трупи и башибозуците, требало да бидат ослободени од плаќање на сите даноци за една година.

8. Турската влада била обврзана, без одлагање, да ја примени "Виенската шема на реформи", воведена во февруари 1903 година.

9. Турската втора класа резервисти требало да биде распуштена, а на башибозуците да им биде забрането да се поврзуваат и да се здружуваат.

Мирцштегската програма за реформи, како и нејзиниот претходник Виенската шема на реформи, очигледно ги немала предвид интересите на македонскиот народ. Овде, приоритет било Турција да се чува настрана од проблеми, но да ја контролира Македонија. На 24 ноември 1903 година, турската влада во принцип ја прифатила Мирцштегската програма за реформи од девет точки, задржувајќи го правото подоцна да преговара за деталите. Забележувајќи дека има двегодишно ограничување на одредбата 1, Турција се ценкала за деталите, воведувајќи одлагање по долго одлагање, додека големите сили продолжувале да покажуваат индиферентност. Било изгубено скапоцено време додека Турците си припишувале заслуга за релативната смиреност во Македонија, која, главно, се должела на зимското време. Со време, Мирцштегската програма за реформи, како и нејзиниот претходник Виенската шема, влегла во "аналите на празните ветувања".

Како што претходно е спомнато, решена да го искорени влијанието на ВМРО, Турција им се обратила на своите соседи за помош. Прогласувајќи ја Македонија за една "мултиинтересна зона", Турција повикала вооружена пропаганда од Грција, Бугарија и од Србија за да ги одбие востаниците.

Неуспешното востание, загубата на многу големи водачи на ВМРО, турското забавување и сега странското влијание, било премногу за ВМРО. Тесните врски со селата и идеолошките разлики меѓу изолираните ограноци на ВМРО се продлабочувале. Иако ВМРО продолжила да постои, и недостасувало водство и била на работ на идеолошки колапс. Но, со време, таа успеала да свика уште два конгреса. Со појавувањето на книгата на Крсте Мисирков, се ширел нов бран на мислење низ цела Македонија. Мисирков предупредувал на паѓањето под влијание на шовинистичките елементи и препорачувал да се преземе понационалистички

приод, со цел да се отстранат врховистичките и конзервативните елементи. На Прилепскиот конгрес одржан во мај 1904 година, ВМРО била ревитализирана и нејзината независност повторно била потврдена (овојпат со социјалистички карактер). Најзначајниот развој на настаните што произлегол од овој Конгрес, била способноста на ВМРО самата да се ослободи од своите конзервативни елементи и да усвои резолуција за децентрализација на организацијата и да даде поголема власт на подокрузите. Овој Конгрес, буквало, ја поделил ВМРО на две идеолошки спротивставени половини. Додека членовите на левицата на ВМРО усвоиле одбранбена стратегија, десното крило на конзервативните врховисти усвоиле водење на политика на обновена конфронтација. Двете фракции продолжиле да се маскираат под истиот барјак, односно под исто име, и биле насочени кон отворена пресметка и конфронтација. Пресметката се материјализирала во ноември 1905 година, во Рилскиот манастир, во близина на македонско-бугарската граница, и земала форма на генерален конгрес. Имало една точка од витално значење за агендата - да се определи раководењето на Организацијата. Вкупно дваесет и два избрани делегата присуствувале на Рилскиот конгрес и со тајно гласање левицата излегла како победник.

Како резултат Рилскиот конгрес, бил издаден правилник кој ги објавил целите на Централниот комитет, кои во основа повикувале на:

а. создавање автономна и независна Македонија;

б. постигнување на ова со помош на еден обединет национален фронт, во текот на еден долг период револуционерна активност;

в. пружање отопор кон секакво странско мешање.

Била додадена уште една заштитна мерка, која е вредна да се спомне. ВМРО сега имала капацитет повторно да повика на востание со 75% мнозинство гласови од своите делегати. Тие можеле единствено да бидат кандидирани од регионалните поткомитети во рамките на Македонија; заштитна мерка која гарантирала дека повеќе нема да има мешање од Софија и од врховистите.

По поразот на Рилскиот конгрес, Десното крило на врховистите ја избрала Софија за свое трајното седиште и

тоа продолжило да води терористичка војна против раководството на ВМРО. И Никола Карев во 1905 година, и Даме Груев во 1906 година, биле индиректно елиминирани со терористичките акти на врховистите.

Бугарското мешање во Македонија не само што му нанело штета на револуционерното движење, туку внело и страв кај цивилното население, созревајќи ги на тој начин условите за балканска интервенција. Грција, а подоцна и Србија, брзо ја искористиле предноста во однос на една слаба ВМРО и на исплашеното население. Со помош на турската војска, тие биле способни да ги интензивираат вооружените пропагандни кампањи внатре во Македонија. Целта била да се убијат два зајака со еден куршум. Со тоа што било очи и уши на Турците, грчкото свештенство ги шпиунирало Македонците и им ги оддавале информациите на турските власти. Од своја страна, турската војска ги интензивирала своите активности за искоренување на остатоците од четите и нивните водачи. Во исто време, сред сиот терор, истите тие грчки шпиони на Македонците им го нуделе хеленизмот како еден начин да се спасат. "Никој не може да негира дека Грците многу им должеле на Турците. Навистина, победата на Турците во 1903 година била спас за хеленизмот во Македонија. Од самиот почеток, грчкото свештенство и угледни личности смислиле начини како информациите да им ги доставуваат на Турците. Турските власти, од своја страна, топло ја дочекале ваквата поддршка." (Стр. 118-119, Дакин, "Грчката борба во Македонија 1837-1913").

Најозогласен од грчкото свештенство бил митрополитот костурски, архиепископот Германос Каравангелис. Тој бил испратен во Македонија од патријархот Константин V кој го фаворизирал атинскиот (најнационалистичкиот) стил на хеленизмот и го избрал Каравангелис како вистински човек да ја изврши работата. Дакин го претставува Каравангелис како харизматична и способна личност која е чест за човековата раса (Стр. 119-127, Дакин, "Грчката борба во Македонија 1897-1913"). Но, тоа е далеку од вистината, Каравангелис бил неморален убиец и срам за христијанската религија. Каравангелис бил лично одговорен за убиство на стотици македонски патриоти, вклучувајќи свештеници, угледни личности, учители и водачи на ВМРО. Тој бил

лично одговорен и за хеленизација на стотици македонски села, со сила и со чист терор. Ако сакате повеќе да дознаете за терористичките акции на Каравангелис во Македонија, прочитајте ја неговата биографија (оригинална верзија) "Arheio Makedonikou Agona, Pinelopis Delta, Apomnimoneymata, Germanou Karavaggeli, Georgiou Dikonymou Makri, Panagioti Papatzanetea". Прв приоритет на Каравангелис, по прифаќање на позицијата на митрополит костурски, било да собере војска. Не можел да увезе, бидејќи големите сили набљудувале, па затоа прибегнал кон купување војска. Најподатлив и слабоумен човек кој би си ја продал својата душа за злато, бил самопрогласениот разбојник Коте од Рула ("миленикот на Атина"). Коте го продавал својот народ за грчкото злато. Од најпочитуван водач на чета, Коте станал најомразен човек во Македонија. Кога Каравангелис ќе одлучел кој треба да умре, Коте станувал џелат. Освен редовната плата за убивање, Коте и неговата банда никаквеци примале дополнителна награда во златници за донесување одредени делови од телата на нивните жртви. Додека Коте вршел убиства во македонските села, Каравангелис, лично со турска придружба, вршел хеленизирање. Никој и ништо не можело да му се испречи на патот. Оние кои Каравангелис не можел да ги купи или подмити, наредувал да бидат убиени. "Со ограничување и фрагментирање на Внатрешната организација во Западна Македонија, Коте и Каравангелис не само што предизвикале планираното кревање на востанието постојано да се одлага, туку, исто така, довеле тоа да биде кренато предвреме; и, на крај, тие двајцата придонеле за неговиот пораз и неуспех. Вистина, најголемиот дел од архивираните дејства (апсења, претресувања и напади врз селата и групите) биле извршени од Турците, ама тие речиси секогаш дејствувале според информациите што ги добивале од Каравангелис или од неговите агенти. Повторно тоа бил Каравангелис кој ги убедил Турците да го нападнат Смардеши /Smurdersh/ на 9/22 мај 1903." (Стр. 132, Дакин, "Грчката борба во Македонија 1897-1913").

"По Илинденското востание од август 1903 година, Каравангелис бил тој кој, придружуван од 600 турски војници, ги посетувал селата, вршел литургија, зборувал со

селаните и ги повикувал да го предадат оружјето. Резултатот бил: дури и такви упоришта како Апоскеп, Загоричани и Габреш, кои само неколку месеци пред тоа се изјасниле како егзархистички, сега се преобратиле во верници на Патријаршијата. Без поддршката од Турците, сомнително е дали работата на Каравангелис ќе била толку успешна. Но, исто толку е сомнително дали, ако не биле активнистите на движењето против Патријаршијата, турските власти можеле да и зададат таков решителен удар на Внатрешната организација (ВМРО)." (Стр. 135, Дакин, "Грчката борба во Македонија 1897-1913").

Дури и моето мало село Ошчима не се спасило од раката на Каравангелис. Било неделно утро кога Георгиос Цантос (Варда) и неговата банда дошле во Ошчима со цел да го убијат Поп Ѓеорѓи Попов. По пат, налетале на еден млад човек по име Јане Џигеров кој ја носел својата мазга на пасење. Не е познато што се случило, ама овој млад човек бил пронајден мртов, со пресечен грклан. Откако го убил Јане, Варда насилно влегол во црквата Св. Никола и го убил Поп Ѓорѓи така што го пробол неколку пати. Потоа, му ја одрал брадата и му го отсекол прстот со кој давал благослов. Варда бил спремен да убие уште многумина ако не дошла Ошчимаската чета предводена од Божин Темов, која го истерала Варда и неговите силеџии надвор од Ошчима, држејќи ги на нишан. Брадата и прстот на Поп Ѓеорѓи Попов му биле испорачани на Каравангелис во замена за злато.

Што се однесува до Коте од Рула, лакомоста била посилна од лојалноста. Лазо Папатрајков, придружник на свадбата на Коте и човек кој двапати му го спасил животот на Коте, бил на врвот на листата на Каравангелис. По една престрелка со Турците во Мариово, се прочуло дека Лазо Папатрајков, водач на вмро, добил рана во главата и дека бил во бегство. Коте го стигнал кај Турска Полена во Ошчима и, по долг разговор, двајцата мажи се поздравиле за разделба и Коте заминал. На пат кон Злетово, Коте испратил неколку Злетовци да го убијат и да му ја отсечат главата на Лазо. Главата на Лазо му била дадена на Каравангелис за неговата "колекција со награди". Обезглавеното тело на Лазо било закопано зад олтарот во црквата Св. Никола во Ошчима.

Конечниот срам и немилост за Каравангелис дошле по масакрот на селото Загоричани. Одбивајќи да му се приклонат на хеленизмот, селото Загоричани, во согласност со директните наредби од Каравангелис, било масакрирано до последниот човек, до кој грчките раце можеле да го фатат, вклучувајќи и неродени деца внатре во утробата на бремените жени. Очевидци известувале за бремени жени со пресечени и отворени стомаци. Преживеаните кои се спасиле од злосторствата, одбиле да ги закопаат мртвите тела на своите соседи. Со денови убиените биле чувани додека европските конзули од Битола не дошле самите да се уверат во сверствата. Еве што Браилсфорд имал да каже: "Ремек-делото на овој хеленски воен поход било направено во Загоричани, големо бугарско село (забелешка на авторот: македонско село, немало бугарски села во Македонија), во близина на Клисура, кое, како и Мокрени, имало водечка улога во Востанието од 1903 година и кое, како Мокрени, било спалено до земја од Турците. Една грчка банда, за која се вели дека броела повеќе од двесте мажи под водство на тројца грчки офицери во униформа, ненадејно го нападнало селото во ноќта (6-7 април, 1905 година), со звуци од ловечки рог кои ги навеле селаните да претпостават дека турски регуларни војски маневрираат во соседството. Запалиле десет куќи и дваесет и осум привремени домови, подигнати среде рушевините од последниот пожар. Раниле седум лица и убиле но помалку од шеесет, а меѓу нив седум жени, дваесет и две лица постари од шеесет години и пет деца под петнаесет години. Има многу докази кои покажуваат дека локалните турски власти го држеле во тајност овој масакр, а некои околности изгледа дека го вклучуваат и архиепископот костурски. Сосема е јасно дека на ниеден конфликт или провокација не му претходеле на она што очигледно бил намерен масакр, и единствена причина што било одбрано Загоричани е таа што тоа селото бил ревносен и патриотски бугарски центар и што не ги послушало повиците на грчкиот архиепископ да му се врати на Патријаршијата." (Стр. 216-217, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина"). По масакрот, кога било откриено дека Каравангелис бил вплеткан, за да избегне да биде казнет, кукавичкиот костурски архиепископ избегал на Света

Гора, каде поминал две години во криење пред да побегне во Австрија. Денес, постои биста на Каравангелис во Костур, во слава на неговите "големи придонеси" кон хеленизмот.

Весникот "Роумани" /Roumanie/ од Букурешт, го објавил текстот на едно циркуларно писмо најдено од Турците во некои документи, одземени лично од грчки затвореник. Текстот изгледа како вистински грчки документ и неговата автентичност не е ставена под знак прашање од грчките органи. Се вели дека на него има печат на грчкиот комитет. (Запомнете дека немало никакви Бугари или "Булгари" во Македонија). Текстот гласи вака: "Храбри бранители на хеленизмот, ви се обраќам вам денес со цел да изразам благодарност која цела држава ја чувствува за се што сторивте и што допрва ќе направите во интерес на татковината. Продолжете ја борбата против бугарските убијци, не занемарувајќи никакви средства кои ќе му покажат на светот дека Македонија е чисто грчка. Уништете ги свештениците, учителите и угледните личности кои ги сочинуваат бугарските комитети. Крајно време е во практика да се спроведе изреката: "Око за око, заб за заб". Кога станува збор за освета, не смееме да ги поштедиме Бугарите, дури и кога се кријат под одора на свештеник. Палете, пукајте, убивајте и пречистете ја почвата на Македонија од се што е егзархистичко. Врховниот панхелески комитет реши да ја интензивира борбата искористувајќи го вашето оружје, о, храбри војници. Иако за некои можеби Комитетот не изгледа дека дораснал на приликата во минатото, причината е што официјална Грција се двоуми. Но, што е официјална Грција за нас кога го имаме одобрувањето од целиот хеленски свет? Тогаш, напред, додека не го збришете последниот Бугарин во нашата Македонија! Вашите имиња ќе бидат испишани со златни букви во аналите на човештвото. Нека небото даде денот да биде блиску кога сонцето на хеленизмот ќе грее над Македонија; тогаш ќе има мир за нас и за Турците, со кои сме во најдобри односи. Нека нашето мото биде: Исчистете ја Македонија од Бугарите." Цитат од одличниот труд на М. Гаулис, "Макодонија" /M. Gaulis, La Macedonie/. (Стр. 217, Браилсфорд, "Македонија, Нејзините раси и нивната иднина").

Македонците биле добро запознати со убиствените активности на бугарските врховисти чии нови бранови на терористички групи почнале да навлегуваат на источните граници на Македонија, во март 1904 година. За среќа, оружените сили на Јане Сандански се уште ја контролирала пиринската област и многу често успешно го одбивале напредувањето на Бугарите. На запад, банди млади Турци, кои дезертирале од војската во текот на Илинденското востание, им се придружиле на албанските банди, пљачкосувајќи и убивајќи неселективно. Од север, српски групи почнале да навлегуваат на македонска територија. До средината на 1905 година, имало единаесет групи со вкупно стотина луѓе кои пљачкосувале, убивале, спалувале цели села и го истурале својот специфичен вид терор. Најжестока кампања била водена од грчките терористи кои навлегле во јужноцентралните региони на Македонија. До 1905 година, Грците внеле еден контингент Критјани, стотици силни терористи, потпомогнати од турски дезертери кои непречено скитале убивајќи и срамнувајќи со земја цели села. До 1906 година, осум групи со повеќе од 400 луѓе оперирале само во Солунско, а други дванаесет банди (600 луѓе) околу Битола.

Паралелно со упадите на вооружените банди, во Македонија повторно се појавиле странски училишта и пропагандни институции под директива на грчката и бугарската црква. Терористичките групи влеале страв кај македонското население, и црквите брзо си ја презеле улогата на заштитник, поставувајќи ја сцената за поделба на Македонија. За нивна жалост, нешто друго се готвело во Турција: либерализмот, предводен од мала група млади Турци, едуцирани во Европа.

ГЛАВА 25 - МЛАДОТ ТУРСКОТО ВОСТАНИЕ И БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ 1912-1913

Програмата за реформи од Мирцштег била последната надеж за големите сили да го спасат Отоманското Царство во Македонија. И додека Мирцштегската програма за реформи се покажала јалова за Македонците, таа им ги зголемила надежите на Грција, Бугарија и Србија. Точката три од Мирцштегската програма која вели дека "штом востанието ќе биде задушено, големите сили ќе побараат административна реорганизација на македонската територија врз основа на националната припадност," им го привлекло вниманието на грчките, бугарските и српските протагонисти.

Добро било познато дека немало грчки, бугарски или српски националности кои живееле во Македонија, но тоа не ги спречило новите балкански држави да ги измислат истите. Тркалата на протагонизмот се придвижиле кога тие се обиделе да убијат два зајака со еден куршум, со тоа што умешно ја замениле "националноста" со "верска припадност". До крајот на XIX век, христијанскиот милет на отоманската Македонија веќе бил поделен на два милета (милет на Грчката патријаршија и милет на Бугарската егзархија). Прво, бидејќи немало македонски милет, немало "управувачко тело" да ја претставува македонската вероисповед. Второ, бидејќи сите христијани во Македонија веќе припаѓале на едниот или на другиот милет, било лесно да се прават "национални" претензии, односно барања во интерес на "религиозната припадност". Со современи зборови, сите Македонци кои припаѓале на верниците на Патријаршијата, по националност се сметале за Грци. Слично, сите оние Македонци кои припаѓале на верниците на Егзархијата, по националност се сметале за Бугари. Со воведување на српски цркви и училишта, Србија подоцна користела слични тактики за да тврди дека во Македонија постои српска националност.

На сите Македонци кои припаѓале на црквата на Патријаршијата им биле дадени грчки или "хеленизирани" имиња. Слично, на сите Македонци кои припаѓале на црквата на Егзархијата им биле дадени бугарски имиња. Во

многу случаи на браќа, родени од исти родители, им биле давани различни презимиња, бидејќи се случувало тие да одат во различни цркви. Нивниот избор во која црква ќе одат немало никаква врска со лојалноста кон едната или кон другата фракција, туку повеќе имало врска со локацијата на црквата во однос на домот. Секој брат одел во онаа црква која била најблиску до неговата куќа, како што тоа отсекогаш го правеле. Тажната страна сега била што секоја лажичка религија содршела и доза отровна пропаганда.Биле натерани, брат со брата да си ги мери силите, еден борејќи се за "хеленизмот", а другиот за "бугаризмот". Во почетокот на Илинденското востание, најголемиот број македонски села припаѓале на егзархистичката црква. Но, со зголемените грчки активности преку Каравангелис и други слични нему, работите почнале да се менуваат. Грчкиот успех, главно, се должел на турско-грчкиот сојуз и на помошта од турската војска. Македонскиот народ бил толку многу исплашен, што бил спремен да направи се за да одбегне натамошни казнувања.

Сојузот, што на Грција и дал да има контролна позиција во таа ситуација, не поминал незабележан од Бугарите. Британските стравувања за една турско-бугарска војна биле намалени кога Бугарија на 8 април 1904 година потпишала мировен договор со Турција. Бугарија ветила дека ќе ги редуцира субверзивните акции во Македонија, во замена за турските ветувања дека ќе ја спроведува Реформската програма од Мирцштег и дека ќе ја прошири до едренскиот регион (Дарданелите). Русија не била премногу среќна поради договорот, особено што Бугарија почнала сама да прави потези кон Едрене. Бидејќи Едрене било од стратешко значење, Русија се надевала, во свое време, да го анексира кон себе.

Изгледите за намалување на бугарските упади во Македонија биле добредојдена вест за Каравангелис. Грците сега можеле да увезуваат борци од Крит за да се борат против македонските чети, рамо до рамо со нивните турски сојузници, без бугарско мешање. За жал, додека тие ги редуцирале воените упади, Бугарите ги засилиле активностите на Егзархијата, создавајќи силна конкуренција за Грците. Свештенството на двете страни се обидувало да ги

придобие истите верници, бидејќи двете страни се назначиле себеси за заштитници и бранители на народот. Во очите на светот тие станале амбасадори на христијанските верници во Македонија. Овој натпревар да се привлечат што поголем број верничи од секоја парохија, создал конфликт меѓу спротивставените фракции. Конфликтот се претворил во насилство по селата каде што двете групи постоеле и се бореле за контрола врз селските цркви. Турците биле индиферентни кон препирките поради нивната религиозна природа и останале неутрални во црковните спорови. Кога борбите се разгореле, Турците ставиле катанци на црквите, така што ниедна од групите не можеле да го користат. Како што натпреварувањето за контрола на селските цркви се интензивирало, така се интензивирало и војувањето на разбојниците. Локалните конфликти никогаш не поминале незабележано и патријарсите и егзархистите испратиле платени убијци да ги елиминираат т.н. "бељации". Многу свештеници, учители, угледни личности и раководители во заедницата, на овој начин ги изгубиле своите животи.

Западните сили имале мала верба во Турците и во нивните стари отомански конзервативни исламски вредности, но повеќе претпочитале во Македонија да се одржува позицијата на status quo. Имало два фактора во игра кои ги спречувале силите да преземат дејство. Првиот бил доходовните отомански увозно-извозни пазари од кои отоманскиот купувач бил зависен за различни стоки и смелите потфати за печалење пари од западните капиталисти кои тие не сакале да ги изгубат. Вториот бил борбата за моќ меѓу самите големи сили за да владеат на Балканот. Силите биле затворени во една диппоматска прегратка во која ниедна не можела слободно да маневрира без да ги поремети другите. Секоја од големите сили знаела дека една ненадејна или голема промена во корист на било чија политика, би резултирала во вооружена борба која би ги вклучила сите нив. Никој не сакал "светска војна" во своите раце.

Едно време, Британија размислувала за создавање автономна Македонија, но знаеле дека Русија и Австрија би биле против тоа. "Било среќа за Грција, во оваа временска точка, што плановите на Лендсовн /Lansdowne/ се изјаловиле во морето на европската политика и што и Русија и Австрија

се спротивставуваат на македонската автономност.” (Стр. 152, Дакин, “Грчката борба во Македонија 1897-1913”). Ова е важен факт кој СИТЕ треба да го знаат, што е во спротивност со “грчката пропаганда” дека не постоеле Македонци пред 1945 година. Еве документиран доказ дека македонската нација, навистина, постоела пред XIX век и била многу блиску до стекнување независност. ЦЕЛОТО Илинденско востание било за Македонија и за Македонците, потврдувајќи ја нивната желба да живеат еднакво со другите во светот. Големите сили, особено Британија и Русија, му должат на македонскиот народ да ја кажат вистината за тоа што направиле тие и да стават крај на непрекинатата “грчка пропаганда”. Веќе нема смисла на македонскиот народ да му се спречува да си го заземе своето правично место во светот. Тие сигурно не се закана за никого. Оние кои извршиле злочини против македонскиот народ и продолжуваат да го негираат неговото постоење, очигледно имаат проблем. Но, зошто да се казнуваат жртвите, кога се жртви?

Западните сили не биле среќни поради начинот на кој Турција се справувала со реформите во Македонија, но во исто време, не можеле да се усогласат меѓу себе да изнајдат едно одржливо решение. Илинденското востание било повик кој ги разбудил во врска со тоа колку итно биле потребни реформи.

“Во текот на втората половина од XIX век, нови општествени сили испливале на површина во Турција. Имајќи ги предвид условите на апсолутизмот во рамките на Империјата, појавата на либерализмот изгледа дека била неизбежна. Ова ново кредо земало форма на политичко агитирање, повикувајќи на широк спектар реформи. Тоа било предводено од страна на турската буржоазија која била во зачеток, а поддржано од европско-едуцираната интелигенција.” (Стр. 125, Радин, -ВМРО и македонското прашање”).

Младотурското движење било активно најмалку триесет години, од времето кога на турските студенти им било дозволено масовно да учат во европските училишта. Меѓу другото, младите Турци биле за тоа да им се даде самоуправа на Македонија, Тракија и на Албанија и верувале дека Отоманското Царство може да биде спасено преку реформи.

Кога започнало Илинденското востание во 1903 година, многу од овие европски образовани студенти веќе им се придружиле на редовите на турската војска како млади офицери. Извршените злосторства и методите што се користеле за справување на востаниците во текот на пост-илиденскиог период, биле против принципите на овие млади луѓе и многу од нив дезертирале од турската војска. Некои им се придружиле на скитачките албански банди, со надеж дека ќе извлечат помош од нив да формираат опозиција во однос на султанот. Некои се обиделе да воспостават контакти со ВМРО, надевајќи се дека ВМРО ќе им се придружи ним за да дигнат востание против султанот.

До 1905 година, Младотурците се организирале под паролата "Обединување и напредок", со седиште во Солун, подалеку од досегот на султанот во Цариград. Не поминало долго време и тие добиле, до извесна мерка, контрола врз локалната турска војска, особено во Македонија. Не било тешко да се убедат војниците, кои служеле во Македонија, дека се друго е подобро отколку убивање и масакрирање жени и деца.

Откако ги набљудувале дејствата на тие млади Турци, раководството на ВМРО било убедено дека е подобро да се работи со нив отколку против нив. Младотурците, исто така, нуделе самоуправа и значајни аграрни реформи ако добиеле власт, што било атрактивно за најголемиот број водачи на ВМРО. Даме Груев и Никола Карев веќе биле мртви, така што ВМРО останала во рацете на Ѓорче Петров, кој фаворизирал едно урбано-водено востание. Популарноста и силата на Востанието, сепак, лежеле во рацете на легендарниот Јане Сандански. Тој го поддржувал младотурскиот режим, особено нивните перспективни програми за аграрна реформа.

Дејствата на младите Турци не поминале незабележани од Султанот кој им се жалел на Големите сили, но не добил повратна реакција веднаш. Државниот удар не станал реалност, се додека "ѕвездата што доаѓа", Енвер-бег од Албанија, не бил повикан во Цариград да добие воено унапредување од султанот. Стравувајќи дека тоа бил обид за атентат, Енвер-бег и неговите следбеници побегнале во планините и повикале на отпочнување на револуцијата.

Востанието прво станало реалност во поголемите градови, во форма на демонстрации. На 22 јуни 1908 година, само во Солун имало 20.000 протестанти. До 3 јули, младотурските офицери ја зазеле контролата врз најголемиот дел вооружени сили на султанот, а до 22 јули цела Македонија била слободна.

За да си го одржат зборот, Младотурците ги ослободиле сите политички затвореници и почнале да работат на реформите. Нивниот прв акт било да му испратат ултиматум на султанот повторно да го врати Уставот од 1876 година. Бидејќи не бил во позиција да се спротивстави, султанот Абдул Хамид II неволно се обврзал на тоа. Штом Уставот бил повторно воведен, била прогласена амнестија за сите оние кои биле вооружени, вклучувајќи ги четите и сите странски групи. Македонците, Србите и Бугарите ја искористиле амнестијата, се симнале од планините и го предале своето оружје. Грците, кои имале најмногу да изгубат, отпрво се двоумеле, но подоцна се загреале за идејата. Имале соништа дека можат да си ја повратат нивната поранешна слава во Фанар (грчки кварт во отоманскиот Истанбул).

Но, како што се покажало, Младотурците биле многу сомничави кон Грците и на нив гледале со внимание. Грчкиот сон да владеат од Фанар не се остварил. Со време, со деактивирање и протерување на вооружените групи, младотурскиот режим и донел стабилност на Македонија.

Младотурскиот режим, со седиште во Солун, опстанал непречено повеќе од шест месеци. Тогаш, со помош од четата на Јане Сандански, Младотурците го нападнале и успешно го зазеле Цариград. За жал, дотогаш станало очигледно дека младотурскиот режим бил премногу зависен од турското државно уредување и бирократскиот апарат, за своето опстојување. Како резултат, тој морал да ги подреди повеќето свои реформски програми за да ја заштити својата сопствена сила и моќ. Всушност, по сето ова време на власт, младотурскиот режим сторил малку за да ги намали социјалните и економски проблеми во македонските села.

За да ги поттикне Младотурците да ги одржат своите ветувања, Сандански имал свој план. Предложил за возврат за помошта од ВМРО, од Младотурците да се бара да ја

прераспределат толку потребната земја во корист на сиромашните (без земја) Македонци. Освен тоа, за да се осигура дека земјишните реформи ќе се спроведат онака како што е договорено, Сандански побарал нему лично да му биде доверена задачата да организира селска војска и да ја надгледува примената. За жал, додека предлозите на Сандански биле широко прифатени од македонските селани, тие привлекле негативно внимание во странство. Првите кои се пожалиле биле Грците како што следи: "Последиците од планот на Сандански, како што, за жал, е потврдено од настаните, би биле ужасни (за нас). Освен ако нешто друго, како војна или договор помеѓу европските сили, не го реши македонското прашање во наша корист, мое мислење е дека не може да има никакво сомнение дека решавањето на аграрното прашања ќе создаде можности за конечно решавање на македонското прашање..." (Стр. 127, Радин, "ВМРО и македонското прашање").

Потегот на Сандански за соработка со Младотурците бил радикално отстапување од политиката на ВМРО (зграбување на власта со револуционерни средства). За да ја искористи новонастанатата ситуација и да остане на својот курс, ВМРО формирала огранок наречен "Народна федеративна партија" (НФП). НФП официјално започнала со активност во почетокот на 1909 година и го притискала младотурскиот режим да развие еден квази-парламентарен систем и да го зачува националниот и територијалниот интегритет на Македонија, во рамките на Отоманската Федерација.

Додека НФП се организирала и била спремна да се справи со актуелните прашања, младотурскиот режим го губел својот капацитет за прогресивен развој и стагнирал. Дотогаш, на ВМРО и станало очигледно дека без основната поддршка од турскиот естаблишмент, режимот водел изгубена битка. Неговото доаѓање на власт резултирало од еден државен преврат, а самиот режим не бил ништо повеќе отколку "диктатура".

Младотурскиот режим бил една "идеја поддржана од Запад", едно "алтернативно решение" за еден проблем без крај. Мнозинството од водачите на ВМРО не можеле да се согласат да обезбедуваат континуирана поддршка и размислувале за прекинување на односите со Младотурците.

За да бидат работите уште полоши, една класна борба (социјализмот) се подготвувала во Европа, предизвикувајќи немири помеѓу (богатите и сиромашните, поделувајќи ги луѓето по класна линија. Така наречените "религиозни војни" помеѓу приврзаниците на Патријаршијата и на Егзархијата, исто така, имале свои ефекти, дополнително поделувајќи ја ВМРО и македонскиот народ. До 1910 година, вооружената пропаганда во Македонија била заменета со грчки, бугароки и српски "политички клубови" кои постојано работеле против агендите и лидерите на НФП.

Додека Русија имала измешани чувства за младотурскиот режим, на европските сили, особено на Британија, која преку интриги го создала режимот, им олеснало да се ослободат од старите програми за реформа. Британија ја одобрила соработката помеѓу НФП и Младотурците, што предизвикало натамошно расцепкување помеѓу НФП (која сакала да создаде автономна Македонија во рамките на Отоманската Федерација) и "народната" ВМРО (која сакала независност по пат на вооружено востание). За жал, младотурскиот режим, со сите свои ветувања, не ги исполнил очекувањата и се вратил на стариот турски начин на владеење. За да ги одбие обидите за државен удар од екстремистичките фракции, младотурскиот режим прибегнал кон диктаторско владеење, наместо да ги спроведува либералните програми. Ваквото заострување се манифестирало во бројни репресивни закони во Македонија, вклучувајќи го законот за штрајкови, политички здруженија и оружени групи. Овој пресврт во политиката, повторно го дестабилизирало македонското општество, враќајќи ја назад старата угнетувачка политичка клима. НФП и сите други политички, културни и професионални организации биле ефикасно забранети, присилувајќи ја ВМРО да оди во илегала. Македонскиот народ, во меѓувреме, бил повторно фрлен назад во анархија и оттогаш работите тргнале надолу.

Младотурскиот режим ја претскажал својата сопствена смрт. За да се спаси себеси, помеѓу 1910 и 1911 година, тој повторно населил речиси четврт милион Турци во Македонија, надевајќи се дека ќе ја одржи контролата врз Македонија, ако тој биде исфрлен од Цариград. Младотурците се соочувале со неколку фронта, вклучувајќи

ја Албанската револуција од 1909 до 1912 година, Италијанско-турската војна во Либија во 1911 година, домашната опозиција, повторното појавување на вооружени групи и, конечно, новата војска лојална на султанот. Младотурскиот режим не можел повеќе да ја одржува власта и, на 13 јули 1912 година, капитулирал пред султанот.

Во меѓувреме, Големите сили биле зафатени со своја борба во која ниедна не можела да маневрира без да ја поремети кревката состојба на status quo. Додека Големите сили биле држани во рамнотежа од нивните лични политички пороци, новите балкански држави ги покажувале своите економски и воени способности. Сојузи, како Српско-бугарската лига против грчко-турската тајна соработка, или Грчко-романската лига против бугарските цели кон Македонија, се формирале и распуштале. На површина изгледало дека се е нормално, но длабоко внатре се подготвувал прекин на добрите односи.

Прекинот станал видлив кога руско-австриските односи почнале сериозно да се заладуваат. Линии на поделба биле повлечени како што Русија почнала повеќе да се спријателува со Британија и Франција, а Австрија со Германија. Италија останала неутрална извесно време, иако извршила неколку напади врз Турција, но била спречена (од другите сили) да ги нападне центрите на турската сила. (Тоа било токму преку овие воени походи кога Италија ги окупирала Додеканејските Острови (група грчки острови во Егејот). Иако Италија била спречена да врши други воени походи, таа доволно ја ослабела Турција за трите нови балкански држави да размислуваат за свои лични воени походи. Акциите на Италија, исто така, биле сигнал за нешата што доаѓале и создале атмосфера на итност за новите држави да ги забрзат нивните планови за присоединување на територии.

Секој сакал дел од Македонија, но никој не се осмелувал да се изложи на големи опасности за да го добие тоа. Трите волци на Балканот, со руска помош, сфатиле дека секој посебно не би можел да го постигне она што тројцата заедно би можеле да го направат. Тие ја проголтале својата гордост, ги ставиле разликите настрана и до крајот на 1911 година започнале преговори.

Како еден од начинте да ги спречи австриските аспирации на Балканот, Русија ја поттикнала идејата за една Српско-бугарска лига. Русија се надевала дека заедно, Србија и Бугарија, ќе бидат способни да го издржат австриското напредување во Македонија без нејзино вклучување. Откако ги убедила да се согласат на разговори, Србија и Бугарија направиле список на своите услови, но не можеле да постигнат спогодба. Автономија за Македонија било едно од главните прашања околу кое не можеле да постигнат согласност. Додека Софија ја поддржувала идејата за автономија, Белград се противел на тоа. На крај, во име на забрзување на преговорите, сите страни се согласиле дека "прашањето за автономија" треба да биде оставено настрана и да се реши по анексијата на Македонија.

Русија јасно им дала на знаење на двете страни дека тие не можат да извршат инвазија на Македопија без нејзина дозвола и само ако Турција стане закана за христијанското население. Во меѓувреме, Србија била охрабрена да преземе мерки да ги анексира Албанија и Косово. Една српско-турска нацрт-спогодба била изготвена и потпишана на 13 март 1912 година. Во спогодбата било вклучено едно грубо исцртување на потенцијалните граници и сугестии дека конечните граници може да бидат решени со сила на оружјето. Русите, исто така, инсистирале дека цар Никола II треба да арбитрира за секој спор во врска со точните територијални граници.

Дури и пред српско-бугарската спогодба да биде финализирана, Грција веќе водела разговори со Бугарија околу преговори за една грчко-бугарска спогодба. Грчко-бугарските преговори, како и српско-бугарските преговори, биле спроведени во тајност, познати само на грчкиот крал, на премиерот Венизелос /Venizelos/ и на нивниот преговарач J. Д. Бурчиер /J. D. Bourchier/, дописникот на The Times, стар пријател на Венизелос. Како и Србите, и Грците секогаш се спротивставувале на идејата за македонска автономија, но Бугарите не биле волни да продолжат се додека Грците не се согласиле со автономноста. Грчко-бугарскиот договор бил потпишан на 30 март 1912 година. Двете страни ветиле дека нема да се напаѓаат една со друга и дека меѓусебно ќе си притекнат во помош во случај Турција да ги нападне.

“Балканската лига на народи” била родена во јуни 1912 година и набрзо на Турција и бил даден ултиматум со потпис на Лигата во кој накратко пишувало: “Исполни ги ветените реформи во Македонија или спреми се да бидеш нападната.”

Имало многу интриги, договори, противдоговори и тајни зделки меѓу Лигата на народи (Грција, Бугарија и Србија), но од самиот почеток секоја била решена да искористи секаква ситуација, која можела да настане, целосно во своја корист. Лигата на народи, всушност, била едноставно изум за синхронизација на воените напори на сите четири сили (Грција, Бугарија, Србија и Црна Гора) кои сфатиле дека наједноставниот начин да се реши турското прашање, пред да стане предоцна, и додека околностите се поволни, било истовремено да ја нападнат Турција, а европските сили да ги стават пред свршен чин.” (Стр. 440, Дакин, “Грчката борба во Македонија 1897-1913”). Се што преостанало сега било да се провоцира Турција да изврши напад врз христијанското население и инвазијата би станала реалност.

Користејќи се со докажани техники на тероризам за да го подготват боиштето, врховистите, маскирани како агенти на ВМРО, извршиле многу напади внатре во Македонија, убивајќи, силувајќи и пљачкосувајќи села, со надеж дека ќе бидат обвинети македонските групи. Кога Турците ги истражиле ваквите немири, и властите на Патријаршијата и на Егзархијата ги поткрепиле своите стории, ваквите акти им ги припишале на Македонците. Како што се очекувало, Турците брзо реагирале и се справиле со ситуацијата на вообичаениот начин. Неповолно за Турците, нивните акции не биле добредојдени вести за шпионите на Лигата, кои, пак, истите вести ги испратиле до европскиот печат. Турците во очите на светот вршеле злосторства против христијаните во Македонија и нешто морало да се стори. Сега останало големите сили да го решат текот на дејствието.

Заедно со документите за турските злосторства, странскиот печат добил и добро камуфлирана пропаганда на Лигата. Таа имала отпочнато обемни пропагандни кампањи против Турците, подробно прикажувајќи им го на Европејците секој турски акт. Војната била близу, но, според пропагандата на Лигата, тоа била неопходна војна за да се “ослободат” поробените христијани од турското угнетување. Лигата,

преку опсежни медиумски кампањи, ги повикувала сите христијани во Македонија да и се придружат на Лигата и да ги истераат Турците кои ги угнетуваат. Еве што рекол Јане Сандански: “Мораме да работиме на будење на свеста на македонските маси дека тие се независен народ... бидејќи оние кои бараат да ги “ослободат” ... всушност доаѓаат да ги поробат... ” (Стр. 134, Радин, “ВМРО и македонското прашање”).

Како што претходно е спомнато, западните сили ги немале исцрпено сите потенцијали на отоманските пазари и не биле волни да дозволат отоманскиот режим да доживее колапс во Македонија. Во исто време, Британија, Франција, Италија и Русија биле многу загрижени поради агресивните ставови на Германија надвор од Балканот. Уште поважно, тие биле загрижени дека турскиот режим се приклонува кон еден турско-германски сојуз.

Кога Русија ја предложила идејата за една “Балканска лига на народи”, тоа била добредојдена вест за Британија, Франција и Италија. На Лигата се гледало како на еден антигермански фронт, еден начин да се исфрли отоманскиот режим од Европа и, во исто време, да се заштитат (британските, француските и италијанските) интереси и амбиции за експанзија. Не толку очигледниот руски мотив да ја спонзорира Лигата, бил да си го загарантира своето сопствено влијание на Балканот, можеби преку Србија или Бугарија, или преку двете.

На 18 октомври 1912 година, Црна Гора и објавила војна на Турција и Лигата го следела тој пат. Битките кои избувнале, почнале да се водат исклучиво на македонско тло, уште еднаш доведувајќи до тоа Македонците да страдаат од нечија туѓа војна.

Русија, архитектот на Балканската лига, била против војна во 1912 година, а против биле и Франција и Британија. Една војна во оваа временска точка можела да го наруши кревкиот дипломатски однос на силите, т.е. рамнотежата и да ескалира во “светска војна”. Русија стравувала дека Отоманската Империја, која постоела петстотини години, нема да биде толку лесна цел како што проценила Лигата. Британија и Франција се плашеле од силна реакција на Германија и Австрија, сега кога Турција се загреала за нив како можни

сојузници. За да ги стопираат агресивните дејства на Лигата, и Британија и Франција им се заканиле со економски санкции, но тоа не било доволно да ги задушат апетитите на трите гладни балкански волци.

Планот на Лигата бил да ја опколат турската војска во Македонија и да ја истераат до Цариград. Но, за сечие изненадување, Лигата постигнала голема и неочекувана победа за само шест недели. Пет отомански дивизии биле опколени и поразени во две битки, во Битола и Куманово. Со исклучок на Сандански и вооружената сила од 400 Македонци кои пружале отпор и ги ослободиле Мелник и Неврокоп, Лигата немала отпор од Македонците. Всушност, ентузијазмот создаден од "ослободителите", не само што и помогнал на Лигата да се бори посилно, туку, исто така, охрабрил илјадници Македонци да се пријават во војските на Лигата. "Една македонска воена единица од 14.000 војници се борела под бугарска команда на исток. "Регементот од доброволци", раководен од ветерани на ВМРО, го сочинувале илјада Македонци, Турци и Албанци. Во српските и грчките војски, на македонските одреди како "Национална гарда" и "Света дружина" им била дадена задача да ги опколат Турците за да ги совладаат при нивното повлекување". (Стр. 143, Радин, "ВМРО и македонското прашање"). Дури и Чакаларов, заштитникот на Леринско и Костурско, се придружил на борбата за да и помогне на Лигата да се ослободи од Турците. Победите на Лигата и интензивната пропаганда биле толку убедливи, што целиот македонски народ срдечно и со раширени раце ги пречекал "ослободителите".

Во моментот кога "трите волци" ја истерале турската војска од Македонија, брзо изготвиле една стратегија за поделба по должината на следниве линии:

Србија требала да го добие северозападниот дел од Македонија во кој спаѓале Скопје, Битола, на југ до западен Лерин, на исток до Гевгелија и на запад до албанските планини.

Бугарија требала да ја добие цела Тракија, на запад до Гевгелија, на југ до Егејското Море и источно од Солун.

Грција требало да добие - на север до Лерин, на запад до албанските планини, целиот Епир и на исток до Солун.

“За да ја осигураат својата хегемонија и да задушат било какво несогласување и разидување, окупирачките вооружени сили формирале апарати за владеење и, со законски декрети, ги проширile нивните сопствени устави со овие тела, од кои Македонците биле исклучени. Навистина, во многу провинциски центри, како Гевгелија, било воспоставено двовластие или тривластие, на голема штета на македонските граѓани.” (Стр. 143, Радин, “ВМРО и македонското прашање”).

Со оглед на македонскиот придонес кон успехот на Лигата во истерувањето на Турците, на 12 декември 1912 година, Сандански повикал на македонска автономија. Но, окупациските војски на Лигата одбиле и иницирале жестока асимилаторска програма. Македонските борци, кои се бореле рамо до рамо со вооружените сили на Лигата, се нашле под контрола на здружената команда на Лигата, која на тој начин се осигурала дека нема да има никаков отпор или акција за независност. Лигата, исто така, го гонела Сандански и неговите луѓе. Сандански пружал отпор и останал активен во пиринскиот регион, се додека не бил убиен во еден атентат во 1915 година од бугарски агенти.

Променливите состојби внатре во Македонија го принудило раководството на ВМРО да бара засолниште во странски градови, далеку од дома. Дел од проминентните водачи се преселиле во Петерсбург и и се придружиле на македонската заедница таму. Оваа мала група Македонци доследно лобирала за статус на Македонија како држава, односно за државност и, во посвоениот период дејствувала како влада во прогонство. Најотворен застапник на македонските водачи бил Димитар Чуповски кој го објавувал “Македонски глас” и постојано протестирал кај големите сили против поделбата на Македонија. Во јуни 1913 година напишал: “Поделбата на Македонија меѓу “братските народи” е најнеправеден акт во историјата на овие народи – тоа е газење врз правата на човекот и срам за целата словенска раса.” (Стр. 145, Радин, “ВМРО и македонското прашање”). Вкупно девет изданија на “Македонски глас” биле објавени и дистрибуирани ширум Европа.

“Голем терор владее во Македонија сега. “Слободата” на сојузниците нема граници, никој од Македонија нема право

да патува надвор, да протестира или да се жали пред европските држави. Секој кој го нарушува "овој ред" или е убиен или затворан. Сојузниците ја опколиле Македонија со еден кинески sид..." (Стр. 145, Радин, "ВМРО и македонското прашање").

Македонскиот народ не смеел да остане со скрстени раце и да да ја прифати недостојната судбина да биде поделен за да можат други да профитираат од тоа. "Во име на македонскиот народ, бараме Македонија да остане единствена, неделива, независна балканска држава во рамките на нејзините географски, етнографски, историски, економски и културни граници... Македонија претставува едно обединето тело и од историско и од природно гледиште, и не може доброволно да заврши нејзиното многувековно постоење, согласувајќи се да биде разбиена... Смееме ли да дозволиме еден народ да биде во исто време бугарски, српски или грчки? Зарем не е поедноставно да се претпостави дека националноста, што ни е припишана нам, е диктирана од политиката на голема моќ на заинтересираните страни кои сакаат да ја преземат Македонија?" (Стр. 145, Радин, "ВМРО и македонското прашање").

До ноември станало очигледно дека Турција останува без избори. На 12 ноември 1912 година, таа ги повикала големите сили да направат се за да се воведе примирје. За справување со состојбата, била закажана една мировна конференција за 16 декември 1912 година во Лондон. Имајќи извесно време да се прилагодат на новонастанатата ситуација, Големите сили, за првпат, се оградиле од вообичаените препораки за status quo и зеле став за отстапки кон победниците. Но, Австрија не била среќна од изгледите за една "Голема Србија", а камоли на Србија да и се овозможи пристап до Јадранското Море. Австрија гледала на јадранокиот регион како на нејзина перспективна сфера на влијание. Но, бидејќи не можела да направи отстапки само од своја страна, Австрија го сторила најдоброто нешто и се согласила со Британија за идејата за "создавање" една нова држава, Албанија. Друга причина зошто Австрија не сакала Србија да има пристап до Јадранското Море била што едно српско пристаниште можело да стане руско пристаниште.

Овој обид Србија да се лиши од пристап до Јадранското Море не само што ја ставал Србија во ситуација да биде опкружена само со копно, туку ја вознемирил и русија, доведувајќи до тоа таа да ги прекине односите со Австрија. Италија, исто така, била погодена од оваа дипломатска игра на моќ, зашто ја принудувала да ги подобри своите односи со Австрија. Ова, од своја страна, бил пресуден историски момент кој довел до раѓање на "Тројниот сојуз" (Германија, Австро-Унгарија и Италија) и на "Тројната антанта" (Британија, Франција и Русиија), поделба која ќе има последици во иднина.

Како резултат на оваа ненадејна промена на настаните, Австрија почнала да стационира трупи по должината на српската граница. Во исто време, стравувајќи од германска интервенција, Русија наредила прекин на бугарското и српското напредување кон Цариград. За целосно да го зауздаат српскиот и рускиот експанзионизам, Франција, Британија и Италија гласале на новоформираната албанска држава да и дадат целосна независност. Ова ја спасило Албанија да не биде поделена од Грците и Србите и ја направило да биде протекторат на големите сили, што Албанците го уживаат до ден-денес.

Сакам да нагласам дека до 1912 година било добро познато дека македонскиот народ, односно нација, со македонска свест постоел и ја демонстрирал својата желба за независност. Овие дејства биле добро документирани и им биле познати на големите сили. Сепак, откако го застапиле својот случај, на Македонците НЕ ИМ БИЛО ДОЗВОЛЕНО да присуствуваат на Лондонската мировна конференција на 16 декември 1912 година. Бројни петиции биле составени од огранoците на ВМРО од Санкт Петербург, но сите биле игнорирани. Освен тоа, белешката на Чуповски до британската делегација не била изнесена. Еве што (делумно) тој имал да каже: "Во име на природното право, на историјата, на практичната целисходност за македонскиот народ, бараме на Македонија да и биде дадено правото за самоопределување, и Македонија да биде конституирана во рамките на своите етнички, географски и културни граници, како држава која сама ќе управува со себеси и со влада

одговорна пред едно народно собрание.” (Стр. 147, Радин, “ВМРО и македонското прашање”).

Лондонската конференција завршила на 11 август, 1913 година, официјално прогласувајќи крај на Првата балканска војна. Наспроти сите пресврти и спогодби кои се одвивале во текот на конференцијата, резолуциите ги оставиле сите страни незадоволни. Србија била незадоволна што ја изгубила албанската територија. Таа апелирала Бугарија да и даде пристап до Егејското Море, преку Солун и Вардарската Долина, но нејзините апели наишле на “глуви уши”. Грција, исто така, не била среќна поради бугарската инвазија и анексирањето на Едрене. За да го балансира својот дел, Грција како компензација ги сакала Серес, Драма и Кавала. И тоа наишло на “глуви уши”. Бугарија, незадоволна поради неисполнување на нејзиниот “санстефански сон”, била огорчена бидејќи Русија ја напуштила во текот на преговорите на Лондонската конференција.

Гледајќи дека Бугарија нема да го промени мислењето, и фактот дека ниту Грција ниту Србија сами ќе и се спротивстават на Бугарија, во случај да настане конфликт, Грција и Србија склучиле меѓусебе таен пакт за заеднички да дејствуваат против Бугарија. Накратко, целта била да се земе територија од Бугарија, западно од реката Вардар, да се подели и така да се има една заедничка граница.

Откако се сопнала на овој грчко-српски пакт, наспроти руските обиди да ја смири нудејќи и го Солун, Бугарија останала огорчена и во момент на слабост била намамена од Австрија. Со приоѓањето кон Австрија, Бугарија фактички ги прекинала сите односи со Балканската лига. Русија, разочарана од бугарската промена на лојалноста, дала јасно на знаење дека Бугарија веќе не може да смета на било каква помош од Русија.

Во она што ќе биде именувано како “Втора балканска војна”, бугарската војска, неиспровоцирана, ги нападнала своите поранешни сојузници на 30 јуни 1913 година, повторно на македонска почва. Претпочитајќи го елементот на изненадување, Бугарија реагирала агресивно кон нејзините поранешни сојузници и ги обновила конфликтите, официјално претворајќи ја македонската мисија од “ослободувачка” во “окупациска”. Имало две нешта на што

Бугарија не сметала: вклучувањето на Романија и предавството на Австрија. Крвавата битка била краткотрајна, бидејќи Романија, Црна Гора и Турција им се придружиле на Грција и Србија за да и зададат катастрофален удар на Бугарија. Ветената помош од Австрија не се остварила, бидејќи ризиците од австриското вклучување натежнале над било каква корист. Но, вистинското изненадување било кога Романија ја прекинала својата неутралност. Дотогаш, Романија останала неутрална и одбила да биде инволвирана. Никој, дури ниту Бугарија, не го предвидел овој атак од север. Но, ова била животна шанса за Романија да си ја поврати изгубената територија. Дури и Турција била во можност повторно да добие дел од она што неодамна го изгубила во корист на Бугарија. Бидејќи била ангажирана на премногу фронтови во исто време, Бугарија не била во состојба да ја одбие Турција и да ја спречи да си го поврати едренскиот регион. Најголеми победници биле Грција и Србија кои го добиле токму она што го сакале, практично неослабени.

Македонците се плашеле од најлошото во конфликтот поради својот сопствен ентузијазам. Како што линиите на фронтот ги менувале позициите, така македонските граѓани, кои биле воодушевени да поддржуваат една фракција, сега станувале предавници поради тоа и биле касапени од другата фракција затоа што покажувале симпатии кон нејзиниот непријател. “Комисијата за помош на Карнеги, испратена на Балканот при крајот на 1913 година, известувала за неверојатни стории на човечко страдање. Само во Македонија, 160 села биле срамнети со земја, оставајќи 16.000 лица без домови, неколку илјади цивили убиени, а повеќе од 100.000 биле присилени да имигрираат како бегалци”. (Стр. 149, Радин, “ВМРО и македонското прашање”). Оваа геноцидна трагедија била извршена за релативно кратко време, од оние кои продефилирале и биле пречекани како “ослободители”. Најлошото и најнеочекувано било тоа што “христијани” го извршиле овој геноцид против “христијани”, потсетувајќи на трагедијата од 1204 година извршена од западните крстоносци.

По многу маневрирања за позиција, размислувања и преговори, завојуваните фракции се согласиле на примирје и

во август 1913 година во Букурешт се воделе преговори за мир помеѓу Романија, Бугарија, Грција и Србија. Картата на Македонија била повторно исцртана без присуство на Македонија. Новите граници ги игнорирале претходно усогласените размислувања, како линиите на "националностите", (не дека некоја постоела), демократските желби на македонскиот народи, итн., бидејќи делегатите во Букурешт го наметнале својот вештачки суверенитет врз македонскиот народ. Со исклучок на една мала измена во 1920 година, во корист на Албанија, овие линии на поделба останале важечки до ден-денес. Од вкупната македонска територија, 50% и припаднале на Грција, 40% на Србија и 10% на Бугарија. Десетти август 1913 година станал најмрачен ден во македонската историја.

Ниту од римско време Македонија не била поделена на начин при што тројца браќа биле присилени да преземат три различни (наметнати) идентитети, да зборуваат на три различни туѓи јазици во своите сопствени домови и да бидат третирани како туѓинци на својата сопствена земја. Иднината ќе покаже дека онаму каде што полумилениумското турско задушување и едновековното присилно хеленизирање/бугаризирање не можеле да ја поткопаат македонската свест, таму грчката, бугарската и српската агресија, за помалку од една деценија, можеле. Некогаш гордиот македонски народ, кој многу одамна го освоил светот, го премостил јазот помеѓу Истокот и Западот, го вовел христијанството во Европа, го сочувал сето античко знаење и го заштитил Западот од источните освојувачи, сега бил победен и сведен само на сенка од неговата поранешна вистинска природа. Силата на овој последен упад го трансформирала македонскиот народ во срамежлива креатура, која бара домови во странски земји и се крие на залезот, додека нејзините непријатели играат врз главите на нејзините мртви а, пред светот, ги прокламираат Македонците како да се нивни. Не било доволно што тие ги уништиле македонските земјишта. Овие нови изопачени креатури, измрестени од западната лакомост, ги уништиле сите македонски богатства како историјата, културата, религијата, литературата, фолклорот, античкото знаење украдено од Светата Планина (Атос) итн. И ги

репродуцирале од своите усти како да се нивни. Без двоумење тие ќе го лажат светот, дури и своите народи, за "нивните вистински идентитети" а одговорноста за своите зла ќе ја фрлат врз невините. Нивната пропаганда ќе ги претвори "лагите во вистина", а "вистините во лаги", се додека сите луѓе не се отруј ат со омраза, со вештачки создадена омраза, која засекогаш ќе ги прогонува Македонците и ќе направи да станат неми. Тишина ќе го исполни воздухот и децата не ќе се осмелат да плачат, бидејќи ако тие изустат било што македонско, страшна клетва ќе падне врз нив, а ќе може само делумно да се отстрани ако си заминат од своите земјишта или ако се покорат на волјата на нивните нови господари. Гордото име "Македонија", кое како ехо одекнувало со векови и го надживеало и самото време, ќе стане тој "валкан збор" што не смее никогаш да биде изговорен. Македонскиот јазик, мајката на сите словенски јазици, "гласот на источното христијанство", ќе биде "занемен", ќе се говори само под сенките, од страв дека "непријателски уши" може да демнат. Со време, тој ќе стане познат како "наш јазик" на кој говори "нашиот народ", нем јазик на кој говори една безимена нација. Со време, македонската држава, македонскиот народ и македонскиот јазик ќе станат "една аномалија" на својата прадедовска земја.

Ова е судбината што го чека македонскиот народ во XX век, а сето тоа со благослов од големите сили (Британија, Франција, Русија, Германија, Австро-Унгарија и Италија).

ГЛАВА 26 - МАКЕДОНИЈА ОД 1912 ДО 1939 ГОДИНА

Восхитувањето од слободата спласнало брзо, како што пламените јазици од селата што гореле го запалиле ноќното небо. Македонија била повторно во пламен. "Ослободителите" се претвориле во окупатори и опсипале пустош врз македонското население. Политичкото, економското и етничкото единство на Македонија веќе го немало. Грчките војници кои дошле да ги ослободат своите "христијански браќа" од турските угнетувачи и од страшните Бугари, сега палеле, мачеле и убивале луѓе. Според зборовите на сер Едмонд Грej /Sir Edmond Grey/, "Балканската војна почнала како војна за ослободување, брзо прераснала во војна за анексирање, а завршила како војна за истребување." (Стр. 294, Васил Богов, "Македонско откровение, Историски документи, карпи и кршевини, современа политичка идеологија").

Грчките злосторства му биле обелоденети на светот кога била пронајдена една изгубена поштарска торба во која имало писма од грчките војници во Македонија, адресирани до нивните семејства во Грција. Таа и била предадена на Карнеги комисијата за помош и содржините на писмата биле објавени на јавноста. Очекувајќи да се борат за славата на нивната татковина, војниците сепак се нашле во ситуација да мачат, убиваат, палат куќи и да протеруваат жени и деца од нивните домови, на најподол начин. Писмата откриле дека војниците дејствувале според директни наредби од грчките власти и од самиот крал. На македонските семејства на познати егзархисти (Македонци што припаѓале на бугарската црква) им било наредувано со сила да "си понесат со себе она што може да го носат и да си заминат". "Ова сега е Грција и овде нема место за Бугари." Оние кои останале биле присилени да се заколнат на лојалност кон грчката држава. Секој кој одбивал да положи заклетва на лојалност, или бил погубуван, како пример што може да им се случи на оние нелојалните, или бил истеран од земјата. За да ја објаснат масовната евакуација, грчките функционери тврделе дека жителите на Македонија си заминале според сопствениот избор или станале Грци според сопствениот избор. Но,

вистината е дека на никого воопшто не му бил даден никаков избор.

"Илјада грчки и српски публицисти почнале да го исполнуваат светот со нивниот вик за суштинскиот грчки или српски карактер на населението во нивните различни сфери. Србите на несреќните Македонци им дале дваесет и четири часа да се откажат од својата националност и самите да се изјаснат за Срби, а и Грците го сториле истото. Одбивањето значело убиство или протерување. Грчките и српските колонисти се слевале на окупираната територија... Грчките весници почнувале да пишуваат за македонски народ во целост на грчки јазик – и тие го објаснувале фактот дека никој не зборува грчки, со тоа што го нарекувале народот "бугаро-фони Грци" ... грчката војска влегувала во села каде никој не зборувал на нивниот јазик. "Што мислите со тоа што зборувате бугарски?" викале офицерите. "Ова е Грција и вие мора да зборувате грчки." (Стр. 104, Џон Шее, "Македонија и Грција, Борбата да се дефинира една нова балканска нација" /John Shea, Macedonia and Greece, The Struggle to Define a New Balkan Nation/).

Во 1913 година професорот Р. А. Реис /R. A. Reiss/ ја известил грчката влада: "Оние за кои вие велите дека говорат бугарски, јас едноставно би ги нарекол Македонци... македонскиот јазик не е јазикот на кој зборуваат оние во Софија... повторувам дека масата население таму (Македонија) останува едноставно Македонци."

Историјата повторно го свртела погледот од грчките, бугарските и српските злосторства во Македонија, за да се фокусира на новите настани кои само што не почнале да се развиваат и кои се заканувале да го прегазат целиот свет.

Откако ги изгубила Босна и Херцеговина, во корист на Австрија во 1908 година, но и албанските територии во 1912 година (повторно поради Австрија), Србија станала огорчена и навредена. "За Србите-националисти, хабзбуршката монархија (Австро-Унгарија) била старо злобно чудовиште кое спречило нивната нација да стане голема и моќна држава. На 28 јуни 1914 година, еден млад српски националист, Гаврило Принцип, го убил наследникот на хабзбуршката монархија, надвојводата Франсис Фердинанд и неговата жена, во Сараево." (Стр. 104, Феликс Гилберт,

Крајот на европската ера, 1890 година до денес /Felix Gilbert, The End of the European Era, 1890 to the Present/).

За само две недели од атентатот, избувнала Првата светска војна која ќе ја прегази цела Европа. Тоа било неизбежно и прашање на време било кога една "светска војна" ќе избие на Балканот. Големите сили биле неспособни за спроведување дипломатија, ниту меѓу себе ниту со новите балкански држави, за чие содавање тие помогнале. Македонија била жртвувана за да се задоволат новите балкански држави, но тие сториле малку за да ги задоволат своите екстремно интензивни апетити за земја и за пљачкосување.

Додека Првата светска војна беснеела, уништувајќи ги животите на милиони млади мажи и жени, Грција, Бугарија и Србија му служеле на својот шовинизам во Македонија. Наредните пет години, додека светот бил зафатен со своите лични проблеми, немало кој да ги слушне лелеците на македонскиот народ во рацете на новите тирани. Кога надгробните споменици на мртвите Македонци би можеле да зборуваат, тогаш тие би кажувале стории за мачења и погубувања, за измами и лаги. Тие би рекле: "Нашите христијански браќа дојдоа да не ослободат нас, но наместо тоа, тие не убиваа поради тоа што им бевме на нивниот пат да станат моќни. Ние бевме етикетирани како 'криминалци', бидејќи не сакавме да попуштиме на нивните барања. Ве прашувам вас, дали е кривично дело да сакаш да живееш како слободен човек? Дали е кривично дело да сакаш да си Македонец? Дали е кривично дело да сакаш да си ја изразуваш својата слободна волја? Криминалци се оние кои валкаат се што е христијанско, кои кажуваат лаги и измами и не убиваат нас за да ја поседуваат нашата земја. Историјата ќе го забележи 10 август 1913 година како најмрачен ден за Македонија, денот кога нашата иднина умре."

Тројната окупација ги влошила условите за живеење во Македонија, но борбениот дух на македонскиот народ продолжил да живее во илегала и во странство. Борбата на трите генерации за слобода и за независна Македонија заврши. Генерацијата на Илинден и на ВМРО беше поразена, не од Турците или од муслиманското угнетување, туку од христијанската свирепост и измама.

Набрзо по окупацијата, насекаде се појавиле илегални здруженија, охрабрувајќи го македонскиот народ да не ја прифати својата нова судбина и да се спротивстави на поделбата. Како резултат на тоа, многу Македоници го направиле тоа така што одбиле да му се потчинат на новото чиновништво и што не учествувале во новите институции. Но, ова не ги сопрело воените режими кои ја окупирале Македонија од систематска денационализација и насилна асимилација.

Борбата за "превласт во светот", која започнала поради балканските работи, наскоро земала злокобен пресврт за повторно да ја инволвира Македонија. Додека силите на Антантата (Британија, Франција, Русија и Италија) се бореле со Централните сили (Германија и Австро-Унгарија), Бугарија, која боледувала поради нејзините загуби од Букурешт, останала неутрална. При пресвртот на настаните, на изненадување на Грците, силите на Антантата и пришле на Бугарија, нудејќи и значително голем дел од македонската територија во замена за нејзиниот сојуз. Сепак, изгледа дека Бугарија го претпочитала друштвото на Централните сили; можеби тие и понудиле поголем дел, бидејќи до крајот на 1915 година нејзините вооружени сили упаднале и извршиле инвазија на Македонија. Да го цитирам бугарскиот министер за војна, генерал Николаев: "Малку се грижиме за Британците, Германците, Французите, Русите, Италијанците, Австријците или Унгарците; наша единствена мисла е Македонија. Било која од двете групи на сили ќе ни овозможи да ја освоиме неа, ќе го има нашиот сојуз!" (Стр. 154, Радин, "ВМРО и македонското прашање").

Додека Србите биле ангажирани на нивната северна граница, Грците дебатирале на која страна да се приклонат. Двоумењето или "националниот раскол", како што подоцна бил наречен, лежело во разликите кои испливале на површина помеѓу грчкиот премиер Венизелос и грчкиот крал Константин I за тоа на која страна да и се придружат. Венизелос бил силен следбеник на Антантата и, по само неколку дена од избувнувањето на непријателствата, бил спремен да понуди грчките трупи да се борат заедно со трупите на Антантата. Од друга страна, кралот Константин, не ја споделувал ревноста на Венизелос и верувал дека на

грчката политика најдобро ќе и служи ако Грција остане неутрална. Но, поради тоа што бил оженет со Софија, сестра на Кајзер Вилхелм II, го предиспонирало Константин да се приклони кон Централните сили. Натегнувањето помеѓу премиерот и кралот го поделил грчкиот народ на два табора и земјата запаѓала во состојба на виртуелна граѓанска војна. Бидијќи имал овластување да го стори тоа, Константин го заменил Венизелос со еден прогермански премиер и повикал на избор за да стави крај на ќорсокакот. За несреќа на кралот, Венизелос, уште еднаш, излегол како победник со огромно мнозинство. Бугарскиот напад врз Србија, поради грчко-српскиот договор, ја предиспонирало Грција да и понуди помош на Србија. Кралскиот табор одбил да се согласи, врз основа на тоа дека не била само Бугарија која ја извршила агресијата, и инсистирал да се зачува неутралноста. Венизелос го свикал Парламентот и добил поддршка да испрати грчки трупи да се борат заедно со Србите и да им дозволи на трупите на Антантата да се истоварат во солунскиот регион. Венизелос повторно бил присилен да поднесе оставка. “Без разлика на уставната исправност или неисправност на ситуацијата, втората оставка на Венизелос на 5 октомври 1915 година означила целосен прекин на односите помеѓу кралот и неговиот избран премиер. Но, Британија и Франција, се уште не ја отпишале Грција како изгубена и полагале надеж во Венизелосовиот наследник, Александар Заимис /Alexander Zaimis/, за можноста да се откажат од Кипар во корист на Грција за возврат за помош на Србија, чии сили сега биле под силен притисок.” (Стр. 109, Ричард Клог, “Кратка историја на современа Грција” /Richard Clogg, A. Short History of Modern Greece/).

Набрзо потоа, Заимис, исто така, бил присилен да поднесе оставка. Нови избори биле одржани во декември, но биле бојкотирани од таборот на Венизелос. Настаните го достигнале својот врв кога роајлистите одбиле да им овозможат на српските трупи кои се евакуирале да преминат од Крф и да им се придружат на силите на Антантата на Солунскиот фронт. Потпомогната од Антантата, група офицери следбеници на Венизелос иницирале државен удар во Солун против официјалната влада и формирале една привремена про-антантска влада со своја војска. Уште

еднаш, многу Македонци, измамени од балканската пропаганда, и се придружиле на војната со надеж дека ќе бидат ослободени, но само за да завршат како "топовско месо" искористено од двете страни на фронтот. Бројот на македонските ранети и мртви се зголемувал, а градовите и селата, кои кратко време пред тоа биле реконструирани, повторно биле бомбардирани до пепел.

Наскоро по формирањето на Солунскиот фронт, окупацијата на Грција била целосна. Франција имала испратено 60.000 трупи на Балканот, со надеж дека ќе ги обезбеди железничките врски од Скопје до Солун. До крајот на 1917 година, трупите на Антантата биле победници во однос на Бугарите и Германците во Македонија. Само што завршила борбата, се појавил еден проблем помеѓу британските и француските команди во Македонија. Додека британскиот генерал Милне /Milne/ го поддржувал Венизелос и неговите обиди да состави една про-британска привремена влада во Грција, про-македонскиот француски генерал Сараил /Sarrail/ му се противел на Венизелос и се стремел грчката војска да ја истера од Македонија. "Амбициозните планови за македонска автономност, изготвени од француската команда во 1915 и 1916 година, не биле ништо друго освен прогресивни мерки Франција да си осигура една стратешка воена база за експанзија на капиталот." (Стр. 155, Радин, "ВМРО и македонското прашање").

Уште еднаш Македонците се нашле во средиштето на нечија туѓа војна. За да си го спаси лицето, Франција го отповикала Сараил и го заменила со еден про-грчки командант, избегнувајќи на тој начин дипломатска катастрофа.

По формирањето на една влада во Атина и консолидирањето на својата моќ во Грција, Венизелос во борба вовел девет дивизии на македонскиот фронт за да им помогнат на силите на Антантата на Солунскиот фронт. За дополнително да ја докаже својата посветеност кон Антантата, Венизелос во борба вовел уште две дивизии да се борат со болшевиците во Русија.

Кога завршила војната, на 11 ноември 1918 година, било потпишано едно општо примирје, а мировна конференција

била свикана во Версај, Франција. Венизелос пристигнал во Париз како главен преговарач за Грција, решен да ја ожнее наградата за својата цврста поддршка на неговите победоносни сојузници. Една од целите на Венизелос била воскреснување на "Големата идеја" со анексирање на делови од Мала Азија, особено Смирна (Измир). Го убедил светот дека христијаните кои живеат во Мала Азија се Грци и треба да се дел од Грција. За негова несреќа, Италија имала претходни територијални претензии во Мала Азија (Анадолија), што им создало проблем на миротворците. Италија со сомнеж гледала на грчката амбиција, па за да ги засили своите претензии, во март 1919 година, Италија почнала да трупа војници во регионот. Грците на ова гледале како на закана по нивното побарување и пред да се постигне конечно територијално решение, тие побарале концесии. Изнесената причина била дека грчкиот народ во Мала Азија бил загрозен од турската агресија и му требала заштита. По многу протести од грчка страна, Британија, Франција и Американците конечно и дале дозвола да испрати мала одбранбена вооружена сила. Под заштита на сојузнички воени бродови, на 15 мај 1919 година, грчките трупи почнале да се истоваруваат во Смирна. Но, неместо да останат кратко време, во согласност со претходните договори, тие почнале да ја окупираат западна Мала Азија.

Штом централните сили биле истерани од грчките територии, грчката влада, со усвојување на ЗАКОНОТ 1051, инаугурирала нова административна јурисдикција да управува со новостекнатите земјишта во Македонија.

Кога започнало да станува јасно дека силите на Антантата ќе ја добијат војната, охрабрени од принципите на Вудроу Вилсон за националност, многу македонски лоби групи ги положиле своите надежи во Мировната конференција во Версај. Четиринаесетте принципи на Вилсон за националност имплицитно го потврдувале правото на сите народи на самоопределување.

Во своето обраќање на Пансловенското собрание во Одеса, во август 1914 година, Крсте Мисирков барал постигнување автономија со дипломатски средства. Еден напис бил напишан и испратен во многу места како циркуларно писмо,

во мај 1915 година, во кое конкретно се третирал повикот за автономност.

Студентската организација "Независно друштво" /Independent Society/ во Женева, Швајцарија, под слоганот "Македонија на Македонците", побарала примена на Вилсоновите принципи за да се формира една автономна Македонија врз основа на принципите на швајцарскиот федеративен модел.

Оние што останале од ВМРО, исто така, презеле дејство на митигот за автономна Македонија. Откако Бугарите го убиле Јане Сандански во 1915 година, неговите следбеници побегнале од пиринскиот регион за да си ги спасат главите, а подоцна се регрупирале во Серес за да го формираат "Серскиот револуционерен совет". Откако го перцепирал поттикот за обединување на Јужните Словени против централните сили, Советот издал една "Декларација за автономност" во октомври 1918 година, во која тој апелирал за членство во една балканска федерација врз основа на македонски територијален интегритет. Оваа молба на крај била одбиена од владејачките клики на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кое подоцна станало познато како Југославија." "Залагајќи се за политичка и економска хегемонија над Балканот, балканскиот национализам ги фрлил балканските народи и држави во длабоки контрадикции и конфликти кои морале да започнат со војна и да завршат со војна и секогаш војна". (Стр. 158-159, Радин, "ВМРО и македонското прашање").

Уште еднаш македонскиот народ се нашол во центарот на интересирањето да моли за својот случај, но уште еднаш му бил забранет влез, уште еднаш бил исклучен. Уште колку други војни мора да бидат водени и уште колку многу крв мора да биде пролеана за светот да сфати дека нема крај на балканските конфликти без вклучување на македонскиот народ во решавањето на македонското прашање?

На мировната конференција, која наводно била "суд, односно трибунал на меѓународната совест", немало место за "Вилсоновната правда", или можност за самоопределување. Наместо да го практикуваат она што го проповедаат, таканаречените "миротворци од Версај" ја наградиле агресијата во замена за своите лични интереси.

Со еден потег на перото, во 1919 година, во Договорот од Версај (Париз), Англија и Франција ја запечатиле македонската судбина, со тоа што ги ратификувале принципите на Букурешкиот договор и официјално ја одобриле поделбата на Македонија. Ова на Грција и ја дало дозволата што и трбала за да продолжи со насилно протерување и денационализација на Македонците и да почне масовна колонизација со "пресадување" на "потенцијални Грци" во анексираните територии на Македонија. Неулската конвенција /The Neuilly Convention/ предвидувала присилна размена на населенија. Од делот на Македонија што Грција го окупирала, околу 70.000 Македонци, од окупираните делови на Македонија од страна на Грција, биле протерани во Бугарија, а 25.000 "така наречени Грци" биле пренесени од Бугарија во окупираната Македонија од страна на Грција.

"Македонската судбина е предмет на секој вид политичка комбинација, преговарање и договори од 1912 година, сите понеморални од претходните, сите целосно игнорирајќи ги локалните интереси и желби на едно население кое со еден потег на пенкалото на политичките лидери може да биде осудено на национално распаѓање, да му биде негирано правото на слободно национално живеење, додека Арменците, Албанците и Евреите добиваат политичка слобода," (Стр. 160, Радин, "ВМРО и македонското прашање").

Големите сили не се осмелиле да ја изгубат стратешката важност и потенцијално корисното богатство во Македонија, ниту, пак, се осмелиле да ги разочараат своите докажани сојузници на Балканот. Помислете само на бескрајните расправии и поплаки!

Она што било изненадувачко, особено за балканската делегација, било покренувањето на македонското прашање од Италија. На 10 јули 1919 година, Италија заедно со САД, до Комисијата за формирање нови држави доставиле предлог за македонска автономност. Франција категорично му се спротивставила на предлогот, додека Британија предложила формирање на петгодишно повереништво за Македонија под закрилата на Лигата на народи. Грција и Србија, со тоа што

одбиле да го признаат постоењето на македонското прашање, буквално го уништиле предлогот.

Друга точка, што произлегла од Версај бил членот 51, кодот на Лигата на народи да "ги штити националните малцинства". Членот 51 од Версајскиот договор се заложува за еднаквост на граѓанските права, образование, јазик и религија за сите национални малцинства. За жал, членот 51 никогаш не бил применет од страна на балканските држави или ставен во сила од Лигата на народите и кој Грција и Бугарија до ден-денес го кршат и игнорираат. Зошто е ова вака? Бидејќи до ден-денес, Грција и Бугарија тврдат дека "македонската националност" не постои и никогаш не постоела. Според тоа, кое малцинство би требало тие да го штитат? Како одговор на грчкото тврдење, би сакал на Грците да им ги поставам следниве прашања;

1. На кои малцинства вие се повикувавте, кога на 29 септември 1924 година, вашиот министер за надворешни работи Николаос Михалакопоулоу /Nikolaos Mihalakopoulou/ потпиша договор со бугарскиот министер за надворешни работи Калков /Kalkoff/?

2. На кои малцинства вие се повикувавте, кога на 17 август 1926 година склучивте договор со Југославија во врска со националноста на "Славофоните" во Грција?
(Стр. 159-161, G.A.L. I Kata Tis Makedonias Epivouli, (Ekdosis Deftera Sympepliromeni), Athinai 1966).

На 29 септември 1994 година, Грција потпишала договор со Бугарија, изјавувајќи дека Македонците во Грција биле Бугари. За да не ги разочараат Србите, кога тие дознале за грчко-бугарскиот договор, Грците го промениле своето мислење и на 17 август 1926 година изјавиле дека Македонците во Грција всушност биле Срби.

Како што се испоставило, гласно прокламираните "Вилсонови принципи" на Париската конференција биле само за претстава. Вистинските победници на крајот на конференцијата биле "играчите", а најголемиот од сите Венизелос на Грција. "Целиот форум беше фарса, а нејзино чедо Версајскиот договор, крајна навреда за дигнитетот и самопочитувањето на долгоизмачуваниот македонски народ (она што остана од нив по долгата војна и крвопролевање). Оние Македонци, поттикнати од совеста, од недовербата

добиена по страдањето со генерации и од желбата за слобода, оттогаш го третирале Версајскиот договор и сите политички договори со омраза што и ја заслужуваат.” (Стр. 166, Радин, “ВМРО и македонското прашање).

Со склучувањето на Договорот, Грција го добила тоа што претходно го имала анексирано и, дополнително, добила голем дел од Епир, западна Тракија, Крит и егејските острови. Важно е овде да се спомене дека, кога била потпишана потврдата за независност на Албанија, на Лондонската конференција, во февруари 1920 година, поголем дел од македонската територија бил поделен. Едно тесно парче земја, кое поминува преку Охридското Езеро и јужно по должината на македонската западна граница, и било дадена на Албанија.

Набрзо по враќањето во Грција, победоносниот Венизелос, во еден говор одржан во Солун, ги најавил своите планови за една “поголема Грција”, (Голема идеја) и за здружување на сите “грчки народи” во една поголема грчка држава.

Паметам, како дете, како ги слушав старите во моето село, кои седејќи на чардакот прераскажуваа приказни од минатите војни кога, како млади војници, ги гонеле Турците до Анкара, викајќи “двајца Турци на бајонет”. Тие, исто така, раскажуваа стории како им требало шеесет дена да преминат шеесет милји и како ги изгубиле истите за само еден ден повлекување. Не разбирав за што зборуваа тогаш, но тоа се однесувало на грчките потфати во Мала Азија. Како што претходно е спомнато, по натрупувањето на големо воено присуство во Мала Азија, една голема офанзива започнала во март 1921 година, а до крајот на летото, грчките војски стигнале до реката Сакарја /Sakarya/, на околу четириесет милји од Анкара.

Нападот врз Мала Азија бил “ексклузивна грчка иницијатива”, без благослов од силите на Антантата и, како резултат на тоа, тие се нашле сами и останати без муниција. Тие знаеле дека не можат да се потпрат на Италија или на Франција за помош, но ја сфатиле својата тешка ситуација во која се нашле кога и Британија одбила да им помогне. До почетокот на есента Грците биле одбиени на повеќе од половина пат помеѓу Смирна и Анкара, стигнувајќи во еден непријатен воен ќорсокак. Сфаќајќи дека не ќе биде можно

да победат воено или политички, Грците прибегнале кон Парискатa конференција од март 1922 година, барајќи компромис. Компромисот повикувал на повлекување на грчките војски и ставање на христијанското население под заштита на Лигата на народите. Претчувствувајќи победа, Мустафа Кемал од Турција инсистирал на безусловна евакуација на грчките сили, барање што било неприфатливо за Грција. Се уште сметајќи на британската љубезност, во јули 1922 година, Грците неуспешно се обиделе да добијат дозвола од своите сојузници да влезат во Цариград.

Турција започнала една офанзива од големи размери, на 26 август 1922 година (црн ден за Грција и нејзината Голема идеја), во близина на Афјонкарахисар /Afyonkarahisar/ и ги присилила Грците на брзо повлекување назад до Смирна. На 8 септември грчката војска се повлекувала, а наредниот ден турската војска упаднала во Смирна. Најлошото дошло попладнето на 9 септември, кога започнале убивањата и пљачкосувањата, проследени со еден масакр врз христијанското население во кој 30.000 христијани, повеќето Ерменци, исчезнале. Како резултат на ова насилство, 250.000 луѓе побегнале кон крајбрежјето за да ја избегнат катастрофалната несреќа.

Воениот поход во Мала Азија завршил како и што згаснала "Мегали Идеа" за една поголема Грција. Сепак, уште полошо, како резултат на ова катастрофално грчко фијаско, било тоа што милион турски христијани биле раселени, повеќето од нив во Македонија. Нивното населување влијаело врз македонската демографија, како и врз моралот на македонското население.

Цела генерација млади Македонци, кои биле регрутирани во грчката војска, биле испратени во воените походи во Мала Азија и многу од нив ги изгубиле своите живот. Грчките власти никогаш не го признале нивното служење и никаква компензација не им била платена на семејства на оние "глави на семејството" кои го загубиле животот. Причината за ваквиот пропуст, според грчките власти, е што "тие биле Бугари".

Ми имаат кажано дека е доблесно да се умре за својата татковина. Зарем не би било уште подоблесно да се умре за нечија туѓа татковина? Како Грците им се одолжиле на оние

кои биле доволно доблесни да умрат за Грција? Дозволиле нивните вдовици и жени да живеат во сиромаштија. Ете како Грција ги третирала своите најдоблесни граѓани!

Со Договорот од Лозана, склучен во јули 1923 година, Грчко-турската војна завршила. Грција и Турција потпишале спогодба за размена на население, користејќи ја "религијата како основен критериум за националност." (Стр. 120, Ричард Клог, "Кратка историја на современа Грција").

Ноемвриското издание на Националниот географски магазин од 1925 година, најдобро ја илустрира големината на бранот луѓе, дрскоста на грчките и турските власти и целосното непочитување на човечкиот живот. "Најголемата преселба во историјата", "Трагедија го прогонува Блискиот Исток додека Грција и Турција си разменуваат два милиона од својот народ." ...1922 година почна со она што навистина може да се нарече најголема, најспектакуларна преселба во историјата - принудна меѓумиграција на два милиона христијани и муслимани преку Егејското Море." "... почетните епизоди на драмата на размена беа одиграни во придружба на татнежот на топовите и sвецкањето на митралезите и декорации кон кои пламените на холокаустот беа вперени во Смирна." (Стр. 533, Мелвил Чател, Национална географија /Melville Chater, National Geographic, November 1925/).

"Еден потег на пенкалото прогонува 3.000.000 луѓе. Сигурно е да се каже дека историјата не содржи поисклучителен документ. Никогаш пред тоа во светската долга свечена поворка од луѓе-скитници немало 2.000.000 луѓе - а сигурно не помалку од 3.000.000, ако е можно целосно да се примени ретроактивната клаузула - не биле протерани и повторно примени назад со потегот на пенкалото." (Стр. 569, Национална географија, ноември 1925). "Дури и ако се смета за доброволна преселба, наместо за присилна размена, движењето не би можело да се спореди со било што слично во историјата на емиграцијата." "Секој може едноставно да додаде дека историјата никогаш не продуцирала документ кој бил потешко да се изврши. Требало да се намалат овие тешкотии бидејќи таа размена се базирала врз религијата, а не врз расата. Поради петвековната турска доминација во Грција, определувањето

на која раса припаѓаат поединците е често придружена со такви сложености, кои го тераат попишувачот да плаче.” (Стр. 570, Национална географија, ноември 1925).

“Грција, со површина од една петина од турската површина, имала 1.500.000 повеќе жители од неа. Турција, со население од 5.000.000 жители и природно богата територија, имала само 15 луѓе на една квадратна милја... Грција, со површина помала од една петина од турската површина, сега имала население кое го надминува населението на Турција, за првпат, за 1.500.000 жители, што просечно изнесува 123 жители на една квадратна милја. ” (Стр. 584, Национална географија, ноември 1925).

“Најголемото тешко патување во историјата чини 300.000 животи. Конзервативните проценки овие 300.000 животи ги сметаат изгубени поради болест и изложеноста на штетните временски влијанија.” (Стр. 584, Национална географија, ноември 1925).

“Вистинската размена во голем степен била во корист на Турција, бидејќи околу 380.000 муслимани биле разменети за околу 1.100.000 христијани”. “Вкупното население во Грција се зголемило помеѓу 1907 година и 1928 година од 2.600.000 на 6.200.000.” “По грчките воени напредувања од 1912 година, на пример, грчките елементи во грчка Македонија сочинувале 43 проценти од населението. До 1926 година, со повторното населување на бегалците, грчкиот елемент се искачил на 89%.” (Стр. 121, Ричард Клог, “Кратка историја на современа Грција”).

По сето ова, изненадувачки (и срамно) е што Грција се уште тврди дека нејзиното население е хомогено; директни потомци од народите на античките градови-држави.

Ако Грција денес постои како хомоген етнос, тогаш таа и го должи ова на катастрофата од Мала Азија. Ако стотици илјадници бегалци не беа дошле во Грција, денес грчка Македонија немаше да постои. Бегалците ја создадоа “националната хомогеност” на оваа земја. (Антониос Кандиотис, Митрополит на Флорина /Anonios Kandiotis, Metropolite of Florina/, стр. 141 во Анастасија Каракасидоу, “Полиња на пченица, планини на крв” /Anastasia Karakasidou, Fields of Wheat, Hills of Blood/).

Според Каракасидоу, речиси половина од бегалците биле населени во урбаните центри и руралните подрачја во Македонија. “Барајќи локации на кои ќе ја насели масата народ, грчката влада гледала на север, кон новоинкорпорираната земја во Македонија...” “... до 1930 година, 90 проценти од 578,844 бегалци, населени во руралната Грција, биле концентрирани во региони на Македонија и западна Тракија. Според тоа, грчката новостекната втора “житница” (по Тесалија), станала место за чување на бегалците од источна Тракија, од Мала Азија и од Понтија /Pontic refugees/.” (Стр. 145, Анастасија Каракасидоу, “Полиња на пченица, планини на крв”).

Додека Грција размислувала за повторно населување на Македонија со странски бегалци, нов развој на настани се подготвувал да излезе на површината на Македонија.

“Една книга, од голема важност за македонската лингвистика и историографија, била објавена во Атина; тоа бил букварот со наслов Абецедар (а, б, ц) /ABECEDAR (A B C)/, печатен на латиница и наменет за децата од македонското национално малцинство во Грција - “малцинството кое зборува на словенски јазик” како што сер Остин Чемберлин /Austin Chamberlain/, британски дипломат и делегат во Лигата на народите и сер Џејм Ерик Друмонд /James Erick Drumond/, генерален секретар на Лигата на народите, ги ословувале Македонците во Грција.” (Стр. 184, Воислав Кушевски, “Кон појавувањето на Абецедарот” во Магазинот “Историја” /Voislav Kushevski, “On the Appearance of the Abecedar” in Istorija magazine/, 1983, бр. 2).

“Во 1920 година, Грција, пред Лигата на народите, потпишала една спогодба која ја обврзува да им даде одредени права на малцинствата од негрчко потекло во Грција. Четири години подоцна, во 1924 година, по сугестија на Лигата на народите, Грција и Бугарија го потпишаа добропознатиот Калфов-Политис протокол, според кој Бугарија била обврзана на грчкото малцинство во Бугарија да му даде малцински права (јазик, училишта и други права), додека Грција, признавајќи ги Македонците од егејскиот дел на Македонија како “бугарско” малцинство, требала и ним да им ги даде нивните малцински права. Оваа спогодба навидум била во голема корист на Бугарија, но кога во 1925 година

грчката влада презела одредени конкретни мерки кон публикување на првиот буквар, создаден за спечифичните потреби на тоа малцинство, станало јасно дека нема основи врз кои Бугарија би можела, официјално, да биде заинтересирана за било какво "бугарско малцинство" или да очекува буквагот да биде на бугарски, бидејќи тоа малцинства – иако зобрувало на словенски јазик - не било ниту бугарско ниту српско."

Самиот факт што официјална Грција не ги гледала, ниту de jure ниту de facto, Македонците како бугарско малцинство, туку повеќе како посебна словенска група ("малцинство кое зборувало на словенски јазик"), е од посебно значење. Буквагот, објавен на латиница, се базирал врз леринско-битолскиот дијалект. По Речникот на Џианели /Gianelli/ од XVI век и Четиријазичникот на Данилов напишан во XIX век, ова била уште една книга напишана на македонски стандарден, говорен јазик. Буквагот бил испратен преку пошта во некои региони во западна Егејска Македонија (Костур, Лерин и Воден) и школските власти се подготвувале на македонските ученици, од прво до четврто одделение ва основните училишта, наставата да им ја држат на нивниот мајчин јазик. (Григориј Дафнис, "Грција помеѓу двете светски војни" /Grigorios Dafnis, "Greece between the two world wars"/, весникот "Елефтерија" /Elefteria/, 15 март 1953 година, Дионисиј Ромас /Dionisios Romas/ во весникот Елефтерија", 9 и 12 октомври 1954 година и Димитриј Вазуглис во "Расни и религиазни малцинства во Грција и Бугарија" /Dimitrios Vazuglis во Racial and religious minorities in Greece and Bulgaria/, 1954).

Грчката влада никогаш не направила искрен напор да го реши прашањето на Македонците и нивните етнички права во Грција. Така, додека биле преземани мерки за отворање на македонски училишта, еден судир помеѓу грчката и бугарската војска се подготвувал во Петрич, кој потоа бил проследен со масакар на невиното македонско население во селото Трлис /Trlis/ во близина на Серес. Сето ова било насочено кон создавање став на несигурност кај Македонците, така што тие самите би се откажале од признавање на нивните малцински права и, евентуално, би побарале сигурност така што би се преселиле во Бугарија.

Грчката влада, исто така, вешто ги искористила југословенско-бугарските несогласувања по прашањето за Македонците во Грција и, со организиран притисок врз македонското население, како што бил случајот во селото Трлис /Trlis/, се обидела ла го исфрли македонското етничко прашање од агендата преку повторно присилно населување на македонското население надвор ол Грција.

АБЕЦЕДАРОТ, кој всушност никогаш не стигнал до македонските деца, сам по себе е моќно сведоштво не само за постоењето на големо македонско етничко малцинство во Грција, туку, исто така, за фактот дека Грција била обврзана пред Лигата на народите да преземе одредени мерки со цел на ова посебно малцинство да му ги даде неговите права (ХРИСТО АНДОНОВСКИ).

Дури и пред Грција да ја обезбеди својата контрола врз Македонија, биле испратени функционери да управуваат со "новите земји". Првиот официјален грчки администратор пристигнал во Солун при крајот на октомври 1912 година, придружуван од двајца судии, пет царински службеници, десет конзуларни референти, еден контингент известувачи и новинари и од 168 критски војници. Меѓу другото, првата деловна наредба била да "се хеленизираат новите земји". "Откако Грците ја окупирале Егејска Македонија, ги затвориле училиштата и црквите на словенски јазик и ги истерале свештениците. Македонскиот јазик и македонските имиња биле забранети, а Македонците биле ословувани како Бугари, Срби или локално население. Со законот објавен на 21 ноември 1926 година, имињата на сите места (топоними) биле хеленизирани; тоа значи дека биле отфрлени имињата на градови, села, реки и планини, а на нивно место ставени грчки имиња. Во исто време, Македонците биле присилени да ги сменат своите имиња и презимиња; секое македонско презиме морало да завршува на "os", "es" или на "poulos". Вестите за овие акти, како и новите, официјални грчки имиња биле објавени во дневниот весник на грчката влада "Ефимерис тис Кивернисеос" бр. 322 и 324 од 21 и 23 ноември 1926 година. Законските услови да се користат овие грчки имиња се официјално обврзувачки до ден-денес. Сите докази на македонски јазик биле присилно отстранети од црквите, спомениците, археолошките наоѓалишта и

гробиштата. Црквената или секуларната литература со закон била одземена и запалена. Употребата на македонскиот јазик, исто така, бил строго забранет и во личната комуникација помеѓу родители и деца, меѓу селани, на венчавки, на работа и погребни обреди.” (Стр. 109, Џон Шеа, “Македонија и Грција, Борбата да се дефинира една нова балканска нација” /John Shea, Macedonia and Greece, The Struggle to Define a New Balkan Nation/).

Чинот на забрана за употреба на македонскот јазик во Грција најдобро е илустриран со еден пример за тоа како тој бил применет во општината Ассариос /Assarios (Giuvezna)/. Еве еден цитат од книгата на Каракасидоу “Полиња на пченица, планини на крв”.

“[Ние] го слушавме претседателот како јасно му зборуваше на советот дека во согласност со одлуката [#122770] на господинот министер, генералниот гувернер на Македонија, сите општински и градски совети треба да го забранат”, преку [административни] одлуки, изговарањето на други идиоми или зборувањето на застарени јазици во рамките на подрачјата под нивна јурисдикција, заради повторно градење на еден универзален јазик и нашата национална слава. [Претседателот] сугерираше дека изговорањето на поинакви идиоми, на странски [јазици] и на нашиот јазик на еден нечист и застарен начин во подрачјето на општината Асириос ќе бидат забранети. Одлука на општината Асириос бр. 134, 13 декември 1936 година.” (Стр. 162, Анастасиа Каракасидоу, “Полиња на пченица, планини на крв”).

До 1928 година, 1.497 македонски топоними во Македонија окупирана од Грците биле хеленизирани (Закон 4096), а сите кирилични написи најдени во црквите, на надгробните споменици и икони биле уништени (или врз нив било напишано нешто друго), што го поттикнало англискиот новинар В. Хилд да каже: “Грците не само што ги прогонуваат живите Словени (Македонци)..., туку тие дури ги прогонуваат и мртвите. Тие не ги оставаат на мира дури и во гробовите. Им ги бришат написите на словенски јазик на нивните надгробни споменици, ги вадат коските и ги спалуваат.”

Во годините по Првата светска војна, македонскиот народ претрпел обемни мерки на систематска денационализација.

Овие “денационализаторски шеми биле толку опсежно и агресивно спроведувани, што долгорочно гледано тие ја ерозирале волјата на македонскиот народ да се спротивстави.

“Во Грција, во 1929 година, во текот на владеењето на Елептериос Венизелос, бил издаден еден законски акт “За заштита на јавниот ред”. Во согласност со овој акт, секое барање за малцински права се смета за велепредавство. Овој закон се уште е на сила.

На 18 декември 1936 година, диктаторската влада на Метаксас објавила еден законски акт “За активноста против безбедноста на државата”, врз чија важност илјадници Македонци биле уапсени, затворени, протерани или прогонети (exoria) на суви грчки земјишта, сурови за живот, каде многумина исчезнале. Кој е нивниот злочин? Затоа што се Македонци по раѓање.

На 7 септември 1938 година, бил објавен законскиот акт бр. 2366 со кој се забранува користењето на македонскиот јазик. Сите македонски реони биле преплавени со постери: “Зборувајте грчки”. Биле отворени вечерни училишта во кои возрасните Македонци учеле грчки јазик. Ниту едно единствено македонско училиште во тоа време не работело.” (Стр. 8, Што Европа има заборавено: Борбата на егејските Македонци, Извештај од Здружението на Македонците во Полска /What Europe has Forgotten: The Struggle of the Aegean Macedonians, A Report by the Association of the Macedonians in Poland/).

Многу Македонци биле парично казнети, претепани или фрлени во затвор бидејќи зборувале македонски. И возрасни и деца, подеднакво, биле дополнително понижувани, така што биле приморани да пијат рицинус ако биле фатени да зборуваат македонски.

Во Вардарска Македонија, југословенската влада се справила со проблемот на денационализација и асимилација со донесување на закони, како што е “Резолуцијата за населување на новите јужни региони”, од 24 септември 1920 година, наменета ефективно да ги исклучи Македонците од поседување било каков имот. Македонскиот јазик бил забранет, заедно со културните институции, преку еден еднообразен пропис познат како Едикт од 30 декември 1920

година, усмерен кон прогонување на сите политики и синдикални здруженија и друштва.

Најголемиот дел и најплодното македонско земјиште им било дадено како награда на српските воени офицери кои го преживеале Солунскиот фронт од Првата светска војна. Земја, исто така, им била дадена на српските администратори на Македонија, вклучувајќи ја владината бирократија, судии и полицијата. Мерките за денационалнизација биле придружени со агресивни програми за повторно образование, продуцирајќи "мали Српчиња" од македонските деца. Што се однесува до возрасните кои се противеле, им биле дадени две опции - "да живеат како Срби" или "да умрат како Македонци"!

Во Пиринска Македонија, бугарската влада применила задолжителна промена на имињата, а преку репресивни политички и економски средства го засилила процесот на асимилација. На почетокот, земјишните реформи биле во корист на сиромашните, вклучувајќи ги и македонските селани. Но, подоцна, и тоа се променило, исто така, и Македонците биле изложени на слична судбина како Македонците во Егејска и Вардарска Македонија.

Македонците во Албанија претставувале мала закана по албанската власт и поминале релативно подобро од нивните роднини во Грција, Бугарија и Србија. Селаните не биле ниту прогонувани ниту подложени на било какаи сеопфатни денационализаторски програми. Како резултат на тоа, македонската култура напредувала, оригиналните имиња останале и луѓето непречено зборувале на македонски.

Како што претходно е спомнато, многу од регионалните водачи на ВМРО, измамени од пропагандата на Балканската лига, доброволно им се придружиле на војските на Лигата во 1912 година за да и помогнат да ги истераат Турците и да ја ослободат Македонија. Кога тоа се завршило, и кога таканареченото "ослободување" се претворило во "окупирање", тие се нашле како затвореници на војниците на Лигата. Оние кои биле доволно среќни да се спасат, побегнале во пиринскиот регион и и се придружиле на четата на Јане Сандански, која се уште била активна во тоа време. Но, по убиството на Сандански во 1915 година, многу од неговите следбеници преминале во илегала, а потоа

повторно се појавиле во Серес за да го формираат Серскиот револуционерен совет. Левото крило на ВМРО повторно се појавило пред Парискатa мировна конференција во 1919 година, со големи надежи за решавање на македонското прашање, лобирајќи кај мировните делегати. Откако сфатиле дека нивните напори биле залудни, се откажале и се споиле со Привремената мисија на западна Македонија да ја формираат ВМРО (обединета). Македонија е жива, "обединета", во душата, ако не во телото. За жал, поради поделбата на Македонија и поради подигнатите непробојни бариери (затворени граници), градењето на еден обединет национален фронт било тешко, ако не и невозможно. Иако имало голема желба да се оствари една "обединета автономна Македонија", ниедна форма за мобилизација не била практична. Тогаш, како ВМРО ќе ги постигне своите цели? Дел од водачите верувале дека со интернационализација на македонското прашање и со заедничко дејствување со поддржувачките политички елементи од сите балкански држави, денационализаторскиот процес би можел да се забави, дури и да ги смени правецот и климата за да може да се направи повторното обединување. ВМРО верувала дека со примена на една нова, револуционерна и ненационалистичка тактика, бариерите подигнати во Македонија би можеле да се пробијат. Придружувајќи се на "меѓународната класна борба против еден заеднички угнетувач", ВМРО верувала дека може да се постигне самоопределување. Единствените политички елементи што ги симпатизирале целите на ВМРО, во тоа време, биле комунистичките партии на односните балкански држави. ВМРО го повикала македонскиот народ да и се придружи на класната борба и да ги поддржи оние кои имаат сочувство кон Македонската кауза. Многу Македонци навистина се издигнале над задачата, но нашле премалку заедничко со експлоатираната работничка класа во нивните нови држави. Македонците чувствувале дека се експлоатирани, прво, поради тоа што биле Македонци и, второ, поради тоа што биле работничка класа. За да ги придобие, Комунистичката интернационала (Коминтерна) била принудена да земе предвид концесии, како, на пример, да и понудат на Македонија автономија и право на

самоопределување, или барем да ја признаат македонската нација со сите права и привилегии. Коминтерната гледала на Македонците како потенцијално силен сојузник што може да биде убеден да се придружи на нејзината кауза. За жал, имало проблеми, многу проблеми. Прво, имало несогласувања помеѓу комунистичките партии на балканските држави во однос на степенот на концесиите што би биле дадени. Имало стравувања од губење на макодонската територија ако се разгледува автономија. Москва, водечката фигура на Коминтерната, претпочитала балканска федерација со цела Македонија како една од нејзините републики. За жал, Бугарија, се уште сонувајќи го Санстефанскиот сон, ја поништила спогодбата.

Немајќи начин да се провалат "вештачките непробојни бариери" наметнати на Македонија од балканските држави, ВМРО никогаш повторно не била способна да се издигне до славните денови на Илинденското востание. Како последица, нејзината улога постепено се намалувала и таа изумрела по германската окупација на Балканот, во 1941 година.

По Големата војна имало мир во Европа. За жал, Македонците продолжиле да трпат денационализација, присилна асимилација, присилно емигрирање и економско занемарување во рацете на новите господари. Како што ќе покаже времето, Европа нема да има траен мир. Искрснувала нова закана со поголема жестокост која ќе го проголта целиот свет. Уште еднаш нечија туѓа војна ќе биде водена на македонска почва и уште еднаш таа ќе се покаже дури и поопустошувачка од било која претходна војна, речиси фатална по македонската нација.

ГЛАВА 27 - МАКЕДОНИЈА ОД 1939 ДО 1949 ГОДИНА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ГРЧКАТА ГРАЃАНСКА ВОЈНА

По завршувањето на Големата војна и на Советската болшевичка револуција, големите сили биле во рушевини и започнале долг процес на повторна изградба. Желбите на Русија за империјалистички потфати и нејзината опсесија за уништување на Отоманското Царство предизвикале големо економско страдање на нејзиниот народ. Додека Македонците на Балканот страдале од денационализација и угнетување, светот околу нив се менувал.

Издигнувањето на Ленин на власт ставило крај на руските империјалистички амбиции на Балканот, особено царските желби за анексирање на Цариград и Едрене. Германија, од друга страна, огорчена поради нејзиниот претходен пораз, почнала повторно да ја гради својата економија. Вознемирени од своите претходни битки со Германија, и Франција и Британија почнале повторно да си ги градат своите економии и воени сили. Германија, како поразена страна и како поттикнувач на Големата војна, била присилена да им плаќа надоместок за штетите на победничките држави.

Наспроти сите напори вложени за закрепнување од Големата војна, економската ситуација во Европа се влошувала и го достигнала својот максимум во октомври 1929 година кога берзата во Соединетите Држави крахирала. Економскиот колапс во 30-тите години на XX век и "Големата депресија" го поларизирала светот на "леви и десни" економски табори. Во левиот спаѓале следбениците на работничката класа и на комунизмот, додека во десниот биле поддржувачите на индустријата и капитализмот. Натегањето дали ќе има војна меѓу левицата и десницата го достигнало својот максимум кога во Шпанија, во јули 1936 година, избувнала Граѓанската војна. Германија ја поддржувала десницата и испратила свои трупи да се борат на страната на шпанската влада. На Германија, во тоа време, и било дозволено да има само мала армија, па за да ја компензира својата ограничена бројчана способност таа ги

фокусирала своите напори кон создавање супер-сила. Германската мала, но способна армија, обучувана во борбени услови и испробана на терен, се очеличила во шпанскиот конфликт. Ова ги објаснува нејзините бројни победи во текот на Втората светска војна. Руското и германското влијание не ги одминало балканските држави и тие, исто така, го почувствувале натегањето од двата табора.

За да ја одржи контролата на своето кралство, кралот Џорџ II /George II/ ја направил Грција своја диктаторска држава. Во 1936 година, по смртта на грчкиот премиер, генералот Метаксас, министер за војна, бил одреден да биде одговорен за грчките работи.

И додека имало некои изгледи за основни човекови права за македонскиот народ во грчката држава, на почетокот на 20-тите години на XX век, овие изгледи изумреле напоредно со тоа бидејќи Грција го засилила својот притисок врз Македонија со имплементирање на порасистичка асимилаторска попитика. Како тоа да не било доволно, на 18 декември 1936 година, грчката влада издала законска одлука во врска со "Активности против државната безбедност". Со оваа одлука илјадници Македонци биле уапсени, фрлени во затвори и протерани од својата татковина. Меѓу другото, Метаксас, на 7 септември 1938 година, со законската одлука бр. 2366 го ставил македонскиот јазик надвор од законот и забранил луѓето да зборуваат на него, наметнувајќи високи парични казни и казна затвор.

Во 1938 година австралскиот автор Берт Биртлис /Bert Birtles/, во својата книга "Прогонства во Егејот" /Exiles in the Aegean/ напишал: "Во името на 'хеленизацијата', овие луѓе (Македонците) постојано се прогонувани и приведувани за 'најфантастични' причини. Начинот на Метаксас да влее вистински националистички дух кај нив, бил сите автохтони топоними да се сменат на грчки јазик и да ја забрани употребата на нивниот мајчин јазик. За прикажување и најмал отпор кон указот - бидејќи и тоа, исто така, било опасност по безбедноста на државата - селаните и оние кои живееле во селата биле прогонувани без судење." (Стр. 112, Џон Шее, "Македонија и Грција, Борбата да се дефинира една нова балканска нација").

Штом дошол на власт во грчката држава, Метаксас дејствувал против работничките синдикати и нивните водачи и штрајковите ги прогласил за нелегални. Потоа, се свртел кон угнетување на сета политичка опозиција, ги ставил надвор од законот сите политички партии и ги затворил водачите кои не му ја ветиле својата лојалност. Комунистичката партија, исто така, била ставена надвор од законот и таа преминала во илегала. А и печатот бил строго цензуриран.

Бидејќи бил воено лице, Метаксас усмерил голем дел од државите финансии за модернизирање на грчката армија, и во луѓе и во воено оружје и опрема. Во областа на образованието, тој повторно ја напишал грчката историја за да ги поддржи неговите лични идеологии, изјавувајќи дека имало три големи периоди во историјата: класичен период, византиски период и неговиот режим кој тогаш бил познат како "Режимот од четврти август". Рормирал една Народна младинска организација за да ги приближи сите деца од различни социјални класи и обезбедил воена обука за момчињата и домаќинство за дебојчињата. Иако режимот на Метаксас бил идеолошки сличен на оној во Шпанија и Италија, Грците секогаш биле лојални на Британија.

Во Југославија настаните се развивале на сличен начин како на оние во Грција. Откако кралот Александар се прогласил за диктатор на Југославија, во 1929 година, тој го укинал Уставот и своето кралство го поделил на таков начин што Србите ќе бидат мнозинство во сите области. Тој, исто така, ги укинал синдикатите и ги укинал личните слободи. Окупираната територија на Македонија од Србија била наречена "Јужна Србија", а било забрането македонскиот јазик да се зборува на јавни места. Историјата на македонскиот народ и презимињата биле сменети, исто така, за да им се даде српски акцент. И топонимите биле променети и заменети со историски српски имиња. За разлика од режимот на Метаксас, по 30-тите години на XX век, југословенскиот режим почнал да го релаксира својот цврст притисок и дозволил неофицијално и ограничено користење на македонските дијалекти во Македонија - на улици, во драмски претстави и во драмски клубови.

Во Бугарија настаните се одвивале по сличен курс како во Југославија и Грција. Во мај 1934 година бил извршен воен државен удар, Уставот од 1879 година бил укинат, а политичките организации и синдикатите забранети. Во 1935 година кралот Борис III, во крвав државен удар, го срушил старото диктаторство и го заменил со своето кралско диктаторство. Бугарските влади од зачнувањето на Бугарија во 1878 година официјално и непопустливо го негираат постоењето на македонската националност, аргументирајќи дека Македонците се Бугари. Илјадници Македонци, кои низ годините се обидувале да искажат различни гледишта, биле фрлани во затвор или биле прогонувани. Ставот дека Македонците се Бугари бил искористен да се оправдаат актите на насилна асимилација и на Македонците да им се негираат нивните основни човекови права. Уште од нејзиниот почеток во 1878 година, Бугарија е опседната да ја поседува Македонија и таа му причинила огромно страдање на македонскиот народ.

Падот на царската Руска Империја, распаѓањето на Хазбуршката австро-унгарска Империја и смртта на Отоманското Царство ги тргнало трите големи сили од внатрешното влијание на Балканот. Додека Британија играла помалку активна улога, Франција и Италија се обиделе да формираат конкурентни сојузи на Балканот, но ја немале потребната воената моќ за истите да ги ефектуираат. Балканските влади, од друга страна, за првпат имале можност да ги приспособат своите меѓусебни односи и врски, и да формираат сојузи за да ги заштитат своите заеднички интереси. За жал, нивната омраза едни кон други, и нивниот страв да не ја изгубат Македонија, секогаш ги спречувале ваквите сојузи и уште еднаш дозволиле туѓинци да имаат улога во нивните внатрешни работи.

Понижувачкиот пораз на Германија во Големата војна, во спрега со нејзината економска незгодна ситуација во 30-тите години на XX век, довеле до еден нов вид германски радикализам. Хитлер го искористил тоа и го свртел во своја корист. Тој, краткорочно гледано, на германскиот народ му го дал она што тој најмногу го посакувал - работа и надеж за подобра иднина. За жал, долгорочно гледано, продуцирал

катастрофа не само за германскиот народ, туку и за многу други држави, вклучувајќи ја и Македонија.

Бидејќи од Големата војна искрснал еден нов светски поредок, почнале да се формираат нови сојузи. На една страна биле партнерите на Оската, која во почетокот ја сочинувале Германија, Италија и Јапонија. Со избувнувањето на војната, Албанија, Бугарија, Романија, Унгарија, Финска и Тајланд и се придружиле. Од другата страна, сојузничките партнери биле сочинети од Британија, Советскиот Сојуз, САД и Кина. Како што војната напредувала, така повеќе и повеќе држави им се придружувале на сојузниците и пред да заврши војната нивниот број изнесувал околу педесет.

Во септември 1940 година, Германија, Италија и Јапонија потпишале договор за соработка. Тој, во основа, ги утврдил нивните намери во однос на сферата на влијание на секоја држава, ги дефинирал нивните политички, економиски и одбранбени стратегии, како и нивните обврски една кон друга. Договорот станал познат како "трипартитен договор".

По избувнување на војната на Балканот, првата која паднала пред фашистичката агресија била Албанија. Со ултиматумот даден до албанскиот крал Зог, на 23 март 1939 година, италијанските трупи се истоварале во Албанија и ја окупирале нејзината територија на 7 април, наидувајќи на мал отпор. Наскоро по консолидирањето на својата власт во Албанија, на 28 октомври 1940 година, Италија и објавила војна на Грција. Но, Грција се покажала дека е тврд орев за да биде поразена, а претчувството и предвидувањето на Метаксас да ја вооружи државата се исплатело.

Официјалната историја ги величи Грција и грчките војници за нивната храброст и борбениот дух, но занемарува да ги спомне придонесите и жртвите што Македонците ги направиле за Грција да биде безбедна. Македонците биле првите кои биле испратени во првите линии на албанскиот фронт, примајќи го главниот удар на офанзивата, како и на зимскиот студ. Повеќе Македонци настрадале од гангрена, отколку од италијанските куршуми и бомби. Неподготвени за смрзнувачките температури, многумина останале без прстите на рацете, прстите на нозете, делови од телото, па дури ги изгубиле и своите животи од премрзнување. И храна

немало во доволни количини. Храбрите македонски војници морале да се борат против смртта од глад, како и против Италијанците. Тие го сториле сето ова за да заштитат една држава, која одбила и се уште одбива да ги признае.

Сите нивни жртви биле залудни бидејќи шест месеци подоцна, на 6 април 1941 година, германската војска вмарширала во Грција. Повторно Македонците се бореле храбро, но не биле дораснати на доброобучената и добродисциплинираната германска војска. (Ако сакате да дознаете повеќе за Втората светска војна, особено за настаните во кои се вклучени Грција, Југославија, Бугарија и Албанија, прочитајте го Том 4 од "Илустрирана енциклопедија на Втората светска војна на Маршал Кавендиш", но не очекувајте дека ќе најдете било што за придонесот на Македонците).

Ми имаат кажано сторија за еден македонски војник, еден навистина стар необичен човек, кој одбил да им се предаде на освојувачките германски трупи и продолжил да пука во нив и наспроти наредбата да престане. Ја држел својата позиција се додека не останал без муниција и Германците буквално не го зграбиле за врат. Очекувајќи да се сретне со својот создател, се исправил и храбро се соочил со непријателот лице в лице. Наместо да го убијат, германските војници, еден по еден, се поздравиле со него и му честитале на храброста, а потоа го пуштиле да си оди. (Не сакам да ви дадам погрешен впечаток за Германците. Вака се однесувале во почетокот, во текот на партизанските денови, додека подоцна нивната политика била "да се убијат десет невини цивили за секој еден убиен германски војник").

Кога Германците влегле во Атина, грчката влада капитулирала, а војниците на албанскиот фронт биле оставени сами на себе. На некои им било речено да одат во Епир и да се регрутираат, и од нив се очекувало тоа тешко патување да го изодат пеш. На други не им било речено ништо и тие биле оставени да скитаат во внатрешноста. На крај, сите тие биле фатени од германските патроли, разоружани и испратени дома. Војниците кои се вратиле, биле пречекани како херои. За жал, за оние кои биле ранети, кои останале без прсти на рацете, на нозете и без делови од

телото од премрзнатост, немало оштета, ниту, пак, утеха за нивната болка.

Германската инвазија било добредојдено олеснување за војниците од италијанскиот фронт, но во исто време таа претставувала непријатна несигурност за тоа што наредно ќе се случи. Никој не бил сигурен како ќе реагираат новите освојувачи. Македонскиот народ, претходно имајќи големо искуство да бидат окупирани, го очекувале најлошото. Како што ќе покаже времето, новите освојувачи биле мешовита среќа за македонскиот народ.

По избувнувањето на војната во Европа, Бугарија стапила во сојуз со силите на Оската и на 1 март 1941 година му се придружила на Пактот предводен од Германија. Влегувањето на германските трупи во Бугарија ја поставило Југославија во тешка ситуација. За да го одбегне германскиот гнев, на 25 март 1941 година југословенскиот регент, принцот Павле, исто така, му се придружил на Пактот предводен од Германија. Тоа не му се допаднало на кралот Петар кој, со помош на југословенската војска, извршил преврат и го симнал регентот од власт. Тоа значело дека Хитлер морал повторно да преговара со Југославија. Хитлер сметал на Југославија да му овозможи премин за да ја нападне Грција. Оваа нова ситуација го налутила Хитлер и наместо преговори, ја потпишал Директивата број 25 со која објавил дека Југославија е непријател на Германија и наредил да биде уништена. Хитлер сакал брз напад и затоа повлекол трупи од воениот поход во Русија.

На Хитлер му требале 12 дена да ја сруши Југославија, мала забава во неговата деструктивна кариера, но има такви кои веруваат дека оваа мала забава го променила текот на историјата. Прво, таа му дала на Советскиот Сојуз доволно време соодветно да се подготви за офанзивата, која на крај довела до пораз на Германија. Второ, жестоката природа на нападот ги создала вистинските услови за едно партизанско востание, кое на крајот помогнало во создавањето на Република Македонија. Битката за Југославија и Грција била брза и ефикасна. Кога таа била завршена, Германците и дозволиле на Бугарија, како сојузник на Оската, да ја окупира Вардарска Македонија (окупирана од Југославија) и источниот регион на Егејска Македонија (окупиран од

Грција). Подоцна, откако Италијанците заминале, Германија и дозволила на Бугарија да ја окупира и западна Македонија.

Многу Македонци од вардарскиот регион кои страдале под југословенскиот режим, топло ги пречекале бугарските освојувачи како спасители и ослободители. Нивната еуфорија била краткотрајна, бидејќи Бугарите брзо почнале да го угнетуваат и побугаруваат македонското население. Ако постоело некакво пробугарско чувство пред тоа, тоа по окупацијата брзо исчезнало. Германското насилно навлегување во Југославија, во спрега со бугарските угнетувачки ставови кон македонскиот народ, довеле до раѓање на илегално македонско движење на отпорот.

Во Егејска Македонија, откако Германците се сместиле таму, животот за македонскиот народ зел една непријатна нормалност. Грчката полиција, која го поддржувала режимот на Метаксас пред окупацијата, сега соработувала со германската војска и повторно станала активна во Македонија. За да им се спротивстават на оваа угнетувачка тактика, старите комити (Илинденската револуционерна гарда) повторно се вооружиле и се вратиле во активна служба. "Сениорите" биле разгневени од грчките угнетувачки закони и повторно биле поттикнати на акција од бугарската пропаганда, осудувајќи ја грчката угнетувачка тактика. Бугарите биле свесни за неповолните услови кои грчката влада ги создала во Македонија и ја искористиле можноста да ги вознемируваат Грците. Акциите на комитите биле ограничени во најдобар случај и биле ограничени на италијанските зони, бидејќи Германците не толерирале вооружени акции во нивните зони.

Партизанското движење во Југославија било поорганизирано и попрогресивно отколку она во Грција. Предовдени од Тито, комунистичките партизани во Југославија организирале борба за национално ослободување во која Македонците, предводени од генерал Темпо, се бореле на рамна нога. Македонците формирале свои одреди на отпорот дури и пред тие да бидат признати и прифатени од Тито. Антифашистичката борба за национално ослободување во Република Македонија започнала на 11 октомври 1941 година. Единаесетти октомври е "Втор Илинден" за македонскиот народ. Од 1941 година овој ден се

слави како Ден на востанието на македонскиот народ. Со своите акции, лојалност и патриотизам, македонскиот народ си го заслужил своето место во светот. Со тегобен живот, решителност и пролевање на својата крв, македонскиот народ ја покажал својата желба за слобода и спремноста сами да владеат со себе. Големите сили во 1829 година (со Лондонскиот протокол) ги задоволиле Грците со тоа што направиле Грција да стане држава. Слично во 1878 година (со Берлинскиот конгрес) Русија ги ослободила Бугарите, правејќи ја Бугарија држава. Но, за разлика од Грците и Бугарите, храбриот народ на Вардарска Македонија морал самиот да војува и да војува за себе, за да го заслужи своето место во светот меѓу слободните нации.

За само една година, вардарските Македонци издржале доволно бугарско предавство за цел живот. Тогаш, во април 1942 година, тие се дигнале и го покажале своето незадоволство. Македонските партизани се кренале на оружје против бугарската војска, но биле масакрирани во една крвава битка. Тогаш, невооружените Македонци излегле на улиците за да протестираат поради масакрот, но и тие биле измасакрирани.

За да одбегнат прогонство, дел од македонските партизански одреди, кои биле во состав на југословенските, побегнале во Егејска Македонија. Некои навлегле во италијанските зони во близина на селото Бесфина, а останатите продреле во германските зони во регионот околу селото Света Петка и брзо преминале во илегала. Силите на Бесфина, пред да имаат некаква можност да стапат во контакт со локалното население, биле откриени од комитите кои брзо стапиле во акција. Кога виделе униформирани луѓе на ридовите на Бесфина, старите комити се уплашиле. Мислејќи дека тоа се инвазиски сили на грчката полиција (андари), комитите се обратиле до локалниот италијански гарнизон каде им било дадено оружје и дозвола да нападнат. Кога комититите тргнале во напад, партизаните отстапиле и испратиле претставници да преговараат. Тие оделе од село во село и разговарале со локалните раководни лица. Туѓинците носеле убави униформи и се однесувале сериозно, со шарм и харизма. Зборувале надолго и убаво за

ослободувањето, за слободата и предавството на бугарските фашисти.

Кога комитите откриле дека униформираните мажи се Македонци, ги прифатиле со ширум раширени раце, им го дале (предале) оружјето и многу од нив доброволно и се придружиле на нивната кауза. Партизаните од Света Петка, поради германското присуство, морале да дејствуваат во тајност, но и тие успеале да регрутираат доброволци од локалното население. По навлегувањето на партизаните, македонскиот народ на Егејска Македонија дознал за бугарските злосторства и престанал да и веруваат на бугарската пропаганда. Старата илинденска гарда била демобилизирана и заменета со партизанско движење.

Партизанските организатори презеле вонредни мерки да му објаснат на македонскиот народ дека тие се борат за ослободување и за слобода на македонскиот народ од тиранијата на угнетувачките држави. Македонското инволвирање во оваа војна, а подоцна и во Грчката граѓанска војна, не било за "комунистичката идеологија", ниту, пак, за сојузништва или, пак, за обврзувања кон големите сили. Тоа, едноставно, била наредна фаза во долгата борба за "ослободување од угнетување" и за исполнување на желбата за слобода, повторно соединување и самоуправа. Македонскиот придонес во борбата против фашизмот не само што не е нагласен, туку е и погрешно интерпретиран од историчарите. Уште еднаш ќе нагласам дека македонскиот народ, во текот на Втората светска војна, се придружил кон демократската страна и се борел против фашизмот за ослободување на државите во кои тој живеел. Македонскиот народ, како и другите народи на Балканот, се борел да ја ослободи својата татковина, заслужувајќи си го на тој начин своето место во светот. Ова не може да се игнорира и мора да биде признато и забележано во аналите на историјата.

Веста за движењето на македонските партизани во Егејска Македонја се ширела брзо како оган. Луѓето излегувале на улиците и слободно зборувале на својот мајчин македонски јазик, пееле песни и пишувале драми и поезија на македонски. Партизаните дури формирале и македонски училишта и ги учеле децата да пеат патриотски песни и поеми, им предавале за македонската историја, зборувајќи на

локалните македонски дијалекти. Помладите генерации за првпат виделе зборови напишани на нивниот сакан, свет македонски јазик. Новооткриената слобода донела среќа во животот на угнетениот македонски народ кој ги пречекал партизаните во нивните села како "нашите момчиња и девојки". Новооткриената самодоверба и сила кои Македонците ги искажувале, ги престравиле Грците, особено андарите и нивните соработници. Извесно време, тие веќе не претставувале закана.

Германците и Италијанците не се грижеле, на овој или оној начин, за македонските работи се додека тие не им предизвикувале проблеми. Интересот на Македонците за партизанските активности продожил да се зголемува, така што нови регрути и доброволци и се придружиле на каузата. Биле формирани младински организации (НОМС), со регрутирање млади момчиња и девојки за да бидат очи уши на заедницата и да помогнат во одбраната на селата. Многу млади доброволци на возраст за воена служба, биле регрутирани и обучувани да вршат воени и цивилни должности во новоформираните организации. Организацијата НОФ (Македонски ослободителен фронт) била формирана и регрутирала борци од Костурско, Леринско и Воденско. НОФ дури и соработувала со грчки организации кои имале слични идеологии. Подоцна, станало збор за повторно обединување на Македонија, веројатно преку една балканска конфедерација. За жал, Британија била против идејата и ја обесхрабрувала Грција да учествува во такви работи. Бугарија, исто така, не можела да се согласи и таа ја повлекла својата поддршка. Како обично, Бугарите сакале да станат владетели на Македонија, што било неприфатливо за Македонците.

Има една сторија за петстотини млади македонски цивили кои се собрале во селото Д'мбени, желни да му се придружат на партизанското движење. Зборот за ова се пренел и дошол до грчкото партизанско раководство кое веројатно се преплашило од изгледите за една ваква силна македонска оружена сила. Грците од ништо не се плашеле повеќе, отколку да ја изгубат Македонија. Дотогаш Грците веќе си формирале свое партизанско движење (надвор од Македонија) и почнале да преговараат со Македонците за

здружување на силите. Извесно време, претставниците на грчките партизани ги искушувале Македонците да им се придружат. Кога преговорите не успеале да постигнат резултати, Грците се обиделе да им наредат на Македонците да го предадат своето оружје. Македонците биле многу свесни за грчкото предавство и одбиле да им се придружат и да го предадат своето оружје. Наместо тоа, тие ги запечатиле границите од Бигла до Корча, правејќи ги недостапни за Грците. Во почетокот, Македонците дејствувале сами, но подоцна му се придружиле на крилото на ЕАМ, Грчката народноослободителна војска.

Раководството на македонските вооружени сили во западна Егејска Македонија го споделувале војводата Илија Димов, под шифрирано име "Гоче" и војводата Мито Тупурковски од нашето село Ошчима, под шифрирано име "Титан". И двајцата команданти биле сакани од своите луѓе поради нивните борбени способности и почитувани поради нивното раководење.

Накратко, сакам да напомнам дека во еден ироничен пресврт на настаните, додека Мито Тупурковски ги вовлекувал Германците во жестоки борби, неговата мајка Султа била несреќно убиена од заскитан германски куршум. Било тоа обичен летен ден во 1944 година. Извесно време, локалното население се навикнало на германските патроли кои ги вршеле своите вообичаени обиколки, правејќи инспекција на условите по патиштата и на комуникациските линии помеѓу Желево и Брезница. Секое утро, многу рано, двајца германски војници заминувале пеш од Желево и се упатувале кон Брезница, а двајца заминувале од Брезница за Желево. Кога патролите ќе се сретнеле, ќе си го сменеле правецот и продолжувале со своите рутински должности во текот на денот.

На тој посебен ден, десет партизани дошле во Ошчима и решиле да нападнат една од патролите и да ги земат војниците како заложници. Поставиле стапица во еден ров во близина на Терна и чекале. Додека чекале, двајца мажи од Ошчима, Пасо Боглев и Гиро Келешов, оделе кон блиската воденица. Пасо го оставил своето магаре да пасе малку погоре од патот и влегол во воденицата. Кога Германците поминале покрај нив, им го позајмиле магарето, еден од нив

го јавнал и продолжиле по патот. Кога се приближиле до стапицата на партизаните, единствениот вооружен партизан пукал рафално во воздух. За жал, по првиот рафал, пушката му се заглавила. Германците бргу се засолниле во ендекот и почнале да возвраќаат со пукање. Обесхрабрени од неуспешниот обид, партизаните брзо побегнале во планините. Гласното пукање го алармирал германскиот гарнизон во Желево и брзо било испратено засилување. Пасо и Гиро, исто така, го слушнале пукањето и излегле од воденицата да видат што се случува. Кога здогледале како едно возило со вооружени војници им се приближува, се преплашиле и во паника побегнале. Пасо трчал долу до реката и се скрил. За жал, Гиро бегал накај ридот, ама им бил на видик на германската патрола. Германците, мислејќи дека тој е злочинецот, се дале во потера. Гиро трчал брзо и Германците не можеле да го фатат, па затоа пред да исчезне во шумата, еден од војниците испукал рафал кон него. Кој би можел да очекува дека еден заскитан куршум, испукан од тоа пукање, смртно ќе ја рани Султа, мајката на Мито, која мирно седела во дворот, уживајќи во тој летен ден. Гиро побегнал неповреден, но за жал Султа умрела од здобиената рана, на 20 август 1944 година.

Во септември 1944 година, германските трупи почнале да се повлекуваат од Балканот. Плашејќи се од репресалии, многу Македонци ги евакуирале своите села и направиле привремени домови на изолирани места во планините. Како што се воспоставило, Германците не биле закана и приближно по еден месец, тие се вратиле во своите домови. Оние кои живееле во близина на главните патишта се плашеле да се вратат и оделе да живеат кај роднини во осамени, изолирани села и останале таму додека Германците не си заминале. Се случил еден инцидент за кој знам кога Германците навистина направиле штета. Тоа било во селото Терна каде Германците, кои се враќале, виделе дека нивното "село-домаќин" било испразнето. Затоа се разгневиле и до смрт каменувале двајца старци.

За да ги заштитат војниците од напад надвор, на отворено и ноќе, Германците им обезбедиле сместување во селата, меѓу локалното население. Секоја куќа била обележана со маркер и војниците кои се враќале ги користеле таквите куќи како

засолниште. Во Ошчима, како и во другите села, биле испечатени идентификациски броеви на надворешната врата од секоја куќа. Постојано истите војници доаѓале во истите куќи. Според она што моите ми го имаат кажувано, неколку германски војници обично преспивале во нашата куќа. Ако некој од Германиците недостасувал, мојот дедо со мимика би прашал "што се случило" и би покажал со прст кон местото кадо што човекот за последен пат седел. Германците, потоа, повторно со мимика би покажале дека "спие", што значело дека тој бил убиен или би рекле "мама", што значело дека отишол дома на отсуство да си го види семејството.

На крај, кога германските и бугарските окупациски сили се повлекле од Југославија, партизаните, кои броеле околу 800.000, ја имале власта. Немало надворешни инвазиски сили (сојузнички или руски) во Југославија, па затоа странското мешање не било проблем. Во тоа време, македонските партизани претставувале голема сила и имале големо влијание во ешалонот на Титовиот режим. Македонскиот народ имал свој удел во ослободителната војна на Југославија, водена против фашистите, и си го заслужил своето место, како еднаков со другите југословенски народи.

На 2 август 1944 година, Македонија официјално била прогласена за Република во составот на југословенската федерација. Битолско-леринскиот дијалект бил избран и присвоен како официјален јазик на Република Македонија со Скопје како нов главен град.

Штом Германците се повлекле од Грција, британската армија пристигнала во Атина. Атина била евакуирана на 12 октомври 1944 година, а британските окупациони сили влегле во градот неколку дена подочна. Додека Британците влегувале во Грција со само четири илјади трупи, повеќето неспособни за борба, ЕЛАС (грчките партизани), за разлика од нив, имале седумдесет илјади вооружени и спремни за борба. Дури и Британците признале дека ако грчките партизани сакале, тогаш можеле и да ја зграбат власта. Условите сигурно биле поволни за такво нешто. Прашањето е зошто тие не го сториле тоа и зошто тогаш се водела Граѓанската војна? Официјалната историја не дава никакви одговори, туку само повеќе прашања.

На Британците им требало неколку месеци да се организираат и до средината на декември 1944 година имале педесет илјади свои војници и нешто лојални грчки трупи кои им обезбедувале поддршка. Локалните грчки трупи произлегувале од редовите на Андарите (Национална републиканска грчка лига), истите оние кои се бореле покрај Германците. Тие ја сменила германската униформа со британска и се вратиле на улиците каде повторно ги напаѓале партизаните.

Како што Грција почнала да пропаѓа, пред Германија да ја нападне во 1941 година, кралот Џорџ II побегнал и формирал влада во егзил во Лондон, која била призната од Сојузниците како официјална влада на Грција. Освен тоа, Британците, пред да заминат Германците, формирале еден центар на грчка активност во Каиро, каде грчката војска, морнарица и воено воздухопловство дејствувале под британска команда.

Откако Британците ја консолидирале власта во Грција, биле способни да ја поддржат грчката влада, наименувана од Британија, и им наредиле на партизаните да се демобилизираат. Она што овде е интересно е тоа што, пред Британците да бидат способни воено да применат разоружување, тие им наредиле на партизанските сили да се распуштат. Она што е уште поинтересно и вредно за спомнување е дека ЕАМ се согласила да ги демобилизира своите сопствени сили речиси без никакви услови. Единствениот услов кој вреди да се спомне е барањето за британско разоружување на "владините единици за поддршка", кои, всушност биле главен противник на ЕАМ. Многу добро знаејќи дека Британија нема никогаш да дозволи комунистичко владеење во Грција, а, исто така, знаејќи дека Советскиот Сојуз потпишал договор со Британија за немешање во Грција, сепак ЕАМ верувала дека може да дојде на власт без помош однадвор.

Кога Британците излегле со првобитниот план, игнорирајќи го барањето на ЕАМ за разоружување на владините елиници за поддршка, ЕАМ излегла од владата. Потоа ЕАМ протестирала против британските дејства, со организирање демонстрации и генерални штрајкови. Кога атинскиот плоштад почнал да се полни со река од илјадници демонстранти, на полицијата и било наредено да пука во

толпите, убивајќи петнаесет души. За да бидат работите уште полоши, Черчил одобрил план за Британија да ја окупира Атина со било какви средства, ако биде потребно. ЕЛАС се уште држеле повеќе од три-четвртини од Грција, но бидејќи тие не можела веќе да сметаат на поддршка однадвор (руска), повторно морале да ја проценат својата позиција.

Под ваквите услови, ЕАМ, во јануари 1945 година, прифатила примирје, трампајќи оружје за гласови. Варкитскиот договор /the Varkita agreement/ бил потпишан на 12 февруари 1945 година, според кој од сите страни се барало да се демобилизираат и да го предадат своето оружје. Британците уште еднаш а потврдиле својата верност кон грчката влада, давајќи и на Атина целосна политичка и воена поддршка, обврзувајќи се да се борат за да спречат победа на партизаните. Најголемите губитници од Варкитскиот договор биле Македонците. Штом ЕАМ го потпишала договорот, сите антимакедонски закони стапиле повторно на сила, а македонскиот народ го изгубил сето она што го добил во текот на германската окупација. ЕАМ/ККЕ (Грчката комунистичка партија) апсолутно не направила никакви напори да ги заштити македонските права во договорите со Британија и, како резултат на тоа, почнала да ја губи наклонетоста на македонското раководство. Кога на македонските партизански сили им било наредено да се демобилизираат, како дел од Варкитскиот договор, македонското раководство одбило. Гоче и Титан одбиле да се разоружаат и да се распуштат без гаранции дека никаква повреда нема да им се нанесе ним или на македонскиот народ.

Прашањето “што ќе и се случи на Егејска Македонија под грчкото комунистичко владеење” се уште не било разјаснето. Грција била решена да се ослободи од Македонците на овој или на оној начин, и македонските сили ги ставила надвор од законот. ЕЛАС (грчките партизани) составиле една ударна група која била испратена на север да интервенира и да ги уапси македонските изгнаници. Наместо да пружат вооружен отпор, македонските бригади ја преминале југословенската граница и влегле во Вардарска Македонија. Таму биле топло пречекани и биле приклучени кон постоечките македонски

оружени сили кои се бореле со албанските балисти (германски сојузници) во Тетово и Гостивар. Македонското раководство можело да остане и да се бори со ЕЛАС, но немало никаква смисла војната да се донесе дома во Македонија. Тие добро знаеле дека британските трупи наскоро ќе ги следат и тие би воделе бесмислена, крвава војна во својот двор.

Откако македонските сили веќе не и стоеле на патот, грчката полиција се вратила и прибегнала кон нејзините стари трикови. Овојпат, не биле жртви само Македонците. Тие ги мразеле исто толку и грчките партизани. Практично, без никој да ја сопре, грчката полиција ги интензивирала своите активности на терор, апсејќи, мачејќи и убивајќи луѓе, не правејќи разлика, вклучувајќи ги и раководствата на ЕАМ, ЕЛАС и на КЕ (Комунистичката партија на Грција). До времето на одржување на изборите, најголемиот дел од партизанското раководство исчезнало. Тие или отслужувале затворски казни врз основа на исфабрикувани и блефирани обвинениј или веќе биле убиени.

Изборите биле закажани за 31 март 1946 година. Наместо да гласаат, грчките партизани повторно се вооружиле и се побуниле против грчката влада. Востанието се манифестирало како напад на Грција во селото Литохорион /Lithohorion/, сместено источно од планината Олимп, јужно од Катерини во Тесалија. Наскоро следеле и други напади и речиси веднаш конфликтот ескалирал во Граѓанска војна од големи размери, вклучувајќи ја не само Грција, туку, исто така, и Македонија окупирана од Грција.

Во еден бизарен пресврт на настаните, ЕЛАС, која помалку од една година пред тоа ги вперила своите пушки кон македонските борци, сега им пружила раце на пријателство. Се било простено и заборавено кога раководството на ЕЛАС ги замолило Македонците за нивна помош. Овојпат тие дошле со понуда на “еднакви права”, “признавање”, па дури и можност за “повторно соединување со Вардар”. Сега, кажете ми кој Македонец можел да го одбие тоа?

Многу партизаниборци од Егејска Македонија, кои преминале во Вардарска Македонија само една година пред тоа, тогаш се вратиле. При враќањето, се организирале во НОФ, Македонски народен ослободителен фронт и се бореле

рамо до рамо со ЕЛАС. Многу биле свесни за поговорката “чувај се од Грци кои носат дарови” и знаеле дека грчката понуда била премногу добра за да биде вистинита. Но, секогаш постои тој мал зрак надеж дека можеби овојпат исходот за Македонија може да биде поинаков. Освен тоа, нивните семејства, домови и животи биле во Егејска Македонија. Каков друг избор тие навистина имале? Се вратиле бидејќи биле осамени, си ги сакале семејствата и бидејќи ќе морале да живеат со вина поради тоа што ги напуштиле своите најмили кога биле во шкрипец. Секој Македонец роден во Македонија, дури и во најпустите места, го знае чувството на носталгија по татковината и копнежот за враќање.

Новиот сојуз помеѓу ЕЛАС и НОФ отворил многу можности за грчките партизани надвор од грчките граници. Додека грчката влада ги контролирала големите градови и населени места, силата на партизаните била во селата и планините. Најголемиот дел од партизанските регрути дошле од селското население и се покажале дека се идеалисти, полни со надеж и решени да се борат. Биле подигнати кампови во планински изолирани места каде новите регрути се обучувале за водење борба. Имало и кампови за тренирање, како и складишта за снабдување, подигнати надвор од Грција, во Албанија и Југославија. Еден таков камп бил градот Булкес /Bulkes/ лоциран во северна Југославија. Булкес бил убав град со уредно наредени куќи и плодно земјиште кое можело да исхрани цела војска. Германците го изградиле Булкес за да може во него да се сместат германски семејства. По повлекувањето на германската војска, дел од жителите на Булкес биле истерани, додека другите доброволно заминале. Празниот град им бил позајмен на грчките партизани да го користат како складиште за храна, униформи и оружје. Булкес, исто така, бил и центар за обука за офицери и административен центар за пропаганда. Во текот на партизанските денови, градот Булкес бил управуван во вистинскиот дух на социјализмот.

До почетокот на 1947 година, партизанските сили покажале вистинска моќ во воените способности и во одржување на ветувањата за своите обврски кон

македонскиот народ. Околу 87 македонски училишта биле отворени во Леринско и Костурско. Биле запишани рекорден број ученици (10.000). Македонската литература и култура доживувале процут. За жал, Грците, никогаш не се чувствувале релаксирано во однос на македонските постигнувања и постоела видлива огорченост и недоверба помеѓу двата народа. Грчкиот шовинизам цветал како во своите најдобри времиња. Македонците, од друга страна, никогаш не биле релаксирани и не се чувствувале пријатно за да ги откријат своите вистински имиња или идентитет, особено на грчките партизани. Еден Македонец ми го објасни тоа на следниот начин: "Во случај тие да знаеја дека некој е Македонец, тогаш тој ќе морал да внимава и пред себе и зад грбот, бидејќи никогаш не се знаеше од каде може да дојде наредниот куршум".

Во Македонија, партизанските редови се зголемувале со доброволци од патриотските македонски села. Некои кои имале борбено искуство биле унапредени во повисоки чинови. Грците се двоумеле и биле внимателни да не унапредуваат Македонци во високи чинови. Тие ги резервирале високите чинови само за Грци. Освен што регрутирале мажи, партизаните регрутирале и жени како медицински сестри, болничарки на бојните полиња, кројачки, за поправки, перачки, готвачки, организатори за снабдување, па дури и вооружени војници. Извесно време, партизаните сами одгледувале и се снабдувале со храна од донирани или напуштени ниви и полиња. Работната сила, која била одговорна за жнеење и испорака на храната до партизанските кампови, главно, била составена од жени-доброволки.

Британија не била задоволна со новиот развој на настаните и ја притискала грчката влада да ја прошири својата воена способност и да се вооружи со тешко оружје. "До 1947 година, британската влада поставувала и разрешувала грчки премиери, водејќи сосема малку сметка за уставните формалности. Британски експерти ја диктирале економската и финансиската политика, одбранбената и надворешната политика, безбедносната и правната политика, политиката за синдикатите и невработеноста". (Стр. 306, Барбара Јелевиќ, Историја на Балканот, Дваесетти век /Barbara Jelevich,

History of the Balkans, Twentieth Century/). За нејзиното мешање во работите на една суверена држава и за овозможување насилнички тактики, Британија добила критика од Соединетите Држави, чии долари биле користени за повторна изградба на Грција.

И грчката влада и партизаните регрутирале борци од истото население. Додека младите мажи биле регрутирани да се борат за грчката влада, нивните жени, сестри, браќа и татковци биле регрутирани да се борат за партизаните. Имало големи пропагандни кампањи спроведени на двете страни кои ги труеле умовите на младите и оние неодлучните, поделувајќи ја и растргнувајќи ја заедницата и свртувајќи брат против брат.

Ова било грчкото наследство предадено на македонскиот народ за неговата понудена помош. Ова било "грчка клетва" која многумина Макелонци морале да ја носат поради нивното партнерство со Грците. До ден-денес многу Македонци негуваат тешки чувства и се борат да направат измени. До ден-денес, македонската заедница останала поделена по ова прашање.

Од самиот ден кога Британците стапнале во Грција тие биле нескршливо решителни на секој можен начин да се ослободат од партизаните, дури и со извршување дејства на насилство и терор. Од средината на 1945 година до 20 мај 1947 година, партизаните известиле дека "само во западна Македонија, 13.529 Македонци биле измачувани, 3.215 биле затворени, а 268 биле погубени без судење. Освен тоа, 1.891 куќи биле запалени и 1.553 биле опљачкани, а 13.808 Македоници биле преселени со сила. Во текот на војната, затворските кампови, со кои управувале Грци, а во кои Македонците биле затворени, измачувани и убивани, ги вклучувале островите Икариа во близина на Турција, островот Макронис во близина на Атина, затворот Аверов во близина на Атина, затворот во Лариса во близина на поуостровот Волос и затворот во Солун. Иселениците од Егејска Македонија тврдат дека имало масовни убивања во Вичо, Грамос, Кајмакчалан и во Мала Преспа во Албанија." (Стр. 116, Џон Шее, "Македонија и Грција, Борбата за дефинирање на една нова балканска нација").

Во 1946 година, грчката полиција нападнала една музичка група од Ошчима и Терна кај Попли додека тие оделе да свират на некоја свадба во Рудари. Музичарите биле сериозно тепани, а нивните музички инструменти скршени. На едно момче, неговата труба му била единствениот извор за заработувачка.

Во 1946 година, еден грчки полицаец пукал и ја убил Софија Јановска од Желево заради забава. Жената, чиј маж бил во Канада во тоа време, си стоела на предната тераса, чекајќи ги децата да се вратат од работа. Лудиот полицаец пукал во жената, убивајќи ја на лице место бидејќи таа гледала во негов правец. Според локалните извештаи, не била спроведена истрага во врска со пукањето, ниту, пак, полицаецот бил испрашуван за неговите дејствија.

Во 1945-46 година, за да се одмаздат поради тоа што еден од нивните бил убен, просфигите (народот кој Грција го донел од Мала Азија во текот на 20-тите години на XX век) од Попли го убиле Никола Чолаков, невин маж од Оровник. Единствената врска што Никола ја имал со смртта било тоа што тој бил следбеник на спротивната страна во конфликтот.

Ми имаат кажано дека просфигите во Македонија извршиле sверства против македонскиот народ, но никогаш не биле казнети за своите злочини. Исто така, сакам да нагласам дека македонските партизани имале сила и можност да ги соберат сите просфиги во севернозападна Македонија и да ги масакрираат до последниот, но наместо тоа тие употребиле здраво расудување и ги оставиле на мира. Македонците сфатиле дека и просфигите биле жртви на хеленизмот.

Грчката влада во Македонија внимателно работела со локалните соработници и од македонското население ги регрутирала само оние за кои било докажано дека може да им се верува. Соработниците макотрпно работеле за да ги идентификуваат сите оние кои ги симпатизирале партизаните и за нивните активности поднесувале извештаи на редовна основа. Сите кои биле пријавени дека им помагаат на партизаните, биле остро казнувани, а понекогаш и погубувани. Во пролетта 1947 година сите оние кои биле на црната листа биле собрани на едно место, уапсени и затворени во леринските затвори. Оние кои биле обвинети

дека им помагаат на партизаните, биле однесени и погубени. Останатите, откако поминале сто дена во затвор без судење, биле испратени во различни концентрациони логори во најненаселените грчки острови во сурови услови.

Овде сакам да спомнам нешто многу важно, бидејќи верувам дека грчката влада, дури и пред грчката Граѓанска војна, имала планови "да се справи со Македонците во Грција". "Во 1947 година, во текот на грчката Граѓанска војна, бил објавен законскиот акт Л-2. Тоа значело дека на сите оние кои ја напуштиле Грција без согласност на грчката влада, им било одземено грчкото државјанство и им било забрането да се вратат во земјата. Законот важел за Грците и за Македонците, но во својата модернизирана верзија законот е обврзувачки само за Македонците. Тој ги спречува Македонците, но не и поранешните Грци-комунисти кои се бореле против победничката страна, да се вратат во Грција и да си го вратат имотот назад. На 20 јануари 1948 година, бил објавен законскиот акт М. Тој и овозможил на грчката влада да го конфискува имотот на оние кои биле лишени од нивното државјанство. Законот бил ажуриран во 1985 година за да ги исклучи Грците, но тој се уште е обврзувачки за Македонците." (Стр, 116-117, Џон Шее, "Македонија и Грција, Борбата за дефинирање на една нова балканска нација").

Очигледно, законите Л-2 и М биле направени да бидат против интересите на македонскиот народ. Дури и на невините Македонци кои заминале пред Граѓанската војна не им било дозволено да се вратат. Прашањето сега е: "Што планирала Грција да прави со Македонците?" Начинот на кој законските акти Л-2 и М биле применувани во текот на годините носи уште едно прашање: Ако нема Македонци кои живеат во Грција, како што тврди Грција, тогаш на која националност припаѓаат овие луѓе на кои грчката влада одбива да им дозволи да се вратат? Зошто грчкиот закон прави разлика помеѓу Македонци и Грци кога тоа им одговара на Грците, но не кога тоа им е од корист на Македонците?

До крајот на l947 година, насекаде беснееле битки и војната полека се приближувала на север во Македонија. Јасно е дека тоа било "грчка војна", па, сепак македонското

население повторно било вклучено во неа. Тешко вооружените грчки воени воздухопловни сили и механизираната артилерија стекнале контрола врз повеќето градови и главни патишта. Партизаните, буквално, биле фатени во стапица, но ги продолжиле своите стриктно дефанзивни походи од планините Вичо и Грамос.

Како што ситуацијата се доближувала до критичната точка, така двете страни ги засилувале своите регрутирачки кампањи од истото население. Партизаните не можеле повеќе да сметаат само на доброволци и започнале да регрутираат борци со сила и да го ангажираат секого што можеле да фатат, машко или женско. Освен нивната улога да помагаат, сега жените ги вооружувале и им давале борбени задачи. Тие се бореле рамо до рамо со мажите против доброобучената, добродисциплинираната и тешко вооружена грчка војска. Таква била судбината на македонските жени, од кои најголемиот број биле земени сосила за да водат нечија туѓа војна.

Како што се интензивирала војната, така грчките воени воздухопловни сили редовно ги бомбардирале македонските села, ставајќи го цивилното население, вклучувајќи и деца, во опасност. Во пролетта 1948 година, за да ги спасат децата, била воведена една привремена евакуациона програма и применета на доброволна основа. Се проценува дека околу 28.000 деца, на возраст од 2 до 14 години биле собрани, а потоа и пренесени преку граница во Југославија. Оттаму, тие биле испратени во различни земји од Источниот блок.

Повторно сакам да нагласам дека евакуационата програма била спонзорирана и организирана од грчкото партизанско раководство кое било сосема изверзирано во "грчкиот закон" (актот Л-2). Сепак, тие ја спровеле програмата за евакуација на децата и ги лажеле мајките, кои им верувале, дека евакуацијата била само привремена мерка. Речиси на сите македонски деца кои биле евакуирани во 1948 година се уште им е забранет влез во Грција.

До пролетта 1949 година, грчката Граѓанска војна станала "воено поле на колеж", уништувајќи го македонското население. Дел од децата кои претходно биле евакуирани, биле донесени назад за да се борат против грчката војска прекалена во битки. Децата кои биле доволно силни да држат

пушка, без разлика на возраста, биле грабнати од детските кампови за деца во Романија и донесени назад во Грција. Две од трите групи кои биле вратени назад веднаш биле масакрирани, откако биле вовлечени во борба со грчката армија. Тие биле на возраст под петнаесет години, немале обука за војување, ниту, пак, претстава за тоа што да очекуваат. Третата група била поштедена бидејќи мајките протестирале против ваквите варварски дејства. Партизаните ја демобилизирале третата група пред да стигне на бојното поле и ги испратиле децата дома.

Неочекувано, Захаријадис /Zahariadis/, врховниот командант на партизанските сили и негови блиски пријатели, со сета нивна мудрост, решиле да дадат финален отпор против Грција кој или ќе го оправи или ќе го скрши партизанското движење. Нивното образложение било дека партизаните треба да окупираат голем град за да им поослужи како нивна база. Тоа ќе направело да бидат сериозно земени предвид и можеби да го здобијат вниманието на големите сили, особено на Советскиот Сојуз. Има многумина кои го споделуваат моето мислење дека партизанскиот напад на Лерин на 12 февруари 1949 година, не бил ништо друго освен обид да се искоренат македонските борбени сили и да се тероризира остатокот од македонското население со цел да си замине од Грција. Сега, со сигурност можам да го кажам ова бидејќи токму тоа и се случило.

Во еден упорен обид, до последниот човек, да се сталожат и да добијат легитимитет, партизаните го нападнале градот Лерин, обидувајќи се да создадат база за дејствување и да му покажат на светот дека тие претставуваат сила достојна за признание. Но, сепак, нивниот напор не бил награден. Не го освоиле Лерин и изгубиле поголем дел од своите сили при тој обид. Седумстотини млади Македонци, мажи и жени, тој судбоносен ден го изгубиле својот живот, а нивните тела биле закопани во една масовна гробница. Партизанското раководство чекало до зори пред да нареди напад. Бранови и бранови невини млади мажи и жени биле заклани, покосени токму во екот на својата сила, од грчкиот митралески оган. Ужасот на овој колеж станал видлив кога се разденило и кога првите зраци го осветлиле црвеното ишарано бојно поле.

Свежопаднатиот снег бил црвен од крвта и телата на загинатите.

До ден-денес, мислењата се поделени околу образложението за нападот на Лерин, толку доцна во војната. Војната речиси била завршена, а грчката армија, поддржана од Британците, била незапирлива. Ретроспективно, некои веруваат дека ако се здобиле со контрола врз Лерин, на партизанското раководство тоа ќе му послужело како адут за да се предадат. Но, при разгледување на фактите, се открива еден позлокобен план. Досега добро е познато, насекаде во светот, дека Британија не би дозволила комунистичко влијание во Грција. Одлуката на Британија била поддржана од Советскиот Сојуз и лично од Сталин. Партизанското раководство било добро информирано дека повеќе не може да се потпре на поддршката од земјите на комунистичкиот блок, под советско влијание. Односите со Југославија биле прекинати, а грчко-југословенската граница била затворена. Комунистичката патија, која на Македонците им ветувала човекови права и слободи, полека почнала да се дистанцира од своите определби. Најголемиот дел од партизаните кои се бореле во битката за Лерин биле новорегрутирани и неискусни борци. Повеќето од силите биле составени од Македонски мажи и жени под грчко раководство. Партизанската команда се двоумела кога дошло време да се отпочне офанзивата, давајќи му да тој начин на непријателот екстра време да ја подготви својата одбрана. Двоумењето ги деморализирало партизанските борци кои не биле подготвени за пролонгираното зимско студенило под ведро небо.

Една површна анализа на развојот на настаните пред леринскиот напад и една посмртна анализа на последиците, доведуваат до еден неизбежен заклучок. Нападот на Лерин бил дизајниран за да се уништат вооружените сили на македонските партизани. Со нудење на Лерин - офанзивата наместо предавање, партизанското раководство “ги жртвувало своите вооружени сили”. Случајно или планирано, нападот на Лерин придонел за смртта на многу македонски борци и за масовниот егзодус на македонското население. Многумина веруваат дека грчката Граќанска војна била успешна во “етничкото чистење” на македонскиот

народ, онаму каде што многугодишната асимилација не успеала.

Плашејќи се од репресалиите од грчката војска која напредувала, во август 1949 година, бранови бегалци ги напуштиле своите домови и отишле во Албанија за да се спасат. Кога војната се завршила, Грција не ги сакала назад. Како резултат на тоа, тие биле испратени во земјите на Источниот блок кои биле волни да ги примат.

Години подоцна, некои се обиделе да се вратат, но Грција (законскиот акт Л-2) не им дозволила. Дури и на невините Македонци кои не учествувале во конфликтот, вклучувајќи ги евакуираните деца-бегалци, не им бил дозволен влезот. Години изминувале, но ним, во повеќе наврати, не им било дозволено да влезат во Грција. Не им било дозволено ниту да ги посетат болните роднини. Конечно, во 1985 била воведена една политика на репатријација и била дадена амнестија, но само на оние со "грчко потекло". И повторно, Македонците биле исклучени од истата.

Бидејќи македонската територија била бомбардирана од воздух и од топовски оган, уплашениот македонски народ, повеќето стари мажи и жени и мајки со мали деца, го земале она што можеле да го понесат и ги напуштиле своите домови, барајќи спас во планините. Им било речено оттаму да одат во Албанија и да се сретнат со своите роднини.

"Една таква група го напуштила селото Коломнати и се спуштала од планините кон Рула, кога биле забележена од еден млад грчки офицер. Младичот веднаш му телефонирал на својот генерал и го информирал за ситуацијата. "Треба ли да ги пресретнеме?", прашал младиот офицер. "Не, пуштете ги бељаците да одат, не ги сакам овде," одговорил стариот генерал". (Сторија која ја раскажал помошникот на генералот кој замолил да остане анонимен).

Кога грчката војска го скршила Леринскиот фронт, партизанските сили кои го преживеале колежот побегнале во Албанија. Борците кои биле најблиску до градот, биле фатени и затворени. Оние кои признале дека доброволно им се придружиле на партизаните биле погубени. Другите или биле прогонети на грчките острови, или биле ослободени откако отслужиле казна затвор во локалните затвори.

Во својата потера по партизаните кои бегале, грчката војска успеала да им го пресече патот за бегство на група партизани кои ги опслужувале топовите и артилерискиот оган кај Бигла (по војната топовите биле изложени во градот Лерин). Бидејќи не можела да побегне во Албанија, групата од Бигла се обидела да премине во Југославија во близина на Преспанското Езеро. На југословенската граница тие биле запрени од југословенската армија, која се согласила да им дозволи премин ако доброволно се разоружаат. Очекувајќи да ја продолжат војната од Албанија, партизаните не биле волни да се разоружаат и одбрале поинаков пат за бегство. За жал, се обиделе да побегнат додека било ден, така што биле здогледани од грчките воени воздухопловни сили. Многумина биле убиени со митралески оган од горе, а некои се удавиле обидувајќи се да го препливаат Преспанското Езеро. Само мал број успеале да стигнат во Албанија.

Кога пристигнале во Албанија, за да ги прикријат своите грешки, водачите на групата од Бигла измислиле приказни, тврдејќи дека Титовите сили ги нападнале и не им дозволиле влез во Југославија. Подоцна, истите тие ги промениле приказните и ја кажале вистината за она што се случило. За жал, дотогаш односите помеѓу грчките партизани и Југославија се влошиле. Иако Југославија била една од најголемите поддржувачи на ЕАМ, грчките партизани ја искористиле оваа сторија во своите пропагандни кампањи за да го дискредитираат Тито во очите на Советскиот Сојуз.

Кога завршила грчката Граѓанска војна, партизанското раководство се состанало во напуштениот италијански камп Бурели, во Албанија, за да проценат што тргнало наопаку и зошто ја изгубиле војната. По извесно дебатирање, дошле до заклучок дека тоа бил Тито и македонската соработка која ја саботирало војната. За неуспехот било обвинето лидерството на македонските партизани за соработката со Титовите партизани. Седум од најлојалните македонски водачи биле обвинети за саботажа и осудени на смрт. За среќа, Енвер Хоџа (највисокиот државен водач на Албанија) не сакал во неговата земја да се извршат злосторства и не дозволил погубување на тие водачи. Тие биле однесени во Советскиот Сојуз, каде им било судено за предавство и биле осудени на доживотна казна затвор, во затворските логори на Сибир. По

смртта на Сталин, Хрушчов повторно ги отворил нивните предмети и пресудил дека тие се невини по сите обвинениja и ги ослободил.

Откако грчката Граѓанска војна завршила, животот во Егејска Македонија веќе не бил ист. Помалите села биле евакуирани (некои засекогаш), а луѓето биле преселени во поголемите градови под будното око на грчката полиција. Познатата радост и смеа во семејствата, кои некогаш ги исполнувале улиците, сега засекогаш ги снемало, а улиците останале без деца. Гордиот македонски народ, кој само пред неколку години уживал во животот, уште еднаш останал без радост.

Од конфликтот на Втората светска војна, искрснал еден нов светски поредок. Двата индустриски џина, Советскиот Сојуз и Соединетите Држави, се издигнале над другите и со своите спротивставени идеологии ќе доминираат со иднината на светот.

ГЛАВА 28 - НЕСРЕЌАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ДЕЦА – БЕГАЛЦИ

Бил тоа мрачен пролетен ден на 25 март 1948 година, кога се започнало. Тоа бил ден исполнет со многу чувства, солзи и неизмерна тага за мајките и децата на западна Егејска Македонија. Тоа бил денот кога децата-бегалци заминале и за најголемиот дел од нив тоа ќе биде за последен пат кога ги виделе своите сакани семејства и своите домови.

Идејата за евакуирање на децата била предложена од една група млади мажи и жени, полни со разбирање и сомилост, на Младинската конференција оддржана во 1947 година во Белград, Југославија. Ескалирачкиот конфликт во грчката Граѓанска војна претставувал закана за цивилното население, што било причина за загриженост на "прогресивната младина". Иако тие не можеле да сторат ништо за цивилните возрасни лица, кои требало да ги поддржат воените напори, имало начин да им се помогне на децата. Тие предложиле привремена евакуација со чија помош децата требало да бидат изнесени надвор од земјата за да продолжат со своето образование на сигурно место, со намера да бидат вратени штом ќе заврши конфликтот. Иако тоа била добра идеја, Грчката комунистичка партија (ККЕ) не видела непосредна потреба од еден таков план и како резултат на тоа не му дала голема поддршка. Партизанскиот генерал Маркос Вафиадис видел добри својства во предлогот бидејќи верувал дека конфликтот ќе ескалира и ќе се концентрира во западниот дел на Егејска (окупирана од Грција) Македонија. Во тоа време, тој бил одговорен за одбраната на делови од западна Македонија каде спаѓале регионот на Лерин и делови од Костурско и Воденско. Во 1947 година партизаните биле на врвот од својата сила и, со исклучок на големите градови, ги контролирале сите територии во западна Егејска Македонија.

Кога грчката влада почнала да користи тешка артилерија и воздушно бомбардирање, идејата брзо ја добила поддршката на ККЕ и Програмата "Спасете ги децата" била родена. Пред Програмата да се ефектуира, таа добила одобрување од Македонскиот ослободителен фронт, од Женскиот антифашистички фронт и од Црвениот крст. Државите-

домаќини, волни да се грижат за децата, биле контактирани за да се добие нивно одобрение и започнале информативни кампањи за да се информираат луѓето за Програмата. Обласните и селските организации, исто така, биле замолени да учествуваат, и на крај им било доделена одговорноста да го организираат и имплементираат вистинското евакуирање.

Кога органите на власта на грчката влада дознале за Програмата "Спасете ги децата", тие иницирале своја таканаречена кампања "Педомазома" (соберете ги децата). На грчката армија, откако таа ги освоила селата, и било наредено да ги евакуира децата, ако е потребно со сила. Откако биле собрани во различни кампови, децата конечно биле испратени на грчкиот остров Лерос. Таму тие биле запишани во училишта да учат религија и станале штитеници на грчката кралица Фредерика.

По завршување на грчката Граѓанска војна (1951/52 година), дел од децата од Програмата "Педомазома" биле вратени во нивните домови во Македонија. Најголемиот дел, особено оние чии родители биле убиени или побегнале од земјата како бегалци, станале штитеници на грчката држава и останале во студентските домови до своето полнолетство. Сите деца кои останала во Лерос целосно биле хеленизирани и оттогаш за нив ништо не се слушнало.

Камповите во Лерос повторно станале активни по 1952 година, овојпат за децата кои биле вратени од земјите на Источниот блок според Програмата "Спасете ги децата". Како резултат на интервенцијата на Црвениот крст, на дел од децата им било дозволено да се вратат дома. За жал, грчката власт ги собрала и ги испратила во камповите во Лерос каде биле држени се до нејзиниот пад во l959 година кога биле ослободени.

Притисокот од заедницата ги поттикнал организаторите на Програмата "Спасете ги децата" да го забрзаат процесот на евакуација за да ги спречат "бурандарите" (прекар за војниците и полицајците на грчката влада) да земат уште повеќе деца.

Евакуациите спроведувани од партизаните биле вршени стриктно врз доброволна основа. Било оставено на родителите или старателите на детето да решат дали тоа ќе биде евакуирано или не. Ниедно дете никогаш не било

евакуирано со сила или без согласност, ама стравот и притисокот од врсниците сигурно биле мотивирачки фактори. Зоните на евакуирање биле селектирани врз основа на остината на конфликтот и степенот на опасност по децата. Организаторите на централната команда решавале за критериумите на селекцијата и на квалификациите за тоа кои деца ќе бидат евакуирани. Во списоците биле сите деца на возраст од две до четиринаесет години, како и сирачиња, хендикепирани и деца со специјални потреби. Пред да се ефектуира евакуацијата, девојките постари од осумнаесет години биле ангажирани од локалното население и од партизанските редови за да се обучат да бидат одговорни за малите дечиња. Вдовиците на паднатите партизани, исто така, биле ангажирани како мајки-сурогати да ги придружуваат и да им помагаат на децата во текот на процесот на евакуацијата и во текот на нивниот престој во земјите-домаќини.

Програмата за евакуирање добила импулс во почетокот на март 1948 година, започнувајќи со ангажирање и обука на специјални учители. Вистинските евакуации биле спроведени en masse, односно групно, почнувајќи од 25 март до 30 март 1948 година, се додека сите означени села не биле евакуирани. Повеќето деца биле транспортирани преку Југославија и испратени во Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска. Некои биле евакуирани преку Албанија и Бугарија. Како што се зголемувал бројот на евакуираните, децата биле испраќани и во Источна Германија и во СССР. Се проценува дека биле евакуирани вкупно околу 28.000 деца, најголемиот дел од нив од северозападна Егејска Македонија. Иако помалубројни, многу сирачиња, деца на партизаните и деца од семејства кои имале проблеми со органите на власта на грчката влада, исто така, биле евакуирани.

Кога дошол нивниот ред, децата од секое село биле повикани и во придружба на партизанските водачи однесени до најблискиот граничен премин претходно одреден. Заради нивна сигурност, децата патувале под превезот на ноќта, во темнина и подалеку од главните патишта. Во некои случаи, поради нападите од воените воздухопловни сили, кои биле тешко вооружени, и од бомбите кои биле фрлани, некои села

ги евакуирале своите деца набрзина, без придружба, и тие биле оставени на цедило по планините покриени со снег, без засолниште.

Мајките им го подготвувале багажот, облеката за пресоблекување, храната и приборот за јадење пред да ги испратат своите малечки дечиња до означените места за собирање. Со плач, со солзи во очите, мајките се збогувале со своите сакани пред да ги испратат во рацете на судбината. Нивниот плач можел да се слушне долго време откако децата исчезнале во далечината. Не поминало долго време пред да се почувствува празнината и безбројните мајки не можеле да престанат да плачат, размислувајќи за судбината на своите мали, сакани деца.

Децата оделе во колона по еден, зад мајките-сурогати, држејќи се еден со друг. Постарите деца ги тешеле помалите додека се движеле осамено. Под превезот на ноќта, тие молкум се движеле преку теренот, заобиколувајќи ги отворените простори и постојано биле потсетувани од нивните партизански водачи да бидат тивки. Преминувале високи планини и стрмни косини, секогаш внимателни и свесни за грчката опасност над нив, додека си го пробивале патот до границите. Оние среќните ги поминувале ноќите во куќи во означените села. Други спиеле под ведро небо, на отворено, во студените планини, испитувајќи ја мудроста на своите постари и прашувајќи се што е поопасно - бомбите кои паѓаат или смртното студенило.

Во текот на нивното патување, една група наишла на опасно стрмни падини, полни со разлабавени карпи кои воделе право во брзите води на една река. Бидејќи било премногу опасно за децата сами да преминуваат, секоја мајка морала да се враќа неколку пати за да пренесе дете по дете на својот грб. Требало и да се побрза, бидејќи падината била изложена на авионски видик. Едно дете имало среќа тој ден бидејќи една трагедија за малку била избегната. Додека брзала да премине на другата страна, една мајка се сопнала на една грмушка, губејќи ја рамнотежата. Сепак, додека се сопнувала, успеала да го симне детето од своите плеќи и да го фрли на стрмната падина. За среќа, девојчето не се испаничило и било способно да се задржи со рацете. Потоа, мајката го фатила девојчето за нејзините нозе и успеала да си

ја поврати рамнотежата. Било тоа застрашувачко искуство за целата група.

Друга група, исплашена од тешките бомбардирања, го напуштила своето село под превезот на темнината во еден и триесет наутро. Била облачна и дождлива ноќ, идеална да со избегнат бомбардерите, но катстрофална за моралот на децата. Врнело целата ноќ и преку целиот наредeн ден кога групата се скрила во планините. Не смелле да ризикуваат и да запалат оган, па затоа останале влажни и настинале, трпејќи казна од природата. Кога се стемнило, полека напредувале во темнината преку паднатиот снег; до наредното село, патот бил пуст и трновит. Децата биле во шок и речиси и да не ги чувствувале посекотините на нивните стапала кои крвавеле. Некои немале чевли, а нивните чорапи потопени во кал, не им обезбедувале никаква заштита од острите камења и трњата кои боцкале.

Додека групата си го пробивала патот кон својата дестинација, една од мајките-сурогати не можела да престане да плаче. Одговорното лице на групата и објаснило дека нема причина да се вознемирува, бидејќи се води сметка за сите деца, дека се нахранети и згрижени. Но, мајката и понатаму останала вознемирена и продолжила да плаче. Кога ја прашале во што е проблемот, таа објаснила дека не можела соодветно да се грижи за едно шестмесечно бебе-сираче кое било доверено на нејзина грижа. Таа имала само една резервна пелена и откако ја испрала, немала како да ја исуши. Најдоброто што можела да го стори е да ја стави влажната пелена на бебешките гради. Но, пеленатa никогаш не се исушила и затоа таа плаче од жал за кутрото бебе кое морало да биде завиткано во влажни пелени на таков неиздржлив студ.

Преку границите можеле да поминат само ноќе, па затоа децата чекале скриени и одвоени додека не се стемнило. За да ги подготват за патувањето, децата морале да заминат од своите села и да се упатат кон планините пред да зазори. Додека заминувале, им било речено личните предмети да ги остават назад, ветувајќи им дека истите ќе им бидат донесени подоцна, со вагони. Додека си го пробивале патот преку граничните премини, вагоните никогаш не се појавиле и тие биле оставени без храна, прибор за јадење, ќебиња или

облека да се преслечат. До ден-денес многу веруваат дека грчките партизани им ги украле личните предмети.

Откако ја преминале југословенската граница, децата биле однесени во селото Долно Дупени, а оттаму во Љубојно за да чекаат да пристигнат другите. Под грижата на нивните мајки-сурогати, децата биле однесени во одредените куќи каде поминале една недела, спиејќи на подови покриени со слама, по петнаесет деца во една соба. Немало доволно храна, па секое дете добивало само по едно парче пченкарник за вечера, пред да си легнат, се уште гладни. По неколку дена глад, некои од децата прибегнале кон крадење храна од селските куќи.

Откако поминале една недела во Љубојно, децата биле транспортирани со воени камиони во Битола, од каде со воз заминале во Браилово. Таму, секоја група, со својата мајка-сурогат, отседнала и спиеле во определени куќи, во соби оградени со слама. Моралот бил низок, заморот голем па децата постојано плачеле од непрекинат глад и од носталгија за своите домови. Немало доволно храна, па за да ги зачуваат следувањата храна, на децата им било давано по еден оброк секој втор ден. Оние кои ги загубиле своите лични предмети, немале ниту чинии, ниту лажици за да јадат и затоа користеле фрлени конзерви од сардини или било што друго што ќе го нашле. Некои наоѓале фрлени туби од пасти за заби, па од нив правеле лажици. Една мајка-сурогат нашла една ‘рѓосана кофа и, откако ја исчистила, ја користела како сад за супа. Топлата супа станувала црвена како што се топела ‘рѓата. Децата биле премногу гладни за да ја фрлат, па затоа од површината ја извадиле зацрвенетата ‘рѓа и таквата супа им била поделена. Една стара жена го гледала сето тоа и многу се натажила за групата дечиња, па им го дала својот дел од следувањето, повеќе претпочитајќи да остане гладна отколку да гледа како гладуваат децата. Во такви околности, многу од постарите деца размислувале да побегнат, но нивната загриженост за помалите ги спречувало во тоа. Некои биле толку гладни, што пребарувале во околината барајќи храна, јадејќи корења од жито и пченка, па дури посегнале и по убивање животни за да ја задоволат гладта. Откако поминале нешто повеќе од една недела во Браилово, различните групи биле транспортирани до

најблиската железнички станица каде на секое дете му било прикачено ливче со името и дестинацијата, и каде биле подготвувани да патуваат во различни земји-домаќини. Одвојувањето на децата не било лесна задача, бидејќи малите се стискале до поголемите деца и одбивале да бидат раздвоени. Близнаците се држеле еден до друг со сета своја сила, противејќи се со солзи и лелеци. Требало многу убедувања и разуверувања пред да можат да ги разделат.

Првата група која требала да замине биле помалите деца од пет до десет години. Повеќето од нив биле испратени во Бела Црква, во северна Југославија. Овие деца биле најранливи и брзо морале да бидат спасени пред да умрат од глад. Во Бела Црква, откако поминале извесно времо во карантин, децата биле однесени во ученички домови кои биле соодветно опремени и каде имало здрава храна во изобилие. Останатите, откако поминале приближно една недела на железничката станица, биле испратени во Скопје. Животот во железничката станица бил суров, бидејќи повеќето деца речиси умирале од глад и немале сили да се движат. Нивниот глад бил толку голем, што децата немале сила ниту да се жалат за вошките кои ги мачеле. Многу од нив го поминувале своето време одморајќи се во шталски коли, сместени во топлината и комфорот на сеното. Колите, оставени од Втората светска војна, биле користени од Германците за транспорт на коњи.

Кога пристигнале во Скопје, на децата им дале млеко и храна, што за нив изгледало како подарок од небото, по долгото гладување. Без многу одлагање, вагоните биле повторно поделени и една група била испратена во Романија, додека останатите го продолжиле своето патување до Булкес. Имајќи ги предвид сцените од последното раздвојување на децата, овојпат властите решиле да не ги информираат ниту децата ниту нивните мајки-сурогат. Како резултат на тоа, некои деца кои биле во посета на своите другарчиња во соседните вагони, завршиле на погрешни дестинации. Многу мајки не знаеле што се случило и бескрајно биле загрижени за судбината на децата кои недостасувале. Кога пристигнале во Булкес (Војводина), групите биле снабдени со храна донирана од Обединетите нации, децата биле искапени и им била дадена облека.

Оттаму, со вагони биле односени во блиската болница за медицински преглед. Булкес бил град изграден од Германците, а окупиран од грчките партизани. Тој бил исполнет со активности кои се приспособувале кон поддржување на воените напори. Имало храна во изобилство, па децата поголем дел од времето поминувале живеејќи во празни училишта и магацини. Освен Македончиња, имало и деца од Епир и Тесалија.

Штом се навикнале на комфорот, децата повторно морале да продолжат. Речиси по еден месец поминат во Булкес, повторно биле натоварени во вагони, им била дадена храна и биле испратени до различни дестинации. Без нивно знаење, повторно биле раздвоени и испратени во Унгарија, Полска или Чехословачка.

Кога групата за Чехословачка пристигнала таму, чешките власти наредиле децата да се соблечат голи, нивната облека полна со вошки им била одземена, им било наредено да се истрижат и групно да се искапат. Тоа било ново искуство за македонските деца, да се капат голи пред толку многу други. Локалните згради и бањи, некогаш им припаѓале на германските војници, но откако тие биле протерани, станале засолниште за децата-бегалци. Откако поминале извесно време во карантин, децата биле однесени во друг камп каде биле поделени и разместени на грижа на учители. Таму им се придружиле други деца-бегалци кои стигнале претходно преку други маршрути. Децата повторно биле регрупирани во групи од 4 до 6-годишна возраст за градинки, од 7 до 12 години за државни училишта и од 13 години и постари за технички училишта. Мајките-сурогати биле одговорни да се грижат за помалите групи кои се состоеле од по дваесетина деца. Нивна задача била да ги будат наутро, да им помогнат да си ги облечат униформите, да ги надгледуваат при извршување на утринските вежби и да проверат дали сите добро појадувале. Попладне ги надгледувале како си играле додека не доаѓало време за спиење. Тие, исто така, проверувале дали им се добро исчистени и полирани чевлите и дали униформите се чисти и уредно закачени. Утрото започнувало со вежби и добар појадок. Чешките учители биле професионалци, обучени за детска психологија, кои правеле најдобро што можеле за правилно образование на

децата. Освен редовна настава, од децата се очекувало да научат разни јазици, вклучувајќи чешки, грчки, македонски и руски.

Понекогаш, мајките и децата биле испраќани на работни задачи на фарми за да помагаат при собирањето овошје, бобинки и печурки. Со текот на времето, мајките и децата почнувале да се навикнуваат на новиот живот, со исклучок на вообичаените тепачки меѓу грчките и македонските деца, особено машките. Постоела нетрпеливост помеѓу грчките и македонските деца, со чести вербални навредувања, кои понекогаш завршувале со тепачки. На крај, грчките деца биле преместени во друг камп, со што бил ставен крај на тепачките.

Кога групата одредена за Романија пристигнала таму, околу илјада и петстотини деца биле испратени веднаш да се искапат, а нивната облека полна со болви била извриена и испрана. По капењето, на секое дете му била дадено долна облека и пижами, а потоа биле испратени во блискиот привремен комплекс бараки, порано во текот на војната користени од Германците како болница. Децата останале таму од април до октомври 1948 година. Тогаш, на 25 октомври 1948 година, многу од децата биле преселени во Полска. Повеќето од нив носеле домашно изработена волнена облека која им се смалила од перењето. За среќа, добриот народ на Романија донирал наметки за пресоблекување и децата биле добро облечени пред да заминат за Полска. По поминати шест месеци во Романија во бараките, кои навидум биле под надзор, и без никакво школување, децата станале распуштени и непослушни. Со еден надзорник за челиот воз, патувањето до Полска било како брзо возење со украдена кола. Некои деца биле немирни, се качувале преку прозорците врз вагоните, а додека возот се движел, се исправале, преправајќи се дека летаат. Кога возот приближувал до тунел, тие легнувале на покривот држејќи се цврсто врз вагоните. Чадот од возот, кој како бранови ги обвиткувал нивните лица, им ги поцрнувал лицата, така што не можеле да се препознаат. Кога влегле во Полска, возот бил преземен од полски екипаж. По еден надзорник, кој бил обучен како да постапува со децата, бил назначен за секој вагон за да се справат со мангупите. Во

текот на натамошното патување, децата биле добро хранети и наградувани со чоколади и јаболка за добро однесување. Кога стигнале во Полска, во градот Лондек Здуи /Londek Zdpui/, децата биле ставени под грчки надзор, групирани според возраста и распоредени во различни школски домови. Децата, чија возраст не била позната, биле групирани според висината и тежината. Во почетокот, децата одбивале да соработуваат, не верувајќи им на администраторите и плашејќи се да не бидат повторно раздвоени. Била потребна интервенција од Црвениот крст и повторно уверување за да се убедат да соработуваат. За разлика од бараките во Романија, домовите во Полска биле добро опремени со персонал, со по еден директор и двајца или тројца помошници на секој дом. Секој дом имал осум до десет соби, со по четири деца во една соба. Немало недостаток од храна, играчки или игри. Директорите биле одговорни за надгледување на утринските вежби, за појадокот и за навременото пристигнување во училиште. По часовите, тие проверувале дали децата безбедно се вратиле. Потоа на децата им била давана вечера и оделе на спиење.
Околу 2.000 деца биле одредени за Унгарија и им биле доделени воени бараки во Будимпешта. Таму, секое дете било соблекувано, испрскано со пестициди, искапено, облечено во нова облека и на сите им дале тоалетен прибор, во кој имало сапун и паста за заби. Децата не знаеле што е тоа паста за заби и многумина мислеле дека тоа е за јадење. Вкусот на нане ги потсетувал на слатки и многу од нив ја трошеле пастата, обидувајќи се да ја јадат. Во почетокот, грчките и македонските деца биле изменани заедно во групи. Но, поради нивните тепачки, властите биле присилени да ги поделат децата на помали групи, поделени според селото од каде потекнувале. Откако поминале три недели во карантин, групите биле усвоени од унгарската заедница. Секоја селска заедница, потпомогната од фабрички комплекс, усвоила по една група. Некои се нашле меѓу најбогатите заедници во регионот и биле привилегирани да живеат во квартови изградени од мермер. Во близина, имапо мало езерце полно со егзотични и шарени риби. За жал, децата тагувале за својот дом, им недостасувале нивните мајки и многу-многу не го ценеле луксузот. Но, полека, рутината почнала да

настапува како што децата оделе на училиште и биле бклучени во училишните активности и во активностите на заедницата. Освен редовната настава, од децата се очекувало да научат да читаат и пишуваат на својот мајчин јазик. Иако грчки службеници раководеле со наставните програми и се потсмејувале на идејата, сепак, на македонските деца им бил даден избор да учат македонски, ако сакале.

Сакам да кажам дека македонските програми биле директен превод (збор за збор) од грчките програми. Иако децата учеле на својот мајчин македонски јазик, тие го учеле само она што Грците сакале тие да научат. На македонските наставници не им било дозволено да отстапат од воспоставените програми. Со други зборови, хеленизацијата и грчката пропаганда продолжиле да влијаат врз македонските деца дури и надвор од грчките граници.

Во 1949 година, бројот на загинатите дома почнал да се зголемува, а извештаите протекувале до камповите за бегалци, каде што децата добивале лоши вести за судбината на своите родители и роднини. Моралот бил на толку ниско ниво, што децата се повлекувале во себе, не сакале да пејат, да зборуваат, плачат, дури ниту да јадат. За да го подигнат моралот, мајките-сурогат, кои носеле црнина бидејќи биле во жалост за смртта на своите мажи, почнале да носат облека во бела и светли бои. За доброто на децата, наспроти својот жал, мајките морале да изгледаат расположени и ставиле маска на весели лица.

Како што се интензивирала Граѓанската војна во Грција, така на партизаните им недостасувале регрути во земјата, па затоа почнале да гледаат на децата-бегалци во странство како на потенцијален извор. Иако регрути биле регрутирани од сите кампови во странство, најбројна борбена сила дошла од Романија. Во почетокот, биле формирани две нови групи и однесени назад за воена обука. Кампањата и пропагандата за регрутирање биле толку примамливи, така што младите не можеле да им одолеат и биле среќни да се јават како доброволци. Сите деца кои биле доволно силни да носат пушки, без оглед на возраста, биле доволно добри да бидат регрутирани. Првите две групи регрути веднаш биле масакрирани по вовлекувањето во борба со прекалената грчка војска. Сите тие биле помали од петнаесет години,

немале борбено искуство и немале никаква претстава што да очекуваат. Третата група заминала од Романија и отишла во Рудари, Преспа, преку Бугарија и Југославија. По пристигнувањето, младите војници биле испратени во Штерково, друго село во Преспа, на едномесечна воена обука и подготовка за борба. Младите момчиња поминале дел од март и април l949 година во изведување воени вежби, учејќи како да ракуваат со оружје и да поставуваат експлозиви. Кога стигнале вестите дека првите две групи млади борци биле десеткувани, имало големи протести против ваквите злосторства од заедницата: "Ние не ги спасивме нашите деца за вие да можете да ги убивате." Третата група била спасена само поради тоа што многу мајки демонстрирале и го кренале својот глас на бес против таквото варварско регрутирање. Групата била демобилизирана пред да стигне на боиштата, така што многу деца биле вратени во камповите за бегалци. На некои им било дозволено да одат дома, но само за повторно да завршат како бегалци во текот на масовниот егзодус во есента 1949 година.

Како што грчката Граѓанска војна се приближувала до својот крај, така западна Егејска Македонија била бомбардирана до прав. И партизани и цивили побегнале во Албанија за да се спасат. Кога војната завршила, многумина сакале да се вратат, но Грција не ги сакала назад. На сите кои доброволно побегнале, не им било дозволено да се вратат, без разлика дали биле виновни за било какво кривично дело или не. Откако поминале извесно време во камповите во Албанија, луѓето на Македонија, повторно жртва на нечија друга војна, станале постојани воени бегалци и биле испратени во разни земји од Источниот блок. Пред да заминат, бегалците биле разделени во две групи. Едната, составена главно од партизани-борци, била испратена во СССР. Другата составена, главно, од цивили и помошен персонал на партизаните, била испратена во Полска. Откако групите биле раздвоени, биле транспортирани до пристаништето Драч /Durasi/, натоварени на карго бродови и испратени на запад преку Гибралтар за Полска и на исток преку Црното Море до Советскиот Сојуз. Патувањата биле долги и непријатни. За да избегнат да бидат откриени,

бегалците, буквално, биле скриени во бродскиот товар, а во критични моменти им било наредено да останат неподвижни и да молчат долго време. Кога се истовариле на своите дестинации, бегалците биле соблечени, а облеката полна во болви била запалена. Откако биле испрскани со специјален прав и искапени во топли купатила, биле ставени во карантин каде поминале околу еден и пол месец, одморајќи се и ништо не работејќи, пред да бидат преместени во постојани живеалишта.

Откако се сместиле и се привикнале на новиот живот и нашле вработување во новите земји, многу родители почнале да си ги бараат своите деца-бегалци и со помош на властите биле во состојба да си ги вратат дома. Како резултат на тоа, многу деца ги напуштиле нивните земји-домаќини и им се придружиле на своите родители во Полска, Советскиот Сојуз, Југославија итн.

Бегалците кои имале роднини во Канада, САД и во Австралија, преку спонзорство правеле обиди и самите да емигрираат и да ги бараат своите деца, или, пак, нивните роднини да ги бараат децата ако емигрирањето не било можно. Во почетокот, "железната завеса" била цврсто спуштена и било тешко да се распрашуваат, но кога се вклучил Црвениот крст, станало полесно. Во 1953 година, во текот на конвенцијата на Црвениот крст во Швајцарија, прашањето за децата-бегалци од грчката Граѓанска војна било поставено и разни агенции на Црвениот крст се согласиле да соработуваат и да разменуваат информации меѓу себе. Потоа, секој кој барал помош за да ги лоцира изгубените лица во земјите на Источниот блок, не бил одбиен.

Имало случаи кога Македонците навистина имале проблеми со Црвениот крст, но тоа било поради грчки погрешни информации. Кога Црвениот крст отишол да бара бегалци во камповите за бегалци со кои управувале Грци, им било речено дека Македонците биле "емигрантски работници", а не бегалци. Еве вистински извештај за тоа што и се случило на една Македонка во Полска.

Жената била омилена кај своите колеги и со време станала работник-пример за другите. Таа се квалификувала за платен одмор од еден месец. Кога дошол нејзиниот ред, била

испратена во едно луксузно планинско одморалиште. Била сама и не се чувствувала пријатно да оди на други места, но се согласила да отиде и да ја види фреската на Христовото рождество во една локална црква. Таму се сретнала со две жени кои се посомневале дека таа не е Полјачка и биле љубопитни како таа се нашла таму. По извесен разговор, се воспоставило дека жените биле работнички на Црвениот крст и дека се интересираат да пронајдат такви како неа. Кога жените дознале дека таа била бегалец, но заинтересирана да се врати дома, и дека многу други биле во слична ситуација, ја охрабриле и ја поттикнале да побара помош. Тие и дале адреса во Варшава каде можела да се состане со службеници на Црвениот крст и да им ја раскаже својата сторија. Откако се вратила од одмор, таа и една пријателка отишле во Варшава. По единаесет дена молење и преколнување, нејзината сторија била слушната. Службениците биле љубопитни да знаат зошто таа не излегла јавно со својата сторија кога тие, односно Црвениот крст, биле во службена посета на бегалскиот камп. Како што си припомнува, без нејзино знаење, грчките организатори средиле Македонците да бидат испратени на еднодневно патување токму во деновите кога Црвениот крст службено ги посетувал камповите. Дури и по се ова, на жената не и било дозволено да замине. Грција не ја прифаќала без барање од нејзиниот маж. Нејзиниот маж во тоа време издржувал затворска казна во грчките концентрациони логори. Требало да изминат три години, па во 1954 година таа била во можност да иницира процес за репатријација. Жената стигнала дома во мај 1958 година, но не можела да ја издржи угнетувачката атмосфера и наскоро таа и нејзиното семејство емигрирале во Канада.

До 1959 година, Грција преземала екстремни мерки да ги затвори своите граници со Албанија, Југославија и Бугарија. Оние Албанци од Епир на кои им се верувало, биле донесени во Македонија и “посеани” во сите села покрај границата да дејствуваат како очи и уши за Грците. Грчките власти станале построги кон остатокот од населението и никому не му било дозволено да патува без дозвола. На сила стапиле стриктни правила на однесување, вклучувајќи и полициски час. Секој што ќе биде фатен како шета надвор по зајдисонце

бил застрелуван на лице место. Многу овчари ја напуштиле својата работа од страв да не бидат убиени и ги оставале своите овци да живеат беспомошно. Едно мало момченце имало караница со својот очув и побегнало. Властите воопшто немале никаква сомилост и не дозволувале семејството да го бара. Мајката и сестрата сепак излегле да го бараат и го вратиле дома безбедно, ставајќи ги на голем ризик своите животи.

Кога насилството во Грција опаднало, родителите и родниниte почнале да се распрашуваат за репатријација на децата. На оние кои покажале извесна лојалност кон грчката кауза, им било речено дека на нивните деца ќе им биде дозволено да се вратат ако за тоа даде декрет грчката кралица Фредерика. За жал, за овој пороцес биле потребни врски со локалните грчки власти и многу пари, пари кои повеќето Македонци ги немале. Оние кои биле земени предвид за репатријација морале да исполнат бројни услови, вклучувајќи ја и спремноста да прифатат перманентна хеленизација. Децата од партизанските семејства автоматски биле дисквалификувани. Оние кои не биле волни да ги променат своите имиња или кои не биле земени предвид од некоја причина, исто така, биле дисквалификувани. Како што поминувале годиниte, на се помал број деца им било дозволено да се вратат, и барањата за репатријација продолжиле да бидат игнорирани. Родителите и родниниte умирале, а сепак на нивните деца не им било дозволено да се вратат, дури ниту само за да ги посетат.

Откако ограничувањата за патување во земјите зад "железната завеса" биле укинати, родителите, наспроти големите трошоци, староста и лошото здравје, тргнале на пат да си ги бараат своите деца. Една жена, на смртна постела го натерала сопругот да и вети дека пред да умре тој ќе оди да ја посети нивната ќерка во Полска. Чувствувајќи дека и тој наскоро ќе умре, мажот, кој бил со нарушено здравје, тргнал на долгиот пат и по триесет години раздвоеност за првпат ја видел ќерка си. Таа никогаш нема да ја заборави татковата жртва.

Друга жена, која дозволила сите најзини четири деца (два сина и две ќерки) да заминат во текот на ужасната евакуација во мај 1948 година, исто така, тргнала на пат во Полска да ги

види за последен пат. Жената била осакатена од рана здобиена во војната и едвај одела, но знаела дека наскоро ќе умре и сакала да си ги види децата за последен пат. Патувала во воз и наспроти здравствената состојба успеала да стигне во Полска во добро расположение. Кога пристигнала, две од нејзините деца, син и ќерка, дошле да ја пречекаат. Ќерката ја препознала својата мајка и по долга и емотивна прегратка ја прашала дали знае која од двете ќерки е таа. Мајката не можела да одговори бидејќи не знаела, а не сакала ниту да погреши. Тоа толку ја вознемирило возрасната ќерка, што почнала неконтролирано да плаче. Мајката го препознала сина си и го повикала по име, но не можела да одговори на молбите на ќерка си. По извесно време, таа конечно ја препознала ќерка си и ги избришала солзите и со широка насмевка гласно го изговорила нејзиното име. Тоа било толку емотивно, но сепак среќно се завршило за тоа семејство. За жал, на секој среќен крај има дузина тажни Една стара брачна двојка немала ниту доволно пари, ниту сила да тргне на пат да си ги посети децата. Поради тоа, и двајцата умреле со скршени срца и со неисполнета желба да си ги видат најмилите.

Многумина од оние кои ги интервјуирав, не знаат зошто грчките власти не им дозволуваат на децата да се вратат. Наспроти молбите, дури и врз хуманитарни односи, грчките власти, деценија по деценија, влада по влада, ја одржуваат истата политика и не им дозволуваат на македонските деца-бегалци да се вратат дома.

Откако војната завршила и сите преостанати партизани биле фатени или убиени, на оние кои биле евакуирани од грчките власти полека им дозволувале да си одат дома во нивните села. Додека многумина со вратиле во своите стари домови, неколку семејства решиле новото село да им биде нивен дом. Некои останале без земјоделските орудија, алатки, добиток и личните предмети, билејќи биле опљачкани. За најголемиот дел, животот требало да им почне од почеток. Како што тензиите се намалувале, така оние кои биле затворени во концентрационите логори биле ослободувани и почнале да пристигнуваат дома, но само за да откријат дека останале без имотот. Грчките власти, освен што ги конфискувале имотите на многумина од оние што

побегнале како бегалци во текот на масовниот егзодус од 1949 година, исто така, им ги конфискувале и имотите и на оние кои биле држени во концентрационите логори.

Со време, луѓето се деморализирале и живееле во постојан страв од властите и од одмаздата на нивните соработници. Имало извесна дамка прикачена за роднините на партизаните или нивните следбеници што довело тие да се повлечат од општеството и да се дружат меѓусебно. Оние кои отслужиле казни во концентрационите логори постојано биле вознемирувани со полициски час, ограничено движење и осомничени за шпионажа. Многумина биле следени од полицајци во цивилка и под притисок да станат поткажувачи, или да ги шпионираат своите соседи. На странците се гледало со сомневање и автомаски биле сметани дека се странски шпиони.

Кога радиоапаратите станале достапни, луѓето почнувале да ги купуваат и да слушаат разни програми, вклучувајќи емисии од Источна Европа и Федеративна Република Македонија. Грчката полиција станала будна и внимателна и во многу прилики ги набљудувала дворовите, прислушувајќи какви програми слушаат. Оние кои биле фаќани дека слушаат странски програми, биле обвинувани за шпионажа. Македонскиот јазик бил уште еднаш забранет за употреба, а буквата "М" станала валкана буква, дури и ако била изговорена на радио. Откако Грција ја освоила македонската територија, последователните грчки влади одбивале да го признаат постоењето на македонскиот јазик.

Еден по еден, сите оние што се вратиле од земјите на Источна Европа заминале во Канада, САД и Австралија, бидејќи тие повеќе не можеле да го трпат грчкото угнетување. Тие ја вкусиле слободата и ја сакале повеќе, па иако тоа би можело да значи и напуштање на саканите прадедовски домови. Тие запамтиле каков бил животот пред последното грчко заострување на дисциплината, а сега тоа не било така. И луѓето се промениле и, иако се уште биле љубезни и учтиви, нивниот дух бил скршен. Секој бил уплашен, внимавал да не каже нешто инкриминирачко, како за секој збор да се носеле пресуда и казна. Децата родени во текот на обој период, биле одгледани да веруваат дека ете таков е животот и претпоставувале дека тоа е најдобриот

можен живот што некој може да го има. Биле учени да разберат дека Грција била лулка на демократијата, дека никој на светот не е послободен од Грците. Оние кои знаеле подобро, не се осмелувале да зборуваат. Имало извесни работи за кои не можело ништо да се стори или да се дискутира за нив, особено не за грчката Граѓанска војна. Децата учеле грчки шовинистички песни на училиште и истите ги пееле дома пред своите родители кои не се осмелувале ништо да речат. Дури и нивните деца можеле несвесно да ги предадат. Македонскиот јазик станал "наш"" јазик и можел единствено да се зборува тајно со роднините и доверливите пријатели. Зборот "Македонија" или "македонски" бил исклучен од вокабуларот на луѓето и забранет да се употребува, особено на јавни места. Претшколските деца кои го учеле "нашиот" јазик дома од своите баби, зборувале грчки со тежок акцент и постојано биле задевани и прекорувани затоа што не знаеле да зборуваат правилно. Ако некое дете било фатено да зборува на "нашиот" јазик на час, или во училишниот двор, следела казна која се движела од јавно понижување и забрана да не ги кажува "тие непристојни зборови", па се до добра доза рицинусово масло. Децата понекогаш пееле грчки песни за делата на грчки херои и им ги кршеле срцата на нивните родители. Нивните сакани деца идолизирале, без да знаат, вистински криминалци и убијци; најлошите непријатели на Македонија. Некои родители, кога децата станале доволно возрасни да чуваат тајна, ги учеле дека тие се друг народ, дека тие се Македонци, не Грци. Други родители, пак, мислејќи дека е во најдобар интерес на децата да не го знаат својот вистински идентитет, дозволиле тие да веруваат дека се Грци. Но, нивната лојалност никогаш не била наградена, бидејќи навистина било многу ретко едно македонско дете да биде прифатено во грчкото општество. Не било тоа поради тоа што македонските деца не биле способни да бидат интелектуалци, како што Грците сакаат ние да веруваме, туку бидејќи грчката влада систематски вршела дискриминација против Македонците. Дискриминацијата била вообичаена практика, особено на индивидуално ниво. Македонците биле постојано омаловажувани и, како резултат на тоа, тие се дружеле само меѓу себе. Меѓутоа,

понекогаш, во напнати дискусии или неизбежни препирки, Македонците сепак го покажувале своето незадоволство. Но препирките секогаш завршувале со смртна навреда, нарекувани “Бугари”, најниска форма на живот позната за Грците. Највисокото ниво на образование што на едно македонско дете му било дозволено да го добие, било шесто одделение. Погорните одделенија биле можни само за децата на оние кои покажале и продолжиле да покажуваат лојалност кон грчката кауза. Еден млад човек, чии родители биле убиени во текот на грчката Граѓанска војна, и се придружил на грчката војска и потоа ја сметал армијата дека е негово единствено семејство. Бил многу лојален, вреден и трудољубив, но секогаш бил одбиван да добие повисок чин и унапредување. Во текот на една воена вежба, спасил еден офицер од повисок чин од давење. Бидејќи му го спасил животот, офицерот му ветил дека ќе му помогне ако некогаш биде потребно. По години фрустрираност и разочараност, конечно младиот војник отишол кај офицерот да се пожали. Откако извршил истрага, офицерот го информирал дека неговите барања за унапредување биле одбивани бидејќи тој не бил Грк, поточно бидејќи неговите роднини биле од словенско потекло. Ова неправедно однесување го налутило младиот војник толку многу, што ја напуштил грчката војска, единственото семејство што отсекогаш го знаел. Обесхрабрен, ја напуштил Грција и отишол кај својата тетка во Торонто, Канада, каде во моментов учи македонски јазик. Иако не зборува друг јазик, тој одбива да зборува грчки.

По падот на диктатурата во Грција, во средината на шеесеттите години од минатиот век, многу Македонци биле јавно охрабрувани од грчките политичари да ја напуштат Грција бидејќи “ за нив нема иднина таму”. Многу од испразнетите села во западна Македонија биле пополнети со Албанци од западна и централна Грција. Власите, кои на почетокот живееле во планините на Тесалија и ги помивувале летата во македонски планини, засекогаш се населиле таму. Многумина поднеле барање и им биле доделени имотите на семејствата кои емигрирале по грчката Граѓанска војна.

Македонците кои емигрирале во Канада, САД и Австралија, на почетокот на XX век, организирале селски

здруженија да им помогнат на своите сограѓани-иселеници да се приспособат во нивните нови држави. Како што емиграцијата по грчката Граѓанска војна се засилувала, така овие селски здруженија станувале прибежиште за новите иселеници и нивното членство пораснало. Охрабрени од својата новооткриена слобода, многу од новите политички емигранти уживале во македонскиот јазик и култура во дијаспората. Ова било перцепирано како закана за грчкото влијание, и дома и во странство. Како што силата на здруженијата се зголемувала, така и нивната закана се посилно се стегала околу вратот на Грците. Како противмерка и за да парираат на ова, со помошта од грчките амбасади и конзулати, прогрчки фракции почнале да се инфилтрираат во македонските здруженија. Послабите здруженија биле надвладани и се покажале неефикасни. Оние кои дале отпор, успеале да опстанат и да го зачуваат својот посебен македонски идентитет. За оние кои Грците не можеле да ги потчинат, биле формирани паралелни и конкурентски прогрчки здруженија. Ако во одреден ден едно македонско здружение одржувало некој настан, прогрчкото здружение одржувало сличен настан за да ги подели луѓето. Македонците кои сакале да учествуваат во настаните, а биле наклонети кон уцена, биле обесхрабрувани од придружување на македонските организации, а поттикнувани да им се придружат на прогрчките. Токму поради ова македонската заедница во дијаспората станала молчелива заедница. Ова одлично им одговара на Грците, а Македонците ги остава фрустрирани и разочарани.

Најантимакедонската организација која испливала на површината од сите грчки здруженија, е Пан-македонската асоцијација, која има за цел не само да ја подели македонската нација, туку и да уништи се што е македонско. До денес, оваа организација ги демне слабите, невините, наивните и оние кои можат да бидат купени и продолжува да шири омраза и лаги во секоја прилика. Пан-македонската асоцијација е “фалсификат организација”, целосно финансирана од грчките даночни обврзници, а повеќето од нив не се свесни за нејзината дискриминаторна постапки и за недоразбирањата кои таа ги создава меѓу грчките сограѓани.

Покрај ширењето антимакедонска пропаганда и лобирањето за “грчката кауза”, многу од овие таканаречени “грчко-македонски” организации ги шпиунираат македонските организации и поединци, поднесувајќи извештаи за нивните активности до грчките власти. На многу активисти и поддржувачи на македонската кауза, кои иако се грчки државјани, им е забрането да се вратат во Грција. Нивната кауза е благодарна ако им служат на Грците на своја сметка, но штом ќе направат обид да им служат на своите сопствени интереси, тие веднаш стануваат предавници.

На Македонците не им е дозволен влез во Грција на граничните премини без никакво објаснување. Без согласност, на нивните пасоши со печат им се пишува “void”, односно “поништено” и им ги фрлаат назад. Тоа исто им го прават на поединци со странски пасоши, без да ја почитуваат својната на странската држава.

Откако со години живеел во Австралија, еден нашинец решил да ја посети Република Македонија. По влегувањето, во неговиот пасош бил ставен убав црвен симбол, вистинско богатство кое го направило многу горд и среќен. Неговата посета во Македонија била толку прекрасна, што решил да премине во Грција за да го посети Неред, селото каде што бил роден. За жал, грчките чиновници не му дозволиле да влезе. Она што е најневеројатно е што грчкиот службеник го земал австралискиот пасош на човекот без негова согласност и низ целиот пасош удрил печат “поништено”. Буквално го уништил македонскиот симбол со тоа што многупати испечатил “ поништено” врз знакот додека тој повеќе не можел да се препознае. Никакво објаснување ниту извинување не било дадено.

Македонските деца-бегалци сакаат да ја искажат својата благодарност кон државите и луѓето кои им ги отвориле своите врати во време кога тоа им било најпотребно. Тие не ги третирале како туѓинци или емигранти, туку како еднакви на себе. Тие, исто така, сакаат да искажат голема благодарност кон државите и луѓето кои им дале можност за слободно образование во нивните институции. Само преку нивната дарежливост, подалеку од грчката пристрасност, македонските деца навистина се докажале дека се еднакви на сите деца во светот. Ослободени од грчкото угнетување, тие

се надминале себеси и се истакнале со образование и талент, станувајќи професори, доктори, инженери, поети, драмски писатели, композитори, економисти итн.

Најголемиот дел од децата-бегалци денес живеат во дијаспората. Голем дел од нив емигрирале во Канада, САД, Австралија и во Република Македонија. Некои останале во нивните земји-домаќини (Полска, Чешка, Словачка, Унгарија Романија, Германија и Русија) и таму си основале свои домови. Тие одржуваат контакти меѓу себе преку здруженија и клубови, и одвреме-на-време се состануваат, обидувајќи се да добијат одобрение за влез за да си ја посетат нивната татковина. За жал, до денес, не успеале во тоа. Грција, по педесет и пет години се уште не ги сака, дури ниту да ја посетат.

ГЛАВА 29 - РЕПУВЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во 1991 година делот на Македонија, кој порано бил окупиран од Србија за време на балканските војни во 1912 и 1913 година, со референдум, прогласи своја независност од југословенската федерација и стана слободна и суверена држава што се вика Република Македонија.

Иако се уште им е забрането да зборуваат на својот јазик и да ја практикуваат својата култура, етничките Македонци кои живеат во Грција и Бугарија, како резултат на тоа, почнаа да ги извршуваат своите права како народ, најпрво, зборувајќи на македонски јазик во јавност, а потоа пеејќи македонски песни на свадби и фестивали. Во почетокот, од страв од прогонство, тие само свиреа и изведуваа мелодии без текст, без зборови, но со време, а и како нивиот број стануваше се поголем, почнаа да додаваат текстови на мелодиите, па дури и да снимаат песни на македонски јазик.

Како што на хоризонтот се назираше блиското распаѓање на Југославија, Македонците од целиот свет почнаа да гледаат можност конечно да имаат своја сопствена држава. Дури и угнетените Македонци во Грција почнаа да ја чувствуваат треската и почнаа да формираат свои движења. Според Павле Воскопулос /Pavle Voskopoulos/, македонски активист во Грција, "Виножито" и македонските активисти во Грција во последниве дваесетина години изодеа долг пат од нивното прво појавување во 1982 година. Тоа беше во 1982 година кога, за првпат од 40-тите години на XX век, макодонски песни и ора почнаа отворено и јавно да бидат изведувани. Никој не веруваше дека десет години подоцна Македонците ќе бидат во состојба да ја организираат политичката партија "Виножито". Дури и откако "Виножито" стана политичка партија во Грција, никој не веруваше дека во народните десет години таа ќе го одржи првиот успешен конгрес во Солун, срцевината на грчкиот шовинизам. Ова беше единствено можно само преку напорна работа и зачувување на членството на "Виножито", а со помошта на европските партнери на "Виножито"."

Во својата борба за човекови права како национални малцинства во Грција, Бугарија и Албанија, почнаа да се

формираат организации како што се: “Виножито”, “ОМО Илинден”, “ОМО Илинден-Пирин”, “Братство”, “МИР”, “Преспа”, “МЕД” и други. За да им помогнат на своите сонародници во окупираните македонски територии, почнаа да се формираат организации за човекови права и други организации во дијаспората. Овие организации станаа гласот на македонскиот народ во окупираните територии. Во почетокот најактивни беа Децата-бегалци (децата-бегалци од Грчката граѓанска војна), кои се организираа низ целиот свет и го свртеа светското внимание кон нивната нерешна и мачна положба, но, за жал, со мал успех. Грција одби да ги слушне нивните молби и не сакаше ништо да стори за нивните прашања.

Како што Федеративна Југославија почна да се распаѓа при крајот на 80-тите години од XX век, така Македонците во Социјалистичка Република Македонија почнаа да ја бараат својата можност за, конечно, да формираат своја држава. На 8 септември 1991 година, на референдум, 95% од квалификуваните гласачи го дадоа својот глас за суверена и независна Република Макеоднија, со Киро Глигоров како нејзин претседател.

Волјата на народот беше потврдена на 18 септември 1991 година во македонското Собрнание со декларација за прифаќање на резултатите од референдумот.

Следниот важен чекор во зацврстувањето на државата беше усвојувњето на Уставот, на 17 ноември 1991 гоина, кој беше изменет и дополнет по конфликтот од 2001 година и по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор.

Меѓународниот правен субјективитет на државата беше признат на 8 април 1993 година со акламација на Генералното собрание на Обединетите нации. Македонија беше примена како 181-ва полноправна членка.

Стравувајќи дека може да ги изгуби своите македонски окупирани територии, Грција беше прва која се спротивстави на независноста на Република Македонија.

Иако Европската заедница призна дека Македонија ги исполнила потребните услови за официјално признавање, поради противењето на Грција, која веќе беше членка на Заедницата Европската заедница реши да го одложи признавањето. Грција, уплашена дека Македонија може да

има историска, културна и лингвистичка претензија врз Егејска Македонија инсистираше дека новата држава нема право да го употребува името "Македонија", ниту, пак, да го користи амблемот на античка Македонија на нејзиното знаме. Во јули 1992 година имаше масовни демонстрации на Македонците во главниот град Скопје поради неуспехот да се добие признание. Но, наспроти грчките противења, Македонија, во 1993 година, беше примена во Обединетите нации под привремената референца (не под официјалното име) "Поранешна Југословенска Република Македонија". Следеше воспоставување на целосни дипломатски односи со голем број држави на Европската заедница, додека Русија, Кина, Турција, Бугарија и повеќето држави ги игнорираа приговорите на Грција и ја признаа Македонија под нејзиното уставно име - Република Македонија.

Грција, незадоволна од резултатите, во февруари 1994 година, воведе трговско ембарго врз Македонија со обид да го присили претседателот Глигоров да изврши измена на името на државата, народот и јазикот и да го измени Уставот за да се отстрани членот 47 кој предвидуваше дека "Република Македонија се грижи за статусот и правата на оние лица кои припаѓаат на македонскиот народ во соседните земји, како и за македонските иселеници, го помага нивниот културен развој и ги промовира врските со нив." Иронично, Грција има сличен член во нејзиниот устав, бидејќи е нормално за секоја држава во светот да се грижи за своите малцинства во други земји.

Соочена со економски колапс и оставена без никаква поддршка од меѓународната заедница, Македонија немаше избор освен да го смени своето знаме и устав, по што Грција го укина ембаргото.

Во 1995 година, Human Rights Watch-Хелсинки ја осуди Грција за угнетување на македонското малцинство, Грција негира дека постои. И Amnesty International и Европскиот парламент упорно се залага Грција да го признае македонскиот јазик и да престане да ги угнетува етничките Македонци кои живеат во рамките на нејзините граници.

Се уште кревка од грчкото ембарго, од меѓународното ембарго воведено врз Србија, нејзиниот традиционален трговски партнер и од нерешените прашања со Грција,

Република Македонија се соочуваше со нова група проблеми, со внатрешна војна, односно дома.

Поради конфликтот на север од Македонија, а како резултат од бомбардирањето на НАТО на Србија, воени бегалци, чиј број изнесуваше триста илјади, влегоа во Македонија. Ова создаде економски, но и политички притисок врз осиромашената Македонија која, од една страна, мораше да се справи со 15% зголемување на населението преку ноќ а, од друга страна, со критиките од различни групи за човекови права за начините на кои таа се справуваше со бегалската криза.

Веднаш по завршување на кризата, вооружени банди албански борци раширени од српскиот конфликт, почнаа да се инфилтрираат и да иницираат неволји во Македонија.

Во 2001 година, овие илегални банди, најпрво, брендирани од страна на меѓународната заедница како терористи, а подоцна како "борци за слобода", почнаа да заземаат кампови, а подоцна и села во западна Макодонија. Во почетокот, на овие банди се гледаше како на нешто безопасно, но кога започнаа да се афирмираат со тоа што го ограничуваа патувањето, со тоа што киднапираа и мачеа цивили и го прекинуваа снабдувањето на електрична енергија и вода, македонската полиција и оружените сили почнаа да ги прогонуваат. Веднаш следеше силна реакција од западните медиуми кои, наспроти нивните насилнички дејства, на албанските банди гледаа како на борци за човекови права, а на македонската влада и нејзиниот народ како на агресори.

Како што војната беснееше во западна Македонија, така се проширија гласини, некои потврдени, дека одредени елементи во македонската влада биле инволвирани во поттикнувањето на конфликтот со цел поделба на Република Македонија, можеби помеѓу Албанија, Србија, Грција или Бугарија.

"Во 1992 година налетав на еден извор на информации од човек со висок чин од НАТО во Брисел, Белгија. Ми го откри тајниот план за поделба на Македонија по должина на етничките линии по една кратка војна: западниот дел би бил инкорпориран во Голема Албанија, а преостанатите делови би биле инкорпорирани или од Србија или Бугарија. Кога за

првпат слушнав за планот, заклучив дека е неубедлив, односно со мака измислен. Мислев дека овој човек сака да ме насамари. Но, подоцнежните настани покажаа дека тој план не беше толку неубедлив.

Изворот од НАТО ме покани на пијалак повеќе пати. Many сакаше да пие вотка. Мораше да има испиено пет или шест вотки кога без двоумење ми откри дека деновите на Македонија како независна држава се избројани. Се насмеав и реков: "Се согласувам со тебе, ако проблемите со корупцијата и економијата не решат."

"Не, во прашање не се само парите", рече тој. "Има поголеми надворешни сили кои дејствуваат за кои ништо не знаеш." Не сакаше да објаснува во детали. Испи уште пет вотки и си замина. Оваа игра на мачка и глушец продолжи во наредните два месеца, се додека сосема не се опушти.

Ми откри, во бројни детали, како ќе започне војна во Македонија; именуваше имиња; ми кажа како оружјето илегално ќе се внесува од етнички албански бунтовници во Македонија, преку Косово и од Албанија. Рече дека омилена маршрута на снабдување ќе биде преку западниот град Дебар, кој лежи на македонско-албанската граница. Спомна дека има бројни планпски пештери во близина на Дебар кои ќе служат како места за криење на оружје. Магарињa ќе се користат за пренесување на муниција.

Но, не сакаше да каже кој се ангажира, односно кој турка војна во Македонија. До 1993 година, мировниците на ОН од мисијата УНПРОФОР беа распоредени за да ги заштитат македонските граници. Подоцна, оваа мисија стана УНПРЕДЕП. Со години подоцна, од некоја глупава причина, македонската влада го призна Тајван, а Кина, како освета, го искористи своето право на глас во Советот за безбедност на ОН за да ја стопира мисијата. Откако мировниците на ОН беа тргнати, војната во 2001 година во Македонија почна како прелевање на косовскиот конфликт од 1999 година.

Целата работа беше зачудувачка и збунувачка. Се сеќавам кога разговарав со Мира, постара Србинка која предава македонски јазик на белгиските деца. Ме праша зошто се интересирам да пишувам за Македонија. И реков дека сакам да направам истрага за тврдењата што ми ги кажа изворот од НАТО и да погледнам во минатото на злосторствата на

југословенските комунисти во Македонија, како срамниот монтиран процес против Ченто од 1946 година.

Нејзиниот одговор. беше: “Не треба да копаш по минатото, ниту да се грижиш за иднината.” Се изненадив од тоа што не покажа љубовпитност, имајќи предвид дека нејзиниот поранешен сопруг беше познатиот македонски писател Мето Јовановски, а двете нејзини деца се новинари. Синот Борјан Јовановски беше портпарол на поранешниот претседател, додека ќерката Светлана Јовановска е дописник од Брисел за “Дневник”, еден од водечките дневни весници.

Еден ден, во нашата бриселска канцеларија дојде човек со добар изглед во своите доцни 30-ти или во почеток на своите 40-ти години. Имаше кратко потстрижена коса и војничко однесување. Се претстави како Андреас Ренатус Хартман (Andreas Renatus Hartmann/, член на Европскиот парламент за германската политичка партија Христијанска демократска унија (CDU).

Господин Харман го покани д-р Наумовски и мене на вечера во еден луксузен мароканси ресторан. Вечерата помина добро. Зборувавме за најразлични прашања, но вниманието неизбежно се свртуваше кон Балканот. Уживав додека јадев вкусен кус-кус и, речиси се задавив кога г. Харман рече дека, всушност германската разузнувачка служба само што но отворила своја “станица” во Тирана, Албанија, прва уште од Втората светска војна, и дека Британците се лути поради тоа што пред нос им е одземено истото.

Се прашував во себеси зошто овој човек ми го кажува ова. Предизвика уште поголема сензација кога рече дека Европа, особено Германија и Франција, не сакаат исламска држава на Балканот, имено Босна и Херцеговина или Голема Албанија. Десничарските партии на Германија сакаат да ја зацврстат Македонија да дејствува како тампон-држава против можниот исламски фундаменталистички тероризам.

Заклучив дека ова е во спротивност со она што ми го откри изворот на НАТО. Беше ли Македонија фатена во вкрстен оган на една игра на моќ меѓу европски држави кои се натпреварувааа, кои си конкурираа меѓу себе? Што би можело се ова да значи? И зошто мене ми го кажуваат ова?

Можев само да претпоставувам и да речам дека можеби ме виделе млад и амбициозен новинар кој сака да стекне репутација така што ќе ги објави овие информации во неговите написи. Но, она на што тие не сметаа со недоверливите уредници на весниците!" (Саша Узунов)

Еден месец подоцна информациите беа потврдени кога сила од 400 борци на Косовската ослободителна армија /Kosovo Liberation Army/ KLA биле опколени во селото Арачиново, во близина на главниот град Скопје. Кога македонските безбедносни сили тргнале да влезат во селото, биле стопирани по наредба на НАТО. Автобуси на американската војска од кампот "Бондстил" на Косово пристигнале за да ги земат сите тешко вооружени терористи и да ги преместат на побезбедно подрачје во Македонија.

Борбите во западна Македонија почнаа како изолирани напади, во почетокот на пролетта 2001 година, од страна на вооружени и униформирани албански бунтовници кои тврдеа дека нивното несогласување е со Владата на Македонија и нејзините сили.

Тие, исто така, тврдеа дека нивната цел е да се постигнат повеќе еднакви права за малцинското албанско население во Македонија. Но, во јули 2001 година, откако постигнаа доволна мобилизација, односно мобилизирале доволно лица од локалното албанско население, започнаа да ја освојуваат територијата каде албанското население претставува мнозинство.

Западните новинари продолжија да ја портретираат оваа побуна како некој вид вооружено движење за граѓански права, но реалноста на терен е сосема различна. Бунтовниците, всушност, постигнаа полутрајна окупација на територија преку една тековна кампања на етничко чистење. Сега е јасно дека во јули 2001 година имаше ненадејно поместување на фокусот на нивното движење: од конфликт со единиците на полицијата и армијата во систематско тероризирање на цивилното етничко македонско малцинство на окупираните територии.

Еден од првите документирани случаи на вакво тероризирање во окупираната западна Македонија се случи на 8 јули 2001 година во селото Непроштено, околу десетина километри северно од градот Тетово. Триесетгодишниот

Дарко Бошковски бил сам, невооружен и во цивилна облека кога бил грабнат од својот автомобил на патот во близина на неговиот дом. Во својот извештај навел дека било околу 18:30 часот попладне кога група од околу 150 луѓе во униформи на АНА /NLA/, Албанска национално-ослободителна армија /Albanian National Liberation Army/ го стопирала неговиот автомобил, под закана на употреба на оружје, и го присилиле да ги следи нив, најпрво во блиското село Пороj, а потоа до Дреновец 2 и на крај до селото Ѓермо.

Таму, бил заклучен во штала со два коња. Му ги врзале очите и го распрашувале за неговиот татко, пензиониран полицаец кој работел со случаи поврзани со дрога, и за можната поврзаност на неговото семејство со министерот за внатрешни работи, Љубе Бошковски. Потоа, му ги истегнале рацете и му ги врзале зад грбот и толку го свиткале наназад така што едвај дишел. Потоа, постојано бил тепан во текот на целата вечер редум од сите нив, некои со тупаници, други со палки или дршки од лопати. Потоа бил, исто така, врзан за еден од коњите и влечен наоколу во амбарот, а потоа бил присилен да јаде и пие од изметот и урината на коњот.

Околу 01:30 утрината, Авзи, командантот на NLA, дошол и му рекол дека ќе го ослободат. Потоа го одвезле со кола до Тетово и го испорачале, односно предале на неговото семејство, на неговата сопруга и на родителите, кои платиле откуп за неговото ослободување. Бил предупреден никому да не кажува што му се случило под закана на натомошно насилство. Подоцна се лекувал поради голем број рани, вклучувајќи и сериозни внатрешни повреди, во месната болница, а подоцна и во еден санаториум во Србија. Кога неговото семејство било во можност да се врати во нивниот дом во селото, по неколку изминати месеци, откриле дека нивната куќа, продавницата и засебните доградби биле опљачкани и запалени. Автомобилот на Дарко, тракторот и целата стока од нивните магацини биле украдени.

По една година, семејството останало сиромашно и без дом. Се она што било со години градено или стекнувано, отишло. А посетите на селото или блискиот град биле дури и уште поболни поради отвореното присуство, по јавната амнестија на бунтовниците, на оние кои го мачеле, оние кои го уништиле домот на неговото семејство и живеачката во

западна Македонија. Не биле тоа само македонските власти и македонските медиуми што информирале за вакви инциденти. Според еден извештај објавен на 26 јули од Организацијата за безбедност и соработка во Европа, специјалистите за човекови права на нивната мисија нашле докази за бројни прекршувања на човековите права од страна на побунетите сили на NLA. Нивниот извештај за средбата, на 20 јули 2001 година, што ја имале со тројца млади Македонци кои биле задржани на лекување за здобиените повреди, во болницата во Тетово, е типично за она што тие го откриле во текот на својата истрага.

Иако младите луѓе одбиле да учествуваат во официјално интервју, извештајот на Мисијата наведува дека биле во состојба да го дознаат следново: "Овие лица екстремно се плашеа од присуството на Мисијата, но на крај се согласија на иследникот да му ги покажат своите рани. Имаше знаци од посекотини на нивните рачни зглобови што е доследно со тоа дека рацете им биле врзани. Од набљудувањето на распоредот и формите на модринките и нагризаните места, изгледа дека тие биле тепани додека рацете им биле врзани зад грб. Од изгледот на нивните повреди, изгледа дека биле удирани со пушки и дрвени или метални шипки, предмети типично поврзани со вакви видови длабоки модринки што може да се видат на нив.

Едно лице кратко изјави дека специфичниот изглед на неговите повреди бил предизбикан од тоа што бил удиран со дрвена рачка од метла и со полициски пендрак. Сите биле тепани по табаните, како и по задниот дел од нозете. При приемот во болница, еден имал намалена функциіа на бубрезите, но закрепнувал. Овие впечатоци подоцна биле потврдени во разговорите со докторот кој ги лечел. Исто така, било утврдено дека тројцата момчиња присуствувале на веридба и стоеле надвор пред куќата на едниот од нив кога еден автомобил, со тројца вооружени членови на NLA, наишол и застанал пред нив. Потоа грубо ги малтретирале, им ги врзале очите и ги одвезле на некое место каде им биле нанесени тешки телесни повредни, односно биле тепани."

Овие два инцидента биле меѓу првите од она што подоцна се покажало како серија грабнувања и тепање невооружни поединци или мали групи македонски цивили во западниот

дел на земјата. До 23 јули, Мисијата на ОБСЕ примила веродостојни информации дека најмалку 25 луѓе биле грабнати, под закана на употреба на оружје, во Тетовско.

Етничката културна основа за овие напади може да се види во случајот на македонскиот православен христијански свештеник Перица Бојковски Нему му се заканувала албанска вооружена група на 14 јули 2001 година.Тогаш, сосила бил извлечен од својот автомобил од страна на вооружена група која го блокирала патот кај селото Одри. Тогаш, мажи облечени во црни маскирни униформи со знакот на албанската NLA го мавале и тепале свештеникот и му рекле да се врати во неговата парохија.

Три недели подоцна, на 9 август, отецот Бојковски бил повторно запрен во текот на неговата посета на планинските села во неговиот делокруг. Тогаш, се возел во автомобил со Перо Марчевски на пат за селото Доброште. И двајцата биле насила извлечени од автомобилот од мажи кои носеле униформи на NLA. Биле однесени во селото Џепчиште, каде биле затворени во еден амбар. Таму биле испрашувани за имиња на резервни полицајци и за локацијата на армиските и полициски единици во селата кои тие ги посетиле. Кога со нивните испрашувања не ги добиле одговорите што ги барале, почнале да ги тепаат двајцата мажи со пушки и тупаници. Освен тоа, во текот на испрашувањето на отецот му ставиле револвер во неговата уста.

Нивните поробувачи потоа со автомобил ги однеле на друга локација во селото каде околу петнаесет млади луѓе облечени во цивилна облека ги заклучиле во еден подрум. Оваа нова група продолжила со тепањето, што вклучувало отецот да пее албански национални песни и да ги повика муслиманите на молитва.

На крај, отецот се онесвестил и бпл повратен во живот со ладна вода. Кога виделе дека тој искашлува крв, тој и неговиот пријател со кола биле вратени во селото Доброште, каде повторно биле тепани, а потоа ослободени кај нивниот автомобил. Отецот Бојковски потоа се лечел во Воената болница во Скопје, каде докторите нашле рани и повреди по целото негово тело.

Вакво малтретирање на свештено лице кое не носело оружје и отворено патувало во својата црковна одежда за да

ги извршува своите свештенички должности, била јасно со намера да се заплашат христијанските Македонци во таа парохија. Тоа било наменето да им се одржи lлекција дека никој од нивната етничка религиозна културна заедница веќе не бил сигурен таму. Етничкото чистење во западна Македонија од страна на организирани албански вооружени групи, навистина, попримило вистински масовен карактер на 23 јули 2001 година. Тогаш, NLA презела серија напади врз мешаните македонско-албанските села Теарце и Непроштено и врз селото Лешок, населено само со Македонци, како директно прекршување на примирјето кое нивните водачи го потпишале една недела пред тоа. Слабо вооружени полицајци и неколку локални резервисти се обиделе да го одбранат селото, но биле разбиени од ненадеен силен напад на стотина тешко вооружени борци на NLA.

Војниците на NLA оделе од врата на врата, на полноќ, сосила вадејќи ги и влечејќи ги луѓето од нивните домови, од најмалото дете до најстарите прабаби. Неколку стотини луѓе биле протерани, речиси немајќи воопшто време да соберат и понесат со себе најнеопходно и што било, и со мала надеж дека подоцна ќе има каде да се вратат. Долги колони луѓе, многу стотини од нив, биле присилени пешки да одат во блиските македонски селца Ратае и Жилче. Некои сепак пружиле отпор. Мажи кои вложиле години и години од својот живот за да изградат свој дом и оние кои не можеле да истрпат да ги напуштат своите имоти и својата заедница со повеќе илјаднагодишна семејна историја во нив. Некои ги бранеле своите домови со пушки. Многумина им пружале отпор на напаѓачите додека не станало очигледно дека не можат да победат, па затоа се повлекле заедно со своите семејства. Други пружале отпор додека не биле ранети или убиени од NLA. Околу десетина мажи од Лешок и Непроштено биле ранети тој ден, а еден од нив, Ѓоко Лазаревски, им подлегнал на раните. Имал само 30 години. Само што ја завршил изградбата на својата нова куќа, а наскоро требало и да се жени.

Агресијата и етничкото чистење на NLA на Лешок, родното село на Ѓоко Лазаревски, биле едни од најнеодбранливите дејства на овој неодамнешен конфликт. Агресијата се случила како директно прекршување на

договорот за прекин на огнот, потпишан од NLA со посредство на НАТО. Таа опфатила окупација на село во кое никогаш не живеел ниту еден единствен Албанец во текот на својата историја од неколку илјади години. Таа резултирала со злосторничко пљачкосување и уништување на имотите и предмети од лична своина, стекнати во текот на целиот живот на сите кои живеат таму.

Подоцна, NLA, сосема надвор од воениот конфликт, постави експлозив под темелите на еден македонски и светски културен споменик во Лешок, една прекрасна православна црква, најпрво изградена во XIV век, а проширена во прекрасна соборна црква во XX век, сведувајќи ја црквата "Свети Атанасиј" во куп урнатини. Еден млад човек, кој се обидел да се спротивстави на етничкото чистење, даде краен пример на она што би можело да донесе давањето отпор, кога плати со својот живот.

Кампањата на етничко чистење тој ден вклучи, исто така, едно од најтешките терористички злосторства што може да се замисли, грабнување што завршува со исчезнување на поединци од заедницата. Било тоа на тој ден, 23 јули 2001 година, кога се случил ужасниот злочин. Тоа било на тој ден кога терористи на NLA го грабнале 52-годишниот Цветко Михајловски од нивата во близина на неговиот дом во селото Непроштено. Истовремено, тие го земале неговиот 37-годишен син Васко, кој само ден тоа правел свадба, еден постар сосед, 69-годишниот Крсто Гоговски, од нивните домови во истото село. Потоа, под закана на употреба на оружје, ги одвеле во непознат правец и оттогаш никогаш со сигурност не се дознало ништо за нив.

Истиот ден 62-годишниот Димо Димоски, кој бил во обиколка на својата нива засадена со пченица во соседното Џепчиште, бил, исто така, земен од терористи на NLA. Наредниот ден, 60-годишниот Симе Јакимовски, буквално, бил земен од улицата на предградието на Тетово, наречено Дреновец Еден. Наредниот ден, 26 јули 2001 година, во таа иста северна населба на Тетово, каде ќе се случи една од најжестоките борби помеѓу NLA и владините трупи, 47-годишниот Ѓоко Синадиновски и 28-годишниот Боби Јефтимовски биле грабнати. На друго место, тој ист ден, очигледно, исто така, го земале 48-годишниот Илко

Трајчевски и неговиот 25-годишен син Васко Трајчевски. Две недели подоцна, исто така, во близнина на Дреновец, двајца браќа, 59-годишниот Славко и 42-годишниот Бошко Димитриевски, биле грабнати од страна на NLA.

Семејствата и пријателите на овие 12 мажи со години се исполнети со агонија на неизвесност во врска со судбината на нивните сакани. Командантите на NLA тврдат дека ништо не знаат за овие луѓе.

Шведскиот амбасадор за Македонија, Ларс Валунд /Lars Wahlund/ неодамна предводеше меѓународна комисија за да ги утврди фактите за околу 20 нерешени случаи на грабнување во текот на конфликтот минатата година. Неговата комисија заклучи дека командантите на NLA, веројатно, знаат за судбината на грабнатите Македонци, додека македонски функционери можеби знаат за судбината на неколку исчезнати Албанци и на еден Бугарин, но никој од нив не ја открива вистината што ја знаат.

Ангелина Михајловска чекала повеќе од една година да добие вести за нејзиниот сопруг Васко. Еден ден по нивната свадба, таа и нејзиниот маж и поголем број од гостите на свадбата биле киднапирани од NLA. Таа и уште неколкумина по три дена биле ослободени. Но, има гласини дека подоцна го добила увото и раката на мажа си од локалниот командант на NLA, Лека. Велат дека тоа било освета поради тоа што Васко вперил пушка во Лека кога тој и неговите луѓе се појавиле на свадбата. Комисијата заклучи дека особено Лека, најверојатно, ја знае судбината на осумтте Макелонци грабнати во неговата област на дејствување во јули 2001 година. Неколкуте тела ископани од една локација во близина на Непроштено, според извештајот на комисијата, може да се докаже дека тие се неколкуте од оние што исчезнале. Но, луѓето како Ангелина Михајловска нема избор, освен да ја продолжи кампањата на јавен протест пред јавноста, владата и меѓународната заедница во Македонија, се додека судбината на нејзиниот сакан не се разреши. И до ден-денес тие мора постојано на улица да поминуваат покрај амнестираните водачи на NLA, како командантот Лека, кои веројатно знаат за нивните исчезнати дури иако тие не се директно одговорни за нивната судбина.

Во текот на шесте месеци на отворениот конфликт, се знае дека 15 цивили од Тетовско се убиени, а многу други ранети. Меѓу мртвите со Наташа и Петар Петровски, мајка и син чиј автомобил наишол на нагазна мина посатавена од албанските бунтовнити на патот помеѓу Лешок и Жилче, во средината на јули 2001 година. Тука спаѓа и особено грозното убиство на двајца ноќни чувари во хотелот "Бриони", во селото Челопек. Една вечер, при крај на август, албански терористи се појавиле во овој хотел во сопственост на Македонци. Ги затвориле двајцата хотелски работници, по име Светислав Трпковски и Богослав Илиевски. Потоа ги минирале просториите со експлозив и го разнеле хотелот, убивајќи ги двајцата работници, кои пред тоа ги врзале и ги оставиле во зградата за да бидат разнесени.

Во другите ужасни злосторства направени против македонски цивили од страна на албански вооружени групи во текот на овој период спаѓа и грабнувањето и мачењето на осум градежни работници од градилиште на патот Тетово-Скопје, на 8 август 2001 година. Овие четворица, кои подоцна биле ослободени, им изјавиле на органите на власта дека освен што биле тепани, биле подложени на сексуална злоупотреба од страна на албанските поробувачи и, како краен чин на варварство пред да бидат пуштени да си одат, по нивните голи тела со ножеви им биле испишани иницијалите на востаничката група.

Грабнувања, разбојништва и брутални тепања на невооружените цивили во Тетовско продолжија и понатаму, се до завршувањето на отворениот конфликт есента 2001 година. На 3 ноември 2001 година, на пример, 32-годишниот Цане Трпевски се враќал дома од селото Ратае, Тетовско, каде бил да си ја подигне платата, кога бил фатен од вооружена група Албанци. Му ги украле парите и го држеле затворен два дена. За тоа време, го тепале по целото тело, додека рацете му биле врзани, а главата покриена со хартиена ќеса. Изјавил дека најтешкиот дел од целото тоа мачење бил фактот дека во текот на тие два дена тие одбиле да му дадат и капка вода да се напие.

Кон резервниот полицаец Душко Симоски било, исто така, постапувано на 14 април 2002 година, кога бил затворен од страна на една вооружена албанска група во селото

Шемшево. Исто така го држеле со заврзани раце и со превез преку очите во една штала за добиток, каде брутално го тепале цели два дена, пред конечно да биде пуштен.

Се разбира, дека и активни полицајци и војници на македонската армија страдале, исто така, во рацете на албанските вооружени групи, но, во најмала рака, нивното страдање дошло во текот на нивната служба под заклетва, за што денес им е оддадено почест за нивното жртвување.

Континуираната кампања на терор, убивање и уништување вклучувала и пљачкосување и спалување на повеќе од триесетина цркви во Тетовско од започнувањето на непријателствата во пролетта 2001 година, како и многу стотици куќи. Пљачкосувањето и уништувањето на македонски домови продолжило во оддалечени села како Отуње или Варвара, а дури во некои соседни тетовски населени места, жителите ги напуштале своите домови поради неподносливиот живот таму.

Теарце, мали продавнички, ресторани и бензиска пумпа во Тетово и озлогласеното уништување на хотелот "Бриони" во селото Челопек се само најочигледни примери за извршените злосторства. Се подразбира дека илјадници луѓе биле лишени од работата неопходна за нивно издржување бидејќи не се осмелувале да одат на работа подолг временски период. Земјоделците не можеле да одат на своите ниви, а вработените не можеле со автомобили да одат на работа поради опасностите на патиштата. А Попова Шапка, главниот зимски центар, на живописната планина над Тетово, немала туристичка сезона.

Македонија била присилена да го признае поразот и била обврзана да ги прифати сите барања на терористите. Кога бил потпишан мировниот договор, лордот Робертсон изјави, "Овој ден го означува влезот на Македонија во модерната, вообичаена Европа... многу горд ден за нивната земја." (Џејмс Бисет /James Bisset/)

Оваа војна внесе големи притисоци врз македонската економија и создаде долготрајна поделба помеѓу македонската и албанската заедница во Македонија, заедници кои егзистираа и живееја заедно со векови.

Американските и француските преговарачи помогнаа во изготвувањето на Охридскиот договор од 2001 година кој го

заврши воениот конфликт со тоа што на Албанците во Македонија им додели права и привилегии какви што ниедно друго малцинство на Балканот не ужива до ден-денес. Договорот, исто така, го смени македонскиот Устав така што тој веќе не ја именува Републиката како држава на македонскиот народ, туку како држава на сите граѓани на Република Македонија, правејќи таа да биде прва и единствена балканска држава што самата себе се "денационализира". Договорот беше извор на ужасно понижување за македонскиот народ, но стави крај на жестоката борба која ја раскинуваше државата во време кога "само" стотици загинаа во борбата во однос на илјадниците кои биле убиени во другите војни кои го придружуваа распаѓањето на Југославија.

Од 1991 година сите влади во македонското собрание се коалициони влади, составени од здружени етнички македонски и албански партии. Всушност, албанските милитанти кои само пред неколку години предводеа вооружени паравоени единици сега седат во Собранието како избрани претставници на нивниот народ. Очигледно, ова не е земја каде граѓаните се лишени од нивните демократски права на слободно здружување. Но, ова не може да се каже за нивните соседи, Грција и Бугарија и, до некој степен, Албанија. Македонците кои само го бараат правото на самопотврдување како Македонци и на слободно здружување во организации на нивната малцинска група, рутински се шиканирани и заплашувани од тамошните власти.

И организацијата на македонското малцинство во Бугарија, ОМО Илинден и на "Виножито" во Грција имаат добро документирани случаи на прекршувања на нивните права. Групи за човекови права од целиот свет стапија во нивна одбрана и поднесуваат извештаи за многу вакви прекршувања. Судовите за човекови права, исто така, пресудуваат во нивна корист во судските парници.

Западните медиуми ја оцрнуваа Македонија, заборавајќи брзо дека Македонија беше единствената република која по мирен пат се одвои од Југославија.

"Западот отсекогаш инсистира на правичниот принцип дека насилството, теророт и етничкото чистење не треба да

се исплатат. Овој принцип бење применет - понекогаш со воени средства - во Босна и Хрватска. Сепак, од тактички и политички причини, Западот направи два исклучока: Косово и Македонија. Во Косово, тој награди една криминална организација која ја претвори во ослободително движење (KLA или УЧК). Западот ја вооружи, ја обучи и ја трансформира во еден респектабилен политички играч и партнер во моделирањето на иднината и карактерот на Косово. Во Македонија, тој се приклони кон демократско избраната влада на една суверена земја за да ги смести, односно за да ги акомодира барањата на вооружните терористи, дури и кога тие исти терористи продолжија да сејат страв, да убиваат, да заземаат земја и да вршат етничко чистење на македонските жители. На тој начин, Македонија е приморана да плати за грешките на Западот во создавањето на едно чудовиште (KLA) кое сега во голем степен е надвор од нивната контрола (во форма на NLA и ANA) и се заканува да го трансформира КФОР во 50.000 заложници во Косово. (Сем Вакнин /Sam Vaknin/)

Војната траеше приближно шест месеци и официјално заврши со потпишување на Охридскиот договор на 31 август 2001 година.

“Според Охридскиот мировен договор, меѓународната заедница беше поканета да го поддржи предизвикувачкиот пат на Македонија од работ на граѓанска војна во август 2001 година кон мир, стабилност и интеграција во евро-атлантските структури.

Како одговор на барањето за помош од НАТО, поднесено од македонскиот претседател Борис Трајковски, на 20 јуни 2001 година, оваа воена организација го изготви оперативниот план кој беше посветен на мирот и стабилноста на Република Македонија. Но, НАТО наметна три услови за својата помош во решавање на кризата: склучување политички договор помеѓу различни партии во Република Македонија, примирје поврзано со амнестија на членовите на NLA и, конечно, ветување за целосна демилитаризација од NLA. Штом македонските политички партии го потпишаа Охридскиот мировен договор, беше отворен патот за првата мисија на НАТО во Република Македонија. Воена поддршка на НАТО на Релублика

Македонија ефективно започна на 27 август 2001 година со операцијата “Суштинска жетва” /Essential Harvest/. Оваа мисија, предводена од Велика Британија, вклучуваше брзо распоредување на 4.600 сојузнички трупи кои беа посветени да го исполнат ветувањето на НАТО да му помогне на македонскиот народ со собирање и уништување на оружјето и муницијата предадено врз доброволна основа од етничките албански екстремисти.

До 14 септември 2001 година, беше постигнато успешно разоружување на вооружените Албанци и притоа се воспоставија услови за мирно решавање на кризата која можеше, и тоа како, да ја проголта земјата. “Суштинската жетва” успеа да собере и уништи 3.875 парчиња оружје во текот на 30 дена. Тука спаѓаат и четири тенка и оклопни носачи на персонал кои NLA ги земала од македонските безбедносни сили, 17 воени системи стрела-2М (НАТО: СА-7б Grail) за авионска одбрана, лесни за носење, 161 противтенковски систем, 483 митралези, 3.210 јуришни пушки и речиси 400.000 мини, експлозиви и муниција. Бидејќи вооружената побуна беше манифестација на “незадоволство” кај етничката албанска заедница во Република Македонија, беа направени уставни промени во согласност со Охридскиот договор, со кои им се доделуваат повеќе права на етничкото албанско малцинство кое изнесува 22.7 проценти од населението на државата од нешто повеќе од два милиона.

За да спречи предизвикување на етнички конфликти по завршувањето на операцијата “Суштинска жетва”, предводена од НАТО, македонската Влада, ЕУ и ОБСЕ се согласија дека меѓународни набљудувачи треба да го надгледуваат мирното враќање на македонските безбедносни сили во подрачјата кои порано биле држени под контрола на етнички албански екстремисти. За да се обезбеди дополнително обезбедување на меѓународните набљудувачи, додека властите на Република Македонија имаа, главно, одговорност за својата безбедност, на 26 септември 2001 година, НАТО почна реструктуирање на привремената оперативна група “Жетва” и наредниот ден операцијата “Суштинска жетва” беше заменета со операцијата “Килибарна лисица”, односно со оперативната привремена

група “Лисица”. Беше постигнат значителен напредок во натамошната демократизација и подобрување во областа на човековите права преку процесот на дијалог и помирување и операцијата “Килибарна лисица” беше продолжена за период од три месеци во март 2002 година и повторно во јули 2002 година.

Како резултат на многу подобрената безбедност во земјата, властите Република Македонија и НАТО конечно решија да и стават крај на мисијата на 15 декември 2002 година. Операцијата “Килибарна лисица” беше од голема важност за Германија бидејќи за првпат во историјата на оваа земја германски сојузни воени сили преземаа лидерство и логистика на воена операција на НАТО што се состоеше од околу 700 германски трупи и трупи од други НАТО држави.” (http://www.airserbia.com/magazin/bozinovski/eu-nato/eu-nato_in_macedonia.htm).

Во врска со развојот на настаните со Македонците во Грција, на 8 септември 1995 година, членовите на етничката македонска политичка партија “Виножито”, отворија своја канцеларија во Лерин.

На 19 јануари 1997 година, беше одржана Втората конференција на партијата “Виножито” во Лерин на која присуствуваа 76 делегати од сите локални единици. Беа усвоени Политичкиот манифест и Организационите принципи, а беше избран и Централен совет од 19 членови.

Централниот совет ја одржа својата прва сесија во Воден, на 26 јануари 1997 година и беше избран петчлен Политички секретаријат, Економска комисија, Совет на уредници, итн.

Во својот Политички манифест, “Виножито” ја изнесе својата желба да соработува со сите демократски и антинационалистички сипи во земјата во својата борба за мир и европска демократија.

Партијата “Виножито” е членка на Европската слободна алијанса /European Free Alliance/, која со децении се залага за правата на бездржавни нации, народи и региони.

Друг настан поврзан со Македонците во Грција вклучува отворање на грчко претставништво на Европското биро за помалку употребуваните јазици (/European Bureau for Lesser Used Languages /EBLUL/), организпција посветена на зачувување на јазиците кои помалку се користат по Европа.

Ширум целата Европска унија, не помалку од четириесет милиони луѓе во својот секојдневен живот зборуваат на јазици што се разликуваат од службениот јазик на државата во која тие живеат. Сега, оваа бројка претставува 10% од вкупното европско население, но наскоро, со проширување на Унијата, бројот на луѓето кои зборуваат на јазик различен од службениот јазик на нивната држава ќе биде многу, многу поголем. Грција, исто така, не е исклучок. Но, без разлика колку силно државата може да го негира тоа, фактите ја кажуваат својата сторија. Еден никако небезначаен дел од грчкото население е двојазичен, односно зборува два јазика. Не е можно да се обезбедат и добијат прецизни податоци и бројки, бидејќи ниеден од пописите спроведени до ден-денес не го вклучи прашањето на јазикот. Единствениот исклучок е пописот од 1920 година, но податоците до кои тој дојде за северните региони на државата никогаш не беа објавени.

Згора на тоа, долготрајната политика на маргинализација и угнетување успеа, доволно се разбира, во редуцирање на актуелниот број на оние кои не говорат на официјалните, односно на службените јазици. Ова непријателско однесување кон разноречјето, односно, поинаквото говорење во Грција има свои корени уште од првите денови на современата грчка држава, пред 170 години. Во оние подрачја на земјата каде преовладуваше арванитика /Arvanitika/, се правеа секакви напори да се обесхрабри неговата употреба. Можеби постои извесно оправдување за ова во очајничките обиди направени за обединување на регионалните населенија во една единствена грчка држава, користејќи ја како средство за оваа цел политиката на хомогенизација на различните населенија.

Македонците, како што Насе Парисис /Nase Parisis/, кој сега е претседател на грчкиот огранок на EBLUL, се залагаат да го воведат македонскиот јазик во грчкиот образовен систем.

Во однос на настаните поврзани со Македонците во Бугарија, ОМО “Илинден”-Пирин беше политичка партија на македонското малцинство во Бугарија. Таа беше регистрирана како политичка партија во 1999 година и учествуваше на општинските избори во октомври 1999 година, каде таа избра пет локални функционери. Но, на 29

февруари 2000 година, Уставниот суд на Бугарија ја прогласи ОМО "Илинден"-Пирин за неуставна. Тоа беше директно прекршување на правото на слобода на здружување и правото на слобода од дискриминација. Бугарската влада одбива да го признае постоењето на многубројното македонско малцинство во Пиринска Македонија и продолжува да ги прекршува неговите основни човекови права. Членови и следбеници на ОМО Илинден-Пирин (политичка партија и организација за човекови права) и на ОМО Илинден (организација за човекови и малцински права) се прислушувани, шиканирани, тепани, казнувани и дури затворани во затвор, едноставно, поради афирмирањето на својот етнички македонски идентитет.

Во однос на актуелниот развој на настаните со Македонците во Албанија, на локалните избори одржани на 18 февраури 2007 година, еден Македонец од партијата Македонски сојуз за европска интеграција /Macedonian Alliance for European Integration, MAEI/ за прв пат беше избран за градоначалник. Едмонд Темелко, 36-годишен ветеринар кој стана политичар, ја доби градоначалничката функција во Општината Преспа, што го прави да биде прв Македонец избран во Албанија.

Македонците во Албанија се уште не се во состојба целосно да ги уживаат своите основни човекови права, како образование на својот мајчин јазик, употреба на македонски национални симболи и учествување во државните институции. Македонците вложуваа големи напори за да ја регистрираат својата политичка партија, Македонски сојуз за европска интеграција, и тоа успешно што претставува главно достигнување за Македонците, бидејќи тие демонстрираа зрелост и гласаа за себе. На тој начин му покажаа на албанското општество дека се дел од истото и дека ќе земат активна улога во решавање на прашањата во земјата.

Општината Преспа има девет градови, населени, главно, со етнички Македонци кои зборуваат на својот јазик и го негуваат своето културно наследство. Македонскиот јазик ќе стане втор службен јазик и на сите македонски патни обележја ќе им бидат вратени нивните оригинални имиња кои беа променети во текот на режимот на Енвер Хоџа.

БИБЛИОГРАФИЈА

A History of the Macedonian People, Institute of National History, Macedonian Review, Skopje, 1979.

Allen, R. E., ed., The Oxford Dictionary of Current English. Oxford: Oxford University Press, 1991.

Ambrozic, Anthony. Adieu to Brittany: a transcription and translation of Venetic passages and toponyms. Toronto: Cythera Press, 1999.

Ambrozic, Anthony. Gordian Knot Unbound. Toronto: Cythera Press, 2002.

Ambrozic, Anthony. Journey Back to the Garumna. Toronto: Cythera Press, 2000.

Austin, M. M. The Hellenistic World from Alexander to the Roman Conquest. London: Cambridge University Press, 1981.

Benefit Society Oshchima 75th Anniversary 1907 – 1982. Toronto, 1982.

Bogov, Vasil. Macedonian Revelation, Historical Documents Rock and Shatter Modern Political Ideology. Western Australia, 1998.

Borza, Eugene N. In the Shadow of Olympus The Emergence of Macedon. Princeton: Princeton University Press, 1990.

Bradford, Ernle. Cleopatra. London: Hodder and Stoughton Ltd, 1971.

Brailsford, H. N. Macedonia Its Races and their Future. New York: Arno Press, 1971.

Brown,Peter. The World of Late Antiquity AD 150-750. New York: W.W. Norton & Company, 1989.

Bryant-Abram, Charles PhD, FSO. Refinement and Future Directions in Venetic Scholarship.

http://www.niagara.com/~jezovnik/anthony_ambrozic.htm

Chadwick, John. The Decipherment of Linear B. Second Edition, University Press, 1967.

Chater, Melville. National Geographic. November 1925.

Clogg, Richard. A Short History of Modern Greece. Cambridge: Cambridge
University Press, 1986.

Clogg, Richard. The Struggle for Greek Independence Essays to mark 150th anniversary of the Greek War of Independence. Archon, 1973.

Connolly, Peter. Greece and Rome at War. Macdonald Phoebus Ltd, 1981.

Curta, Florin. The Making of the Slavs, History and Archaeology of the Lower Danube Region c. 500 – 700. Cambridge: Cambridge University Press, 2001.

Dakin,Douglas M.A., Ph.D. The Greek Struggle in Macedonia 1897 – 1913. Salonika: Institute for Balkan Studies, 1966.

Dimitri, Michael A. The Daughter of Neoptolemus. Fort Wayne: Alexandra Publishing, 1993.

Dimitri, Michael A. The Radiance of Ancient Macedonia, Fort Wayne, 1992.

Donski, Alexandar. The Descendants of Alexander the Great of Macedon The Arguments and Evidence that Today's Macedonians are Descendants of the Ancient Macedonians (Part One – Folklore Elements). Shtip/Sydney – 2004.

Dura-Europos: http://pages.cthome.net/hirsch/dura.html

Durant, Will. The Story of Civilization Caesar and Christ, A History of Roman Civilization and of Christianity from the Beginnings to A.D. 325. Toronto: Simon & Shuster, 1994.

Fishwick, D.; Wilkinson, B.; and Cairns, J. C. The Foundations of the West. Toronto: Clarke, Irwin & Company Limited, 1963.

Franzius,Enno. History of the Byzantine Empire. New York: Funk & Wagnalls, 1967.

G.A.L. I Kata Tis Makedonias Epivouli, (Ekdosis Deftera Sympeplirομeni). Ahtinai, 1966.

Gandeto, Josef S. G. Ancient Macedonians, Differences Between The Ancient Macedonians and The Ancient Greeks. New York: Writer's Showcase, 2002.

Gilbert, Felix. The End of the European Era, 1890 to the Present. New York: Norton, 1970.

Green, Peter. Alexander of Macedon, 356-323 B.C., A Historical Biography. Berkeley: University of California Press, 1991.

Green, Peter. Alexander to Actium, The Historical Evolution of the Hellenic Age. Berkley: University of California Press , 1990.

Grigorios, Dafnis, 'Greece between the two world wars'. 'Elefteria'
newspaper, March 15, 1953, Dionisios Romas in 'Elefteria' newspaper of
October 9 and 12, 1954 and Dimitrios Vazuglis in Racial and Religious
Minorities in Greece and Bulgaria, 1954.

Grinevich, Genadij Stanistavlovich. World History Department. Russian Physical Society, Moscow, 1994.

Hammond, Nickolas G. L. The Miracle that was Macedonia, London: Sidwig and Jackson, 1991.

Holden, David. Greece Without Columns: The Making of Modern Greeks. London: Faber, 1972.

http://www.ukans.edu/kansas/medieval/108/lectures/justinian.html

Hussey, J. M. The Byzantine World. London: Hutchinson University Library, 1961.

Ilyov, Vasil. Macedonian Artifacts, Ancient Inscriptions and their Translations. http://www.unet.com.mk/ancient-macedonians-part2/index.html

Imber, Colin. The Ottoman Empire, 1300-1650 The Structure of Power. New York: Palgrave Macmillan, 2002.

Info Zora - The Rainbow/Vinozhito Newsletter. December 2002/January 2003 - No.9.
http://www.mhrmc.ca/reports/info9.html.

Jelavich, Barbara. History of the Balkans: Twentieth Century. Cambridge:
Cambridge University Press, 1983.

Johnson, Paul. A History of Christianity. New York: Atheneum, 1976.

Karakasidou, Anastasia N. Fields of Wheat, Hills of Blood. Chicago: The
University of Chicago Press, 1997.

Konstram, Angus. Historical Atlas of The Crusaders. New York: Thalamus Publishing, 2002.

Kushevski, Voislav. “On the Appearance of the Abecedar.” Istorija, No. 22,
1983.

Macedonian-History:
http://www.historyofmacedonia.org/ConciseMacedonia/timeline.html.

Macedonian Rock Art.
http://www.unet.com.mk/rockart/angliski/prva.html

Mackridge, Peter. The Modern Greek Language: a descriptive analysis of
standard modern Greek. Oxford: Clarendon Press, 1985.

Makedonija Magazine – Ilustrirana Rebija za iselenitsite od Makedonija, Broj 503, 560 – 591.

Makedonija Magazine – July 15, 2000, number 578.

Miller, Dean A. Imperial Constantinople. New York: John Wiley & Sons, Inc., 1969.

Nakratzas, George M.D. The Close Racial Kinship Between the Greeks, Bulgarians, and Turks, Macedonia and Thrace. Thessaloniki: Batavia Publications, 1999.

Norwich, John Julius. A Short History of Byzantium. New York: Alfred A. Knopf, 1997.

Papagiannopoulos, Apostolos. Monuments of Thessaloniki. Thessaloniki: John Rekos & Co., 1980.

Peters, F.E. The Harvest of Hellenism A History of the Near East from Alexander the Great to the Triumph of Christianity. Simon and Schuster, 1970.

Quataert, Donald. The Ottoman Empire, 1700-1922. New York: Cambridge University Press, 2000.

Radin, A. Michael. IMRO and the Macedonian Question. Skopje: Kultura, 1993.

Ramsay, W. M., D.C.L., LL. D. St. Paul the Traveller and the Roman Citizen. London: Hodder and Stroughton, 1894.

Rice, E. E. Cleopatra. UK: Sutton Publishing, 1999.

Sapurma, Kita, and Petrovska, Pandora. Children of the Bird Goddess. Five
Dock, Australia: Pollitecon Publications, 1997.

Šavli, Jozko; Bor, Matej; and Tomazic, Ivan. VENETI First Builders of European Community. Boswell B.C., 1996.

Shea, John. Macedonia and Greece The Struggle to Define a New Balkan Nation. London: McFarland & Company Inc., 1997.

Singh, Hardev. Parts of the information on the ancient Macedonians of India is based on an interview with Hardev Singh, who believes he is a descendant of the ancient Macedonians of India.

Sprague De Camp, L. The Ancient Engineers. New York: Ballantine Books, 1963.

The Holy Bible, Revised Standard Version, Philadelphia: Holman, 1952.

The Oxford Dictionary of Current English, Oxford University Press, 1991.

The University of "Cyril and Methodius". Documents on the Struggle of the Macedonian People for Independence and a Nation-State. Volume One, Skopje, 1985.

The World Book Encyclopedia, G 8.

Thomson, David. Europe Since Napoleon. Random House, 1982.

Tomev, Foto. Short History of Village Zhelevo Macedonia. Toronto.

Toynbee, Arnold J. A Study of History. London: Oxford University Press, 1957.

Trevelyan, George Macaulay. British History in the Nineteenth Century
(1782 -1901). London: Longmans, Green & Co., Ltd., 1927.

Walbank, F.W. The Hellenistic World, Fontana History of the Ancient World. Fontana Press, 1992.

Wells, H.G. The Outline of History. New York: Garden City Books, 1961.

What Europe Has Forgotten: The Struggle of the Aegean Macedonians, A
Report by the Association of the Macedonians in Poland.

Whittow, Mark. The Making of Byzantium, 600-1025. Los Angeles: University of California, 1996.

Wilcken, Ulrich. Alexander the Great. New York: W.W. Norton & Company, 1967.

Wood, Michael. In the Footsteps of Alexander The Great, A Journey from Greece to Asia. Berkeley: University of California Press, 1997.

Woodcock, George. The Greeks in India. Faber and Faber Ltd, 1996.

www.lib.msu.edu/sowards/balkan

БИОГРАФИЈА ЗА АВТОРОТ

Крис Стефу или Ристо Стефов, како што им е познат на Македониците, роден е на 11 јуни 1953 година во селото Ошчима, Леринско, западна Егејска Македонија, сега позната како Северна Грција.

Откако заклучил дека за него и неговото семејство нема живот во Грција, таткото на Ристо и целото негово семејство емигрирале, односно се иселиле во Канада во 1966 година.

По завршувањето на средното училиште Westview Centennial Secondary School во 1974 година, Ристо се запишува на четиригодишните студии на Факлутетот за електротехника при Универзитетот во Торонто, каде во l978 година стекнува диплома за применета наука во електротехниката.

Првата работа на Ристо била во Комисијата за транспорт во Торонто /Toronto Transit Commission, TTC/. Додека уште студирал на Универзитетот во Торонто, бил ангажиран да помогне во компјутеризацијата на возилата на ТТЦ. Тука спаѓало инсталирање на системи за следење на возилата и на комуникацискиот систем. Потоа, на Ристо му било дадено задолжение да имплементира информациски систем за одржување на возила и разни други проекти. Додека се уште работел за ТТЦ, Ристо и неговата сопруга ја формирале својата компјутерска фирма CNS Computer Systems Inc. преку која обезбедувале консултативна помош, интеграција на хардвери и софтверскн програми за новата микро компјутерска технологија која почнала да се појавува.

По дипломирањето, Ристо бил ангажиран од Добротворното здружение на Ошчима (формирано во 1907) каде многу години бил во управниот одбор, а подоцна бил изгласан за претседател, титула што тој со гордост ја носи до ден-денес. Во почетокот на 90-тите години од XX век тој му се придружува на новоформираното Македонско културно здружение од Леринскиот регион во Онтарио каде бил член на управниот одбор во текот на два мандати како благајник, а неодамна му завршил вториот мандат како Претседател. Ристо, исто така, бил член на многу други македонски

организации во различно својство, но по неговото пензионирање тој станува пасиониран писател.

Досега, Ристо има напишано осум книги, а е коавтор со д-р Михаил Серафинов /Michael Seraphinoff/ на книгата со наслов "НА ОВАА ЗЕМЈА НЕ И ДАВАМЕ историја на македонски отпор кон странска окупација" /THIS LAND WE DO NOT GIVE a history of Macedonian Resistance to Foreign Occupation/ која сега може да се купи на www.oshchima.com. Меѓу осумтте книги кои ги напишал Ристо, две се донирани за македонската кауза. Првата со наслов "Кратка историја на македонскиот народ" /Short History of the Macedonian People/, заедно со илустрации и со индекс наменет за лесно читање, е специјално напишана за деловните луѓе кои немаат многу време за читање. Оваа книга, спонзорирана од семејствата на Битов, Гивенс и Стефо моментално им се дава на многу дипломати, политичари и парламентарци ширум светот.

Втората донирана книга со наслов "Кратка историіа на Макодонија" /Short History of Macedonia/ е објавена од Македонското литературно здружение на Австралија "Григор Прличев" и е добро илустрирана со повеќе од педесет илустрации, вклучувајќи географски карти и фотографии. Наменета е за деца од англиското говорно подрачје кои се заинтересирани да научат и дознаат нешто за македонската историја.

Другите шест книги на Ристо, за кои повеќе информации може да се најдат на www.oshchima.com се: "Ошчима: Сторија на едно мало село во Западна Македонија" /Oshchima: The Story of a small Village in Western Macedonia/, "Историја на македонскиот народ од антички времиња до денес" /History of the Macedonian People from Ancient Times to the Present, "Македонија: Илустрирана историја со географски карти, слики и биографии /Macedonia: An Illustrated History with Maps, Photographs and Biographies/, "Македонија која закрепнува; истекување на важноста на Договорот од Букурешт од 1913 година" /Recovering Macedonia Expiration of the Treaty of Bucharest 1913/, "Мала книга за ГОЛЕМИТЕ ГРЧКИ лаги" The Little Book of BIG GREEK Lies/ и "Македонскоанглиски речник на дијалекти врз основа на дијалектот од Леринско-Костурско на кој

говорат Ошчимани" /MacedonianEnglish Dialectal Dictionary Based on the Lerin-Kostur Dialects as Spoken by Oshchimians /.

Ристо, исто така, има напишано стотици написи за македонските прашања и за македонската борба за човекови права во Грција, Бугарија, Албанија и во светот, кои се објавени во весници, списанија и на интернет, а некои од нив може да се најдат и на линкот http://www.maknews.com/html/articles.html/stefov.

Моментално, Ристо работи на две нови книги со наслов "Македонската борба за независност" /The Macedonian Struggle for Independence/ и "Макодонците во Грција - од 1939 до 1949 година" /Macedonians in Greece – 1939 to 1949/ кои, тој се надева, ќе фрлат нова светлина врз долгата и мачна борба на македонскиот народ, а ќе излезат од печат при крајот на 2008 година.

Ристо е исполнет со надеж дека ќе има подобри денови за Македонците во иднина, но најважнаа работа сега за нив е да знаат кои се тие и да бидат горди на тоа.

СПОНЗОРИ ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕТО, ПЕЧАТЕЊЕТО И ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ОВАА КНИГА

John L. N. Bitove (Џон Л. Н. Битов)

Pete Bassil Tupurkovski (Пит Базил Тупурковски)

Angelo Argiro (Анџело Аргиро)

Benefit Society Oshchima (Добротворно друштво “Ошчима”)

Pete Kondoff (Пит Кондоф)

Dr. Dragi Denkovski (Др Драги Денковски)

Peter Alousis (Петер Алусис)

Dr. Alexander Georgievski (Др Александер Георгиевски)

John Kuzev (Џон Кузев)

John Givens (Џон Гивенс)

Steve Pliakas (Стив Пљакас)

Zess Pedias (Зис Педиас)

Cacorovski Family (Семејство Чачоровски)

Им благодарам на моите пријатели, започнувајќи со Ристо Стефов кој ја подари неговата книга за македонската кауза, велејќи: “Ја подарувам книгата за Македонија”; му благодарам и на Славе Николовски - Катин за прифаќањето на целокупната активност во Македонија поврзана со објавувањето на оваа книга, односно за тоа што идејата за публикација на македонски јазик стана реалност. Изразувам благодарност кон моите многубројни пријатели од кои ја добив нивната доверба и финансиска поддршка за реализирањето на овој проект.

Цон Гивенс
февруари 2008

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”

94(497.7)
Стефов, Ристо
Историја на македонскиот народ од антички времиња до денес/од Ристо Стефов; (превод Соња Прус). – Скопје: Македонска искра, 2008. – 500 стр.; 20 см

Превод на делото: History of the Macedonian people from ancient times to the present/ Chris Stefou

ISBN 978-9989-157-97-4
1. Stefou, Chris види Стефов, Ристо
а) Македонија – Историја
COBISS.MK – ID 71744778

КНИГОИЗДАТЕЛСТВО “МАКЕДОНСКА ИСКРА”
СКОПЈЕ
Бул. Кочо Рацин бр 10, Скопје
Тел/факс: 02 3136 318 моб. 075 421 699 / 075 304 277

РИСТО СТЕФОВ

ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД АНТИЧКИ ВРЕМИЊА ДО ДЕНЕС

Главен и одговорен уредник:
Добрила Сејменова Божинова

Уредници:
Фиданка Танаскова
Снежана Велкова
Софија Семенпеева

Компјутерска обработка и
превод од англиски јазик
Соња Прус

Лектура и коректура:
Елена Тошева

Технички и ликовен уредник:
Денис Тенев

Печати:
“Софија” - Богданци

Тираж
1000 примероци